ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ

	Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година	Предмет бр.: ИТ-04-82- Т Датум: 10. јули 2008 Оригинал: англиски

ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II

Судии: **Судија Кевин Паркер, Претседавач**
Судија Кристине ван ден Вингаерт
Судија Кристер Телин

Секретар: **г. Ханс Холтхуис**

Пресуда од: **10. јули 2008**

ОБВИНИТЕЛОТ

против

Љубе БОШКОСКИ
Јохан ТАРЧУЛОВСКИ

ЈАВНО

ПРЕСУДА

Канцеларијата на Обвинителот:
г. Дан Саксон
г-ѓа Антоанет Иса
г-ѓа Џоан Мотоике
г. Жерар Добин
г-ѓа Мерител Реги
г-ѓа Ниша Валабхји
г. Матијас Неунер

Бранители на Обвинетите:
г-ѓа Една Решидовиќ и г. Гуенел Метро за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски и г-ѓа Јасмина Живковиќ за Јохан Тарчуловски

I. ВОВЕД 5
II. РАЗМИСЛУВАЊА ВО ВРСКА СО ПРОЦЕНАТА НА ДОКАЗИТЕ 9
III. КОНТЕКСТ 15
IV. НАСТАНИ ВО ЉУБОТЕН И ОКОЛИНАТА 18
А. Настани на 12. август и следните денови 18
Б. Единици на македонската армија вмешани во настаните во Љуботен 50
В. Настаните од 10. август 2001 51
Г. Настаните од 11. август 2001 59
Д. Дали настаните во Љуботен биле оправдани со воена неопходност? 65
1. Присуство на ОНА и логистичка база во Љуботен 68
2. Македонската армија стационирана во близина на Љуботен 71
3. Можни позиции на ОНА кои биле цели во Љуботен на 12. август 73
4. Заклучок 89
V. ОПШТИ УСЛОВИ НА ЧЛЕН 3 ОД СТАТУТОТ 92
А. Вооружен конфликт 92
1. Правна регулатива 92
(а) Интензитет 94
(б) Организација на вооружената група 105
2. Образложение 112
(а) Интензитет на конфликтот 112
(б) Организација на вооружената група 137
3. Заклучок 157
Б. Поврзаност на наведените дела на обвинетите со вооруженият конфликт 157
В. Услови по *Тадиќ* 159
Г. Дали жртвите активно учествувале во непријателствата 161
VI. ОБВИНЕНИЈА 162
А. Убиство (Точка 1) 162
1. Правна регулатива 162
2. Образложение 162
(а) Рами Јусуфи 162
(б) Суљејман Бајрами 167
(в) Мухарем Рамадани 170
(г) Атула Ќаиљи 174
(д) Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари 176
3. Заклучок 182
Б. Безобзирно разурнување (Точка 2) 183
1. Правна регулатива 183
(i) разурнувањето на имотите е од голем размер; 184
(ii) разурнувањето не е оправдано со воена неопходност; и 184
(iii) сторителите делувале со намера да го разурнат имотот за кој се работи или без никакви обзири за тоа дека може да дојде до разурнување 184
2. Образложение 186
3. Заклучок 194
В. Сурово постапување (Точка 3) 194
1. Правна регулатива 195
2. Образложение 195
3. Заклучок 200

VII. ОДГОВОРНОСТ 201
А. Правна регулатива 201
1. Одговорност според член 7(1) 201
(а) Извршување преку учество во здружен злосторнички потфат 201
(б) Планирање 203
(в) Поттикнување 204
(г) Наредување 204
(д) Помагање и поддржување 205
2. Одговорност според член 7(3) од Статутот 206
(а) Однос на надреден-подреден 207
(б) Психички елемент: претпоставениот знаел или имал причина да знае 209
(в) Неопходни и разумни мерки 210
Б. Образложение за одговорноста на Љубе Бошкоски 212
1. Улогата на Љубе Бошкоски во настаните од 12. август 212
2. Информирање на истражниот судија 216
3. Обиди за истрага од страна на Министерството за внатрешни работи 218
(а) Комисија формирана на 13. август 2001 218
(б) Други информации што Љубе Бошкоски ги добил во август/септември 2001 223
(в) Други прашања 226
(г) Други „истраги“ 229
(i) Работна група за воени злосторства 229
(ii) Работата на г-ѓа Софија Петровска-Галева 231
(iii) Комисијата на Зоран Јовановски 233
4. Одговорноста на Љубе Бошкоски 234
(а) Организациската структура на Министерството за внатрешни работи 234
(i) Регионални и локални организациски единици на Министерството за внатрешни работи 237
(ii) Специјални полициски единици 240
(iii) Местото на полициските резервисти во Министерството за внатрешни работи 241
(iv) „Комета“ 243
(б) Овластувањата *de jure* и *de facto* на Љубе Бошкоски 244
(в) Сознанијата и делувањето на Љубе Бошкоски 252
(г) Заклучоци 258
В. Заклучоци за одговорноста на Јохан Тарчуловски 259
1. Улогата на Јохан Тарчуловски 259
2. Одговорноста на Јохан Тарчуловски 270
(а) Наредување, планирање, поттикнување и помагање и поддржување 270
(б) Здружен злосторнички потфат 276
VIII. ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНАТА 280
А. Тежина на кривичното дело 281
Б. Лични прилики на Обвинетиот: отежнувачки и олеснувачки околности 283
В. Општата пракса во судовите во ПЈРМ и во овој Меѓународен суд 284
Г. Засметување на времето поминато во притвор 286
IX. ДИСПОЗИТИВ 287
X. АНЕКС I: ПОИМНИК 289
XI. АНЕКС II: ПРЕГЛЕД НА ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА 299
А. Претпретресна постапка 299
1. Потврдување на првото обвинение, апсење и прво појавување пред Судот 299
2. Оспорувања на надлежноста на Судот 299

3. Основни податоци за Обвинението 302
4. Барања за привремено пуштање на слобода 306
5. Почеток на судењето 307
B. Судска постапка 308
1. Преглед 308
2. Прашања поврзани со Сведоци 308
3. Решение за прифатливост на докази 309

I. ВОВЕД

1. Обвинението ги товари обвинетите, Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски, за кривични дела извршени помеѓу 12. и 15. август 2001 против етнички Албанци од селото Љуботен во северниот дел на поранешната југословенска Република Македонија (ПЈРМ).[1] Се тврди дека овие дела се случиле за време на еден вооружен конфликт кој, како што се тврди, започнал во јануари 2001 и се одвивал најмалку до крајот на септември 2001, помеѓу безбедносните сили на ПЈРМ, односно армијата и полицијата од една страна,[2] и Ослободителната национална армија на етничките Албанци (ОНА) на другата страна. Треба да се забележи дека овој предмет е единствениот пред овој Меѓународен суд кој се однесува на обвинениј а што произлегуваат од настаните во ПЈРМ во 2001.

2. Во Обвинението се тврди дека на 12. август селото Љуботен се нашло под заеднички напад од полицијата под водство на Јохан Тарчуловски и армијата на ПЈРМ. Се тврди дека во текот на нападот полицијата застрелала шестмина жители на Љуботен. Понатаму се тврди дека на 12. август тринаесетмина жители етнички Албанци биле тешко тепани кај куќата на Адем Аметовски, дека десетминат а од преостанатите мажи од првобитната група од 13 мажи биле одведени до полициски от контролен пункт кај куќата на Браца и дека биле подложени на тепање на патот до и кај овој контролен пункт. Се тврди дека овие мажи биле понатаму физички и психички малтретирани во полициската станица „Мирковци“. Се тврди дека еден од мажите починал од суровото постапување извршено врз него. Понатаму се тврди дека на 12. август најмалку 90 мажи, жители на Љуботен, биле уапсени кај контролниот пункт Бузалак додека бегале од селото со своите семејства и дека од овој контролен пункт биле пренесени и приведени во неколку полициски станици, а исто така, во неколку случаи и во Основниот суд Скопје 2 и во Градската болница во Скопје. Се тврди дека мажите кои биле приведени на овие разни локации биле понатаму тепани. Покрај тоа, во Обвинението се тврди дека најмалку 14 куќи во селото биле запалени од полицајците под команда на Јохан Тарчуловски. Врз основа на овие наводи, во Обвинението обвинетите се товарат со три точки за прекршување на законите

[1] Советот прифаќа дека со резолуција A/RES/47/225 од 8. април 1993, Генералното Собрание одлучи како членка на Обединетите нации да ја прими државата којашто за сите цели во рамките на Обединетите нации привремено ќе се нарекува „Поранешна Југословенска Република Македонија“, додека не се најде решение за несогласувањето во врска со името.

[2] Повремено при изведувањето на докази и во оваа Пресуда, кога се спомнуваат македонските безбедносни сили не се прави разлика помеѓу полицијата и армијата. И двете се дел од македонските безбедносни сили. Во зависност од контекстот, кога се спомнуваат македонските безбедносни сили, тоа може да се однесува и на полицијата и на армијата, или само на еден од овие сегменти.

или обичаите на војување, имено за убиство, сурово постапување и безобѕирно уништување, според член 3 од Статутот.

3. Љубе Бошкоски, министер при Министерството за внатрешни работи (МВР) на ПЈРМ од мај 2001 до ноември 2002, се товари за лична кривична одговорност според член 7(3) од Статутот. Се тврди дека како претпоставен тој е кривично одговорен за кривичните дела на редовната и резервната полиција, вклучувајќи ги и специјалните полициски единици; тоа се однесува на извршувањето на кривичните дела од страна на тие полицајци како и за пропустите на тие полицајци, со што им помогнале и ги поддржувале чуварите во затворите, вработените во болницата и цивилите да ги извршат злосторствата со коишто се товари во Обвинението. Се тврди дека тој имал *de jure* и *de facto* контрола над полицајците коишто учествувале во кривичните дела за кои се товари и дека знаел за кривичните дела извршени од страна на неговите подредени во Љуботен. Покрај другото, тој бил сигурно запознаен со настаните преку набљудување на оштетениот имот и малтретираните приведени лица блиску до местото на нападот во попладневните часови на 12. август 2001, преку средбите со учесниците во нападот на 12. август 2001, со внатрешните полициски извештаи, извештаите на јавните гласила, извештаите на меѓународните организации поднесувани во рок од неколку денови и недели по кривичните дела, и средбите со меѓународни претставници и новинари. Се тврди дека бил свесен за подготовките на полицајците под водство на Јохан Тарчуловски и за нивната вмешаност во нападот на Љуботен на 12. август. Понатаму се тврди дека од 12. август 2001 до мај 2002 (датумот на кој Обвинителката на МКСЈ ги извести македонските власти за својата одлука дека ја користи предноста за, *inter alia*, случајот Љуботен), Љубе Бошкоски имал должност како претпоставен да спроведе истрага во врска со кривичните дела и да наложи казнени мерки за извршителите, а тој не го сторил тоа. Треба да се забележи дека Љубе Бошкоски не се товари за извршување на наведените кривични дела, или заради тоа што не спречил овие кривични дела да се извршат, тука за неказнување на извршителите на наведените кривични дела.

4. Јохан Тарчуловски, кој во периодот на релевантните настани бил полицаец кој работел како инспектор за придружба во Единицата за обезбедување на Претседателот во Министерството за внатрешни работи, се товари со лична кривична одговорност според член 7(1) од Статутот за учество во заеднички злосторнички потфат (ЗЗП), помеѓу 10. и 12. август 2001, со цел, како што се тврди, да се упати противзаконски напад на цивили и цивилни објекти

во селото Љуботен, што не бил оправдан со воена неопходност, кривично дело според член 3 од Статутот. Се тврди дека тој работел заедно со познати и непознати членови на ЗЗП, припадници на редовната и резервната полиција на ПЈРМ, кои биле под негова команда во рамките на МВР. Се тврди дека Јохан Тарчуловски учествувал во ЗЗП свесен за неговите незаконски цели со, *inter alia*, избирање на лица со цел да формира полициска единица од редовни и резервни полицајци која учествувала во нападот, со барање и добивање логистичка, материјална и огнена поддршка за нападот од највисоки полициски и воени команданти стационирани во областа на Љуботен, определување на времето, методот, начинот, целите и метите на нападот, и со наредување, користејќи ја својата позиција на авторитет, на редовните и резервните полицајци во единицата да го нападнат Љуботен. Се тврди дека кривичните дела со кои се товари во Обвинението биле во рамките на целта на ЗЗП, или природна и предвидлива последица од извршувањето на целта на ЗЗП. Понатаму, Јохан Тарчуловски се товари со лична кривична одговорност според член 7(1) за наредување, планирање, поттикнување, помагање и поддржување на кривичните дела со кои се товари. Во Обвинението Љубе Бошкоски не се товари со учество во наведениот ЗЗП заедно со Јохан Тарчуловски. Во Обвинението исто така не се тврди дека армијата на ПЈРМ учествувала во кривичната цел на наведениот ЗЗП. Обвинението во врска со настаните на 12. август е ограничено само на делата на полицијата.

5. Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски се изјаснија дека **не се виновни** за точките со кои се товарат.

6. Во мај 2002, Обвинителката на Судот ги извести македонските власти за својата одлука дека ќе ја искористи предноста за испитување, *inter alia*, на наводите кои се однесуваат на активностите на македонските сили против цивили од албанско етничко потекло во ПЈРМ во 2001, вклучувајќи ги и наводните кривични дела во Љуботен.[3] На 5. септември 2002, Обвинителот поднесе барање за отстапување на надлежноста, во согласност со правило 9(iii) и 10 од Правилникот.[4] Со решение од 4. октомври 2002, Судскиот совет[5] службено побара од Владата на ПЈРМ да им нареди на своите национални судови да ја отстапат надлежноста за, покрај другото, истрагата во врска со Љуботен,[6] и да ги достави резултатите од истрагата како и

[3] Доказен предмет П391, *До: Поранешната Југословенска Република Македонија*, „Барање од Обвинителот за отстапување на надлежноста и Поднесок за налог до Поранешната Југословенска Република Македонија“, 5. септември 2002, став 3, 6-7.
[4] Доказен предмет П391, став 1, 21.
[5] Судија Лиу Дакун (претседавач), Судија Ел Махди и Судија Ори.
[6] Од Владата на ПЈРМ беше исто така службено побарано да им наложи на своите национални судови да ја отстапат надлежноста за сите истраги и кривични гонења во врска со „Случајот раководство на ОНА“, случајот „Градежни

копиите од судските досиеја и пресудите на националните судови, доколку ги има, до Канцеларијата на Обвинителот на Меѓународниот суд во Хаг.[7]

7. Се напоменува дека од почетокот на 2001, во ПЈРМ имало присуство на меѓународни организации како на пример, *inter alia*, ОБСЕ и КФОР. На 13. август бил потпишан Охридскиот рамковен договор од страна на Владата на ПЈРМ и претставниците на етничките Албанци, во обид да се стави крај на насилството што преовладуваше во ПЈРМ во 2001. Операцијата „Неопходна жетва“, под раководство на НАТО, беше спроведена во август и септември 2001 за да се разоружаат, како што се вели, бунтовниците од албанско етничко потекло.

8. И покрај тоа што наводните настани се детално дискутирани во релевантните делови од Пресудата, Советот тука ги забележува своите согледувања дека на 12. август 2001 селото Љуботен било цел на напад во текот на полициска операција со поддршка од македонската армија. Шестмина мажи од албанско етничко потекло, жители на Љуботен, биле смртно застрелани во текот на таа операција. Друг еден жител од албанско етничко потекло починал следниот ден од тешкото малтретирање на 12. август. Во текот на тој ден, многу жители од селото биле држани кај блискиот полициски контролен пункт, каде што полицајците ги малтретирале мажите, кои биле одвоени од жените и децата. Откако операцијата во Љуботен престанала во раните попладневни часови, поголем број мажи од албанско етничко потекло од селото биле пренесени во полициски станици недалеку од Љуботен, каде што биле малтретирани од полицајци и други лица. Во текот на нападот полицијата запалила куќи во Љуботен со бензин или други запаливи материи. Седумминатa починати жители биле погребани во Љуботен, но во 2002 нивните тела биле ексхумирани и биле извршени обдукции за да се утврдат, колку што било можно, добиените повреди и причината за смртта.

работници на „Маврово““, случајот „Брана Липково“ и случајот „Непроштено“, Доказен предмет 1Д218, страна 19, став 1.

[7] Доказен предмет 1Д218, Предмет бр. ИТ-02-55-МИСЦ.6, До: Република Македонија, „Решение по Барањето од Обвинителот за отстапување на надлежноста и Поднесок за налог до Поранешната Југословенска Република Македонија“, 4. октомври 2002, страна 19, став 1-2 од Диспозитивот.

II. РАЗМИСЛУВАЊА ВО ВРСКА СО ПРОЦЕНАТА НА ДОКАЗИТЕ

9. Со член 21(3) од Статутот се гарантира претпоставката за невиност на која секој обвинет има право. Оваа претпоставка го става товарот за утврдување на вината на обвинетиот врз Обвинителот, товар кој во текот на целото судење останува на Обвинителот. Во однос на секоја од трите точки со кои се товари секој од двајцата Обвинети, стандардот што треба да се исполни за да се донесе осудителна пресуда е докажување вон секакво разумно сомнение.[8] Согласно со тоа, во однос на секоја точка со која се товари секој од двајцата Обвинети, Советот одреди дали е уверен вон секакво разумно сомнение, врз основа на сите докази, дека е утврден секој елемент од кривичното дело и формите на одговорност со кои се товарат Обвинетите во Обвинението. Притоа, во однос на некои прашања, беше потребно Советот да извлече заклучоци од факти утврдени со доказите. Во оние случаи каде што беше отворена можноста да се извлече повеќе од еден заклучок од тие факти, Советот внимателно разгледуваше дали некој друг заклучок кој исто така може да се извлече врз основа на тие факти е спротиставен на вината на Обвинетиот. Доколку е така, тежината и стандардот на докажување изискува да се донесе ослободување од вина во однос на таа точка.[9]

10. Советот истакнува дека самото прифаќање на докази во текот на судењето нема влијание на тежината којашто Советот потоа ќе им ја придодаде.

11. Во овој предмет Советот прифати сведочења на неколку сведоци, тогашни жители на селото Љуботен каде што според наводите во ова Обвинение се случиле настаните со кои се товарат обвинетите. Советот забележа очигледна тенденција овие сведоци како да зборуваат со еден глас, особено во однос на прашања како дали имало припадници на ОНА во селото, околностите под кои се случиле некои смртни случаи и идентитетот на македонските сили кои влегле во селото на 12. август 2001. Советот од ова доби јасен впечаток дека пред да дојдат во Судот овие сведоци биле подготвени да дадат однапред определени сведочења во однос на некои прашања. Советот исто така имаше обзири кон релевантноста на групни вредности, чест и семејна лојалност во културната средина на сведоците од албанско етничко потекло.[10] Поради тоа, во извесна смисла, Советот не беше во можност да ги прифати нивните сведочења како целосно уверливи. Во однос на други прашања имаше многу несогласувања помеѓу некои

[8] Правило 87(А) од Правилникот пропишува, во релевантниот дел: „[...] Може да се дојде до утврдување вина само кога мнозинството од Советот е уверено дека е докажана вина вон секакво разумно сомнение.“
[9] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 458.
[10] *Види* Доказен предмет 2Д109.

сведоци, иако тука несогласувањето не делуваше дека е засновано на нечесност, туку на различно согледување на настаните или различно сеќавање. Овие сведочења Советот ги разгледуваше со воздржаност.

12. Понатаму, многу припадници на македонската полиција и армија коишто сведочеа пред Судот, а кои биле вклучени во или биле присутни за време на настаните наведени во Обвинението, или во настани поврзани со нив, на Советот му оставија јасен впечаток дека при своето сведочење се обидуваа да се дистанцираат од секаков престап на македонските сили или да го оправдаат своето однесување или однесувањето на полицијата или армијата. Поради ова Советот не беше во можност да прифати некои од овие сведочења како вистинити или веродостојни.

13. Во текот на сведочењето на некои сведоци, особено поранешни или сегашни вработени во Министерството за внатрешни работи или други македонски јавни институции, стана очигледно дека за некои прашања нивното усно сведочење пред Советот суштински се разликува од она што сведоците го рекле во претходната изјава што ја дале за Обвинителството. Природата на промените и објаснувањето на сведоците го увери Советот дека даденото објаснување за разликите не е искрено и дека усното сведочење пред Советот не е вистинито. Во многу случаи од ваква природа Советот дојде до заклучок дека кога сведокот дошол да сведочи пред Судот, сведокот бил загрижен за ефектот што тој или таа го согледува врз својата кариера доколку се држи до исказот даден во претходната изјава.

14. Советот исто така забележа дека сведочењето на некои сведоци на одбраната, поранешни или сегашни вработени во Министерството за внатрешни работи, особено на оние кои му биле подредени на Љубе Бошкоски, се чини дека беше под влијание на чувството на лојалност кон нивниот поранешен претпоставен или на согледаниот ефект од нивното сведочење врз нивното работно место и можностите за кариера во Министерството.

15. Во доказните материјали има значителни разлики во врска со некои прашања. Ова особено се однесува на времето на одржување на суштинските настани на 12. август 2001. Не изненадува што има разлики во времето кое не им било од голем интерес на оние кои биле вмешани во настаните додека тие се развивале во текот на денот. Заради тоа, постои простор сведоците искрено да погрешат или да не се сигурни за времето на одржување на настаните. Меѓутоа во случајот на некои сведоци, особено оние од армијата и полицијата, природата на

нивното конкретно сведочење, начинот на кој сведочеа и во некои случаи разликите помеѓу нивното сведочење и претходните извештаи или изјави, дадоа јасен впечаток дека времето на одржување на некои настани, вклучувајќи го и редоследот по кој се случиле, намерно се манипулира или прикрива. И покрај ова, земајќи предвид и други доказни материјали, Советот беше во можност да дојде до заклучоци за времето на одржување на некои суштински настани, откако разгледа а потоа отфрли други спротивни или различни доказни материјали.

16. Врз основа на споменатото погоре, Советот се увери дека треба да ги отфрли или внимателно да ги разгледува сведочењата на некои припадници на армијата и полицијата за нивното наводно забележување на лица и настани во Љуботен на 12. август, времето на одржување на некои настани и дејства на армиските единици, наводно како реакција на случувањата во Љуботен. Во однос на ова, и настаните на 10. и 11. август, постои голема разлика помеѓу сведочењето на сведоци од армијата, и конфликт со претходни извештаи и изјави. Советот доби јасен впечаток дека повеќето од овие сведочења беа смислени да се обезбеди правно оправдување за дејствата на армијата или да го зајакне угледот на армијата во однос на нејзината ефикасност и делотворност.

17. Понатаму, како што е разработено подетално подолу во ова решение, беше очигледно од содржината на нивното сведочење, во некои случаи начинот на кој беше дадено, претходни извештаи и изјави на сведокот, а исто така и од ефектот на спротивните доказни материјали за кои Советот смета дека се убедливи, дека многу суштински сведоци од армијата и полицијата го прилагодуваа своето сведочење за да го избегнат откривањето на вистинската природа на настаните во кои тие учествувале и да го избегнат откривањето на нивната вистинска улога во некои инциденти. Накратко, овие сведоци се обидуваа да се заштитат себеси од можноста да се товарат со сериозни престапи, во овој Меѓународен суд или на друго место.

18. Одбраната изрази сомнение во однос на кредибилитетот на сведокот на Обвинителството, Франц-Јозеф Хуч. Г. Хуч, независен новинар, кој во исто време прибирал воено-разузнавачки податоци за друга влада,[11] сведочеше пред Судот како сведок на Обвинителството. Тој рече дека го посетил Љуботен на датумите кои се суштински за Обвинението и дека бил во можност да набљудува битни настани кои наводно се случиле во

[11] Франц-Јозеф Хуч, Т 2808-2810.

селото и на други места.[12] Доколку би се прифатило ова сведочење би било од суштинско значење, но поради причини наведени подолу Советот не е во можност да прифати дека Франц-Јозеф Хуч бил во ПЈРМ, или навистина присутен во Љуботен на 12. август или наредните денови. Г. Хуч сведочеше дека возел бел џип на кој биле напишани буквите ТВ (*TV*).[13] Ова не е типично возило и лесно би се забележало. Меѓутоа, нема докази дека такво возило било видено на полицискиот контролен пункт што тој рече дека го посетил, или од армиските позиции над Љуботен од каде припадниците на армијата ги набљудувале активностите во и околу селото. Иако сведочеше дека во текот на настаните на 12. август 2001 поминал низ селото од исток кон запад, додека неговото возило го следело, [14] ниту еден од жителите на Љуботен и други коишто сведочеа а ги набљудувале настаните тој ден, не рекоа дека забележале нешто што би го потврдило присуството на Франц-Јозеф Хуч. Не беа прикажани документи од патувањето или престојот коишто би го поддржале неговото сведочење дека дошол во ПЈРМ и останал таму неколку дена пред и по 12. август 2001. Г. Хуч исто така сведочеше дека во текот на својот престој во ПЈРМ и особено на 12. август 2001 имал помош од други двајца – поточно толкувачи,[15] но сепак тие лица не беа повикани да сведочат и Г. Хуч при сведочењето директно одби да ги идентификува овие лица, врз основа на тоа дека доколку го стори тоа ќе ги изложи на ризик.[16] Дали е тоа така или не, останува фактот дека не беше повикан ниту еден друг сведок којшто на кој било начин би го потврдил присуството на Г. Хуч во ПЈРМ или во Љуботен на 12. август 2001. Што е уште поважно, нема никаков запис за присуството на Франц-Јозеф Хуч во ПЈРМ на 12. август. Според податоците на ПЈРМ тој влегол во земјата на 19. август и си заминал на 31. август 2001.[17] Според тоа нема запис за неговиот влез во ПЈРМ што би му овозможило да биде во земјата на 12. август 2001. Исто така има докази коишто сугерираат дека тој не се регистрирал во хотелот во Скопје, во кој тој рече дека престојувал на 12. август и 10

[12] Тој сведочеше дека ги набљудувал настаните во Љуботен на 12. август од рано наутро до подоцна во денот од повисоко место помеѓу Љуботен и соседното село Љубанци, Т 2693-2700; Доказен предмет П307. Тој ги забележал сите настани што ги набљудувал во својот бележник и ги запишал во една група, Т 2693-2694. Во текот на своето сведочење во Судот тој на мапа обележа одредени места и активности што ги набљудувал на 12. август, Т 2695-2696; 2699-2700; Доказен предмет П307. Подоцна тој бил присутен кај еден полициски контролен пункт и видел како таму се малтретираат етнички Албанци, Т 2748-2753. Тој исто така влегол во селото попладнето, и разговарал со група полицајци, вклучувајќи го и обвинетиот Јохан Тарчуловски и човек за кој подоцна дознал дека бил командант на специјалната полициска единица, Лавови, Т 2756; 2760; 2769-2778; 6484. Вечерта го видел обвинетиот Љубе Бошкоски и еден човек, за кој неколку години подоцна дознал дека е Бучук, сопственикот на приватната агенција за обезбедување чиишто припадници наводно биле вмешани во настаните во Љуботен, во ресторанот на хотелот во Скопје каде што престојувал, Т 2785-2786.

[13] Франц-Јозеф Хуч, Т 2692-2693.

[14] Франц-Јозеф Хуч, Т 2760.

[15] Франц-Јозеф Хуч, Т 2692-2693; 6188.

[16] Франц-Јозеф Хуч, Т 2734.

[17] Игор Димовски, Т 10925-10926; Доказен предмет 2Д111.

дена по тој датум.[18] Кога беше запрашан за ова при контраиспрашувањето Г. Хуч рече дека записите за неговиот престој биле отстранети. Тој наведе ситуација која рече дека е слична на онаа кога записи од друг хотел биле променети за да се отстрани каков било доказ за престојот на лице по име Ел-Масри.[19] Ова тврдење остана непроверено и непотврдено. Меѓутоа, се направи обид да се поддржи тврдењето на Г. Хуч врз основа на регистерот за странски гости на хотелот, за периодот од 23. мај 2001 до 8. март 2002, кој делуваше дека е помалку користен и подобро зачуван од регистерот за странски гости за периодот од 8. март 2002 до 1. март 2004.[20] Имаше очигледна разлика во изгледот, како што беше сугерирано, но сопственикот на хотелот даде објаснување, кое укажа дека подобрата состојба на релевантниот регистер е поради помалото користење што се должи на промена во бараниот начин за водење на податоци.[21] Ова објаснување беше веродостојно и неоспорено. Самите хотелски записи не делуваа дека се менувани. Советот би напоменал тука дека пред Г. Хуч да сведочи во ова судење, неговиот правен претставник побара помош од Канцеларијата на Обвинителот во врска со правни постапки во Германија.[22] Околностите го покренаа прашањето дали сведочењето на Г. Хуч во ова судење било мотивирано од личен интерес, а не за обелоденување на вистината. Ова дава дополнителна причина Советот да не се увери во вистинитоста на сведочењето на Г. Хуч. По прегледувањето на погоре споменатото, Советот не е во можност да го прифати сведочењето на Франц-Јозеф Хуч дека бил во Љуботен, или ПЈРМ, на 12. август 2001. Советот не може да се потпре на кој било дел од неговото сведочење.

19. И покрај разните прашања коишто влијаеја на проценатa на доказите во овој предмет, откако внимателно ги прегледа и одмери сите докази, Советот беше во можност да дојде до

[18] Бранислав Димитров, Т 10311-10316; Доказен предмет 1Д244.

[19] Франц-Јозеф Хуч, Т 6344. При дополнителното испрашување Г. Хуч сведочеше дека Ел-Масри бил државјанин на Германија и на Либан, кој во некое време во 2002-2003 бил одведен во Авганистан за да биде испрашуван од американските разузнавачки служби. Според Г. Хуч, Ел-Масри престојувал две до три недели во хотелот Скопски Мерак во Скопје. Членовите на една Истражна комисија на ЕУ (веројатно по настаните) отишле во хотелот и, според Хуч, „им бил претставен сосема нов персонал; но не само тоа, исто така и книгата, регистерот, којшто им бил презентиран веќе не го содржел името „Ел Масри“, и очигледно бил променет,“ Т 6488. Овие работи не беа потврдени или целосно испитани при сведочењето пред Советот во ова судење.

[20] Доказен предмет П542.

[21] Бранислав Димитров, Т 10335-10337; 10355.

[22] Овие постапки се во врска со една граѓанска тужба за оштета покренатa од Г. Хуч предизвикана од новинарски извештај каде се доведува во прашање чесноста на неговата работа како новинар. Оваа статија е поврзана со сведочењето на Г. Хуч како сведок на одбраната во друг предмет пред овој Меѓународен суд, Т 6132; Доказен предмет 1Д241. Во статија објавена како дел од постигнатата спогодба во таа постапка се вели дека тогашниот Обвинител на овој Меѓународен суд напишал писмо до адвокатот на Г. Хуч, по барање на адвокатот на Г. Хуч, во коешто се осврнува на Г. Хуч како „добро урамнотежен и чесен сведок кој и во иднина би требало да сведочи како сведок на Обвинителството (*sic*) против воени злосторници од конфликтот во Југославија.“ (Франц-Јозеф Хуч, Т 6134; 6226; Доказен предмет 1Д245). Статијата беше објавена на 11. јуни 2007. Франц-Јозеф Хуч го започна своето сведочење пред Советот на 21. јуни 2007.

доволно заклучоци за фактите во овој предмет за да може да ја одреди вината или невиноста на секој од двајцата обвинети во однос на она за што се товарат во Обвинението. Во некои случаи Советот не прифати доказни материјали и покрај присуството на консистентни докази. Во други случаи прифати доказни материјали и покрај постоењето на контрадикторни или неконсистентни докази. За секој случај одделно Советот делуваше земајќи ги предвид сите релевантни докази и само по внимателно проучување на сведокот и доказните материјали. Причините на Советот се поцелосно објаснети за секој конкретен случај.

III. КОНТЕКСТ

20. Поранешната југословенска Република Македонија (ПЈРМ) се наоѓа во централниот дел на Балканскиот полуостров. Во времето релевантно за настаните во ова Обвинение, на север се граничеше со Сојузна Република Југославија, на исток со Бугарија, на југ со Грција и на запад со Албанија. Главен град на ПЈРМ е Скопје.[23]

21. До 1991, ПЈРМ беше република во рамките на Социјалистичката Федеративна Република Југославија.[24] На 8. септември 1991 се одржа референдум; како резултат на тој референдум беше изгласана независност и подоцна, на 17. ноември 1991, Парламентарното собрание (Понатаму во текстот: „*Собрание*“) го усвои Уставот на ПЈРМ.[25] Републиката беше примена за член на Обединетите нации на 8. април 1993,[26] под името поранешна југословенска Република Македонија.[27]

22. Распаѓањето на југословенската федерација во 1991, и подоцнешните настани на Балканот на ПЈРМ и донесоа економски и политички притисоци.[28] Во текот на овој период, ембаргото на ОН врз Југославија имаше влијание врз ПЈРМ, и самата беше подложена на блокада од Грција,[29] додека во 1999, прифати повеќе од 300,000 етнички Албанци од Косово, како резултат на тамошната криза.[30] До 2001, има податоци дека степенот на невработеност бил најмалку 30% и просечниот приход бил само 300 германски марки месечно.[31] И покрај тоа, пред 2001, ПЈРМ директно не беше изложена на борбени дејства коишто опфатија други делови од Балканот.

23. Последните избори, кои се одржаа во *Собранието* пред 2001, беа во октомври и ноември 1998.[32] Вкупниот број на членови на *Собранието* бил 120, од кои 85 биле директно избрани претставници и 35 земени од списоците на партиите.[33]

[23] Доказен предмет П45, стр. 13.
[24] Доказен предмет П43, стр. 4; П44 стр. 4; види исто така Доказен предмет П402, стр. 9; Доказен предмет П45, стр. 21.
[25] Доказен предмет П45, стр. 21; П43, стр. 5.
[26] Доказен предмет П45, стр. 21; П43, П4; П44, стр. 4.
[27] Доказен предмет П44, стр. 4.
[28] Доказен предмет 2Д101, став 43-45; П45, стр. 58.
[29] Доказен предмет 2Д101, став 48.
[30] Доказен предмет П43, стр. 5; П45, стр. 56.
[31] Доказен предмет П45, стр. 57 (Говор одржан од Претседателот Трајковски на Самитот на ЕУ, 3. март 2001).
[32] Доказен предмет П45, стр. 25.
[33] Доказен предмет П45, стр. 25.

24. На изборите во 1998 беа избрани следните партии (според редоследот на бројот на членови во *Собранието*) – Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) (поранешна комунистичка партија), Партијата за демократски просперитет (ПДП) (етнички Албанци), Партијата за демократски просперитет на Албанците (ДПА) (етнички Албанци), Демократска алтернатива (ДА) (коалициски партнер на ВМРО-ДПМНЕ, партија во центарот), Либералната партија (ЛП), Либерално демократска партија (ЛДП), Нова демократија (НД) и Социјалистичката партија и Унијата на Ромите на ПЈРМ.[34] Внатрешно македонската револуционерна организација – Вистинска македонска реформска опција (ВМРО-ВМРО) се одвои од ВМРО-ДПМНЕ во 2000 и беше одделна партија во периодот што го покрива Обвинението.[35]

25. На почетокот на јануари 2001, Претседател на ПЈРМ беше претседателот Борис Трајковски.[36] Шеф на македонската Влада беше премиерот Љупчо Георгиевски.[37] И двајцата беа членови на ВМРО-ДПМНЕ.[38] Во мај 2001 беше формиран нов кабинет.[39] При реконструкцијата обвинетиот Љубе Бошковски, исто така член на ВМРО-ДПМНЕ,[40] од Државен секретар во Министерството за внатрешни работи беше унапреден во Министер за внатрешни работи.[41] Во согласност со македонскиот устав,[42] Љубе Бошкоски потоа стана член на Советот за безбедност, орган задолжен за разгледување на прашања поврзани со безбедноста и одбраната на ПЈРМ.

26. Во 2000, населението на ПЈРМ се проценува дека било над 2 милиона луѓе.[43] Населението било составено од разни национални и етнички групи. Според пописот од 1994, најголемата група, кои се дефинираат себеси како Македонци, сочинувале 66,6% од населението.[44] Втората најголема група, којашто сочинувала 22.7% од населението, се состоела од етнички Албанци.[45] Други етнички групи се Турци, Роми, Срби и Власи.[46] Според верска припадност, 67% од населението се дефинираат себеси како македонски православни

[34] Доказен предмет П321, стр 15-18; П45, стр. 26.
[35] Доказен предмет П321, стр. 17; П45, стр. 26.
[36] Доказен предмет П321, стр. 7.
[37] Доказен предмет П321, беше на таа позиција од 30. ноември 1998, стр. 7.
[38] Доказен предмет П321, стр. 7.
[39] Доказен предмет П466, став 239.
[40] Доказен предмет П43, стр. 4, П321, стр. 10.
[41] Доказен предмет П43, стр. 4; П321, стр. 10; П402, стр. 22.
[42] Доказен предмет П91, член 86(2).
[43] Доказен предмет П45, стр. 12.
[44] Доказен предмет П43, стр. 5; П44, стр. 4; П45, стр. 12.
[45] Доказен предмет П43, стр. 5; П44, стр. 4, П45, стр. 12.
[46] Доказен предмет П45, стр. 12, П43, стр. 5; П44, стр. 4; П45, стр. 47.

христијани, додека 30% се сметаат како муслимани.[47] Преостанатите 3% се воделе како припадници на „други“ вери.[48]

27. Во 2001, покрај нивната застапеност во *Собранието* преку ПДП и ДПА,[49] етничките Албанци вршеле и функции во Владата.[50] Сепак, етничките разлики биле главен извор на политичка тензија. Многу припадници на албанската етничка заедница главно се жалеле на она што го согледувале како мала застапеност на етничките Албанци во армијата и полицијата.[51] Припадници на етничките малцинства сочинувале не повеќе од 8.7% од овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи.[52]

28. Точниот датум на формирање на ОНА не е познат. Меѓутоа, уште на 22. јануари 2001, организација која се нарекувала себеси ОНА преземала одговорност за еден напад на полициска станица.[53] Во мај 2001, водачите на ОНА и на албанските политички партии ја објавиле декларацијата „Призренски договор“, во која биле изнесени неколку заеднички, договорени ставови на водечките личности на ОНА во однос на потребата „да се реформира Република Македонија на тој начин што ќе биде демократска држава на сите граѓани и етнички заедници.“[54] Според неколку сведоци во овој предмет, ОНА била создадена како последица на повеќе од една декада незадоволство на етничко албанското население од нивниот статус на малцинство во ПЈРМ.[55] Според некои сведоци, изворот на ова незадоволство бил Уставот од 1991, во кој етничките Албанци биле исклучени од државните институции како што се, *inter alia*, армијата и полицијата.[56] Ова создало немир меѓу етничките Албанци кои се плашеле од создавање еднонационална држава.[57] Без сомнение, ефектот на проширување на војната од Косово, која заврши во 1999, и приливот на повеќе од 300,000 бегалци од Косово во Македонија, го поттикнале овој немир и послужиле да се забрза создавањето на ОНА.

[47] Доказен предмет П45, стр. 12.
[48] Доказен предмет П45, стр. 12.
[49] Доказен предмет П321, стр. 18; Виктор Безрученко, Т 6510; Назим Буши, Т 5767-5768; М092, Т 5746.
[50] Доказен предмет П321, стр. 7-14; 2Д101, став 37; Гзим Острени, Т 7624; Назим Буши, Т 5764-5765.
[51] Доказен предмет П45, стр. 47; 2Д101, став 38; Назим Буши, Т 5767.
[52] Доказен предмет П45, стр. 47.
[53] Доказен предмет 1Д256, стр. 3, Извештај на МКГ за Балканот 109, со датум од 5. април 2001 (ЕРН 1Д00-6438).
[54] Доказен предмет П560, „Декларација на албанските лидери во Македонија во врска со процесот за мир и реформи во Република Македонија“, Призрен, со датум од 22. мај 2001; *види* исто така Гзим Острени, Т 7871-7873; *види* исто така Доказен предмет П520, Коминике број 6 (без датум) во кое се поставени целите на ОНА.
[55] Назим Буши, Т 5579; Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 16.
[56] Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 16.
[57] Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 16.

IV. НАСТАНИ ВО ЉУБОТЕН И ОКОЛИНАТА

А. Настани на 12. август и следните денови

29. Настаните врз кои се базира сегашното Обвинение наводно се случиле во селото Љуботен, неговата околина и потоа во Скопје, во недела, 12. август 2001 и во текот на следните 2 дена.

30. Селото Љуботен се наоѓа неколку километри северно од Скопје, на падините на планината Скопска Црна Гора.[58] Селото се наоѓа на височина од приближно 600 метри[59] и од него има убав поглед на градот Скопје.[60] Еден стар пат над Љуботен ја поврзува околината на Куманово со блиската граница со Косово.[61] Многумина ја сметале локацијата на селото како стратешки битна за ОНА.[62] Во 2001 во Љуботен имало население од приближно 3,000 жители.[63] Додека поголемиот дел од жителите на Љуботен биле етнички Албанци, во него исто така живееле и група етнички Македонци, особено во северо-западниот дел на селото, во близина на соседното село Љубанци, кое било претежно населено со етнички Македонци.[64] Поголемиот дел од населението во Љуботен се занимавало со земјоделство.[65] Во селото имало и православна црква и џамија.

31. Поради активностите на ОНА во оваа област, која е стратешки битно лоцирана помеѓу блиската граница со Косово на север и во близина на главниот град, Скопје, на југ, македонската армија имала позиции на падините на планината во планинската област над Љуботен и Љубанци. Во овие позиции спаѓаат и оние познати како Смок, Бомба и Мечка,[66] од кои првите две се наоѓале во месноста позната како Малистена или *Bregu-i-Rashiti*,[67] планинска падина северно од Љуботен, од каде што може да се види Љуботен и околината. Една од армиските единици имала поставено привремен команден пункт во соседното село Љубанци.[68] И покрај присуството на единиците на армијата во близина на Љуботен, од сите релевантни

[58] Елмаз Јусуфи, Т 491.
[59] Доказен предмет П298.
[60] М037, Т 858-859. *Види* исто така Исмаил Рамадани, Т 1007.
[61] Исмаил Рамадани, Т 1007. *Види* исто така М083, Т 1420-1421.
[62] *Види* М051, Т 4198-4199; Доказен предмет 2Д35, стр. 2.
[63] Петер Букарт, Т 3028.
[64] 084, Т 1518; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 7.
[65] Елмаз Јусуфи, Т 560
[66] Марио Јуришиќ, Т 3319; Доказен предмет П366.
[67] Позициите на македонската армија Смок и Бомба (*види подолу*, став 141; 142) биле лоцирани во област позната како Малистена. (Доказен предмет П216; М088, Т 1255)
[68] *Види подолу*, став 99.

докази што ги слушна и виде, Советот го дава својот конкретен заклучок дека армијата не влегла во селото на 12. август 2001.[69] Меѓутоа, имало повремени огнени дејства од некои армиски позиции на цели во Љуботен и околните области тој ден, што ќе биде дискутирано понатаму во оваа Пресуда.[70]

32. Поради активностите на ОНА, исто така биле поставени и неколку контролни пунктови на патиштата во околината на Љуботен.[71] Бројот на полицајци вообичаено распоредени на секој контролен пункт бил од 5 до 15.[72] Има докази дека на повеќе од еден контролен пункт вообичаениот број бил зајакнат на 12. август, што се совпаѓа со одлуката донесена на 10. август 2001 на еден состанок за правење план одржан во Љубанци.[73]

33. Еден полициски контролен пункт се наоѓал на Љуботенски пат, неколку километри од Љуботен во правец на Скопје.[74] Овој контролен пункт се наоѓал помеѓу местото познато како Бузалак (што било поблиску до Љуботен) и место наречено *Kodra-e-Zajmit* (или Замски Рид на македонски[75]) што било поблиску до Скопје.[76] Полицискиот пункт некои го нарекувале Бузалак а други *Kodra-e-Zajmit*.[77] Советот е уверен дека контролниот пункт што се споменува како Бузалак и како *Kodra-e-Zajmit* е една иста локација. Понатаму во оваа Пресуда овој контролен пункт ќе се нарекува контролен пункт Бузалак. Додека во претходните денови на контролниот пункт Бузалак имало 9 полицајци, на 12. август, во согласност со една наредба, таму биле распоредени 11 полицајци.[78]

[69] *Види* исто така Марио Јуришиќ, Т 3319; Митре Десподов, Т 2597; Николче Гроздановски, Т 10455; М2Д008, Т 10574; М051, Т 4137.
[70] *Види подолу*, став 39; 42.
[71] Доказен предмет 1Д182.
[72] Петре Стојановски, Т 9142-9143.
[73] *Види подолу*, став 111; фуснота 496.
[74] Врз основа на наредба од полициската станица „Чаир“ што се однесува на 10. август 2001, должностите на деветте полицајци распоредени на контролниот пункт Бузалак вклучувале проверување на легитимации, пребарување на возила и патници, како и нивниот багаж. (Доказен предмет П544)
[75] Фаруш Мемеди, Т 2043.
[76] Фаруш Мемеди, Т 2044; Доказен предмет П267.
[77] Фаруш Мемеди, Т 2035; 2044. Еден сведок исто така сведочеше дека контролниот пункт којшто се наоѓал помеѓу *Kodra-e-Zajmit* и Бузалак се нарекувал *Cezma-e-Rizvanit*. (Ејуп Хамити, Т 4441-4442) Советот прифаќа дека контролниот пункт кој овој сведок го нарекува *Cezma-e-Rizvanit* е истиот контролен пункт кој се наоѓал на главниот пат од Љуботен до Скопје, кој други сведоци го нарекуваа Бузалак и *Kodra e Zajmit*. Види исто така *Обвинителот против Бошкоски и Тарчуловски*, Предмет бр.: ИТ-04-82/Т, „Решение по барањето за дозвола да се измени и дополни Обвинението“, 14. ноември 2007.
[78] Доказен предмет П492; П544.

34. Контролниот пункт „Кинески sид“, или куќата на Браца, се наоѓал помеѓу Љуботен и Љубанци, на влезот во Љуботен.[79] Контролниот пункт бил на патот кој води од Љубанци кон селото Љуботен по вкрстувањето на тој пат со пат кој води до местото што вообичаено се користело како детско одморалиште.[80] Името Кинески sид се однесува на големиот sид кој ја опколувал куќата во чија близина се наоѓал контролниот пункт. Куќата му припаѓала на еден човек кој се вика Андреја Браца, Хрват по националност.[81] Врз основа на наредба од полициската станица „Мирковци“, ноќта на 11. август 2001, на контролниот пункт Кинески sид биле распоредени шестмина полицајци.[82] Во доказните материјали нема таква наредба која се однесува на 12. август 2001. Меѓутоа, на тој контролен пункт имало околу 15 полицајци резервисти од редовната смена.[83]

35. Контролниот пункт Страниште (или Страиште, или Страишта) бил поставен на еден рид над селото Љуботен, во полињата помеѓу Љубанци и Љуботен, околу 200 метри од раскрсницата на патот кој води од Љубанци до село Љуботен и патот до детското одморалиште.[84] Тоа било во близина на контролниот пункт кај куќата на Браца. Контролниот пункт се наоѓал на околу еден километар по воздушна линија од џамијата во центарот на Љуботен.[85] Нудел добра прегледност на областа.[86] Врз основа на наредба од 11. август 2001, 11 полицајци биле распоредени на контролниот пункт Страниште на 12. август 2001.[87]

36. Покрај тоа, утрото на 12. август 2001, екипа од дополнителни 5 полицајци, повеќето резервисти, од полициската станица „Мирковци“, биле во областа на Љубанци и Љуботен[88] во полициски оклопен транспортер Хермелин.[89] Полицајците носеле маскирни униформи,[90] што било вообичаено во тоа време за полицајци кои биле ангажирани за такви должности. Иако некои докази укажуваат дека ова се случило подоцна,[91] според заклучоците на Советот, до 08.00 часот патрола од Мирковци пристигнала на контролниот пункт Страниште. Во тоа време кај

[79] М052, Т 8267-8268; М053, Т 1987; Доказен предмет 2Д26; П298.
[80] Митре Десподов, Т 2672; М083, Т 1377-1380; Доказен предмет П225.
[81] М052, Т 8280; М053, Т 1913; М017, Т 634-635; Доказен предмет П20; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 32-33.
[82] М052, Т 8308-8309; Доказен предмет П547
[83] М052, Т 8280; 8497.
[84] М052, Т 8267-8268; 8305-8307; М083, Т 1377-1380; Доказен предмет П225; П298.
[85] М037, Т 765.
[86] М037, Т 827.
[87] М052, Т 8305-8307; Доказен предмет П546.
[88] М037, Т 757-758; 762; Доказен предмет П34.
[89] М037, Т 758.
[90] М037, Т 759.
[91] М037, Т 765.

контролниот пункт Страниште, лице кое го користело шифрираното име „Рудник“, се смета дека тоа бил обвинетиот Јохан Тарчуловски,[92] кој во тоа време работел како офицер за обезбедување во единицата за обезбедување задолжена за сопругата на тогашниот претседател на ПЈРМ, Борис Трајковски,[93] преку радио врска им јавило на контролниот пункт Страниште дека „колеги“ ќе влезат во селото Љуботен да спроведат акција за уништување на „терористи“. Целта на овој повик била да се предупредат полицајците на контролниот пункт со цел да не помислат погрешно дека тие „колеги“ кои ја спроведуваат акцијата се „терористи“ и да дејствуваат против нив.[94] Патролата од Мирковци во оклопниот транспортер Хермелин останала некое време кај контролниот пункт Страниште од каде имало добра прегледност на селото Љуботен, кое се наоѓало блиску, но подоцна влегла во селото и, како што се дискутира понатаму, значајно им помогнала на „колегите“.

37. Од доказите, Советот заклучува, и ова ќе биде поподробно разгледано понатаму, дека до 08.00 часот на 12. август 2001, и армиските позиции и полициските контролни пунктови во близина на Љуботен биле сите пополнети, во некои случаи со поголем број на персонал од обично, и биле известени дека набрзо ќе започне акција во Љуботен. Овој заклучок е донесен и покрај тоа што припадници на полицијата и армијата при нивното сведочење многупати се обидоа да сугерираат дека не знаеле што ќе се случи и дека не биле вмешани во дејствијата или во подготовките за нив.

38. Исто така во тоа време, голема единица на вооружени лица била позиционирана во близина на влезот во Љуботен од Љубанци. Единицата се состоела од униформирани припадници на резервната полиција а можеби имало и лица кои биле вооружени. Униформирани и опремени како резервни полицајци и тие се однесувале како такви, но не биле службено назначени или пак овластени да им се издаде оружје според важечката процедура. Исто така има докази кои укажуваат на можноста во оваа единица да биле вклучени и припадници на една специјална единица на редовната полиција но како што ќе се наведе понатаму, Советот не е уверен во тоа. Оваа полициска единица била подготвена и спремна пешки да влезе во Љуботен по патот од Љубанци. Доказите за бројот на овие лица варираат, но според заклучоците на Советот имало најмалку 60-70 лица.[95] Според некои толкувања на доказите можно е да имало и повеќе од 100 лица. Како што ќе биде објаснето понатаму,

[92] M037, T 779.
[93] *Види подолу*, став 537.
[94] M037, T 767-768.
[95] *Види подолу*, став 120.

обвинетиот Јохан Тарчуловски бил претпоставен на оваа полициска единица и бил таму со припадниците.[96] Тој одржувал контакт и со други полициски и армиски единици во таа област.[97]

39. Во околу 08.00 часот на 12. август 2001 жителите на Љуботен и други лица слушнале пукање и гранатирање во селото.[98] Овие активности во тоа време биле концентрирани на западниот дел од селото, во близина на православната црква.[99] Еден сведок имал впечаток дека куќата на еден етнички Албанец, Јакуп Мифтари, која се наоѓала во југо-западниот дел од селото, под православната црква, била погодена од граната.[100] Една граната, а потоа уште една ја погодиле плевната на Далип Мурати, етнички Албанец, која се наоѓала во југо-западниот дел од селото, западно од православната црква.[101] Еден сведок сугерираше дека можно е гранатирањето да доаѓало од правец на Малистена[102] каде што имало армиски позиции,[103] но оваа сугестија се чини дека е базирана на претпоставка, а не на набљудување. Една куќа која се наоѓала на северо-источната граница на Љуботен била исто така погодена од граната.[104]

40. Овие настани ги набљудувал Хенри Болтон, претставник на ОБСЕ, од соседното село Радишани. Во 08.05 тој слушнал гласна детонација и видел како се крева чад во близина на бела зграда блиску до православната црква. Ова било проследено со уште две детонации, временски

[96] *Види подолу*, став 560.

[97] Советот забележува во врска со ова дека, како што може да се види на други места, на Јохан Тарчуловски му биле дадени радио-станици на 10. август 2001 (*види подолу*, став 113; 550).

[98] Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 22; М039, Доказен предмет П200.2, став 13; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 28; М088, Доказен предмет П206, став 15; М092, Доказен предмет П215, став 12, М092, Т 1293-1294; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 7; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 7; Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 16; Седат Мурати, Т 4064; Ејуп Хамити, Доказен предмет П417, став 5. некои сведоци сведочеа дека слушнале пукотници од малокалибарско оружје (или пукотници од автоматско оружје) пред да започне гранатирањето (Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 28; М039, Доказен предмет П200.2, став 13; Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 16; М092 Доказен предмет П215, став 12), додека други сведочеа дека гранатирањето започнало веднаш (М088, Доказен предмет П206, став 15).

[99] М017 забележал како се крева чад во близина на православната црква, Т 695-696.

[100] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 17, 5, 6; Седат Мурати, Т 4063; 4064-4068; Доказен предмет П406.

[101] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 16, 17; Седат Мурати, Т 4064-4068; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 13. *Види* исто така Ејуп Хамити, Доказен предмет П417, стр. 2. Плевната до куќата на Далип Мурати била набрзо повторно погодена со граната од што се запалила. (Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 14; Фатмир Камбери, Т 4607; М017, Т 694-696).

[102] Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 13.

[103] Позициите на македонската армија Смок и Бомба (*види подолу*, став 141; 142) се наоѓале во областа позната како Малистена. (Доказен предмет П216; М088, Т 1255)

[104] Исни Али, Т 2019-2020. Во својата изјава според Правило 92*bis* сведокот изјавил дека неговата куќа била погодена од рачна бомба (Исни Али, Доказен предмет П263, став 7). Меѓутоа во судот тој сведочеше дека неговата куќа била погодена од граната, Т 2019-2020. Земајќи го предвид обемот на оштетување на неговата куќа (Доказен предмет П412.39) Советот го прифаќа сведочењето на Исни Али дека неговата куќа била погодена од граната. Исто така е релевантно дека на 10. август 2001 една граната паднала многу блиску до оваа куќа. (Исни Али, Доказен предмет П263, став 3) Понатаму, иако во својата изјава според Правило 92*bis* сведокот изјавил дека на 12. август 2001 неговата куќа била погодена околу 10.00 часот (Исни Али, Доказен предмет П263, став 7) Советот смета дека сеќавањето на сведокот за времето било неточно и дека всушност тоа се случило порано, во околу 08.00 часот или набрзо потоа.

блиску една до друга. Тој сметал дека овие детонации биле предизвикани од 120-мм минофрлачи.[105] Околу 15 до 20 минути подоцна тој исто така видел 81 или 82-мм минофрлачки оган кој доаѓал од правец на позициите на македонската армија на планинската падина југоисточно од манастирот Свети Никола, чиишто гранати паднале на „празен простор“ во Љуботен.[106] Тој мислел дека тоа утро имало околу 40 до 60 детонации на минофрлачки гранати во Љуботен.[107]

41. Полициската патрола во оклопниот транспортер Хермелин тргнала од контролниот пункт Страниште со цел да влезе во селото.[108] Пред тоа, патролата се сретнала со Јохан Тарчуловски, кој носел маскирна униформа и имал со себе мобилен телефон и радио станица.[109] Во тоа време тој немал оружје.[110] Јохан Тарчуловски бил со група луѓе кои носеле маскирни униформи без ознаки.[111] Тие имале автоматски пушки и можеби двајца или тројца од нив имале пиштоли.[112] Според заклучоците на Советот оваа била полициската единица раководена од Јохан Тарчуловски, којашто во тоа време чекала да влезе во селото. Јохан Тарчуловски им рекол на членовите на оклопниот транспортер Хермелин да почекаат малку затоа што може да има минофрлачки оган. Сведокот претпоставил дека Тарчуловски ја добил оваа информација од армијата.[113] Јохан Тарчуловски и групата луѓе во маскирни униформи потоа си заминале. Советот смета дека овој разговор се одржал утрото на 12. август 2001. И покрај некои докази дека ова се случило подоцна тоа утро, земајќи предвид други докази за настаните што се случиле во селото на тој ден и неможноста на Советот да ги прифати како вистинити некои аспекти од сведочењето на сведоци кои биле ангажирани околу овие настани, поради нивен личен интерес,[114] Советот заклучува дека овој разговор се случил порано, околу 08.00 часот.

[105] Хенри Болтон, Т 1676; Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 6; 1Д21; 1Д22.
[106] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 7.
[107] Хенри Болтон, Т 1676; Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 9.
[108] Има доказ дека на патролата со оклопниот транспортер Хермелин на контролниот пункт Страниште ѝ биле дадени инструкции од Началникот на ОВР „Чаир“ да влезе и да патролира во селото, веројатно да најде „терорист“ (М037, Т 774, М052, Т 8289; 8570) и дека ова можеби се случило по 11.00 часот (М053, Т 1911; 1986; М052, Т 8277). Во тој поглед на Советот му се чини дека овој доказ е смислен за да се заштитат некои сведоци од одговорност за настаните во Љуботен. Советот прифаќа од други докази, особено од активностите на оклопниот транспортер Хермелин во селото, дека тој влегол во селото многу порано и активно ја поддржувал полициската единица во селото.
[109] М037, Т 778.
[110] М037, Т 868.
[111] М037, Т 776; 817. Доказите кои се однесуваат на големината на групата варираат. М037 сугерираше 20, 30 или можеби 40 луѓе. Други сведоци виделе повеќе. Според заклучоците на Советот имало околу 60 до 70.
[112] М037, Т 778.
[113] М037, Т 779.
[114] *Види подолу*, став 15.

42. Има некои неуверливи докази за постоење на оган од малокалибарско оружје во Љуботен порано,[115] но повеќе уверливи докази го убедија Советот дека околу 08.00 часот, откако армиските единици отвориле минофрлачки и оган од друг тип оружје, полицајците под раководство на Јохан Тарчуловски влегле во Љуботен. Кога тие влегле во Љуботен се слушнало интензивно пукање кое доаѓало од близината на православната црква.[116] Според заклучоците на Советот ова пукање било од страна на полицијата. Советот е исто така убеден дека, како што ќе биде објаснето подолу, оклопниот транспортер Хермелин влегол во селото набрзо по единицата на Тарчуловски и им давал поддршка на полицајците.[117]

43. Во околу 08.00 часот на 12. август 2001, но како што се чини набрзо по погоре опишаните настани, Елмаз Јусуфи, етнички Албанец, жител на Љуботен, неговата сопруга Зенеп Јусуфи и неговиот братучед Музафер Јусуфи слушнале силна експлозија која доаѓала веднаш од пред куќата на Елмаз Јусифи, која се наоѓала малку кон северо-исток од православната црква.[118] Синот на Елмаз и Зенеп Јусуфи, Рами Јусуфи, кој исто така бил во куќата, истрчал до предната врата и се обидел да ја затвори.[119] Во тој момент започнало интезивно пукање од пред куќата. Рами Јусуфи бил погоден во стомакот. На неговото тело имало две прострелни рани. Истрелите дошле од аголот на куќата, од далечина од приближно 10 или 15 метри од вратата.[120] Исто така, куршуми ја погодиле и куќата. Само машината за перење во купатилото била погодена од 12 куршуми.[121] Напаѓачите ја клоцнале предната врата на куќата но не влегле внатре.[122] Пред да ја напуштат куќата на Елмаз Јусуфи напаѓачите истуриле бензин на колата на Елмаз Јусуфи која била паркирана во дворот и на некој градежен материјал складиран во дворот и ги запалиле истите.[123]

[115] Пред 08.00 часот се слушнало спорадично пукање кое доаѓало од планинската падина над селото. (М039, Доказен предмет П200.2, став 13) *Види* исто така М083, Т 1428.
[116] Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 12.
[117] Советот не го прифаќа сведочењето на М037 според коешто патролата чекала повеќе од еден час кај контролниот пункт Страниште и влегла во селото само откако полицајците некое време не виделе пукање од армиските позиции. (М037, Т 780)
[118] Елмаз Јусуфи, Т 528-529; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 22; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.2, став 17-18; Зенеп Јусуфи, Т 443; Музафер Јусуфи, Доказен предмет П389, став 5. Се чини дека од силата на експлозијата се отворила високата метална порта од дворот на куќата одвоен со sид од улицата.
[119] Елмаз Јусуфи, Т 572; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 24; Зенеп Јусуфи, Т 407.
[120] Елмаз Јусуфи, Т 572; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 24.
[121] Елмаз Јусуфи, Т 598; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 25; Зенеп Јусуфи, Т 410.
[122] Елмаз Јусуфи, Т 594; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 25; Зенеп Јусуфи, Т 472.
[123] Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 26; Музафер Јусуфи, Доказен предмет П389, став 5.

44. Овие настани во куќата на Елмаз Јусуфи траеле приближно 10 минути.[124] Откако напаѓачите си заминале, Елмаз Јусуфи и Музафер Јусуфи го преместиле Рами Јусуфи од пред вратата, каде што бил погоден, во соба внатре во куќата. Помалку од еден час подоцна Рами Јусуфи починал таму од прострелните рани.[125] Рами Јусуфи бил погребан следниот ден во дворот на една од ќерките на Елмаз Јусуфи.[126] Тој бил погребан во облеката што ја носел кога починал.[127]

45. Откако си заминале од куќата на Елмаз Јусуфи, напаѓачите продолжиле надолу долж истата улица, запалувајќи куќи со бензин.[128] Куќата на Ќенан Јусуфи, брат на Елмаз Јусуфи, куќата и шталата на Џабир Јусуфи, заедно со стоката внатре, како и куќите на Сабит Јусуфи, Назмир Јусуфи и Агим Јусифи биле запалени и изгореле.[129] Според заклучоците на Советот, полицајците исто така ги запалиле и куќите на Џевџет Јусуфовски[130] и Алим Дураки.[131] Напаѓачите исто така фрлиле рачни бомби во две неидентификувани куќи, со што овие куќи биле оштетени.[132] Додека се одвивале овие настани, жителите на Љуботен виделе како се крева чад во западниот или северо-западниот дел од селото каде што се наоѓале куќите на семејствата Јусуфи.[133]

46. Елмаз Јусуфи ги опиша луѓето коишто ја нападнале неговата куќа како група од приближно 20 полицајци облечени во униформи и панцири и вооружени со автоматски пушки

[124] Музафер Јусуфи, Доказен предмет П389, став 5.
[125] Зенеп Јусуфи, Т 448; Елмаз Јусуфи, Т 588; Музафер Јусуфи, Доказен предмет П389, став 6.
[126] Елмаз Јусуфи, Т 533; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 42; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 19.
[127] Елмаз Јусуфи, Т541. Еден месец подоцна тој бил повторно погребан. (Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 42)
[128] Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 26, 27.
[129] Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 27, 8. *Види* исто така Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 20; Мамут Исмаили, Т 1344-1345; Мамут Исмаили, П219.1, став 4; Доказен предмет П222. Сведоци виделе како куќите на Ќенан Рашити, Јусуф Рашити и Сабит Рашити кои се наоѓале во иста област горат. (Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 8) Има доказ дека семејството Јусуфи порано се викале Рашити (Зенеп Јусуфи, Т 488). Советот прифаќа дека онаму каде што се вели Рашити всушност се мисли на Јусуфи.
[130] На 13. август 2001, Фатмир Камбери видел дека куќата на Џевџет Јусуфовски изгорела. Доказен предмет П426, став 20. Куќата на Џевџет Јусуфовски се наоѓа помеѓу куќите на Назмир Јусуфи и Агим Јусуфи, (Доказен предмет П427) коишто полицајците ги запалиле на 12. август 2001. Доказите за присуството на полицијата во близина на куќата на Џевџет Јусуфовски и фактот дека ги запалиле соседните куќи, заедно со доказите за штетата на оваа куќа, го уверија Советот дека полицајците ја запалиле и оваа куќа.
[131] На 13. август 2001, Фатмир Камбери видел дека куќата на Алим Дураку изгорела; Доказен предмет П426, став 20. Претходниот ден, Камбери видел чад во околината во која се наоѓа оваа куќа; Фатмир Камбери, Т 4555-4556; Доказен предмет П427. Полицајците биле видени во близина на куќата на Дураки утрото на 12. август 2001; Николче Гроздановски, Т 10420; 10494; Доказен предмет 2Д88.
[132] Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 30.
[133] М088, Т 1190-1191; Доказен предмет П208; Доказен предмет П210; Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 8.

АК-47.[134] Некои од нив носеле маски на лицето, но тој смета дека можел да препознае некои од нив по гласот.[135] Претходно тоа утро, пред да биде нападната неговата куќа, тој верува дека тоа било околу 07.30 часот, слушнал звуци од камиони и нешто што според него биле оклопни транспортери, пред портата на неговата куќа и гласови на луѓе што зборуваат македонски. Тој смета дека можел да препознае три од овие гласови.[136] Советот прифаќа дека Елмаз Јусуфи слушнал звуци од возила и зборување македонски. Советот исто така го прифаќа неговото верување дека можел да идентификува лица според нивните гласови, но е сосема свесен дека таквата идентификација е потполно несигурна освен ако гласовите на лицата кои зборувале се карактеристични и добро познати на слушателот. Од доказите не произлегува ништо од погоре споменатото во поглед на овие четири лица и, поради тоа, Советот не е во можност да го прифати ова идентификување како веродостојно, ниту да ја прифати како точна проценатa за времето на Елмаз Јусуфи. Музафер Јусуфи забележал дека напаѓачите „носеле различни видови на униформи.“[137] М088, кој ги набљудувал настаните од далечина, видел полицајци во темни униформи во овој реон, приближно во времето кога била нападната куќата на Елмаз Јусуфи.[138]

47. Елмаз Јусуфи исто така сведочеше дека откако полицајците си заминале од неговата куќа, оклопниот транспортер застанал пред неговата куќа и тројца полицајци се качиле од транспортерот на покривот од неговата куќа, и потоа на балконот, од каде што отвориле оган во правец на долината.[139] Советот прифаќа дека овој оклопен транспортер бил оклопниот транспортер Хермелин со патролата од полициската станица „Мирковци“, којашто влегла во селото малку подоцна од полициската единица.

48. Две лица во маскирни униформи коишто носеле маски биле исто така видени покрај кланицата, којашто се наоѓа во близина на православната црква во западниот дел од селото. Тие подготвувале проектил на Зоља за испалување.[140] Зоља е пешадиски рачен фрлач на ракети. Куќата на Далип Мурати била приближно 100 метри од кланицата.[141] Подоцна тој ден еден

[134] Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 23.
[135] Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.2, став 20; Елмаз Јусуфи, Т 539-540. Елмаз Јусуфи конкретно ги спомена Диме Ацевски и Душан Крушкаров, етнички Македонци коишто ги познавал од селото Љуботен. (Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 23)
[136] Елмаз Јусуфи ги идентификува како Диме Ацевски, неговиот чичко /вујко/ Симе, и Стојан Петровски, етнички Македонци коишто ги познавал од Љуботен. (Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 17, 19)
[137] Музафер Јусуфи, Доказен предмет П389, став 5.
[138] М088, Т 1192.
[139] Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 29.
[140] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 24-25.
[141] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 24.

сведок видел неексплодирана граната од Зоља навлезена во ѕидот на куќата на Далип Мурати.[142] Откако биле видени овие двајца мажи се слушнала силна експлозија од куќата на Далип Мурати. Набрзо откако се слушнала екплозијата, сведоци виделе дека Далип Мурати бил тешко повреден во стомакот.[143] Тој починал неколку минути подоцна.[144] Меѓутоа, пред овие настани, како што е детално опишано во оваа Пресуда, две минофрлачки гранати на армијата паднале во плевната од куќата на Далип Мурати, и ја запалиле. Од доказите не може да се одреди дали експлозијата во куќата на Далип Мурати била причинета од друга армиска граната или од проектил на Зоља. Доказите кои се однесуваат на времето на случување на овие настани се исто така премногу непрецизни да поткрепат каков било заклучок.

49. Некое време по пукањето во куќата на Елмаз Јусуфи, лица во маскирни униформи кои носеле маски и имале автоматско оружје биле видени во маалото Елезај во Љуботен, на патот кој води кон Раштак.[145] Тие следеле оклопен транспортер Хермелин којшто застанал многу блиску до куќата на Харун Реџепи.[146] Тие фрлиле шишиња со бензин на куќата на Харун Реџепи и ја запалиле.[147] Куќата на Харун Реџепи изгорела тоа утро.[148] До куќата на Харун Реџепи имало и други куќи кои му припаѓале на семејството Реџепи (*Redžepi* или *Rexhepi*)[149] и куќи кои му припаѓале на семејството Љутфиу.[150] Куќата на Авдула Реџепи и куќата на Ќамуран (Ќемуран) Реџепи (каде што живеел и Исмет Реџепи (*Redžepi*) (*Rexhepi* или Реџеповски), таткото на Ќамуран (Ќемуран)[151]), како и амбарот на Шаби Љутфиу, биле исто така запалени и почнале да горат.[152] Звук сличен на звукот на плин кога се испушта од боца за плин се слушнал веднаш пред да започнат да горат куќите.[153] Куќите на Митат Љутфиу и Ќамуран Љутфиу кои се наоѓале наспроти куќите на семејствата Реџепи,[154] биле исто така запалени тоа утро,[155] како и

[142] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 25.
[143] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 26-28.
[144] Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 16. Обвинетите не се товарат за смртта на Далип Мурати во Обвинението.
[145] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 2; *види* Доказен предмет П410 и Доказен предмет П411, МГМ броеви за идентификација 195, 196, 211, 212.
[146] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 10.
[147] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 10-11; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 8.
[148] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 11; Ќемуран Реџепи, Т 3555.
[149] Советот усвојува дека онаму каде што се спомнува *Redžepi*, *Rexhepi* или *Redžepovski* всушност се мисли на истото име.
[150] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 2; види Доказен предмет П410 и Доказен предмет П411, МГМ броеви за идентификација 195, 196, 211, 212.
[151] Азиз Реџепи, Т 4652. *Види* исто така Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, стр. 1.
[152] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 8, 9; Ќемуран Реџепи, Т 3525-3526; Доказен предмет П375; Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 11.
[153] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 11.
[154] Доказен предмет П433.

куќата на Назим Муртезани која се наоѓала во близина.[156] Според заклучоците на Советот извлечени од ова и други докази кои ќе бидат дискутирани подолу, овие куќи биле запалени од претходно опишаната полициска единица додека се движела низ селото.

50. На 10. август 2001 во Љуботен паднале минофрлачки гранати,[157] поради што многу жители на Љуботен се засолниле во визбите од куќите.[158] Утрото на 12. август, околу 10 лица, сите мажи, се засолниле во визбата на куќата на Адем Аметовски, која се наоѓала во горниот дел на Љуботен, на патот кон селото Раштак.[159] Тие биле таму од ноќта 10. август 2001.[160] Женските членови на нивните семејства, заедно со уште тројца мажи, биле во визбата на соседната куќа, на Зија Амети, којашто се наоѓала на истиот имот.[161]

51. Вооружени униформирани полицајци се приближиле кон визбата во куќата на Адем Аметовски и испукале неколку истрели во прозорецот од визбата.[162] Мажите во визбата веднаш се предале; еден постар маж замавнал со бела крпа низ прозорецот од визбата како знак на предавање.[163] Полицајците потоа им наредиле на мажите да излезат од визбата. Биле натерани да излезат преку прозорецот.[164] Никој од нив не бил вооружен. Никој од нив не носел униформи или ознаки на ОНА. Полицајците потоа ги претресле сите куќи на имотот на Адем Аметовски.[165] Не било најдено оружје, муниција, експлозиви, униформи или друга воена опрема.

---

[155] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 9.

[156] Петер Букарт сведочеше дека во текот на неговата посета на Љуботен, на 23. август 2001, видел дека куќата на Назим Муртезани била изгорена, заедно со околниот имот; Петер Букарт, Т 2984; Доказен предмет П347. Куќата на Назим Муртезани се наоѓа блиску до куќата на Харун Реџепи, која како што е наведено претходно, на 12. август 2001 била запалена од полицајците. Куќата на Назим Муртезани се наоѓа покрај патот што води до Раштак (*види* исто така Доказен предмет П411). Советот заклучува дека на 12. август 2001 куќата на Назим Муртезани, слично како и куќата на Харун Реџепи во нејзина близина, била запалена од полицајците кои напредувале во насока на куќите на Адем Аметовски и семејството Јашари.

[157] *Види подолу*, став 103.

[158] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 9; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 8; Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 12.

[159] М012, Т 885; М017, Т 612-615; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 10, 12; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 2.

[160] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 11.

[161] М017, Т 615-616; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 11; М012, Т 920-921.

[162] Сеќавањата на сведоците за времето варираат од 08.00 до 09.00 часот (М017, Т 620), до 10.00 часот (Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 14) до по 12.00 часот (Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 28). Доказите укажуваат дека овие настани се случиле помеѓу 09.00 и 10.30 часот.

[163] М017, Т 620; М012, Т 939-940, 979: Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 2.

[164] М017, Т 620-621; М012, Т 887, 940, 971; Веби Бајрами, Т 1837, 1861. Види исто така Исмаил Рамадани, Т 1021, 1039.

[165] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П189, став 10.

52. Кога излегле од визбата, во дворот на куќата на Адем Аметовски, полицајците од овие лица земале пари, вредни предмети и лични карти[166] и им наредиле да легнат и да ги повлечат маиците преку глава. Полицајците потоа почнале жестоко да ги тепаат.[167]

53. Во меѓувреме, некои полицајци влегле во визбата на соседната куќа на Зија Амети, каде што се засолнувале жените. Од жените биле исто така земени пари и накит.[168] Тројцата мажи кои биле со жените биле изнесени и принудени да им се придружат на групата мажи од визбата на Адем Аметовски.[169]

54. Потоа мажите биле одведени до главната порта на куќата, на влезот во дворот, и им било наредно да легнат повторно на земја и да си ги покријат главите со маиците што ги носеле.[170] Тие биле испрашувани и нарекувани терористи.[171] Полицајците потоа започнале да ги удираат мажите со оружјето и со тупаници и ги клоцале.[172] Голем број докази покажуваат дека многу од мажите биле прилично сериозно повредени. Некои полицајци им се заканувале на мажите со ножеви но, во поголем дел, биле спречени од други полицајци да преземат понатамошни дејства.[173] Меѓутоа, еден полицаец со нож врежал крст на грбот на еден од мажите, Исмаил Рамадани.[174] Има докази кои исто така укажуваат дека мажите биле присилени да пеат една македонска песна и да повторуваат „Да живее Аркан.“[175]

55. Потоа мажите слушнале истрел. Еден од мажите од групата, Азиз Бајрами, кој изгледа во тој момент зборувал со својот син, бил ранет со истрел од полициска автоматска пушка.[176] Неговиот син Суљејман Бајрами[177] бил удрен или силно клоцнат по главата.[178] Набрзо потоа

[166] М012, Т 888; М017, Т 621; 616-617; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 16; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П189, став 11; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1844.
[167] М012, Т 888; М017, Т 625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 16; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 31-32; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1870.
[168] М017, Т 705; М012, Т 892.
[169] М017, Т 621-623; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.
[170] М012, Т 888; М017, Т 625; Доказен предмет П17; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.
[171] М017, Т621.
[172] М012, Т 889-890; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17.
[173] М017, Т 621-623; М012, Т 889; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 18.
[174] М012, Т 894; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 19, 20; Доказен предмет П194.
[175] М017, Т 621-623; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 35. Аркан бил озлогласен Србин, водач на паравојска кој се борел во Хрватска и во Босна.
[176] М012, Т893, 949; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 22.
[177] Сулејман Бајрами бил еден од тројцата мажи коишто биле изнесени од визбата каде што се наоѓале жените. (М017, Т 615-616; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 12; Исмаил Рамадани, Т 1022)
[178] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 33; Исмаил Рамадани, Т 1022.

човекот слушнал истрели.[179] Според заклучоците на Советот, Суљејман Бајрами, кој бил тргнат да оди или да бега, лежел мртов на десната страна од патот што поминувал покрај куќата на Адем Аметовски.[180] Тој бил погоден повеќе пати и починал од истрел од полициско оружје.

56. Потоа полицајците им наредиле на мажите боси[181] да одат до полицискиот пункт кај куќата на Браца, која се наоѓа меѓу Љуботен и соседното село Љубанци.[182] Многумина биле брутално малтретирани на патот до и по пристигнувањето кај куќата на Браца.[183] Биле спроведувани од четворица до шесторица вооружени лица облечени во полициски маскирни униформи, припадници на полициската единица.[184] Александар Јаневски, вработен во агенцијата за обезбедување „Комета“, бил еден од тие полицајци.[185]

57. На двајца постари мажи кои биле меѓу другите мажи во оваа група, Мухарем Рамадани[186] и Азиз Бајрами,[187] им било наредено да останат кај куќата на Адем Аметовски.[188] Како што ќе биде опишано понатаму во оваа Пресуда, некои сведоци подоцна дознале дека Мухарем Рамадани бил убиен од полицајците тоа утро кај портата на куќата.[189]

58. Советот слушна многу докази во врска со овие вооружени мажи кај куќата на Адем Аметовски на 12. август 2001. Тие биле припадници на вооружената полициска единица којашто влегла во селото во околу 08.00 часот. Доказите укажуваат дека мажите кои пристигнале кај куќата на Адем Аметовски носеле два типа на униформи: црни униформи или униформи со темна боја и маскирни униформи.[190] Еден сведок ги идентификува овие сили како припадници на специјалната полициска единица „Тигри“ и „Лавови“, поради тоа што, според негово мислење, тие носеле униформи на единиците „Лавови“ и „Тигри“. Меѓутоа, тој ги

[179] Осман Рамадани, Доказен предмет П198, став 22; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 24; Доказен предмет П189, став 189.
[180] М017, Т 624, 626-628; М012, Т 892, 974; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 33; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 25; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.
[181] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 26; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36. *Види* исто така М017, Т 616-617.
[182] М017, Т 634; Доказен предмет П20.
[183] М012, Т897; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.
[184] М053, Т 1912-1914; М052, Т 8282.
[185] М053, Т 1910; М052, Т 8283.
[186] Мухарем Рамадани бил меѓу мажите во визбата на Адем Аметовски. (М017, Т 613-615; М012, Т 885; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 12; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26, 31)
[187] Азиз Бајрами бил изнесен од визбата на куќата на Зија Амети, каде што се засолнувале жените. (М017, Т 615, 621-623)
[188] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 27.
[189] М012, Т 894-895, 974; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 27, 57; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 57. *Види подолу*, став 321.
[190] М012, Т 888; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 14; Исмаил Рамадани, Т 1018; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 30; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 2.

идентификува тие униформи како маскирни униформи со ознаки на рамото прикажани на Доказниот предмет П15.[191] Имаше и сведоци кои рекоа дека виделе ознаки на рамото со зборот „Лавови“ напишан на македонски,[192] додека други не можеле да видат какви биле ознаките.[193] Некои сведоци сведочеа дека мажите носеле маски на лицето.[194] Меѓутоа, други сведоци меѓу полицајците препознале некои локални луѓе кои ги познавале и кои ги идентификуваа при своето сведочење.[195] Советот прифаќа дека некои од полицајците носеле маски на лицата.

59. Доказите за бројот на овие полицајци многу варираат, од еден сведок кој го даде бројот од приближно 50,[196] до друг кој сметал дека видел 200 или 300 лица во дворот на куќата на Адем Аметовски.[197] Сите имале автоматски пушки.[198] Еден сведок видел оклопен транспортер со зелена боја, со тешко противавионско оружје монтирано на горниот дел, во дворот на куќата на Адем Аметовски.[199] Советот прифаќа дека патрола од полициската станица „Мирковци“ во оклопниот транспортер Хермелин им давала поддршка на полицајците во селото и стигнала до куќата на Адем Аметовски во тоа време,[200] иако постои голема дилема за тоа дали какво било оружје било монтирано на овој оклопен транспортер и, доколку било, каков тип на оружје.

---

[191] М017, Т 618-620.

[192] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 14; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 30; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 2.

[193] М012, Т 969.

[194] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 30.

[195] М017 конкретно препознал еден маж од Раштак кој не бил редовен полицаец. (М017, Т 621-623) Исмаил Рамадани ги препознал Никола Костовски, Срећко Милевски, Мирче Стојановски и Зоран Стојановски. (Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 15) Тој видел едно лице за кое мислел дека е Анѓеле, презимето е непознато, редовен полицаец од полициската станица „Мирковци“. (Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 15) Тој исто така го препознал Зоран, презимето е непознато, од Раштак, кој ги броел парите што ги собрале од мажите пред куќата на Адем Аметовски. (Исмаил Рамадани, Доказен предмет П189, став 11) Тој претпоставувал дека е армиски резервист, но не постои ништо друго во доказите што ја потврди оваа идентификација или дека Зоран, со непознато презиме, бил тогаш армиски резервист.

[196] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 14.

[197] Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 2; Веби Бајрами, Т 1868-1869.

[198] М012, Т 969; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 15; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 30.

[199] Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 2.

[200] М037 сведочеше дека, откако стигнал до источниот дел од селото оклопниот транспортер Хермелин запрел покрај една од четирите куќи кои биле поредени покрај патот за Раштак (М037, Т 782-784; Доказен предмет П38; П39), каде што излегол од оклопното возило, пешачел назад до друга куќа, укажувајќи, според заклучокот на Советот, на куќата на Адем Аметовски, иако далечината е многу поголема од 50-60 метри, како што беше укажано од М037. М037 го видел Јохан Тарчуловски како и група од 10 луѓе на влезот од оваа куќа. Јохан Тарчуловски му рекол на М037 дека ги нашле тие луѓе внатре во куќата. (М037, Т 786) Кај луѓето од куќата биле најдени возачки дозволи и лични карти. М037 рече дека се обидел да го утврди идентитетот на тие луѓе врз основа на документите најдени кај нив и со испрашување. Заробените луѓе биле посебно прашувани дали се од Косово. (М037, Т 786) Советот не е во можност да се увери во вистинитоста на некои аспекти од ова сведочење. М037 имаше јасен интерес да се дистанцира себеси од дејствата на полицајците кај куќата на Адем Аметовски и да сугерира легитимно однесување од своја страна. Индикативно, во сведочењето на М037 не се спомнува малтретирање, иако е јасно од доказите дека во тоа време биле вршени сериозни дејства на малтретирање.

60. Според заклучокот на Советот, вооружените лица коишто влегле во дворот на Адем Аметовски на 12. август 2001 и ги малтретирале таму мажите биле припадници на полициската единица што влегла во Љуботен во околу 08.00 часот. Ова била истата полициска единица што исто така ја нападнала и куќата на Елмаз Јусуфи, пукала во Рами Јусуфи и ги запалила куќите на семејствата Јусуфи, и подоцна куќите на семејствата Реџепи и други куќи. Како што беше наведено претходно, лица од оваа единица биле во близина на куќите на семејствата Мурати. При донесувањето на овој заклучок Советот особено зема предвид дека сведоците кои биле на овие локации дадоа генерално конзистентни описи на овие сили, дека локациите не биле многу оддалечени една од друга, силите демонстрирале определен образец на напредување низ селото, и слично однесување на тие локации.

61. Советот понатаму прифаќа дека оваа вооружена полициска единица се состоела од униформирани припадници на полициските резервни сили, вклучувајќи, како што ќе биде опишано понатаму, и некои кои биле вработени во приватната агенција за обезбедување „Комета“.[201] Некои сведочења на жители од Љуботен кои се однесуваа на идентификување укажуваат дека меѓу резервните полицајци имало и некои од локалната област. Советот не е во можност да заклучи дека припадници на специјалните единици „Лавови“ или „Тигри“ биле во полициската единица. Некои сведоци ги базираа своите заклучоци за тоа дека овие полицајци припаѓале на специјалните единици „Лавови“ или „Тигри“ делумно на фактот дека носеле униформи на тие специјални единици.[202] Имаше сведоци кои мислеа дека виделе ознаки на рамото со зборот „Лавови“ на македонски. Сите полициски униформи од овој тип имаат ознаки на рамото и не може веднаш да се направи разлика меѓу нив. Понатаму, како што е наведено на други места, и покрај тоа што единицата „Лавови“ била официјално основана на 6. август 2001,

---

Понатаму, според сведочењето на М037 оклопниот транспортер Хермелин оперирал независно од полициската единица на Јохан Тарчуловски. Не е веројатно дека во околностите на тоа утро тој би го паркирал оклопниот транспортер Хермелин и би се враќал пеш сам по патот. Понатаму, еден војник изјави дека од неговото набљудувачко место на еден рид над селото, видел полициска единица која се состоела од полицајци кои следеле оклопен транспортер Хермелин. (М2Д-008, Т 10553-10554; 10583) Советот прифаќа дека полициската единица, вклучувајќи го и Јохан Тарчуловски, пристигнала кај куќата на Адем Аметовски следејќи го оклопниот транспортер Хермелин.

[201] *Види погоре*, став 73.

[202] На Доказниот предмет П15 е прикажана зелено/кафена/жолта маскирна униформа со ознака на полицијата. Советот слушна сведочења дека во периодот на релевантните настани униформираната полиција, резервните сили, специјалците и специјалната полициска единица ги носеле униформите прикажани на доказниот претмет П15. (М037, Т 762; М083, Т 1457) Советот е уверен дека во периодот на релевантните настани за Обвинението, маскирните униформи прикажани во доказниот предмет П15 ги користеле редовните и резервните полициски сили. Иако овие униформи можеби ги користеле и специјалните полициски единици, само овој факт не е доволен да се утврди дека припадници на специјална полициска единица биле во Љуботен на 12. август 2001.

има многу докази дека не била оперативна до многу подоцна,[203] иако според други докази официјалното основање само ја регулирало веќе *de facto* оперативната единица. Земајќи ја предвид оваа разновидност на докази, Советот не може да заклучи дека припадници на „Лавовите“ или „Тигрите“ биле во единицата. Советот исто така ја забележува можноста, иако не заклучува дека е тоа така, дека во полициската единица можеби биле вклучени лица кои биле вооружени, униформирани, опремени и функционирале како да биле припадници на полициските резервисти, но не биле официјално назначени, и не биле овластени да добијат оружје според важечките процедури.

62. По настаните кај куќата на Адем Аметовски, како што е споменато претходно, 10 жители, мажи, етнички Албанци, биле спроведени до куќата на Браца од група од четири до шест полицајци.[204] Останатите полицајци му се придружиле на оклопниот транспортер Хермелин и продолжиле до куќата на Ќани Јашари.

63. Има докази дека утрото на 12. август 2001 неколку мажи етнички Албанци од Љуботен, вклучувајќи ги и Џељаа Бајрами, Ќани Јашари, Бајрам Јашари и Кадри Јашари биле во куќата на Џељаљ Бајрами, којашто се наоѓала во источниот дел на Љуботен, приближно 200 метри оддалечена од куќата на Адем Аметовски, исто така на патот што води за Раштак.[205] Куќата се наоѓала на северната страна од патот.[206] Тие сведочеа дека заедно го поминале таму целото утро од 09.30.[207] Според понатамошни докази тие ја напуштиле куќата кога слушнале викање и пукање од куќата на Адем Аметовски.[208] Доказите укажуваат дека Бајрам Јашари, Кадри Јашари и Џељаљ Бајрами потоа истрчале нагоре во насока на куќата на Ќани Јашари којашто се наоѓала источно од куќата на Џељаљ Бајрами.[209] Во тој момент слушнале како се приближува оклопниот транспортер Хермелин.[210]

64. Исто така има докази дека во меѓувреме друга група на жители од Љуботен се собрале во куќата на Афет Зендељи која се наоѓала јужно од патот за Раштак.[211] Според сведочењата на двајца од нив, М088 и М092, тие некое време по 10.00 часот добиле телефонски повик при што

[203] *Види подолу*, став 491.
[204] *Види погоре*, став 56.
[205] М039, Доказен предмет П200.2, став 4, 6, 16.
[206] М039, Доказен предмет П200.2, став 6.
[207] М039, Доказен предмет П200.2, став 13, 14; М039, Т 1141, 1157.
[208] М039, Доказен предмет П200.2, став 15.
[209] М039, Доказен предмет П200.2, став 15, 16, 17, 6.
[210] М039, Доказен предмет П200.2, став 19.
[211] М088, Доказен предмет П206, став 18; М092, Доказен предмет П215, став 10. Што се однесува до локацијата на куќите на семејството Зендељи *види* Доказен предмет 2Д20.

биле информирани дека полицајците малтретирале луѓе кај контролните пунктови и дека други луѓе го напуштале селото.[212] Тие сведочеа дека по овој телефонски повик одлучиле да ја напуштат куќата. Прво трчале кон куќата на Зендељ Зендељи каде што запреле за кратко. Од таму трчале нагоре кон куќата на Ќани Јашари, која била оддалечена приближно 200 до 300 метри.[213] Кај куќата на Ќани Јашари ги нашле Кадри Јашари, Бајрам Јашари и Џељаљ Бајрами.[214]

65. Има доказни материјали и од армијата во кои се сугерира дека било видено пукање од куќата на Ќани Јашари и/или соседните куќи кои му припаѓале на семејството Јашари, порано од тукушто наведеното сведочење, кога петминатa пристигнале до куќата на Ќани Јашари.[215] Поради причини изнесени на други места Советот има значајна резервираност во искреноста на ова сведочење. За ова прашање ќе се расправа понатаму во оваа Пресуда.[216]

66. Петте мажи идентификувани погоре биле во куќата на Ќани Јашари кога по патот се приближил оклопниот транспортер Хермелин. По него следеле, приближно една минута подоцна, голема група полицајци.[217] Тие носеле полициски униформи типични за полициски резервисти.[218] Според заклучоците на Советот ова била истата полициска единица одговорна за претходните настани во селото тој ден, коишто беа опишани. Петминатa мажи во куќата на Ќани Јашари слушнале викање од пред куќата; во тоа време немало пукање.[219] Двајцата од петминатa преживеани мажи, М088 и М092, сведочеа дека во тој момент тие одлучиле да ја напуштат куќата.[220] Тие излегле преку задниот прозорец и отишле оддалечувајќи се од патот во насока на куќарката за сушење тутун. Од таму тие одлучиле да претрчаат преку отвореното поле до шумата.[221] Далечината што требале да ја поминат изнесувала приближно 500 метри.[222]

67. Отприлика во исто време имало пукање од митралез од оклопниот транспортер Хермелин кој застанал на средината на патот пред макадамскиот приоден пат до куќата на Ќани

[212] М088, Т1217; М088, Доказен предмет П206, став 20.
[213] М088, Доказен предмет П206, став 21; М092, Доказен предмет П215, став 13.
[214] М088, Доказен предмет П206, став 22; М092, Доказен предмет П215, став 14; М092, Т 1295.
[215] *Види подолу*, став 154.
[216] *Види подолу*, став 155.
[217] М039, Доказен предмет П200.2, став 20, 22.
[218] М039, Доказен предмет П200.2, став 23.
[219] М088, Доказен предмет П206, став 23, 24.
[220] М088, Доказен предмет П206, став 25; М088, Т 1219; М092, Т 1297.
[221] М088, Доказен предмет П206, став 25; М092, Доказен предмет П215, став 18.
[222] М092, Доказен предмет П215, став 18. *Види* исто така М088, Доказен предмет П206, став 25.

Јашари.[223] И полицајците што оделе пешки почнале да пукаат. Полицајците отишле во насока на куќата на Ќани Јашари како и кон новите куќи на јужниот дел од патот кои им припаѓале на семејството Јашари.[224] Тие пукале во куќата на Ќани Јашари. По некое време се слушнало како некој полицаец вика дека не може да ја уништат куќата затоа што ѕидовите се направени од камен.[225] Оклопниот транспортер Хермелин потоа следен од полицајците отишол до куќата на Ќани Јашари. Тие влегле во дворот на Ќани Јашари.[226] Потоа од куќата на Ќани Јашари излегувал оган, се запалил голем куп трева, имало постојано пукање.[227] Има докази дека се слушнале Кадри Јашари и Бајрам Јашари како врескаат, барајќи помош. Нивните гласови доаѓале од зад куќата.[228]

68. Додека полицајците пукале во куќата на Ќани Јашари, според доказите петминатa мажи почнале да трчаат преку полето кон шумата. На нив бил отворен оган од Малистена каде што се наоѓале армиските позиции Смок и Бомба и од кај куќите на семејствата Јашари каде што биле полицајците.[229] Набрзо потоа, на мажите бил отворен оган и од оклопниот транспортер Хермелин.[230] Се чини дека биле испукани и проектили од Зоља од локацијата на оклопниот транспортер Хермелин, затоа што два дена подоцна биле најдени празни фишеци на патот до куќата на Ќани Јашари.[231] Мажите биле под силен оган. Првиот маж успеал да побегне неповреден. Вториот маж, Кадри Јашари, бил ранет но не можел да продолжи.[232] Неговото мртво тело било најдено во полето.[233] Третиот маж бил ранет во ногата но успеал да стигне до шумата.[234] Телата на преостанатите двајца мажи, Џељаљ Бајрами и Бајрам Јашари, биле најдени подоцна во полето, телото на Бајрам Јашари блиску до куќарката за сушење тутун и телото на Џељаљ Бајрами подалеку во полето.[235] Од оклопниот транспортер Хермелин биле фрлени три

[223] М039, Доказен предмет П200.2, став 22.
[224] М039, Доказен предмет П200.2, став 24, 25, 26, 5.
[225] М039, Доказен предмет П200.2, став 25.
[226] М039, Доказен предмет П200.2, став 26.
[227] М039, Доказен предмет П200.2, став 27.
[228] М039, Доказен предмет П200.2, став 27.
[229] М092, Доказен предмет П215, став 19, М092, Т 1297. *Види* исто така М088, Доказен предмет П206, став 25. Куќите се во соседството Елезај.
[230] М092, Доказен предмет П215, став 20.
[231] Хенри Болтон, Т 1627-1629; Доказен предмет П238, стр. 2.
[232] М092, Доказен предмет П215, став 20; М039 Доказен предмет П200.2, став 27.
[233] М039, Доказен предмет П200.2, став 41; М039, Т 1167; Доказен предмет П203, стр. 3.
[234] М092, Доказен предмет П215, став 21. *Види* исто така М088, Доказен предмет П206, став 27, 29.
[235] М039, Доказен предмет П200.2, став 37, 39, 40; М039, Т 1167; Доказен предмет П203, стр. 2; 4. Тие биле погребани неколку дена подоцна се́ уште облечени во истата облека, без да бидат претресени. (М039, Т 1148)

или четири шишиња бензин во насока на куќата на Ќани Јашари.[236] Полицајците ја запалиле куќата на Ќани Јашари.[237] Две од куќите на семејствата Јашари кои се наоѓале на јужната страна од патот биле исто така запалени.[238] Времетраењето на настаните од пристигнувањето на оклопниот транспортер Хермелин и полицајците до нивното заминување можеби било само околу 20 минути.[239]

69. Има докази дека пред полициската единица да ја напушти областа двајца или тројца полицајци нашле автомат Томсон (*Thompson*) и две автоматски пушки Калашников од кинеско производство во близина на овие мртви тела,[240] како и муниција вклучувајќи и 50 куршуми за Томсонот.[241] Полицајците му ги покажале оружјето и муницијата на Јохан Тарчуловски на лице место, кој врз основа на тоа заклучил дека мртвите мажи биле терористи.[242] Било сугерирано дека треба да се спроведе „инспекција“, но Јохан Тарчуловски рекол дека нема потреба за тоа затоа што биле во „воена состојба“.[243] Има докази дека потоа Јохан Тарчуловски ѝ ги предал трите парчиња оружје на патролата во оклопниот транспортер Хермелин, поради тоа што неговата група пристигнала пешки и не можела да го носи оружјето.[244] Преку полициската станица „Мирковци“ биле информирани во СВР Скопје за смртта на тројцата мажи кои се сметале за терористи.[245] Возачот на оклопниот транспортер Хермелин се упатил кон контролниот пункт Кинески Сид со трите парчиња оружје за коишто било речено дека се најдени блиску до мртвите тела.[246] Тој со себе го земал и полицаецот-резервист Владо Јаневски, со прекар Кунта, кој бил ранет,[247] најверојатно поради тоа што самиот случајно се застрелал.[248]

[236] М039, Доказен предмет П200.1, стр. 5; М039, Доказен предмет П200.2, став 29. Во однос на ова Советот го забележува својот конкретен заклучок дека некои или сите запаливи материјали кои ги користеле полицајците за палење на куќите и имотите биле донесени во селото во оклопниот транспортер Хермелин.

[237] М039, Доказен предмет П200.1, стр. 5; М039, Доказен предмет П200.2, став 29; М039, Т 1299. Советот го забележува сведочењето на М039 дека од куќата излегувал оган кога луѓето што биле внатре излегле (М039, Т 1166). Земајќи го предвид претходното сведочење на М039 (М039, Доказен предмет П200.2, став 27) и спротивните докази, тој го прифаќа фактот дека куќата била запалена откако петминатa мажи веќе ја напуштиле.

[238] М039, Доказен предмет П200.2, став 31.

[239] М039, Доказен предмет П200.2, став 34.

[240] М037, Т 793; 835; исти како и оние прикажани во Доказен предмет П23, П41, 2Д6, 2Д7.

[241] М037, Т 793; 835. М039 сведочеше дека оклопниот транспортер Хермелин и полициската единица ја напуштиле областа откако биле запалени куќата на Ќани Јашари и другите две куќи. (М039, Доказен предмет П200.2, став 30, 34) Советот забележува дека тој можеби не бил во позиција да забележи дали полицајците ги пронашле и земале трите парчиња оружје од полето пред да си заминат.

[242] М037, Т 792.

[243] М037, Т 793.

[244] М037, Т 793.

[245] М037, Т 794; 803.

[246] М037, Т 793-794.

[247] М037, Т 864-865.

[248] М052, Т 8294-8295. Се чини дека сведокот го побркал Кунта со неговиот брат Александар. Меѓутоа, од сведочењето на М037 е јасно дека ранетиот маж бил Кунта.

Ниту еден друг припадник на полициската единица не бил ранет тој ден.[249] Другите членови на патролата од полициската станица „Мирковци“ што биле во оклопниот транспортер Хермелин отишле пешки до Кинескиот Ѕид.[250]

70. Додека се случувало ова, приведените жители од куќата на Адем Аметовски оделе кон куќата на Браца во придружба на вооружени полицајци. Тие сведочеа дека во приближно 12.30 или 13.00 часот пристигнале таму.[251] Осман Рамадани и Исмаил Рамадани сведочеа дека виделе еден оклопен транспортер Хермелин што запрел во селото.[252] Други сведоци сведочеа дека виделе два оклопни транспортера Хермелин кои се движеле од куќата на Адем Аметовски до куќата на Браца,[253] кои доаѓале од иста насока. Некои не виделе никакви возила.[254] Според заклучоците на Советот, мажите од куќата на Адем Аметовски пристигнале кај куќата на Браца во приближно исто време како и оклопниот транспортер Хермелин кој се враќал од куќата на Ќани Јашари.[255] Советот го прифаќа сведочењето на М037 дека на 12. август 2001 ниту еден друг оклопен транспортер Хермелин не влегол во Љуботен.[256]

71. Кај куќата на Браца мажите од куќата на Адем Аметовски виделе цивили, Македонци од Љуботен, како и полицајци.[257] Има докази дека група од околу 20 или 30 селани од Љубанци, револтирани од инцидентот со нагазната мина во Љуботенски Бачила,[258] се обиделе да дојдат до луѓето заробени во Љуботен,[259] очигледно со намера да се осветат. Како што е детално опишано на друго место, на 10. август нагазна мина, која се припишува на ОНА, експлодирала под еден армиски камион убивајќи осум војници и ранувајќи неколку други. Двајца од загинатите биле од Љубанци.

72. По пристигнувањето кај куќата на Браца приведените жители од куќата на Адем Аметовски биле држани покрај патот пред дворот на куќата. Тие таму го виделе обвинетиот

[249] Види М037, Т 864, 865, 870; М052, Т 8293-8295. Доказен предмет П442.
[250] М037, Т865.
[251] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 30; Исмаил Рамадани, Т 1042; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 43.
[252] М017, Т 634.
[253] Осман Рамадани, Т 1101. *Види* исто така Веби Бајрами, Т 1869.
[254] Исмаил Рамадани, Т 1042.
[255] М052, Т 8290-8291.
[256] М037, Т 826.
[257] М017, Т 630, 739-740; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 31.
[258] *Види подолу*, став 102.
[259] М037, Т 799-800.

Љубе Бошкоски.[260] Според сведочењето на М017, Љубе Бошкоски им се обратил на полицајците пофалувајќи ги што ги фатиле „терористите“.[261] На лицата од куќата на Адем Аметовски им бил попречен погледот со нивните маици кои им ја покривале главата, но иако не можеле внимателно да го погледнат Љубе Бошкоски, тие сепак можеле делумно да го видат.[262] Љубе Бошкоски бил во градината на куќата на Браца, само неколку метри од оваа група на приведени лица.[263] Навистина, како што ќе биде опишано понатаму, некое време по 12.00 часот, Љубе Бошкоски пристигнал кај куќата на Браца и останал таму до некое време пред 13.45.[264]

73. Во тоа време, во оградениот двор на куќата на Браца имало од 20 до 100 луѓе. Меѓу нив биле полициски резервисти во маскирни униформи, армиски резервисти и цивили.[265] По завршувањето на операцијата во село Љуботен, полицајците што учествувале во неа, или барем некои од нив, се вратиле на контролниот пункт кај куќата на Браца. Бучук, сопственикот на приватната агенција за обезбедување „Комета“,[266] бил виден меѓу луѓето кои се враќале од Љуботен.[267] Александар Јаневски и Владо Јаневски, со прекар Кунта, и двајцата вработени во „Комета“,[268] биле исто така видени меѓу луѓето кои се враќале по акцијата во Љуботен.[269] Како што беше укажано, Владо Јаневски бил донесен таму со оклопниот транспортер Хермелин, бидејќи самиот се ранил себеси. На некои од полицајците кои биле видени како се враќаат од полициската операција во Љуботен им било издадено оружје АК-47 во ОВР „Чаир“ вечерта на 11. август.[270] Ова ќе биде дискутирано подетално понатаму во оваа Пресуда.[271]

74. Набрзо по пристигнувањето кај куќата на Браца, на лицата од куќата на Адем Аметовски им било наредено да легнат со лицата свртени надолу покрај оградата.[272] Полицајците жестоко

[260] М017, Т 632-635; Доказен предмет П21; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 31; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 37; Осман Рамадани, Доказен предмет П198, став 25.
[261] М017, Т 632-635; Доказен предмет П21.
[262] М017, Т 633-634; 711; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 40.
[263] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 37; *Види* исто така Осман Рамадани, Т 1080.
[264] *Види подолу*, став 425.
[265] Благоја Јаковоски, Т 3936-3939; 3994.
[266] М052, Т 8258. *Види* исто така *подолу*, став 497.
[267] М052, Т 8290-8291; 8355. Еден друг сведок тврдеше дека не знаел за присуството на Бучук кај Кинескиот ѕид тој ден, иако пред судењето на иследникот на Обвинителството му изјавил дека го видел таму. (Благоја Јаковоски, Т 3939-3941)
[268] М052, Т 8262.
[269] М052, Т 8293-8294.
[270] М052, Т 8274.
[271] *Види подолу*, став 117-118.
[272] М017, Т 630; М012, Т 976; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 37.

ги тепале, ги удирале и скокале на нив.[273] Тепањата биле толку жестоки што некои од мажите изгубиле свест.[274] Кога еден од мажите конечно се освестил забележал дека повеќе немал на себе панталони и долна облека. Неговото лице и неговото тело биле покриени со крв.[275] Мажите биле во лоша состојба. Некои од нив скоро не можеле да се мрднат или да застанат.[276]

75. Приведените лица од куќата на Браца биле ставени во камион кој бил под стража на двајца вооружени полицајци. Иако има докази дека се сметало дека тие биле резервисти[277], доказите не обезбедуваат основа да се донесе заклучок дека тие биле припадници на полициската единица која влегла во селото. Камионот дошол од полициската станица „Мирковци“. Тие биле однесени до полициската станица „Мирковци“.[278] Заедно со приведените лица, во камионот биле ставени и трите парчиња оружје кои биле запленети во селото Љуботен.[279] Личните карти кои биле одземени од заробените лица биле донесени кај Кинескиот Ѕид,[280] иако од доказите не може да се увиди што станало со нив потоа.

76. Во извештаи подготвени во полициската станица „Мирковци“ и ОВР „Чаир“ се укажува дека 10 лица биле заробени во Љуботен на 12. август 2001 и донесени кај контролниот пункт и дека биле најдени и три парчиња автоматско оружје, две од кинеско производство и еден Томсон, како и муниција.[281] Иако има разлики во прецизниот опис на оружјето и муницијата, според заклучоците на Советот, јасно е дека ова било оружјето што, според полициските докази во ова судење, било најдено покрај телата на тројцата мажи во полето покрај куќата на Ќани Јашари. Трите парчиња оружје и муницијата се единственото оружје за кое се вели дека било најдено во Љуботен тој ден.

[273] М017, Т 630; М012, Т 897; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 34; Доказен предмет П197, став 45; Веби Бајрами, Т 1872.
[274] М017, Т 634-6345; М012, Т 898; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45; Осман Рамадани, Доказен предмет П198, став 28.
[275] М012, Т 898-899.
[276] Исмаил Рамадани, Т 997.
[277] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 35-36. *Види* исто така М052, Т 8329; М083, Т 1398-1401; Доказен предмет П227.
[278] М012, Т 899; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 36; Осман Рамадани, доказен премет П197, став 45; Осман Рамадани, Т 1101. *Види* исто така М052, Т 8329; М083, Т 1398-1401; Доказен предмет П227.
[279] М083, Т 1431-1432; 1446; Доказен предмет П23.
[280] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 18; Доказен предмет П442.
[281] Доказен предмет П23; П108; М083, Т 1381-1394; Доказен предмет П257; П54, стр. 105-106 (42-43 од англиската верзија); Благоја Тошковски, Т 4295.

77. Во полициската станица „Мирковци“, жителите од Љуботен, оние од куќата на Адем Аметовски, биле одведени во визба или во гаража.[282] Тие биле понатаму жестоко малтретирани од полицајците.[283] Биле тепани со кундаци од пушки, безбол палки и пендреци.[284] Во еден момент притворениците биле одведени во една просторија во полициската станица. Таму биле испрашувани и на некои им се заканувале и биле присилени да потпишат празни листови хартија.[285] Оние коишто не сакале да ги потпишат документите биле пратени назад во визбата каде што биле понатака тепани.[286] Потоа полицајците ги информирале притворениците дека ќе им биде направен тест „парафинска ракавица“ но не им кажале која била целта на тој тест.[287] Подоцна на некои од нив им бил направен тестот „парафинска ракавица“ во полициската станица „Мирковци“.[288]

78. Жителите на Љуботен биле подложени на жестоки тепања во полициската станица „Мирковци“.[289] Има конкретни докази во однос на Адем Аметовски, Хамди Аметовски и Атула Ќаили. Адем Аметовски здобил тешки повреди, забите му биле искршени и бил во бесвест.[290] Хамди Аметовски бил особено тешко тепан.[291] Атула Ќаиљи бил исто така подложен на тешки тепања.[292] Поголемиот дел од времето во полициската станица „Мирковци“ бил во бесвест, но сепак бил и понатака тепан.[293] Според зборовите на еден сведок, немало дел од телото на Ќаили кое не било покриено со крв; тој не можел да зборува.[294] Притворениците побарале доктор но во почетокот ништо не се случило.[295] По некое време, полицајци и медицински персонал влегле во

[282] М012, Т 899-900; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37; Доказен предмет П191, Исмаил Рамадани, Т 998; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.
[283] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37. Еден сведок сведочеше дека полицајците го прскале со црево со вода, М017, Т 636. Во однос на ова, *види* исто така Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 46; Осман Рамадани, Доказен предмет П198, став 31; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.
[284] М017, Т 638; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37. *Види* исто така Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 46-47.
[285] М012, Т 900-901; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 40, 41; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 48; Осман Рамадани, Доказен предмет П198, став 32; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 4; Веби Бајрами, Т 1871, 1874.
[286] М012, Т 901. Другите биле вратени назад во визбата, подложени на тепање и закани, а потоа им било речено да потпишат празни листови хартија. (Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 42, 45; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П189, став 21)
[287] М012, Т 902.
[288] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 52.
[289] М017, Т 636-637.
[290] М012, Т 901.
[291] М012, Т 901.
[292] М012, Т 905.
[293] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 43.
[294] М012, Т 905.
[295] М012, Т 905.

визбата и го однеле Атула Ќаили.[296] Доказите укажуваат на тоа дека некаква медицинска помош им била пружена на некои притворениции во полициската станица „Мирковци“.[297]

79. Вечерта на 13. август 2001, четворица или петорица жители на Љуботен кои биле приведени во полициската станица „Мирковци“ биле одведени во градската болница во Скопје.[298] И понатаму лошо се постапувало со нив.[299] Еден сведок мислел дека лицата кои ги извршувале тие дела биле полицајци и еден доктор,[300] додека друг сведок ги идентификувал тие лица како резервисти.[301] Основата за ова идентификување е нејасно. Советот забележува тука дека, како што може да се види на други места, обезбедувањето на болницата не било дел од Министерството за внатрешни работи.[302] Во текот на нивниот престој во болницата, на притворените лица им била обезбедена медицинска помош.[303] Следниот ден, притворените лица во болница ги посетил истражен судија и бранители.[304] На едно од притворените лица му бил покажан лист хартија со негов потпис, каде што било изјавено дека тој бил член на ОНА и дека кај него било најдено едно од парчињата автоматско оружје коишто биле запленети на 12. август во Љуботен.[305] Сведокот претпоставил дека изјавата била напишана на празниот лист хартија којашто бил присилен да ја потпише во полициската станица „Мирковци“. Тој пред истражниот судија ја негирал содржината на таа изјава и ги објаснил околностите во кои бил присилен да потпише празен лист хартија.[306] И покрај тоа, од градската болница во Скопје овие лица биле однесени во затворот во Шутка каде што биле држани во затвор четири месеци.[307]

[296] М012, Т 906; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 44; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 48, 51.
[297] *Види* М012, Т 954-955. Исмаил Рамадани, Т 1026; Осман Рамадани, Т 1082; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 4; Веби Бајрами, Т 1873.
[298] М017, Т 638-640; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 47-48; Исмаил Рамадани, Т 1026; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 51.
[299] М017, Т 638-640; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 49; Исмаил Рамадани, Т 1045-1046. Советот не го прифаќа сведочењето на М017 дека некои од докторите ги удирале и клоцале приведените лица (М017, Т 638-64) бидејќи тоа тврдење не е поткрепено и е спротивно на други докази. (*Види*, на пример, Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 49)
[300] М017, Т 638-639.
[301] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 49.
[302] *Види подолу*, став 517.
[303] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 49; Исмаил Рамадани, Т 1026-1027.
[304] Исмаил Рамадани, доказен материјал П188, став 51; М017, Т 734-735.
[305] Доказен предмет П54.008, стр. 3.
[306] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 51, 52.
[307] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 54-56; М017, Т 643-644. Во затворот во Шутка, М017 бил удрен еднаш од затворскиот персонал или од полицаец во затворот. (М017, Т 643-644)

Тие биле ослободени во декември 2001 по една одлука на Претседателот, којашто ќе биде дискутирана подолу.[308]

80. На 12. август многу жители на Љуботен исто така се обиделе да побегнат од селото во насока на Скопје. Нивните обиди да го напуштат селото продолжиле сé до доцна попладне на 12. август 2001[309] и наредните денови. Рано попладнето на 12. август група жители биле запрени на главниот пат кој води од Љуботен до Скопје, приближно 300 метри пред контролниот пункт Бузалак,[310] од полицајци во маскирни униформи и претресени.[311] Биле проверени нивните лични карти и на мажите им било наредено да ги соблечат кошулите пред да им биде дозволено да продолжат до самиот контролен пункт.[312] Кај контролниот пункт полицајците ги одвоиле мажите од жените и децата.[313] На мажите им било наредено да легнат и таму полицајците ги тепале.[314] Тие биле удирани со кундаци од пушки и клоцани.[315] Од таму некои од мажите биле одведени со полициско возило во полициската станица „Бутел“ во Скопје.[316] Другите мажи биле одведени во полициската станица „Пролеќе“ во Скопје,[317] каде што наишле на околу 30 други жители на Љуботен кои веќе биле приведени таму.[318] На жените и децата им било дозволено да се вратат во Љуботен.[319]

81. Ваквото однесување било повторено во неколку прилики попладнето на 12. август 2001. Сведоците опишаа дека вакви настани се случиле набрзо по 13.00 часот[320] и подоцна во текот на

[308] M017, T 643-644. *Види* исто така *подолу*, став 95.
[309] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 6; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 10; Доказен предмет П376; Исни Али, Доказен предмет П263, став 7; Исни Али, T 2018-2020.
[310] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 7; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 13.
[311] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 7; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 13.
[312] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 15; Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 7; Шерафедин Ајрулаи, T 4028.
[313] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 7; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 13. Види исто така Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 17, 18, 19; Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 7-8; Исни Али, Доказен предмет П263, став 8.
[314] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 8.
[315] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 7; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 13. Види исто така Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 17, 18, 19.
[316] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 10; Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 8; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 13; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 21, 22.
[317] Во околу 18.00 часот кај контролниот пункт *Kodra e Zaimit* униформирани полицајци ги запреле луѓето кои се обидувале да заминат и ги одвоиле мажите од жените и децата. Неколку машки жители на Љуботен веќе биле таму и лежеле на земја со лицата надолу. По неколку минути оваа група од неколку машки жители на Љуботен била одведена во полициската станица „Пролеќе“. (Исни Али, Доказен предмет П263, став 8; Исни Али, T 2007) *Види* исто така Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 15.
[318] Исни Али, Доказен предмет П263, став 10.
[319] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 8.
[320] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 6-7; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 10-14.

тој ден, по 17.00 часот.[321] Доказите укажуваат дека на различни групи од 7, 10, 20 или 50 мажи им било наредено да легнат долу, дека биле тепани и подоцна пренесени во некоја полициска станица во Скопје.[322]

82. Доказите покажуваат дека додека жителите на Љуботен го напуштале селото, стотици цивили, етнички Македонци,[323] со лопати, секири и ловечки пушки, се собирале во близина на контролниот пункт Бузалак, доаѓајќи од насока на Радишани, да го нападнат етничкото албанско население од Љуботен.[324] Еден сведок сведочеше дека полицајците кои ги придружувале жителите на Љуботен пукале да ја уплашат толпата македонски цивили кои се приближувале и да ги спречат да не ги нападнат луѓето од Љуботен.[325] Потоа беше сугерирано дека била издадена наредба, можеби од Министерството за внатрешни работи, да ги однесат луѓето на една височинка оддалечена 100 метри од контролниот пункт Бузалак и да останат таму,[326] се́ додека не дојдат автобуси да ги пренесат.[327] Сведокот не кажа каде конкретно требало автобусите да ги однесат луѓето од Љуботен. Друг сведок сведочеше дека наредбата била луѓето од Љуботен со автобуси да се пренесат до Скопје.[328] Меѓутоа, како што е заклучено претходно, многумина машки жители на Љуботен, етнички Албанци, биле всушност однесени во полициски станици каде што биле неколку дена приведени. Кај контролниот пункт тие биле малтретирани од полицајци. Во доказните материјали е опишан друг инцидент кој се случил попладнето. Додека жителите на Љуботен се приближувале кон контролниот пункт, млади цивили, етнички Македонци, почнале да тепаат две момчиња жители од село Љуботен, етнички Албанци. Ова се случило откако еден полицаец[329] им дал знак.[330] Двете момчиња почнале да трчаат во насока на Радишани. Двајцата полицајци им викале да запрат и пукале во нив. Еден од момчињата етнички Албанци бил погоден со куршум во челото и паднал во бесвест.[331]

83. Мажите од Љуботен, етнички Албанци, кои биле одведени од контролниот пункт Бузалак во полициската станица „Бутел“ (исто така позната и како „Чаир“), биле однесени во визбата на

[321] Исни Али, Доказен предмет П263, став 7-8; Исни Али, Т 2007.
[322] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 7; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 13. *Види* исто така Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 22-24.
[323] М052, Т 8405-8406; Петре Стојановски, Т 9161.
[324] М084, Т 1498; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 14.
[325] М084, Т 1498.
[326] М084, Т 1500.
[327] М084, Т 1500.
[328] М052, Т 8405-8406.
[329] Ејуп Хамити, Т 4428-4429.
[330] Ејуп Хамити, Доказен предмет П417, стр. 3; Ејуп Хамити, Т 4436-4437.
[331] Ејуп Хамити, Доказен предмет П417, стр. 3; Ејуп Хамити, Т 4436-4437; Доказен предмет П419.

полициската станица,[332] или во мала просторија на првиот кат.[333] По нивното пристигнување во „Бутел“ некои биле тепани од полицајци во маскирни униформи кои носеле маски.[334] Попладнето и вечерта на 12. август некои од приведените лица од Љуботен биле ставени во полициски возила и пренесени од полициската станица „Бутел“ во полициската станица „Карпош“ во Скопје.[335] Други биле пренесени од полициската станица „Бутел“ до полициската станица „Пролеќе“.[336] На патот од полициската станица „Бутел“ некои од овие луѓе биле тепани од полицајци во маскирни униформи.[337]

84. Оние кои биле одведени во полициската станица „Карпош“, биле ставени во просторија во визбата каде што биле и понатака жестоко малтретирани приближно еден час.[338] Потоа тие биле поединечно носени во просторија каде што барем на некои од нив им бил направен тест “парафинска ракавица“.[339] Тие лица биле испрашувани.[340] Некои од нив биле обвинети дека се бореле во ОНА.[341] Некои биле присилени да потпишат документи.[342] Ова се случило во присуство на двајца мажи во цивилна облека и една жена од полицијата. Иста така, имало и полицајци во маскирни униформи и маски.[343] И покрај нанесеното малтретирање во полициската станица „Карпош“ и пред тоа, не била обезбедена медицинска помош.[344]

85. Некои од луѓето на крајот биле однесени од полициската станица „Карпош“ во полициската станица „Бит Пазар“ во Скопје. На патот до полициската станица „Бит Пазар“ тие биле и понатака тепани, како и кога влегле во полициската станица, но со тепањето се престанало по интервенцијата на еден полицаец со повисок чин.[345] Лицата биле испрашувани од

[332] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 8; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 25; Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 12.
[333] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 14, Фаруш Мемеди, Т 2036-2037.
[334] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 11.
[335] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 8. Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 27; Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 15.
[336] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 15.
[337] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 8; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 14, Фаруш Мемеди, Т 2041. *Види* исто така Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 11.
[338] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 17; Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 8.
[339] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 8; Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.2, став 6; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 29; Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 17.
[340] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 30; Ќемуран Реџепи, Т 3549.
[341] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 30.
[342] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 30.
[343] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 30; Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 17.
[344] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 12.
[345] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 20.

полицаецот со повисок чин и потоа ослободени.[346] Другите лица од Љуботен кои останале во полициската станица „Карпош“ биле однесени во судот во Скопје вечерта на 14. август 2001.[347]

86. Жителите на Љуботен, етнички Албанци, кои биле однесени во полициската станица „Пролеќе“, биле таму жестоко тепани од полицајците.[348] Тие не биле испрашувани за настаните во Љуботен.[349] Некои биле присилени да потпишат празни листови хартија[350] и на многумина присилно им бил направен тестот „парафинска ракавица“.[351] Оние кај кои тестот бил позитивен биле задржани во полициската станица.[352] Вечерта на 13. август неколкумина од мажите биле одведени во една државна болница во Скопје каде што ја поминале ноќта. Тие биле чувани од вооружени полицајци во маскирни униформи.[353] Следното утро, едно лице во цивилна облека повторно малтретирало двајца од мажите во присуство на полициски офицер во маскирна униформа за кој сведокот разбрал дека е со повисок чин,[354] иако основата за ова мислење на сведокот е нејасна. Околу полноќ на 14. август 2001 овие жители на Љуботен биле однесени од болницата во судот во Скопје.[355] Во меѓувреме, во полициската станица „Пролеќе“ тепањето продолжило.[356] На 14. август 2001 некои од луѓето биле пренесени од полициската станица „Пролеќе“ во полициската станица „Бит Пазар“.[357] Тие биле малтретирани во дворот на полициската станица.[358] Доцна вечерта на 14. август 2001, можеби дури и во 02.00 часот на 15. август 2001 тие биле однесени во судот во Скопје.[359]

87. Многу жители на Љуботен, етнички Албанци, кои биле приведени во разни полициски станици во Скопје на 12, 13 и 14 август биле одведени во судот во Скопје на 14. август 2001. Некои од нив сведочеа за своето искуство во судот во Скопје. Нивните описи ќе бидат понатака накусо разгледани.

---

[346] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 20.
[347] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 9; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 31, Ќемуран Реџепи, Т 3510.
[348] Исни Али, Доказен предмет П263, став 9, Исни Али, Т 2008-2010, 3463-3464; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 16.
[349] Исни Али, Т 2010-2011; Фаруш Мемеди, Т 2038-2040, 2047-2048.
[350] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 18.
[351] Исни Али, Доказен предмет П263, став 9, Исни Али, Т 2008-2010, 3464; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 18.
[352] Исни Али, Т 3468.
[353] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 20.
[354] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 21.
[355] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 22.
[356] Исни Али, Доказен предмет П263, став 10.
[357] Исни Али, Доказен предмет П263, став 11, 12; Исни Али, Т 2011-2012.
[358] Исни Али, Доказен предмет П263, став 12; Исни Али, Т 2011-2012.
[359] Исни Али, Доказен предмет П263, став 13; Исни Али, Т 2012-2014.

88. На 14. август 2001, М012 бил одведен од полициската станица „Мирковци“ во судот во Скопје со други жители на Љуботен. Во моментот на нивното пристигнување таму некои полицајци ги тепале со гумени палки и ги клоцале, од кои некои биле во униформи а некои во цивилна облека. Тој и петмина други мажи биле однесени во суд каде што биле присутни еден судија, еден обвинител и еден адвокат. Во тоа време М012 бил во многу лоша состојба, имал повреди на лицето, и одвај стоел. Немал пантолони. Тој слушнал дискусии меѓу судијата, обвинителот и одбранбениот адвокат за неговата физичка состојба и дека треба да биде однесен во болница. М012 и другите лица биле прашани како ги здобиле повредите. Тие биле информирани дека ќе бидат затворени 30 дена во затворот во Шутка.[360] Меѓутоа, М012 поминал таму четири месеци во притвор.[361] М012 знаел дека е обвинет за извршување тероризам.[362]

89. Веби Бајрами бил исто така одведен од полициската станица „Мирковци“ во судот во Скопје. Таму судијата му покажал лист хартија со негов потпис. Откако Веби Бајрами го известил судијата дека не знаел што потпишува, судијата објаснил дека Веби Бајрами потпишал изјава во која се вели дека кај него биле најдени автоматска пушка и рачна бомба. Веби Бајрами го негирал тоа и му рекол на судијата дека полицајците го присилиле да го потпише документот. Тој посведочи дека во судот дал изјава и дека изјавата која била ставена во неговото судско досие била променета. На излегување од судската зграда тој и други приведени лица од Љуботен биле тепани од лица во цивилна облека.[363] Бил одведен во затворот во Шутка каде што бил држен четири месеци.[364]

90. Мамут Исмаили бил одведен од полициската станица „Карпош“ во судот во Скопје вечерта на 14. август 2001. Тој видел 10 или 15 други жители на Љуботен во зградата на судот. Мамут Исмаили и другите биле силно тепани со кундаци од пушки и други предмети од полицајци во маскирни униформи меѓу кои имало неколку жени. Мамут Исмаили бил потоа однесен во просторија за којашто мислел дека е канцеларија, каде што видел двајца мажи и една жена во цивилна облека. Еден од мажите, Мамут Исмаили мисли дека тој бил судија, му рекол да се претстави. Мамут Исмаили бил испрашуван за настаните во Љуботен и за тоа дали бил член на ОНА. Тој рекол дека полицајците го тепале. Од Мамут Исмаили потоа било побарано да потпише документ во кој, според негово разбирање, било забележано тоа што го рекол. Потоа

[360] М012, Т 912.
[361] М012, Т 919.
[362] М012, Т 916.
[363] Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 4; Веби Бајрами, Т 1822.
[364] Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 4.

му било кажано дека ќе биде 30 дена во притвор. Не знаеше дали бил присутен бранител. Тој немал адвокат кога бил испрашуван.[365] Мамут Исмаили бил одведен во затворот во Шутка каде што бил држен четири месеци.[366]

91. Исни Али бил одведен од полициската станица „Бит Пазар“ во судот во Скопје доцна во ноќта на 14. август 2001, веројатно по полноќ. Во ходникот на судската зграда тој бил малтретиран од полицајци и резервисти. Некоја жена за којашто Исни Али мислел дека е судика, иако тој не даде објаснување зашто мислел така, газела по неговите стапала со високите потпетици. По некое време тој бил однесен во просторија за којашто мислел дека е канцеларија. Таму имало три лица, еден од нив се претставил како судија, а другиот како бранител на Исни Али. Судијата прочитал документ во кој било наведено дека Исни Али е терорист. Тој го негирал тоа. Потоа од него било побарано да го потпише документот по што бил однесен во визбата на судот и подоцна пренесен во затворот во Шутка.[367]

92. Азиз Реџепи бил исто така одведен од полициската станица „Бит Пазар“ во судот во Скопје, во раните вечерни часови во вторник, 14. август 2001. Кога пристигнал таму тој видел други жители од Љуботен. Азиз Реџепи бил однесен кај, според негово мислење, истражен судија. Тој рекол дека сакал неговиот приватен адвокат да биде присутен таму. Судијата одговорил дека адвокатот не бил на располагање бидејќи бил на друго место и дека тие немале време да го чекаат. Судијата потоа му помогнал на Азиз Реџепи да стапи во контакт со друг адвокат. Откако накратко го прегледал обвинението, адвокатот зборувал со истражниот судија и потоа го информирал Азиз Реџепи дека не може ништо да направи. Азиз Реџепи бил обвинет за користење оружје. Било кажано дека неговиот резултат од извршениот тест „парафинска ракавица“бил позитивен. Азиз Реџепи бил испрашуван од судијата. Тој го известил судијата дека бил тепан во полициските станици „Пролеќе“ и „Бит Пазар“ и во просториите на судот. По интервенција од адвокатот судијата им рекол на полицајците да не го тепаат повеќе Азиз Реџепи.[368] Потоа бил одведен во затворот во Шутка каде што бил притворен до декември 2001.[369]

[365] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 9, 10; Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.2, став 7; Мамут Исмаили, Т 1353-1354.
[366] Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 11.
[367] Исни Али, Доказен предмет П263, став 14-15; Исни Али, Т 2012-2014; 3476; 3479; 3496-3497.
[368] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 33-38; Азиз Реџепи, Т 4677-4679; 4680-4682.
[369] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 39, 41.

93. Фаруш Мемеди бил одведен од болницата во Скопје во судот во Скопје околу полноќ на 14. август 2001. Таму видел приближно 20 мажи од Љуботен.[370] Нив ги чувал полицаец во маскирна униформа. Друг полицаец ги тепал оние кои ќе се обиделе да се придвижат.[371] Еден по еден биле однесени во просторија која сведокот ја опиша како канцеларија. Таму му било кажано на Фаруш Мемеди дека неговиот резултатот од извршениот тест „парафинска ракавица“ бил позитивен и дека тоа било доказ дека држел оружје.[372] Фаруш Мемеди не одговорил ништо на тоа. Фаруш Мемеди го застапувал адвокат Албанец, кого тој лично не го познавал.[373] Фаруш Мемеди примил само еден документ од судот, тоа било обвинение во кое се товари со тероризам.[374] Потоа бил одведен во затворот во Шутка каде останал 4 месеци во притвор.[375]

94. Вечерта на 14. август Ќемуран Реџепи бил одведен од полициската станица „Карпош“ во судот во Скопје. Тој таму не бил малтретиран, всушност полицајците го прашале дали сака нешто да се напие или да јаде. Меѓутоа, тој видел дека имало други полицајци со маски кои ги малтретираат тие што ги довеле во судот.[376] Тој бил однесен во просторија која ја опиша како канцеларија каде што биле присутни судија и обвинител. Таму бил и адвокат назначен од судот, и покрај спротиставувањето на Реџепи да се назначи адвокат кој ќе го застапува. Ќемуран Реџепи потпишал изјава што му била дадена. Не му било дозволено да каже ништо во текот на рочиштето. Целото рочиште траело приближно 15 минути.[377] Потоа Ќемуран Реџепи бил одведен во затворот во Шутка каде што бил притворен 125 дена.[378]

95. Накусо прикажаните искази погоре не се поткрепени од други докази. Не е јасно дали онаму каде што се споменуваат „полицајци“ во сведочењата всушност се работи за припадници на Министерството за внатрешни работи или на судската полиција која потпаѓа под Министерството за правда.[379] Од доказите исто така произлегува прашањето дали изјавите на овие жители на Љуботен биле добиени со употреба на сила. Овие спорни прашања не беа потполно разгледани пред Советот. Советот не може да донесе заклучок за нив. Од судските

[370] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 22.
[371] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 22.
[372] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 23.
[373] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 23; Фаруш Мемеди, Т 2469.
[374] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 26; Фаруш Мемеди, Т 2082-2084; 2447.
[375] Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 23, 24.
[376] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 32.
[377] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 33; Ќемуран Реџепи, Т 3535-3539; Доказен предмет 1Д102.
[378] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 33-36.
[379] *Види подолу*, став 389.

досиеја, Советот забележува дека на 14. август 2001 овие жители на Љуботен биле почетно приведени под сомнение дека го извршиле кривичното дело тероризам. Обвинението против нив биле подоцна променети во „служба во непријателски сили“. Најпосле, кривичната постапка против нив била прекината во декември 2001 како резултат на помилување издадено од Претседателот во согласност со законот за амнестија.[380] Според доказите изведени пред Судскиот совет, Советот забележува дека не е утврдено дека овие жители на Љуботен биле членови на ОНА.

96. Во деновите по 12. август 2001, многу жители на Љуботен, етнички Албанци, го напуштиле селото. Според сведочењето на Седат Мурати многумина се вратиле дури по две недели.[381] Во текот на овој период селото било речиси празно.[382] Имало неколку случаи на изолирано пукање во тој период.[383] Најмалку две куќи кои им припаѓале на етнички Македонци (куќата на лице по име Мирче и куќата на Костовски) биле запалени на 13. или 14. август.[384] Најмалку една куќа на етнички Албанец била исто така запалена во текот на овој период.[385]

97. На 14. август 2001, претставник на ОБСЕ, Хенри Болтон, влегол во Љуботен. Тој ги видел мртвите тела на еден човек на имал околу дваесет години и на еден постар човек како лежат покрај патот. На овие тела имало неколку прострелни рани.[386] Според заклучоците на Советот овие биле телата на Сулејман Бајрами и Мухарем Рамадани.[387] На г. Болтон му била покажана визбата во куќата каде што, според изјавите на некои жители, тие се засолнувале на 12. август. Според заклучоците на Советот, ова било во куќата на Адем Аметовски. Понатаму по патот претставникот на ОБСЕ видел четири куќи кои биле сериозно оштетени. Нему му изгледало дека тие куќи биле центар на нападот. Тие куќи, според заклучоците на Советот му припаѓале на семејството Јашари. Во полето северно од овие куќи имало уште три тела, секое од нив со многубројни прострелни рани.[388] Според заклучоците на Советот, тоа биле телата на Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари.[389]

[380] Доказен предмет П46.05; П47, стр. 2, 5, 7; П48.1.
[381] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 34.
[382] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 35.
[383] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 35.
[384] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 35; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 21.
[385] Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 22.
[386] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 11, 14.
[387] *Види погоре*, став 55; 57.
[388] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 18.
[389] *Види погоре*, став 68.

98. Во текот на својата посета на Љуботен на 14. август 2001 г. Болтон забележал двајца мажи облечени во црно. Тој заклучил дека тие биле припадници на ОНА. Г. Болтон стапил во контакт со полицијата во Скопје и побарал да се прати истражен судија во Љуботен. Тој бил информиран дека не е безбедно за судија да оди во Љуботен. Г. Болтон потоа ги советувал жителите на Љуботен да постапат со телата како што сметаат дека е соодветно.[390]

Б. Единици на македонската армија вмешани во настаните во Љуботен

99. Како што е укажано претходно, има докази дека на 12. август 2001, единици на македонската армија кои биле позиционирани во близина на Љуботен отвориле оган во насока на селото. Единиците му припаѓале на 3-от баталјон на 1-та гардиска бригада. 1-та гардиска бригада била стационирана северно од Скопје.[391] Заедно со уште три бригади била под обласна команда на генерал Сокол Митровски.[392] Командант на 1-та гардиска бригада бил полковник Блажо Копачев.[393] Во август 2001, командат на 3-от баталјон бил мајор Митре Десподов.[394] Негов заменик бил Саша Исовски.[395] Командата на 3-от баталјон била стационирана во зградата на основното училиште во селото Љубанци.[396] Таму се наоѓале исто така и логистичкиот и оперативен штаб на баталјонот.[397] 3-от Гардиски баталјон се состоел од три пешадиски чети и една минофрлачка батерија.[398] 1-та пешадиска чета, под команда на поручник Зоран Салтамарски, била стационирана во Бродец.[399] Поручникот Маријо Јуришиќ бил командант на 2-та пешадиска чета.[400] Негов заменик бил поручник Дарко Брашнарски.[401] Командното седиште на 2-та пешадиска чета било во детското одморалиште над Љубанци, до манастирот Свети Никола.[402] Во одморалиштето престојувале и други војници од 3-от баталјон.[403] Во четата на поручник Јуришиќ имало 100 до 120 војници.[404] 3-та пешадиска чета, под команда на Фердо

[390] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 22.
[391] М051, Т 4196; Доказен предмет 1Д99; 1Д81, стр. 3.
[392] М051, Т 4196; Николче Гроздановски, Т 10413.
[393] М051, Т 4196; Николче Гроздановски, Т 10447.
[394] Маријо Јуришиќ, Т 3295-3296; М051, Т 4118; 4196; Митре Десподов, Т 2603; 2665; Николче Гроздановски, Т 10399; 10450; Доказен предмет П303.
[395] Маријо Јуришиќ, Т 3368; Митре Десподов, Т 2665.
[396] Митре Десподов, Т 2545; Маријо Јуришиќ, Т 3368; Николче Гроздановски, Т 10400; 10458.
[397] Маријо Јуришиќ, Т 3296; Доказен предмет П233.
[398] Маријо Јуришиќ, Т 3292; 3368; Митре Десподов, Т 2665.
[399] Маријо Јуришиќ, Т 3368; Митре Десподов, Т 2665.
[400] Маријо Јуришиќ, Т 3290; 3367-3368; Митре Десподов, Т 2666.
[401] Маријо Јуришиќ, Т 3368.
[402] Митре Десподов, Т 2545; Манастирот погрешно е наречен „црква Свети Илија„.
[403] Маријо Јуришиќ, Т 3298; Доказен предмет П367; Николче Гроздановски, Т 10458; 10483.
[404] Маријо Јуришиќ, Т 3353.

Павлов, била стационирана во Раштак.[405] Минофрлачката батерија на 3-от гардиски баталјон била под команда на капетан Николче Гроздановски.[406] Минофрлачката батерија била исто така сместена во детското одморалиште.[407]

100. 3-от Гардиски баталјон се состоел скоро исклучиво од резервисти. Претпоставените биле од редовниот состав на армијата.[408] Голем број резервисти од 3-от гардиски баталјон биле од околните села, особено од Љубанци.[409] Поради големиот број на резервисти под негова команда, мајорот Десподов морал да се справува со разни проблеми, вклучувајќи и недостаток на дисциплина и употреба на алкохол. Војниците не биле доволно обучени и некои од нив дури и не знаеле како да го држат оружјето.[410]

B. Настаните од 10. август 2001

101. Сегашното Обвинение е ограничено на настани што се случиле во Љуботен и околината на 12. август и следните денови. Меѓутоа, настаните што се случиле на 10. и 11. август 2001 имаат суштинско значење за наводите во Обвинението и ќе бидат дискутирани подолу.

102. На 10. август 2001, возило на македонската армија нагазило на нагазна мина во близина на Љуботенски Бачила, приближно 10 километри од Љуботен,[411] при што погинале осум војници од 2-та пешадиска чета, а шест биле ранети.[412] Двајца од погинатите војници биле резервисти од село Љубанци.[413] Веднаш по инцидентот, мајор Десподов наредил да се обезбеди помош за војниците повредени во инцидентот.[414] Поручникот Јуришиќ отишол на местото каде што се случил инцидентот.[415] Војниците кои отишле таму биле под оган од лица за кои се сметало дека се терористи.[416] Војниците на 3-от гардиски баталјон отвориле оган од 120-мм

[405] Маријо Јуришиќ, Т 3368; Митре Десподов, Т 2545-2546; 2666.
[406] Маријо Јуришиќ, Т 3368; Митре Десподов, Т 2666; Николче Гроздановски, Т 10399; 10403; 10457.
[407] Митре Десподов, Т 2666; Николче Гроздановски, Т 10399; 10458.
[408] Митре Десподов, Т 2614; Николче Гроздановски, Т 10454.
[409] Николче Гроздановски, Т 10454; Митре Десподов, Т 2661.
[410] Митре Десподов, Т 2632.
[411] М012, Т 936.
[412] Доказен предмет П45, стр. 135; П 466, дел 5, стр. 43; Маријо Јуришиќ, Т 3355; Хенри Болтон, Т 1644-1647; Доказен предмет 1Д13; Митре Десподов, Т 2638-2639.
[413] Маријо Јуришиќ, Т 3355.
[414] Митре Десподов, Т 2639; Доказен предмет П301.
[415] Митре Десподов, Т 2639; 2637.
[416] Митре Десподов, Т 2639; Маријо Јуришиќ, Т 3355-3356.

минофрлачи и два 76-мм топови.[417] Армијата користела и хеликоптер за извидување на теренот од воздух.[418] На местото била најдена одредена количина муниција и оружје.[419]

103. Мајорот Десподов рече дека во текот на оваа операција на 10. август 2001 тој издал конкретни наредби неговите војници да отворат оган на „терористите“ а не кон селото Љуботен.[420] Меѓутоа, спротивно на неговата изјава, постојат докази, вклучувајќи и извештај од тоа време подготвен од мајор Десподов и поднесен до неговата команда,[421] и Советот го прифаќа тоа дека всушност бил отворен оган на Љуботен од неговите војници на 10. август 2001. Во извештајот на мајор Десподов е забележано дека неколку членови на групата за која се сметало дека е одговорна за инцидентот со нагазната мина почнале да се движат кон Љуботен. Според извештајот, на пат кон Љуботен тие се засолниле во едно трло. Македонската армија нишанела со топовите на нив.[422] Подоцна, армијата отворила оган од минофрлачи и од еден топ во насока на селото.[423] Како резултат од оваа операција на македонската армија на 10. август 2001, погинале четири лица кои се сметале за „терористи“. Во извештајот е конкретно наведено дека тие погинале на различни места надвор од селото: на влезот од селото, над една чешма над селото и над еден пат кој води до селото.[424]

104. Гранатирањето и пукањето од планините над селото на 10. август 2001 било набљудувано од жителите на Љуботен.[425] Пукањето продолжило во текот на ноќта сѐ до утрото на 11. август.[426] Попладнето на 10. август 2001, едно петгодишно дете кое си играло во селото на патот кој водел до Раштак било погодено од минофрлачка граната. Тоа веднаш починало.[427] Некои докази укажуваат дека Мемет Мемети исто така погинал во Љуботен на 10. август.[428]

[417] Доказен предмет П301.
[418] Николче Гроздановски, Т 10413; 10477; Митре Десподов, Т 2639.
[419] М051, Т 4180; Доказен предмет 1Д86.
[420] Митре Десподов, Т 2639.
[421] Митре Десподов, Т 2553.
[422] Доказен предмет П301; *види* исто така М2Д-008, Т 10535; Доказен предмет 2Д95.
[423] М2Д-008, Т 10541; 10592.
[424] Доказен предмет П301.
[425] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 6, 7; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П189, став 4; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 4; М039, Доказен предмет П200.1, стр. 2-3; Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 3; Исни Али, Доказен предмет П263, став 3; Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 5; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 3; Азиз Реџепи, доакзен предмет П432, став 3; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 6-9.
[426] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 21.
[427] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 5, 6, 14-18; Исни Али, Доказен предмет П263, став 4; *Види* исто така Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 4; Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 5.
[428] Хауард Такер, П443, стр. 14, тело 1Д/10; *Види* исто така Доказен предмет 1Д8.

105. Инцидентот со нагазната мина кај Љуботенски Бачила предизвикал голем немир меѓу етничко македонското население во регионот, особено во селото Љубанци.[429] Селото и околината на Љуботен биле набљудувани од армијата во соработка со припадници на Министерството за внатрешни работи (т.е. полицијата).[430] Мајорот Десподов сведочеше дека единицата којашто соработувала со армијата во процесот на набљудување била од полициската станица „Мирковци“.[431]

106. Попладнето на 10. август 2001,[432] обвинетиот Јохан Тарчуловски пристигнал во полициската станица „Чаир“.[433] Исто така, во дворот на полициската станица пристигнале и се собрале многу лица кои носеле униформи на полициски резервисти.[434] Таму биле и Зоран Крстевски и Гоце Ралевски. За Зоран Крстевски се смета дека бил советник на министерот за внатрешни работи, Љубе Бошкоски,[435] иако има докази дека тој ја преземал таа функција на крајот на септември 2001.[436] Гоце Ралевски бил член на приватната агенција за обезбедување „Комета“.[437] Јохан Тарчуловски и Зоран Крстевски прашале дали повисоки функционери од Министерството за внатрешни работи го контактирале началникот на ОВР „Чаир“, Љубе Крстевски (кој не е роднина на Зоран Крстевски).[438] ОВР (*Одделение за внатрешни работи*) Чаир, е организациска единица на Министерството за внатрешни работи, одговорна за една од општините на град Скопје.[439] СВР (*Сектор за внатрешни работи*) е одговорен за целиот град Скопје.[440]

107. Началникот на ОВР „Чаир“ обезбедил возила за полициските резервисти кои се собрале во дворот на полициската станица „Чаир“ да можат да одат до селото Љубанци и потоа до детското одморалиште надвор од Љубанци, каде што требало да се сместат.[441] Покрај тоа, на Јохан Тарчуловски му биле издадени панцирни елеци и шест радио станици за полициските

[429] Митре Десподов, Т 2647; Маријо Јуришиќ, Т 3356-3357.
[430] Митре Десподов, Т 2554; Доказен предмет П301.
[431] Митре Десподов, Т 2554; 2661.
[432] Во една службена белешка составена од М052 за една истражна комисија, наведено е дека овој настан се случил на 11. август 2001. Меѓутоа, пред судот сведокот изјави дека ова било грешка и дека настанот не можел да се случи на 11. август. М052, Т 8344-8345.
[433] М052, Т 8256; 8259.
[434] М052, Т 8259-8262.
[435] М052, Т 8259; Доказен предмет П574.
[436] Весна Доревска, Т 9605; 9610; 9642; 9652; Доказен предмет 1Д285; 1Д307.
[437] М052, Т 8261; Доказен предмет П534.
[438] М052, Т 8259.
[439] *Види подолу*, став 482.
[440] *Види подолу*, став 479.
[441] М052, Т 8259-8262.

резервисти.[442] Меѓу лицата во униформи на полициски резервисти кои пристигнале во ОВР „Чаир“ тој ден имало и неколку лица поврзани со агенцијата „Комета“, вклучувајќи го и сопственикот Зоран Јовановски, со прекар Бучук.[443] На 25. и 26. јули 2001, вработените на оваа агенција, добиле оружје од полицијата, вклучувајќи автоматски пушки и маскирни униформи со полициски ознаки на ракавите.[444]

108. Од доказите се утврдува дека вечерта на 10. август 2001,[445] некое време по 17.00 часот, бил одржан состанок во командното место на 3-от гардиски баталјон во зградата на училиштето во Љубанци.[446] На состанокот присуствувале главните претставници на армијата и полицијата (Министерството за внатрешни работи) од областа. Меѓу другите на тој состанок биле присутни и Јохан Тарчуловски, мајор Десподов, началникот на ОВР „Чаир“ Љубе Крстевски, командирот на полициската станица „Мирковци“ Славко Ивановски, и раководителот на секторот за анализа во ОВР „Чаир“ Борче Пешевски.[447] Началникот на ОВР „Чаир“ разговарал со Петре Стојановски од СВР Скопје, дали тој треба да присуствува на состанокот и Стојановки му наредил или му одобрил на Крстевски да присуствува.[448]

---

[442] М084, Т1470; Доказен предмет П231. Сведокот изјави дека елеците и радио станиците биле поделени еден ден подоцна, на 11. август 2001; М084, Т 1468. Меѓутоа, во еден дневник овој настан е внесен пред информациите внесени за 11. август 2001, што сугерира дека настанот се случил на 10. август; Доказен предмет П231. Понатаму, едно лице чиешто присуство било наводно забележано во таа прилика (М084, Т 1466) негира дека се сретнало со Јохан Тарчуловски на 11. август 2001; М052, Т 8327.

[443] Еден сведок го видел Зоран Јовановски, со прекар Бучук, во дворот на полициската станица „Чаир“. Во тоа време сведокот го знаел како Бучук, но не го знаел неговото вистинско име. Еден колега му кажал дека Бучук бил криминалец. На сведокот исто така му било кажано дека Бучук бил сопственик на агенцијата за обезбедување „Комета“; М052, Т 8258. При вкрстеното испрашување сведокот се согласи дека можеби бил погрешно информиран за идентитетот на лицето за кое мислел дека е Бучук и поради тоа не можеше да гарантира за точноста на ова идентификување; М052, Т 8563-8564. Сепак, земајќи предвид и други докази за вмешаноста на Бучук во настаните во Љуботен, за што ќе биде разговарано, не е веројатно сведокот да видел друг Бучук или дека лицето кое го видел било идентификувано како Бучук по грешка. Без оглед на името на лицето кое го видел сведокот, Советот е убеден дека сведокот го видел сопственикот на агенцијата за обезбедување „Комета“. Како што ќе биде дискутирано, Зоран Јовановски, со прекар Бучук, бил сопственик на „Комета“; *види подолу*, став 497. Меѓу лицата кои пристигнале во ОВР „Чаир“ тој ден бил и постариот од браќата Јаневски, Владимир, со прекар Кунта, кој исто така работел во „Комета“; Т 3632; М052, Т 8261-8262; М053, Т 1910. Како што е укажано претходно, во Чаир тој ден пристигнал и друг член на „Комета“, Гоце Ралевски.

[444] На 25. јули 2001, им било издадено оружје и опрема во ПСОЛО, т.е. полициската станица за надворешно физичко обезбедување на објекти; Миодраг Стојановски, Т 6778-6779; 6791-6792; 6814; Доказен предмет П436. На Зоран Јовановски, Владо Јанев, Александар Јаневски и Трајче Кузмановски, меѓу другите, им било издадено оружје и маскирни униформи тој ден; Миодраг Стојановски, Т 6794-6795; Доказен предмет П436.

[445] Еден сведок наведе дека овој состанок се одржал на 11. август 2001; М084, Т 1477; Меѓутоа, конзистентните докази на други сведоци, како и документи, коишто Советот ги прифаќа, укажуваат дека состанокот се случил на 10. август 2001; М052, Т 8264; Митре Десподов, Т 2555; Петре Стојановски, Т 9151-9152; Доказен предмет П302, стр. 14; П303.

[446] М052, Т 8264; М084, Т 1477; Митре Десподов, Т 2555; Доказен предмет П303.

[447] Митре Десподов, Т 2555; 2649; М052, Т 8264-8265; М084, Т 1478; Доказен предмет П302, стр. 14.

[448] М052, Т 8262-8264; 8459; Петре Стојановски, Т 9152; 9337.

109. Еден сведок напишал белешки за она што се случувало на состанокот, врз основа на информации кои ги собрал од офицери од командното место на 3-от гардиски баталјон.[449] Два дена по состанокот бил направел извештај за овој состанок врз основа на тие белешки. Извештајот бил поднесен во Генералштабот на македонската армија.[450] Меѓу доказите се наоѓаат и белешките и извештајот. Има само мали разлики. Во нив е забележано дека група од 60 до 70 луѓе во полициски униформи пристигнале во Љубанци вечерта на 10. август 2001. Во овие белешки е забележано дека групата луѓе во полициски униформи прво дошла[451] во куќата на Јохан Тарчуловски во Љубанци вечерта на 10. август 2001. Во извештајот не се споменува куќата на Јохан Тарчуловски, но е забележано дека групата била под раководство на Јохан Тарчуловски.[452] Според двата документа, пристигнал и камион на Министерството за внатрешни работи (полицијата) со „бомби“, оружје и муниција кои и́ биле поделени на групата. Во нив понатаму е забележано дека членови на групата му рекле на мајор Десподов дека им било наредно да останат преку ноќ во одморалиштето во Љубанци и да „го очистат Љуботен од терористи“, и дека мајорот го одобрил нивното сместување.[453] Во белешките и во извештајот е исто така забележано дека мајор Десподов бил информиран од офицери од Министерството за внатрешни работи дека Претседателот знаел за нивниот престој во Љубанци, но дека никој друг не треба да знае за тоа.[454] Сличен приказ на настаните од таа вечер е напишан и во извештај подготвен од полковник Копачев,[455] во кој исто така е напишано дека по наредба на Претседателот, акцијата во Љуботен требала да започне во 04.30 часот следниот ден.[456]

110. Меѓутоа, при своето сведочење, мајор Десподов го оспори приказот на настаните забележан во белешките и извештајот.[457] Тој изјави дека никогаш не видел или слушнал за пристигнување на 60 или 70 луѓе, негираше дека од него било побарано да обезбеди сместување за какви било полицајци,[458] и дека не видел камион на Министерството за внатрешни работи во Љубанци.[459] Бидејќи мајор Десподов бил командант на сите воени единици стационирани во регионот на Љубанци, крајно е неверојатно дека тој не знаел за пристигнувањето на голема

[449] М051, Т 4119-4121.
[450] М051, Т 4126-4127; 4193.
[451] Доказен предмет П302.
[452] Доказен предмет П303.
[453] Доказен предмет П302; П303.
[454] Доказен предмет П302; П303.
[455] Доказен предмет П304.
[456] Доказен предмет П304.
[457] Митре Десподов, Т 2573.
[458] Митре Десподов, Т 2578.
[459] Митре Десподов, Т 2654.

група такви лица во неговата зона на одговорност, и тоа во командното место, и за воената опрема и за акцијата која се подготвувала. Откако внимателно го одмери неговото сведочење во однос на ова, начинот на којшто го даде своето сведочење и други докази, природата и содржината на белешки и извештаи од тоа време, прашањата дискутирани во следните ставови и многу јасниот и силен интерес на мајор Десподов да се огради од акциите на обвинетиот Јохан Тарчуловски и оваа група на лица во полициски униформи во однос на понатамошните настани во Љуботен на 12. август 2001, Советот е целосно убеден дека белешките и армиските извештаи од тоа време треба да се прифатат со предност пред сведочењето на мајор Десподов во однос на погоре споменатото па според тоа донесе таков заклучок. Некои аспекти на приказот даден во белешките и воените извештаи се исто така потврдени од сведочењето на капетан Гроздановски и М084, кои виделе полициски резервисти во дворот на училиштето во Љубанци на 10. август и подоцна вечерта во детското одморалиште.[460]

111. Меѓутоа, во своето сведочење, мајор Десподов прифати дека имало состанок таа ноќ во Љубанци, на кој учесниците во состанокот зборувале за присуството на „терористи“ во Љуботен и како да ги заробат.[461] Други докази укажуваат дека од Љубе Крстевски се очекувало да ги зајакне полициските контролни пунктови во регионот на Љуботен.[462] Мајорот Десподов исто така сведочеше дека човек од Министерството за внатрешни работи (полицијата), за чие име тврдеше дека не се сеќава, на состанокот изјавил дека полицајците спроведувале акција за влегување во селото.[463] Мајор Десподов сведочеше дека човекот од Министерството прашал дали Десподов добил наредби од неговите претпоставени во врска со планираната операција.[464] Мајорот Десподов сведочеше дека тој одговорил дека не добил таква наредба и дека тој може да учествува во операцијата само доколку добие наредба.[465] Во друг приказ на состанокот е укажано дека Јохан Тарчуловски побарал артилериска поддршка од мајор Десподов,[466] кој рекол

[460] Николче Гроздановски, Т 10479-10480; М084, Т 1478-1479. М084 сведочеше дека го посетил детското одморалиште на денот кога се одржал состанокот во училиштето во Љубанци. Како што е наведено претходно, М084 го заменил по грешка 10. август 2001 со 11. август; *види погоре*, фуснота 445. поради тоа, Советот прифаќа дека неговиот приказ за настани од вечерта на 11. август, всушност се однесува на 10. август.
[461] Митре Десподов, Т 2562; М052, Т 8266; 8553-8554.
[462] М052, Т 8266.
[463] Митре Десподов, Т 2562.
[464] Митре Десподов, Т 2556.
[465] Митре Десподов, Т 2574.
[466] М052, Т 8267.

дека нема да отвори оган без писмена наредба. Јохан Тарчуловски одговорил: „Добро, ќе добиеш наредба“.[467]

112. Во извештајот за тој состанок поднесен до Генералштабот на армијата исто така е забележано дека било објаснето дека Министерството за внатрешни работи ќе го обезбеди оружјето и потребната опрема за операцијата во Љуботен. Од извештајот е очевидно дека оружјето требало да биде обезбедено за групата од 60-70 лица во полициски униформи кои пристигнале во училиштето таа вечер со Јохан Тарчуловски.[468] Претставниците на Министерството за внатрешни работи исто така му кажале на мајор Десподов дека по телефон ќе добие наредби од Претседателот на ПЈРМ.[469] И ова го негираше мајор Десподов, кој при своето сведочење рече дека „вакво нешто не беше дискутирано“.[470] Во извештајот исто така се укажува дека на групата од 60-70 лица им било издадено оружје пред состанокот.[471] Иако од извештајот можеби не е веднаш јасно во врска со оружјето, кога ќе се земат предвид и други докази за ова прашање, според заклучоците на Советот, полицијата требало да ѝ го обезбеди потребното оружје и воена опрема на групата од 60-70 лица под раководство на Јохан Тарчуловски и тоа веќе се случило пред состанокот да започне.

113. Според заклучоците на Советот од доказите, и од други докази кои се споменати поконкретно во други контексти во Пресудата, со знаење на барем неколку прилично високи полициски офицери (Министерство за внатрешни работи), обвинетиот Јохан Тарчуловски бил водач на група од 60-70 лица,[472] кои се собрале попладнето на 10. август 2001 и кои биле униформирани како припадници на полицијата. Оваа група се состоела барем делумно од лица вработени во агенцијата за обезбедување „Комета“. Оваа група требала да спроведе доверлива операција, чија цел била опишана како чистење на селото Љуботен од терористи. Од полицијата групата била вооружена со оружје, вклучувајќи и експлозиви, а биле обезбедени и панцирни елеци, радио станици и транспорт за оружјето и луѓето од ОВР „Чаир“ до Љубанци и до детското одморалиште кое го користела армијата надвор од Љубанци доцна вечерта на 10. август 2001. Полицијата требало исто така да ги зајакне своите позиции на контролните пунктови во близина на Љуботен. Армијата сместила барем еден дел од групата од 60-70 лица

[467] М052, Т 8267.
[468] „… оружје и опрема за подолу наведените лица...“. Претходно во извештајот, групата од 60-70 лица во униформи од Министерството за внатрешни работи. Доказен предмет П303.
[469] Доказен предмет П303.
[470] Митре Десподов, Т 2578.
[471] Доказен предмет П303.
[472] Има докази дека и други луѓе можеби пристигнале следниот ден; *види подолу*, став 117.

во детското одморалиште надвор од Љубанци. Од армијата било исто така побарано да обезбеди огнена поддршка за операцијата од своите позиции на ридовите во близина на Љуботен. Вечерта на 10. август 2001 се одржал заеднички состанок за планирање, во училиштето во Љубанци кое тогаш го користела армијата. Меѓу присутните биле и Јохан Тарчуловски, од полицијата началникот на ОВР „Чаир“, Љубе Крстевски и од армијата мајор Десподов. Првобитно операцијата била планирана да се спроведе утрото на 11. август 2001, но како што ќе се расправа, била одложена за 12. август 2001.

114. Како што ќе биде објаснето подетално понатака, има докази дека во тоа време Јохан Тарчуловски и други рекле дека оваа операција се спроведувала со знаење и поддршка, или наредба, на тогашниот Претседател на ПЈРМ, Борис Трајковски. Тој е сега починат. Ова е консистентно со она што се случило и со вмешаноста на Јохан Тарчуловски кој тогаш служел во тимот за обезбедување на Претседателот, но неговото работно искуство и вообичаени должности во Министерството за внатрешни работи не биле такви за тој да биде избран да раководи со операција од таква природа. Од друга страна, нема директна и сигурна независна потврда за улогата на Претседателот. Доказите за тоа се од сведоци кои не се веродостојни за други прашања, и поради подоцнежната смрт на Претседателот, би било многу погодно за неколку лица од полицијата и армијата да изгледа како Претседателот да ја наредил операцијата. Поради тоа, Советот се воздржува од донесување на позитивен заклучок дека Претседателот ја наредил операцијата во Љуботен. Меѓутоа се прифаќа дека овие докази укажуваат дека тоа можеби се случило. Доколку полициската операција во Љуботен на 12. август 2001 била наредена од Претседателот, со тоа не се исклучува неизбежно можноста обвинетиот Љубе Бошкоски да имал директна улога во раководењето на операцијата, или да знаел за операцијата пред 12. август. Меѓутоа, тоа ја остава отворена можноста планирањето и организацијата на операцијата да се случиле без Љубе Бошкоски да бил вмешан или да знаел за тоа. Тој можеби бил одминат.

115. Има докази кои го уверуваат Советот дека некои лица кои имале позиции на авторитет во полициските сили (Министерството за внатрешни работи) знаеле за предложената операција и активно ја поддржувале. Меѓутоа овие докази не се доволни да овозможат да се донесе заклучок за тоа дали ова знаење и вмешаност достигнале до највисоките нивоа во полициската хиерархија или до министерскиот раководител на полициските сили, Министерот за внатрешни работи, кој во тое време бил обвинетиот Љубе Бошкоски. Има докази коишто можат да упатат на тоа, но не

се доволно јасни или убедливи да овозможат да се донесе заклучок дека Љубе Бошкоски имал знаење за операцијата.

Г. Настаните од 11. август 2001

116. На 11. август 2001 во селото Љуботен можело да се слушне спорадично пукање од малокалибарско оружје.[473] Некои докази укажуваат дека во селото паднале две минофрлачки гранати тој ден.[474] Во околу 09.00 часот на 11. август 2001, полицајците виделе дека македонската армија отворила оган од пешадиско оружје кон селото Љуботен. Огнот доаѓал од детското одморалиште во близина на Љубанци.[475]

117. На 11. август 2001 во полициската станица „Чаир“ им било поделено оружје на две други групи лица. Во утринските часови тој ден, група од 20 до 30 доброволци од Љубанци добиле оружје.[476] Лицата од оваа група биле во полициската станица претходниот ден,[477] но на повеќето од нив тогаш не им било издадено оружје.[478] Друга група добила оружје вечерта на 11. август. Тоа била група од девет,[479] или можеби 12 до 13,[480] вооружени лица во маскирни униформи. И на нив им биле издадени автоматски пушки АК-47, „Калашникови“.[481] Има докази дека некои лица од двете групи на кои им било издадено оружје на 11. август 2001 биле осудувани за кривични дела.[482] Има и докази во кои се укажува дека на лицата од втората група која дошла вечерта оружјето им било издадено согласно со усмена наредба која Љубе Крстевски ја добил од Горан Митевски, директор на Бирото за јавна безбедност, или од Петре Стојановски.[483]

[473] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26; М039, Доказен предмет П200.1, стр. 4; М088, Доказен предмет П206, став 13; Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1 став 5; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 6; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 10.

[474] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26; *Види* исто така М092, Доказен предмет П215, став 10.

[475] Доказен предмет П42; П159; М037, Т 770-771.

[476] М053, Т 1889; 1892-1894; 1975; Доказен предмет П231; П251.

[477] М053, Т 1890-1891; М084, Т 1461; М052, Т 8564-8565.

[478] Иако М053 сведочеше дека на тие лица не им било издадено оружје тој ден, (М053, Т 1890-1891) други докази, кои Советот ги прифаќа, укажуваат дека на некои од нив им било издадено оружје; М052, Т 8560. Биле направени проверки за да се утврди дали доброволците кои барале оружје имале криминално досие и на оние кои немале и имале соодветно однесување им било издадено оружје; М084, Т 1461-1462; 1465; Доказен предмет П231; М052, Т 8273; 8480-8481; 8484.

[479] Доказен предмет П232.

[480] М084, Т1472; 1475.

[481] М084, Т 1472-1475; Доказен предмет П232; М053, Т 1892; 1983; 1900-1905; Доказен предмет П251; М052, Т 8481; 8484.

[482] М084, Т 1475-1476; Доказен предмет П592. Советот исто така слушна сведочења дека можеби кривичните досиеја на некои од овие лица биле избришани; Доказен предмет 1Д329.

[483] М052, Т 8272-8274; 8251; 8323; 8479-8482; М053, Т 1895; Доказен предмет П536. Доказите укажуваат дека Петре Стојановски му рекол на началникот на ОВР „Чаир“ да ја изврши наводната наредба да им издаде оружје на лицата коишто пристигнале, иако очигледно се знаело дека некои од тие лица имале кривични досиеја. М052, Т 8272-8274.

Меѓутоа, Советот во врска со ова прими контрадикторни докази.[484] Советот не е во можност да донесе заклучок, бидејќи доказите во врска со ова се чини дека се под влијание на желбата на сведоците да се дистанцираат од настанот и да избегнат одговорност за издавање оружје во спротивност на важечките процедури.

118. На 12. август 2001 по полициската операција, лицата од првата група на кои им било издадено оружје утрото на 11. август биле видени кај куќата на Браца.[485] Како што е укажано претходно, лицата кои беа идентификувани дека биле во втората група, на кои им било издадено оружје вечерта на 11. август, на 12. август 2001 биле видени како се враќаат од селото Љуботен по полициската операција.[486]

119. На 11. август во полициската станица „Чаир“ пристигнала и друга група луѓе. По 19.00 часот, Зоран Крстевски, со прекар Бучук, и меѓу 20 до 30 луѓе од агенцијата за обезбедување „Комета“, дошле во полициската станица. Тие носеле маскирни униформи и имале автоматско оружје.[487] На нивните униформи имало полициски ознаки.[488] Од доказите не може да се утврди целта на нивната посета на полициската станица „Чаир“.

120. Во овој момент би било погодно да се забележи дека врз основа на разни докази за групи кои броеле можеби 60-70, 20-30 и 9-13 лица кои се собирале во полициската станица „Чаир“ во разни времиња и околности на 10. и 11. август, како и оваа додатна група од 20-30 лица на 11. август, коишто можеби биле и во претходните групи, и поради немање на поконкретни докази, Советот заклучува дека полициската единица која влегла во Љуботен утрото на 12. август 2001 била составена од најмалку 60-70 лица а можеби била составена и од повеќе од 100 лица.

121. Советот исто така го слушна сведочењето на М052, коешто може да биде суштинско, дека во утринските часови на 11. август 2001, началникот на ОВР „Чаир“, Љубе Крстевски, бил повикан во канцеларијата на генерал Сокол Митровски, командант на Одбраната на град Скопје, во касарната во населба Аеродром.[489] Според ова сведочење, генералот Сокол Митровски бил вознемирен поради загубата на војници во инцидентот со нагазната мина кај Љуботенски

[484] Петре Стојановски, Т 9297.
[485] М053, Т 1911-1912; 1986.
[486] М052, Т 8274.
[487] М053, Т 1903-1904; Доказен предмет П251.
[488] М053, Т 1993.
[489] М052, Т 8270-8271.

Бачила.[490] Тој рекол дека армијата ќе преземе воени активности против ОНА.[491] Мајор Десподов би бил задолжен за воени активности во регионот на Љубанци.[492] Генерал Митровски рекол дека Јохан Тарчуловски ќе ги раководи воените активности на македонските безбедносни сили. „Тој им беше шеф".[493] Генералот Сокол Митровски рекол дека Љубе Крстевски ќе добие задачи од Љупчо Близнаковски, заменик началник на СВР Скопје,[494] кој бил присутен на тој состанок.[495] Близнаковски му рекол на Љубе Крстевски да ги зајакне контролните пунктови во регионот на Љуботен.[496]

122. Советот не е во можност да ја увиди вистината од ова сведочење и не е во можност да донесе заклучок врз основа на него. Сведокот му остави јасен и силен впечаток на Советот дека настојува да ја зголеми одговорноста на армијата за операција во Љуботен. Постои и внатрешен конфликт, затоа што е кажано дека мајор Десподов бил одговорен за воените активности додека Јохан Тарчуловски требало да ги раководи воените активности. Покрај тоа, аспекти од ова сведочење се контрадикторни со еден извештај подготвен од полковник Копачев, во кој се вели дека на 12. август 2001, на полковникот Копачев му се чинело дека генералот Сокол Митровски не е свесен за операцијата која била во тек во Љуботен.[497]

123. На 11. август 2001 се одржал погребот на војниците кои погинале претходниот ден во инцидентот со мината кај Љуботенски Бачила. На погребот присуствувале неколку илјади луѓе, не само од Љубанци туку и од поширокаата околина на Скопје. Луѓето кои присуствувале на погребот биле многу вознемирени.[498]

124. Во еден воен извештај е наведено дека попладнето на 11. август 2001, една група под раководство на Јохан Тарчуловски извршила извидување на селото Љуботен.[499] Во друг приказ

[490] М052, Т 8312-8313.
[491] М052, Т8271.
[492] М052, Т 8312-8313.
[493] М052, Т 8271.
[494] *Види подолу*, став 483.
[495] М052, Т 8271.
[496] М052, Т 8271. Неколку наредби биле дадени во врска со распоредувањето на полицајците на контролните пунктови во регионот на Љуботен во тое време. Зголемување на бројот на полицајци распоредени на контролниот пункт Бузалак можело да се забележи во текот на викендот 10.-12. август 2001. На 10. и 11. август биле распоредени 9 полицајци; Доказен предмет П544; П491. На 12. август бројот на полицајци се зголемил на 11; Доказен предмет П492; Бројот на полицајци на контролниот пункт Кинески зид бил значително поголем на 12. август. (15 полицајци, М052, Т 8280) Меѓутоа, изгледа дека немало зголемување на другите контролни пунктови; Доказен предмет П546; 538; П545; П547; 1Д283; 1Д284.
[497] Доказен предмет П304, стр. 2.
[498] Митре Десподов, Т 2648.
[499] Доказен предмет П303.

на настаните од тој ден е дадено дека во околу 17.00-17.30 часот, македонската армија отворила оган,[500] што е спротивно на еден воен извештај во кој е наведено дека всушност од групата под раководство на Јохан Тарчуловски од 17.30-18.00 отвориле оган со рачни фрлачи на ракети „Зоља“.[501] Во воени извештаи е наведено дека и во оваа прилика Јохан Тарчуловски побарал од мајор Десподов со минофрлачки оган да обезбеди поддршка за воените активности на групата на Тарчуловски.[502] Меѓутоа, уште еднаш мајор Десподов експлицитно негираше дека примил такво барање тој ден од Јохан Тарчуловски.[503] Во однос на овие конфликтни извештаи, Судскиот совет забележува дека попладнето тој ден жителите на Љуботен не виделе оган од тешко оружје.[504] Советот прифаќа дека во попладневните часови на 11. август 2001, Јохан Тарчуловски со полицајци од групата извршиле извидување на селото Љуботен но дека во тоа време немало огнена поддршка од армијата.

125. На 11. август 2001, во околу 17.00 или 18.00 часот, Јохан Тарчуловски се вратил во командното место на 3-от гардиски баталјон во Љубанци.[505] Мајор Десподов сведочеше дека го информирал Јохан Тарчуловски дека не добил никаква наредба во врска со планираната операција и дека е решен без наредба да не презема никаква акција, освен во одбрана од директен напад.[506] Мајор Десподов сведочеше дека Јохан Тарчуловски се налутил и му рекол на Десподов дека акцијата ќе се одржи, без или со помош од војниците на Десподов.[507]

126. Мајор Десподов понатаму рече дека во некој момент Јохан Тарчуловски зборувал на телефон и потоа му го подал телефонот на Десподов, велејќи му дека Претседателот сака да зборува со него.[508] Мајорот Десподов рече дека овој настан се случил на 10. август 2001.[509] Меѓутоа, сите други докази во врска со овој настан укажуваат дека тоа се случило на 11. август 2001, и Советот тоа и го заклучува.[510] Златко Кесковски сведочеше дека на 11. август 2001, во околу 17.00 или 18.00 часот, добил телефонски повик од Јохан Тарчуловски. Во тоа време претседателот Трајковски бил во куќата на Златко Кесковски. Јохан Тарчуловски му рекол на

[500] Доказен предмет П302.
[501] Доказен предмет П304, стр. 1.
[502] Доказен предмет П303; П304.
[503] Митре Десподов, Т 2588.
[504] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26; М039, Доказен предмет П200.1, стр. 4; М088, Доказен предмет П206, став 13; Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 5; Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372, став 6; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426; став 10.
[505] Митре Десподов, Т 2559-2560.
[506] Митре Десподов, Т 2566-2568.
[507] Митре Десподов, Т 2566-2568.
[508] Митре Десподов, Т 2650-2651.
[509] Митре Десподов, Т 2580-2581; 2650.
[510] Доказен предмет П302; П303; П304; Златко Кесковски, Т 10014.

Кесковски дека се вршат подготовки за една акција и дека еден мајор од армијата одбил да соработува со други припадници на безбедносните сили.[511] Јохан Тарчуловски побарал да зборува со Претседателот. Во текот на нивниот разговор Претседателот му рекол на Тарчуловски да воспостави контакт со мајорот. Потоа, Претседателот зборувал со мајор Десподов.[512] Слични прикази на настанот се забележани во воени извештаи.[513]

127. Мајорот Десподов сведочеше дека Претседателот го прашал дали е под команда на генерал Сокол Митровски и по потврда за тоа, му рекол на Десподов дека ќе зборува со генералот и повторно ќе му се јави на мајор Десподов.[514] Претседателот исто така му рекол дека претставниците на полицијата кои претходно биле пратени во командното место на мајорот „знаат што треба да прават".[515] Мајорот Десподов изјави дека од Претседателот добил „одредени инструкции" да „преземе мерки и активности во [негова] надлежност".[516] Мајорот Десподов сведочеше дека овој бил неговиот единствен разговор со Претседателот во тоа време.[517] Во воените извештаи настанот е забележан на сличен начин. Во нив е укажано дека разговорот помеѓу Претседателот и мајор Десподов се одржал во некое време помеѓу 18.00 и 19.00 часот.[518]

128. Меѓутоа, сведочењето на Златко Кесковски, тогашен началник на Одделот за безбедност на Претседателот и претпоставен на Јохан Тарчуловски,[519] оди многу понатака. Златко Кесковски сведочеше дека во текот на телефонскиот разговор Претседателот му наредил на мајорот Десподов да даде поддршка за акциите коишто безбедносните сили треба да ги извршат по негово овластување.[520] Во вкрстеното испитување Златко Кесковски се повика на „наредба да се нападне Љуботен".[521] Сведочењето на Златко Кесковски се разликува и од други докази во врска со друго прашање, имено причината што ја дал Претседателот за потребата да стапи во контакт со генерал Сокол Митровски. Златко Кесковски сведочеше дека Претседателот му рекол на мајорот дека тој ќе му телефонирал на генерал Митровски да го информира за

[511] Златко Кесковски, Т 10004-10005.
[512] Златко Кесковски, Т 10005-10007; 10139.
[513] Доказен предмет П303; П304.
[514] Митре Десподов, Т 2581.
[515] Митре Десподов, Т 2579.
[516] Митре Десподов, Т 2580.
[517] Митре Десподов, Т 2582.
[518] Доказен предмет П303; П304.
[519] *Види подолу*, став 537.
[520] Златко Кесковски, Т 10006-10007, 10139.
[521] Златко Кесковски, Т 10170.

наредбата издадена од Претседателот.[522] Впрочем, во своето сведочење мајор Десподов рече дека Претседателот ќе го информирал за исходот на разговорот со генералот и за точниот домен на одговорноста на мајор Деспотов за операцијата одкако ќе разговарал со генералот. Советот исто така обрнува внимание на доказите кои укажуваат дека следниот ден мајор Десподов го прашал полковник Копачев дали генерал Митровски издал некакви наредби.[523]

129. Во еден извештај поднесен до генерал Сокол Митровски претставен е друг приказ на подготовките за операцијата во Љуботен. Во извештајот е укажано дека мајор Десподов знаел за операцијата од 10. август 2001 и всушност ја планирал заедно со Јохан Тарчуловски. Според извештајот, мајор Десподов не информирал никого за планираната операција, а за возврат на тоа добил гаранции од Јохан Тарчуловски дека ќе биде ослободен од одговорност со помош на Претседателот.[524] Во доказите не се открива изворот на оваа информација. Се чини дека извештајот е заснован на информација обезбедена од подредените лица на полковник Копачев. Во друг извештај подготвен тоа време во 1-та гардиска бригада не се споменуваат никакви гаранции или ослободување од одговорност. Можно е извештајот на полковник Копачев да е под влијание на желбата да се прикрие степенот на вмешаноста на армијата на разни нивоа. Советот не е во можност да прифати дека на мајор Десподов му биле понудени гаранции за ослободување од одговорност.

130. Советот забележува дека не постои очигледен интерес за мајор Десподов да прикрие наредба издадена од Претседателот. Доколку постоела наредба, би се очекувало Десподов да сведочи за тоа, бидејќи со тоа би се намалила неговата одговорност за настаните во Љуботен. Уште еднаш Советот се соочува со суштински докази од службени лица на ПЈРМ кои се спротивни. Поради веќе изнесени причини, Советот не беше во можност да прифати како вистинити некои аспекти од сведочењето на мајор Десподов, поради неговиот интерес да ја заштити сопствената позиција. Во случајот на Златко Кесковски Советот се сомнева, врз основа на содржината на сведочењето и однесувањето на сведокот, дека неговото сведочење беше под влијание на желбата да му помогне на обвинетиот Тарчуловски со сугерирање дека тој постапувал под директна наредба на Претседателот, тогашен Врховен командант на безбедносните сили. Претседателот е сега починат. Нема независни веродостојни докази кои се од помош за Советот. Откако целосно ги одмери доказите, Советот прифаќа дека вечерта на 11.

[522] Златко Кесковски, Т 10006-10007, 10139.
[523] Доказен предмет П303; 304.
[524] Доказен предмет П304, стр. 3.

август 2001, по барање на Јохан Тарчуловски, мајор Десподов разговарал по телефон со Претседателот на ПЈРМ. Советот не го прифаќа сведочењето на Златко Кесковски дека Претседателот му дал на мајор Десподов директна и апсолутна наредба. Советот прифаќа дека мајорот Десподов следното утро бил загрижен за тоа дали дошла некаква конкретна наредба од генерал Сокол Митровски, што помага да се потврди дека мајор Десподов не добил директна и апсолутна наредба од Претседателот претходната вечер, и дека Десподов очигледно разбрал дека требало да ѝ даде поддршка на полициската операција под раководство на Јохан Тарчуловски, но само во доменот на неговата вообичаена надлежност, освен доколку генерал Сокол Митровски не даде некоја поконкретна наредба, што не се случило. Меѓутоа, оваа инструкција или поттик од Претседателот била доволна причина за мајор Десподов да обезбеди артилериска поддршка на почетокот од операцијата, иако Советот заклучува, како што ќе биде подетално дискутирано понатаму, под изговор дека тоа било одговор на отворен оган од воочени непријателски цели во селото, и да им нареди на своите единици да ги набљудуваат активностите во и околу селото и да спречат членови на ОНА да влезат во селото или да избегаат од селото во текот на полициската операција.

131. Исто така, во воени извештаи е забележана уште една посета на претставниците на Министерството за внатрешни работи и Јохан Тарчуловски на командното место на 3-та гардиска бригада. Забележано е дека по 22.00 часот на 11. август 2001, тие го посетиле мајор Десподов за да ги направат конечните подготовки за операцијата. Јохан Тарчуловски објавил дека ќе започне во 04.30 часот следниот ден. Во извештајот е наведено дека мајор Десподов повторил дека за да ѝ даде поддршка на операцијата ќе му требаат наредби, на што Јохан Тарчуловски одговорил дека ќе добие наредби од Претседателот или од „лицата околу него“.[525]

Д. Дали настаните во Љуботен биле оправдани со воена неопходност?

132. Ставот на Одбраната е дека лица од Љуботен учествувале во поставувањето на нагазната мина од која погинале осум македонски војници на 10. август, и дека имало присуство на ОНА во Љуботен во текот на викендот 10.-12. август,[526] како и дека ОНА го користела селото Љуботен како логистичка база од февруари 2001.[527] Се тврди дека безбедносните сили имале

[525] Доказен предмет П302, П303, П304.
[526] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 271.
[527] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 271, 283; Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 165.

легитимна причина да влезат во селото,[528] и дека целта на операцијата била да се бараат членови на ОНА во селото и да се спречат понатамошни напади.[529] Понатаму се тврди дека на 12. август имало неколку позиции на ОНА во Љуботен од кои бил отворен оган кон армијата, а во неколку случаи и полицијата на 12. август 2001.[530] Ставот на Одбраната е дека селото Љуботен било легимна воена цел,[531] дека операцијата била ограничена на оние области и куќи во коишто се сметало дека се наоѓаат членовите на ОНА,[532] и дека отворање оган кон тие локации било оправдано со воена неопходност.[533]

133. Обвинителството тврди дека селото Љуботен не било упориште на ОНА, и дека не се користело како логистичка база на ОНА.[534] Се тврди дека иако во селото можеби имало поддршка за ОНА, тоа не било „полно со борци на ОНА“ на 12. август.[535] Советот исто така го забележува во овој контекст тврдењето или признавањето во Обвинението дека на 12. август околу 10-15 „вооружени албански борци“ биле во Љуботен, вооружени со автоматски пушки и најмалку еден митралез.[536] Конечно, Обвинителството тврди дека уништувањето што било извршено во Љуботен не било оправдано со воена неопходност.[537]

134. Советот забележува дека Одбраната, како поткрепа за неколку тврдења за членството во ОНА на конкретни лица и логистичката поддршка на ОНА, се потпира многу, а понекогаш и исклучиво на оперативни разговори и извештаи од Управата за безбедност и контра-разузнавање (УБК), кои се со анонимни извори и непроверена содржина. Некои од овие разговори и извештаи биле подготвени неколку месеци по настаните во Љуботен.[538] Поради немање на независна потврда, Советот не е во можност да се потпре на тие документи, за утврдување на вистинитоста на нивната содржина. Исто така, земајќи предвид докази кои се спротивни, Советот не е убеден дека може им да придаде значителна тежина на сомнителните, скоро исти сведочења на жителите на Љуботен, дека во инцидентот со мината не учествувале

[528] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 174.
[529] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 280, 283.
[530] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 323; Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 200-204.
[531] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 191.
[532] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 284-285;
[533] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 323.
[534] Завршен поднесок на Обвинителството, став 158-159.
[535] Завршен поднесок на Обвинителството, став 159.
[536] Обвинение, став 68.
[537] Завршен поднесок на Обвинителството, став 80, 155, 157.
[538] *Inter alia*, и особено, Доказен предмет 1Д87; 1Д165; 1Д166; 1Д167; 1Д168; 1Д223.1; 1Д273.

лица од Љуботен,[539] дека ниту еден од селаните не бил член на ОНА,[540] дека немало присуство на ОНА во Љуботен во текот на викендот од 10. до 12. август,[541] и негирањето дека имало каква било форма на логистичка поддршка на ОНА од Љуботен.[542] Во овие околности, иако е свесен дека веродостоен извор не е *ipso facto* сигурен, на Советот во многу прашања му помогнаа докази обезбедени од понеутрални извори. Меѓутоа, во однос на ова Советот внимателно пристапи кон сведочењето изнесено од Петер Букарт, виш истражувач за Human Rights Watch (понатаму во текстот HRW). Тој извршил набљудување на селото 11 дена по настаните. Понатаму, извори за извештајот на HRW за релевантните настани во Љуботен,[543] за кој тој дал најголем допринос, и кој е основа на неговото сведочење, се пред сé неоспорени описи на етнички Албанци, жители на селото Љуботен, кои не биле проверени во споредба со други различни описи коишто ги слушна Советот.[544]

135. Исто така треба да се забележи дека во доказите кои се однесуваат на присуството на ОНА во Љуботен и прашањето за тоа дали Љуботен бил логистичка база, често се споменуваат „терористи“, вооружени групи или лица кои носеле црна облека, без да се користи терминот „ОНА“ како таков.[545] Во многу случаи станува збор само за терминологија и без намера да се прави разлика. Меѓутоа оваа разлика во терминологијата допира до едно прашање кое се споменува понатаму во Пресудата, односно дали во текот на настаните во ПЈРМ во 2001 имало неколку вооружени групи на етнички Албанци кои биле вклучени во борбите со полицијата и армијата.[546]

[539] М012, Т 936; Ќемуран Реџепи, Т 3519-3520; Исмаил Рамадани, Т 1011; Веби Бајрами, Т 1835; 1864.
[540] М012, Т 942; 961-962; Азиз Реџепи, Т 4660-4665; Елмаз Јусуфи, Т 548-550; Фатмир Камбери, Т 4570-4574; 4577; 4620; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 5; Веби Бајрами, Т 1847-1848; 1864; Седат Мурати, Т 4080-4083; 4109; М017, Т 706-708; Исмаил Рамадани, Т 1009-1010; Осман Рамадани, Т 1092-1095; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 20.
[541] Назим Буши, Т 5669-5670; 5678-5683; М088, Доказен предмет П206, став 12, 29; М092, Доказен предмет П215, став 28-30, 40; Исни Али, Т 3457-3458; Азиз Реџепи, Т 4665-4667; Ќемуран Реџепи, Т 3512; 3544; Елмаз Јусуфи, Т 550; Фаруш Мемеди, Т 2052; Веби Бајрами, Т 1864-1865; Седат Мурати, Т 4076.
[542] Азиз Реџепи, Т 4658; Ќемуран Реџепи, Т 3518; Исмаил Рамадани, Т 1009; Елмаз Јусуфи, Т 493-494; Фатмир Камбери, Т 4576-4577; Исмаил Рамадани, Т 1008-1009; 1029-1030; 1049; *види* исто така Назим Буши, Т 5607; 5647; 5883.
[543] Доказен предмет П352.
[544] Доказен предмет П352. Советот исто така забележува дека некои аспекти од неговото набљудување можеби биле под влијание на извештаи од медиумите. (Петер Букарт, Т 3074-3075)
[545] Игно Стојков, Т 8922-8923; Благоја Марковски, Т 10648. Советот забележува дека заклучокот на сведоците за структурата на една албанска вооружена група во Љуботен не се однесува на ОНА како таква; Доказен предмет 2Д101, став 333-334 и 343.
[546] *Види подолу*, став 211.

1. Присуство на ОНА и логистичка база во Љуботен

136. Од неколку извештаи кои се прифатени во доказните списи, се чини дека од првите месеци во 2001 и потоа, македонските власти добивале информации кои давале некаква основа за мислењето дека ОНА ја користела областа околу Љуботен за логистички цели,[547] особено приближно од јуни 2001. Имаше сведоци кои сведочеа дека од почетокот на 2001 сртот на Скопска Црна Гора над Љуботен се користел како канал за влез на ОНА и за транспорт на оружје од Косово во ПЈРМ.[548] Во овие извештаи не е наведено дека имало зачестен транспорт на оружје во месец август, или конкретно до настаните од 10.-12. август.[549] Покрај тоа, има докази во кои се сугерира дека од околу март 2001, некои селани од Љуботен започнале да обезбедуваат логистичка поддршка за ОНА.[550] Меѓутоа, во овие докази не е укажано дека имало значително зголемување на поддршката во временскиот период непосредно пред настаните од 10.-12. август.

137. И покрај потенцијалниот ризик од пренесувањето на оружје во областа на Башинец над Љуботен, во сведочењето на капетан Гроздановски, кој бил стациониран во армиската позиција кај Смок од јуни 2001 натаму, се сугерира дека општата безбедносна ситуација во регионот на Љубанци-Љуботен во периодот пред настаните во Љуботен била „добра“.[551] Немало борбени активности.[552] Неколку жители на Љуботен изразија слично мислење.[553] Иако од неговите армиски позиции имало добар поглед на Љуботен,[554] капетан Гроздановски не забележал борбени подготовки во селото во временскиот период пред настаните од 10.-12. август.[555] Иако, според еден сведок, војниците забележувале движење на луѓе, коњи и возила на падините над

[547] Зоран Јовановски, Т 4941-4950; Доказен предмет 1Д157; 1Д160; 1Д163, стр. 3; *види* исто така Т 5107-5108; Доказен предмет П438, со датум од 14. август 2001; 1Д160, стр. 2, „селото Љуботен е назначено за главна логистичка база на оваа група“, т.е. ОНА. *Види* исто така Митре Десподов, Т 2620-2621; М037, Т 819-823; М051, Т 4162; 4201-4202; Доказен предмет 2Д36; Марijо Јуришиќ, Т 3348-3349; М053, Т 1986; 1992; Во експертскиот извештај на Благоја Марковски се наведува дека Љуботен станал логистичка база за областа на Скопје за вооружени екстремистички групи (став 329, „кои се нарекуваат себеси ОНА“) во Кумановско-Липковскиот регион, уште од јуни 2001, Т 10864-10865; Доказен предмет 2Д101, став 342-343; *види* исто така 1Д162 стр. 6-7; *види* исто така Доказен предмет 1Д157; 1Д163. Во овие доказни предмети е наведено дека има движење на луѓе, и опрема во Башинец, над Љуботен, на пример, но не е наведено дека Љуботен, бил база.

[548] Зоран Јовановски, Т 4944; 4950; Митре Десподов, Т 2620-2621; М037, Т 820; *види* исто така М051, Т 4144-4147.

[549] Доказен предмет 1Д157; 1Д160; 1Д163, стр. 3; П438.

[550] М051, Т4154-4157; 4158-4159; 4161-4162; 4166-4168; Доказен предмет 1Д141; 1Д142; 1Д143; 1Д144; 1Д169; *види* исто така Доказен предмет 1Д157.

[551] Николче Гроздановски, Т 10405; 10468; 10514.

[552] Николче Гроздановски, Т 10411.

[553] Елмаз Јусуфи, Т 506; 546; М088, Доказен предмет П206, став 5; М092, Доказен предмет П215, став 3; Фаруш Мемеди, Доказен предмет П266, став 3.

[554] Николче Гроздановски, Т 10410; 10461-10462; 10471.

[555] Николче Гроздановски, Т 10411.

Љуботен во близина на Љуботенски Бачила во насока на Матејче,[556] сведокот сведочеше дека не биле преземени никакви дејства; тие активности „не претставуваа опасност за нас“.[557]

138. Обрнувајќи се на прашањето за присуството на ОНА во Љуботен, во доказите се сугерира дека одреден број жители на Љуботен биле припадници на ОНА,[558] и дека во Љуботен биле присутни поединечни членови на ОНА пред и во текот на настаните од 10.-12. август.[559] Понатаму има некои докази според кои може да се претпостави дека некои жители на Љуботен биле вмешани во поставувањето на нагазната мина кај Љуботенски Бачила на 10. август, што ја предизвикало смртта на осум војници на ПЈРМ.[560] Меѓутоа овие докази се базираат на документи на УБК подготвени од непознати лица кои забележале тврдења на неименувани лица. Освен тоа, овие документи се со датум неколку месеци по настаните во Љуботен и не им беа на располагање на полицијата или армијата во август 2001. Советот веќе се изјасни дека не е во можност да ги прифати како веродостојни. Исто така има некои докази дека лицата кои учествувале во поставувањето на мината подоцна се повлекле кон или во Љуботен.[561] Во извештаи кои се подготвени во исто време е забележано дека на 10. август полициска патрола од Мирковци, која била стационирана во близина на Љуботен, видела три вооружени лица во црни униформи помеѓу училиштето и гробиштето, на левата страна од патот, во куќите на семејството „Зендељовски“.[562] Поручникот Јуришиќ потврди дека на 10. август примил

[556] Николче Гроздановски, Т 10405-10406; Т 10469.
[557] Николче Гроздановски, Т 10472.
[558] М088, Доказен предмет П206, став 12; М092, Доказен предмет П215, став 28-30; М039, П200.2, став 32; Зоран Јовановски, Т 4951; Доказен предмет 1Д164; Назим Буши, Т 5607-5608.
[559] Зоран Јовановски, Т 4951-4952; Доказен предмет 1Д165; М052, Т 8461; 8534-8535; М051, Т 4150; 4218-4219; Доказен предмет 1Д162, стр. 6; Доказниот предмет 1Д24, специјален извештај на ОБСЕ за настаните во Љуботен со датум од 14. август, се повикува на присуството на „ВГЕА“ /Вооружени групи етнички Албанци/ во Љуботен во текот на борбените дејства. Хенри Болтон, претставник на ОБСЕ, го користеше терминот вооружени групи етнички Албанци (ВГЕА) кога се осврнуваше на ОНА, бидејќи терминот ОНА на македонски го има истиот акроним како и *KLA* (УЧК), Т 1607; Маријо Јуришиќ од неговите војници примил извештаи за движење на вооружени луѓе во црни униформи, и сведочеше дека тој знаел дека членовите на ОНА носеле црни униформи, Т 3347-3348; *види* исто така Доказен предмет 1Д34; 1Д166; *види* исто така Благоја Марковски, Доказен предмет 2Д101, став 342, кој се потпира на Доказен предмет според Правило 65*ter* 2D433, документ на МВР, во кој се забележани информации добиени од непознат оперативец, на 29. ноември 2001 во кој се вели дека на 26. јуни 2001, одреден број вооружени екстремисти кои учествувале во нападот на Арачиново, се вратиле пешки во Љуботен преку Раштак. Советот заклучува дека тврдењето на изворот на Благоја Марковски не е сигурно и нема да се потпира на овој доказ во отсуство на независна потврда, од причини наведени претходно во Пресудата.
[560] Зоран Јовановски, Т 4948; 4953-4954; Доказен предмет 1Д161; *види* исто така М052, Т 8535; *види* исто така Доказен предмет П438.
[561] Митре Десподов, Т 2642-2644; Маријо Јуришиќ, Т3357-3358; М053, Т 1974; 1985-1986; Петре Стојановски, Т 9307; М2Д-008, Т 10535-10540, Доказен предмет 2Д94, 2Д95. Советот забележува дека во воените извештаи подготвени во исто време е забележано дека армијата убила четворица „терористи“ кои наводно учествувале во нападот и не спомнуваат лица кои потоа се повлекувале во селото, Доказен предмет 1Д238; П301, во кој се изјавува дека „помала група“ од 3-4 терористи се повлекла во насока на село Љуботен.
[562] Благоја Тосковски, Т 4347-4348; Петре Стојановски, Т 9150-9151; *види* Доказен предмет 1Д20, стр. 12; П114; П151; 1Д84; 2Д44; 1Д145; 2Д42 стр. 4; Доказен предмет 1Д361 стр. 1; *види* исто така Доказен предмет 1Д137,

извештај дека три вооружени лица влегле во селото од насока на експлозијата, во околината на куќата на Зендељи.[563] Како што е утврдено на други места во Пресудата, во еден извештај за настанот од армијата подготвен во тоа време е наведено дека четворица терористи биле убиени од армијата додека бегале во насока на Љуботен.[564] Во еден извештај од полковник Блажо Копачев од 1-та гардиска бригада со датум од 10. август 2001 е забележано дека веднаш по експлозијата на нагазната мина кај Љуботенски Бачила, бил отворен оган на повредените војници на ПЈРМ и на војниците на ПЈРМ кои дошле да им помогнат, од *inter alia*, џамијата во Љуботен.[565]

139. Во еден воен армиски дневник од тоа време е забележано дека безбедносните сили на ПЈРМ сметале дека има група од 100 лица кои се движат во ридовите од Матејче кон, *inter alia*, Љуботен и Љубанци со намера да нападнат контролни пунктови на безбедносните сили.[566] Меѓутоа од сведочењето на М051 е јасно дека армијата ја гранатирала оваа група луѓе и ги спречила да влезат во селата.[567] Кога беше соочен со изјавата на командант Џезаир Шаќири, со прекар Хоџа, за КО М051 потврди дека било пратено зајакнување на ОНА со намера да влезат во селото Љуботен и да им се придружат на другите кои веќе биле таму; тој додаде дека тие ќе влезеле во Љуботен доколку македонската армија не ги гранатирала.[568] Имаше и сведоци кои сведочеа за забележаната опасност дека ОНА би можела да ги префрли своите акции во градот Скопје.[569] М051 потврди бројни документи со датум пред 12. август, во кои се известува дека ОНА планирала напад на Скопје.[570] Во еден запис во воен дневник на 1-та Гардиска бригада со датум од 11. август забележано е дека во 15.20 часот била примена информацијата дека Гзим Острени му наредил на Џавит Хасани[571] да ги нападне Раштак и Љубанци.[572] Меѓутоа во ниту еден од овие документи не се сугерира дека тие напади ќе се извршат од самото село Љуботен.

стр. 4, извештај од Министерството за одбрана со датум од 21. септември 2001, во кој е наведено дека на 10. август во околу 15.30 часот, полициската патрола која се наоѓала во Љуботен видела три вооружени и униформирани лица кои се движеле од училиштето кон гробиштата во селото.

[563] Маријо Јуришиќ, Т 3357-3358.

[564] Доказен предмет 1Д238.

[565] Доказен предмет 2Д103.

[566] М051, Т 4212-4213; Доказен предмет 2Д42, стр. 7-8.

[567] М051, Т 4212-4215; *види* исто така М092, Т 1323-1325.

[568] М051, Т 4214-4215.

[569] Благоја Марковски, Т 10693; М051, Т 4144-4147.

[570] М051, Т 4204-4206; 4208-4209; Доказен предмет 2Д38; 2Д39 стр. 3; 2Д40, стр 7; 2Д41.

[571] Назим Буши сведочеше дека Џавит Хасани бил одговорен за морал и информации во ОНА, Т 5941; Митре Десподов сведочеше дека имало сериозни закани дека неговите единици и позиции ќе биле нападнати од терористичка единица под раководство на Џавит Хасани (по се́ изгледа непосредно пред 10.-12. август), Т 2591; *види* исто така Доказен предмет 1Д161, оперативен разговор на МВР, 15. август 2001, каде што се сугерира дека Џавит Асани го организирал нападот со нагазната мина; *види* исто така Доказен предмет 1Д223.1, оперативен

140. Земајќи го предвид комплетниот доказен материјал накусо разгледан во претходните ставови, и признавањето на Обвинителството во Обвинението на 12. август дека имало 10-15 „вооружени албански борци“ во Љуботен,[573] Советот тука ги наведува своите заклучоци дека во периодот на релевантните настани одделни членови на ОНА биле од селото Љуботен и неколкумина припадници на ОНА биле присутни во Љуботен пред и во текот на настаните од 10.-12. август. Иако Советот прифаќа дека македонската полиција и армија имале информации кои укажувале на логистичка поддршка на ОНА од одредени селани од Љуботен во месеците пред настанот, и дека Љуботен имал логистичка функција за ОНА пред сѐ поради позицијата на селото долж транспортната линија на Скопска Црна Гора, Советот не е во можност да прифати дека Љуботен бил логистичка база на ОНА. На пример нема никакви докази за каков било центар на ОНА за дистрибуција или складирање во селото. Покрај тоа, доказите не го поткрепуваат мислењето дека имало зголемување ниту на логистичката поддршка на ОНА ниту на присуството на ОНА во селото во јули или август. Меѓутоа, Советот прифаќа дека имало информации кои ѝ биле на располагање на полицијата и на армијата дека некои од терористите кои учествувале во нападот со нагазната мина на 10. август побегнале во насока на Љуботен, од кои некои биле убиени, но имало сомнение дека некои други се криеле во селото. Поради ова, Советот прифаќа дека врз основа на информациите коишто ѝ биле на располагање на полицијата, имало легитимна причина за полицијата да влезе во селото Љуботен на 12. август поради сомневање дека во него има присуство на терористи или ОНА.

2. Македонската армија стационирана во близина на Љуботен

141. Во август 2001, македонската армија имала неколку позиции околу Љуботен. Најблиската позиција до селото била „Смок“, која се наоѓала на планината над Љуботен.[574] Оддалеченоста од Смок до православната црква и џамијата во Љуботен е меѓу еден и два километри.[575] Позицијата Смок била стратешка позиција од каде имало добар поглед на

разговор на УБК со датум од 22. август, каде што се тврди дека „Џавит Асан“ стоел зад поставувањето на мината. Советот забележува дека овој разговор бил извршен со оперативецот по неговото апсење и Советот не му дава големо значење на тој разговор од следната причина – „оперативецот“ е брат на сведоците Исмаил и Осман Рамадани (види Исмаил Рамадни, Доказен предмет П188, став 6; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 2)

[572] Доказен предмет 1Д85.

[573] Обвинение, став 68.

[574] Митре Десподов, Т 2660; Маријо Јуришиќ, Т 3292; 3295-3296; 3319; Доказен предмет П298; П366; Николче Гроздановски, Т 10409-10410; 10464-10465; Доказен предмет 2Д86; П596; М2Д-008, Т 10533.

[575] Николче Гроздановски, Т 10462; Доказен предмет П595.

поголемиот дел од селото, особено подрачјето околу џамијата.[576] Оваа позиција била пополнета со пет војници од 2-та пешадиска чета од 1-та гардиска бригада, вклучувајќи и снајперист со 7.9-мм снајперска пушка. Единицата распоредена на Смок имала и четири автоматски пушки и еден митралез.[577]

142. Следната позиција, малку подалеку од Љуботен, се викала „Бомба“.[578] На Бомба имало поставени 82-мм минофрлачи и топови.[579] Тие најверојатно ѝ припаѓале на 2-та пешадиска чета, која имала вод со 82-мм минофрлачи и топовски вод со 76-мм топови.[580]

143. Друга минофрлачка батерија била позиционирана веднаш над детското одморалиште во Љубанци, во близина на манастирот Свети Никола.[581] Минофрлачите од батеријата биле поставени на место познато како „Зверо“, во една долина на северо-западниот дел на падината надолу кон Љуботен. Селото не било видливо од оваа позиција.[582] Батеријата имала 120-мм минофрлачи. Љуботен бил во тесниот опсег на дострелот на тие минофрлачи.[583] Тие биле поставени во три насоки: два минофрлачи биле насочени кон Црн Камен, во близина на селото Бродец, два кон Бел Камен, и два кон Љуботен.[584] За секој минофрлач биле поставени репери. Реперите поставени во насока на селото Љуботен биле вперени кон црквата, џамијата, гробиштето и работилницата.[585] Оваа минофрлачка батерија имала посматрачница со двајца војници на едно место наречено Здравец, кое било погоре на падината на којашто се наоѓале позициите Смок и Бомба.[586]

144. Според сведочењата на припадници на армијата од воените единици кои биле позиционирани во областа на Љуботен, а тоа е забележано и во воени извештаи подготвени во тоа време, на 12. август 2001, во околу 08.00 часот, бил отворен оган на нивните позиции од селото. Капетанот Гроздановски сведочеше, што е укажано и во неговиот извештај од тоа време,

[576] Митре Десподов, Т 2660; Николче Гроздановски, Т 10410; 10462; 10471.
[577] М2Д-008, Т 10534; 10563; Николче Гроздановски, Т 10467.
[578] Митре Десподов, Т 2666-2667; Маријо Јуришиќ, Т 3292; 3295-3296; 3319; Доказен предмет П298; П366; Николче Гроздановски, Т 10409-10410; 10464-10465; Доказен предмет 2Д86; П596.
[579] Николче Гроздановски, Т 10419-10420.
[580] Николче Гроздановски, Т 10401; 10436; 10458-10459; сведокот се повикува на „1-от пешадиски одред чиј командант бил Јуришиќ Марио“, додека Советот прифаќа дека тоа се однесува на 2-та пешадиска чета под команда на поручник Јуришиќ; Маријо Јуришиќ, Т 3352.
[581] Николче Гроздановски, Т 10399.
[582] Николче Гроздановски, Т 10404; 10460; Доказен предмет П595; П596; Маријо Јуришиќ, Т 3292.
[583] Николче Гроздановски, Т 10401; 10458; 10465; Маријо Јуришиќ, Т 3325.
[584] Николче Гроздановски, Т 10403.
[585] Николче Гроздановски, Т 10403-10404.
[586] Николче Гроздановски, Т 10401; Доказен предмет П595.

дека минофрлачката батерија отворила оган во околу 09.00 часот[587] и тоа траело до 10.00 часот, испукувајќи вкупно 16 гранати од нивните 120-мм минофрлачи.[588] Во еден воен извештај се укажува дека една друга единица која била активна во таа област, 2-та пешадиска чета, започнала со жестоко пукање набрзо по 09.20 часот.[589] Поручник Јуришиќ, командантот на таа чета, сведочеше дека се пукало од 82-мм минофрлачи и два 76-мм топови.[590] Според извештаи од истиот период, по 10.00 часот немало пукање од позициите на армијата кон селото Љуботен освен пукање во насока на гробиштата, што продолжило до некое време по 11.00 часот.[591] Иако Советот обрна внимание на овие извештаи и на сведочењата на сведоците Гроздановски и Јуришиќ и друг персонал на армијата, од причини кои се поцелосно разгледани подолу и на други места во оваа Пресуда, Советот го изнесува своето мислење дека во многу погледи армиските извештаи подготвени во тоа време и сведочењата на овие сведоци не се точни или веродостојни и всушност се смислени армијата да го оправда пукањето и да презентира погрешен опис на целите и времето кога армијата пукала. Според заклучоците на Советот, со пукањето од 120-мм и 82-мм армиски минофрлачи започнала операцијата во Љуботен на 12. август. Пукањето започнало околу 08.00 часот.

3. Можни позиции на ОНА кои биле цели во Љуботен на 12. август

145. Одбраната тврди дека една од локациите од каде што бил отворен оган на 12. август била позицијата на ОНА, блиску до православната црква, која се состоела од неколку куќи.[592] Како што е утврдено од доказите, неколку членови на семејството Јусуфи живееле во еден ред од куќи во тоа подрачје, кое било кон северо-исток од црквата.[593] Двајца сведоци го означија тој ред куќи на членовите на семејството Јусуфи како локација од која бил отворен оган на 12. август, имено капетан Гроздановски и друг еден сведок од армијата М2Д-008.[594] Воениот

[587] Доказен предмет 1Д26; Николче Гроздановски, Т 10416.
[588] Доказен предмет 1Д25.
[589] Доказен предмет 1Д26.
[590] Маријо Јуришиќ, Т 3325.
[591] Доказен предмет П306, 1Д25; 1Д26. Во друг воен извештај се укажува дека полковникот Копачев кој бил на позициите на 3-от гардиски баталјон во регионот на Љуботен помеѓу 11.30 и 13.00 (Митре Десподов, Т 2584; Доказен предмет П303; П304) им наредил на своите војници да престанат со пукање; Доказен предмет П304. Меѓутоа мајорот Десподов сведочеше дека во времето кога пристигнал полковникот, борбените активности на неговите единици престанале; Митре Десподов, Т 2584.
[592] Завршен поднесок на одбраната на Тарчуловски, став 200.
[593] *Види погоре*, став 43.
[594] Николче Гроздановски, Т 10416-10418; Доказен предмет 2Д87; *Види* исто така Доказен предмет 1Д281.3, „Ц-1“ ознака за локацијата на 3-4 терористи од каде што бил отворан оган; М2Д-008, Т 10543; 10544-10546; Доказен предмет 2Д96; *види* Доказен предмет П427, на којшто Фатмир Камбери ја означи локацијата на куќите на семејствата Јусуфи/Рашити.

извештај на капетан Гроздановски не е толку конкретен како неговото сведочење но се споменува дека бил отворен оган од „секторот околу црквата“.[595] Иако во сведочењето на поручник Јуришиќ има обид да се потврди дека овој извештај одговарал на информацијата што тој ја знаел на 12. август,[596] во неговиот сопствен извештај од тоа време не се споменува област блиску до црквата.[597] Се споменуваат „ДТГ“ (дивергентни-терористички групи) во „предниот дел“ на селото но тоа е премногу неодредено и опширно за да упатува на област блиску до црквата. Во своето сведочење, капетан Гроздановски тврдеше дека видел група од околу четири до пет терористи кои пукале од куќите, „пред црквата, на левата страна“. Тој додаде дека имало двор заграден со ѕид, и дека тие пукале од балконот и од прозорците.[598] Капетан Гроздановски првпат спомена пукање од овие куќи кога беше распрашуван како осомничено лице од КО. Ова беше понудено како оправдување за пукањето од минофрлачи и друго оружје од армијата во почетните моменти на операцијата во селото на 12. август 2001. Според извештај подготвен од капетан Гроздановски во времето на настаните, неговата минофрлачка батерија испукала осум минофрлачки гранати во куќите во подрачјето на црквата, вклучувајќи и група куќи кои, како што покажуваат доказите, му припаѓаат на семејството Јусуфи.[599]

146. Меѓутоа, Советот забележува дека ниту еден од сведоците кои во времето на релевантните настани биле во куќата на Елмаз Јусуфи, која е во групата куќи наводно гранатирани од армијата, не сведочеше за настаните. Единствените експлозии кои ги слушнал Елмаз Јусуфи биле предизвикани кога полицајците се обидувале да ги отворат портите на куќите во таа област, така што ги кревале во воздух.[600] Неговата сопруга Зенеп Јусуфи и неговиот роднина Музафер Јусуфи, и двајцата биле во истата куќа на 12. август 2001, не биле сведоци на непријателско гранатирање во текот на тој ден. Значајно е што куќите на членовите на семејството Јусуфи се блиску една до друга, и поради тоа не може да се прифати дека звукот од експлозија на минофрлачка граната во една куќа не би се слушнал од лица кои се во друга од овие куќи. Покрај тоа, Петер Букарт ги набљудувал куќите на улицата која минува низ

[595] Доказен предмет 2Д31 (исто како и Доказен предмет 1Д25, којшто се однесува на „областа околу црквата“).
[596] Маријо Јуришиќ, Т 3378-3379.
[597] Доказен предмет П306; *види* исто така Доказен предмет 1Д26, каде што се споменуваат „терористи“ на „почетокот“ на селото.
[598] Николче Гроздановски, Т 10417.
[599] Доказен предмет 1Д25; Николче Гроздановски, Т 10416-10419; Доказен предмет 2Д87. Советот забележува дека на фотографија означена во текот на неговиот разговор со КО во својство на осомничен во 2004, Николче Гроздановски посочил поконкретна локација од каде што бил отворен оган во врска со редот куќи на семејството Јусуфи, и го потврди тоа што било означено на оваа фотографија, односно дека четири до шест минофрлачи стрелале во таа насока, Т 10499-10500; Доказен предмет 1Д281.3.
[600] Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 22.

соседството[601] и забележал дека сите оџаци од оштетените куќи долж оваа улица сé уште стоеле на куќите, што нему му укажало на тоа дека оштетувањето не било од експлозија на гранати, туку било причинето од горење.[602] Советот заклучува дека оган, а не гранатирање од минофрлачи, била причината за оштетувањето. Според тоа произлегува дека ниту една од минофрлачките гранати испукани од армијата не ги погодила куќите на семејството Јусуфи. Советот не е во можност да прифати дека овие куќи не би биле конкретни цели на армијата доколку навистина толку јасно и конкретно била забележана агресивна воена активност од куќите на семејството Јусуфи на 12. август. Поради ова и откако го одмери општиот комплетен доказен материјал во врска со ова прашање, се прифаќа дека од овие куќи на семејството Јусуфи на 12. август не бил отворен оган, вклучувајќи ја и куќата на Рами Јусуфи.[603]

147. Од доказите се утврдува дека куќата на Далип Мурати, западно од црквата, можеби била гранатирана на 10. август,[604] и дека плевната до неговата куќа, а веројатно и самата куќа, биле исто така гранатирани на 12. август, како и куќата на Јакуп Мифтари, друг етнички Албанец кој живеел во тој крај.[605] Од позицијата на полициското контролен пункт Страиште утрото на 12. август биле видени три лица во црна облека како трчаат меѓу куќите и дворовите југо-западно од црквата,[606] еден од нив носел автоматска пушка.[607] Меѓутоа ова не може да се прифати дека тоа било видено кај куќата на Далип Мурати. Како што е споменато погоре, на фотографија приложена кон разговорот на КО во 2004 со капетан Гроздановски во својство на осомничен, тој означил локација западно од црквата од каде што рекол дека бил отворен оган од пушки кон

[601] Петер Букарт, Доказен предмет П322, став 57-59; Петер Букарт, Т 2964-2973; Доказен предмет П335.
[602] Петер Букарт, Т 2968.
[603] *Види погоре*, став 45.
[604] М012 ја означи со „7“ куќата на „Хаџи Далипи“ како една од локациите каде што видел дека паѓаат гранати на 10. август, Т 965; 967-968; Доказен предмет 2Д13. Советот забележува дека лицето споменато како „Хаџи Далипи“ е истото лице како и „Далип Мурати“ (Петер Букарт, Доказен предмет П322, став 51; Фатмир Камбери, Т 4607; 4608); Друг доказ кој укажува на можноста дека оваа куќа била гранатирана на 10. август е обезбеден од М092, кој дознал на 10. август дека Далип Мурати бил ранет при гранатирањето, но не се споменува конкретно дека куќата на Далип Мурати била гранатирана, Доказен предмет П215, став 7; *види* исто така Фаруш Мемеди, кој изјави дека видел удар (на граната) под црквата на 10. август, и дека подоцна дознал дека Далип Мурати загинал од гранатирањето, но не вели конкретно дека неговата куќа била гранатирана тој ден или дека Далип Мурати загинал на тој ден, Доказен предмет П266, став 3. Меѓутоа, Советот има сведочење од еден член на семејството, поткрпено од други, дека Далип Мурати всушност загинал на 12. август.
[605] Седат Мурати, Т 4059-4063; Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 15-19, 24-26; Доказен предмет П407; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 13, 14. Во текот на неговото сведочење, сведокот се чини дека сугерира дека плевната на „Хаџи Далипи“ се запалила на 10. август како резултат на гранатирањето, Т 4606-4607. Во неговата изјава според правило 92bis тој изјавува дека плевната, а можеби и куќата на Далип Мурати биле гранатирани на 12. август. Советот прифаќа дека неговата куќа била гранатирана на 12. август и дека е можно исто така да била гранатирана и на 10. август.
[606] М037 сведочеше дека видел движење на луѓе на десната страна од црквата, гледано од контролниот пункт Страиште, што е на југозапад, Т 828.
[607] М037, Т 828.

неговата армиска позиција утрото на 12. август.[608] Меѓутоа при споредување со други мапи се укажува дека оваа означена позиција е понатаму на запад од куќата на Далип Мурати.[609] Според тоа, Советот не е во можност да прифати од доказите дека на 12. август се пукало од куќата на Далип Мурати. Покрај тоа, иако доказите ја оставаат отворена можноста некои членови на семејството Мурати да биле членови на ОНА,[610] нема докази дека Далип Мурати бил член на ОНА или дека неговата куќа се користела како позиција на ОНА на 12. август.

148. Има докази коишто би можеле да укажат дека првите минофрлачки гранати кои паднале во Љуботен на 12. август биле испукани од ОНА. Хенри Болтон, лице кои има воено искуство, од локалната канцеларија на ОБСЕ во Радишани, оддалечена два километри од Љуботен,[611] слушнал гласна детонација во 08.05 часот од, според неговото мислење, 120-мм минофрлачки гранати; видел како се крева чад од областа блиску до една бела зграда во близина на православната црква во Љуботен, но не беше во можност прецизно да ја одреди точната локација на ударот на фотографија.[612] Хенри Болтон укажа дека имало потенцијални цели за ОНА, една од кои била полициска позиција или контролниот пункт во близина на црквата.[613] Хенри Болтон сметал дека македонските сили во регионот немале 120-мм минофрлачи, и поради тоа мислел дека тоа мора да била ОНА како ја напаѓа оваа полициска позиција.[614] Во специјалниот извештај на ОБСЕ за настаните во Љуботен со датум од 16. август 2001 се пренесени видувањата на г. Болтон дека првата минофрлачка граната, за која се сметало дека била со калибар од 120-мм, паднала во близина на православната црква, во, како што беше опишано, македонскиот дел од селото.[615] Во друг документ, од амбасадата на Република Германија со датум од 16. август 2001, е забележано дека „нема сомнение“ дека првите три минофрлачки гранати испукани на 12. август биле насочени кон безбедносните сили.[616] Меѓутоа, се чини дека овој документ е заснован на информации добиени од соопштение за печат на ОБСЕ.

---

[608] Доказен предмет 1Д281.3, ознака „Ц-4“.
[609] Доказен предмет П407; 2Д13 ознака „7“; 2Д48 ознака „1“.
[610] М088, Доказен предмет П206, став 12; М088, Т 1213-1214; М092, Доказен предмет П215, став 28.
[611] М084, Т 1495.
[612] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 6; Хенри Болтон, на сведокот му беше тешко прецизно да ја означи локацијата од каде што видел како се крева чад во близина на црквата, па го означува местото приближно, Т 1672-1673; Доказен предмет 1Д21, 1Д22.
[613] Хенри Болтон, Т 1674; Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 6; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 12; Елмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.2, став 6; *види* исто така Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 10-11.
[614] Хенри Болтон, П236.1, став 6.
[615] Доказен предмет 1Д24, стр. 3.
[616] Доказен предмет 1Д224.

149. Меѓутоа спротивно на мислењето на Хенри Болтон, македонската армија всушност имала 120-мм минофрлачи во тој регион, од кои било пукано тоа утро. Реперите за овие минофрлачи биле поставени. Еден од нив била црквата.[617] Секако дека Хенри Болтон ги слушнал и ги набљудувал настаните на оддалеченост од приближно два километра. Тој не бил сигурен за позицијата од каде што видел дека се кревал чад. Според заклучоците на Советот, тој погрешил во припишувањето на овој минофрлачки оган на ОНА, и во заклучокот дека минофрлачките гранати паднале во македонскиот дел од селото. Според заклучоците на Советот првата минофрлачка граната експлодирала во станбена област на етнички Албанци, која е западно од, но во околината на, православната црква. Тие биле испукани од македонските армиски минофрлачи во, или набрзо по, 08.00 часот на 12. август. Тие не биле испукани како одговор на отворен оган од ОНА, од селото или од друго место, и покрај некои сведочења на сведоци од армијата кои се спротивни.[618]

150. Капетанот Гроздановски и неговиот подреден М2Д-008 исто така во своите сведочења сугерираа дека всушност ги виделе тие минофрлачки гранати кога паднале на куќите во македонската област на Љуботен, при што посочената позиција беше западно од црквата. Нема докази дека која било куќа во македонската област била оштетена тоа утро. Единствените две куќи кои биле гранатирани биле куќите на двајца етнички Албанци, Јакуп Мифтари и Далип Мурати (неговата плевна и можеби неговата куќа). Во поширок смисол, овие куќи се во близина на црквата и блиску до македонската станбена област. Овие две куќи се блиску до локацијата која капетанот Гроздановски ја посочил во текот на неговиот разговор во својство на осомничен во 2004[619] како локација од која, според сведокот, бил отворен оган со пушки кон армијата.[620]

151. Покрај тоа, во ниту еден од извештаите од тоа време на припадници на армијата во врска со настаните од 12. август не е забележано гранатирање на македонски куќи од страна на ОНА. Всушност во извештаите е наведено дека армијата возвратила на пукање од селото насочено *кон армиските позиции* во приближно 08.00.[621] Значајно е и тоа што капетан Гроздановски не споменал дека тие три наводни минофрлачки гранати на ОНА паднале на македонски куќи ниту

[617] Николче Гроздановски, Т 10404; 10526-10527.
[618] *Види* на пример, Николче Гроздановски, Т 10416-10417; 10499; Доказен предмет 1Д281.3, фотографија која Николче Гроздановски ја означил во текот на неговиот разговор во 2004 година со КО, каде што со ознаката „Ц-4“ е означен појдовен оган од пушки; Доказен предмет 1Д25; 1Д26: П306.
[619] Седат Мурати, Т 4059-4063; Доказен предмет П406; П407, куќата на Јакуп Мифтари означена со „1“, исто така е означена и куќата на Далип Мурати, Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 16-19, 24-26; види исто така М012, Т 967-968, Доказен предмет 2Д13, куќата на Далип Мурати е означена со „7“.
[620] Николче Гроздановски, Доказен предмет 1Д281.3, ознака „Ц-4 Пушки“, се однесува на „пукање од пушки“.
[621] *Види* на пример, Доказен предмет 1Д25 (исто како и 2Д31); 1Д26; П306.

во текот на неговиот разговор во својство на осомничен во 2004, ниту во неговиот извештај од тоа време за настаните во Љуботен на 12. август.[622] Поради тоа, Советот заклучува дека капетан Гроздановски и М2Д-008 ги измислиле своите сведоштва пред овој Совет дека минофрлачки гранати на ОНА паднале во овој дел на селото во приближно 08.00 часот на 12. август 2001. Според заклучоците на Советот единствените минофрлачки гранати кои паднале во тој дел на селото приближно во тоа време биле испукани од армијата во околу 08.00 часот. Тие гранати ја погодиле куќата на Јакуп Мифтари, плевната на Далип Мурати и можеби неговата куќа.[623] Исто така поради овие причини, и поради отсуство на уверливи докази во спротивното, Советот не го прифаќа сведочењето на капетан Гроздановски ниту на М2Д-008 дека армијата ги испукала тие минофрлачки гранати како реакција на отворен оган од оваа област на селото кон армиските позиции.

152. Други места кои се сметале за позиции на ОНА, според тврдењето на Одбраната, се наоѓале во густо населена област, којашто еден сведок ја нарече „Долно Маало“, или старо село,[624] како и во близина на џамијата.[625] Втората област се спојува со областа Долно Маало којашто е малку кон запад. Тоа е густо населена облст, и во неа се наоѓале *inter alia* и куќите на Абдула Љутфиу, Назим Муртезани, Харун Реџепи и Исмет Реџеповски (Реџепи). Како што е детално опишано на други места, овие куќи биле уништени или оштетени од полицајците под раководство на Јохан Тарчуловски на 12. август.[626] Советот нема веродостојни докази да се поддржи тврдењето на Одбраната дека овие лица биле членови на ОНА.[627]

[622] Николче Гроздановски, Т 10500-10501; Доказен предмет 2Д31; неговото објаснување за овој пропуст беше дека на мапата која е приложена кон неговиот прв разговор во својство на осомничен тој ги обележал само гранатите кои биле испукани од неговите минофрлачи, и не ги споменал во неговиот извештај од тоа време поради тоа што мајорот Десподов побарал од него да ги вклучи само локациите на целите во кои пукала армијата. Советот не ја прифати логиката на ова објаснување или вистинитоста на неговото сведочење. Доколку гранати на ОНА навистина паднале во селото на почетокот на операцијата тоа утро тоа би било многу значајно и би било наведено во некој извештај на армијата. Тоа не е наведено во ниту еден извештај.

[623] Седат Мурати, Доказен предмет П405, став 17; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 13, 14; *види* исто така Николче Гроздановски, Т 10501-10505; 10526-10527. Се чини дека гранати биле испукани во околината на црквата каде што живееле Албанци.

[624] М2Д-008, Т 10547-10548; 10575.

[625] Завршен поднесок на одбраната на Тарчуловски, став 201-202.

[626] *Види погоре*, став 49.

[627] Советот забележува дека иако има докази дека Бесим Муртезани, *којшто можеби им е роднина*, бил член на ОНА (М088, Доказен предмет П206, став 12; М092, Доказен предмет П215, став 28), од доказите не може да се утврди дека Назим Муртезани бил член на ОНА; види исто така Доказен предмет 1Д146, тестот парафинска ракавица извршен на неколку членови на семејството Муртезани бил позитивен.

153. Има докази дека полицајците наишле на отпор од митралез од куќа во близина на еден мост.[628] М037 на фотографија означи мост приближно во центарот на селото и сведочеше дека утрото на 12. август Јохан Тарчуловски му рекол дека на таа локација имало некои луѓе во црни униформи.[629] Овие докази не укажуваат дека на полицајците било пукано од оваа област. И М2Д-008 и капетанот Гроздановски на фотографии означија позиција во околината на таа локација од којашто тврдеа дека бил отворен оган на армијата на 12. август.[630] Капетан Гроздановски опиша една стара куќа[631] од којашто рече дека се пукало од снајпер кон армијата како и кон полицијата.[632] Меѓутоа, М2Д-008 означи друга куќа источно од таа означена од капетан Гроздановски.[633] Покрај тоа, тој сведочеше дека бил отворен оган од митралези и снајпери кон армиските позиции од локацијата којашто тој ја означи.[634] Советот смета дека сведочењето за суштинските настани од тоа утро на двајцата сведоци, споменато погоре, не е вистинито. Иако Советот прифаќа дека М037 разговарал со обвинетиот Јохан Тарчуловски за области во селото кои биле значајни за или ја засегале полициската единица при нивното движење низ селото, и дека можеби било споменато дека биле забележани мажи во црни

[628] М051 ги потврди доказите од својот бележник, каде што има информации добиени од состанок со армиски офицери и од неколку разговори на сведокот со армиски офицери на 12. август, дека на овој мост полицајците наишле на отпор од куќата која му припаѓала на „Ќенан“. Во бележникот и извештајот на сведокот од тоа време било забележано дека била побарана помош од армијата да испука граната од минофрлач на куќата и мостот. Понатака било забележано дека армијата пукала со минофрлач и топ на куќата на Ќенан и на мостот, Т4119-4120; 4124-4126; 4171; Доказен предмет П302, стр. 14-15 (N001-4712-N001-4713); *види* исто така Доказен предмет П303, стр. 2; 1Д30.

[629] М037, Т 781; 831; Доказен предмет П38, каде што мостот е означен со крст. Советот забележува дека мостот што М037 го означи е многу веројатно мостот споменат од М051 што се однесува на локацијата каде што полицајците наишле на отпор рано утрината, т.е. мостот и куќата на „Ќенан“, за којшто Советот смета дека е првакот на селото Кенан Салиевски (*види*, на пример, Доказен предмет 1Д30). Меѓутоа на МГМ мапата не е означена куќата на Кенан Салиевски. Покрај тоа, Советот не може да биде сигурен дали во селото имало еден или повеќе мостови.

[630] Советот напомнува дека М2Д-008 и капетан Гроздановски означија две различни куќи кои се блиску една до друга во областа којашто М2Д-008 ја нарече Долно Маало, на патот кој водел од мостот кон Џамијата, веднаш преку мостот; М2Д-008, Т 10543; 10547; Доказен предмет 2Д97, ознака „1“; Николче Гроздановски, Т 10422-10423; Доказен предмет 2Д89; види исто така Доказен предмет 1Д25 (исто како и 2Д31); *види* исто така Доказен предмет 1Д281.2, ознака „Ц-2“ како локација на снајпери, означена од капетан Гроздановски во текот неговиот разговор со КО во 2004 во својство на осомничен; *види* исто така М037, Т 781; 830-831; Доказен предмет П38, каде што мостот е означен со крст.

[631] Николче Гроздановски, Т 10421-10423; Доказен предмет 2Д89, куќа означена со „1“.

[632] Николче Гроздановски, Т 10421-10423; Доказен предмет 2Д89, ознака „1“; Доказен предмет 1Д281, фотографија којашто Николче Гроздановски ја означил во текот на неговиот разговор во својство на осомничен со КО во 2004, каде што со „Ц-2“ е означено пукањето од снајпер, на коешто, според сведокот, армијата реагирала со испукување на 6-8 минофрлачки гранати; *види* исто така Доказен предмет 2Д31 (исто како и 1Д25).

[633] М2Д-008, Т 10543; 10546-10547; Доказен предмет 2Д97, ознака „1“.

[634] М2Д-008 сведочеше дека ја одредил точната локација од каде што пукал снајперистот така што ставил шлем на еден камен; шлемот бил погоден и според тоа од која страна бил погоден шлемот тие одредиле дека пукањето од снајпер доаѓало „директно од околината на Долно Маало“, Т 10546; *види* исто така Доказен предмет 1Д26, извештај од Дарко Брашнарски во кој се вели дека снајперист пукал во армиската позиција „Б-1“ и дека притоа еден шлем кој бил ставен на вреќи со песок (sic) бил погоден и оштетен. Советот забележува дека М2Д-008 сведочеше дека бил отворен оган од снајпер и од областа Долно Маало попладнето во петок на 10. август, Т 10540-10542; 10589-10591.

униформи или облека во близина на мостот, Советот забележува дека не било споменато пукање на полицајците од оваа позиција. И покрај тоа што не е во можност да прифати како вистинито сѐ што изнесоа овие сведоци во нивното сведочење, Советот е свесен за доказите за снајперски оган кон армиските позиции од оваа област, и за извештаи за митралез, и прифаќа дека можеби се верувало дека се дејствувало со снајпер или митралез против армијата или полицијата од оваа позиција.

154. Исто така има докази дека во текот на утрото на 12. август бил отворен оган од областа во која се наоѓа џамијата.[635] Џамијата и областа околу џамијата веќе биле цел на гранатирање од армијата на 10. август.[636] Во извештајот на капетан Гроздановски е забележано дека на 12. август неговата минофрлачка батерија испукала пет минофрлачки гранати во една стара куќа околу 100 метри под џамијата.[637] Има докази дека 2-та пешадиска чета пукала со своите топови во една стара куќа под џамијата.[638] Меѓутоа, Советот слушна сведочења на жители од таа област, Азиз Реџепи и Ќемуран Реџепи (кој во тоа време живеел во куќата на Исмет Реџепи (Реџеповски)). Ниту еден од нив не зборуваше дека нивните куќи или куќите во близина биле гранатирани.[639] Кога ќе се земе предвид дека куќите на Назим Муртезани, Абдула Љутфиу и Харун Реџепи се многу блиску една до друга,[640] тешко е да се прифати дека Азиз и Ќемуран Реџепи не би го слушнале ударот на гранати од минофрлачи или топови. Меѓутоа во текот на неговата посета на Љуботен на 23. август 2001, Петер Букарт забележал траги од огнено оружје на надворешните ѕидови на имотот на Назим Муртезани, иако се разбира дека не можеше да

[635] М2Д-008, Т 10546-10549; Доказен предмет 2Д97 ознака „2“; Маријо Јуришиќ ја означи таа општа област до џамијата од каде што бил отворен оган или од снајпер или од митралез, но сведочеше дека не е во можност да ја означи точната куќа Т3373-3376; Доказен предмет 2Д29; види исто така Доказен предмет П306, извештајот на Маријо Јуришиќ од тоа време во кое таа куќа е опишана како „стара куќа под џамијата“. Николче Гроздановски спомену ва „стара куќа 100 метри под џамијата каде што најверојатно имало снајпер“, во неговиот извештај од тоа време, Доказен предмет 1Д25; меѓутоа во неговото сведочење тој не зборуваше за локација во директна близина на џамијата како локација од која бил отворен оган. Наместо тоа тој означи локација која е повеќе кон центарот на селото, на патот кој води до мостот, Т 10422-10423; Доказен предмет 2Д89, ознака „1“. Ова е локација која според заклучок на Советот е во областа опишана како Долно Маало. Неколку сведоци сведочеа дека бил отворен оган од џамијата но не означија фотографија; М037, Т 828; 832; Митре Десподов, Т 2597; 2676; М051, Т 4223; види исто така Доказен предмет 1Д26.

[636] М012, Т 966-967; Доказен предмет 2Д11; М017, Т 722; Доказен предмет 2Д4; Фатмир Камбери, Доказен предмет П426, став 7; Елмаз Јусуфи, Т 557-558; 564; Доказен предмет 2Д1; види исто така Мамут Исмаили, Доказен предмет П219.1, став 2, 3; Мамут Исмаили, Доказен предмет 219.2, став 2; М037 сведочеше дека бил отворен оган од насока на џамијата, и била погодена куќа (кај или во близина на) контролниот пункт Страиште, каде што бил сведокот во тоа време, Т 832.

[637] Доказен предмет 1Д25 (исто како и Доказен предмет 2Д31); 2Д89.

[638] Доказен предмет П306; Маријо Јуришиќ, Т 3375; Доказен предмет 2Д29.

[639] Ќемуран Реџепи, Доказен предмет П372; Ќемуран Реџепи, Т 3555; Азиз Реџепи, Доказен предмет П432.

[640] Доказен предмет П433; П411.

каже кога се случило тоа.[641] Меѓутоа тој не забележал друго оштетување нанесено од огнено оружје. Има докази дека на 10. август минофрлачка граната испукана од армијата експлодирала на макадамската патека помеѓу куќата на Назим Муртезани и Невзат Муртезани. Тоа би ги објаснило трагите на надворешните ѕидови. Ефектот на овој доказен материјал е да го увери Советот, и Советот заклучува дека овие куќи и куќите во нивна близина не биле погодени од оган од минофрлачи или топови на 12. август 2001. Доколку бил отворен оган од куќа во оваа област, можело да се очекува од армијата да возврати со отворање оган кон таа куќа. И покрај тоа, областа од којашто воените сведоци рекоа дека бил отворен оган и којашто ја означија – иако различно и нејасно – на фотографии, е голема и опфаќа и голем број други куќи, од кои некои се наоѓаат на одредена оддалеченост од куќите на Азиз и Ќемуран Реџепи. Иако Советот укажа дека не е во можност да прифати како вистинито сé што некои од овие армиски сведоци изјавија при нивното сведочење за настаните на 12. август, Советот е свесен дека од доказите кои му се на располагање не може да биде сигурен дека некаде во означената област не паднале армиски гранати. Советот прифаќа дека можеби армискиот персонал верувал дека бил отворен оган од куќа во областа означена на фотографиите.

155. На Советот му беа презентирани многу докази за пукање од или на група куќи во северо-источниот дел на Љуботен во околината на патот за Раштак. Одбраната тврдеше дека на тој пат ОНА имала позиција, којашто се сотоела од четири идентични куќи и една одвоена куќа северно од патот.[642] Тие куќи им припаѓале на членовите на семејството Јашари, *inter alia* и на Ќани Јашари. Советот забележува дека имаше сведоци кои на фотографии ја означија куќата на Ќани Јашари на северниот дел од патот, и куќите на членови на семејството Јашари појужно од патот за Раштак.[643] Капетанот Гроздановски сведочеше дека имало известувања дека бил отворен оган

[641] Петер Букарт, Т 2984; Доказен предмет П347. Куќата на Назим Муртезани е во близина на областа која наводно била цел на топови, види Доказен предмет П410; П411; 2Д29, ознака „3“. Слично на тоа, единственото оштетување за кое Петер Букарт даде известување во однос на куќата на Џефки Хусеини, која се наоѓа на другата страна на улицата од куќите на Исмет Реџеповски и Абдула Љутфиу (Доказен предмет П334) била нанесена од проектил на Зоља; Петер Букарт, Т 2980-2982; П345; Петер Букарт, доказен предмет П322, став 64 и 65.

[642] Завршен поднесок на одбраната на Тарчуловски, став 204.

[643] Николче Гроздановски, Т 10421; 10424-10428; 10521-10523; Доказен предмет 2Д90; 2Д92. Иако во текот на неговиот разговор со КО во 2004 во својство на осомничен сведокот означил друга куќа како локација од која бил отворен оган од митралез, неговото сведочење пред судот го увери Советот дека тој погрешил и во текот на неговото сведочење ги означи куќите од каде што сметал дека бил отворен оган. М2Д-008, Т 10540-10541; 10546; 10549-10552; Т 10555-10556; 10589-10590; Доказен предмет 2Д98; 2Д99; *види* исто така Маријо Јуришиќ, Т 3372-3376; Доказен предмет 2Д29; *види* исто така Доказен предмет П306. Советот исто така забележува дека иако неколку сведоци сведочеа дека се пукало од таа локација, тие не ги означија конкретно куќите на членовите на семејството Јашари или означија многу поширока област во која беа вклучени куќите на семејството Јашари. Врз основа на други детали од сведочењето на овие сведоци во врска со, *inter alia*, видот на оган кој бил отворен од оваа локација, физичкиот опис на куќите наредени во еден ред, и подоцнежното забележување на лица како

од митралез од тие куќи кон армиските позиции.[644] Според капетан Гроздановски од оваа локација бил отворен оган и кон безбедносните сили во близина на црквата.[645] Тој сведочеше дека пукањето почнало рано утрината од најмалку една од куќите на јужната страна од патот.[646] Друг сведок опиша дека пукањето доаѓало одвнатре од куќите, плевната веднаш до куќите и од страничниот дел од куќите.[647] Капетанот Гроздановски исто така сведочеше дека потоа митралезот бил преместен преку патот до куќата која, како што е утврдено од други докази, му припаѓала на Ќани Јашари.[648] Капетанот Гроздановски сведочеше, како што е забележано во неговиот извештај од тоа време, дека неговата минофрлачка батерија испукала три гранати од минофрлач во куќата на Ќани Јашари.[649] Покрај минофрлачките гранати, за пукање во целта армијата користела и снајпер и митралез.[650] Војниците од минофрлачката батерија исто така пукале од митралез и снајпер во првите две од четирите куќи кои му припаѓале на семејството Јашари, на јужниот дел од патот.[651] Има докази дека 2-та пешадиска чета пукала од своите топови во втората од овие четири куќи.[652] Меѓутоа и покрај ова наводно пукање во овие одредени цели, нема докази дека гранати од минофрлачи или топови паднале на која било од овие куќи на 12. август 2001. Ниту еден од сведоците кои биле во близина на куќите во тоа време не сведочеа дека бил отворен оган од минофрлачи или топови во овие куќи на тој ден.

156. Понатаму, набљудувачот од ОБСЕ, Хенри Болтон, ги опиша своите видувања на четирите куќи на „крајот од патот“ (Советот прифаќа дека тие се куќите на семејството Јашари)

трчале од оваа локација кон шумата, Советот заклучува дека овие сведочења се однесуваат на куќите на членовите на семејството Јашари. Советот исто така забележува дека неколку сведоци не беа во можност да ја одредат прецизно, или погрешија каде е, конкретната локација од каде што бил отворен оган во таа област. Лошиот квалитет на фотографијата која им беше покажана и перспективата од која била сликана (Николче Гроздановски, Т 10442; 10507-10508; М2Д-008, Т 10550-10551; Доказен предмет 2Д98) или поради тоа што фотографијата била направена по 2001 и поради тоа се прикажани некои други згради, или пак поради тоа што тие биле на прилична оддалеченост (на пример М052, Т 8546-8551), се чини дека го објаснува тоа и Советот е уверен дека тие мислеле на куќите на семејството Јашари.

644 Николче Гроздановски, Т 10421; 10424.

645 Николче Гроздановски, Т 10427; Доказен предмет 2Д90.

646 Николче Гроздановски, Т 10426-10427; Доказен предмет 2Д90; М2Д-008, Т 10550.

647 М053, Т1995-1996.

648 Николче Гроздановски, Т 10425-10426; 10428; 10523-10524; Доказен предмет 2Д90, куќа означена со „2“; Доказен предмет 2Д31.

649 Извештајот на капетан Гроздановски се однесува на втората од четирите нови куќи. Доказен предмет 1Д25. Меѓутоа, капетан Гроздановски сведочеше дека куќата која била цел се наоѓала всушност на спротивната страна од четирите куќи, преку патот кој води за Раштак; Николче Гроздановски, Т 10425; Доказен предмет 2Д90. Како што е утврдено на други места, куќата преку патот му припаѓала на Ќани Јашари, додека четирите куќи, во еден ред една до друга, им припаѓале на други членови на семејството Јашари.

650 Николче Гроздановски, Т 10428-10429.

651 Николче Гроздановски, Т 10429; Доказен предмет 2Д90.

652 Доказен предмет П306; Маријо Јуришиќ, Т 3375; Доказен предмет 2Д29.

на 14. август; сведокот сметал дека две од овие куќи веројатно биле фокус на нападот,[653] и изјави дека особено една од тие куќи делувало дека била погодена повеќе пати со куршуми испукани од запад.[654] Хенри Болтон ги опиша овие траги од нападот на оваа куќа,[655] но не видел докази за експлозија на гранати од минофрлач или топ на, или во близина на, овие четири куќи. Она што го видел Хенри Болтон укажува на оштетување од куршуми, не од екплозија на гранати од минофрлач или топ. На други места во оваа Пресуда Советот се занимава со оштетувањето на куќата на Ќани Јашари, која е од другата страна на патот, наспроти редот четири куќи на семејството Јашари, коишто беа разгледувани погоре. Како што беше детално опишано во таа расправа, куќата била значително оштетена од оган и куршуми, но не било очигледно дека куќата била оштетена од минофрлачки или топовски гранати.

157. При прегледување на внатрешноста на една од овие четири поредени куќи кои му припаѓале на семејството Јашари, за којашто делувало дека била погодена многу пати, претставникот на ОБСЕ Хенри Болтон не можел да најде какви било знаци дека таа куќа била бранета на каков било начин.[656] Петер Букарт, кој го посетил местото многу подоцна, на 23. август, не видел докази дека бил отворен оган од куќата на Ќани Јашари.[657] Меѓутоа, бидејќи оваа куќа горела на 12. август и било проценето дека е 60% оштетена, Советот не е во можност да прифати дека набљудувањата на г. Букарт можат да бидат цврста основа за одредување дали се пукало од таму.

158. Советот исто така забележува дека немало пукање додека оклопниот транспортер Хермелин и полицајците по патот се приближувале кон куќите на семејството Јашари, но дека полицајците почнале да пукаат кога виделе луѓе како трчаат од куќата на Ќани Јашари преку полето.[658] Армискиот персонал исто така пукал кон луѓето од куќата на Ќани Јашари додека тие трчале преку полето да стигнат до дрвјата и да се засолнат. Овој доказ дека немало пукање додека полицајците се приближувале е тешко да се усклади со докази од армијата дека пукале од минофрлачи, топови, митралези и пушки во куќите на семејството Јашари, вклучувајќи ја и

[653] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 18.
[654] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 13.
[655] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 13; *види* исто така Петер Букарт, кој сведочеше дека кога го посетил Љуботен, на 23. август 2001, оџакот на главната куќа на семејството Јашари сé уште стоел, Т 2987; *види* исто така Доказен предмет П348.
[656] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 13.
[657] Петер Букарт, Доказен предмет П322, став 74.
[658] *Види погоре*, став 68.

куќата на Ќани Јашари.[659] Полицајците понатаму продолжиле од куќата на Ќани Јашари и пукале во други куќи во редот куќи на семејството Јашари.[660]

159. Како што беше разгледувано на други места во Пресудата, сведоци од полицијата рекоа дека полицајците нашле две автоматски пушки Калашников, еден автомат Томсон и боева муниција за ова оружје блиску до мртвите тела на Џељаљ Бајрами, Кадри Јашари и Бајрами Јашари во полето зад куќата на Ќани Јашари на 12. август.[661] Кога телата на овие тројца мажи биле ексхумирани во април 2002, бидејќи биле погребани ден или два по 12. август и подоцна повторно погребани, боева муниција која се користи за тип на пушка како Калашников, била најдена во џебот на панталоните во коишто бил погребан Џељаљ Бајрами.[662] Од целокупноста докази може да се дојде до заклучок дека овие куршуми биле во џебот на панталоните во времето кога Џелал Бајрами погинал во полето до куќата на Ќани Јашари. Ова е најуверливиот доказ кој сугерира дека овие мртви мажи биле вооружени. Ниту едно од телата не било облечено во униформа на ОНА, иако облеката на едниот од нив била црна.

160. И покрај доказите дека овие три парчиња оружје и муницијата биле најдени блиску до телата на тројцата мртви мажи, истите три парчиња оружје и најдената муниција биле заведени, заедно со нивниот сериски број и калибар во службена белешка на УБК во која била вклучена и листа на десет лица од Љуботен кои биле предадени во полициската станица „Мирковци“.[663] Во документ со наслов „Кривична пријава против Неваип Бајрами“ со датум од 13. август 2001 се наведени истите десет лица од Љуботен, како и опис на околностите при што е наведено тврдењето дека овие лица користеле „огнено оружје“ во борбени активности против силите на ПЈРМ, дека “огненото оружје и муницијата за оваа операција“ биле обезбедени од „истите лица“ и дека наведените лица ја прекинале операцијата во 12.00 часот, оставајќи го „огненото оружје и опремата“ за да „избегнат одговорност“ за своите терористички активности.[664] Во подоцнежни извештаи за одземањето на ова исто оружје и количината на муниција се покажува дека тие навистина им биле службено припишани на лицата кои се криеле во визбата на Адем Аметовски, *inter alia*, на Неваип Бајрами,[665] М017,[666] Веби Бајрами,[667] и Атула Ќаиљи.[668]

[659] *Види*, на пример, Доказен предмет 1Д25 (исто како и 2Д31); *види погоре*, став 155.
[660] *Види подолу*, став 379.
[661] *Види погоре*, став 69.
[662] *Види подолу*, став 336.
[663] Доказен предмет П108.
[664] Доказен предмет П31, стр. 2, 4.
[665] Благоја Тосковски, Т 4309; Доказен предмет П46, ERN 0463-8819.

Советот исто така го забележува сведочењето на Благоја Тосковски во врска со неколку од овие извештаи за одземени предмети, наводно потпишани во негово присуство; сведокот тврдеше дека иако овие лица негирале дека оружјето и муницијата им припаѓале ним, откако сведокот им презентирал „аргументи“, т.е. дека резултатите од тестот парафинска ракавица, кој бил извршен на нив, биле позитивни, ниту еден од нив не одбил да ги потпише потврдите за одземени предмети.[669] Советот исто така го забележува и сведочењето на Ели Чакар, дека Љубе Бошковски лично и рекол, кај куќата на Браца, дека оружјето коешто го снимала било земено од „уапсените терористи“.[670] Според мислењето на Советот постои несигурност околу доказите дека овие три парчиња оружје и муниција биле најдени во полето блиску до телата на тројцата мажи идентификувани погоре. Дури тоа и да било така, истите три парчиња оружје и муниција се користеле како доказ против други лица кои биле уапсени во друго време и на други места во селото.

161. Иако Советот е свесен за многуте варијации и недоследности во доказниот материјал (некои од нив ќе бидат подолу дискутирани), поради докажаната неверодостојност на некои од сведоците и отсуството на детална инспекција на областа на тој ден, Советот не е во можност да заклучи дека се пукало на полицијата или армијата од една или од неколку од куќите на семејството Јашари утрото на 12. август. Меѓутоа, кога ќе се одмерат сите релевантни докази, мора да се остави отворена можноста дека можеби бил отворен оган, или кон полицајците во селото или кон армиските позиции кај Смок или Бомба, или и кон двете. Советот напоменува дека има силни сомнежи за доказите дека при пукањето од оваа локација бил отворен оган и од митралез, и не е уверен дека тоа се случило. Доказите од армијата укажуваат дека овие куќи биле внимателно набљудувани, но сепак полицајците тоа утро во куќите не нашле митралез со способност да пука на армиските позиции Смок и Бомба, оддалечени преку 800 метри, и кога Хенри Болтон бил во куќите на семејството Јашари на 14. август, немало докази за употребени фишеци од такво оружје.[671]

---

[666] Благоја Тосковски, Т 4311; Доказен предмет П30; *види* исто така Доказен предмет П46, ERN 0463-8827; М017, Т 652; 666-670; 730.

[667] Доказен предмет П46.20; *види* исто така Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 4.

[668] М083, Т 1391-1392; Доказен предмет П46, ERN 0463-8879; *види* исто така Доказен предмет П23.

[669] Благоја Тосковски, Т 4312-4313.

[670] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 25.

[671] Советот је увидува теоретската можност сите докази дека се пукало од митралез да биле отстранети до 14. август, и го зема предвид фактот дека не бил извршен детален претрес. Советот забележува дека автоматот Томсон, пешадиско оружје за борба на мала оддалеченост модел од Втората светска војна или порано, за кој е наведено дека бил најден во полето во близина на куќата на Ќани Јашари, не можел да се користи за успешно да

162. Во врска со доказите за тврдењето дека бил отворен оган од северо-источниот дел од селото, Советот забележува дека имаше сведоци кои кога беа замолени на фотографии да означат области од кои бил отворен оган заокружија пошироки области во кои беа вклучени и идентификуваните куќи на членовите на семејството Јашари и други куќи вклучувајќи ја и куќата на Адем Аметовски,[672] која се наоѓала на почетокот на патот за Раштак. Како што беше подетално расправано на други места, неколку лица се засолниле во визбата на куќата на Адем Аметовски на 12. август.[673] Одбраната не тврди дека оваа куќа била позиција на ОНА. Нема докази дека се пукало од куќата на Адем Аметовски на 12. август. Полицајците ја пребарале куќата и останатите објекти на имотот тоа утро, но не било најдено оружје, муниција и друга воена опрема. Хенри Болтон сведочеше дека на 14. август нашол сачмарка за лов на птици под една клупа во визбата на Адем Аметовски, но не добил впечаток дека била употребувана. Оваа пушка не била воено оружје. Според заклучок на Советот не била употребувана на 12. август.

163. Според одбраната друга позиција на ОНА била локација во или покрај гробиштата, од каде што наводно ОНА пукала во македонските сили.[674] Советот слушна сведочење дека бил отворен оган кон армијата од снајпер, а можеби и минофрлач,[675] од гробиштата на периферијата на селото, или поточно, малата шума до гробиштето. Според доказите, по 11.00 часот,[676] главната цел на 2-та пешадиска чета бил 82-мм минофрлач од кој војниците верувале дека се пукало во позициите на четата од малата шума до гробиштето.[677] Советот прифаќа дека армијата отворила оган во оваа шума, што можеби било реакција поради сомневањето дека бил отворен оган. Меѓутоа, не е јасно дали бил отворен оган од минофрлач. Во однос на ова Советот забележува дека Маријо Јуришиќ сведочеше дека иако „звукот на проектилот и времето на летање“ на проектилот „приближно одговараат“ на претпоставката дека гранатите биле испукани од насока на гробиштата, до ден денес, сведокот не е сигурен дали всушност таму се

се пука на Смок или Бомба, позициии кои биле далеку вон дометот на ова оружје од куќите на семејството Јашари. Советот зема предвид дека во Обвинението, Обвинителството прифаќа дека во селото имало најмалку еден митралез.

672 М052, Т 8546-8551; Доказен предмет 2Д83; М053, Т 1986-1988; Доказен предмет 2Д26; М084, Т 1494-1495; 1504-1506; 1516; Доказен предмет 2Д22, 2Д23; *види* исто така М039, каде што е објаснета локацијата на куќата на Адем Аметовски во однос на куќата на Ќани Јашари, Т 1121-1122 и Доказен предмет П201.

673 *Види погоре*, став 50.

674 Завршен поднесок на одбраната на Тарчуловски, став 203.

675 М2Д-008, Т 10548-10549; Доказен предмет 2Д97; Маријо Јуришиќ сведочеше дека армијата испукала неколку проектили во насока на малата шума до гробиштата, меѓутоа, до денес, не е сигурен дали всушност таму се наоѓал минофрлач или не, Т 3326; *види* исто така Доказен предмет П306; 1Д26; П160.

676 Доказен предмет 1Д26.

677 Маријо Јуришиќ, Т 3325-3326; М2Д-008, Т 10548.

наоѓал минофрлач или не.[678] Такво оружје не било пронајдено или потврдно идентификувано. Подоцна тоа утро можеби бил отворен оган од минофрлачи на позиции на армијата од други места во планините каде што имало сили на ОНА вооружени со минофрлачи. Има други докази кои сугерираат дека утрото на 12. август, бил отворен оган на армиските позиции на ридовите над Љуботен од локации *надвор* од Љуботен, имено од Јечмениште, Куљм, Матејче, Раштански Бачила, Бел Камен,[679] и според заклучок на Советот, најверојатно од рид над Љуботен наречен Поп Чешме.[680] Тој ден поголемиот дел од армискиот оган, вклучувајќи и оган од армиски минофрлачи и топови, бил насочен против ОНА во ридовите. Музафер Агуши, член на ОНА, погинал на 12. август додека бил на позиција над Љуботен, во близина на Башинец, во служба на ОНА.[681] Башинец е во насока на Поп Чешме.[682]

164. Во селото на 12. август немало утврдувања.[683] Од ова не мора неопходно да се заклучи дека не биле присутни борци на ОНА, бидејќи конвенционални утврдувања од песочни вреќи можат веднаш да се видат на оддалеченост од еден километар и можеби поради тоа не биле користени,[684] а куќите и ѕидовите можеле да се користат како утврдувања поради видот на нивната градба.[685] Неколку сведоци рекоа дека високите ѕидови околу албанските куќи претставувале природни утврдувања.[686] Меѓутоа Хенри Болтон сведочеше дека тој не видел какви било типични утврдувања во селото какви што видел на други места во ПЈРМ.[687]

165. Хенри Болтон сведочеше дека на 14. август по должината на патот кој водел до куќите на семејството Јашари, на патот за Раштак,[688] во селото, видел стотици употребени фишеци од

[678] Маријо Јуришиќ, Т 3326.
[679] Николче Грозданоски, Т 10459-10463; 10429; 10436; 10524; Доказен предмет П595; *Види* исто така Доказен предмет 2Д45; Маријо Јуришиќ, Т 3324; Доказен предмет П305, стр. 4; Доказен предмет П306; Митре Десподов, Т 2584; 2675-2676; 2547-2548; Доказен предмет П298.
[680] М092 при излагање на своето сведочење, во став 22 од својата 92*bis* изјава, потврдува дека верувал дека „веројатно“ ОНА пукала со минофрлачи од Поп Чешме во оклопниот транспортер Хермелин во близина на куќата на Ќани Јашари, Т 1316; Доказен предмет П215, став 22, 31, 33. Меѓутоа понатаму во неговото сведочење, изнесените докази укажуваат дека немало припадници на ОНА на позицијата Поп Чешме, Т 1325.
[681] М092, Т 1318; 1329; Доказен предмет П215, став 34; Исмаил Рамадани, Т 1013; 1015; види исто така Доказен предмет 1Д7, стр. 6, каде што Музафер Агуши е наведен како маченик кој бил убиен во Љуботен.
[682] М092, Т 1324.
[683] Николче Грозданоски, Т 10411; 10452; 10469; Петер Букарт, Доказен предмет П322, став 41; види исто така Доказен предмет 1Д30.
[684] М051, Т 4250.
[685] М051 спомена утврдувања кои ги набљудувал од армиските позиции над селото. Меѓутоа, се чини дека тој всушност мислел на куќите и ѕидовите од коишто наводно се пукало, Т 4171-4172.
[686] Николче Грозданоски, Т 10452; М051, Т 4169-4170; 4172; Митре Десподов, Т 2636; 2686-2687; Маријо Јуришиќ, Т 3351-3352.
[687] Хенри Болтон, Т 1629.
[688] Хенри Болтон, Т 1627; Доказен предмет П238, Извештај од местото на настанот на ОБСЕ со датум од 15. август 2001, стр. 2.

7.62-мм муниција,[689] како и три лансирни цевки од М-80 64 мм РБР /рачен фрлач на ракети/.[690] За пушките Калашников, со коишто биле вооружени полицијата, армијата и ОНА се користат 7.62-мм куршуми. Г. Болтон приметил дека тие биле расфрлани преку широка област, претежно на места на коишто лицето кое пукало би имало заштита од потенцијално пукање од исток. Ова му укажало на сведокот дека тие коишто пукале напредувале по патот од запад , т.е., како што откриваат други докази, како што напредувале полицајците и оклопниот транспортер Хермелин. На источната страна немало празни фишеци, нешто што сведокот би го очекувал доколку имало размена на оган.[691] Тој исто така забележал дека траги од удари на куршуми кои погодиле цврсти објекти на страната од патот имало од западната страна на објектите, што му укажало на тоа дека куршумите биле испукани од запад.[692] Овој доказ, иако е значаен, не е пресуден. Г. Болтон не бил во селото до 14. август. На 12. август не била извршена детална инспекција од кој било сведок. Опсервациите на г. Болтон биле резултат на општо набљудување, а не на детална и прецизна инспекција.

166. На 12. и 13. август припадници на полицијата извршиле тест „парафинска ракавица“ на група жители на Љуботен, вклучувајќи и неколку сведоци и жртви во овој предмет, за да се утврди дали тие ракувале со огнено оружје.[693] Советот слушна сведочења од двајца сведоци експерти во врска со недостатоците на тестот „парафинска ракавица“. Др. Златко Јаќовски сведочеше дека со таков тест е можно само да се докаже присуството на нитрати и нитрити на раката. Тие супстанци освен во барут може да се најдат и во, *inter alia*, ѓубрива и кај луѓе кои пушат цигари. Според доказите, за да се одреди дали некое лице пукало со огнено оружје потребно е да се изврши пробно испукување со истото оружје и да се испита распределувањето на трагите кое настанало како резултат на тоа.[694] Поради сомневањата во врска со веродостојноста на тестот парафинска ракавица, Советот не е во можност само врз основа на овие тестови да донесе цврста одлука дали некои од жителите на Љуботен, на кои припадници на полицијата го извршиле тестот „парафинска ракавица“ по настаните во Љуботен, пукале од оружје на 12. август. Во врска со ова, Советот забележува дека и докази од полицијата

[689] Хенри Болтон, Т 1629-1630.
[690] Хенри Болтон објасни дека РБР е против-тенковски лесен рачен фрлач на ракети од руско производство, којшто не може повторно да се наполни, Т 1627; *види* исто така Доказен предмет П238, стр. 2; *види* исто така Доказен предмет П304, кој се однесува на издавање на рачни фрлачи на ракети на група лица кои се собрале во куќата на Јохан Тарчуловски на 10. август.
[691] Хенри Болтон, Т 1629-1630.
[692] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 13.
[693] *Види погоре*, став 77; *види* Доказен предмет 1Д146, каде што имињата на жителите на Љуботен на коишто резултатите од тестот наводно биле позитивни се потцртани.
[694] Златко Јаќовски, Т 2293-2294; Симон Ајхнер, Т 4456; 4490.

потврдиле дека немало можност успешно да се добијат резултати од тестот „парафинска ракавица“ на 10 лица приведени од визбата на куќата на Адем Аметовски поради, како што е наведено, „голема контаминација“ на „фолиите“ користени за тестот.[695] Со други зборови овие лица биле тестирани, но се вели дека не биле добиени сигурни резултати бидејќи фолиите користени за тестот биле контаминирани, совпаѓање што многу изненадува кога ќе се земе предвид позицијата на полицијата дека тие лица биле терористи и очигледното лажно припишување на трите парчиња запленето оружје и муниција на лицата од визбата на Адем Аметовски.

167. Значајно е што ниту еден припадник на полицијата или армијата не бил убиен или ранет. Единствениот повреден од полицајците бил полициски резервист кој случајно самиот се ранил. Оваа ситуација е изненадувачка и дава понатамошна причина за претпазливост при прифаќањето на доказите за отворање оган од локации во селото против полицајците и воените позиции, особено од митралез. Покрај тоа, единственото оружје на ОНА наводно пронајдено од полицајците во селото на 12. август 2001 биле две пушки Калашников и стар автомат Томсон, заедно со муниција за ова оружје.

4. Заклучок

168. Претходно во оваа Пресуда Советот има укажано, поради изнесените причини, дека не е во можност да прифати како вистинити значајни аспекти од сведочењето на мајор Десподов, кој особено се обидуваше да негира дека неговата единица пукала на Љуботен на 10. август и да се дистанцира себеси и своите единици од активностите на полицајците во Љуботен на 12. август. Мајор Десподов им командувал на воените сведоци, кои сведочеа за акциите на армијата и ги набљудувале активностите во Љуботен особено на 12. август. Општиот призвук на ова сведочење беше дека од армиските позиции се пукало само на конкретно идентификувани цели во Љуботен како реакција на оган отворен од овие позиции, и дека притоа армијата делувала само во согласност со важечките оперативни наредби (на пр. да се пука само како реакција на пукање од непријателска страна) и сосема независно од полицијата.

[695] Види Доказен предмет П46.17. Благоја Тосковски, кога беше соочен со контаминираните фолии од овие лица, сведочеше дека било направено додатно испитување и дека резултатите од тестот парафинска ракавица биле позитивни; на прашањето каде се тие резултати, сведокот одговори дека тие биле поднесени до Јавниот обвинител, Т 4418-4419.

169. Меѓутоа спротивно на ова сведочење, Советот прифаќа и заклучува дека мајор Десподов, а преку него и неговите единици, многу добро знаеле за полициската операција во Љуботен на 12. август, од 10. август ѝ обезбедувале поддршка на полициската единица којашто требала да ја спроведе акцијата и директно ја поддржувале полициската операција на 12. август конкретно со отворање артилериски оган од минофрлачи во селото. Во овој контекст и по внимателно набљудување на сведоци од армијата и внимателно одмерување на нивните сведочења и други спротивни докази, Советот не беше во можност да прифати значајни аспекти од сведочењето на офицери и друг персонал кои биле под команда на мајор Десподов, особено капетан Гроздановски, поручник Јуришиќ и М2Д-008.

170. Советот заклучува дека сведочењето на армискиот персонал позициониран во регионот на Љуботен и извештаите кои тие ги подготвиле во времето на случувањето на настаните не се консистентни во однос на неколку прашања со други докази, особено сведочењето на жители на селото и меѓународни набљудувачи. Како што беше укажано, во некои од областите на кои според војската бил отворен оган не било видено дека бил отворен оган од минофрлачи или топови или пак оштетување причинето од таков оган. Според мислењето на Советот воените извештаи биле смислени со цел да се покаже дека во неколку случаи бил отворен оган од селото кон армиските позиции, на што армијата возвратила. Но според заклучок на Советот, армијата не реагирала на пукање од селото кога одреден временски период пукала од минофрлачи во албанскиот дел од селото, по што, додека полицајците се движеле низ селото, армијата отворила оган од минофрлачи и топови главно кон цели надвор од селото, вклучувајќи и локација во близина на гробиштата.

171. Од причини наведени погоре, Советот не прифаќа дека бил отворен оган од селото во близина на православната црква или дека минофрлачкиот оган насочен од армијата кон оваа локација бил реакција на какво било вистинско пукање од ОНА или пак од армијата реагирале бидејќи мислеле дека ОНА пука на нив. Советот прифаќа дека можеби армискиот персонал верувал дека бил отворен оган од куќа во околината на мостот во селото и од куќа во областа во која се наоѓа џамијата, која се спојува со област опишана како Долно Маало, иако Советот не е во можност да донесе заклучок дека навистина бил отворен оган од овие области во текот на утрото на 12. август. Според заклучоците на Советот мора да се остави отворена можноста дека можеби бил отворен оган кон полицајците, или армиските позиции Смок и Бомба, или и кон двете, од локацијата на куќите на семејството Јашари во близина на крајот од селото, на патот за

Раштак, иако Советот не е во можност да прифати дека бил отворен оган од митралез. Советот прифаќа дека армијата отворила оган од минофрлачи кон малата шума покрај гробиштата на периферијата од селото и дека ова можеби било реакција поради сомневање дека од таму бил отворен оган.

172. Инаку, доказите не го поткрепуваат мислењето дека полицајците наишле на каков било друг отпор во Љуботен на 12. август 2001. Ограничен број на припадници на ОНА биле во селото, но доказите укажуваат дека полицајците не влегле во сите делови на селото и не може да се заклучи каде се наоѓале. Членовите на ОНА во селото биле значително помалуброjни од добро вооружената полициска единица. Членовите на ОНА можеби одлучиле да не пружаат голем отпор затоа што нивната позиција делувала безнадежно. Членовите на ОНА можеби биле меѓу многуте селани кои се обидувале да го напуштат селото во текот на тој ден. Освен настаните во околината на куќите на семејството Јашари, нема докази дека активностите на полицајците, во однос на делата за кои се товарат Обвинетите, биле во самоодбрана или преземени на текот на акција против вооружени непријатели, ниту пак има основа за разумно сомнение дека можеби било така.

V. ОПШТИ УСЛОВИ НА ЧЛЕН 3 ОД СТАТУТОТ

173. Обвинетите, секој посебно, се товарат за три точки за кршење на законите или обичаите на војување според член 3 од Статутот, имено една точка за убиство, една точка за безобзирно уништување на градови, гратчиња и села што не било оправдано со воена неопходност и една точка за сурово постапување.[696] Постојат неколку прелиминарни услови коишто мора да бидат исполнети за членот 3 од Статутот да биде применлив. Покрај исполнувањето на условот дека кривичните дела за кои се товарат Обвинетите спаѓаат во оваа одредба, мора да се утврди и дека во периодот релевантен за Обвинението постоел вооружен судир од меѓународен или внатрешен карактер и дека делата на Обвинетите се тесно поврзани со овој вооружен судир.[697]

174. Како што се разгледува на друго место во оваа Пресуда,[698] поднесоците и на двајцата Обвинети за оспорување на судската надлежност на Меѓународниот суд врз основа на тврдењето дека не постоел вооружен судир во ПЈРМ во 2001 беа одбиени со решение на Претпретресниот Совет,[699] кое потоа го поддржа и Жалбениот совет.[700] Како што беше наведено во овие решенија, прашањето за постоењето вооружен судир во релевантниот временски период претставува фактичка определба за која треба да реши Судскиот совет врз основа на сослушувањето и прегледот на доказите добиени за време на претресот.[701]

А. Вооружен конфликт

1. Правна регулатива

175. Жалбениот совет го изложи тестот за постоењето вооружен конфликт во Решението во врска со надлежноста за *Тадиќ*: „вооружен конфликт постои секогаш кога ќе се прибегне кон вооружена сила помеѓу Државите, или кон продолжено вооружено насилство помеѓу државните органи и организирани вооружени групи, или, пак, помеѓу такви групи во една Држава”.[702]

[696] Обвинение, став 23, 25 и 42.
[697] Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 70.
[698] *Види подолу*, став 611.
[699] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчулоски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, „Решение по поднесокот на Јохан Тарчуловски во врска со надлежноста”, 1. јуни 2005.
[700] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчулоски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-АР 72.1, „Решение по интерлокуторната жалба во врска со надлежноста”, 22. јули 2005.
[701] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчулоски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, „Решение по поднесокот на Јохан Тарчуловски во врска со надлежноста”, 1.јуни 2005, став 11; *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчулоски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-АР 72.1, „Решение по интерлокуторната жалба во врска со надлежноста”, 22. јули 2005, став 13.
[702] Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 70.

Оттогаш овој тест постојано се применува во судската пракса.[703] Со оглед на околностите на тој предмет, Судскиот совет во предметот *Тадиќ* образложи дека овој тест во услови на постоење на внатрешен конфликт се состои од два критериуми: имено, (i) интензитет на конфликтот и (ii) организација на страните вклучени во конфликтот,[704] како начин да се разликува вооруженият конфликт „од разбојништво, неорганизирани и краткотрајни побуни и терористички активности, коишто не се предмет на меѓународното хуманитарно право".[705] Овој приод се користи во сите следни пресуди, иако при проценката на интензитетот на конфликтот треба да се внимава да не се изгуби од предвид условот за продолжено вооружено насилство кога се работи за внатрешен вооружен конфликт.[706] Критериумите се тесно поврзани.[707] Тоа се фактички прашања за кои треба да се донесе одлука врз основа на расположивите конкретни докази и за секој предмет посебно.[708]

176. Судскиот совет во предметот *Тадиќ* констатира дека факторите коишто се релевантни за донесувањето ваква одлука се објаснети во Коментарот кон заедничкиот член 3 на Женевските конвенции.[709] Овие „погодни критериуми" ги идентификувале составувачите на заедничкиот член 3 за време на договарањето за Женевските конвенции со цел да се направи разлика помеѓу

---

[703] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 561-562; Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 183-185; Првостепена пресуда за *Крнојелац*, став 51; Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 56; Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 336; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 83-84; Првостепена пресуда за *Налетилиќ*, став 225; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 37-38.

[704] *Види* Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 562; Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 184; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 84; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 407.

[705] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 562.

[706] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 184; Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 341; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 84; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 38.

[707] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 562.

[708] Првостепена пресуда за *Рутаганда*, став 93; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 90; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 407.

[709] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 562; Коментар на МКЦК кон Првата женевска конвенција, стр. 49-50. Овие „погодни критериуми" (кои во никој случај не се задолжителни) се:

1. побунетата страна да има организирана воена сила, раководство одговорно за своите дејства, да делува на определена територија и да има развиено средства за почитување и обезбедување почитување на Конвенцијата.
2. легалната власт мора да ги користи регуларните воени сили против востаниците кои се организирани како војска и кои контролираат дел од територијата на државата.
3.

а. дека de jure Владата ги признала бунтовниците како страна во конфликтот; или
б. дека таа се прогласила себеси да биде страна во конфликтот; или
в. дека се согласила да ги признае востаниците како страна во конфликтот само заради конвенцијата; или
г. дека спорот бил ставен на агендата на Советот за безбедност или на Генералното собрание на ОН како закана за мирот, кршење на мирот или како акт на агресија.

4.

а. Востаниците имаат организација која изгледа како да има карактеристики на држава.
б. Цивилната власт на востаниците има de facto власт над лицата на определена територија.
в. Вооружените сили дејствуваат под раководство на организирана цивилна власт и се подготвени да ги почитуваат вообичаените закони на војување.
г. Цивилната власт на востаниците се согласува да ги почитува одредбите на Конвенцијата.

вооружен конфликт и други помали форми на насилство, иако тие биле отфрлени во крајната верзија.[710] И покрај тоа што овие критериуми даваат корисни насоки за дефинирање на вооруженият конфликт, сепак претставуваат само примери.[711] Составувачите на Коментарот сметале дека заедничкиот член 3 треба да се применува колку што е можно пошироко и дека би можел да биде применлив и во случаи кога „во земјата ќе избие вооружен судир, но не е исполнет ниту еден од горенаведените услови".[712] Судскиот совет во предметот *Лимај*, по разгледувањето на историјата на составувањето на заедничкиот член 3, заклучи дека „составувачите на Женевските конвенции немале за цел поставување на толку експлицитни услови за примена на заедничкиот член 3".[713] Во согласност со ваквиот приод, Судските совети го оценувале постоењето вооружен конфликт во однос на објективни индикативни фактори за интензитетот на борбите и организацијата на вооружената група или групи вклучени во конфликтот во зависност од фактите за секој предмет посебно. Советот ќе испита како секој од овие критериуми бил оценуван во пракса.

(а) Интензитет

177. Судските совети земале во предвид неколку индикативни фактори при оценувањето на „интензитетот" на конфликтот. Тие ги опфаќаат сериозноста на нападите и зголемувањето на воените судири,[714] проширувањето на судирите на поголема територија и во подолг временски период,[715] какво било зголемување на бројноста на државните безбедносни сили и мобилизација и дистрибуција на оружје меѓу припадниците и на двете страни на конфликтот,[716] како и привлекување внимание на Советот за безбедност на Обединетите нации и донесување

[710] Коментар на МКЦК кон Првата женевска конвенција, стр. 49-50. Советот на МКСР во предметот *Акајесу* се осврна на овие критериуми кога го испитуваше постоењето на внатрешен вооружен конфликт во Руанда во 1994. Првостепена пресуда за *Акајесу*, став 619.

[711] Во решението според правило 98*bis* за *Милошевиќ*, Советот забележа во став 19 дека „Коментарот на МКЦК не е ништо повеќе од она што е, т.е. коментар, и има само убедителна вредност".

[712] Коментар на МКЦК кон Првата женевска конвенција, стр. 50.

[713] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 86.

[714] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 565; Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 189; Решение според правило 98*bis* за *Милошевиќ*, став 28; Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 340; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 91 и 99.

[715] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 566; Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 186; Решение според правило 98*bis* за *Милошевиќ*, став 29; Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 340-341; Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 163-166 и 169; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 168,169. *Види* исто така став 136-163; Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 20, 22; Првостепена пресуда за *Мартиќ*, став 344.

[716] Решение според правило 98*bis* за *Милошевиќ*, став 30-31; *Види* исто така Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 188.

резолуции во врска со судирот.[717] За оваа цел, Судските совети ги земале во предвид и бројот на цивили принудени да ги напуштат територииte зафатени со вооруженият конфликт;[718] видот на оружје коешто се користи,[719] особено користење тешко вооружување,[720] како и користење друга воена опрема, на пример, тенкови и други тешки превозни средства;[721] поставување блокади и опсади околу градовите и нивно силно гранатирање;[722] степенот на разурнување[723] и бројот на жртви во текот на гранатирањето и борбите;[724] бројот на трупи и единици коишто биле распоредени;[725] постоење и промена на фронтовите помеѓу двете страни;[726] окупирање на територии,[727] градови и села;[728] распоредување на државните безбедносни сили во кризните региони;[729] затварање патишта;[730] наредби и договори за прекин на огнот,[731] и обид на претставниците на меѓународните организации да посредуваат во постигнување и спроведување на договорите за прекин на огнот.[732]

178. На посистемско ниво, индикативен фактор за постоење внатрешен вооружен конфликт е начинот на кој државните органи, на пример, полицијата и армијата, применуваат сила против вооружените групи.[733] Во овие случаи, можеби е корисно да се анализира како државните органи употребуваат сила, особено како се толкуваат некои човекови права, како на пример

[717] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 567; Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 190; Првостепена пресуда за *Мартиќ*, став 345; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 49.
[718] Бидејќи биле евакуирани (Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 340), протерани (Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 565), заплашувани (Првостепена пресуда за *Лимај*, став 139), или раселени (Првостепена пресуда за *Лимај*, став 167, *види* исто така став 142); Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 49 и 97.
[719] Решение според правило 98*bis* за *Милошевиќ*, став 31; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 166; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 49.
[720] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 565 („гранатирање од артилериско оружје"); Првостепена пресуда за *Лимај*, став 166; *види* исто така став 136, 138, 156, 158, 163.
[721] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 143 („силно гранатирање, по кое следел продор на тенкови и пешадија"); Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 166 („тенковски ,артилериски и пешадиски напад"); Првостепена пресуда за *Лимај*, став 136 и 166.
[722] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 143 (блокада на Козарац); Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 165-167 (блокада на Мостар), 168 (опсада на Сараево); *види* исто така Првостепена пресуда за *Лимај*, став 153; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 96.
[723] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 565; Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 337-338; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 142; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 49.
[724] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 565; Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 339; Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 164; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 142; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 49.
[725] Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 168; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 49.
[726] Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 161, 169, 172.
[727] Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 163; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 146, 158.
[728] Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 162, 164; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 143,163.
[729] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 142, 150, 164, 169.
[730] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 144.
[731] Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 23; Првостепена пресуда за *Мартиќ*, став 345.
[732] Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 23.
[733] Вториот „погоден критериум" во Коментарот на МКЦК е дека легалната власт „мора да ги користи регуларните воени сили против востаниците кои се организирале како војска и кои поседуваат дел од државната територија". Коментар на МКЦК кон Првата женевска конвенција, стр. 50.

правото на живот и правото да не бидат произволно ставани во притвор, за да може да се оцени дали во дадената ситуација се работи за вооружен конфликт.[734] Како што е познато, во ситуации кои не се вбројуваат во вооружен конфликт, Државата има право да користи сила за да спроведе закон и ред, вклучувајќи и смртоносна сила, но, таму каде што може да се примени, законот за човекови права ја ограничува ваквата употреба на сила на само онолку колку што е апсолутно неопходно и колку што е стриктно пропорцијално со определените цели.[735] Во неколку наврати, Европскиот суд за човекови права зазема став дека употребата на смртоносна сила против лице кое може да се уапси би било „повеќе отколку што е апсолутно неопходно".[736] Меѓутоа, кога ситуацијата ќе достигне степен на вооружен конфликт, прашањето за тоа што претставува самоволно одземање живот се оценува според стандардите на меѓународното хуманитарно право,[737] при што се применува друг тест на пропорцијалност.[738]

---

[734] *Види*, на пример, Arne Willy Dahl and Magnus Sandbu, "The Threshold of Armed Conflict", *Societé Internationale de Droit Militaire et de Droit de la Guerre*, 45, 3-4 (2006), стр. 369. Марко Сасоли идентификува „директно инволвирање на владините вооружени сили (наспроти полицијата) како еден од релевантните фактори при идентификување на вооруженият конфликт. Marko Sassòli, "Terrorism and war", *Journal of International Criminal Juistice* 4 (2006) на стр. 965.

[735] Според Европската конвенција за човекови права, на пример, такви цели се (а) самоодбрана (вклучувајќи и одбрана на други), (б) законско заробување или спречување бегството на лице кое било заробено на законски начин, или (в) законски преземено дејство за спречување немири или востание. Член 2, ЕКЧП (1950). *Види* исто така *МекКен и др. против Обединетото Кралство*, ЕСЧП, Жалба бр. 18984/91 (27. септември 1995), став 148-149: „Содржината на член 2, земен во целост, покажува дека во став 2 не се дефинираат пред сé примери во кои е дозволено да се убие некое лице, туку се опишува ситуација во која е дозволено да се „користи сила" при што може да дојде до, како несакан резултат, одземање живот. Меѓутоа, употребата на сила не смее да биде поголема отколку што е „апсолутно неопходно" за постигнување на една од целите изложени во ставовите (а),(б) или (в) […] Напротив, силата што се употребува мора да биде строго пропорционално постигнување на целите изложени во став 2 (а), (б) или (в) од членот 2 (член 2-2-а-б-в)."

[736] *МекКен и др. против Обединетото Кралство*, ЕСЧП, Жалба бр. 18984/91 (27. септември 1995), став 148-150; *Ерги против Турција*, ЕСЧП, Жалба бр. 23818/94, (28. јули 1998), став 79; и *МекКер против Обединетото Кралство*, ЕСЧП, Жалба бр. 28883/95 (4. мај 2001), став 110.

[737] *Законитоста на заканата со нуклеарно оружје или негово користење*, Советодавно мислење од 8. јули 1996, Извештаи на МСП (Меѓународниот суд на правдата) од 1996, став 25; *Правни последици од поставување ѕид во окупираните палестински територии*, Советодавно мислење од 9. јули 2004, став 106. Но *види* кај Луис Досвалд-Бек, „Правото на живот во вооружен конфликт: дали меѓународното хуманитарно право дава одговор на сите прашања?", *Меѓународен преглед на Црвениот крст* 88, 864 (декември 2006), стр. 881-904 (каде се спори дека Законот за човекови права може да ги дополни правилата на меѓународното хуманитарно право во поглед на употребата на сила во немеѓународни вооружени конфликти).

[738] Се забележува дека дури и во случаи во кои се работи за вооружен конфликт, некои судови ја проценувале употребата на сила во поглед на принципот на пропорцијалност според стандардите за човекови права. На пример, Врховниот суд на Израел заземал став дека цивилно лице кое учествува во непријателски дејства не може да биде убиено ако можат да се употребат помалку штетни средства, како притворање, испрашување и судење, „[т]ака, ако терорист кој директно учествува во непријателски акции може да се уапси, да се испрашува и да му се суди, треба да се употребат тие средства ". *Државниот комитет против тортура во Израел и др. против Владата на Израел и др.*, Израел, Врховен суд, Пресуда од 14. декември 2006, ВСП 769/02, став 40. Европскиот суд за човекови права не се изјасни во врска со постоењето или видот на вооруженият конфликт во Чеченија. Меѓутоа, тој забележа дека „[п]рисуството на многу голема група вооружени борци во Катир-Јурт, и нивниот активен отпор на полицијата […] можеби ја оправдува употребата на смртоносна сила од страна на органите на државата, класифицирајќи ја на тој начин ситуацијата во рамките на став 2 од член 2". *Исајева*

179. Одбраната на Бошкоски тврди дека ситуацијата во ПЈРМ не го достигнала потребното ниво на интензитет, делумно споредувајќи ја ситуацијата од 2001 со „проблемите" во Северна Ирска, за коишто тврди дека никогаш не биле прогласени за вооружен конфликт во државната пракса, и со судирот на турската војска и Курдска работничка партија (КРП), „конфликт со многу погелеми размери и интензитет", за којшто Холандскиот суд заклучи дека не ескалирал до степен на вооружен конфликт.[739] Меѓутоа, во поглед на ситуацијата што се однесува на турската војска и на КРП, Врховниот суд на Холандија не заклучи дека, како што тврди Одбраната на Бошкоски, оваа ситуација не ескалирала до степен на внатрешен вооружен судир, туку дека, во контекст на нивното разгледување на барањето за двојно кривично дело според Законот за екстрадиција, не било неопходно тие да заземат став во врска со тоа прашање.[740]

180. За разлика од ова, судовите на некои земји прогласиле други ситуации за конфликти кои немаат меѓународен карактер, а на кои се однесува заедничкиот член 3 од Женевските конвенции. Во тој поглед, Советот ги наведува факторите коишто ги навеле овие судови да донесат вакви решенија. Така, во пресудата од 1995, Уставниот суд на Руската Федерација заклучил дека Дополнителниот протокол II се однесува на вооруженият конфликт во Република Чеченија.[741] Судот забележал дека според Уставот употребата на вооружените сили не

против Русија, ЕСЧП, Жалба бр. 57950/00 (24. февруари 2005), став 180. *Види* исто така *Исајева, Јусупова и Базајева против Русија*, ЕСЧП, Жалба бр. 57947-49/00 (24. февруари 2005), став 178 ; *Гилеч против Турција*, ЕСЧП, Жалба бр. 21593-93 (27. јули 1998), став 71-73.

[739] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 262.

[740] *In re* К., LJN: AF6988, Врховен суд (*Hoge Raad*) 02853/02 U NS 2004, 99, во 3.3.5. Став 35 од оваа пресуда, кој е цитиран и во Завршниот поднесок на Одбраната на Бошкоски во став 262 (во кој се тврди дека во наведената ситуација не се работи за внатрешен вооружен конфликт), претставува мислење на главниот обвинител, а не на Врховниот суд, и не е обврзувачко за Судот. Иако Европскиот суд за човекови права донесе голем број пресуди за прекршувањата на човековите права во Турција во поглед на ситуацијата која ја опфаќа КРП, како и во поглед на Северна Ирска и Чеченија, во согласност со своите институционални овластувања, се ограничи себе си да ги разгледува законските обврски на страните што ја претставува Државата во рамките на Европската конвенција за човекови права, и се воздржуваше директно законски да ја определи ситуацијата во поглед на можната примена на меѓународното хуманитарно право. *Види*, на пример, *МекКен и др. против Обединетото Кралство*, ЕСЧП, Жалба бр. 18984/91 (27. септември 1995); *Гилеч против Турција*, ЕСЧП, Жалба бр. 21593/93 (27. јули 1998); *Ерги против Турција*, ЕСЧП, Жалба бр. 23818/94, (28. јули 1998); *Исајева, Јусупова и Базајева против Русија*, ЕСЧП, Жалба бр. 57947-49/00 (24. февруари 2005); *Исајева против Русија*, ЕСЧП, Жалба бр. 57950/00 (24. февруари 2005).

[741] *Решение на Уставниот суд на Руската Федерација за уставноста на Уредбата на Претседателот бр. 2137 издадена на 30. ноември 1994 за мерките за повторно воспоставување на Уставот и на владеењето на законот на територијата на Република Чеченија, на Уредбата на Претседателот бр. 2166 од 9. декември 1994 за задушување на активностите на паравоените вооружени групи на територијата на Република Чеченија и во регионот на осетиско-ингушискиот конфликт, за Резолуцијата бр. 1360 од 9. декември 1994 за воспоставување безбедност и територијален интегритет на Руската федерација, принципот на легалност, правата и слободите на граѓаните, и за разоружувањето на нелегалните паравоени вооружени единици на територијата на Република Чеченија и соседните области на северен Кавказ, и на Уредбата на Претседателот бр. 1833 од 2. ноември 1993 за основните одредби на воената доктрина на Руската Федерација*. Sobranie Zakonodatelstva Rossiyskoy Federatsii, 1995, бр. 33, член 3424.

претпоставува поврзаност со објавување вонредна или воена состојба и дека кога државната Дума во 1994 усвоила резолуција за употребата на вооружените сили, таа објавила дека „во принцип е невозможно без употреба на единиците на армијата" да се изврши разоружување на нелегалните воени единици во Републиката, коишто располагале со тенкови, ракетни инсталации, артилериски системи и борбени авиони.[742]

181. Во Перу, Државниот кривичен совет зазема став дека активностите на вооружената група „Комунистичка парија на Перу - Светол пат", и акциите на владините сили против нив, што довело до над 69.000 жртви и големо разорување на јавната и приватната инфраструктура, претставува вооружен конфликт и дека на него може да се примени заедничкиот член 3.[743] Врховниот суд на Чиле прогласи дека заедничкиот член 3 може да се примени на ситуацијата во Чиле во 1973, земајќи го предвид државниот декрет од 12. септември 1973 којшто ја оцени внатрешната ситуација како „воена состојба", како резултат на што можеа да се применат некои кривични одредби.[744]

182. Во 2006, Врховниот суд на Соединетите Американски Држави прогласи дека САД се во состојба на вооружен конфликт со група Ал Каеда, која не припаѓа кон ниту една држава, врз основа на тоа дека заедничкиот член 3 се применува кога ќе дојде до примена на воена сила помеѓу една држава и страна којашто не е потписник на Женевските конвенции од 1949, а која е една од страните во вооруженият конфликт.[745] Во Израел, Врховниот суд прогласи дека „[о]д

[742] *Ibid.*, став 6.

[743] *Предметот за Абимаел Гузман Реиносо и др.*, Перу, Expediente acumulado No. 560-03, Решение од 13. октомври 2006 (Државен судски совет), став 467-470.

[744] Врховен суд на Чиле, 9. септември 1998; *Revista Fallos del Mes*, бр. 478, стр. 1760-1769 (решение бр. 3). Во контекст на Јужна Америка, *види* исто така *Хуан Карлос Абела (Предмет Таблада)*, Интерамериканска комисија за човекови права, Извештај бр. 55/97, Предмет Бр. 11.137, 18. ноември 1997, (Аргентина), став 155-156.

[745] *Хамдан, Салим Ахмед против Рамсфелд, Доналд Х., Министер за одбрана, и др.*, Врховен суд на Соединетите Американски држави, Пресуда од 29. јуни 2006, 126 S.Ct.2749 (2006), стр. 66-68. Врховниот суд заклучи дека изразот со кој се опишуваат дејствата кои ги опфаќа заедничкиот член 3 „се користи со неговото буквално значење и тука претставува контрадистинкција на меѓудржавен конфликт", за кој Судот тврди дека е опишан со заедничкиот член 2 од Женевските конвенции, „којшто ја ограничува својата сопствена примена на сите вооружени конфликти меѓу потписниците и обезбедува потписниците да се придржуваат кон сите услови пропишани со Конвенциите дури и ако другата страна на конфликтот не е потписник, доколку непотписничката група ги 'прифаќа и ги применува' овие услови". За разлика од него, заедничкиот член 3 „дозволува некаква минимална заштита, иако според Конвенциите не дава потполна заштита, на лица кои не се поврзани ниту со потписникот ниту со непотписникот вклучени во конфликт на 'територијата на' потписникот". Така, иако Ал Каеда не е потписник на Женевските конвенции, сепак заедничкиот член 3 се однесува на конфликтот во којшто таа е една од страните. Иако Судот признава дека официјалните коментари на заедничкиот член 3 покажуваат дека „важна цел на одредбата била да се обезбеди минимална заштита на бунтовниците вклучени во вид еден на 'конфликт кој нема меѓународен карактер', т.е. во граѓанска војна", Судот подвлекува дека коментарите јасно покажуваат дека „опсегот на членот мора да биде колку што е можно поширок". Во тој поглед, Судот обрнува внимание на фактот дека ограничувањето на јазикот, што можеше да придонесе заедничкиот член 3 да биде применлив „особено [во] случаи на граѓанска војна, колонијални конфликти или регионални војни", е испуштен

крајот на септември 2000, се одвиваат силни борби во Јудеа, Самарија и во областа на Газа. Ова не е полициска акција. Тоа е вооружена борба".[746] Судот го донесе овој став земајќи предвид дека од крајот на септември 2000 до 2002 биле убиени над 600 жители на Израел, а повеќе од 4500 биле ранети, и дека биле убиени и ранети и „многу" Палестинци.[747] За да им се спротистават на „терористичките" напади, во јуни 2002 одбранбените сили на Израел, *inter alia*,[748] почнале да спроведуваат специјални воени операции „за да ја уништат палестинската терористичка инфраструктура и да ги спречат понатамошните напади на терористите".[749]

183. Овие случаи покажуваат дека при донесувањето одлука за постоење вооружен конфликт, судовите на државите обрнувале особено внимание на интензитетот, при тоа земајќи го предвид и продолжениот карактер на насилството коешто довело до ангажирање на воените сили. Големиот број жртви и високиот степен на материјално разорување биле исто така важни елементи при донесувањето одлука за постоење на вооружен конфликт.

184. Одбраната на Бошкоски и Тарчуловски тврди дека бидејќи во меѓународното право се прави разлика меѓу вооружен конфликт и „разбојништва, неорганизирани и краткотрајни побуни, или терористички активности, коишто не се предмет на меѓународното хуманитарно право",[750] акциите кои имаат терористички карактер не можат да бидат земени предвид при донесувањето одлука за постоење вооружен конфликт.[751] Изгледа дека значењето на овој аргумент е дека сите терористички акции треба да бидат исклучени при оценувањето на интензитетот на насилството во ПЈРМ во 2001.[752] Не сакајќи да навлегува во прашањето за оценување на однесувањето на ОНА како терористичко, Советот смета дека ваквото објаснение претставува погрешно толкување на судската пракса на Меѓународниот суд, чиј преглед е даден подолу.

од финалната верзија на членот, „кој може да се применува на поголем број случаи со потесен опсег на права од претходно предложените верзии". *Ibid.*, стр. 66-68.

[746] *Ајури против Командант на ИДФ*, ВСП 7015/02; ВСП 7019/02, Израел, Врховен суд кој заседава како висок суд на правдата, Пресуда од 3. септември 2002, став 1.

[747] *Ibid.*

[748] Предметот се однесувал на дополнителните мерки што ги усвоил Министерскиот комитет за државна безбедност на 31. јули 2002, заради признавањето дека „специјалните воени операции не даваат соодветен одговор на непосредните потреби за запирање на силните терористички напади". *Ibid.*, став 4.

[749] *Ibid.*, став 3.

[750] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 562; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 84.

[751] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 265; Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 48.

[752] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 48: „[О]бвинителството требаше да ги идентификува сите оние напади кои се терористички по своите карактеристики и кои Советот не може да ги земе предвид при разгледувањето на постоењето на вооружен конфликт".

185. Во предметот *Тадиќ*, во своето објаснение дека елементите интензитет и организација на страните можат да се употребат само како минимум за разликување на вооруженият конфликт од послабите форми на насилство, како што се „терористичките акции", Судскиот совет се потпираше на Коменарот на Меѓународниот комитет на Црвениот крст кон Женевските конвенции од 1949.[753] Во делот на Коментарот на којшто Советот се повикува се наведува дека составувачите на Конвенциите немале за цел терминот „вооружен конфликт" да се однесува на „кој било или на сите поединечни случаи во коишто постои примена на сила и коишто ги присилуваат чуварите на мирот да го употребат своето оружје".[754] Напротив, заедничкиот член 3 треба да се применува на „конфликти коишто во многу погледи се слични на меѓународна војна, но се одвиваат во рамките на една земја", т.е. онаму каде „вооружените сили" на која било од страни се вклучени во „борбите".[755] Основната цел на Судскиот совет во предметот *Тадиќ* е да истакне дека изолираните дејства на насилство, како што се некои терористички акции во мирно време, не би биле опфатени со заедничкиот член 3. Овој заклучок го отсликува ставот на Жалбениот совет во предметот *Тадиќ* дека немеѓународен вооружен конфликт постои тогаш кога има „*продолжено* насилство помеѓу државните органи и организирани вооружени групи или помеѓу такви групи внатре во државата".[756] При применувањето на овој тест, важно е дали дејствата се изведени како изолирани или како дел од продолжена кампања во која и двете страни се вклучени во борбите. Сосема е неважно дали извршените дејства на насилство можат или не можат да се означат како терористички по својот карактер. Ваквото објаснение е во согласност со коментарот на Жалбениот совет во *Кордиќ*, дека „[у]словот за *продолжени* борби е значаен бидејќи со него се исклучуваат случаите во кои се работи за обични граѓански немири или *поединечни* терористички акции".[757]

186. На елементот „продолжено" вооружено насилство во дефиницијата на внатрешниот вооружен конфликт не му е посветено значајно внимание во судската пракса на Меѓународниот суд.[758] Со него кон дефиницијата за вооружен конфликт се додава временскиот елемент.[759]

---

[753] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 562.
[754] Коментар на МКЦК кон Втората женевска конвенција, стр. 33.
[755] Коментар на МКЦК кон Втората женевска конвенција, стр. 33.
[756] Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 70 (истакнувањето е додадено); Првостепена пресуда за *Лимај*, став 84; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 37.
[757] Жалбена пресуда за *Кордиќ*, став 341(второто истакнување е додадено).
[758] Иако ни еден Совет не дал јасна дефиниција за поимот „продолжено", постои јасен модел на инциденти на насилства коишто Судските совети ги испитувале при донесувањето решение за постоење „продолжено" вооружено насилство, а кои се случиле надвор од периодот на кој се однесува обвинението, особено кога обвинението е за период покус од една година. *Види*, на пример, Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 566-567 (во која се изнесува дека интензитетот на судирите меѓу разните ентитети во Југославија од 1991 ескалирал до

Советот е свесен и за членот 8(2)(г) од Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд којшто се однесува на сериозни прекршувања на заедничкиот член 3 којшто „се применува на вооружени конфликти кои немаат меѓународен карактер, па според тоа не се однесува на случаите на внатрешни немири и тензии, како демонстрации, *изолирани и спорадични дејства на насилство* и други дејства од сличен карактер".[760]

187. Ставот дека терористичките дејства можат да бидат составен дел на продолжено насилство исто така е во согласност со логиката на меѓународното хуманитарно право, со кое се забрануваат „терористички активности"[761] и „активности или закани на насилство чијашто главна цел е ширење страв и терор меѓу цивилното население"[762] во меѓународни и во немеѓународни вооружени конфликти и за кои може да се придаде индивидуална кривична

вооружен конфликт во периодот на кој се однесува обвинението, од мај до декември 1992); Првостепена пресуда за *Фурунџија*, став 51-57; 59 (каде се разгледуваат докази кои се однесуваат на вооруженият конфликт од јануари до јули 1993, а кои се во врска со периодот на кој се однесува обвинението, на или околу 15 мај 1993); Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 186 (во кој се заклучува дека на целата територија на Босна и Херцеговина имало постојано вооружено насилство најмалку од 6. март 1992 до ноември 1995, кои се во врска со периодот на кој се однесува обвинението, од мај до декември 1992); Првостепена пресуда за *Кунарац*, став 567; Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 2, 58 (во кој се заклучува дека постоел вооружен конфликт од април 1992, па најмалку до февруари 1993, кој е во врска со периодот на кој се однесува обвинението, од 13. јули до октомври 1992); Решение според правило 98*bis* за *Млошевиќ*, став 28 (во кое се заклучува дека постоел вооружен конфликт во периодот на кој се однесува обвинението, помеѓу 1. јануари и 24. март 1999, забележувајќи дека во 1998 српските сили презеле „офанизва од широки размери", и заклучувајќи дека ОВК презела многу операции против полицијата во текот на 1996 и 1997); Првостепена пресуда за *Стругар*, став 217, 26-78 (во која се заклучува дека постоел вооружен конфликт во периодот на кој се однесува обвинението, помеѓу 6. и 31. декември 1991, земајќи предвид докази за конфликт со значителен интензитет на истото место во месеците непосредно пред тој период).

[759] Во предметот *Харадинај*, Советот заклучи дека при објаснувањето на поимот „продолжено вооружено насилство" во праксата, вклучувајќи го и самиот Судски совет во предметот за *Тадиќ*, почесто се зема критериумот за интензитетот на вооруженото насилство отколку неговото траење. Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 49.

[760] Член 8(2)(г) од Римскиот статут на МКС (истакнувањето е додадено). *Види* Решение според правило 98*bis* за *Млошевиќ*, став 20; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 87. Формулацијата на ова исклучување потекнува од член 1(2) од Дополнителниот протокол II, според кој Протоколот не се однесува на „ситуации на внатрешни тензии и немири, како демонстрации, изолирани и спорадични изливи на насилство и други дејства со слични карактеристики бидејќи тие не претставуваат вооружен конфликт". Еден коментатор забележува дека ваквото ограничување на применливоста на Протоколот било воспоставено „заради грижата да не се земаат предвид обичниот криминал и разбојништво и да се избегне специјалниот режим на правна заштита за активности коишто немаат ништо заедничко со организиран воен конфликт ". Дитер Флек, „Меѓународното хуманитарно право по 11. септември: Предизвиците и потребата за одговор", *Yearbook of International Humanitarian Law* 6 (2003), стр.58.

[761] Член 33(1) од Четвртата женевска конвенција; член 4(2)(г) од Дополнителниот протокол II.

[762] Член 51(2) од Дополнителниот Протокол I; член 13(2) од Дополнителниот протокол II; Член 22 од Хашките правила за војување (1923); Пресудата по жалба за *Галиќ*, став 90, го потврди обичајниот статус на членот 51(2) од Дополнителниот Протокол I и 13(2) од Дополнителниот протокол II.

одговорност.[763] Би било бесмислено меѓународното хуманитарно право да ги забранува овие дејства ако не се смета дека тие припаѓаат кон групата на вооружени конфликти.

188. Освен тоа, Совет забележува дека судовите на некои држави не ги исклучуваат акциите со терористички карактер при разгледувањето на доказите за постоење вооружен конфликт. Државниот кривичен совет на Перу заклучи дека постојат услови за примена на заедничкиот член 3 во поглед на ситуацијата што се однесува на делата извршени од страна на Светлиот пат, како на пример, убиства на цивили, саботажи против амбасади и објекти на јавните и на приватните претпријатија, вооружени заседи против државните безбедносни сили и одговор на нивните напади.[764] Во 1972, Врховниот суд на Нигерија ја одби одбраната дека обвинетиот само извршувал наредби кога за време на граѓанската војна неуниформиран припадник на востаничките сили, познати како Биафранска армија, самоволно убил невооружено лице, но не негираше деека ова дело е дел од вооруженият конфликт.[765] Врховниот суд на САД не се колебаше дека заедничкиот член 3 се однесува на вооруженият конфликт којшто тој го идентификува помеѓу САД и Ал Каеда и покрај „терористичките" акции што ги изведуваше Ал Каеда или ставот на Владата на САД дека оваа организација е терористичка.[766]

189. Во голем број од своите пресуди, Врховниот суд на Израел исто така ја оквалификува ситуацијата помеѓу Израел и „терористичките организации" како вооружен конфликт.[767] Во една пресуда од 2006, Врховниот суд на Израел изјави дека постои „постојана состојба на

[763] Второстепена пресуда за *Галиќ*, став 86 и 98; Првостепена пресуда за *Д. Милошевиќ*, став 873-882. *Види* исто така *Обвинителот против Норман и др.*, „Решение по поднесоците за донесување ослободителна пресуда во согласност со правилото 98", Предмет бр. СЦСЛ-04-14, став 109-112; *Обвинителот против Брима и др.*, Предмет бр. СЦСЛ-04-16-ПТ, Дополнително изменето и дополнето консолидирано обвинение, 18. февруари 2005, Точка 1 и 2; *Обвинителот против Брима и др.*, Предмет бр. СЦСЛ-04-16-Т, „Решение по поднесоците за донесување ослободителна пресуда во согласност со правило 98", 31. март 2006, став 54.

[764] *Предметот на Абимаел Гузман Реиносо и др.*, Перу, Expedientue acumulado No. 560-03, Решение од 13. октомври 2006 (Национален кривичен совет), став 470-476.

[765] *Пиус Нвога против Државата*, Нигерија, Врховен суд, 3. март 1972, All Nigeria Law Reports, Дел 1, Том 1, стр. 149; ILR Том 52, 1979, стр. 494, на стр. 497 (Според нас, самоволно и намерно убивање на невооружени лица кои живеат мирно на федерална територија, како во овој случај, е злочин против човештвото, и *дури и ако е извршено за време на граѓанска војна* претставува кршење на внатрешните закони на земјата, и мора да се казни) (истакнувањето е додадено).

[766] *Хамдан, Салим Ахмед против Рамсфелд, Доналд Х. , министер за одбрана, и др.*, Соединети Американски Држави, Врховен суд на Соединетите Американски Држави, Пресуда од 29. јуни 2006, 126 С Цт 2749 (2006), стр. 66-68.

[767] *Ајури против Командант на ИДФ*, ВСП 7015/02; ВСП 7019/02, Израел, Врховен суд, Пресуда од 3. септември 2002, став 1; *Државниот комитет против тортура во Израел и др. против Владата на Израел и др.*, Израел, Врховен суд, Пресуда од 14. декември 2006, ВСП 769/02, став 16, во кој се цитира и: *Ел Сака против државата Израел* (необјавено), ВСП 9255/00; *Кн'аан против Командантот на ИДФ силите во регионите на Јудеа и Самарија* (необјавено), ВСП 2461/01; *Бараке против Министерот за одбрана*, 56(2) ПД, ВСП 9293/01; *Алманди против Министерот за одбрана*, 56(3) ПД 30, ВСП 3451/02; *Ибрахим против Командантот на ИДФ силите на Западниот Брег* (необјавено), ВСП 8172/02; *Мара'абе против Премиерот на Израел*, ВСП 7957/04.

вооружен конфликт" помеѓу Израел и разни „палестински терористички организации" уште од првата *intifada*,[768] како резултат на „постојаниот, продолжен и убиствен бран на терористички напади" и одговорот со оружје на нив.[769] Судот забележува дека „во современата реалност, многу е веројатно терористичките организации да имаат значителна воена способност. Понекогаш тие имаат воена моќ која ја надминува моќта на државите. Соочувањето со овие опасности не може да биде ограничено на државата и на нејзините казнени закони".[770] Освен тоа, Комисијата на Обединетите нации за испитување на ситуацијата во Либан заклучи дека „судирите што се случија помеѓу 12. јули и 14. август [2006] претставуваат меѓународен вооружен конфликт", но ја забележа „неговата *sui generis* природа во поглед на фактот дека борбите се одвиваа само помеѓу Израел и борците на Хезболах".[771] Во својот извештај, Комисијата изјави дека тоа што Израел го смета Хезболах за терористичка организација, а неговите припадници за терористи, не влијаело врз нејзината оценка на конфликтот.[772]

190. Овие случаи покажуваат дека судовите на државите и телата на Обединетите нации не ги отфрлаат делата со терористички карактер при разгледување на настаните коишто прераснале во вооружен конфликт. Ништо во судската пракса на Меѓународниот суд не сугерира дека треба да се усвои поинаков пристап кон ова прашање ако терористичките активности прераснат во „продолжено насилство". Во поглед на овие размислувања, Судскиот совет смета дека иако изолираните терористички акции може да не го достигнат прагот на вооружен конфликт, кога има продолжено насилство од овој тип, особено кога ќе се појави потреба од ангажирање на вооружените сили во судирите, таквите дејства се релевантни за оценката на нивото на интензитетот во поглед на постоењето вооружен конфликт.

191. Како дополнение на она што веќе беше речено, Одбраната на Бошкоски и Тарчуловски смета дека бројните изјави на држави и меѓународни организации во кои се осудуваат терористичките напади на ОНА во ПЈРМ во 2001 претставуваат доказ дека не постоел вооружен конфликт. [773] Судскиот совет не се согласува со овој став. Како што беше претходно наведено во

[768] *Државниот комитет против тортура во Израел и др. против Владата на Израел и др.*, Израел, Врховен суд, Пресуда од 14. декември 2006, ВСП 769/02, став 16.
[769] *Ibid.*, каде се цитира додатокот на резимето во име на државниот обвинител на Израел на 26. јануари 2004.
[770] *Ibid.*, став 21.
[771] Извештај на Комисијата за Истрага на настаните во Либан, во согласност со Резолуцијата на Советот за човекови права С-2/1, документ на ОН А/ХРЦ/3/2, 23. ноември 2006, став 8-9 и 57.
[772] *Ibid.*, став 62.
[773] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 264 и 268; Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 112-116.

неговата одлука од 27. февруари 2008,[774] ваквите изјави, иако би можеле да претставуваат показатели за државната пракса и *opinio juris* во врска со прашања од областа на меѓународното обичајно право, се од минимално значење за Советот при донесувањето суд за фактичката состојба.

192. Одбраната на Бошкоски тврди дека таквите изјави не би биле дадени да постоел вооружен конфликт во ПЈРМ бидејќи ако постоел вооружен конфликт таквите активности како, на пример, нападите на ОНА врз безбедносните сили би се сметале за легитимни воени дејства.[775] Советот не може да се согласи со ваквото гледање. Советот за безбедност на Обединетите нации, во својата пракса, ги осуди „терористичките акции" на востаничките групи дури и во ситуации за кои може да се тврди дека прераснале во внатрешен вооружен конфликт.[776] Исто така, вообичаено е Државите и организациите да ги карактеризираат дејствата на недржавните групи како „терористички" и покрај можноста тие дејства да биле извршени во контекст на вооружен конфликт.[777] Освен тоа, резолуциите на Советот за безбедност на Обединетите нации и на државите и нивните претставници се направени врз политичка, а не врз правна основа, и не би можеле директно да се интерпретираат како доказ за или легална интерпретација на фактичката состојба на работите, и покрај фактот дека таквите резолуции би можеле да имаат правни последици. Советот исто така забележува дека, спротивно на

[774] *Обвинителот против Бошкоски и Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, „Решение по Поднесокот на Одбраната на Бошкоски за прифаќање доказни предмети за директно презентирање – 'вооружен конфликт' и соодветните услови според член 3 од Статутот", 27. февруари 2008, став 6.

[775] Завршен поднесок на одбраната на Бошкоски, став 264.

[776] *На пример*, Резолуцијата на Советот за безбедност 1465 (2003), 13. февруари 2003 (со која се осудува бомбашкиот напад во Богота, Колумбија, за кој се товареше ФАРЦ и во кој загинаа неколку лица, а многу други беа ранети, и во која се наведува дека таквите дела како што се терористичките акции се закана за меѓународниот мир и безбедност). *Види* Мирко Сосаи, „Меѓународниот конфликт во Колумбија и борбата против тероризмот: Резолуција на Советот за безбедност 1465 (2003) и понатамошниот развој на настаните", *Journal of International Criminal Juistice* 3, 1 (2005), стр. 253. Колумбиските судови директно не се осврнаа на применливоста на заедничкиот член 3 ниту на Дополнителниот протокол II во врска со ситуацијата во Колумбија, иако Уставниот суд ја поддржа уставноста на владината ратификација на вториот документ. *Види* Corte Constitucional, Sentencia C-225/95, 18. мај 1995, во Gaceta Constitucional, 1995. Други примери на резолуции на Советот за безбедност во кои се осудуваат терористичките акции за кои се тврди дека ги подготвиле недржавни групи во ситуации кои можат да се сметаат за вооружен конфликт се: С/РЕС/1735 (2006) за Авганистан; С/РЕС/1618 (2005) за Ирак; С/РЕС/1544 (2004) за Израел; С/РЕС/1435 (2002) за Израел; С/РЕС/1199 (1998) за Косово; С/РЕС/941 (1994) за Босна; *Види* исто така А/РЕС/50/159 (1996) за Бурунди.

[777] На пример, голем број недржавни групи, наводно вклучени во внатрешни вооружени судири, се наоѓаат на државните листи на терористички организации. *Види*, на пример, Заеднички став на Советот 2005/847/ЦФСП од 29. ноември 2005, со кој се надополнува Заедничкиот став 2001/931/ЦФСП за применливоста на специјалните мерки за борба против тероризмот и се укинува Заедничкиот став 2005/725/ЦФСП; Државен секретаријат на САД, „Листа на терористи на кои им е забранет влез"; Државен секретаријат на САД, „Странски терористички организации"; Министерство за внатрешни работи на Обединетото Кралство, „Забранети терористички организации" со Законот за тероризам од 2000; Канада, „Ентитети кои сега се наоѓаат на листата" во согласност со деловите 83.05(9) и 83.05(10) од Кривичниот законик; Австралија, „Листа на терористички организации" според Законот за дополнување на законот за безбедност (Тероризам) од 2002.

тврдењето на Одбраната на Бошкоски дека „светската заедница, […] никогаш не го прифати ставот дека ситуацијата во ПЈРМ прераснала во вооружен конфликт”,[778] јазикот кој се употребува во резолуцијата 1345 од 21. март 2001 би можел да сугерира дека Советот за безбедност сметал дека ситуацијата во ПЈРМ прераснала во вооружен конфликт.[779] На пример, Советот за безбедност изјави дека насилството претставува закана за безбедноста и стабилноста на поширокиот регион, зборуваше за „вооружени дејства против државните органи” и им препорача на „сите страни да се воздржуваат и целосно да ги почитуваат меѓународното хуманитарно право и човековите права”.[780]

193. Имајќи го ова предвид, при испитувањето на настаните во ПЈРМ во 2001, Судскиот совет ќе го примени тестот којшто Жалбениот совет го изложи во Решението во врска со надлежноста за *Тадиќ*. Тој ќе ги разгледа индикативните фактори определени погоре, и ќе ја земе предвид системската употребата на сила од страна на државните органи, бидејќи така ќе се обезбедат корисни практични насоки за евалуација на критериумот за интензитетот во конкретните фактички околности на овој предмет.

(б) Организација на вооружената група

194. Според судската пракса на Меѓународниот суд, до немеѓународен вооружен конфликт може да дојде само во случај кога има продолжено насилство меѓу државните органи и *организирани* вооружени групи или меѓу такви групи во државата.[781] Потребниот степен на организација на таквата вооружена група за да биде применлив заедничкиот член 3 не е посебно дефинирана ниту во правните текстови, ниту во судската пракса. Сепак, некои елементи на ова минимално ниво на организација се елаборирани во судската пракса на Меѓународниот суд.

195. Во предметот *Тадиќ*, Жалбениот совет прави разлика помеѓу поединци кои дејствуваат во име на државата без посебни упатства и поединци кои сочинуваат „*организирана група со хиерархиска структура*, на пример, воена единица или, во случај на војна или внатрешен

[778] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 268.
[779] За објаснението на резолуциите на Советот за безбедност, *види Правни последици за државите од постојаното присуство на Јужна Африка во Намибија, југозападна Африка, без оглед на Резолуцијата 276 (1970)*, Советодавно мислење од 21. јуни 1971, Извештаи од МСП 1971 15, на 53, каде Меѓународниот суд на правдата како релевантни фактори ги определи „јазикот” на резолуцијата, „дискусиите при нејзиното составување”, „одредбите на Повелбата на кои се повикува”, како и „сите околности коишто би можеле да помогнат при определбата на [нејзините] правни последици”.
[780] Доказен предмет 1Д230, стр. 11-12, став 1, 4 и 7.
[781] Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 70.

раздор, вооружени банди на нерегуларни сили или бунтовници".[782] Советот забележува дека „организирана група […] обично има структура, линија на командна одговорност, правила на однесување, а често и надворешни симболи на власт" и дека нејзините припадници не дејствуваат на своја рака, туку се придржуваат кон „стандардите коишто владеат во групата" и се „подредени на водачот на групата".[783] Така, за една вооружена група да се смета за организирана, треба да има некаква хиерархиска структура и нејзиното водство треба да има способност да спроведува власт врз нејзините припадници.

196. Судскиот совет го разгледуваше прашањето за степенот на организиација на вооружената група во предметот *Лимај* кога решаваше дали Ослободителната војска на Косово (ОВК) била организирана вооружена група.[784] Советот ги одби построгите тестови за организираност што ги поднесе Одбраната, а кои беа поставени врз основа на „погодните критериуми" наведени во Коментарот на МКЦК и аргументите дека една вооружена група мора да има метод за казнување на прекршувањата на заедничкиот член 3 или да ги исполнува условите на Дополнителниот протокол II. Наместо тоа, Советот зазема став дека „*извесен степен на организација* на страните ќе биде доволен да се воспостави постоење на вооружен конфликт".[785] Лидерството на групата, како минимум, мора да биде во состојба да врши некаква контрола врз своите припадници за да можат да се применат основните обврски од заедничкиот член 3 на Женевските конвенции.[786] Судската пракса на државите исто така е во согласност со минималните услови за контрола. На пример, Воениот суд на Белгија одби да ја оцени ситуацијата што владееше во Сомалија во 1993 како воен конфликт за кој важи заедничкиот

[782] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 120 (истакнувањето е додадено).
[783] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 120.
[784] Прашањето за тоа дали ОВК била организирана група се разгледува и во Решението според правило 98*bis* за *Милошевиќ*, во став 23, во кое Советот зазема став дека „постојат доволно докази кои укажуваат дека ОВК е организирана воена сила, со официјална заедничка командна структура, штаб, определени оперативни зони и способност да набавува, транспортира и дистрибуира оружје".
[785] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 89 (истакнувањето е додадено). Во прилог на својот став, Советот наведува студија на МКЦК како референтен документ на Комисијата за подготовка при утврдувањето на елементите на кривичните дела пред МКС, во кој се изнесува дека „Утврдувањето дали постои немеѓународен вооружен конфликт не зависи од субјективните проценки на страните во конфликтот; тоа мора да се определи врз основа на објективни критериуми; терминот „вооружен конфликт" претпоставува постоење судири *помеѓу помалку или повеќе организираните* вооружени сили; мора да постојат спротиставени вооружени сили и судири со *извесен интензитет*". Работен документ на МКЦК, 29. јуни 1999. Истакнувањето е додадено.
[786] Коментар на МКЦК за Втората женевска конвенција, стр. 34 (каде се забележува дека ако некоја недржавна група не го применува заедничкиот член 3, „ќе се подразбира дека оние кои ги сметаат нејзините активности само за анархиски дејства и разбојништво се во право"). *Види* исто така МКЦК, „Меѓународното хуманитарно право и предизвиците на современите вооружени конфликти", Извештај на Меѓународниот комитет на црвениот крст, 28-ма меѓународна конференција на Црвениот крст и на Црвената полумесечина, Женева, 2 до 6 декември 2003, на стр. 19 (каде се споменуваат „вооружени сили или вооружени групи со извесно ниво на организираност, командна структура и, според тоа, способност да го применуваат меѓународното хуманитарно право".)

член 3 бидејќи групите вклучени во конфликтот беа нерегуларни, неорганизирани вооружени групи без одговорно раководство.[787]

197. Иако според судската пракса на Меѓународниот суд вооружената група треба да има „одреден степен на организација", завојуваните страни не мора да бидат организирани исто колку и вооружените сили на државата.[788] Ниту степенот на организација на вооружената група вклучена во конфликт за кој важи заедничкиот член 3 не мора да биде на ниво на организација која важи за страните вклучени во вооружените конфликти дефинирани според Дополнителниот протокол II, коишто мораат да имаат одговорно раководство и да контролираат дел од територијата за да можат да изведуваат непрекинати и усогласени воени операции и да го применуваат Протоколот.[789] Дополнителниот протокол II бара повисок стандард отколку заедничкиот член 3 за воспоставување постоење на вооружен конфликт. Според тоа, степенот на организација потребен за учество во „продолжено насилство" е понизок од степенот на организација потребен за изведување „одржливи и усогласени воени операции". Во овој поглед, се забележува дека за време на составувањето на членот 8(2)(ѓ) од Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд за опфаќање на „други" сериозни кршења на законот и обичаите на војување кој може да се применува за немеѓународни вооружени конфликти, делегатите го одбија предлогот во овој дел да се воведе праг за применливост на Дополнителниот протокол II,[790] а наместо тоа го прифатија предлогот во уводниот дел да се вклучи тестот за „продолжен вооружен конфликт", како што може да се заклучи од решението на Жалбениот совет во предметот *Тадиќ*.[791] Ова покажува дека вториот тест се смета за различен и со понизок праг од тестот од Дополнителниот протокол II. Ваквата разлика за потребното ниво на организација е логична во поглед на подеталните правила на меѓународното хуманитарно право кое се применува во конфликтите од Дополнителниот протокол II, што значи дека „мора да постои извесен степен на стабилност при контролата дури и на многу мала територија за да може

[787] *Ministre public and centre pour l'égalité des chances at la lutte contre le racisme v. C… et B…*, Белгија, Воен суд, Пресуда од 17. декември 1997, *Journal des Tribunaux*, 4. април 1998, стр. 286-289.
[788] Првостепена пресуда за *Ориќ*, став 254.
[789] Член 1(1) Дополнителен протокол II. Оваа одредба јасно изнесува дека Протоколот „го развива и го дополнува членот 3 заеднички за Женевските конвенции од 12. август 1949 без да ги модифицира неговите услови за примена".
[790] *Види* Антони Кулен, „Дефиниција на немеѓународниот вооружен конфликт во Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд: Анализа на прагот на примена содржан во член 8(2)(ѓ)", *Journal of Conflict & Security Law*, 12, 3 (2008), стр. 419-445 (каде се објаснува дека делегатите биле особено критични кон фактот дека оваа дефиниција би ги исклучила оние конфликти во кои не се вклучени органите на власта, како ни оние конфликти во кои страните не контролирале територија, па оттука, би постоело огромно ограничување на надлежноста на МКС).
[791] А/ЦОНФ.183/Ц.1/Л.62 (13. мај 1998). Во оваа верзија зборот „насилство" се заменува со зборот „конфликт".

раководството успешно да ги применуваат правилата на Прототколот”.[792] За разлика од ова, заедничкиот член 3 ги отсликува основните хуманитарни заштити,[793] и на страната вклучена во вооруженият конфликт и е потребен само минимален степен на организација за да обезбеди нивно спроведување.

198. Подетални насоки за потребниот степен на организација на страните вклучени во вооруженият конфликт според заедничкиот член 3 можат да се најдат во предметот *Харадинај* во кој Судскиот совет, откако ја разгледа праксата на Судските совети при толкувањето на степенот на организација, заклучи дека „вооружен конфликт може да постои само помеѓу страни кои се доволно организирани да се спротистават едни на други со воени средства”.[794] За да се утврди дали една вооружена група е доволно организирана, Судскиот совет ги испитуваше индикативните фактори коишто Судските совети претходно ги беа земале предвид, „од кои никој, сам по себе, не е доволен да се воспостави дали критериумот за ‘организација’ е исполнет”.[795]

199. Судските совети земале предвид неколку фактори при оценувањето на организацијата на вооружените групи. Овие фактори можат да се класифицираат во пет поширок групи. Во првата група спаѓаат оние фактори кои укажуваат на присуство на командна структура, на пример, формирање главен штаб или повисока команда,[796] која ги назначува и им дава наредби на командантите,[797] врши запознавање со интерните прописи,[798] ја организира набавката на оружје,[799] дава наредби за воени дејства,[800] ги определува обврските на поединците во

[792] Коментар на МКЦК кон Дополнителниот протокол II, стр. 1353. Така, на пример, грижа за ранетите и болните, или затварање заробеници и пристојно однесување кон нив, како што се пропишува со член 4 „(Фундаментални гаранции)” и 5 „(Лица чии слободи биле ограничени)”. Во предметот за *Акајесу*, Советот на МКСР изјави дека „одговорна команда […] подразбира извесен степен на организација на вооружената група или дисидентските вооружени сили. Овој степен на организација треба да биде таков што ќе им овозможи на вооружените групи или на дисидентските сили да планираат и да изведуваат концентрирани воени операции, и да наметнуваат дисциплина во името на *de facto* власта”. Судска пресудса за *Акајесу*, став 626; *види* исто така Првостепена пресуда за *Мусема*, став 257.

[793] *Воени и паравоени активности во и против Никарагва (Никарагва против Соединетите Американски Држави)*, Извештај 14 на МСП (1986), во став 218 (во којшто се опишува заедничкиот член 3 во кој се отсликуваат минималните стандарди кои треба да се применуваат во сите воени кохфликти). *Види* исто така Коментар на МКЦК за Првата женевска конвенција, стр. 50 (во кој се забележува дека со одредбата „едноставно се бара почитување на некои правила, кои веќе беа признаени како основни во сите цивилизарни земји, и вклучени во законите за локална самоуправа на овие држави, долго пред да бидат потпишани Конвенциите”).

[794] Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 60.

[795] Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 60.

[796] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 94; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 60, 65-68.

[797] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 96, 98, 99.

[798] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 98.

[799] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 100; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 60.

[800] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 46.

организацијата,[801] дава политички изјави и објавува соопштенија[802] и прима информации од оперативните единици за развојот на настаните во областа на која дејствува единицата.[803] Во оваа група спаѓаат и факторите како постоење интерни прописи со кои се поставува организацијата и структурата на вооружената група;[804] назначување на официјален портпарол;[805] објавување соопштенија со кои се известува за воените активности и операции што ги презема вооружената група;[806] постоење на главен штаб;[807] интерен правилник со кој се определуваат чиновите на воените лица и се определуваат задачите на командантите и замениците команданти на единиците, четите, водовите и одредите, создавајќи линија на воена хиерархија меѓу разните нивоа команданти;[808] и запознавање на војниците и оперативните единици со интерните прописи.[809]

200. Втората група ја сочинуваат фактори кои укажуваат дека групата би можела да изведува активности на организиран начин, како на пример, способност на групата да донесува заедничка воена стратегија и да изведува широк опсег на воени операции,[810] способност да контролира територија,[811] постоење територијална поделба на зони на дејствување[812] во кои определените команданти се одговорни за основање бригади и други единици и назначување команданти на тие единици;[813] способност на оперативните единици да ги координираат своите активности[814] и успешно да ги пренесуваат писмените и усните наредби и одлуки.[815]

201. Во третата група спаѓаат фактори кои укажуваат на постоење извесно ниво на логистика, на пример, способност за регрутирање нови припадници;[816] организирање воена обука;[817]

[801] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 46.
[802] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 46, 101.
[803] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 97.
[804] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 98.
[805] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 99, 102.
[806] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 103.
[807] Решение според правило 98*bis* за *Милошевиќ*, став 23-24; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 104; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 65.
[808] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 111.
[809] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 110.
[810] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 129; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 410, 417; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 87.
[811] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 158 ; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 70-75.
[812] Решение според правило 98*bis* за *Милошевиќ*, став 23-24; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 95.
[813] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 106, 109.
[814] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 108 ; Првостепена пресуда за *Мартиќ*, став 135, 344.
[815] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 105.
[816] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 118 ; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 83-85.
[817] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 118 ; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 119; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 86.

организирана набавка на оружје;[818] набавка и користење на униформи;[819] и поседување комуникациска опрема за поврзување на штабовите со единиците, како и за меѓусебно поврзување на единиците.[820]

202. Четвртата група ги опфаќа факторите релевантни за определување дали во вооружената група владее определено ниво на дисциплинираност и способност за примена на основните обврски од заедничкиот член 3, на пример, воспоставувањето дисциплински правила и механизми;[821] соодветна обука;[822] постоење интерни правила и успешно запознавање на припадниците со нив.[823]

203. Петтата група ги вклучува оние фактори коишто укажуваат дека вооружената група е способна да настапува едногласно,[824] на пример, дека е способна да настапува во името на своите припадници во политички преговори со претставниците на меѓународните организааци и странски земји,[825] и дека може да преговара и да склучува договори, на пример за прекин на огнот или мировни договори.[826]

204. Одбраната на Тарчуловски тврди дека „терористичкиот" карактер на активностите на ОНА и наведените прекршувања на меѓународното хуманитарно право влијаеле ОНА да не се смета за страна во вооруженият конфликт бидејќи тие покажале дека „ОНА немала власт да ги контролира силите на теренот".[827] Судскиот совет се согласува дека во некои случаи големиот број прекршувања на меѓународното хуманитарно право од страна на припадниците на една вооружена група би можело да укажува на слаба дисциплина и немање хиерархиска линија на командување во групата.[828] Се забележува дека судот на една држава зазема став дека кршењето на правилата на меѓународното хуманитарно право како што се терористичките напади укажува

[818] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 118 ; Решение според правило 98*bis* за *Милошевиќ*, став 23-24; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 121-122 ; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 76-82.
[819] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 123.
[820] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 124.
[821] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 113-117; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 69.
[822] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 119.
[823] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 110.
[824] Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 88.
[825] Првостепена пресуда за *Лимај*, став 125-129.
[826] Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 164; Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 20, 23; Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 88.
[827] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 73; став 70-110.
[828] Според истражувањата најголемиот број прекршувања на меѓународното хуманитарно право се случуваат во услови во кои недостасуваат јасни инструкции за стандардите на овој закон и каде не постои воена дисциплина меѓу војниците. *Види* Даниел Муњоз-Ројас и Жан-Жак Фресард, МКЦК, *Корените на однесувањето за време на војна: Разбирање на МХП (Меѓународно хуманитарно право) и спречување на неговите прекршувања* (Женева: МКЦК, октомври 2004).

на немање одговорно раководство според член 1 од Дополнителниот протокол II, иако Судот реши дека заедничкиот член 3 сепак се применува.[829] Меѓутоа, Совет исто така прифаќа дека за некои терористички напади е потребно високо ниво на планирање и координирана командна структура за да можат да се изведат. Со други зборови, ова прашање треба да се решава за секој предмет посебно, во зависност од фактите.

205. Во случаи кога вооружените групи изведуваат акции коишто се забранети со меѓународното хуманитарно право, на пример, „терористички акции",[830] „дејства или закани чија основна улога е ширење страв меѓу цивилното население",[831] земање заложници,[832] користење човечки штитови,[833] симулирање заштитен статус,[834] напаѓање историски и религиозни споменици и згради[835] или користење на таквите објекти за воени цели,[836] како и сериозни прекршувања на заедничкиот член 3, тие подлежат на гонење и казна. Меѓутоа, сè додека вооружената гупа поседува организациона *способност* да се придржува кон обврските што ги наметнува меѓународното хуманитарно право, дури и таков вид прекршувања не мора да сугерираат дека страната не поседува ниво на организација потребно за да биде страна во вооружениот конфликт. Советот не може едноставно да донесе заклучок за непостоење организација во вооружената група затоа што нејзините припадници често прибегнуваат кон кршење на меѓународното хуманитарно право. При проценката на овој фактор Судскиот совет треба да испита како биле планирани и изведувани нападите – на пример, дали тие во основа биле резултат на воената стратегија и дали наредбата за нивно извршување потекнува од водачите на групата, или нив ги извеле припадници кои решиле да извршат напад на своја рака.

---

[829] *Предметот на Абимел Гузман Реиносо и др.* Expediente acumulado No 560-03, Перу, Пресуда на Државниот кривичен совет (*Sala Pena Nacional*) од 13. октомври 2006; ИЛДЦ 670 (ПЕ 2006), став 470.

[830] Член 33(1) од Четвртата женевска конвенвија; Член 4(2)(г) од Дополнителниот протокол II.

[831] Член 51(2) од Дополнителниот протокол I; Член 13(2) од Дополнителниот протокол II.

[832] Заедничкиот член 3(1)(б) од Женевските конвенции; Член 34 од Четвртата женевска конвенција; Член 4(2)(в) од Дополнотелниот протокол II. *Види* исто така Жан-Мари Хенкартс и Луис Досвалд-Бек, *Обичајно меѓународно хуманитарно право*, Том 1 (Cambridge: CUP, 2005), Правило 96, стр. 334-336.

[833] Член 51(7) од Дополнителниот протокол I. *Види* исто така Жан-Мари Хенкартс и Луис Досвалд-Бек, *Обичајно меѓународно хуманитарно право*, Том 1 (Cambridge: CUP, 2005), Правило 97, стр. 337; Римски статут, член 8(2)(б)(xxiii).

[834] Член 37 од Дополнителниот протокол I. Ова правило има обичаен карактер. *Види* Жан-Мари Хенкартс и Луис Досвалд-Бек, *Обичајно меѓународно хуманитарно право*, Том 1 (Cambridge: CUP, 2005), правило 65, стр. 224. Слично правило се пропишува и со член 23(б) од Хашкиот правилник додаден кон Четвртата хашка конвенција од 1907, со кој се „забранува подмолно да се убиваат или повредуваат лица кои и припаѓаат на непријателската нација или армија".

[835] Член 53(а) Дополнителен протокол I. *Види* исто така Член 19(1) на Конвенцијата за заштита на културното богатство во случај на вооружен конфликт од 14. мај 1954.

[836] Член 53(б) од Дополнителниот протокол I.

206. Со оглед на горенаведената анализа, Советот, во своето испитување на фактите за настаните во ПЈРМ во 2001, ќе го примени тестот што го изложи Жалбениот совет во Решението во врска со надлежноста за *Тадиќ*, користејќи ги притоа индикативните фактори наведени погоре како практичен водич за да реши дали е задоволен критериумот за организација на страните.

2. Образложение

207. Во Обвинението се наведува постоење на вооружен конфликт во ПЈРМ помеѓу безбедносните сили на ПЈРМ и Ослободителната национална армија (ОНА), кој започнал во јануараи 2001 и продолжил до втората половина на септември 2001.[837] Советот ќе расправа подолу дали Обвинителството докажало дека насилните дејства што се случиле во ПЈРМ во периодот на релевантните настани го достигнале нивото на интензитет кој го налага судската пракса на Меѓународниот суд и дали ОНА поседувала карактеристики на организирана вооружена група според тестот во предметот *Тадиќ* за утврдување на постоењето вооружен конфликт.

(а) Интензитет на конфликтот

208. Иако постоењето вооружен конфликт во наведениот период, или во кој било момент од него, е спорно и е најважно тврдење во овој предмет, се забележува дека доказите коишто се однесуваат на настаните со кои се докажува интензитетот на конфликтот воопшто не се сеопфатни, често се некомплетни, и во најголем број случаи се состојат од медиумски известувања или тврдења од втора рака. Типично, недостасуваат детали релевантни за разгледување на тврдењето, како на пример, бројот на лицата вклучени во секој од настаните, неговото времетраење, видот на оружје што се користел, идентитетот на луѓето кои биле вклучени или единиците на кои (ако воопшто постоеле) припаѓале; факти кои се релевантни за да се докаже дека насилните дејства навистина ги изведувала организирана група, т.е. ОНА, а не дека биле само неорганизиран израз на насилство кое не може да се поврзе со ОНА.

209. Иако Советот ги прифати во доказните списи долгите извештаи на двајцата експертски сведоци во врска со вооруженият конфликт, имено, за Обвинителството, г. Виктор Безрученко,[838] а за Одбраната на Тарчуловски, д-р Благоја Марковски,[839] и ги сослуша нивните

[837] Обвинение, став 52.
[838] Доказен предмет П466.

усни сведочења, постои сомнеж за веродостојноста на нивните анализи. Во поглед на експертот на Обвинителството, неговата инволвираност во предметот на Обвинителството во текот на истражната фаза[840] може да влијаела врз објективната проценка на фактите релевантни за утврдувањето постоење вооружен конфликт. Извештајот на г. Безрученко исто така во голем дел се потпира на известувања на медиумите, кои општо земено беа нејасни и не беа потврдени од други извори, или на извештаите на МВР, прифатени како независни докази. Слично, експертскиот сведок на Одбраната на Тарчуловски бил раководител на службата за односи со јавноста и портпарол на армијата на ПЈРМ во текот на 2001,[841] па така неговата објективност во оценката на ситуацијата очигледно беше сомнителна. Советот исто така забележува дека извештајот и доказите на г. Марковски оставија впечаток дека се засновани на погрешни правни дефиниции, што придонесе голем дел од неговиот извештај да нема големо значење за прашањето пред Совет.

210. Други извори на докази во врска со прашањето за постоењето вооружен конфликт претставуваат извештаите на невладините и меѓународните организации активни во ПЈРМ во релевантниот период, како Меѓународната кризна група, НАТО и ОБСЕ, како и интерните извештаи на МВР. Општо земено, тие се сметаа за веродостојни. Се смета дека голем дел од информациите во „Белата книга" на МВР[842] во врска со настаните од 2001 се повторување на фактите кои се наведуваат во извештајот на МВР под наслов „Информации за активностите на ОНА на територијата на Македонија",[843] а не докази на независни извори.

211. Дополнителен проблем во врска со доказите за насилните настани од 2001 е фактот што изворите често зборуваат за акции што ги извеле „терористи", „вооружени групи Албанци" или „диверзантски терористички групи" кои може да се однесуваат или да не се однесуваат на активностите на ОНА. Советот не беше во состојба да провери дали сите активности можат да и се припишат на ОНА. Советот зема предвид дека во некои инциденти или судири може да биле инволвирани и други групи и поединци кои од разни причини извршиле насилни дејства со цел

[839] Доказен предмет 2Д101.
[840] Виктор Безрученко, Т 6879-6898 (каде сведочи дека учествувал во разговори со сведоци и дека и самиот директно им поставувал прашања), Т 6910-6913 (каде сведочи дека присуствувал на состаноци на КО во врска со истражните аспекти на предметот), Т 6913 (каде сведочи дека прибирал материјал по барање на КО).
[841] Благоја Марковски, Т 10611; *види* Доказен предмет 2Д100.
[842] Доказен предмет П45. Во овој документ, опишаните инциденти претежно им се припишуваат на „терористички групи", без какви било дополнителни објаснениja.
[843] Доказен предмет 1Д342.

да го нарушат мирот во овој период. Советот ќе ги испита доказите за настаните во ПЈРМ од 2001 по хронолошки ред, имајќи ги при тоа на ум овие отстапувања.

212. Во јануари 2001, имаше докази за два напади на полициски станици кои ги извеле вооружени албански групи во Арачиново[844] и во Теарце,[845] во тетовскиот регион. При нападот врз полициската станица во Теарце, имало информации дека биле употребени гранати,[846] автоматско оружје, како и рачен ракетен фрлач и рачни бомби.[847] Се смета дека ОНА ја презела одговорноста за овој напад.[848] Во февруари се зголемило военото присуство на ПЈРМ долж северната граница со Косово.[849] Се случиле најмалку три инциденти во пограничното село Танушевци.[850] Постојат докази дека вооружена група на ОНА киднапирала група новинари, но дека подоцна ги ослободиле неповредени.[851] Истиот ден, група вооружени мажи во црни, маскирни униформи нападнале погранична патрола на армијата,[852] при што дошло до размена на оган и неколку „припадници на ОНА" биле ранети.[853] Се тврди дека до борбите во околината на селото Танушевци дошло како резултат на обидот на ОНА да го контролира приодот во реонот на Скопска Црна Гора.[854] Постојат докази дека „терористите" го користеле патот на Скопска Црна Гора за пренос на оружје, дрога и луѓе.[855] Во вооружените судири и насилните настани во текот на јануари и февруари загинале најмалку четворица полицајци.[856]

213. Во месец март дошло до засилување на вооружените судири помеѓу армијата и полицијата на ПЈРМ, од една страна, и ОНА, од друга страна, изразено преку спорадично пукање, користење противпешадиски мини од страна на ОНА, размена на оган со слаб интензитет, бомбардирање на позициите на ОНА од страна на македонските сили, напади со

[844] М056, Т 2150; Зоран Јовановски, Т 4921. Но *види* Доказен предмет П45, стр. 109 (*види* N005-7716); 1Д342, стр. 7 (во извештајот на Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи стои дека нападот се случил една година порано, 11. јануари 2000).
[845] Доказен предмет 1Д256, стр. 2; *види* исто така Ристо Галевски, Т 3732; Доказен предмет 1Д227 (медиумски извештај); 1Д342, стр. 7; П45, стр. 109,326; П466, Петти дел, стр. 1.
[846] Доказен предмет 1Д227.
[847] Доказен предмет 1Д342; П466, Петти дел, стр. 1 (каде се цитира извештај на АФП за инцидентот); Виктор Безрученко, Т 6997-7002.
[848] Доказен предмет 1Д256, стр. 3.
[849] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 2; став 169.
[850] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 2, став 169; *види* исто така Доказен предмет 1Д256, стр. 5.
[851] Доказен предмет 1Д256, стр. 4; двајца сведоци, документи на МВР и македонската влада и извештајот на Виктор Безрученко, во кој се цитираат написи од весници, сите дадоа слични докази во поглед на инцидентот; М084, Т 1453; М037, Т 818; Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 2; П45, стр. 109; 1Д342, стр. 7.
[852] М037, Т 827; Македонските безбедносни сили имале еден или два „Хермелина" кои патролирале долж граничниот регион на Танушевци и Рамно.
[853] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 2.
[854] Доказен предмет П466, став 169 (во кој се цитира напис од *Jane's Intelligent Review*, Том 13, Бр. 6, стр. 18-19.)
[855] М037, Т 818.
[856] М056, Т 2150; Зоран Јовановски, Т 4921; Доказен предмет 1Д256, стр. 2.

автоматско оружје и пукање од страна на ОНА во полициски конвои.[857] Постојат докази дека конфликтот продолжил да се одвива во реонот на Танушевци.[858] Имало известувања дека на 8. март конвојот кој го спроведувал во тоа време новоименуваниот „државен советник", обвинетиот Љубе Бошкоски, бил нападнат во селото Брест, во пограничниот појас близу Танушевци.[859] Доказите покажуваат дека потоа конфликтот се проширил во Тетово и во реонот на Скопска Црна Гора.[860] Претседателот издал неколку наредби за користење на безбедносните сили на ПЈРМ, со кои и се наредувало на војската на Република Македонија да возврати на „вооружените напади" на „диверзантско-терористичките групи";[861] ги мобилизирал 1-от и 4-от гардиски баталјон, го вклучил артилерискиот баталјон на 1-та пешадиска бригада, ги ставил сите армиски единици во полна борбена готовност;[862] посебно наредил операција за „уништување на терористите во околината на Тетово за да се поврати контролата врз територијата;[863] и наредил уште една специјална операција за „уништување на терористите" во околината на Куманово.[864] Биле мобилизирани и армиските[865] и полициските резервни сили.[866] На почетокот на март започнала операцијата „Рамно" со цел да се координираат и да се насочат активностите што ги предизвикала кризата.[867] На 12. март, Советот за безбедност на Обединетите нации ја објавил изјавата на Претседателот со која се осудува насилството на „вооружените екстремисти на етничките Албанци" и се изразува загриженост поради заканата за стабилноста и безбедноста во ПЈРМ и во поширокиот регион.[868] Што се однесува до судирите во околината на Тетово во средината на март, постојат докази дека ОНА користела лесно

[857] Доказен предмет 1Д342, стр. 7-8; 1Д230; 1Д343; П45, стр. 110-112, 327-329.
[858] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 3-5; 1Д342, стр. 7.
[859] Доказен предмет 1Д340.
[860] *Види* Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 3-10; став 170-172. Тетово се наоѓа околу 35 км западно од Скопје, претставува втор град по големина во Македонија и има претежно албанско население; *види* исто така Доказен предмет П45, стр. 110 (во кој се известува дека на 8. март, Одделението за внатрешни работи на Тетово било нападнато со рачен минофрлач, предизвикувајќи материјална штета); Доказен предмет 1Д256, стр. 6; П466, Петти дел, стр. 6 (во кој се укажува дека од 13 до 17. март, ОНА се борела со разни македонски сили во и околу Тетово).
[861] Доказен предмет П473.
[862] Доказен предмет П474.
[863] Доказен предмет 1Д51; П475; 1Д79 (таен).
[864] 1Д80 (таен). *Види* исто така М051, Т 4173.
[865] М051, Т 4173; Доказен предмет П474.
[866] Доказен предмет П393; М084, Т 1453. Во зависност од интензитетот на конфликтот, бројот на полициските резервисти се движел од 5101 до 10211 лица, Доказен предмет П393.
[867] Доказен предмет 1Д112; Петре Стојановски, Т 9116; Ристо Галевски, Т 3704 (кој сведочеше дека сите државни и национални органи на безбедноста морале да ги испраќаат информациите во врска со ОНА и/или други „терористички" групи во Главниот штаб, кој потоа требало да ги проследи информациите до припадниците кои ги изведувале оперативните активности).
[868] Доказен предмет 1Д343.

оружје, лесни минофрлачи и ракетни проектили,[869] како и оружје со голем калибар, проектили и рачни бомби.[870] Како резултат на тешките борби во околината на Тетово,[871] на 20. март, Владата на ПЈРМ дала наредба за 24-часовен прекин на огнот и на ОНА ѝ бил даден ултиматум да се предаде или да ја напушти земјата;[872] постојат докази дека прекинот на огнот бил одбиен.[873] Додека во извештајот на Виктор Безрученко, во кој се наведуваат цитати од написи во весниците, се тврди дека ОНА реагирала со објава на едностран прекин на огнот,[874] Совет забележува дека имало и спротивни докази, дека борбите продолжиле и дека постоеле известувања за бројни жртви.[875]

214. Советот слушна сведочења дека до средината на март, конфликтот се проширил и во околината на Куманово,[876] опфаќајќи ги и селата Липково и Алашевце.[877] На 25. март, армијата отпочнала офанзива во пограничниот појас во околината на Тетово,[878] а во периодот помеѓу 26. и 31. март таа се проширила и врз единиците на ОНА во околината на Липково и во реонот на Скопска Црна Гора.[879] Постојат докази дека за време на офанзивата во околината на Тетово, за поддршка на армиските трупи, армијата распоредила Т-55 тенкови, 120-мм минофрлачи и борбени хеликоптери.[880] Како резултат на офанзивата, армијата тврди дека ја повратила контролата во тетовскиот регион.[881] На 21. март, Советот за безбедност на ОН ја објави Резолуцијата 1345 со која се осудува насилството и се поздравува вклучувањето на меѓународните организации во разрешувањето на кризата.[882] Многу меѓународни организации се вклучиле во набљудувањето и во спречувањето понатамошни судири.[883]

---

[869] Доказен предмет П466, став 171.
[870] Доказен предмет П45, стр. 110-111.
[871] Доказен предмет П45, стр. 111; П466, Петти дел, стр. 7, каде се цитираат написи од весници; на 18. март, македонските сили ги бомбардирале позициите на ОНА со тешка артилерија во реонот на Скопска Црна Гора; на 20. март, биле нападнати војници на ПЈРМ во стражарската кула во Гошинце; понатаму на север, била нападната патрола на ПЈРМ; тешките борби во Тетово продолжиле на 20. март.
[872] Доказен предмет 1Д225; *Види* исто така Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 7. каде се цитира напис од весник.
[873] Доказен предмет 1Д225.
[874] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 7.
[875] Доказен предмет П45, стр. 111-112; 1Д342, стр. 7-8.
[876] Доказен предмет 1Д342; П45, стр. 111-112.
[877] Доказен предмет П45, стр. 111; П466, Петти дел, стр. 6, каде се цитираат написи од весници.
[878] Доказен предмет 1Д256, стр. 7-8.
[879] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 9, на која се цитираат написи од весници.
[880] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 9.
[881] Доказен предмет 1Д256, стр. 8 (N0025180).
[882] Доказен предмет 1Д230, стр. 11-12 (N0009019-N0009020); Виктор Безрученко сведочеше дека Генералниот секретар на ОН Кофи Анан, Европската Унија и Соединетите Американски Држави го прифатиле ставот кој произлегува од Резолуцијата на Советот за безбедност, додека Благоја Марковски даде изјава дека НАТО и ОБСЕ имале сличен негативен став кон насилството во Македонија. *Види* Виктор Безрученко, Т 7062-7063 и

215. Во април, пристигнале известувања за пет инциденти,[884] вклучувајќи ја заседата на ОНА на 28. април во близина на Вејце, во тетовскиот регион, во која биле убиени четворица полицајци од Битола и четворица припадници на армијата.[885] На 29. април, овој напад бил осуден во изјавата на Претседателството на Европската Унија.[886] Советот доби докази дека имало големи протести во Битола од 31. април до 2. мај како реакција на заседата на ОНА.[887] Најмалку 16 продавници и голем број домови, од кои најголем број им припаѓале на етнички Албанци, биле оштетени, ограбени или запалени. Постоело известување и за напад на џамија.[888] Како резултат на судирите во текот на март и април 2001, најмалку 10 припадници на армијата биле убиени,[889] а голем број полицајци,[890] припадници на ОНА и цивили биле повредени.[891]

216. Во мај и јуни, настаните во ПЈРМ добиле уште посериозен тек.[892] Постојат докази дека на или околу 3. март „милитантите" влегле во селата Ваксинце и Слупчане во кумановскиот регион.[893] Било забележано дека во овие села имало минофрлачки напад на армиски контролен пункт и заседа над двајца војници на ПЈРМ.[894] Македонските сили извршиле офанзива на почетокот и во последната недела на мај за да ги „уништат терористичките сили" во кумановскиот регион.[895] Во офанзивата било употребено тешко оружје, вклучувајќи оклопни

Благоја Марковски, Т 10632. *Види* исто така Доказен предмет 2Д70 (Британскиот амбасадор во ПЈРМ ги осудува „терористите").

[883] *Види* општо Доказен предмет 1Д343; П45, стр. 327-328; посебно *види* Доказен предмет 1Д230.

[884] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 10-11, каде се цитираат извештаи на Владата и написи од весници; овие напади опфаќаат напад врз контролниот пункт на македонските безбедносни сили во близина на Тетово, дигање во воздух на едно возила со поставување мина, пукање во војниците на КФОР, киднапирање на еден полицаец и заседа што ОНА ја поставила во близина на Вејце.

[885] Доказен предмет П45, стр. 112-113; П466, Петти дел, стр. 11, во кој се цитираат извештаи на Владата и написи во весници; *види* исто така Назим Буши, Т 5792-5793; Гзим Острени, Т 7595-7611.

[886] Доказен предмет 1Д261.

[887] Доказен предмет П45, стр. 112-113; Кристо Здравковски, Доказен предмет 1Д125; *Види* исто така 1Д338, стр. 3-4.

[888] Доказен предмет П466, стр. 12-13; Кристо Здравковски, Доказен предмет 1Д125.

[889] Доказен предмет 1Д342, стр. 7-8; П45, стр. 110-112; П466, Петти дел, стр. 3, 9-11, каде се цитираат извештаи на Владата и написи од весници.

[890] Доказен предмет П45, стр. 139-148, П466, Петти дел, стр. 8-11, каде се цитираат извештаи на Владата и написи од весници.

[891] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 3-10. ФН 23; П45, стр. 110-111; *види* исто така Доказен предмет 1Д342; 1Д230; 1Д343.

[892] Доказен предмет 2Д69.

[893] Доказен предмет П494, стр. 3.

[894] Доказен предмет П45, стр. 113; 1Д342, стр. 9; П466, Петти дел, стр. 13; бил извршен минофрлачки напад врз контролен пункт на армијата во кумановскиот регион; во Ваксинце, двајца војници биле убиени од заседа, а еден бил заробен.

[895] Доказен предмет 1Д50; П494, стр. 3; П466, Петти дел, стр. 18; *види* исто така Гзим Острени, Т 7469-7471, 7835, кој тврди дека била извршена офанзива врз 113-та бригада на ОНА која била лоцирана во селата во кумановскиот регион.

транспортери, борбени хеликоптери и гранатирање.[896] И ОНА употребила разни видови оружје.[897] По првата офанзива, се зборувало дека Владата размислува за објавување воена состојба;[898] таа ѝ поставила рок на ОНА до 17. мај да се повлече или да го положи оружјето и назначила прекин на огнот до тој датум.[899] МКЦК ги евакуирал цивилите од завојуваните региони.[900] ОНА продолжила да ги напаѓа позициите на армијата и на полицијата северозападно од Тетово во текот на целиот месец.[901]

217. На 22. мај, Али Ахмети, како „политички претставник" на ОНА, Арбен Џафери, претседател на ДПА, и Имер Имери, претседател на ПДП (Партија за демократски просперитет), и двете политички партии на етничките Албанци во ПЈРМ, го потпишаа „Призренскиот договор", кој претставува договор за заедничко дејствување за разрешување на проблемите на етничкото албанско население во ПЈРМ.[902] На крајот на мај, по втората офанзива, имаше известување за нови судири во селата Матејче[903] и Опае,[904] во близината на Никуштак,[905] и во близина на косовската граница,[906] како и за минофрлачки напад во периферијата на градот Куманово.[907] Било забележано дека во оваа серија напади ОНА употребувала минофрлачи и автоматски пушки,[908] и дека користела проектили земја-воздух во обид да погоди хеликоптер на безбедносните сили на ПЈРМ.[909] Постојат докази дека во овој период, македонскит власти уапсиле 66 лица, од кои 32 биле обвинети за терористички дејства, 28 за илегално поседување

[896] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 13 и 18; *види* исто така Гзим Острени, Т 7473 (каде сведочи дека до тој момент редовно имало престрелки помеѓу припадниците на ОНА и силите на армијата и на полицијата, но дека сега силите на армијата и на полицијата користеле артилериско оружје и хеликоптри); Доказен предмет П494, стр. 3.

[897] Доказен предмет П601; Благоја Марковски, Т 10718; *види* исто така Гзим Острени, Т 7839 (каде го опишува оружјето што го користела ОНА за време на операцијата на македонските безбедносни сили во Ваксинце).

[898] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 15 (каде се цитираат медиумски извештаи)

[899] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 16 (каде се цитира медиумски извештај и „Информации примени во штабот Рамно").

[900] Доказен предмет П392; *Види* исто така 1Д156, стр. 5; Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 16-17, МКЦК евакуирал вкупно 187 цивили од Лојане, Слупчане, Ваксинце, Липково и Оризари.;

[901] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 14; 16; 17.

[902] Доказен предмет П560.

[903] Доказен предмет П45, стр. 115; 1Д342, стр. 10; четири цивилни лица биле киднапирани и држени во џамијата во Матејче.

[904] Доказен предмет П45, стр. 114-115; 1Д342, стр. 9-10.

[905] Доказен предмет П45, стр. 115; 1Д342, стр 10; биле нападнати позициите на полицијата во околината на Никуштак.

[906] Доказен предмет П45, стр. 115; 1Д342, стр. 10; цистерна која се движела по патот од село Бањани, на северозапад од Скопје, во близина на границата со Косово, наишла на мина и бил убиен еден македонски војник.

[907] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 19.

[908] Доказен предмет П45, стр. 114-115; 1Д342, стр. 9-10; Зоран Јовановски, Т 4858, 4926.

[909] Доказен предмет П45, стр. 114-115; 1Д342, стр. 9-10.

на оружје, еден за организирање вооружено востание и еден за напад врз уставниот поредок.[910] Во офанзивите и вооружените судири во месец мај животите ги загубиле голем број припадници на ОНА[911] и на безбедносните сили на ПЈРМ,[912] како и голем број цивили.[913] На 29. мај, Министерот за внатрешни работи, обвинетиот Љубе Бошкоски, формирал работна група чија задача била да собере докази за воените кривични дела извршени на територијата на ПЈРМ.[914]

218. Вооружените инциденти во кумановскиот регион од мај, продолжиле и на почетокот на јуни, и потоа во текот на целиот месец.[915] Продолжиле и судирите во тетовскиот регион.[916] Нападите и на македонските безбедносни сили и на ОНА продолжиле во текот на целиот месец јуни со зголемен интензитет и се проширile и надвор од кумановскиот и тетовскиот регион, зафаќајќи го Арачиново и неговата околина.[917] Како последица на зголемениот број напади на почетокот на јуни, на 6. јуни премиерот Георгиевски повторно се заканил дека ќе го постави во Собранието прашањето за објавување воена состојба.[918] И покрај соопштението на ОНА за билатерален прекин на огнот, борбите во кумановскиот регион продолжиле и во втората недела на јуни.[919] Се проценува дека околу 250 припадници на ОНА[920] на 8. јуни влегле во селото

[910] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 19, на која се цитира поднесокот „Барање за истрага и предлог за преземање мерки за притвор на Основното обвинителство во Скопје", од 28. ноември 2001.
[911] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 13, стр. 18-19; П600.
[912] Доказен предмет П45, стр. 114-115; 1Д342, стр. 9-10; Зоран Јовановски, Т 4858, 4926.
[913] Доказен предмет П45, стр. 149.
[914] Доказен предмет 1Д115.
[915] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 20-23. И покрај борбите од 1 до 3. јуни, ни една од страните не успеала да ја преземе контролата врз Матејче. На 2. јуни дошло до судири и во Слупчане и Отља. Во месноста „Рамно", на 4. јуни, возило нагазило на мина. Биле забележани инциденти во Слупчане, Оризари и Матејче, како и гранатирање во околината на Виштица. Во Слупчане, ОНА тврдела дека имала контрола врз Матејче и дека го повратила Ваксинце. На 9. јуни, македонските сили ги нападнале Слупчане и Оризари со тенкови и со артилерија. *Види* исто така Доказен предмет 1Д342, стр. 10.
[916] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 21-23, 25 (избиле судири во планините над Тетово, во околината на Селце, Бродец, Шипковица и Попова Шапка, а судири имало и во Гајре, веднаш над Тетово. ОНА отворила оган на делот околу Градскиот стадион и полициската станица, како и на касарната Кузман Јосифовски. Борбите продолжиле во Тетово, како и во Вејце, Црвен Камен, Орловец и Пороj). *Види* исто така Доказен предмет 1Д342, стр. 10-11; П45, стр. 115-117.
[917] Доказен предмет П466, стр. 20. *Види* исто така Доказен предмет П488, мапа добиена од архивата на Министерството за одбрана на Македонија, направена на почетокот на јуни 2001, со сини ознаки кои ги покажуваат владините позиции (1-та гардиска бригада и 3-иот гардиски баталjон сосема на десната страна) и црвени ознаки кои ги означуваат позициите на ОНА. Стрелките го покажуваат напредувањето на ОНА од Куманово кон југозапад, кон главниот град; и од запад кон главниот град. Виктор Безрученко, Т 6543-6544.
[918] Доказен предмет П494, стр. 4; П466, Петти дел, стр. 22.
[919] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 22-23.
[920] Сведоците дадоа различни проценки за тоа колку припадници на ОНА влегле во Арачиново, но оние извори кои беа поверодостојни се движеа околу бројката 250. Благоја Марковски, Т 10906 (кој сведочеше дека 250 до 260 вооружени екстремисти биле инфилтрирани во Арачиново); Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 23 (Љубе Бошкоски изјави дека имало околу 800 добро вооружени герилци на ОНА во Арачиново и ја опиша ситуацијата како „драматична"); Доказен предмет 1Д259, кој изгледа дека е извештај на владата на САД, се наведува дека можеле да се видат 30 припадници на ОНА во Арачиново на 8. јуни. Виктор Безрученко сведочеше дека извештајот прилично се совпаѓал со неговата анализа, иако тој верува дека и пред да бидат видени овие 30

Арачиново.[921] Ова претставувало голема безбедносна закана за Владата бидејќи главниот град Скопје се нашол во рамките на минофрлачкиот дострел на ОНА.[922] Голем дел од жителите од албанска и македонска националност го напуштиле Арачиново и неговата околина.[923] Во меѓувреме, судирите во и околу Арачиново продолжиле.[924] Било исто така забележано дека полицијата во тој реон почнала да им дели оружје на резервистите.[925] Беа изнесени сведочења дека околу 11. јуни полицајци од другите делови на земјата биле прераспоредени во кумановскиот регион.[926] На тој ден бил направен нов обид за прекин на огнот; и двете страни ги прекинале борбите.[927] Се тврди дека ОНА, за време на прекинот на огнот, палела македонски и српски куќи и дека ја запалила црквата во Матејче.[928] Силите на КФОР притвориле 19 осомничени припадници на ОНА и запленила 27 мини, 40 пушкомитралези, шест ракетно водени гранати, 13 минофрлачи, 8 пиштоли и муниција, униформи, пари, храна, вода и медицински средства.[929]

219. Биле издадени наредби за заедничка акција на МВР и територијалната одбрана за одбрана на градот Скопје,[930] за поврзување со контролните пунктови на МВР и за обезбедување на клучните позиции.[931] Било издадена решение за формирање Команда за одбрана на градот

борци, имало припадници на ОНА во Арачиново. Тој исто така смета дека „жестокоста" на борбите помеѓу ОНА и македонските безбедносни сили за време на десетте дена на окупација укажуваат дека биле присутни многу повеќе војници на ОНА. Виктор Безрученко, Т 7101-7106. Доказен предмет 1Д162, стр. 4, извештај на МВР, Сектор за аналитика, истражување и информирање, во кој се тврди дека според некои проценки, имало 450-500 припадници на ОНА во Арачиново.

[921] Доказен предмет 1Д342, стр. 11; П45, стр. 116; 1Д162, стр. 4.

[922] Доказен предмет 2Д37 (Би-Би-Си го цитира Командант Хоџа на ОНА кој вели: „Јас ќе почнам да ги напаѓам полициските станици и аеродромот, Владата и Собранието. Сè што можам да погодам со нашите 120-мм минофрлачи."); М051, Т 4202-4203; Благоја Марковски, Т 10676; Доказен предмет 1Д162, стр. 4-5.

[923] Доказен предмет 1Д342, стр. 11; П45, стр. 116; П402, стр. 33.

[924] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 25 (Беа нападнати контролните пунктови на македонските сили во Страчинци и Брњарци; група етнички Македонци се обидела да формира вооружена група за заштита и двајца етнички Албанци биле убиени во Арачиново, едениот бил застрелан, а другиот полицијата го претепала до смрт; во село Брњарци, во близина на Арачиново, полицијата наводно пукала и го убила возачот на џип „Нисан", кој поминал низ контролниот пункт и отворил оган на полицајците. Се вели дека во колата било најдено поголемо количество оружје; П45, стр. 117; 1Д342, стр. 12.

[925] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 25; стр. 26, на 16. јуни, МВР објавило дека ќе го повлече оружјето што им било издадено на резервистите во претходната недела.

[926] Доказен предмет П468.

[927] ОНА објавила соопштение со кое се наредува прекин на огнот во траење од еден ден; Доказен предмет П511; П45, стр. 117; 1Д342, стр. 11.

[928] Доказен предмет П45, стр. 11; 1Д342, стр. 11.

[929] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 24.

[930] Доказен предмет 1Д81, Наредба од 11. јуни (поддршка на противоздушна одбрана, и авијациска огнена и артилериска поддршка по повик). *Види* исто така Маријо Јуришиќ, Т 3343; М-051, Т 4146.

[931] Доказен предмет 1Д82, *види* исто така Николче Гроздановски, Т 10399; 10405; 10458 (сведокот изјави дека неговата батерија била распоредена во реонот Љубанци-Љуботен од 12. јуни 2001. Таа била распоредена со задача да го спречи влегувањето или напредувањето на „терористите" од реоните на Матејче, Ваксинце и

Скопје, под чија команда биле ставени 12-та пешадиска бригада, 16-та пешадиска бригада, 1-та гардиска бригада и 8-та пешадиска бригада.[932] Бригадите биле мобилизирани во својот целосен состав, со можност за користење нови воени регрути.[933] Според Виктор Безрученко, ова опфаќало околу 8000 лица.[934] Во првата половина на јуни, Претседателот донел неколку одлуки за подготовка и мобилизација на разни воени единици, вклучувајќи ги и одлуките од 8. јуни, за полна мобилизација на 1-та и 2-та – 1-та/25-та лесна пешадиска бригада и од 9. јуни, за полна мобилизација на артилерискиот дивизион 128 мм „Оган" во состав на 1-от мешовит артилериски полк на 1-от корпус.[935] На 12. јуни, Премиерот издаде одлука за формирање единица за специјални намени, составена од армиски и полициски единици, чија задача би била спречување и справување со терористичките дејства во Македонија.[936] На 13. јуни, Претседателот издал наредба за мобилизација на неколку бригади и за одбрана на Охрид.[937] На 15. јуни, Претседателот издал нова наредба за формирање привремена единица за борба против тероризмот „А" класификација, составена од армиски и полициски единици.[938] ОНА објавила нов прекин на огнот од 14. јуни до 27. јуни.[939]

220. И покрај објавата за прекин на огнот, вооружените инциденти продолжиле во текот на целата втора половина на јуни.[940] Иако стигнувале известување за ограничени нападии во

Слупчане, кон Скопје). Генералштабот требало да ги ангажира единиците и да ги распореди во селото Орман, и да заземат одбранбена позиција во согласност со одбранбените наредби (Митре Десподов, Т 2628).

[932] Доказен предмет 1Д99. Маријо Јуришиќ го информира Советот дека бидејќи мал број воени обврзници одговориле на повикот, стандардите биле намалени и лица кои нормално не би биле повикани биле вклучени во операцијата. Освен тоа, бидејќи составот на резервните сили на единиците се менувал на секои 30 дена, на командантите им било тешко да ги обучуваат и да одржуваат контрола врз војниците. (Т 3345-3346).

[933] Доказен предмет 1Д100.

[934] Виктор Безрученко, Т 6106.

[935] Доказен предмет 1Д58 (селата Руѓинце, Слупчане, Опае, Матејче и Стрима); Одлука на Претседателот за подготовка на единиците на армијата и полицијата за изведување напади против ОНА во поширокиот регион на планината Скопска Црна Гора; *види* исто така Виктор Безрученко, Т 6095-6097; Доказен предмет П476; Доказен предмет П477; П478 (со овие наредби се дозволува ангажирање на незапишани воени обврзници). *Види* исто така Виктор Безрученко, Т 6102-6103 (сведочеше дека се користел повеќецевниот ракетен лансер „Оган" за уништување на непријателската жива сила на отворен терен).

[936] Доказен предмет 1Д59.

[937] Доказен предмет П479; Виктор Безрученко, Т 6110 (сведочеше дека формирањето одбрана на градот Охрид на југ можеби покажува дека се сметало дека градот се наоѓал под закана на ОНА).

[938] Доказен предмет 1Д60; Виктор Безрученко изјави дека одлуката за формирање нова група произлегла од мислењето дека биле потребни нови сили, обучени и опремени за асиметрично војување, за да се постигне друг ефект во борбите против ОНА. (Виктор Безрученко, Т 6532-6533)

[939] Доказен предмет П512.

[940] Доказен предмет 1Д342, стр. 12-13; П45, стр. 118-119. На 18. јуни, биле забележани судири во реонот на граничниот премин „Јажинце"; во инцидент кој траел половина час, три вооружени лица во црни униформи отвориле автоматски оган врз полициските позиции, а едновремено се пукало и од една куќа на границата со ФРЈ. На 20. јуни, било соопштено дека ОНА ја нападнала полициската станица „Рашче" и патрола од таа полициска станица во Радуша. На 21. јуни, ОНА, од Шипковица, ги нападнала македонските сили на Попова

околината на Тетово, Арачиново и Куманово на 19 и на 20. јуни,[941] доказите укажуваат дека постоело засилување на судирите следниот ден. На 21. јуни, Генералштабот на Армијата на Македонија издал наредба единицата за специјални намени да преземе операции во поширокиот регион на Скопска Црна Гора.[942] На единицата требало да ѝ се даде поддршка во вид на транспорт, воени хеликоптери и артилериска поддршка.[943] На 22. јуни, македонските безбедносни сили извршиле напад во Арачино и неговата околина.[944] Биле употребени артилерија и борбени хеликоптери.[945] Операцијата продолжила и следниот ден со силно гранатирање, со што бил подготвен патот за влегување на македонските сили во село Арачиново, каде дошло до улични борби.[946] На 24. јуни, ОНА нападнала полициски пунктови во близина на Арачиново.[947] Постојат докази дека околу 250 припадници на ОНА во Арачиново биле евакуирани во придружба на 50 возила на американскиот и на францускиот состав на КФОР и спроведени во селата на липковскиот регион, како што било предвидено со договорот од 24. јуни.[948] Целиот процес го набљудувале НАТО и Европската Унија.[949] Спорадични истрели се слушале во текот на целата операција, при што бил повреден еден претставник на американската амбасада.[950] Инцидентите продолжиле и следниот ден.[951] Биле прогласени неколку прекини на огнот, но ниту еден не успеал.[952] Борбите помеѓу полицијата и ОНА продолжиле на 26. јуни, а потоа биле обновени и во тетовскиот[953] и кумановскиот[954] регион. На

Шапка со минофрлачи и автоматско оружје. На 23. јуни, во Радуша, полициска патрола била нападната од заседа со автоматско оружје и „Зољи".

941 Доказен предмет П45, стр. 118; *види* исто така Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 26.

942 Доказен предмет 1Д314.

943 Доказен предмет 1Д314.

944 Доказен предмет П45, стр. 118; 1Д342, стр. 12; 2Д101, стр. 149.

945 Доказен предмет П495; П466, Петти дел, стр. 27.

946 Доказен предмет П495.

947 Доказен предмет П45, стр. 119; 1Д342, стр. 13; П466, Петти дел, стр. 28.

948 Доказен предмет П514 (договор од 24. јуни); Гзим Острени, Т 7495-7497; по договор помеѓу командантот на ОНА, Али Ахмети, и претставници на НАТО.

949 Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 28.

950 Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 28.

951 Доказен предмет П45, стр. 119-120; 1Д342, стр. 13-14 (напад на полициските пунктови во Арачиново; 25. јуни, извршен е напад над македонските сили на Попова Шапка со „гранати калибар 120 мм"; биле забележани и други напади во Тетово над полициските пунктови во близина на Градскиот стадион во Тетово и на касарната.

952 Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 28 (написите во весниците пишувале дека претставниците на НАТО успеале да договорат ограничен прекин на огнот, но борбите во Арачиново продолжиле по неколку часа; во попладневните часови бил направен друг обид за прекин на огнот).

953 Доказен предмет П45, стр. 120-121; 1Д342, стр. 14 (Бил нападнат полициски пункт, лоциран помеѓу селата Лавце и Селце, во околината на Тетово, при што биле повредени двајца резервни полицајци; ОНА соопштила дека влегла во села во околината на Тетово на 30. јуни, имено во Јдоарце, Отуње, Варвара и Сетоле, сите населени со доминантно македонско население; се тврдело дека припадниците на ОНА ги ограбувале и малтретирале селаните; *види* исто така Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 30 (ОНА му се заканувала на цивилното население за да го натера да го напуштат регионот).

954 Доказен предмет П45, стр. 120; 1Д342, стр. 14; П466, Петти дел, стр. 29-30 (ОНА нападнала воено-полициски контролен пункт кај Никуштак, во локалитетот Умин Дол, притоа користејќи проектили кои ги опожариле

27. јуни, армијата го гранатирала Никуштак, каде биле сместени некои од евакуираните припадници на ОНА.[955]

221. На почетокот на јули, имало најмалку 10 жестоки судири во околината на Куманово, Тетово и Радуша, во коишто „терористичките групи", како што ги нарекуваат официјалните извори на ПЈРМ, главно напаѓале армиски и полициски позиции, патроли и полициски конвои, а македонските сили одговарале, меѓу другото и со гранатирање и употреба на борбени хеликоптери.[956] „Терористичките групи" исто така поставувале и блокади, контролни пунктови и заземале позиции со пушкомитралези.[957] Во овој период, биле убиени двајца војници на армијата и еден припадник на ОНА, а најмалку 28 цивили и осум војници на ПЈРМ биле ранети.[958]

222. На 5 јули, Владата формирала координативно тело, Центар за справување со кризи, коешто било одговорно за управување со мерките за мирно разрешување на кризата[959] и коешто тесно соработувало со претставниците на меѓународната заедница, како НАТО и ОБСЕ.[960] Питер Фејт, претставник на НАТО, успеал да договори прекин на огнот помеѓу ОНА и македонските сили.[961] Овој прекин на огнот стапил во сила на 6. јули и бил почитуван, освен во Радуша, каде и двете страни продолжиле да користат тешко оружје.[962] Периодот помеѓу 6. и 16. јули бил обележан со релативно мал број кршења на прекинот на огнот, но голем број извори покажуваат дека бројот на прекршувањата постојано се зголемувал.[963]

223. На или околу 9. јули,[964] Центарот за справување со кризи донел „План и програма за надминување на кризата во Република Македонија"[965] и „Заеднички план за употреба на

нивите посадени со пченка; биле нападнати и други пунктови во тетовскиот регион; ОНА отворила минофрлачки оган врз предградијата на Куманово, оштетувајќи ги фабриките).

[955] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 29.

[956] Доказен предмет П45, стр. 121-124. *Види* исто така Доказен предмет 1Д342, стр. 15; П466, Петти дел, стр. 31-33.

[957] Доказен предмет П45, стр. 123-124.

[958] Доказен предмет П45, стр. 121-122; 1Д342, стр. 15.

[959] Зоран Јовановски, Т 4961.

[960] *Види* Доказен предмет П249; Хенри Болтон, Т 1604-1607.

[961] Гзим Острени, Т 7497-7498; Хенри Болтон, Т 1606-1607. За спроведување на прекинот на огнот, Министерството за одбрана им нареди на своите единици да одговараат на оган само во самоодбрана, и нагласи дека сè надвор од ова ќе претставува нарушување на прекинот на огнот, Доказен предмет 1Д272, стр. 1.

[962] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 33.

[963] Доказен предмет П45, стр. 124-126; П249, стр. 12-14.

[964] Зоран Јовановски сведочеше дека на 9. јули 2001, Координативното тело за справување со кризи усвоило нацрт планови. (Зоран Јовановски, Т 4965)

[965] Доказен предмет 1Д171. Во овој план е забележано дека заканата од ОНА се однесува на ПЈРМ и на поширокиот регион, и се тврди дека проблемот не може да се разреши само со „воени/полициски средства" и дека за него ќе биде потребен политички дијалог, дека „соодветни средства" треба да се користат за ПЈРМ да се одбрани, дека

безбедносните сили на Република Македонија",[966] во кои се истакнува потребата од преземање воени операции за да се присилат терористите да се придржуваат кон прекинот на огнот и да се создадат „нормални, мирновременски услови". Планот исто така предвидува формирање на мисии за „пребарување и уништување", со акцент на потребата за добра разузнавачка дејност за операциите да можат така да се планираат да ги присилат терористите да реагираат (па со тоа и да бидат уништени).[967]

224. И покрај новата рунда мировни преговори, од 16. јули дошло до зголемување на нарушувањата на прекинот на огнот.[968] На 16. и на 17. јули, Советот на Европската Унија го усвоила Заедничкиот став со кој се забранува издавањето визи на „екстремисти кои ги загрозуваат мирот и безбедноста во ПЈРМ и им се заканuваат на суверенитетот и територијалниот интегритет во ПЈРМ".[969] Од 23. јули, во тетовскиот регион значително се зголемил бројот на нападите врз позициите на безбедносните сили на ПЈРМ,[970] а овие одговарале со гранатирање на позициите на ОНА.[971] Со помош на НАТО, на 25. јули бил договорен нов прекин на огнот, при што се барало ОНА да се повлече на позициите од 6. јули.[972] Според проценката на Центарот за справување со кризи, на 5. јули, кога беше постигнат договорот за прекин на огнот, ОНА „имала контрола"[973] над 21 село,[974] а по прекинот на огнот „имала контрола" над 39 села.[975] Според Центарот, помеѓу 5. и 24. јули, ОНА извршила 93 напади врз македонските безбедносни сили, во кои животот го загубило едно лице, а 16 биле ранети.[976] Најголемиот број прекршувања на прекинот на огнот биле во вид на рафални истрели,

---

за да се разреши кризата е неопходен прекин на огнот, а потоа разоружување, и дека се неопходни воени дејства за да се „изолираат" терористите.

[966] Доказен предмет 1Д174; 1Д177.

[967] Целта на планот беше „повлекување на АРМ на мирновременските локации". Планот се осврнуваше на потребата „за оддржување на борбената готовност на единиците соодветна на потребите за адекватен одговор против понатамошните терористички активности", како и на интензивната подготовка на безбедносните сили за „борба против воружените екстремни групи", „безбедносните операции", да се подготви за „адекватен одговор против вооружените екстремни групи кои нема да го прифатат прекинот на огнот", потребата да обезбеди слобода на движење на невоениот сообраќај, и „употребата на сила […] на потребно ниво со цел да се спречи […] минимална колатерална штета на цивилното население". Доказен предмет 1Д177.

[968] Доказен предмет 1Д342, стр. 15-16; П45, стр. 127-129.

[969] Доказен предмет 1Д237, стр. 6.

[970] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 36.

[971] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 36

[972] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 37

[973] Центарот за справување со кризи го користи терминот „имаа контрола" со значењето „воспоставување алтернативни структури на власт од страна на терористите со ограничување на слободата на движење и малтретирање на граѓаните преку поставување контролни пунктови; воспоставување 'органи на власт' во таканаречените 'ослободени' територии". Доказен предмет П249, стр. 3 (N0015594).

[974] Доказен предмет П249, стр. 1-2 (N0015592-N0015593).

[975] Доказен предмет П249, стр. 1-2 (N0015592-N0015593).

[976] Доказен предмет П249, стр. 4-11 (N0015595-N0015598).

поединечни истрели и напади врз безбедносните сили,[977] 78 проценти од кои се случиле во тетовскиот регион, 16 проценти во кумановскиот регион и пет проценти во скопскиот регион.[978]

225. И покрај новиот прекин на огнот, нови инциденти продолжиле да се јавуваат во сите региони на судирот.[979] На 29. јули, конвој со обвинетиот Љубе Бошкоски, кој се движел по автопатот Тетово-Скопје, во близина на Карпалак „бил наводно нападнат од страна на ВГЕА".[980] МВР поднело Барање за истрага со барање за истражен притвор до истражниот судија на Судот Скопје 2 против припадници на ОНА за загрозување на територијалниот интегритет, вооружено востание, диверзија, како и геноцид, воени злосторства против воени заробеници и воени злосторства против цивилно население.[981]

226. Во јули, КФОР задржале големо количество оружје коешто требало да биде прошверцувано во ПЈРМ.[982] Советот понатаму утврди дека, спротивно на некои докази,[983] ОНА киднапирала 62 цивилни лица и тројца војници на македонските сили,[984] извршила други кршења на човековите права[985] и вршела заплашување на цивилното население во околината на Тетово.[986]

[977] Доказен предмет П249, стр. 9 (N0015596).
[978] Доказен предмет П249, стр. 11 (N0015598).
[979] *Види* Доказен предмет П45, стр. 131-133; П466, Петти дел, стр. 37-38.
[980] Доказен предмет 1Д370, стр. 1; П45, стр. 132.
[981] Доказен предмет П391, Анекс Ж (N0009930).
[982] Во јули, припадниците на КФОР нашле три склада со тешко оружје и логистички материјал (Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 34). Во уште најмалку два други случаи во јули, припадниците на КФОР задржале до 56 осомничени борци на ОНА и 55 животни натоварени со противтенковско оружје, ракетни фрлачи, автоматски пушки, ракетно водени гранати и муниција (Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 33 и 37).
[983] Гзим Острени, Т 7533-7534; 7539; 7563.
[984] Доказен предмет П45, стр. 124; П466, Петти дел, стр. 32. *Види* исто така Доказен предмет 1Д16; Доказен предмет 1Д342, стр. 15; П466, Петти дел, стр. 35 (каде се известува дека на 18. јули, група на ОНА составен од 11 припадници предводени од „Командант Лека" киднапирале три цивилни лица од село Отушиште). На 22. јули, бил киднапиран етнички Македонец од село Лешок. *Види* исто така Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 36-37; 1Д18, стр. 2; П568 (во кој се објавува дека на 23. јули, припадниците на ОНА киднапирале најмалку 20 лица во тетовскиот регион). *Види* исто така П45, стр. 130-132 (на 24. јули и во деновите потоа стигнувале нови известувања за киднапирања и малтретирања од целиот регион). Игно Стојков, Т 8986-8987.
[985] Во електронската порака на Мисијата на ОБСЕ во Скопје до Амбасадорот Стоудман од 10. јули се тврди дека имало зголемен број на кршења на човековите права од страна на ОНА, вклучувајќи нелегално задржување на цивилни лица, принудна работа, принудна регрутација, користење малолетни лица во воени операции, заплашување на пунктовите на ОНА, етничко чистење, безобзирно разурнување и користење на мини и започнување борби во областите населени со цивилно население. Доказен предмет 1Д16; Хенри Болтон, Т 1656-1658.
[986] *Види*, на пример, Доказен предмет П45, стр. 121, 125, 128; 1Д342, стр. 14, 15; П466, Петти дел, стр. 33, 36, 37, 38; 1Д267; 1Д18; Митре Десподов, Т 2634.

227. Судирите продолжиле во и околу Тетово.[987] На 1. август, во борбите во околината на Гостивар, пет лица ги загубиле животите, а две биле ранети.[988] Се тврди дека до 2. август, ОНА го контролирала скоро цело Тетово и патот Тетово-Јажинце.[989] До тој момент, ОНА веќе имала набавено извесно количество модерно оружје од западноевропско и американско потекло.[990]

228. Помеѓу 5 и 8. август, особено во тетовскиот регион, ОНА напаѓала разни позиции на армијата и на полицијата.[991] Имало многу инциденти во кои етнички Македонци биле малтретирани, киднапирани[992] и присилно протерувани.[993] ОНА почнала да ги зазема и селата во околината на Тетово.[994] Како резултат на одговорот на силите на ПЈРМ, во Скопје загинал „командантот Тели" од „115-та бригада" на ОНА и уште четворица припадници на ОНА.[995]

229. На 8. август, на автопатот Скопје-Тетово во близина на селото Групчин (кај Карпалак) припадници на ОНА нападнале од заседа со ракетни фрлачи и пешадиско оружје конвој, а потоа го запалиле.[996] 10 војници на ПЈРМ биле убиени, а тројца биле ранети во нападот.[997] Еден оклопен транспортер „Хермелин" бил уништен, а неколку воени возила биле оштетени.[998] Како одговор, силите на ПЈРМ ги бомбардирале позициите на ОНА со борбени хеликоптери.[999] Во Прилеп, од каде доаѓале најголемиот број убиени војници,[1000] група луѓе барале оружје за да нападнат едно соседно село населено со етнички Албанци.[1001] Кога не добиле оружје, масата запалила една џамија и напаѓала продавници чии сопственици биле од муслиманска

[987] Доказен предмет П45, стр. 133.
[988] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 40.
[989] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 40.
[990] М051, Т 4208; Доказен предмет 2Д40, стр. 7.
[991] Доказен предмет 2Д40; П45, стр. 134; П466, Петти дел, стр. 40; П166 (на 5. август, ОНА ја нападнала касарната на АРМ каде што биле сместени и белгиските претставници на КФОР, како и армиските позиции на Попова Шапка); Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 41 (на 6. август позициите на силите на ПЈРМ во целиот липковски регион биле нападнати со тешки пушкомитралези и минофрлачи); Доказен предмет П45, стр. 134 (ОНА ја нападнала полициската станица во Ратае) и П466, стр. 42 (дошло до судири во Шарена џамија во Тетово, како и во неговата околина, со посебен осврт на Непроштено, Мала Речица, Калето, Стара Чаршија, Дреновац, Гајре, Попова Шапка).
[992] Доказен предмет 1Д19; П466, Петти дел, стр. 41-42.
[993] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 42.
[994] Виктор Безрученко, Т 6118-6119; Доказен предмет 2Д40; П466, Петти дел, стр. 42.
[995] Благоја Марковски, Т 10856; М051, Т 4210-4211; Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 41. Според Петер Букарт, на 5. август 2001, македонската полиција убила пет лица во една куќа во Скопје за време на, како што се тврди, силна битка со припадниците на ОНА, Т 2952.
[996] Доказен предмет 2Д40; П482; Хенри Болтон, Т 1620-1625; Виктор Безрученко, Т 6113-6117; М053, Т 1985.
[997] Доказен предмет П45. стр. 134; П466, Петти дел, стр. 41.
[998] Доказен предмет 2Д40.
[999] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 41.
[1000] Благоја Марковски, Т 10880; Доказен предмет П610.
[1001] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 41.

вероисповест.[1002] Разгневените граѓани влегле и во касарната во Прилеп.[1003] За време на немирите, во Скопје биле оштетени многу објекти и имоти чии сопственици биле етнички Албанци.[1004]

230. За време на истиот период, Претседателот издал итна одлука армијата да влезе во Тетово „со цел да оневозможи заземање на градот од терористичките групи на т.н. ОНА и обезбедување на животот, сигурноста и имотот на граѓаните на Тетово",[1005] и одлука со која на армијата ѝ се наредува „правовремено и соодветно да возврати со оган врз терористичките позиции – секогаш кога од нив се врши напад врз безбедносните сили на Република Македонија и кога со тоа се загрозуваат нивните животи".[1006]

231. На 9. август, во многуте напади што ОНА ги извршила во тетовскиот регион и во Радуша,[1007] животите ги загубиле двајца припадници на македонските безбедносни сили, а десет припадници и пет цивилни лица биле ранети. Се наведува дека македонските безбедносни сили убиле 11 осомничени борци на ОНА при нападот на еден полициски пункт во близина на селото Галате, Гостиварско.[1008] Според тврдењата на МВР, македонските сили ја повратиле контролата на главниот пат Тетово-Јажинце, којшто во текот на последниот месец бил под контрола на ОНА.[1009]

232. Настаните од 10 до 12. август во врска со инцидентот во Љуботен, вклучувајќи го и поставувањето противпешадиска мина на 10. август во близина на Љуботенски Бачила, се разгледуваат на друго место во Пресудата. Во истиот период дошло до судири и во другите региони, особено во Радуша, Гостивар и во Тетово и неговата околина.[1010] Во селата во околината на Скопје, припадниците на ОНА пукале во борбен авион на ПЈРМ, но за малку го промашиле.[1011] По продолжувањето на борбите во Радуша, безбедносните сили на ПЈРМ

[1002] Доказен предмет П610; П466, Петти дел, стр. 41.
[1003] Благоја Марковски, Т 10880-10881; Доказен предмет 2Д40, стр. 8.
[1004] Доказен предмет 1Д127; П466, Петти дел, стр. 41; Ристо Галевски, Т 3745-3746.
[1005] Доказен предмет П481.
[1006] Доказен предмет 1Д52.
[1007] Доказен предмет 1Д229.1.
[1008] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 42-43 (каде се цитира известувањето на БиБиСи од новинската агенција Бета, Србија).
[1009] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 43 (каде се цитира извештајот на БиБиСи од новинската агенција Бета, Србија).
[1010] Доказен предмет П45, стр. 135; 1Д13; П466, Петти дел, стр. 43.
[1011] Доказен предмет 2Д44, стр. 2.

испратиле борбени хеликоптери и Сукои СУ-25 борбени авиони како поддршка на трупите.[1012] Биле нападнати и армиските позиции во Радуша, при што еден тенк бил погоден и запален.[1013] На 11. август 2001, Претседателот Трајковски им испратил писма на Кофи Анан, генерален секретар на Обединетите нации, и на Џорџ Робертсон, генерален секретар на НАТО, информирајќи ги дека безбедносните сили и локалното население во околината на селата Радуша и Рогачево биле изложени на постојани напади на пешадиски и артилериски оган од страна на терористите.[1014] Борбите продолжиле и во тетовскиот регион.[1015] Според извештаите, борби и присуството на голем број припадници на ОНА биле забележани во Никуштак, Матејче, Слупчане, Арачиново и Бојане.[1016] Постојат известувања и дека автопатот Скопје-Тетово бил привремено затворен заради присуството на ОНА.[1017] Владата на ПЈРМ објавила едностран прекин на огнот. Без разлика на оваа објава, јасно е дека операцијата во Љуботен била изведена на 12. август со учество и на полициски и на воени сили.

233. На 13. август, охридскиот Рамковен договор го потпишеле главните партии на етничките Македонци и етничките Албанци во Собранието,[1018] како и САД и Европската Унија, кои го гарантирале неговото спроведување.[1019] ОНА не била страна во овој Договор. Со овој Договор успеал да се постигне „општ, безусловен и неограничен прекин на огнот" врз основа на принципот за изнаоѓање „мирни политички решенија".[1020] Исто така, со него партиите се обврзале да обезбедат враќање на бегалците, обновување и реконструкција, и се направил пат за обезбедување фундаментални промени во Уставот на Македонија, во поглед на неговата преамбула, како и внесувањето голем број одредби во поглед на албанскиот јазик, правото на образование на мајчиниот јазик, пропорционалната застапеност во државните тела, како и прераспределбата на одредени функции и административна власт на локално ниво.[1021] Претседателот му испратил писмо на генералниот секретар на НАТО во кое изјавил дека

[1012] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 44; П605. Благоја Марковски, Т 10782; Ристо Галевски, Т 3761; Петре Стојановски, Т 9154-9155.
[1013] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 45.
[1014] Доказен предмет 2Д101, став 267.
[1015] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 44.
[1016] Доказен предмет 2Д39; П466, Петти дел, стр. 44-45.
[1017] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 45.
[1018] Гзим Острени, Т 7781-7782.
[1019] Доказен предмет П84; *Види* исто така Доказен предмет 1Д15; 1Д345.
[1020] Доказен предмет П84.
[1021] Доказен предмет П84.

припадниците на ОНА ќе бидат амнестирани, со исклучок на оние кои извршиле кривични дела според судската пракса на МКСЈ.[1022]

234. На 14. август, ОНА објавила соопштение дека потпишала договор со НАТО за разоружување и распуштање, во согласност со охридскиот Договор.[1023] Четиринаесет лица притворени во врска со операцијата Љуботен биле изведени пред Основниот суд Скопје II Скопје и биле обвинет за кривично дело „тероризам"[1024] при што биле издадени решенија за продолжување мерката затвор за притворените за уште 30 дена.[1025] На или околу 26. септември, овие обвиненија за тероризам биле заменети со „служење во непријателска војска", обвинение кое може да се примени само „за време на војна или вооружен конфликт"[1026] врз основа на тврдења дека обвинетите лица „учествувале во вооружен судир како борци против Република Македонија" за време на кој биле инволвирани во „интензивни воени активности во кои употребувале пешадиско огнено оружје и муниција".[1027]

235. Судирите продолжиле да се одвиваат и неколку дена по охридскиот Рамковен договор, иако тие не биле толку интензивни колку оние пред неговото потпишување.[1028] Албанската национална армија – АНА, отцепена група, им се придружила на некои припадници на ОНА кои ги одбиле условите на охридскиот Договор и објавиле дека тие ќе продолжат да ги напаѓаат силите на ПЈРМ.[1029]

236. Неколку дена по потпишувањето на охридскиот Договор, пристигнале силите на НАТО да почнат со операцијата за собирање на оружјето.[1030] Во „Операцијата неопходна жетва", во која биле вклучени 3500 војници,[1031] според проценката на НАТО ОНА требало да предаде 3333 парчиња оружје.[1032] Во извештајот на НАТО се тврдело дека биле собрани вкупно 3875 парчиња оружје.[1033] Освен тоа, биле предадени и 354 експлозивни средства, како и 1045 гранати

[1022] Доказен предмет 1Д193.
[1023] Доказен предмет П458; П466, стр. 46. *Види* исто така Доказен предмет 1Д339; Назим Буши, Т 5783; 6040.
[1024] Доказен предмет П81, стр. 111. *Види погоре*, став 85-95.
[1025] Доказен предмет П25; П27; П54.049.
[1026] Доказен предмет П81, стр. 114.
[1027] Доказен предмет П46, стр. 5 (Е.Т.0463-8778); 11(Е.Т. 0463-8783).
[1028] Доказен предмет 1Д23; П466, Петти дел, стр. 46-47. *Види* исто така Доказен предмет 1Д268, стр. 5.
[1029] Доказен предмет П485, стр. 19; П466, стр. 46.
[1030] Доказен предмет П516.
[1031] Доказен предмет П516.
[1032] Виктор Безрученко, Т 7507.
[1033] Доказен предмет П519; Гзим Острени, Т 7509; 7588-7589, 7825.

и мини.[1034] Биле предадени и четири оклопни транспортери/тенкови,[1035] иако не постојат докази дека ОНА ги користела.

237. Бројот на судири помеѓу македонските сили и ОНА или АНА почнал да се намалува кон крајот на август и почетокот на септември, иако сè уште можеле да се забележат спорадични инциденти во и околу Тетово, кумановскиот регион и во Скопје, во кои животите ги загубиле двајца службеници од обезбедувањето, етнички Македонци, две цивилни лица биле ранети,[1036] а на 21. август во Лешок бил разурнат манастирот Св. Анастасие од 14-от век.[1037] Спорадични испади на насилство и судири продолжиле да се јавуваат и во текот на септември,[1038] сè до 26. септември,[1039] кога Али Ахмети објавил дека ОНА официјално е распуштена, иако и по овој датум стигнувале известувања за некои напади на ОНА или АНА во околината на Тетово.[1040] На 21. септември, Советот за безбедност на ОН усвоил втора резолуција за ситуацијата во ПЈРМ, во која го поздравува потпишувањето на Рамковниот договор и повикува на целосна имплементација на Резолуцијата 1345.[1041]

238. На 8. октомври 2001, Претседателот објавил дека ќе им додели амнестија на сите лица кои извршиле или биле обвинети дека извршиле кривични дела во врска со конфликтот до 26. септември 2001, со исклучок на оние кривични дела коишто потпаѓаат под јурисдикција на МКСЈ.[1042] На 26. октомври, Претседателот Борис Трајковски му испратил писмо на Обвинителот на МКСЈ во кое барал истрага за сериозни кршења на меѓународното хуманитарно право извршени „во делови на територијата на Република Македонија, кои не беа под контрола на македонските безбедносни сили”.[1043] Советот ги сослуша сведочењата дека во ноември 2001, во Требош,[1044] ОНА или АНА од заседа убиле тројца припадници на МВР, и дека на 3. декември

[1034] Доказен предмет П519.
[1035] Доказен предмет П519.
[1036] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 48-49.
[1037] Доказен предмет1Д268, стр. 5; 2Д105; Хенри Болтон, Т 1664-1665.
[1038] Припадниците на ОНА или АНА поставиле блокада на пет автобуси со раселени етнички Македонци кои се обидувале да ги посетат своите семејства североисточно од Тетово, пукале кон позициите на силите на ПЈРМ во околината на Липково и Тетово, три бомби експлодирале во Скопје, бил отворен оган од селата во околината на Тетово кон објекти на полицијата и позициите на силите на ПЈРМ и на конвој раселени Македонци во околината на Дреновец. Имало судир помеѓу ОНА и АНА и македонските сили кај стражарската кула Гошинце на Скопска Црна Гора, а во Матејче, две куќи на неетнички Албанци биле изгорени, Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 50-51.
[1039] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 50-51.
[1040] Гзим Острени, Доказен предмет П497, стр. 12; *Види* исто така Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 51.
[1041] Доказен предмет 1Д346.
[1042] Доказен предмет П585, стр. 3 (N001-15917).
[1043] Доказен предмет П391, Прилог А.
[1044] Зоран Јовановски, Т 4913-4914.

имало размена на оган помеѓу „терористичките групи” или „неколку вооружени лица” и армијата во близина на Љуботен.[1045] Во декември, Претседателот донел неколку одлуки за помилување на членови на ОНА кои биле лишени од слобода, вклучувајќи ги и сите оние коишто учествувале во настаните во Љуботен.[1046] Во служба на ова, на 8. март 2002[1047] бил донесен Закон за амнестија со цел да се „промовира мир и да се надмине кризата”.[1048] Со законот им се давала потполна амнестија на „лицата коишто учествувале во конфликтот”, со исклучок на оние лица кои сториле кривични дела кои се под јурисдикција на МКСЈ.[1049]

239. Советот доби различни докази во врска со вкупниот број на жртви во настаните од 2001. Различни извори наведуваат дека животите ги загубиле 15[1050] до 24[1051] полицајци и 35[1052] до 43[1053] до 60[1054] припадници на Армијата. Според сведочењето на Гзим Острени биле убиени околу 68 припадници на ОНА.[1055] Во „Белата книга” се документира смртта на 10 цивилни лица,[1056] а во „Извештајот на Министерството за внатрешни работи во 2001” се наведува дека загинале 16 цивилни лица.[1057] Околу 150[1058] до 174[1059] полицајци и 119[1060] до 211[1061] до 270[1062] припадници на Армијата биле повредени, додека бројот на повредените цивилни лица се движи од 61[1063] до 75[1064] до 100[1065], а за 20[1066] до 36[1067] цивилни лица се тврди дека исчезнале. Иако овие бројки не се сосема веродостојни, Советот ги зема во предвид како широк показател за бројот на жртви кои страдале во настаните од 2001, од кои најголем број изгледа дека се случиле во јуни и август.

[1045] Зоран Јовановски, Т4987-4988; Доказен предмет 1Д180; 1Д139.
[1046] Доказен предмет П50.045.
[1047] Доказен предмет П83.
[1048] Доказен предмет П585.
[1049] Доказен предмет П83.
[1050] Доказен предмет П45, стр. 139.
[1051] Доказен предмет П393, стр. 2 (N005-0691-ET-02).
[1052] Доказен предмет П393, стр. 2.
[1053] Доказен предмет П45, стр. 140-141.
[1054] Доказен предмет П45, стр. 8 (во оваа бројка можеби се вклучени загубите и на армијата и на полицијата, бидејќи се однесува на „припадници на безбедносните сили”).
[1055] Гзим Острени, Т 7749.
[1056] Доказен предмет П45, стр. 148.
[1057] Доказен предмет П393, стр. 2.
[1058] Доказен предмет П45, стр. 142-145.
[1059] Доказен предмет П393, стр. 2.
[1060] Доказен предмет П45, стр. 146-148.
[1061] Доказен предмет П393, стр. 2.
[1062] Доказен предмет П45, стр. 8.
[1063] Доказен предмет П393, стр. 2.
[1064] Доказен предмет П45, стр. 150-151.
[1065] Доказен предмет П45. стр. 8.
[1066] Доказен предмет П45, стр. 153.
[1067] Доказен предмет П45, стр. 8.

240. Во поглед на бројот на раселени лица како последица на конфликтот, до крајот на август, според проценката на Агенцијата за бегалци на Обединетите нации, имало околу 64.000 бегалци од Македонија во Косово или во јужна Србија и околу 70.000 внатрешно раселени лица во Македонија, од кои 15.000 биле „микро раселени", на многу кусо растојание од нивното место на живеење или спиеле на место различно од тоа каде живееле преку ден.[1068] Според доказите, бројот на раселени лица најмногу се зголемил кон крајот на март и околу 8. јуни,[1069] како и кон крајот на јули и од почетокот до средината на август.[1070] Во изворите на ПЈРМ, бројот на бегалците од Македонија достигнал до 80.000[1071], а бројот на внатрешно раселени лица до 86.000.[1072]

241. Според Меѓународната менаџмент група (ММГ), којашто извршила проценка на 13. септември 2001 и на 19. јуни 2002, за време на конфликтот 6500 куќи во регионите зафатени од конфликтот претрпеле разни степени на оштетување, најголемиот број од кои бил во сопственост на етнички Албанци.[1073] ММГ извршила проценка дека основните поправки на оштетените куќи треба да изнесуваат околу 33 милиони евра.[1074] Според проценка на МВР, економијата, директно или индиректно, претрпела штета од половина билион евра и дека штетата од палење, разурнување и оштетување на куќите и сопственоста на граѓаните и на инфраструктурата изнесувала над 150 милиони евра.[1075]

242. Пред Советот беа изнесени разни анализи во врска со прашањето дали ОНА имала контрола над некои територии во 2001. Прашањето е компликувано бидејќи различни извори користат различни дефиниции за „контрола", што предизвикува дополнителни проблеми.[1076] Во „Извештајот за активностите на Министерството за внатрешни работи" од април 2002 се наведува дека во МВР сметале дека ОНА „привремено окупирала" до 20 проценти од

[1068] Доказен предмет 1Д268, стр. 6.
[1069] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 24 (каде се наведуваат вкупно 40 000 раселувања од јануари, 2700 регистрирани кај хуманитарните агенции на 8. јуни и 7000 лица кои побегнале на Косово откако Арачиново било заземено).
[1070] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 37; 40-41; 45; 47.
[1071] Доказен предмет П393 (N005-0650-ET-01).
[1072] Доказен предмет П393 (N005-0691-ET-03).
[1073] Доказен предмет П390, стр. 3, став 11.
[1074] Доказен предмет П390, стр. 3, став 9.
[1075] Доказен предмет П393 (N005-0650-ET-01).
[1076] Се потсетува дека инструментите на меѓународното хуманитарно право не нудат специфична дефиниција за „контрола" на територија. Советот на МКСР за *Акајесу* заклучи дека територија под контрола на вооружена група обично е онаа територија која ја избегнува контролата на владините сили. Првостепена пресуда за *Акајесу*, став 626.

северозападниот дел на Македонија.[1077] Иако ОНА не контролирала ниту еден од големите гратчиња или градови, пред Советот беа изнесени сведочења дека голем дел од планинските области во кои се наоѓаат села населени со доминантно албанско население биле под „контрола" на ОНА. Според проценките на ОБСЕ, ОНА контролирала 135 до 140 села, што значи дека Полицијата не била во состојба да ги извршува своите задачи во тие делови.[1078] Степенот на контрола не го достигнал нивото на владина контрола,[1079] но македонските сили долго време не можеле да влезат во овие села. Пред Советот не беа изнесени задоволителни специфични докази кои би го поддржале тврдењето дека ОНА всушност ги контролирала реоните обележани на двете мапи што ги изнесе Гзим Острени – „Оперативна директива" од јуни[1080] и мапата од 5. јули којашто му била дадена на НАТО за да му се презентираат територииите кои во тој период на прекинот на огнот биле под контрола на ОНА[1081] – а не дека ОНА само била присутна таму.

243. Иако ОНА повремено организирала вооружени активности во текот на првите месеци од 2001, особено во северозападните планински региони кои се граничат со Албанија и со Косово, доказите опишани погоре сведочат дека дошло до значителна ескалација на интензитетот на настаните во Македонија од мај до средината на август 2001, кога бил потпишан охридскиот Рамковен договор, иако од доказите не може да се заклучи дека „терористичките групи" вклучени во настаните секогаш биле групи на ОНА. Вооружените судири прераснале во речиси секојдневни изливи на насилство, пукање и провокации од страна на ОНА и стандарден воен одговор на војската или полицијата, или и на двете.[1082] Исто така, борбите се проширile од Тетово во кумановско-липковскиот регион, во околината на Скопје, и во Гоастивар.[1083] Други важни фактори претставувале дистрибуцијата и користењето тешко вооружување од страна на македонските сили, вклучувајќи и воени хеликоптери и тенкови;[1084] сè поголема разновидност на оружјето што го користела ОНА; мобилизација на армиските и полициските единици до

[1077] Доказен предмет П393 (N005-0650-ET-01). *Види* исто така Доказен предмет П249 (Извештај на Центарот за справување со кризи), стр. 3 (N0015594) (дефинирање на терминот „имаат контрола" со значењето „воспоставување алтернативни структури на власт од страна на терористите со ограничување на слободата на движење и малтретирање на граѓаните преку поставување контролни пунктови; воспоставување 'органи на власт' во таканаречените 'ослободени' територии").
[1078] Хенри Болтон, Т 1608-1609. *Види* исто така Доказен предмет 1Д31, стр. 1 (извештај на ОБСЕ во кој се тврди дека „вооружени групи на етничките Албанци" ја презеле власта во „значителен број територии" во земјата).
[1079] Благоја Марковски, Т 10893.
[1080] Доказен предмет П487. Гзим Острени, Т 7451-7452; 7458; 7777.
[1081] Доказен предмет П515. Гзим Острени, Т 7497-7498.
[1082] *Види погоре*, став 216-234.
[1083] *Види погоре*, став 216-234.
[1084] *Види погоре*, став 214; 216; 219; 220; 222; 232.

степен на борбена готовност; мобилизирање на резервните сили; бројот на наредби за воени офанзиви со цел да се „уништат терористите";[1085] опсада на градовите, како на Тетово (особено во август) и села како Арачиново (во јуни); користење прекин на огнот;[1086] барањето помош од меѓународните фактори и од двете страни и нивна интервенција да помогнат во разрешувањето на кризата;[1087] донесувањето мировен договор со цел да се постигне прекин на непријателствата; и големиот број раселени лица и бегалци како резултат на конфликтот. Биле присутни и некои други фактори карактеристични за постоењето вооружен конфликт: во нив спаѓа ангажирањето на Советот за безбедност на Обединетите нации кој во март усвои резолуција со која ги осуди „терористичките активности", и потоа во март уште една, со која го поздрави потпишувањето на Охридскиот договор;[1088] придонесот на МКЦК при ослободувањето на затворениците и на двете страни и при пренесувањето пораки на семејствата на затворениците;[1089] гонењето од страна на властите на ПЈРМ на лица кои ѝ помагале на непријателската војска и кои извршувале други прекршувања до кои може да дојде само за време на вооружен конфликт;[1090] и прогласувањето широка амнестија за сите кои учествувале во конфликтот, со јасно изземање на оние обвинети за воени кривични дела под јурисдикција на МКСЈ.[1091]

244. Советот зема во предвид дека и покрај ваквата очигледна ескалација, бројот на жртви на двете страни, како и меѓу цивилното население, бил релативно мал (според највисоката проценка, вкупниот број на загинати во текот на 2001-та како резултат на вооружените судири изнесува 168), а и материјалната штета направена врз имотите и куќите била релативно мала. Овие мали бројки би можеле да укажуваат дека, и покрај употребата на тешко вооружување од страна на силите на ПЈРМ, општо земено имало воздржување во неговото користење, што би можело да наведува дека операциите на армијата и на полицијата биле повеќе насочени кон спроведување на законот. Меѓутоа, друг фактор кој придонел бројот на жртви да биде мал е учеството на мал број војници вклучени во судирите, коишто обично биле локализирани. Иако, како што беше речено погоре, според доказите не може секогаш да се утврди дали инцидентите или судирите ги предизвикала „ОНА" или некоја независна група на поединци, се забележува дека тактиките коишто ги користела ОНА по своите карактеристики биле герилски бидејќи

[1085] Доказен предмет 1Д79; П475; 1Д80; 1Д50; 1Д58; 1Д81.
[1086] *Види погоре*, став 213; 216; 219; 220; 222; 232.
[1087] *Види погоре*, став 233-234.
[1088] *Види погоре*, став 214; 237; *види* исто така 213.
[1089] Доказен предмет П607.
[1090] *Види погоре*, став 234; *види* исто така став 217; 225.
[1091] *Види погоре*, став 238.

често претставувале брзи напади изведени со мал број борци и целосно искористување на теренот. Таквите тактики ги ограничуваат масивните воени офанзиви, кои обично предизвикуваат голем број жртви.

245. Доказите коишто беа претставени покажуваат неконсистентност на правната рамка која се однесува на Безбедносните сили на ПЈРМ во 2001. Ова може да отсликува постоење извесен степен на конфузија, дури и несогласување меѓу различни владини сектори во поглед на тоа како да се постапува во дадената ситуација.[1092] Советот ја зема во предвид наредбата на Претседателот за армијата на почетокот на август – период со најсилен интензитет во 2001 – да се користи сила само како одговор на нападите на „самонаречената ОНА" или во самоодбрана,[1093] што би можело да наведува примена на рамка за воспоставување на законот. Меѓутоа, на многу начини, правната и административна рамка што Владата на ПЈРМ ја применувала во врска со своите активности од 2001 претставувала рамка која би се применувала за време на воооружен конфликт. Сите наредби на Претседателот во оваа година биле издадени во согласност со член 79(2) од Уставот, што значи дека Претседателот постапувал во својата улога на Главен командант на вооружените сили.[1094] Наредбите постојано повикувале на мобилизација на полициските единици вклучувајќи ги и резервистите, коишто, според Правилникот за начинот на повикување и ангажирање на припадниците на резервниот состав на МВР, можат да се ангажираат „во воена или вонредна состојба" за заштита на безбедноста на ПЈРМ или за одржување на јавниот ред и мир кога тој е „нарушен во поголем обем".[1095] Законот за внатрешни работи пропишува слични услови под кои МВР може да формира специјални полициски единици,[1096] коишто во неколку наврати биле формирани во 2001.

246. Што е уште поважно, според овој закон, припадниците на МВР не можат да изведуваат борбени задачи освен ако не постои „воена состојба",[1097] а сепак, во 2001 полициските единици постојано биле повикувани да учествуваат во борбени активности. Освен тоа, истиот закон ја ограничува употребата на огнено оружје од страна на припадниците на МВР при заштита на

[1092] *Види погоре*, став 216; 218, доказите покажуваат дека премиерот Георгиевски се заканил најмалку двапати во 2001 дека ќе побара Собранието да прогласи воена состојба. Според член 124 од Уставот на Македонија (Доказен предмет П91), воена состојба настапува кога „постои непосредна воена опасност од напад врз Републиката, или кога Републиката е нападната, или ѝ е објавена војна". Ваквиот јазик изгледа дека го ограничува поимот „војна" на оние конфликти кои се од меѓународен карактер, и дека не ги вклучува оние кои произлегуваат од внатрешни закани. *Види* Благоја Марковски, Т 10628. *Види* исто така Доказен предмет П464.
[1093] Доказен предмет 1Д52.
[1094] Доказен предмет П91 (N0018982).
[1095] Доказен предмет 1Д154, член 2.
[1096] Доказен предмет П86, член 11.
[1097] Доказен предмет П86, член 22.

животите на граѓаните, во самоодбрана, за одбивање напад на објект или лице што се обезбедува, или при спречување бегство на лице затечено при вршење сериозно кривично дело,[1098] при што се наметнува обврската од давање предупредување пред да се употреби огненото оружје,[1099] како што се предвидува со „Уредбата за употреба на средства на присилба и огнено оружје".[1100] Сепак, во неколку наврати во текот на 2001, на армиските и на полициските сили им била дадена наредба да ги „уништат терористите",[1101] а во една борбена наредба да нанесат што поголеми загуби „во жива сила".[1102] Со Уредбата исто така се пропишува дека не може да се користи огнено оружје ако со тоа се загрозуваат животите на други граѓани,[1103] но биле изготвени планови во кои се нагласувала потребата безбедносните сили да ја сведат на минимум цивилната „колатерална штета".[1104] Наредбите за употреба на сила од страна на армијата и полицијата, како и практичната употреба на сила, во текот на 2001 рутински ги надминале правните одредби што се користат во мирновременските операции за спроведување на законот.

247. Степен на двосмисленост во правната рамка што се употребувала може да се сретне и во начинот на кој државните органи на ПЈРМ се однесувале кон заробените припадници на ОНА. Иако Министерството за одбрана издало и една наредба за постапување со „воените заробеници" во согласност со „Женевската конвенција",[1105] пред Советот не беа презентирани докази дека тоа се применувало или дека требало да се применува со припадниците на ОНА. Советот зема во предвид дека за време на конфликтот голем број мажи, етнички Албанци, осомничени за тероризам, вклучувајќи ги и оние од Љуботен, биле заробени и судени за кривични престапи и дека не биле едноставно држани во притвор без пресуда додека траел конфликтот, што е повообичаена пракса за вооружен конфликт. Меѓутоа, овие лица често биле обвинувани за дела кои обично се однесуваат на вооружен конфликт.[1106] Освен тоа, Законот за

[1098] Доказен предмет П86, член 35.
[1099] Доказен предмет П86, член 37.
[1100] Доказен предмет П95, член 3-6, 11-12, 22.
[1101] Доказен предмет 1Д79; П475; 1Д80; 1Д50; 1Д58; 1Д81.
[1102] Доказен предмет 1Д314, стр. 2.
[1103] Доказен предмет П95, член 26.
[1104] Доказен предмет 1Д177, стр. 3.
[1105] Доказен предмет 1Д314, стр. 7.
[1106] На пример, во мај 2001, органите на власта во ПЈРМ уапсиле 66 лица, од кои 32 биле обвинети за тероризам, 28 за нелегално поседување на оружје, едно за организирање вооружено востание и едно за напад врз уставниот поредок. (Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 19, каде се цитира „Барањето за истрага и предлог за преземање мерки за притвор, Основното обвинителство во Скопје", од 28. ноември 2001). Во јули, МВР поднело барање за истрага со барање за притвор во истражен затвор до истражниот судија на Основниот суд Скопје II против припадници на ОНА заради загрозување на територијалниот интегритет, вооружено востание, диверзии, како и геноцид, воени злосторства против воени затвореници, и воени кривични дела против

амнестија, донесен на 8. март 2002, со кој се ослободија од гонење сите лица кои „учествувале во конфликтот", со исклучок на оние кои биле обвинети за дела за кои е надлежен МКСЈ, укажува дека се работело за вооружен конфликт.[1107]

248. Значаен факт во прилог на заклучокот дека ситуацијата во ПЈРМ достигнала ниво на вооружен конфликт е степенот на нарушување на секојдневниот живот на цивилното население, што се огледа во големото раселување на луѓето од нивните домови и села, од кои најмалку 64000 станале бегалци, а 70000 биле внатрешно раселени.[1108]

249. Советот е убеден дека во периодот на настаните релевани за Обвинението, конфликтот во ПЈРМ го достигнал соодветното ниво на интензитет.

(б) Организација на вооружената група

250. Во Обвинението се тврди дека двете главни завојувани страни во вооружениот конфликт биле Безбедносните сили на ПЈРМ (единиците на армијата и на полицијата) и Ослободителната национална армија на етничките Албанци (ОНА).[1109]

251. Пред Советот беа изнесени докази и Советот се увери дека силите кои учествувале во Македонија во 2001 ги опфаќале пред сè Армијата на Македонија и единиците на Министерството за внатрешни работи, т.е. полицијата, коишто ги сочинуваат „државните органи" во смисла на тестот од предметот *Тадиќ*.

252. Обвинителството смета дека доказите покажуваат дека ОНА била организирана и хиерархиски структуирана вооружена група, со функционална линија на командна одговорност и логистика, способна да учествува во внатрешен вооружен конфликт.[1110] И двете одбрани го оспорија ова тврдење. Одбраната на Бошкоски тврдеше дека доказите не покажуваат дека ОНА ги имала неопходните организациски, борбени и логистички способности за да се смета како

цивилното население. Доказен предмет П391, Прилог Ж (N000-9330). Во септември, обвинувањата против 14-те лица уапсени во Љуботен на 12. август биле променети во „служба во непријателска војска", или „служба во непријателски вооружени формации", обвинение кое е возможно само „за време на војна или за време на вооружен конфликт" (Доказен предмет П81, стр. 114 (N000-5518)) врз основа на тоа дека обвинетите наводно „учествувале во вооружен конфликт како борци против Република Македонија" за време на кој биле вклучени во „интензивни воени дејства со пешадиско огнено оружје и муниција". (Доказен предмет П46, стр. 5 (Е.Т. 0463-8778).

[1107] Доказен предмет П585.

[1108] *Види погоре*, став 240.

[1109] Обвинение, став 52.

[1110] Завршен поднесок на Обвинителството, став 445.

страна во вооружен конфликт, особено, бидејќи, како што тврдеа тие, ОНА ја немала способноста на организирана група да планира и да изведува подолги и усогласени воени операции и да гарантира примена на хуманитарни стандарди.[1111] Одбраната на Тарчуловски тврдеше дека нема веродостојни, документирани докази кои би го поткрепиле тврдењето дека ОНА била организирана вооружена група и дека доказите од настаните на теренот не укажуваат дека се работи за организирана воена сила.[1112]

253. При утврдувањето на нивото на организираност на ОНА, Обвинителството особено се потпираше на сведочењата на четворица главни сведоци: Гзим Острени, Назим Буши, Виктор Безрученко и Франц-Јозеф Хуч.

254. Гзим Острени[1113] бил припадник на Ослободителната војска на Косово (ОВК), а потоа и на Косовскиот заштитен корпус (КЗК) од 1999 до 2001. Во тој период активно учествувал во воените активности на Косово. Во 2000 бил началник на штабот на КЗК и имал чин „бригаден генерал".[1114] Кон крајот на февруари 2001, Гзим Острени се преместил во Македонија и, како што се смета, во март 2001 и се приклучил на ОНА, при што бил именуван за началник на Главниот штаб.[1115] Според сведочењето на Гзим Острени во тоа време ОНА се состоела главно од мали групи кои меѓусебно не соработувале и на кои им требало раководство и контрола.[1116] Тоа била една од функциите кои тој требало да ја извршува како началник.[1117] Потпирајќи се на своето воено искуство и на своето искуство во Косово, тој подготвил голем број интерни прописи на ОНА.[1118] На нив ќе се осврнеме подоцна во овој дел. Исто така тој бил автор на соопштенијата за јавноста што ги објавувала организацијата.[1119]

255. Советот мора да го оцени сведочењето на Гзим Острени имајќи ги на ум специфичните функции кои тој ги извршувал и фактот дека бил еден од најстарите водачи на ОНА во тоа време. Тој беше повикан да сведочи во прилог на тврдењето дека ОНА имала карактеристики на организирана вооружена група и дека негова главна задача била да обезбеди организирано

[1111] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 263.
[1112] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 58-59.
[1113] На сведокот му беше укажано дека не мора да одговара на прашањата ако смета дека тие би можеле да му наштетат, Т 7414-7415.
[1114] Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 15; Гзим Острени, Т 7710.
[1115] Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 3, 15; Гзим Острени, Т 7525; 7829. Бил назначен на оваа позиција со усна наредба на Али Ахмети, водач на ОНА. (Гзим Острени, Т 7524-7525). Кога и се приклучил на ОНА, му бил даден чинот генерал. (Гзим Острени, Т 7523)
[1116] Гзим Острени, Т 7525; 7728-7731; Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 20.
[1117] Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 20.
[1118] *Види*, на пример, Гзим Острени, Т 7418; 7420-7423; 7430; 7436-7437.
[1119] Доказен предмет П505; П508.

дејствување на разните постоечки вооружени групи. Во тие околности, Советот не може да ја исклучи можноста дека во своето сведочење г. Острени бил под влијание на желбата да докаже дека неговите цели биле постигнати. Освен тоа, г. Острени ги составувал, или учествувал во составувањето на соопштенијата на ОНА објавени во 2001, од кои некои претставуваат преувеличен опис на настаните кои се случувале во тој период.[1120] Со оглед на тоа што овие соопштенија биле напишани со цел да се подигне моралот на борците на ОНА и да и́ се даде поголема тежина на организацијата во очите на јавноста (па, оттука, информациите во нив можеби биле преувеличени), од гледна точка на Советот, учеството на г. Острени во составувањето на соопштенијата за јавноста и во презентирањето на јавниот имиџ на организацијата изгледа дека исто така влијае врз доказите за ОНА што тој ги даде пред Советот.

256. Сведочењето на г. Острени остави врз Советот јасен впечаток дека неговите изјави во судницата често беа преувеличени или дека не се засноваа врз цврста фактичка основа. Според проценката на г. Острени, на врвот на конфликтот, ОНА имала околу 5000 припадници,[1121] што според наодите на Советот не одговара на вистинската ситуација. Тој исто така сведочеше дека за време на конфликтот, ОНА изгубила вкупно 68 лица, од кои 38 до 40 биле лица во униформи, но не беше во состојба да ги потврди овие бројки, ниту да потврди дали лицата кои загинале во Љуботен биле вклучени во овие бројки.[1122] Освен тоа, како што ќе биде разгледувано подолу, во поглед на бројни прашања коишто произлегуваат од нивото на организацијата на ОНА, доказите на Гзим Острени беа осамени или поддржани само со исказите на Назим Буши, уште еден водач на ОНА.

[1120] Доказен предмет П505, соопштение објавено на 5. мај 2001 и потпишано од началникот на Генералштабот се осврнува на соборување на два борбени хеликоптери од страна на ОНА и на жестоки судири, додека други докази укажуваат дека интензитетот на борбите не бил на нивото на кое се опишува во соопштението и дека информацијата за соборување на хеликоптерите не била точна. *Види* исто така Виктор Безрученко, Т 7227-7232. Доказен предмет П508, соопштение објавено на 10. мај 2001, на кое стои потписот на Гзим Острени и во кое се тврди дека „Во постоечкиот судир, македонската држава ги ангажираше сите воени и полициски структури што ги има на располагање". Во соопштението понатаму се наведуваат примери на сили за кои постоело тврдење дека биле вклучени во борбите и го објаснува ставот на ОНА дека „de facto беше прогласена вонредна состојба во Македонија", дека „целосното ангажирање на македонските воени сили […] ја прави војната со ОНА официјална" и ставот зошто „борбите се развија по линијата Карадак-Шар Планина". Други докази покажуваат дека иако имало судири во областите што се наведуваат во соопштението, не може во сите случаи да се утврди дека борбите се воделе или дека наведените единици учествувале во нив како што се тврди.

[1121] Гзим Острени, Т 7740; Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 21.

[1122] Гзим Острени, Т 7744-7745.

257. Сите овие околности го убедија Советот дека доказите на г. Острени претставуваа преувеличина слика за нивото на организација на ОНА. Советот ќе се однесува кон доказите со голема внимателност.

258. Назим Буши исто така сведочеше за организацијата на ОНА. Тој изјави дека станал член на ОНА во јули 2001 и оттогаш служел како „командант на 114-та бригада на ОНА".[1123] Според неговото сведочење, неговата основна задача како командант била да ја воспостави структурата на 114-та бригада, почнувајќи од баталјони, па надолу до чети и водови.[1124] Тој исто така сведочеше дека 114-та бригада се состоела од околу 1000 борци, дека имала два баталјона и две специјални единици, Аруша и Тели, именувани според нивните команданти.[1125] Според неговото сведочење персоналот на бригадата бил оформен за два или три дена, иако процесот на формирање на бригадата траел многу подолго и дека продолжил во текот на целиот конфликт.[1126] Тој одрекуваше дека 114-та бригада изведувала здружени операции со 113-та бригада на ОНА, но се согласи дека двете бригади ги координирале своите активности на фронтот,[1127] додека други докази укажуваат дека 114-та бригада можеби била под команда на 113-та бригада додека била во процес на формирање.[1128]

259. Советот не може безрезервно да ги прифати доказите на г. Буши заради многу причини. Неговото сведочење во врска со бројот на припадниците на неговата бригада воопшто не се согласува со другите докази добиени за време на судењето,[1129] за коишто Советот смета дека се поверодостојни. И покрај неговата улога на „командант на 114-та бригада", г. Буши не знаеше колку муниција и оружје било потребно за бригадата.[1130] Тој не знаеше колку припадници имала ОНА во тој период, па неговите проценки варираа од 5000 до 6000 до 4000.[1131] Тој постојано повторуваше дека неговата бригада ги применувала прописите на ОНА[1132] (за што подетално ќе

[1123] Назим Буши, Т 5575-5576; 5611.
[1124] Назим Буши, Т 5587.
[1125] Назим Буши, Т 5587-5589.
[1126] Назим Буши, Т 5867-5868.
[1127] Назим Буши, Т 5931-5932.
[1128] Доказен предмет П493, стр. 11.
[1129] Според Доказниот предмет П493, стр. 11 (документ на НАТО), се сметало дека 114-та бригада броела околу 200 борци. Исто така се сметало дека 114-та бригада можеби била под команда на 113-та бригада и дека нејзината мисија би можела да опфаќа напади врз стратешки воени и политички цели во главниот град во соработка со 113-та бригада.
[1130] Назим Буши, Т 5884.
[1131] Назим Буши, Т 5930.
[1132] Назим Буши сведочеше дека Кодирањето на комуникацијата на ОНА (Доказен предмет П456) се користело за комуникација меѓу 114-та бригада и Гзим Острени; Т 5584-5585; 5934. Тој исто така сведочеше дека ОНА ги прифатила сите воени стандарди и процедури при основањето на бригадите, Т 6013-6015 и дека тој применувал дисциплински мерки за кршење на стандардите.

стане збор подолу), додека Гзим Острени сведочеше дека тие се применувале многу постепено, во зависност од потребите на секоја од бригадите.[1133] Освен тоа, во периодот на релевантните настани, оперативната зона на 114-та бригада за која Назим Буши изјави дека бил нејзин командант го опфаќала Скопје и неговите предградија,[1134] па според тоа и селото Љуботен.[1135] Постојаното одрекување на Назим Буши дека ОНА била присутна во Љуботен и дека изведувала активности во и околу селото во периодот на релевантните настани, што е во спротивност со другите докази добиени за време на судењето, го увери Советот дека г. Буши бил подготвен да ја намали улогата што припадниците на ОНА може да ја имале во овие настани. Земајќи ги сите овие фактори предвид, Советот ќе се однесува кон сведочењето на Назим Буши со значителна внимателност.

260. Франц-Јозеф Хуч исто така сведочеше во врска со структурата и нивото на организација на ОНА. Како што се објаснува на друго место во оваа Пресуда, Советот не може да го прифати за вистинито сведочењето на г. Хуч дека тој бил во Љуботен на 12. август 2001, како ни неговите наводни набљудувања тој ден и деновите пред и по тоа.[1136] Како дополнение на ова многу важно прашање за кредибилитетот, доказите што Франц-Јозеф Хуч ги изнесе во врска со структурата и организацијата на ОНА се засноваа врз информации што ги беше добил од Гзим Острени,[1137] информации од конференциите за печатот на Али Ахмети, информации од необелоденети доверливи извори, и состанок(-ци) со Али Ахмети и една друга истакната личност на ОНА по име Дрени Корабу.[1138] Со оглед на ова, Советот не е во состојба да се потпре на доказите на г. Хуч.

261. При определување на нивото на организација на ОНА, Обвинителството исто така ќе го земе во предвид и сведочењето на Виктор Безрученко. Одбраната го оспорува кредибилитетот на овој сведок и посебно потцртува дека тој бил сериозно вклучен во истрагата и во судскиот процес на овој предмет, дека бил избран за експертски сведок на Обвинителството заради неговиот став кон ситуацијата, и дека голем дел од неговите докази не се сведуваат на ништо друго освен на залагање за Обвинителството.[1139] Виктор Безрученко, како што се наведува, воен аналитичар на Обвинителството, сведочеше како експертски сведок на Обвинителството. Тој

[1133] Гзим Острени, Т 7438.
[1134] Назим Буши, Т 5575-5576; 5605.
[1135] Виктор Безрученко, Т 7241.
[1136] *Види погоре*, став 18.
[1137] Франц-Јозеф Хуч, Т 2829.
[1138] Франц-Јозеф Хуч, Т 2822-2826.
[1139] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 760-764.

изјави дека Обвинителството му дало задача во својот извештај, меѓу другото, да ги покрие и прашањата поврзани со конфликтот во Македонија во 2001. Меѓутоа, Советот смета дека поточно е да се каже дека од него се барало да го докаже постоењето на вооружен конфликт во Македонија во 2001 во врска со еден предмет кој се наоѓа пред Меѓународниот суд.[1140] Додека ја извршувал задачата, тој присуствувал на разговорите со сведоците што ги водело Обвинителството и понекогаш поставувал прашања за време на тие разговори во име на Обвинителството. [1141] Кога, за време на спроведувањето на својата анализа, г. Безрученко чувствувал дека му биле потребни некои документи, тој и неговите колеги од Обвинителството подготвувале специјални барања за помош до македонските државни органи.[1142] Нему му помагале членовите на тимот на Обвинителството. [1143] Иако некои аспекти од извештајот и сведочењето на г. Безрученко беа корисни за Советот, заради причините изнесени погоре, Советот не може безрезервно да прифати дека проценките и заклучоците на г. Безрученко се формирани независно и непристрасно, како што е соодветно за експертски сведок. Затоа, наместо тоа за да донесе заклучок Советот ќе обрне внимание и ќе ги испитува изворите на кои г. Безрученко се потпирал при подготвувањето на својот извештај, како и на другите докази.

262. Еден од документите на кои се потпира извештајот на г. Безрученко е Доказниот предмет П485.[1144] На документот нема ни потпис ни датум; ништо не укажува на тоа кој орган го подготвил. Во документот се вклучени табели кои ја прикажуваат структурата на бригадите на ОНА; листи на вооружувањето со кое наводно располагала ОНА, проценка за бројот на борци во бригадите на ОНА, листа на командниот кадар на ОНА, листа на локациите на кои наводно се наоѓале кампови за обука на ОНА и опис на целите, стратегиите, способностите и слабостите на ОНА. Не постојат знаци за тоа кои извори се користени во овој документ и како биле собрани информациите. Виктор Безрученко сметаше дека овој документ го подготвил секторот за аналитика на воената разузнавачка служба на ПЈРМ во септември 2001 врз основа на информации што тие ги имале собрано. [1145] Меѓутоа нема ништо на документот според што тој би ѝ се припишал на оваа служба. Бидејќи на документот нема податоци за авторот, датумот и

[1140] *Обвинителот против Бошкоски и Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, „Решение по итниот Поднесок на Обвинителството за ослободување од обелоденување информации во согласност со правилото 68(iv)", 30. октомври 2007, став 2.
[1141] Виктор Безрученко, Т 6879-6998; 6645; 7146-7149; *види* исто така Доказен предмет П215.
[1142] Виктор Безрученко, Т 6747-6752.
[1143] Виктор Безрученко, Т 6750-6752.
[1144] Доказниот предмет П485 е цитиран 37 пати во делот на извештајот (Доказен предмет П466) кој се однесува на ОНА.
[1145] Виктор Безрученко, Т 6511-6512.

природата на информациите што се користат, Советот не може да го земе во предвид овој документ.

263. Постои повикување и на документот под наслов „Информативен пакет за Македонија".[1146] Делот на овој документ во кој се даваат информации за структурата на ОНА и нејзиното политичко и воено водство го подготвил Франц-Јозеф Хуч врз основа на информациите за кои вели дека ги добил од Гзим Острени, Али Ахмети и извори чиј идентитет г. Хуч одбива да го открие.[1147] Со оглед на ставот што Советот веќе го изнесе во поглед на доказите на Франц-Јозеф Хуч и својата недоверба кон Гзим Острени и Али Ахмети, Советот не може да се потпре на овој документ без независна потврда на неговата релевантна содржина.

264. Во експертскиот извештај на Обвинителството понатаму се цитираат документи што ги изработило МВР, на кои има датум и наслов, но нема потпис.[1148] Овие документи не се во доказните списи и малку се знае за тоа како биле составени. Советот ќе се потпира на изјавите во експертскиот извештај на Обвинителството кои се направени врз основа на такви документи само доколку се потврдуваат и во други докази. Исто така, постои осврт и на книгата под наслов „Војната во Македонија во 2001" којашто во 2006 ја издадоа тројца високи македонски воени службеници.[1149] Авторите на оваа книга не сведочеа во текот на судењето. Нивните извори и методологијата што ја користеле се непознати. Освен тоа, имајќи го предвид политичкиот контекст во кој оваа книга била напишана, а особено дека нејзините автори биле виши припадници на една институција која самата беше длабоко инволвирана во настаните во ПЈРМ во 2001, Советот не е во состојба да го прифати овој документ како веродостоен и непристрасен приказ заради непостоењето независна потврда во други докази.

265. Во експертскиот извештај на Обвинителството исто така се цитираат и голем број непотпишани документи на кои нема датум, и кои не се припишуваат на ниту една конкретна

[1146] Доказниот предмет П321 е цитиран четирипати.
[1147] Франц-Јозеф Хуч, Т 2817, 2818-2819; 2822-2826; 2827-2830.
[1148] Документот 1013 според правилото 65*ter* е непотпишан извештај на МВР за „Активностите на т.н. ОНА/ОНА-NLA во скопскиот кризен регион" од август 2001. Документот се цитира четирипати. Документот 1012 според правилото 65*ter* е непотпишан извештај со наслов „Пресек на информациите за нелегалните канали за влез на припадниците на т.н ОНА од Косово и транспортот на оружје (нелегално влегување на припадниците на ОНА од Косово во Македонија)", од 23. март. Документот 936 според правилото 65*ter* е непотпишан извештај под наслов „Албанските терористи во тетовскиот регион" од август 2001. Овој извештај се цитира трипати. Документот 662 според правилото 65*ter* е документ на МВР под наслов „Информации за оружјето што го поседува самонаречената ОНА во РМ" од 23 август 2001. Документот се цитира седумпати.
[1149] Доказен предмет П464. Автори на книгата се поранешниот началник на Генералштабот д-р Митре Арсовски и неговите колеги полковник Кузев и генерал Дамјановски. Виктор Безрученко, Т 6545.

агенција или институција.[1150] Овие документи не се прифатени во доказните списи. Советот не може да ги земе предвид ниту нив, ниту изјавите во извештајот кои се повикуваат на нив.

266. Имајќи го сето ова предвид, Советот ги прегледа доказите и дојде до следните заклучоци.

267. Во јуни 2001, ОНА имала приближно 2000 до 2500 борци[1151], а неборбената поддршка (храна, сместување, транспот, и сл.) ја обезбедувале уште 1000 припадници.[1152] До август 2001, ОНА имала четири активни, иако не со полн капацитет, бригади – 112-та, 113-та, 114-та и 115-та – и две (111-та и 116-та бригада) сè уште во процес на формирање.[1153] 112-та бригада оперирала во реонот на Тетово, 113-та во реонот на Куманово, 114-та во реонот на Скопје, а 115-та во реонот на Радуша.[1154]

268. Али Ахмети бил водач на ОНА. Иако начинот на кој стигнал на оваа позиција не беше сосема потврден со докази,[1155] припадниците на ОНА го сметале за водач,[1156] а исто така и припадниците не меѓународната заедница, што се гледа од фактот дека дописите до ОНА му се упатувале нему[1157] и дека преговорите за прекин на огнот, повлекување на борците и

[1150] Документот 741 според правилотот 65*ter*, кој дава информации во врска со 114-та бригада се цитира 10 пати. Овој документ, кој изгледа дека е дел на поголем документ, нема наслов; нема датум и не е потпишан. Документот 702 според правилото 65*ter*, под наслов „Ослободителната национална армија во ПЈРМ" се цитира деветпати. Документот не е потпишан и нема датум. Документите 663 и 927 според правилото 65ter немаат датум и не се потпишани. И двата се цитираат по еднаш. Документот 664 според правилотот 65*ter* (листа на борците на 113-та бригада без датум и без потпис) се цитира петпати. Документот 661 според правилотот 65*ter* има наслов „Разузнавачки податоци за 113-та бригада „Исмет Јашари", нејзините врски со Косовскиот заштитен корпус, и учеството на муџахедини од Република Македонија, Косово, Босна и исламските држави во неа". На документот нема ни датум ни потпис. Тој се цитира трипати. Документот 669 според правилотот 65*ter* претставува табела на која не е наведено името на составувачот, со наслов „Дел од оружјето што го користи ОНА". Декументот се цитира еднаш. Документот 935 според правилотот 65*ter*, кој не е потпишан и нема име на авторот, е со наслов „Врските меѓу т.н. ЛНА (*sic*) во Македонија и ОВПМБ во јужна Србија". Овој документ се цитира еднаш. Документот 934 според правилотот 65*ter*, напис без име на авторот и без потпис под наслов „Информации за НМК фондот 'Татковината повикува' за финансирање на ОВК, ЛНА (*sic*) и ОВПМБ" се цитира еднаш.

[1151] Доказен предмет П493, стр. 3 (Прирачник на НАТО за ОВК/ОНА); Доказен предмет 1Д260 (Jane's Defence Magazine); Доказен предмет 1Д342, стр. 5 (документ на МВР). Советот не го прифаќа сведочењето на Гзим Острени и Назим Буши дека на врвот на конфликтот, ОНА имала помеѓу 5000 и 6000 борци. (Гзим Острени, Доказен предмет П497; став 2; Назим Буши, Т 5928). Советот исто така не го прифаќа сведочењето на Виктор Безрученко дека бројната состојба на ОНА од мај била околу 2000 лица (Виктор Безрученко, Т 7094-7095), ниту повоените проценки на безбедносните експерти на ПЈРМ за 8000 борци, како што се цитира во неговиот извештај. (Доказен предмет П466, стр. 11).

[1152] Доказен предмет П493, стр. 3.

[1153] Доказен предмет П493; 1Д342, стр. 5; *види* исто така Доказен предмет П466, став 93; Виктор Безрученко, Т 6067; Доказен предмет П321.

[1154] Доказен предмет П493, стр. 3, 11, 21.

[1155] Гзим Острени, Т 7525; 7807; Доказен предмет 2Д101, став 279; Благоја Марковски, Т 10639-10640.

[1156] Гзим Острени, Т 7525-7526; 7807; Назим Буши, Т 5585.

[1157] Доказен предмет П323.

разоружување на ОНА се одвивале со Али Ахмети.[1158] Гзим Острени бил началник на ОНА; го сметале за заменик водач на организацијата и воен раководител.[1159]

269. ОНА објавила неколку соопштенија во текот на 2001, повеќето од нив потпишани од Али Ахмети.[1160] Овие соопштенија на ОНА биле основни средства за комуникација со јавноста. Во соопштението од 9. март се изнесуваат целите на групата.[1161] Во едно соопштението од 9. мај се даваат информации за структурата и хиерархијата на ОНА.[1162] Вооружувањето и бројноста на ОНА биле изнесени во соопштение од 10. мај, со потпис на Острени.[1163] Било објавено и соопштение во кое со објавува назначувањето на Мевлуд Алиу како политички претставник за Турција и земјите од Средниот Исток.[1164] Не постојат други докази за постоењето на овој политички претставник или дека какви било активности биле преземени во Турција или во земјите од Средниот Исток, иако Гзим Острени во своето сведочење изнесе дека во речиси сите земји во Европа, како и во Соединетите Американски Држави, биле назначени политички претставници.[1165] Во едно друго соопштение се објаснува дека повлекувањето на ОНА од Арачиново било доброволно и изведено врз основа на преговорите со ЕУ и НАТО.[1166] На 14. август, Ахмети објавил соопштение за да ја информира јавноста дека бил постигнат договор помеѓу ОНА и НАТО за демилитаризација и разоружување на ОНА.[1167]

270. Доказите во врска со местото каде бил сместен штабот на ОНА се неусогласени. Според некои извори, Главниот штаб на ОНА бил во Призрен, Косово, за кој се тврдело дека ги „води и координира" останатите штабови во Витина, Генерал Јанковиќ, Урошевац, Гријилане, Приштина и во селата Станиќ, Руште и Станевце, сите во Косово.[1168] Други извори наведуваат дека Шипковица, во која бил штабот на 112-та бригада која оперирала во тетовскиот регион, исто така можеби била регионален и главен штаб.[1169]

[1158] Доказен предмет П514; П458; Гзим Острени, Т 7495-7497.
[1159] Доказен предмет П493, стр. 34; 1Д342, стр. 5.
[1160] Доказен предмет П520; П507; П508; П513; П457; П514; П509; П511; П512; П506; П510.
[1161] Доказен предмет П520.
[1162] Доказен предмет П507.
[1163] Доказен предмет П508.
[1164] Доказен предмет П513.
[1165] Гзим Острени, Т 7493.
[1166] Доказен предмет П514
[1167] Доказен предмет П458
[1168] Доказен предмет 1Д162, стр. 3; 1Д342, стр. 5; П493, стр. 11; *види* исто така Гзим Острени, Т 7713.
[1169] Доказен предмет П493, стр. 3. Ова е во согласност со сведочењето на Назим Буши дека штабот на ОНА бил во Призрен за кусо време, и дека потоа бил преместен во Шипковица. (Назим Буши, Т 5579)

271. Назим Буши и Гзим Острени сведочеа дека бригадите се состоеле од баталјони, чети, водови и одреди, и дека постоела функционална линија на командна одговорност која почнувала од Али Ахмети и Гзим Острени и одела надолу кон индивидуалните членови на организацијата на теренот.[1170] Правилникот на ОНА, што го подготвил Гзим Острени упатува на комплексна хиерархиска структура, опфаќајќи ги единиците од ниво на одред до ниво на вод.[1171] Иако Советот не може во целост да ги прифати овие докази, постоењето хиерархиска командна структура го потврдува Доказниот предмет П493, документ на НАТО кој содржи делови од „Прирачникот за ОНА",[1172] во кој се даваат детали за структурата на бригадите, политичкото водство на ОНА, воената команда на ОНА (Главниот штаб) и командувањето и контролата во ОНА.[1173] Во Правилникот што го подготвил Гзим Острени се наведуваат обврските на правните советници и офицерите за медиуми и за информации.[1174] Сведочењето на Назим Буши дека овие офицери постоеле[1175] го потврдуваат информациите во еден дел на „Прирачникот за ОНА" на НАТО во кој се дава листа на имиња и посебни информации за, *inter alia*, офицерите на ОНА за информирање, началникот на службата за информирање, офицерите за логистика и за еден политички идеолог и собирач на финансиски средства.[1176]

272. При утврдувањето на постоењето функционален организациски систем, Обвинителството се потпира на бројните правила и прописи за кои се вели дека ОНА ги применувала во 2001.[1177] Овие неформални правила и прописи, *inter alia*, имаат за цел да ја утврдат линијата на командна одговорност дефинирајќи ги должностите за сите нивоа;[1178] да ги принудат командантите на единиците да обезбедат примена на прописите;[1179] да состават

[1170] Назим Буши, Т 5587-5588; Гзим Острени, Т 7526. Назим Буши исто така изјави дека на припадниците на ОНА им биле доделувани чинови како дел од воената поставеност, во согласност со нивниот правилник, Т 5863.
[1171] Доказен предмет П498; П461. Назим Буши сведочеше дека неговата основна задача како командант била да ја воспостави структурата на 114-та бригада, почнувајќи од баталјони, па надолу до чети и водови, во согласност со правилата на ОНА. (Назим Буши, Т 5588)
[1172] На овој документ нема датум, но неколкуте споменувања на септември 2001 укажуваат дека бил составен за време на операцијата на НАТО „Операција неопходна жетва". Виктор Безрученко, Т 7335.
[1173] Доказен предмет П493, стр. 19; 23-30.
[1174] Доказен предмет П498; П461.
[1175] Назим Буши посведочи дека имало правен советник кој бил во составот на заедничкиот информативен центар на 113-та и 114-та бригада (Т 5868-5869). Тој исто така сведочеше дека и офицерот за морал и информирање работел во овој заеднички инфо центар во Карадак и дека тие биле задолжени да собираат информации во текот на денот, да одат на терен, да ги посетуваат воените единици и да помагаат да се подигне моралот на војниците, како и да ги информитраат за тоа што се случува (Т 6004-6005). Тој исто така сведочеше дека Ривдан Бајрами бил началник на воената болница (Т 5589).
[1176] Доказен предмет П493, стр. 31-36.
[1177] Доказен предмет П498; П499; П461; П456; П500.
[1178] Доказен предмет П498.
[1179] Доказен предмет П498.

одредби за дисциплинските мерки, на пример притвор или апсење;[1180] да ги известат бригадните команданти за нивната должност да ги почитуваат граѓаните и нивната сопственост[1181] и да ги принудат да ги почитуваат законите на војување и меѓународните конвенции за време на изведувањето на воените операции;[1182] и да ја признаат надлежноста на Меѓународниот суд за сите кривични дела што ќе ги извршат припадниците на ОНА.[1183] Гзим Острени, кој тврди дека тој ги составил овие документи во март, април и мај 2001, сведочеше дека како извори ги користел правилниците на ОВК, КЗК, и на Албанија и СРФЈ.[1184]

273. По прегледот на овие документи Советот доби јасна претстава дека некои од овие правила и прописи биле само копии на документи на ОВК, КЗК или други слични сили и дека не биле составени или прилагодени за условите во ПЈРМ или за потребите на ОНА. Дури и ако се земе во предвид фактот дека и ОНА и ОВК го имаат истиот акроним „УЧК" на албански,[1185] Советот забележува дека многуте споменувања на „Косово" во документите наменети за ОНА[1186] се во прилог на ставот дека најголем дел од нив биле само документи на ОВК со вметнување на ОНА во насловот или на предната страна. На пример, во документот под наслов „Наредба за внатрешната поставеност на ОНА" се изложуваат правилата во воените касарни, спалните соби и други прашања во врска со ова,[1187] додека доказите сугерираат дека ОНА немала такви простории во ПЈРМ. Освен тоа, Доказниот предмет П461, документ под наслов „Правилник за одговорностите и работењето на командата на бригадата", во кој се опишуваат функциите и одговорностите на бригадните офицери, *inter alia*, зборува за обврската на припадниците „да ги изведуваат своите задачи и должности во согласност со Уставот […]", додека целите на ОНА, како што се наведува во Призренскиот договор, вклучуваат промена на уставниот поредок во ПЈРМ.[1188] Еден друг документ под наслов „Правилник за критериумите за класификација на информациите важни за ОНА кои мораат да се чуваат како воена или државна

[1180] Гзим Острени, Т 7529; Доказен предмет П498.
[1181] Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 51.
[1182] Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 51; Доказен предмет П487, стр. 4; *види* исто така Назим Буши, Т 5582.
[1183] Доказен предмет П507.
[1184] Гзим Острени, Т 7418-7419.
[1185] Ослободителна национална војска на албански е *Ushtria Çlirimtare Kombëtare* (акроним UÇK), а Ослободителна војска на Косово е *Ushtria Çlirimtare e Kosovës* (акроним UÇK).
[1186] Доказен предмет П461, стр. 9, точка 6, став 4 (каде се зборува за „одбраната на Косово"), стр. 22, точка 12.1, став 7 (каде се зборува за „Косовската гарда"), стр. 28, точка 13.1, став 11 (каде се споменува „Косовската гарда"), стр. 29, точка 14, став 3 (каде се споменува „Борбата за ослободување на Косово"), став 6 (каде се споменува „Косовската гарда"), Доказен предмет П500, стр. 4, точка 17, став 1 (каде се споменува „одбраната на Косово").
[1187] Доказен предмет П499.
[1188] Доказен предмет П461, стр. 3; *види* исто така Доказен предмет П560; П520; Гзим Острени, Т 7444.

тајна и методите што се користат за заштита на истите" се осврнува на „подготовката" на ОНА „за одбраната и безбедноста на земјата"[1189] иако е јасно дека во тој период ОНА била во судир со безбедносните сили на ПЈРМ, кои по дефиниција имале за цел да ја гарантираат безбедноста и одбраната на земјата, и ОНА не можела да биде чувар на „државни тајни".

274. Она што Советот смета дека е важно е дали и до кој степен бригадите на ОНА всушност ги применувале овие правила и прописи во пракса. Во овој поглед, Назим Буши, командант на 114-та бригада, сведочеше дека нему му биле познати прописите[1190], а Гзим Острени сведочеше дека бригадите ги следеле инструкциите на Главниот штаб и прописите на ОНА.[1191] Иако, освен ова, нема директни докази дека овие правила и прописи им биле дистрибуирани и се применувале во сите единици и структури на ОНА, ОНА се опишува во еден документ на НАТО изработен во 2001 и прифатен како веродостоен како „добро вооружена, дисциплинирана и високо мотивирана организација" со „високо развиено основно ниво на организација и дисциплина" што и овозможувало на групата да функционира ефикасно на тактичко ниво.[1192] Ова сугерира дека иако целосната содржина на наводните „Правила" и „Прописи" на ОНА не даваат веродостојна слика за организацијата на ОНА, сепак постоел основен систем на дисциплина во рамките на ОНА којшто ѝ овозможувал да функционира ефикасно до извесен степен.

275. Друга група документи, Доказен предмет П486 („Развој на мобилизацијата и личната и материјалната формација на Главниот штаб"), Доказен предмет П459 („Кадровска и материјална формација на бригадата") и Доказен предмет П460 („Формација на сили и материјал на пешадискиот баталјон"), се осврнуваат на бројот на лица инволвирани на разни нивоа (Главен штаб, бригада и баталјон) и нив ги користи Обвинителството при утврдувањето на постоечката структура на ОНА. Освен сведочењата на Назим Буши и Гзим Острени дека овие шеми им биле испратени на бригадите на ОНА,[1193] нема директни докази со кои би се поткрепиле тврдењата дека документите биле успешно применувани во бригадите на ОНА. Меѓутоа, на постоењето на основна хиерархиска структура укажува извадокот од „Прирачникот за ОНА" на НАТО во кој

[1189] Доказен предмет П500, член 15.
[1190] Назим Буши, Т 5591-5598.
[1191] Гзим Острени, Т 7820.
[1192] Доказен предмет П493, стр. 3; 12.
[1193] Назим Буши, Т 5591-5594; Гзим Острени, Т 7432-7434.

се опишува големината, основната командна структура и оружјето кое веројатно ѝ било на располагање на секоја од бригадите.[1194]

276. Во доказните списи се внесени некои организациски документи што ги изработиле бригадите, или кои биле изработени на ниво на баталјон или чета,[1195] кои покажуваат дека оружјето и облеката им биле издадени на членовите на еден одред и дека овие ги примиле. Советот ги прифаќа овие документи како доказ за некое пониско ниво на организација, но не како доказ кој сам по себе ја потврдува широката примена на прописите во цела ОНА.

277. Индикативно за нивото на организација на една вооружена група е нејзината способност да изведува воени операции, вклучувајќи движење на единиците и логистика.[1196] Како што беше расправано погоре, Советот се увери дека постоело значително зголемување на борбите од мај 2001, кое било најзабележително во северозападниот дел на земјата. Повеќето од овие непријателски инциденти се состоеле од напади со мали размери на полициски патроли или полициски станици. Како и другите вооружени групи на етничките Албански во почетните фази на востанието, како ОВК во Косово во 1998,[1197] тактиките на ОНА се состоеле во голем дел од удри и бегај маневри, што се гледа од големиот број заседи што ги поставиле во 2001. Дошло и до посериозни и подолги инциденти, како 10-дневната „окупација" на ОНА на Арачиново во јуни, и тешките судири во Тетово и Радуша во август.

278. Обвинителството укажува на повлекувањето на 113-та бригада на ОНА од Арачиново на 24. јуни, за што бил постигнат договор меѓу Али Ахмети и претставниците на НАТО и на ЕУ,[1198] како доказ дека единиците дејствувале во согласност со наредбите на Главниот штаб. Во прилог на ова се цитира соопштение на ОНА во кое се објавува повлекувањето,[1199] кое, како што се укажува на друго место, се случило на 24. јуни 2001. И покрај потоењето на некои докази за насилни инциденти по повлекувањето, или како последица на повлекувањето,[1200] Советот се

[1194] Доказен предмет П493.
[1195] Доказен предмет П501 (табела со наслов „Лична и колективна карта на наоружување на војникот"); Доказен предмет П502 (табела со наслов „Лични податоци за облеката и другата опрема на секој војник"). Гзим Острени, Т 7448-7451.
[1196] *Види погоре*, став 200-201.
[1197] *Види* Првостепена пресуда за *Лимај*, став 169-170 (каде се забележува дека ОВК, која се соочувала со српските сили кои биле побројни, подобро обучени и со подобра опрема, користела ефикасни герилски методи, избегнувајќи подолги борби на едно место); Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 87 (каде се изнесува сведочењето на двајца сведоци дека ОВК во април 1998 била во рана фаза на стандардно востаничко движење или била герилска војска, која најчесто извршувала напади од типот „удри и бегај").
[1198] Гзим Острени, Т 7692; 7822-7824.
[1199] Доказен предмет П514.
[1200] *Види погоре*, став 220-221.

согласи дека општо земено ОНА дејствувала во согласност со наредбата на г. Ахмети за повлекување во согласност со преговорите со претставниците на НАТО и на ЕУ.

279. Доказите кои беа изложени пред Судскиот совет покажуваат други примери во кои ОНА дејствувала на организиран и координиран начин. Во еден доверлив дневен извештај на Секторот за безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана од 9. август 2001 се забележуваат информации регистрирани од радио врските на терористичките групи во тетовскиот регион, кои се однесуваат на наредба на „Командант ИЛИР" до „сите терористички точки" да не дигаат паника, туку да чекаат наредбите да бидат издадени и на наредбата „да дејствуваат, но да не трошат многу муниција".[1201] Експертскиот сведок на Одбраната на Тарчуловски делумно ја повлече својата претходна изјава дека секоја бригада на ОНА дејствувала независно,[1202] според свои сопствени планови,[1203] откако му биле покажани делови од неговиот извештај[1204] во кој се наведува фактот дека Гзим Острени му наредил на Џавид Асани, борец на 114-та бригада на ОНА, да изведе напади врз Раштак и Љубанци на или околу 10. август[1205], со што потврдува дека Гзим Острени издавал наредби на теренот до своите подредени. Оваа наредба се споменува и во извештајот на Секторот за безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана од 13. август 2001.[1206] Советот исто така забележува дека на денот на полициската акција во Љуботен на 12. август 2001, веста за акцијата брзо стигнала до ОНА и силите на ОНА се придвижиле од позициите во планините над селото за да им пружат помош на селаните.[1207] По употребата на минофрлачи и артилериско оружје од страна на армиските сили во околината на Љуботен во кои ОНА претрпела жртви, силите на ОНА морале да се повлечат.[1208] Ваквиот одговор на ОНА, меѓутоа, е знак за способност да комуницира и да возвраќа на организиран и ефикасен начин. Исто така, иако не секогаш, ОНА постигнала значителна усогласеност со почитување на прекинот на огнот по потпишувањето на охридскиот Договор на 13. август 2001. Припадниците на НАТО собрале 3875 парчиња оружје,[1209] што е 500 пати повеќе отколку што очекувале.[1210]

[1201] Доказен предмет 2Д40, стр. 3.
[1202] Благоја Марковски, Т 10633; 10844.
[1203] Благоја Марковски, Т 10844.
[1204] Доказен предмет 2Д101, став 371 и 379, фуснота 255.
[1205] *Види* исто така Доказен предмет 1Д85, стр. 11.
[1206] Доказен предмет 2Д39, стр. 3.
[1207] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 45. *Види* исто така *погоре*, став 139.
[1208] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 45. *Види* исто така *погоре*, став 139.
[1209] Доказен предмет П519.
[1210] Виктор Безрученко, Т 7507.

280. Исто така има примери кои покажуваат дека барем некои војници на ОНА на теренот изгледа дека не успеале да се однесуваат во согласност со ставот на Главниот штаб на ОНА. Во најмалку три случаи во јуни 2001, ОНА објавила едностран прекин на огнот, или се согласила на негово почитување; но и покрај тоа борбите продолжиле.[1211] Со посредство на Питер Фејт, претставник на НАТО кој имал улога на преговарач, на 5. јули бил постигнат прекин на огнот помеѓу ОНА и македонските сили.[1212] Истиот стапил на сила на 6. јули.[1213] Иако периодот од 6. до 16. јули, веднаш по прекинот на огнот, бил мирен, со релативно мал број прекршувања на прекинот на огнот,[1214] од 16. јули бројот на прекршувања значително се зголемил.[1215] Според Центарот за справување со кризи, тело што го формирала Владата на ПЈРМ,[1216] помеѓу 6. и 24. јули биле забележани вкупно 788 прекршувања на прекинот на огнот.[1217] На 25. јули, по

[1211] На 7. јуни, ОНА објавила преку соопштение за јавноста, дека ќе се воздржи од изведување операции од 24.00 ч. на 7. јуни, „доколку воените и полициските сили на Владата на РМ не ја провоцираат". (Доказен предмет П510) Според извештајот на Виктор Безрученко, борбите продолжиле во кумановскиот регион и на 7. и 8. јуни (Доказен предмет 466, Петти дел, стр. 22-23), додека на 8. јуни дошло до судири во липковскиот регион, а имало напади и во Тетово, вклучувајќи и напади на далноводи. (Доказен предмет 1Д342, стр. 11; П45, стр. 116; П466, Петти дел, стр. 23 (на Попова Шапка и во околните села Гајре и Шипкова)) Според извори на МВР, силите на ОНА влегле во Арачиново. (Доказен предмет 1Д342, стр. 11; П45, стр. 116; 1Д162) ОНА објавила преку соопштение за јавноста од 11. јуни дека се согласува на 24-часовен прекин на огнот, почнувајќи од 14.00 ч. тој ден. (Доказен предмет П511) Било забележано дека ОНА палела куќи и дека запалила една црква во Матејче за време на прекинот на огнот (Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 24; П45, стр. 117; 1Д342, стр. 11) На 12. јуни, било нападнато возило на македонската полиција на патот Јажинце-Тетово. Притоа биле ранети шестмина полицајци. (Доказен предмет 1Д342, стр. 11; П45, стр. 117) Биле нападнати контролните пунктови на безбедносните сили во Страчинци и Брњарци, во близина на Арачиново, а врз касарната на македонските безбедносни сили во Тетово бил отворен минофрлачки оган. (Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 25) На 14. јуни, во своето соопштение за јавноста, ОНА ја поздравила интервенцијата на Генералниот секретар на НАТО и претставникот на ЕУ за надворешна и безбедносна политика и објавила прекин на огнот со почеток од 24.00 ч. на 14. јуни до 27. јуни. (Доказен предмет П512; Гзим Острени, Т 7492-7493) На 18. јуни, биле изведени напади во околината на граничниот премин „Јажинце". (Доказен предмет 1Д342, стр. 12; П45, стр. 118; (три вооружени лица во црни униформи отвориле оган од автоматско оружје врз позициите на полициските сили, а истовремено бил отворен оган и од куќа во близина на граничната линија со ФРЈ во инцидент кој траел половина час)) На 19-20. јуни, дошло до ограничени судири во околината на Тетово, Арачиново и Куманово. (Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 26; П45, стр. 118) На 20. јуни, било објавено дека ОНА ја нападнала полициската станица „Рашче" и патрола од станицата во Радуша, Скопје. (Доказен предмет П45, стр. 118; 1Д342, стр. 12) На 21. јуни, било забележано дека ОНА отворила минофрлачки оган и оган од автоматско оружје врз македонските безбедносни сили на Попова Шапка. (Благоја Марковски, Т 10787; Доказен предмет П45, стр. 118) Нападите продолжиле во тетовскиот и во кумановскиот регион, а се појавиле и во Радуша. (Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 27) На 22. јуни, македонските безбедносни сили започнале офанзива во Арачиново и во периодот по тоа и ОНА и македонските безбедносни сили продолжиле да изведуваат напади. (Доказен предмет П45, стр. 118-119; 1Д342, стр. 12-13; 2Д101, стр. 149; П466, Петти дел, стр. 27)

[1212] Гзим Острени, Т 7497-7498; Доказен предмет 1Д272; Хенри Болтон Т 1606-1607.

[1213] Гзим Острени, Т 7497-7498; Доказен предмет 1Д272.

[1214] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 33-34; П45, стр. 124-126; П249, стр. 12-14.

[1215] Доказен предмет 1Д342, стр. 15-16; П466, стр. 34-35; П45, стр. 127-129.

[1216] Хенри Болтон, Т 1604.

[1217] Доказен предмет П249, стр. 4-11; *види* исто така Ристо Галевски, Т 3743-3744.

тешките борби во тетовскиот регион,[1218] со посредство на НАТО бил постигнат уште еден договор за прекин на огнот.[1219] И покрај тоа, спорадични избувнувања на насилство се случувале во сите региони кои уште пред тоа биле зафатени со кризата.[1220] Тешките борби продолжиле и на почетокот на август.[1221] На 9. август, Али Ахмети, кој бил на теренот, издал усна наредба ОНА да се повлече од Тетово, за да се воспостави мир и да се овозможи прекинот на огнот да остане на сила. И покрај тоа што оваа наредба за повлекување наводно се почитувала,[1222] нападите сепак се проширile и во други региони во ПЈРМ.[1223] Може да се заклучи дека општата придобивка од овие докази била дека ОНА развила извесна способност за почитување на прекинот на огнот, иако резултатите биле далеку од тоа да бидат еднообразни или секогаш успешни. Непочитувањето на прекинот на огнот може да биде показател и дека инцидентите и судирите понекогаш не биле дело на ОНА, туку на други групи или лица кои од различни причини прибегнувале кон насилство и предизвикувале немири. Треба да се забележи дека во истиот период постоеле сериозни кршења на прекинот на огнот или други видови забрането однесување и од страна на македонските сили, и покрај тоа што се работело за војска и полициски сили кои биле конвенционално организирани и дисциплинирани.[1224]

281. Гзим Острени изјави дека ОНА била во состојба да ги снабди своите единици со оружје и опрема, иако притоа наидувале на проблеми.[1225] Постојат извори кои укажуваат дека ОНА имала финансиска поддршка од етничките Албанци во дијаспората, кои го финансирале вооружувањето на најголемиот број бригади.[1226] Во текот на 2001, припадниците на КФОР во рамките на своите редовни обврски откриле на границата големо количество оружје и други материјали кои се шверцувале во ПЈРМ од Косово, и стотици осомничени припадници.[1227]

[1218] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 36-37; П45, стр. 130. Овие Доказни предмети укажуваат дека ОНА нападнала една полициска станица во Тетово, противпожарната служба, касарната и поголем број контролни пунктови. Судирите продолжиле и во Порој, Теарце, Јегуновце и Нераште. Главниот граничен премин со Косово „Блаце" бил затворен за сите странци. Пет цивилни лица биле повредени за време на нападите на ОНА во Непроштено и Лешок. Биле уништени бараките на ГП „Бетон" и две возила на Безбедносните сили на ПЈРМ.
[1219] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 37.
[1220] *Види* Доказен предмет П45, стр. 131-133; П466, Петти дел, стр. 37-38.
[1221] *Види* Доказен предмет П45, стр. 133-134; П466, Петти дел, стр. 40-42.
[1222] Гзим Острени, Т 7849-7851.
[1223] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 43-44; П45, стр. 135;1Д13.
[1224] Доказен предмет П249, стр. 7 (N0015594) (извештај на Центарот за справување со кризи, во кој се забележува дека биле пријавени мал број прекршувања на прекинот на огнот од страна на Безбедносните сили на ПЈРМ во јули); 1Д19, стр. 2, став 2 (извештај на Human Rights Development, каде се прави осврт на слабата дисциплина и кај двете страни на конфликтот во периодот 1.-15. август 2001).
[1225] Гзим Острени, Т 7820.
[1226] Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 47; Доказен предмет 1Д342, стр. 6; 1Д255, стр. 2, П485, стр. 13-14; 1Д162, стр. 11.
[1227] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 6; 9; 22-23; 33; 34; 37; 41; 49.

Според Острени, ОНА поседувала разновидно оружје, меѓу другото „Стрела-2М" АА ракети (што ги користеле против хеликоптери и авиони), 60-мм, 82-мм и 120-мм минофрлачи, 12,7-мм АА митралези, снајперски пушки, антитенковски ракетни фрлачи, ракетни гранати и 120-мм хаубици. [1228] Назим Буши изјави дека на почетокот на јули и на крајот на август 114-та бригада располагала со пиштоли, автоматски пушки, снајперски пушки, рачни гранати, автоматски пушки „Гулинов", 12,7-мм фрлачи, топови, ОСА (рачни ракетни фрлачи) и 62-мм и 82-мм минофрлачи.[1229] Според некои докази бригадите на ОНА биле вооружани со снајперски пушки со телескопско нишанење, ловџиски пушки и имале пристап до лесни митралези со реденици, подвижни системи за противвоздушна одбрана, 120-мм минофрлачи, и дека повеќето борци носеле по најмалку една бомба и дополнително оружје или нож.[1230] Доказите не откриваат со колкаво количество од ова оружје располагале. Како што се забележува, во операцијата „Неопходна жетва", припадниците на ОНА му предале на НАТО 3875 парчиња оружје,[1231] но ова веројатно е значително помалку од вистинскиот број што го поседувала ОНА кога конфликтот кулминирал.[1232] Еден електронски допис на spill-over мисијата на ОБСЕ покажува дека ОНА често користела антитенковски мини, а можеби и противпешадиски мини.[1233]

282. На ОНА и недостасувале разновидни транспортни средства, и во голем дел користела трактори или го пренесувала оружјето и другите материјали пешки или со магарињa и мазги преку планинските делови.[1234]

283. Доказните материјали покажуваат дека се организирала свечена церемонија на давање заклетва за новите регрути и дека добивале воени книшки за идентификација.[1235] Пред Советот

[1228] Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 44; *види* исто така П485, стр. 4.
[1229] Назим Буши, Т 5589.
[1230] Доказен предмет П493, стр. 3; 12; *види* исто така Доказен предмет П464, стр. 3-4.
[1231] Доказен предмет П519. Ова се состоело од 4 тенка/оклопни транспортери, 17 парчиња оружје за противвоздушна одбрана, 161 парче оружје за поддршка, 483 митралези и 3210 автоматски пушки. НАТО исто така собрал 397625 парчиња муниција, која се состоела од 1045 мини и гранати, 354 експлозивни средства, 606 парчиња муниција за оружје за поддршка и 395620 парчиња муниција за лесно оружје.
[1232] Доказен предмет 1Д260 (*Jane's Defence Magazine*) во кој се проценува дека ОНА во август 2001 имала 5000-8000 пушки, 15000-39000 застарени пушки, 40000-55000 пиштоли, 150-250 митралези, 100-200 снајперски пушки, 20-50 ракети земја-воздух со рамено лансирање, 200-359 антитенковски лансери за лансирање од рамо, 100-200 минофрлачи, над 5000 противпешадиски мини и илјадници бомби.
[1233] Доказен предмет 1Д16, стр. 1.
[1234] Виктор Везрученко, Т 7014-7018; 7334-7335; 1Д162, стр. 11; 2Д101, став 336-337. Доказен предмет П604, извештај од МВР, Сектор за безбедност и разузнавање, под наслов „Оперативни сознанија кои укажуваат на можно влошување на безбедносната состојба во Р. Македонија", од 11. март 2001, се осврнува на командантите на ОНА кои собирале пари и пренесувале оружје и лекови за ОНА, и складирале или собирале храна и униформи за ОНА. Според Благоја Марковски, криумчарењето на нелегално оружје од Косово во Македонија го правеле мал број луѓе, користејќи животни за вршење на транспортот, под заштита на темнината и маглата (Т 10860-10862).

не беа изнесени посебни докази кои би го потврдиле тој процес, иако во еден медиумски извештај на Македонската радио и телевизија од 27. мај 2001 се вели дека командантите на „терористите“ ги собирале „личните карти“ од останатите во групата за да се избегне законската процедура што требало да следи по акцијата во Ваксинце,[1236] што може да укажува дека личните карти биле претходно поделени. Во август, началникот на Главниот штаб издал наредба според која доказот за припадност кон ОНА требало да се утврди преку централна комисија.[1237] Нема докази дека ова било правено пред распуштањето на ОНА.

284. Регрутите на ОНА поминувале низ куса воена обука.[1238] Доказите покажуваат дека имало камп за обука во Бродец.[1239] Постојат докази дека имало поголем број центри за обука во ПЈРМ,[1240] што се потврдува со извештајот на Секторот за аналитика, истражување и информирање при МВР,[1241] како и центар во странство,[1242] за кој нема независни докази.

285. Исто така, постојат извесни докази дека припадниците на ОНА морале да носат униформи за време на операциите,[1243] иако не сите припадници на ОНА имале униформи. Некои носеле црна, или друга цивилна облека.[1244] Постојат докази и дека некои припадници на ОНА,

---

[1235] Во „Правилникот за внатрешно урдување на Ослободителната национална армија” се наведува дека за новите регрути се организирала свечена церемонија на која тие давале воена заклетва. (Доказен предмет П498, стр. 15) Според Гзим Острени, имињата на новите борци се внесувале во регистри и им биле давани воени книшки за идентификација во кои биле внесени нивните лични податоци. (Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 40, 41)

[1236] Доказен предмет П600, стр. 2; Благоја Марковски, Т 10716-10717.

[1237] Доказен предмет П517.

[1238] Доказен предмет 1Д342, стр. 6; *види* исто така Гзим Острени, Т 7827; 7613-7614; Назим Буши, Т 5582; 5933; Доказен предмет П493, стр. 12.

[1239] Доказниот предмет 2Д57 е фотографија, на која според сведочењето на Гзим Острени (Т 7827), се прикажани околу 20 регрути во центарот за обука во Бродец за време на една посета на Али Ахмети. Тие сè уште не носат униформи, иако поголемиот број од нив носат зелени маици, и немаат оружје. Во средината на сликата стои група од 12 мажи облечени во камуфлажни униформи. Острени изјави дека штом ќе стигнеле униформи, на новите регрути им се давале униформа и оружје. *Види* исто така Гзим Острени, Доказен предмет П497, став 38, 40.

[1240] Виктор Безрученко, Т 7292-7295.

[1241] Доказен предмет 1Д162, стр. 5 (во кој се тврди дека во втората половина на јули се оддржувале 3 до 4-дневни кампови за обука во Липково (за оние кои требало да бидат распоредени во кумановскиот регион) или во Порој (за оние кои требало да бидат распоредени во тетовскиот регион)).

[1242] Доказен предмет П464, стр. 7 од N006-3017-ET.

[1243] Назим Буши, Т 5582; Гзим Острени, Т 7826-7827.

[1244] Доказен предмет 2Д64; 2Д65; 2Д66; 2Д67. Пред Советот беа изнесени докази дека припадниците на единицата на ОНА под водство на командант Тели, која била во набљудувачка и патролна мисија, не носеле униформи, но имале униформи со себе кога загинале во судир со македонските безбедносни сили во Скопје, на 5. август 2001. Назим Буши сведочеше дека во слободното време, кога се одмарале, на борците на ОНА им било дозволено да носат цивилна облека (Назим Буши Т 5943-5945; 5975-5976)

како минимум, ги носеле бригадните ознаки,[1245] но тоа можело да биде непрактично доколку носеле цивилна облека.

286. И покрај посебните недостатоци во некои докази кои беа разгледани, остануваат цела низа докази кои успеваат да покажат дека иако на почетокот, во јануари и февруари 2001, ОНА главно се состоела од индивидуално формирани и организирани помали локални групи, кои правеле напори да обезбедат соодветно вооружување и воена опрема и кои дејствувале претежно на локална иницијатива, постоел прогресивен напредок и созревање на ОНА.[1246] Бројот на нејзините припадници значително се зголемил, како со регрутирање на локалното население, така и со доброволци од странство.[1247] Снабдувањето и дистрибуцијата на оружјето и воената опрема биле сè подобро планирани и координирани, а бројот и разновидноста на оружјето сè поголеми.[1248] Постепено се зголемувало и количеството на униформи и друга опрема.[1249] Се применувал и ограничен систем на основна обука.[1250]

287. Доказите укажуваат дека и други локални групи од „терористички" вид постоеле и дејствувале, веројатно независно од ОНА. Се разбира, изгледа дека ОНА во голем дел се потпирала на нив во текот на своето формирање и развој. Јасно е дека по охридскиот Договор една фракција продолжила со вооружени напади. Меѓутоа, со својата зголемена моќ и организација, ОНА успевала да го ограничи бројот и ефикасноста на подгрупите, особено кон средината на 2001. Според наодите на Совет, ОНА постигнала значителен напредок кон потполно и ефикасно формирање и примена на командна структура, како и организација на нејзините локални групи на доброволци во бригади и други подредени групи. Меѓутоа, овој значителен потфат не бил целосно постигнат до август 2001.

288. Како дел од овој процес, клучниот персонал, како Али Ахмети и Гзим Острени, јадрото на Главниот штаб и командантите на бригадите, почнале да функционираат најдоцна од мај 2001. Природата на активностите на ОНА на теренот покажува дека мерките што ги

[1245] Доказен предмет П493.
[1246] *Види погоре*, став 267-285.
[1247] Доказен предмет П493, стр. 3 (извештај на НАТО во кој се тврди дека веројатната борбена моќ била 2000 до 2500, со уште други 1000 лица кои им давале поддршка); 1Д162, стр. 3 (извештај на Секторот за аналитика, истражување и информирање при МВР во кој се опишува развојот на регрутацијата на ОНА во 2001).
[1248] Доказен предмет П466, Петти дел, стр. 6, 9, 22, 22-24, 33, 34, 37, 41, 49 (во кој се наведуваат низата инциденти во кои припадниците на КФОР откриле оружје и други материјали на ОНА, како и стотици осомничени припадници на ОНА кои се обидувале да преминат преку границата од Косово во ПЈРМ).
[1249] На многу фотографии кои беа прифатени во доказните списи се гледаат припадници на ОНА облечени во црни или во зелени/камуфлажни маици, често со ознаки на ОНА, чизми и капи, некои од нив држат оружје (Доказен предмет 2Д54; 2Д55; 2Д56; 2Д57; 2Д58; 2Д59; 2Д60; 2Д61; 2Д62; 2Д63; 2Д64; 2Д65; 2Д66).
[1250] Доказен предмет 2Д57 (на кој е прикажан камп за обука во Бродец).

разгледувавме пред малку дале резултат. Географското проширување на борбените активности што ги презела ОНА во текот на мај, и во месеците јуни, јули и август укажува не само на ефектот на зголемувањето на моќта и вооружувањето на ОНА, туку и на модел на подобро планирање и координирање на операциите на ОНА. Општата слика покажува зголемена ефикасност на ОНА во поглед на ослабнувањето на контролата на Владата на ПЈРМ и на нејзините сили во географски сé поочигледно дефинираниот регион, главно во северозападниот дел на земјата.

289. ОНА во ниту еден момент не била модерна, добро организирана и добро снабдена, обучена и дисциплинирана, ефикасна борбена сила. Она што може да се утврди според широкиот обем на докази од владините, армиските и полициските извори на ПЈРМ е дека ОНА успеала да ја принуди Владата да ги употреби сите средства со кои располагале армијата, вклучувајќи го и резервниот состав, и големата полициска сила, вклучувајќи го и резервниот состав, во борбата против ОНА. Владата на Македонија гледала на ОНА како на најопасна закана за самиот опстанок на земјата. Како што укажуваат современите проценки, земјата била на работ на граѓанска војна.[1251] Владата побарала помош од меѓународните организации, вклучувајќи го и НАТО, и се развила интензивна дипломатска активност, која го привлекла и го вклучила и раководството на ОНА во преговорите за мирно политичко разрешување на кризата. ОНА била доволно организирана за да влезе во договор за прекин на огнот користејќи ги меѓународните организации за посредници, да постигне и да потпише политички договор во кој ќе ги постави своите заеднички цели со политичките групи на етничките Албанци во ПЈРМ и да постигне договор со НАТО, и да го почитува, за нејзино постепено разоружување и распуштање.

290. Советот е убеден дека ефектите што ги предизвикала ОНА до август 2001, и нивото на воен успех што го постигнала против многу поголемата и подобро опремена македонска воена и полициска сила, заедно со нејзината способност да настапува едногласно, и да ги регрутира и наоружа своите борци, се доволни во посебните услови што се разгледуваат, да покажат дека ОНА развила ниво на организација и координација значително поинакво и понаменско од она што постоело во првите месеци на 2001. Ова ѝ овозможило да изведува воени операции и да постигне воен успех во текот на повеќе од три месеци на ниво кое не можело да се очекува на

[1251] Доказен предмет П611 (на 9. август, министерот за одбрана на ПЈРМ Владо Бучковски, осврнувајќи се на настаните во Карпалак, изјавил „Нека оваа голема трагедија биде почеток на крајот на војната, а не почеток на крвава граѓанска војна”.)

почетокот на 2001. Извесна важност има и тоа што во правниот систем на ПЈРМ било признаено и било применето постоењето вооружен конфликт во периодите релевантни за ова Обвинение. Во поглед на тие периоди, и порано, имало судски истраги, обвиненија и осудувања во поглед на кривични дела кои се засновале врз постоењето вооружен конфликт.

291. Оттука, според наодите на Советот, доказите покажуваат дека до август 2001 ОНА поседувала доволно карактеристики на организирана вооружена група или сила за да ги задоволи условите во тој поглед на судската пракса на Меѓународниот суд изнесени порано во оваа Пресуда.

3. Заклучок

292. Земајќи го предвид применливиот закон и анализата на доказите изложена погоре, Советот е убеден дека во август 2001, во периодот релевантен за Обвинението постоел внатрешен вооружен конфликт во ПЈРМ во кој биле вклучени Безбедносните сили на ПЈРМ, армијата и полицијата, и ОНА.

Б. Поврзаност на наведените дела на обвинетите со вооруженият конфликт

293. За исполнување на општите услови на членот 3 од Статутот, Обвинителството мора да утврди дека постои доволна поврзаност меѓу наведените дела на Обвинетите и вооруженият конфликт.[1252] Условот на поврзаност служи за разликување на воените кривични дела од чисто внатрешни кривични дела и исто така спречува чисто произволните или изолирани кривични појави да бидат окарактеризирани како воени злосторства. Вооруженият конфликт не мора да бил причинско-последично поврзан со извршувањето на кривичните дела за кои се товарат Обвинетите, но мора значително да влијаел на способноста на извршителот да го изврши злосторството.[1253] Наведените дела не мора да биле извршени во исто време и на исто место каде борбите всушност се одвивале.[1254] Според Жалбениот совет временската применливост на

[1252] Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 572-573.
[1253] Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 58; Второстепена пресуда за *Стакиќ*, став 342.
[1254] Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 57. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 64, каде Жалбениот совет зазема став дека „Обвинителот не мора да го докажува постоењето на вооружен конфликт за секој квадратен сантиметар на тоа подрачје. Постоењето вооружен конфликт не е ограничено само на делови на територии на кои конкретно се одвиваат борбите туку постои на целата територија под контрола на завојуваните страни". Жалбениот совет во предметот за *Тадиќ* зазема став дека меѓународното хуманитарно право се однесува „на целата територија на завојуваните држави или, во случај на внатрешни конфликти, на целата територија под контрола на една страна, без разлика дали таму се одвиваат борби или не". Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 70, (истакнувањето е додадено), потврдено во Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 319.

законите и обичаите на војување во случај на внатрешни вооружени судири трае сè додека не се постигне мирно решение.[1255] Ваквиот заклучок не треба да се разбере како ограничување на јурисдикцијата на Меѓународниот суд на делата извршени до постигнувањето мировен договор меѓу страните; напротив, ако вооруженото насилство продолжи и по постигнувањето на таков договор, сè уште може да постои вооружен конфликт, па законите и обичаите на војување ќе продолжат да бидат применливи. При одлучувањето дали постои поврзаност меѓу делата на обвинетиот и вооруженият конфликт, може, *inter alia*, да се земе предвид дали извршителот бил борец, дали жртвата не била борец, дали жртвата била припадник на спротивната страна, дали за делото може да се каже дека било во функција на остварување на крајните цели на воената кампања, и дали кривичното дело било извршено во рамките или во контекст на службените должности на извршителот.[1256]

294. Во поглед на заклучоците наведени на друго место во оваа Пресуда, Советот утврди дека постои потребната поврзаност меѓу однесувањето кое се наведува во Обвинението и вооруженият конфликт. Особено, Советот се осврнува на своите наоди дека извршителот на кривичните дела сторени во Љуботен на 12. август 2001 била македонската полиција,[1257] дека со операцијата управувал припадник на полициските сили,[1258] дека армијата обезбедувала артилериска и друга поддршка за операцијата,[1259] и дека некои од жртвите можеби директно учествувале во непријателствата.[1260] Селото Љуботен се наоѓа во регион каде насилните дејства како дел од конфликтот биле извршени во релевантниот период, на пример, инцидентот со мината кај Љуботенски Бачила на 10. август.[1261] Исто така, временскиот опсег на вооруженият конфликт го покривал и се протегал по периодот од 12. август и охридскиот Рамковен договор од 13. август најмалку до крајот на тој месец.

295. Одбраната на Бошкоски тврди дека Обвинетиот Љубе Бошкоски не знаел дека постоел вооружен конфликт во периодот релевантен за Обвинението, па затоа не можел да ја има потребната *mens rea* за кривичните дела за кои се товари според член 3 од Статутот.[1262] Обвинителството се согласува дека треба да докаже дека и двајцата Обвинети знаеле или имале

[1255] Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 70; Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 57.
[1256] Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 59.
[1257] *Види подолу*, став 552-554. *Види* исто така *погоре*, став 42; 60-61.
[1258] *Види подолу*, став 560. *Види* исто така *подолу*, став 552-554.
[1259] *Види погоре*,, став 40; 99.
[1260] *Види подолу*, став 348. *Види* исто така *подолу*, став 336; 344-345.
[1261] *Види погоре*, став 102.
[1262] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 458-470; Завршни зборови, Т 11178-11180.

причина да знаат за фактичката состојба на конфликтот,[1263] осврнувајќи се во тој поглед на дискусијата во Второстепената пресуда за *Налетилиќ*, и тврди дека овој услов бил исполнет.[1264] Со таа одлука се појави прашање во смисла на член 2 од Статутот. Се сметаше дека Обвинителството има обврска да докаже дека на обвинетиот му биле познати фактите кои на еден вооружен конфликт му даваат меѓународен карактер.[1265] Беше речено дека во поширока смисла ова подразбира дека „во најмала рака [на обвинетиот] му била позната фактичката состојба" според која Судијата потоа утврдил дека вооруженият конфликт имал меѓународен карактер.[1266] Она што е неопходно во овој контекст е дека обвинетиот е „доволно свесен" за ваквата фактичка состојба.[1267] Оваа дискусија беше во контекст на член 2 од Статутот и нема посебна надлежност во поглед на условот за *mens rea* од член 3.[1268] Меѓутоа, заради една забелешка на Жалбениот совет за *Налетилиќ*,[1269] Советот го наведува својот заклучок дека, заради нивните службени функции и вклученост во настаните, и двајцата Обвинети знаеле, или имале причина да знаат, за фактичката состојба која покажувала дека постоел вооружен конфликт во ПЈРМ во релевантниот период во 2001.

В. Услови по *Тадиќ*

296. Во својата судска пракса, Меѓународниот суд доследно го спроведуваше ставот дека за едно кривично дело да биде опфатено со член 3 од Статутот, мора да бидат задоволени четири услови. Прво, насилството мора да претставува кршење на некое правило од меѓународното хуманитарно право. Второ, правилото мора да биде обичајно по својата природа или, ако му

[1263] Завршни зборови, Т 11047-11048.

[1264] Посебно се смета дека во случајот на Бошкоски овој услов бил исполнет бидејќи „издавал наредби, објавувал соопштенија за јавноста во врска со воените активности, тој редовно бил на теренот" (Завршни зборови, Т 11047-11048), а во случајот на Тарчуловски, бидејќи, како полицаец на должност кај Претседателот, „ја знаел или, како алтернатива, имал причина да ја знае фактичката состојба во Македонија", особено бидејќи видел „како негови пријатели, негови колеги биле убиени во Љуботенски Бачила" и дека „тој дури и ја водел операцијата во Љуботен каде рекол, 'Ова е состојба на војна'". (Завршни зборови, Т 11047)

[1265] Второстепена пресуда за *Налетилиќ*, став 116.

[1266] Второстепена пресуда за *Налетилиќ*, став 118; 119. Одбраната на Бошкоски не го земала ова во предвид во своите аргументи.

[1267] Второстепена пресуда за *Налетилиќ*, став 119.

[1268] Советот исто така се повикува на решението на Претпретресниот совет од 8. септември 2006 во која Претпретресниот совет зазема став дека нема основа според судската пракса на Меѓународниот суд да потврдува дека *mens rea* во поглед на постоењето вооружен конфликт е претпоставка за надлежност според член 3 од Статутот. (*Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-ПТ, „Решение по поднесокот на назначениот *Pro Bono* бранител за оспорување на надлежноста", 8. септември 2006, став 19)

[1269] *Види* Второстепена пресуда за *Налетилиќ*, став 120: „[…] кон постоењето на вооружен конфликт или на негови карактеристики, во согласност со принципот *in dubio pro reo*, мора да се пристапува како кон сите други обични елементи на кривичното дело според меѓународното обичајно право, кога се применуваат член 2 и 3 од Статутот […]".

припаѓа на меѓународното договорно право, треба да бидат исполнети соодветните услови. Трето, насилството мора да биде сериозно, што значи дека мора да претставува повреда на правило со кое се штитат важни вредности и повредата мора да има тешки последици за жртвите. Конечно, повредата на правилото мора со себе да повлекува, според обичајното или конвенционалното право, индивидуална кривична одговорност на лицето кое го прекршило правилото.[1270]

297. Кривичното дело „безобѕирно уништување на градови, гратчиња и села" посебно се наведува во член 3(б) од Статутот, и е општо прифатено дека Меѓународниот суд е надлежен за овој вид кривично дело.[1271]

298. Убиството и суровото однесување се засноваат врз основа на забраните содржани во заедничкиот член 3(1)(а) од Женевските конвенции од 1949 коишто се дел од законите и обичаите на војување. Широко е прифатено дека членот 3 од Статутот е „резидуална одредба" со која се воспоставува надлежност над сите сериозни кршење на меѓународното хуманитарно право кои не потпаѓаат под членовите 2, 4 или 5 од Статутот.[1272]

299. Вообичаено е во судската пракса повредите на заедничкиот член 3 да бидат опфатени со член 3 од Статутот. Поточно, утврдено е дека заедничкиот член 3 сочинува дел од обичајното меѓународно право и дека повредите на оваа одредба повлекуваат кривична одговорност.[1273] Жалбениот совет прифаќа дека сериозните повреди на заедничкиот член 3 веднаш би ги задоволиле четирите услови по *Тадиќ*.[1274]

300. Кривичните дела убиство и сурово постапување без сомнение го повредуваат правилото со кое се заштитуваат важни вредности и чие прекршување доведува до тешки последици за

[1270] Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 94. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Алексовски*, став 20; Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 66; Судска пресуда за *Мркшиќ*, став 425-426.

[1271] Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 38, во кој се цитира Решението по жалба за *Хаџихасановиќ* според правилото 98*bis*, став 30.

[1272] Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 89-93; Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 125, 131, 133.

[1273] Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 129. Иако Жалбениот совет дојде до заклучок дека заедничкиот член 3 не зборува експлицитно за кривичната одговорност за повреда на неговите одредби, тој се потпираше на заклучоците на Меѓународниот воен суд во Нирнмберг, државната пракса, државното законодавство, вклучувајќи го и законодавството на поранешна Југославија, резолуциите на Советот за безбедност и на договорот постигнат на 22. мај 1992 под покровителство на МКЦК. Нивниот наод беше потврден во Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 174.

[1274] Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*, став 134; Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 125; Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 68.

жртвите.[1275] Така, Советот заклучува дека за овие кривични дела се исполнети четирите услови по *Тадиќ*.

Г. Дали жртвите активно учествувале во непријателствата

301. Бидејќи заедничкиот член 3 ги заштитува лицата кои не учествувале активно во непријателствата,[1276] мора да се утврди дека жртвите на наведените повреди не учествувале активно во непријателствата во времето кога кривичните дела биле извршени.[1277]

302. Советот се осврнува на своите наоди изнесени на друго место дека во поглед на Точка 1 (убиство), четири од жртвите не учествувале активно во непријателствата, а за три други Обвинителството не изнесе докази со кои би ги потиснале сите разумни сомненија дека не учествувале во непријателствата во времето кога биле убиени.[1278] Оттука, членот 3 се однесува само на четирите жртви кои не учествувале активно во непријателствата.

303. Во поглед на Точка 3 (сурово постапување), Советот се увери дека ниту една од жртвите активно не учествувала во непријателствата во времето кога било извршено кривичното дело. Советот посебно ги забележува своите наоди дека кривичните дела на сурово постапување биле извршени врз жртвите додека биле невооружени и во некаков вид притвор.[1279] Дури и некои од овие жртви да учествувале активно во непријателствата пред нивното приведување, што е во спротивност со наодите на Советот, во моментот кога македонската полиција ги привела, како и затоа што биле невооружени, тие престанале активно да учествуваат во непријателствата, и со тоа дошле под заштита на заедничкиот член 3.[1280]

[1275] Првостепена пресуда за *Стругар*, став 219.
[1276] Заеднички член 3(1).
[1277] Судска пресуда по *Јелисиќ*, став 34; Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 420; Првостепена пресуда за *Квочка*, став 124; Првостепена пресуда за *Благојевиќ*, став 540.
[1278] *Види подолу*, став 348.
[1279] *Види подолу*, став 383-391.
[1280] Со заедничкиот член 3(1) се заштитуваат: „[л]ица кои не учествуваат активно во непријателствата, вклучувајќи ги и припадниците на вооружените сили кои го положиле своето оружје и оние кои се нашле во состојба *hors de combat* со […] притвор […]".

VI. ОБВИНЕНИЈА

A. Убиство (Точка 1)

304. Во обвинителниот акт се наведува дека Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски се кривично одговорни за убиството на седум етнички Албанци, жители на Љуботен: Рами Јусуфи, Суљејман Бајрами, Мухарем Рамадани, Атула Ќаиљи, Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари. Тие наводи служат за поткрепа на една точка за убиство, што претставува кршење на законите и обичаите на војување според член 3(1) од Женевската конвенција од 1949 и е казниво во согласност со член 3 од Статутот.

1. Правна регулатива

305. За кривичното дело убиство како кршење на законите и обичаите на војување според член 3 од Статутот потребно е да се докажат следните три елементи: (1) смрт на некоја жртва, иако не е неопходно да се утврди дека телото на настраданото лице било пронајдено;[1281] (2) дека смртта била резултат на дело или пропуст на сторителот; и (3) дека сторителот, во времето на извршувањето на делото или пропустот, имал намера да ја убие жртвата или, во отсуство на таква конкретна намера, знаел дека е веројатно дека ќе настапи смрт како последица на делото или пропустот.[1282]

2. Образложение

(а) Рами Јусуфи

306. Како што се споменува и на други места во оваа Пресуда, Рами Јусуфи бил застрелан на влезот од куќата на неговите родители во Љуботен утрото на 12. август.[1283] Тој умрел во куќата по кусо време. Бил погрбан следниот ден во дворот на еден негов роднина.[1284] По приближно еден месец, семејството го погребало повторно.[1285] Неговото тело било ексхумирано на 8. април

[1281] *Види* Првостепена пресуда за *Крнојелац*, став 326. Во предметот *Квочка* Жалбениот совет понатаму изрази мислење дека „[д]о фактот дека некоја жртва е мртва може да се дојде со заклучок според околностите предочени преку доказите изнесени пред Советот. Сè што треба да се утврди со тие докази е дека единствениот разумен заклучок од доказите е дека жртвата е мртва како резултат на дела или пропусти на обвинетиот или на еден или повеќе од лицата за кои обвинетиот е кривично одговорен.“ (Пресуда од Жалбениот совет за *Квочка*, став 260) *Види* исто така Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 240.

[1282] Првостепена пресуда за *Стругар*, став 236; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 241; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 486.

[1283] *Види погоре*, став 43.

[1284] Ељмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 42; Музафер Јусуфи, Доказен предмет П389, став 8.

[1285] Ељмаз Јусуфи, Доказен предмет П8.1, став 42.

2002.[1286] ДНК профилите потврдиле дека тоа било телото на Рами Јусуфи.[1287] Во обдукцијата, извршена на 9. април 2002 од страна на Институтот за судска медицина и криминологија во Скопје,[1288] забележано е дека бил откриен „раскин“ во кошулката на перитонеумот (абдоминалната шуплина) од левата страна, што би одговарало на висина на дебелото црево. Покрај тоа, била пронајдена дупка во левата бутна коска и дупчесто раскинување на кожата во слабинската регија. Се изнесува мислење дека констатираните „промени“ биле причинети од проектил истрелан од огнено оружје, којшто најверојатно влегол во телото на Рами Јусуфи во областа на долната третина од стомакот од левата страна, во правец од напред кон назад, од десно кон лево и од долу кон горе.[1289] Од телото не биле извадени куршуми или парчиња. Во извештајот не е даден заклучок во врска со причината за смртта. Меѓутоа, М171 сведочеше дека врз основа на нејзиното стручно медицинско искуство со повреди на абдоменот предизвикани од огнено оружје, тој тип на повреди не се смртоносни, но се сериозни и може да доведат до смрт поради крвавење доколку не се примени соодветен медицински третман.[1290] Во овој случај јасно е дека обезбедувањето медицинска помош било невозможно кога Рами Јусуфи останал жив по пукањето, поради активностите на вооружените полицајци во селото во тој период.[1291] Според мислењето на Советот Рами Јусуфи умрел како последица од рана здобиена од истрел.

307. Одбраната ги оспорува предложените околности поврзани со смртта на Рами Јусуфи. Тие спорат дека тој не можел да биде застрелан додека ја затварал вратата од куќата,[1292] имајќи ја предвид висината на одмаралиштето и надворешната врата, бидејќи куршумот се движел кон горе во телото на Рами Јусуфи. Др. Јаковски тврди дека *доколку* лицето што пукало во Рами Јусуфи клечело или било во лежечка позиција, можело да ја предизвика раната од куршумот само ако било на метар до два метри оддалеченост од Рами Јусуфи. Во друг случај, растојанието можело да биде поголемо ако Рами Јусуфи бил на повисока позиција, а оној што пукал на пониска.[1293] Меѓутоа, и двете хипотези поставени од др. Јаковски претпоставуваат дека Рами Јусуфи стоел исправен додека било пукано во него. Разликата во висината од земјата меѓу влезната и излезната рана не е голема – четири сантиметри – како што потврдува извештајот од

[1286] Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 4.
[1287] Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 6.
[1288] Обдукцијата на останатите тела беше исто така извршена од страна на овој Институт.
[1289] Доказен предмет 1Д78, стр. 3; 1Д208; *види* исто така Златко Јаковски, Т 2397-2400; Доказен предмет 1Д4; П9.
[1290] М171, Т 3434.
[1291] Зенеп Јусуфи, Т 448.
[1292] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 253 и 254; Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 292; *види* исто така Златко Јаковски, Т 2400-2401; 2426-2427.
[1293] Златко Јаковски, Т 2427.

обдукцијата и фотографијата на неговото тело направена кај куќата. Очигледно е дека тој се обидувал да ја затвори влезната врата кога бил застрелан. Според тоа тој не морал да стои исправен. Токму поради овие причини Советот смета дека ниту една од овие хипотези не е веројатна.

308. Покрај тоа, Одбраната тврди дека било невозможно оној што пукал да погоди некого на прагот од вратата, врз основа на локацијата каде што се гледаат потрошени фишеци на една фотографија од одмаралиштето и влезот во куќата.[1294] Маријо Јуришиќ истакна дека кога се пука со Калашников (стандардна автоматска пушка во полицијата) тој ги исфрла фишеците во лак кон десно и малку нанапред на два до три метри од местото од каде се пука.[1295] Сведокот тврдеше дека некој поставен на два до три метри кон лево од фишеците што се гледаат на фотографијата не би можел да погоди човек на вратата или близу до неа, бидејќи ѕидот би го попречил истрелот.[1296] Има неколку работи во врска со ова мислење што се спорни. Советот обрнува внимание на сведочењето на Фатмир Камбери дека на 13. август тој видел отпечатоци од куршуми на влезната врата од куќата на Рами Јусуфи.[1297] Покрај тоа, има докази дека се најдени повеќе празни фишеци малку подалеку од куќата до една чешма и ограда.[1298] Но потрошените фишеци можеле да бидат преместени по настанот. Што е уште поважно, траекторијата на фишеците варира во зависност од начинот на држење на оружјето во моментот кога се пука. Според тоа, позицијата на фишеците на фотографијата не може да служи за утврдување на овој факт. Доказите не ја исклучуваат можноста Рами Јусуфи да бил погоден од која било позиција во близина на влезот од куќата, без разлика на тоа дали лицето лежело или клечело. И покрај тоа што Советот не е во можност врз основа на доказите да ја утврди позицијата од каде бил застрелан Рами Јусуфи, тој е убеден и заклучува дека тој бил застрелан однадвор во моментот кога бил на влезот од куќата.

309. Одбраната исто така тврди дека било интервенирано во надворешниот изглед на Рами Јусуфи по неговата смрт и пред да биде направена фотографијата на неговото тело, спорејќи дека немало траги од крв на маицата што наводно Рами Јусуфи ја носел во моментот на неговата

[1294] Завршен поднесок од Одбраната на Бошкоски, став 292.
[1295] Маријо Јуришиќ, Т 3359-3362, Доказен предмет 1Д101. Меѓутоа, траекторијата на фишеците зависи од начинот на кој оружјето се држи, односно, хоризонтално или вертикално и мора да се нишани правилно.
[1296] Маријо Јуришиќ, Т 3362: Доказен предмет 1Д101.
[1297] Фатмир Камбери, Т 4619; Доказен предмет П429.
[1298] Фатмир Камбери, Т 4617-4618; Доказен предмет П429, со „2“ се обележани чешмата и ограда на два метра зад потрошените фишеци фотографирани на 1Д101.

смрт.[1299] Како поткрепа на тоа Одбраната упатува на забелешката од страна на др. Здравко Чакар, којшто учествувал во обдукцијата на телото на Рами Јусуфи, дека и покрај тоа што на маицата на Рами Јусуфи имало две дупки на неа немало никакви траги од крв.[1300] Во извештајот од обдукцијата на Рами Јусуфи од април 2002 стои дека кога бил ексхумиран тој носел бела маица и сини фармерки.[1301] Тоа се согласува со описот на облеката што ја носел кога бил погоден, како што е забележано на неколку фотографии направени од муслиманскиот свештеник (оџа) на 13. август 2001.[1302] Покрај тоа, на овие фотографии *навистина* се гледаат траги од крв на маицата на Рами Јусуфи.[1303] Ељмаз Јусуфи посведочи дека тие не ја сменила облеката на Рами Јусуфи по неговата смрт и дека раната била завржана со парче чаршаф за да се спречи крвавењето откако бил погоден со куршум.[1304] Со тоа може да се објасни зошто немало поголема количина крв на неговата облека. Доказите не го поткрепуваат тврдењето дека биле направени промени во изгледот на Рами Јусуфи по неговата смрт.

310. Осврнувајќи се на прашањето дали Рами Јусуфи активно учествувал во непријателски активности, Советот истакнува дека ставот на Одбраната е дека Рами Јусуфи бил припадник на ОНА,[1305] и дека за време на настаните во Љуботен, Фатмир Камбери заедно со, *inter alia*, Рами Јусуфи им пружал „активен отпор на Безбедносните сили“.[1306] Уште и се тврди дека куќата на Рами Јусуфи, заедно со околните куќи, претставувала позиција на ОНА од каде било пукано кон македонските безбедносни сили на 12. август 2001.[1307] Одбраната се потпира на еден документ од УБК со датум од 8. април 2002 што содржи информации од „оперативни работници“ на МВР за да го потврди тврдењето дека Рами Јусуфи бил припадник на ОНА.[1308] Овој документ не постоел во тоа време. Тој бил составен повеќе месеци по настаните. „Оперативните работници“ за кои се вели дека го составиле, и нивните извори, не се познати. Советот не може да се потпре

[1299] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 293, каде се цитира, *inter alia*, Доказен предмет 1Д104.
[1300] Хауард Такер, забелешка на др. Чакар што сведокот ја изнел при обдукцијата, Т 5449-5450; Доказен предмет 1Д208, стр. 6; *види* го исто така извештајот од обдукцијата; Доказен предмет 1Д78; Рами Јусуфи првобитно бил закопан еден ден по неговата смрт и потоа повторно закопан еден месец подоцна; *види погоре*, став 44.
[1301] Доказен предмет 1Д77, 1Д78.
[1302] Зенеп Јусуфи, Т 473; Ељмаз Јусуфи, Т 483, 486, 535; Доказен предмет П4; П9; 1Д104.
[1303] *Види*, на пример, Доказен предмет П4, П9; *види* исто така Доказен предмет 1Д104, цитиран од страна на Одбраната како поткрепа на тоа дека немало крв на маицата. Советот забележува дека иако во Обвинението се тврди дека Рами Јусуфи бил во пижами кога бил убиен, доказите непобитно го побиваат тоа.
[1304] Ељмаз Јусуфи, Т 541-542.
[1305] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 294; Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 257.
[1306] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 292.
[1307] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 257.
[1308] И двата тима на Одбраната се потпираат на Доказен предмет 1Д168. Во Завршниот поднесок на Одбраната на Тарчуловски се цитира „П168“, но сосема е јасно дека тоа е грешка, бидејќи се работи за Доказен предмет 1Д168.

само на овој документ во отсуство на подиректна и веродостојна потврда на неговата содржина. Покрај тоа, во текот на вкрстеното испрашување на Фатмир Камбери му беше поставено прашањето дали имало позиција на ОНА кај куќата на Рами Јусуфи,[1309] и дали сведокот, заедно со Рами Јусуфи и други биле надвор на оваа позиција ноќта помеѓу 11. и 12. август 2001.[1310] Фатмир Камбери го одрече ова.[1311] И покрај ова распрашување, никакви други докази не биле изнесени како поткрепа на ова тврдење. За постоењето на позиција на ОНА пред куќата на Рами Јусуфи нема поткрепа во доказите и е во спротивност со сведочењето на Фатмир Камбери, коешто Советот го прифаќа. Од причини изнесени и на друго место во оваа Пресуда, Советот не ги прифати доказите на двајца армиски сведоци, капетан Гроздановски и М2D-008, дека тоа утро забележале оган што доаѓал од еден ред на куќи што му припаѓале на семејството Јусуфи. За ова нема никакви други докази.

311. Понатаму се тврди дека ременот најден во пределот на градите на Рами Јусуфи е индикација за неговиот нецивилен статус.[1312] Зошто би било тоа така не се објаснува ниту во доказите ниту во поднесоците. Хауард Такер сведочеше дека, како што кажа др. Чакар, многу е веројатно дека овој ремен бил ставен на телото во време на закопот.[1313] Не постои опис на овој ремен. На ниту една од фотографиите во доказните списи од телото на Рами Јусуфи што биле направени пред неговиот закоп не се гледа ремен на неговото тело.[1314] Според тоа, Советот не е во можност да заклучи дека овој ремен навистина се користел за воени цели ниту дека тој може да укажува дека Рами Јусуфи активно учествувал во непријателски дејства во моментот кога бил погоден. Доказите не поткрепуваат никаков друг заклучок освен дека Рами Јусуфи бил невооружен цивил, и во секој случај, дека не учествувал активно во непријателски дејства во моментот кога бил погоден со фатални последици. Советот дојде до ист заклучок.

312. Веќе беше споменато и на друго место во оваа Пресуда дека повеќето од лицата што влегле во дворот и пукале во куќата во која Рами Јусуфи живеел утрото на 12. август кога бил погоден со куршум биле припадници на полицијата.[1315] Земајќи го особено предвид фактот дека доказите покажуваат дека немало никаков отпор, фактот дека Рами Јусуфи бил застрелан од

[1309] Фатмир Камбери, Т 4578.
[1310] Фатмир Камбери, Т 4584.
[1311] Фатмир Камбери, Т 4578.
[1312] Во Завршниот поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 293, се упатува на ремен околу „половината“ (*sic*); Во Завршниот поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 255, се споменува ремен најден „под неговата облека во пределот на градите“.
[1313] Хауард Такер, Т 5446-5448, Доказен предмет 1Д208, стр. 4.
[1314] *Види* Доказен предмет П4; П9; 1Д104.
[1315] *Види погоре*, став 46-47.

близу пред куќата додека се наоѓал до отворената врата, дека бил невооружен во тој момент, во цивилна облека, како и бројот на куршуми истрелани во куќата од предниот двор и од пределот на одмаралиштето во близина на влезната вратата каде што стоел Рами Јусуфи,[1316] Советот смета дека оние што пукале во куќата, т.е. припадниците на полицијата коишто биле всушност сторителите, го сториле тоа со намера да го убијат Рами Јусуфи, или пак, со знаење дека неговата смрт би била веројатна последица на нивното делување. Идентитетот на овие припадници на полицијата не е утврден, ниту пак според доказите може да се идентификува кој било од нив како тој којшто го испукал куршумот што ја причинил смртта на Рами Јусуфи.

(б) Суљејман Бајрами

313. Веќе беше констатирано и на друго место во оваа Пресуда дека Суљејман Бајрами бил во групата мажи приведени од една група вооружени полицајци и малтретирани пред куќата на Адем Аметовски. Тој бил застрелан и убиен во близина на куќата, откако бил сурово малтретиран.[1317] Телото на Суљејман Бајрами било погребано на љуботенските гробишта неколку дена по неговата смрт.[1318] Неговото тело било ексхумирано на 15. април 2002.[1319] Со ДНК анализа било утврдено дека тоа е телото на Суљејман Бајрами.[1320] Обдукцијата спроведена на 16. април 2002 покажала повреди што претставуваат канали од повеќе рани од огнострелно оружје – на главата, на градниот кош од десната и од левата страна, на скапулата (лопатната коска), како и на горниот дел од коската на раката и на ногата.[1321] Еден проектил е пронајден зад лопатката. Поради напреднатата фаза на распаѓање на телото, не било можно да се утврди точната причина за смртта.[1322] Кога бил застрелан Суљејман Бајрами носел црна маица и темно сини фармерки.[1323] Овој опис се совпаѓа со облеката на неговото тело кога било фотографирано од страна на Хенри Болтон на 14. август.[1324]

314. Што се однесува на статусот на Суљејман Бајрами, Одбраната тврди дека тој бил припадник на ОНА,[1325] и дека неговото убивање било оправдано бидејќи тој се обидел да

[1316] *Види погоре*, став 43.
[1317] *Види погоре*, став 55.
[1318] *Види* на пример, Доказен предмет 1Д71.
[1319] Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 9.
[1320] Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 12.
[1321] Доказен предмет П449.
[1322] Доказен предмет П449, стр. 4; *види* исто така Доказен предмет 1Д222, наод за телото 1Д/6, во N000-1628, каде што стои дека имало (остатоци од) најмалку два куршума со калибар од 7,62 милиметри.
[1323] Доказен предмет П450; П19.
[1324] Хенри Болтон, Т 1630-1632; Доказен предмет П239; П240; П241; П185.
[1325] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 165 и 211.

побегне додека бил во рацете на полициските сили.[1326] Одбраната се потпира на еден документ од УБК со датум од 8. април 2002, како поткрепа за своето тврдење.[1327] Во овој документ се вели дека Суљејман Бајрами бил вклучен во пренесување на оружје и друг вид стока за ОНА и дека некои парчиња од ова оружје биле оставени во Љуботен за потребите на ОНА.[1328] Оваа информација е добиена од неидентификувани „оперативни работници“ повеќе од половина година по настаните во Љуботен. Нивните извори не се познати. Советот веќе укажа на тоа дека не може да се потпира само на овој документ во отсуство на некоја подиректна и поверодостојна потврда на неговата содржина. Во истиот документ се вели дека двајца од браќата на жртвата биле припадници на ОНА.[1329] Ова тврдење не е докажано на никаков начин. Дури и да е точно, од тоа не може да се заклучи дека жртвата исто така била припадник.

315. Суљејман Бајрами е еден од тројцата мажи што биле во засолништето со жените.[1330] Нема никакви докази за овој настан од ниту еден од припадниците на вооружената полициска единица што бил присутен таму во тоа време. Единствени други присутни биле останатите 12 мажи етнички Албанци, жители на селото, коишто, заедно со Суљејман Бајрами, лежеле пред куќата на Адем Аметовски со лицата свртени надолу и со очите и главите покриени. Доказите од овие преживеани се разликуваат меѓусебно и некои се чини дека се неверодостојни. Во најголем дел тие не можеле да видат што се случувало. Очигледно е дека тие ги толкувале звуците што ги слушале за да утврдат што се случува.

316. Таткото на Суљејман Бајрами бил погоден во раката или во шаката додека лежел на земјата.[1331] Се чини дека тој зборувал со својот син Суљејман којшто исто така бил силно удиран со клоци во главата. Изгледа дека тој изгубил свест, барем за момент.[1332] Осман Рамадани тогаш го слушнал Суљејман Бајрами како вели дека тој не може повеќе да го издржи тоа и се исправил.[1333] Осман Рамадани тогаш слушнал како некој полицаец рекол „[п]ушти го да

[1326] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 300. Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 264.
[1327] Доказен предмет 1Д168.
[1328] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 165 и 211.
[1329] М088, Доказен предмет П206, став 12; М092, Доказен предмет П215, став 28 и 29; М039, Доказен предмет П200.2, став 32, го споменува „Шефает Бајрами“ како припадник на ОНА; *види* исто така Доказен предмет 1Д167.
[1330] Суљејман Бајрами бил еден од тројцата мажи што биле донесени од визбата каде што биле жените. (М017, Т 615-616; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 12; Исмаил Рамадани, Т 1022)
[1331] М012, Т 893, 949; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 22.
[1332] Исмаил Рамадани, Т 1022.
[1333] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 33.

оди“, по што тој слушнал рафали од огнено оружје.[1334] Тој подоцна го видел телото на Суљејман Бајрами како лежи на патот на околу 10 метри понатаму.[1335] Исмаил Рамадани ги чул и ги протолкувал овие настани малку поинаку. Тој исто така потврди дека Суљејман Бајрами бил удиран со клоци во главата и дека Суљејман станал и тргнал да оди. Тој тврди дека Суљејман се обидел да побегне поради болка.[1336] Она што Исмаил Рамадани чул дека полицаецот рекол е „[п]ушти го нека трча малку па ќе му покажеме“, по што Суљејман Бајрами бил застрелан и убиен откако потрчал неколку метри.[1337] Има извесна разлика во изјавите за тоа дали она што го чуле било одење или трчање. Други сведоци слушнале само пукање од пушка. Подоцна, кога 10-те мажи тргнале под вооружена придружба да одат кон куќата на Браца, тие го виделе телото на Суљејман Бајрами испружено на патот. Имаше сведоци коишто претходно рекле дека го виделе Суљејман Бајрами како се оддалечува, но пред судот потврдија дека само го виделе неговото мртво тело.[1338] Според мислењето на Советот, овде се работи за одвојување на она што всушност го виделе од толкувањето на настаните до кое дошле.

317. Еден набљудувач на ОБСЕ, Хенри Болтон, спровел испитување во селото на 14. август. Во текот на својата посета тој го видел и го фотографирал телото на Суљејман Бајрами, коешто било оставено *in situ* на патот. Г. Болтон изразил особена загриженост за телото на Суљејман Бајрами. Г. Болтон забележал голем број на потрошени фишеци во близина на телото и „издлабени траги“ во средината на крвава дамка на патот, што е во согласност со тоа дека било пукано во Суљејман Бајрами додека лежел на патот.[1339]

318. Според мислењето на Советот, Суљејман Бајрами, бидејќи бил силно удиран во главата, а татко му само што бил погоден во шаката или во раката, станал и потоа се придвижил, одејќи или трчајќи по патот. Иако можеби имал на ум да избега, тоа било очигледно безнадежно. Тој бил среде голема група на добро вооружени полицајци. Самиот не бил вооружен и тој бил единствениот што сакал да бега. Немал каде да оди освен по патот, сосема на отворено. Неговото однесување можеби било последица на силните удари што ги добил во главата.

[1334] Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 33.
[1335] Осман Рамадани, Доказен предмет П198, став 22.
[1336] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 24.
[1337] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 25. Беше кажано и дека полицаецот рекол „пушти го нека оди некое време. Ние ќе му покажеме“. (Исмаил Рамадани, Т 1022)
[1338] Веби Бајрами, Т 1841-1843. *види* исто така М017, Т 702-704; 626-628.
[1339] Хенри Болтон, Т 1808-1809; Доказен предмет 1Д24, стр. 2.

319. Според мислењето на Советот, сведочењата потврдуваат дека полицајците биле свесни за безнадежноста на неговата позиција. Неговото однесување не претставувало вистинска опасност од бегство. Наместо да го запрат веднаш, што можел да го направи еден полицаец, на Суљејман Бајрами му било дозволено да оди или да трча некое време, а потоа тој бил намерно застрелан повеќе пати. Потрошените фишеци потврдуваат дека тоа било од многу близу. Неговата смрт од истрели имала за цел да му покаже не само нему кој е посилен, туку и на останатите приведени мажи, а подоцна и на другите селани.

320. Доказите не даваат никаква основа за каков било друг заклучок освен дека, во моментот кога бил убиен, Суљејман Бајрами бил невооружен цивил којшто немал никакво активно учество во непријателски дејства. Иако неговата постапка можеби била толкувана како обид за бегство, полицајците не сметале дека обидот претставува реална можност да побегне. Сепак, му било дозволено да се движи некое време и потоа, намерно и повеќепати било пукано во него по што тој умрел. Тој бил застрелан со намера да биде убиен, што требало да послужи како пример. Убиството на Суљејман Бајрами е утврдено.

(в) Мухарем Рамадани

321. Утрото на 12. август Мухарем Рамадани бил засолнет во визбата од куќата на Адем Аметовски. Тој бил исто така во групата мажи од визбата коишто биле приведени од полицајците и малтретирани во дворот пред куќата. Заедно со Азиз Бајрами, на Мухарем Рамадани му било наредено да остане во таа куќа, додека останатите приведени лица биле одведени во придружба на вооружени полицајци до куќата на Браца.[1340] Азиз Бајрами подоцна ја пренел информацијата дека Мухарем Рамадани бил потоа убиен на портата од куќата на Адем Аметовски.[1341]

322. Мухарем Рамадани бил закопан на љуботенските гробишта неколку дена по неговата смрт.[1342] Неговото тело било ексхумирано на 18. април 2002.[1343] ДНК анализата го потврдила идентитетот на телото на Мухарем Рамадани.[1344] И покрај високиот степен на распаѓање на телото при обдукцијата спроведена на 19. април откриен е канал на повреди од огностредно оружје во пределот на вратот и во пределот на градниот кош. Во извештајот од обдукцијата се

[1340] *Види погоре*, став 57.
[1341] *Види погоре*, став 57.
[1342] *Види*, на пример, Доказен предмет 1Д71.
[1343] Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 12.
[1344] Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 14.

вели дека тој канал оди во правец од напред кон назад и малку кон горе. „Дефект“ предизвикан од „експлозивна направа“ бил пронајден во пределот на долната третина на градниот кош. Друг канал на повреда од огностредно оружје е најден во надлактицата, од десно на лево, под претпоставка надлактицата да се наоѓа во спуштена положба.[1345] Не е запишана никаква конкретна причина за смртта. Кога бил ексхумиран Мухарем Рамадани носел црна кожна јакна, кафена кошула, бела маица, црни панталони со кафен кожен ремен и кафени плетени sиври и тегет чорапи.[1346] Сликата на мртвото тело на жртвата направена од Хенри Болтон се совпаѓа со овој опис,[1347] само што не може да се види дали има маица.

323. На 14. август Хенри Болтон го видел телото на Мухарем Рамадани *in situ* на косината што води кон дворот од куќата,[1348] за којашто Советот забележува дека е куќата на Адем Аметовски. Набљудувањата на г. Болтон се забележани во еден извештај на ОБСЕ од 16. август. Тој видел многу празни фишеци околу телото што го навело до заклучок дека во Мухарем Рамадани било пукано од близу.[1349] Хенри Болтон забележал тешка повреда на градите за којашто сведокот мислел дека е излезна рана од куршум од огнено оружје истрелан во грбот на жртвата; тој смета дека треба да имало две влезни рани во грбот на жртвата.[1350] Повредата предизвикана од експлозивната направа што била откриена при обдукцијата можеби е истоветна со оваа, но постои очигледна разлика во однос на правецот на куршумот. Советот го прифаќа наодот на обдукцијата. Разликата не е од битна важност за севкупниот заклучок на Советот.

324. Советот констатира дека не постојат конкретни докази во врска со околностите во кои бил убиен Мухарем Рамадани. Меѓутоа, во доказите нема поткрепа за тврдењето во извештајот на ОБСЕ дека смртта на Мухарем Рамадани може да настанала во текот на операцијата на македонските сили за „расчистување“ на околината од непријателски сили на патот кон куќите на „северниот крај на селото“.[1351] Во извештајот се изнесува исто тврдење и во врска со телото на Суљејман Бајрами. Изворот на тоа тврдење не е наведен. Може да биде засновано на претпоставки, или од предострожност, бидејќи авторот не можел никако да знае што го предизвикало пукањето. Тоа е во спротивност со доказите што упатуваат на тоа дека Мухарем

[1345] Доказен предмет П451, стр. 3-4.
[1346] Доказен предмет П451, стр. 1.
[1347] Доказен предмет П186; Хенри Болтон потврди дека тој ја направил оваа фотографија, Т 1633.
[1348] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 16.
[1349] Хенри Болтон, Т 1691-1692; Доказен предмет 1Д24, стр. 2.
[1350] Хенри Болтон, Т 1633-1634; 1697; Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 16; Хенри Болтон, Доказен предмет П236.2, став 8; Доказен предмет П186.
[1351] Доказен предмет 1Д24, стр. 3.

Рамадани бил засолнат со другите во визбата од куќата на Адем Аметовски, дека мавтал со бело крпче низ прозорецот од визбата од страв да не бидат убиени од македонската полиција што се приближувала,[1352] а потоа бил држан од страна на полицијата во дворот пред куќата.[1353]

325. Земајќи предвид дека Мухарем Рамадани бил во притвор пред куќата на Адем Аметовски кога последен пат бил виден од лица кои не се поврзани со полицијата, дека неговото тело било најдено на патот пред влезот на куќата, дека се чини дека бил погоден со куршуми од близу и дека добиените повреди опишани во неговата обдукција биле од таква природа што можеле да ја причинат неговата смрт, Советот смета дека Мухарем Рамадани умрел од рани од куршуми на 12. август пред куќата на Адем Аметовски, при што смртоносните куршуми биле испукани од еден или повеќе неидентификувани припадници на полицијата коишто го држеле во притвор кај куќата.

326. Сега се осврнуваме на статусот на Мухарем Рамадани, за кого Одбраната тврди дека бил вклучен во ОНА. Тие спорат дека облеката што ја носел кога бил убиен се совпаѓа со униформата на ОНА.[1354] Тој не носел црна униформа на ОНА ниту пак некој дел од униформата. Црната боја на неговата кожна јакна и панталоните не се необична облека за мажите во албанската етничка заедница. Другите делови од облеката биле сосема различна боја. Тој имал неколку слоја облека што е сосема вообичаено кај Албанците на високи температури.[1355] Понатаму, како и за починатиот Рами Јусуфи, Одбраната се чини дека тврди, без да го базира своето тврдење на некои докази, дека ременот на фотографијата од телото на Мухарем Рамадани укажува на нецивилен статус. Советот се согласува со мислењето на Хауард Такер дека тој не би го идентификувал предметот што се гледа на фотографијата во пределот на градите на починатиот како ремен.[1356] Советот истакнува дека г. Такер не се распрашувал ниту за време на истрагата, ниту при ексхумацијата, што би можел да биде тој предмет, а нема ниту докази за неговата природа или намена.[1357] Единствениот ремен за кој се зборува во извештајот од обдукцијата, или извештајот од експертскиот преглед на неговата облека, е кафениот кожен

[1352] Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 2; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 30; *види погоре*, став 51.
[1353] *Види погоре*, став 54 и 60.
[1354] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 303; Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 269.
[1355] Хенри Болтон, Т 1697-1698.
[1356] Хауард Такер, Т 5448-5449.
[1357] Хауард Такер, Т 5449.

ремен на неговите панталони. [1358] Според мислењето на Советот доказите не го поткрепуваат мислењето дека тој ремен што го носел починатиот имал некаква воена цел, или пак дека укажува на статус во ОНА, или пак дека со тоа може да се поткрепи мислењето дека починатиот преземал непријателски дејства во моментот кога бил смртно застрелан.

327. Одбраната понатаму тврди дека Мухарем Рамадани бил вклучен во борбени активности против македонските сили и дека тој пукал во силите за безбедност.[1359] Ставот на Обвинителството е дека Мухарем Рамадани бил невооружен цивил и смета дека доколку тој земал активно учество во непријателски активности, тој би бил *hors de combat* во моментот кога бил убиен.[1360] Одбраната тврди дека мажите во визбата на Адем Аметовски пукале на полицајците од „карабин“ и од автоматска пушка, коишто потоа ги сокриле под еден „фрижидер за длабоко смрзнување“, па поради тоа полицајците не го нашле ова оружје кога ја претресувале куќата на 12. август.[1361] Единствената поткрепа за ова тврдење е еден извештај од УБК од распит на анонимен „оперативен работник“ повеќе од половина година по настаните во Љуботен.[1362] Извештајот не постоел во август 2001. Авторот на извештајот и „оперативниот работник“ не се познати. Поради порано изнесените причини Советот не може да се потпре само на таков документ во отсуство на подиректна и веродостојна потврда на неговата содржина. Покрај тоа, се забележува дека овој документ не се однесува на Мухарем Рамадани, туку на некое „непознато лице, син на Муарем (*sic*) Рамадани.“[1363] Единственото оружје пронајдено во куќата на Адем Аметовски не била пушка туку лесна сачмарка што може да се користи за ловење на птици. Г. Болтон, којшто го нашол и го опишал ова оружје, забележал дека „практичната примена на ова оружје е многу различна од пушка што користи куршуми за огнено оружје“[1364] Оваа сачмарка била под една клупа во визбата на 14. август. Немало знаци дека оружјето било поместувано или користено. Немало потрошени куршуми од сачмарката или други фишеци ниту пак видливи траги од погодоци.[1365]

[1358] Доказен предмет П451; П452.
[1359] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 303.
[1360] Завршен поднесок на Обвинителството, став 103.
[1361] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 265, фуснота 615.
[1362] Доказен предмет 1Д273.
[1363] Доказен предмет 1Д273.
[1364] Хенри Болтон,Т 1701-1702; Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 17.
[1365] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 17. Советот прифаќа дека според доказите никакво оружје ниту воздушни пушки ниту муниција не биле најдени во куќата кога полицијата ја претресувала куќата, *види* Исмаил Рамадани, Доказен предмет П189, став 10.

328. Доказите не даваат основа за донесување каков било друг заклучок освен дека во моментот кога бил застрелан и убиен Мухарем Рамадани бил невооружен цивил кој не учествувал во непријателски дејства. Советот дојде до ист таков заклучок. Покрај тоа, Советот е убеден и смета дека оние полицајци што пукале во Мухарем Рамадани и ја предизвикале неговата смрт, го сториле тоа со намера да го убијат, или, пак, со знаење дека неговата смрт би била веројатна последица на ова пукање.

(г) Атула Ќаиљи

329. Како што е утврдено, Атула Ќаиљи бил меѓу оние што се засолнувале во визбата на Адем Аметовски на 12. август; заедно со други приведени тој потоа бил префрлен во полициската станица „Мирковци“ под вооружена придружба. Како што се расправа на друго место во оваа Пресуда, Атула Ќаиљи бил брутално малтретиран од страна на припадници на полицијата додека бил во притвор пред куќата на Адем Аметовски и кај куќата на Браца во Љуботен, како и подоцна во полициската станица „Мирковци“.[1366] Потоа, на 13. август, тој бил однесен од полициската станица во Градската болница во Скопје.[1367] Во посмртницата[1368] како време во кое настапила смртта е забележано 13.39 часот на 13. август.[1369] Атула Ќаиљи бил погребан од членовите на неговото семејство на гробиштата во Љуботен неколку дена по неговата смрт. Претставници на ОБСЕ, HRW и неколку локални новинари биле присутни кај семејната куќа на Атула Ќаиљи пред закопот.[1370] Неговото тело било ексхумирано на 7. април 2002.[1371] Врз телото на Атула Ќаиљи биле извршени две аутопсии: едната по неговата смрт на 14. август 2001, а другата по неговото ексхумирање на 9. април 2002.[1372] Во извештајот од обдукцијата од 14. август 2001 стои дека се пронајдени повреди што го покриваат скоро целото тело на Атула

[1366] *Види погоре*, став 54; 74; 78.

[1367] Златко Јаковски, Т 2304-2305; Доказен предмет П259, една службена белешка со датум од 13. август поднесена од Драган Сурлов од полициската станица „Мирковци“, во којшто се споменува дека Атула Ќаиљи побарал медицинска помош во 14.30 на 13. август, по што Сурлов повикал Брза помош и Атула Ќаиљи бил пренесен во болница; *види* исто така Благоја Тосковски, Т 4315-4316, Доказен предмет П261, Службена белешка Бр. 537 датирана од 14. август 2001 поднесена од сведокот, во која стои дека Атула Ќаиљи умрел во болницата на 13. август 2001, откако бил држан во полициската станица „Мирковци“ од 2.00 часот на 13. август 2001; во документот се вели дека откако неговата здравствена состојба се влошила, дежурниот полицаец во полициската станица повикал брза помош и тој бил префрлен во Градската болница, Скопје, каде што умрел подоцна истиот ден.

[1368] Златко Јаковски, осврнувајќи се на Доказниот предмет П284, документ што се вика „Историја на болеста“ сведокот посведочи дека иако името е запишано како „Абдула Чајани“ подоцна било прифатено дека се работи за Атула Ќаиљи, Т 2289.

[1369] Доказен предмет П287, Златко Јаковски потврди уште една потврда за смрт, издадена од сведокот, во којашто се вели дека смртта на Атула Ќаиљи била насилна, Т 2298; Доказен предмет П288.

[1370] Бетулах Ќаиљи, Доказен предмет П383, став 31 и 35.

[1371] Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 4 и 6.

[1372] Доказен предмет П49, стр. 14; 1Д74, стр. 1.

Ќаиљи. Било заклучено дека причината за смртта била насилна и настанала како последица на трауматски шок, од којшто престанала работата на важни витални органи, како резултат на повеќекратно делување на „динамична тапо-тврда сила“ во пределот на главата, трупот и екстремитетите.[1373] Извештајот од втората обдукција го потврдува наодот утврден со обдукцијата од 2001, т.е. повеќекратни скршеници на ребрата, на левата страна од градниот кош и скршеница на основата на черепот.[1374] Др. Златко Јоќовски посведочи дека овие повреди биле предизвикани во исто време, но не можеше конкретно да каже кога настанале.[1375]

330. Одбраната на Бошкоски тврди дека полицијата обезбедила соодветна медицинска помош за Атула Ќаиљи кога неговата состојба изискувала давање таква помош; се тврди дека тоа покажува „спротивен тип на состојба на свеста“ од онаа што е услов за убиство.[1376] Советот не може да се согласи со ова тврдење. Степенот барем на некои од повредите и тежината на неговата состојба сигурно биле очигледни за оние што продолжувале да го тепаат во полициската станица „Мирковци“. Навистина тој бил испратен во болница, но доказите покажуваат дека еден друг полицаец интервенирал за да го испратат во болница.[1377] Меѓутоа, во прашање е намерата или состојбата на свеста на оние што го тепале Атула Ќаиљи во моментот на тепањето. Дури и лицето или лицата што го тепале Атула Ќаиљи подоцна да организирале медицинска помош за него, тоа не го исклучува фактот дека лицето или лицата ја имале неопходната *mens rea* за убиство во моментот на тепањето.

331. Советот, убеден во вистинитоста на доказите, доаѓа до заклучок дека Атула Ќаиљи бил повеќекратно, долготрајно и најбрутално тепан. Била применета значително голема физичка сила. Ефектот од тоа било предизвикување на смрт на начин изложен во извештајот од обдукцијата извршена на 14. август. Советот го прифаќа фактот изнесен во доказите дека Атула Ќаиљи бил малтретиран пред да пристигне во полициската станица „Мирковци“. Во полициската станица сепак бил и понатаму жестоко тепан. Советот не може да го исклучи фактот дека некои од повредите забележани во извештајот од обдукцијата биле нанесени пред тој да пристигне во полициската станица „Мирковци“. Тое не подразбира дека со својата изјава

[1373] Доказен предмет П49, стр. 31; *види* исто така Златко Јаќовски, Т 2263-2286; 2275-2277; Доказен предмет П14; П187, направени по обдукцијата; *види* исто така Доказен предмет П280; П281; П282.
[1374] Доказен предмет 1Д74, стр. 3.
[1375] Златко Јаќовски, Т 2333; Т 2267; Доказен предмет 1Д279.
[1376] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 315.
[1377] *Види* Доказен предмет П259. Советот исто така забележува дека постојат два болнички документа во доказните списи во кои пишува дека „Абдула Чајани“ бил примен во болница поради повреди предизвикани од пад, Доказен предмет П283; П286. Таква информација добил докторот кога Абдула Чајани (Атула Ќаиљи) бил донесен во болницата на 13. август; *види* исто така Златко Јаќовски, Т 2295-2297; 2287-2288.

во наодите од 2002 дека повредите биле нанесени „во исто време“, др. Јаќовски исклучува дека повредите биле нанесени во текот на неколку часа. Според мислењето на Советот зборот „време“ има релативен временски опсег. Советот смета дека до настапувањето на последните фази на тепањето на Атула Ќаиљи, што се одвивале во полициската станица „Мирковци“, сериозноста на претходното малтретирање и ефектите од него најверојатно биле очигледни за лицето или лицата што продолжиле да го тепаат. Поради тоа Советот заклучува дека лицето или лицата продолжиле да го тепаат Атула Ќаиљи знаејќи дека тоа ќе доведе до смрт како најверојатна последица на неговото или нивното делување.

332. Сепак Советот не е во можност да заклучи дека лицето или лицата што го малтретирале Атула Ќаиљи пред да пристигне во полициската станица „Мирковци“ го правеле тоа со *mens rea* неопходна за да се утврди кривично дело убиство. Во отсуство на подиректни докази прашањето на *mens rea* мора да се реши со посредни докази, па врз основа на оваа последна хипотеза Советот не е во состојба да го исклучи заклучокот дека е многу веројатно намерното малтретирање извршено пред Атула Ќаиљи да пристигне во полициската станица да било сторено без намера за убивање и без свесност за тоа дека смрт може да биде последица од тоа сурово постапување.

333. Понатаму, доказите му покажуваат на Советот дека малтретирањето на Атула Ќаиљи во Љуботен на 12. август било сторено од еден или повеќе неидентификувани припадници на полициската единица предводена од обвинетиот Јохан Тарчуловски, која влегла изутрината во селото. Меѓутоа, според мислењето на Советот, тепањето на Атула Ќаиљи не било сторено од страна на припадниците на полициската единица, туку од страна на еден или повеќе неидентификувани припадници на македонската полиција кои биле на должност во полициската станица „Мирковци“ на 12. или на 13. август 2001.

(д) Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари

334. Како што беше утврдено и на друго место во оваа Пресуда, и понатаму е изложено подетално подолу, Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари биле застрелани на 12. август додека трчале од куќата на Ќани Јашари во Љуботен приближно во време кога кон куќата се приближувал оклопен транспортер „Хермелин“ и полицајци.[1378] Нивните тела биле погребани

[1378] *Види погоре*, став 68.

неколку дена по смртта на гробиштата во Љуботен.[1379] Во април 2002 нивните тела биле ексхумирани од гробиштата и била извршена обдукција.[1380]

335. Обдукцијата на телото на Џељаљ Бајрами била извршена на 15. април 2002. Притоа во неговото тело биле пронајдени 10 проектили од огнострелно оружје. Тие биле во задниот дел на вратот, задниот дел на левото рамо, на левата страна на градната празнина, во дијафрагмата, во пределот на пелвисот, на десната страна на трупот и на внатрешната страна на левиот бут. Поради степенот на распаѓање на телото, не можел да се утврди правецот на движење на каналите од огнострелните повреди.[1381] Во извештајот од обдукцијата не било можно да се утврди точно која од раните од огнено оружје била причина за смртта. При анализата на куршумите извадени од телото на Џељаљ Бајрами, *inter alia*, извршена во Институт за судска медицина и криминалистика на Холандија (понатаму во текстот: НФИ), било можно да се утврди дека куршумите биле со калибар од 7,62 милиметри, додека калибарот на оловната честичка од метална обвивка како и на едно парче од лим не се познати.[1382] Советот забележува дека според извештајот на НФИ не може да се исклучи дека ова парче потекнува од експлозивна направа.[1383] Кога била извршена обдукцијата Џељаљ Бајрами бил облечен во фармерки со црна кошула и гумени опинци.[1384] Ова се совпаѓа со облеката на телото забележано на фотографиите од телото *in situ* на 14. август.[1385]

336. За време на обдукцијата во џебовите од неговата облека биле најдени 26 зрна боева муниција.[1386] Тие биле со калибар од 7,62 милиметри од кинеско или од албанско производство, со исклучок на еден за којшто не била позната земјата на производство.[1387] Ова е калибар за огнено оружје Калашников АК47, оружје што е во стандардна употреба од страна на

[1379] *Види*, на пример, Доказен предмет 1Д71.
[1380] Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 6-12; телата на браќата ИД/3 и ИД/4, за кои е утврдено дека се на Бајрам Јашари и Кадри Јашари, биле ексхумирани на 11. април 2002, додека телото ИД/5, за кое е утврдено дека е Џељаљ Бајрами, било ексхумирано на 15. април 2002.
[1381] Доказен предмет П447, стр. 7; П448.
[1382] Во извештајот, Доказен предмет 1Д222, ERN N000-1628, има една забелешка дека доказните материјали земени од Телото ИД/5 содржат остатоци од *најмалку* девет куршуми.
[1383] Доказен предмет 1Д222, стр. 6 и N000-1628, опис на доказните предмети од телото ИД/5, предмет БА-21, за којшто во извештајот се вели дека е од непознат калибар.
[1384] Доказен предмет 1Д5, стр. 5-6; *види* исто така Доказен предмет П448.
[1385] Хенри Болтон, Т 1694-1696; Доказен предмет 1Д27; *види* исто така Доказен предмет П203, ERN N000-7828.
[1386] Доказен предмет 1Д5, „Записник за извршена ексхумација со обдукција во с. Љуботен“, со датум од 9. мај 2002, стр. 6; Хауард Такер, Т 5451; Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 9-11; Златко Јаќовски, Т 2401-2406; *види* исто така Доказен предмет 1Д222, ERN N000-1630.
[1387] Доказен предмет 1Д222, Тело 1Д/5, ERN N000-1630; Хауард Такер, Т 5451.

македонската армија и полиција како и на ОНА.[1388] Идентификуваните куршуми со калибар од 7,62 милиметри пронајдени во телата на другите двајца биле од различно производство од куршумите пронајдени во џебовите на Џељаљ Бајрами.[1389]

337. При обдукцијата извршена на телото на Бајрам Јашари на 11. април откриени се две парчиња проектил и еден цел проектил на задниот дел од вратот;[1390] покрај тоа имало и повеќекратни повреди од огнострелно оружје во пределот на градниот кош и на стомакот, од најмалку шест проектили.[1391] При описот на повеќебројните скршеници пронајдени во телото на оваа жртва, во извештајот се вели дека се резултат на повеќе канали од огнено оружје, некои во „правец од напред кон назад“, некои во „правец од лево кон десно“, а некои во правец „од горе кон долу“.[1392] Правецот на каналите „од горе кон долу“ би значел дека Бајрам Јашари ги здобил тие рани од огнено оружје додека лежел на земја. Во извештајот од обдукцијата не се дава заклучок за тоа точно која од раните ја предизвикала смртта. Три од куршумите пронајдени во неговото тело биле идентификувани како 7,62 мм калибар, додека калибарот на останатите куршуми и парчиња останува непознат.[1393] Во извештајот на НФИ за анализата на куршумите и парчињата извадени од телата не се исклучува можноста дека две од парчињата пронајдени во телото на Бајрам Јашари потекнуваат од „експлозивна направа“.[1394] Фотографијата за која Хенри Болтон укажал дека го покажува местото каде што тој забележал дека тројцата мажи лежеле на 14. август упатува на тоа дека телото на Бајрам Јашари било најблиску до куќата на Ќани Јашари.[1395] Бајрам Јашари бил облечен во црно тексас палто, зеленкасто-црвена кошула и

[1388] *Види* исто така Зоран Јовановски, Т 5107; Назим Буши, којшто потврди дека во ОНА „најчесто“ се користел Калашников со руско или кинеско потекло, Т 5930.
[1389] Доказен предмет 1Д222, стр. 5, Тело 1Д/5.
[1390] Во Доказен предмет П444, ERN N000-4291 и N000-4294, стои „внатрешната страна од грбниот (задниот) дел на кошулата“. И покрај тоа што не е сосема јасно, Советот смета дека ова се однесува на повреда на телото, а не на оштетување на кошулата.
[1391] Доказен предмет П444, стр. 5; *види* исто така Доказен предмет 1Д222, Тело 1Д/3, ERN N000-1627, каде што се вели дека меѓу доказните предмети од телото имало (остатоци од) најмалку пет куршуми; *види* исто така и оштетувања на неговата облека, Доказен предмет П445.
[1392] Доказен предмет П444, стр. 5.
[1393] Доказен предмет 1Д222, Тело 1Д/3, ERN N000-1627.
[1394] Доказен предмет 1Д222, ERN N000-1626 и N000-1627, опис на Доказни предмети од Тело ИД/3; предмети БА-7 и БА-8.
[1395] Хенри Болтон, Т 1633-1638; Доказен предмет П242, каде што стои BJ=Бајрам Јашари, BY=Џељаљ Бајрами и KJ=Кадри Јашари.

фармерки[1396] кога бил ексхумиран.[1397] Овој опис се совпаѓа со облеката што се гледа на фотографијата направена на 14. август.[1398]

338. Обдукцијата на телото на Кадри Јашари, извршена на 13. август 2002, покажала повреди во пределот на главата, лицето, пршлените на вратот и десната надлактица, предизвикани од „експлозивни тела“ и повреди во пределот на левата надлактица, ребрата и клучната коска предизвикани од проектили.[1399] Меѓу доказните предмети земени од неговото тело и анализирани во НФИ се наоѓа најмалку еден куршум; калибарот на изваденитe парчиња не е наведен.[1400] Извештајон на НФИ не ја исклучува можноста дека две парчиња пронајдена во телото на Кадри Јашари може да потекнуваат од експлозивна направа.[1401] Во извештајот од неговата обдукција не е утврдено која од раните од огнено оружје или друга повреда била причина за смртта. Кога бил ексхумиран Кадри Јашари бил облечен во црни панталони, бела маица и темно-сино палто од полиестер.[1402] Ова се согласува со описот на облеката што била на телото кога било фотографирано на 14. август.[1403]

339. Како што се расправа и на друго место во оваа Пресуда, доказите укажуваат на тоа дека Цељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари, заедно со М088 и М092 трчале нагоре по ридот преку едно поле наспроти куќата на Ќани Јашари. Додека трчале на нив било пукано и од страна на армијата и од полицијата.[1404] Всушност М092, еден од мажите што бегале од куќата на Ќани Јашари, сведочеше дека на нив било пукано од армиските позиции на Малистена[1405] којашто според проценката на сведокот била на растојание од еден километар,[1406] како и од страна на македонските сили од Елезајовото Маало,[1407] на оддалеченост од приближно 300 метри.[1408] Ова се совпаѓа со едно друго сведочење за кое се расправа на друго место во оваа Пресуда во врска

[1396] Според фотографиите на телата се чини дека фармерките биле црни.
[1397] Доказен предмет П445.
[1398] Хенри Болтон, Т 1636; Доказен предмет П244; *види* исто така Доказен предмет П203, ERN N000-7826.
[1399] Доказен предмет П446, стр. 4.
[1400] Доказен предмет 1Д222, Тело ИД/4, ERN N000-1627.
[1401] Доказен предмет 1Д222, Тело ИД/4, стр. 6 и ERN N000-1627, опис на Доказни предмети од Тело ИД/4, делови БА-11 и БА-13.
[1402] Доказен предмет П446, стр. 1.
[1403] Хенри Болтон. Т 1638; Доказен предмет П245; *види* исто така Доказен предмет П203, ERN N000-7827.
[1404] *Види погоре*, став 68.
[1405] При споредување на мапите, местото што М092 го опишува како „Малистена“ одговара на локацијата на армиските позиции Смок и Бомба; М092, Т 1254-1256; Доказен предмет П216; Николче Гроздановски, Т 10463-10465; Доказен предмет П596.
[1406] М092, Т 1297-1298; М092, Доказен предмет П215, став 19.
[1407] Куќите на семејствата Реџепи и Љутфиу припаѓаат во Елезајовото Маало. Се чини дека тоа се протега до куќата на Ќани Јашари.
[1408] М092, Доказен предмет П215, став 19.

со пукање од армиските позиции кај Смок и Бомба, како и од полицијата што во тој момент се приближувала до или била кај куќата на Ќани Јашари.[1409] Сепак не може сосема да се потпреме на проценките на оддалеченоста од страна на сведоците. Други докази и мапи укажуваат дека растојанието до Смок и Бомба е 800 метри,[1410] а растојанието од патот кај куќата на Ќани Јашари до најоддалеченото од трите тела е помалку од 300 мерти.[1411] Фотографиите од позицијата на трите тела исто така упатуваат на тоа.[1412]

340. Иако полицајците биле многу поблиску до мажите додека трчале, а и многу повеќе полицајци пукале во нив, резултатите од обдукцијата покажуваат дека куршумите влегле во телата од повеќе правци. И покрај тоа што Хенри Болтон бил секако во право, според неговото набљудување на трите тела во полето, дека имало влезни и излезни рани што наведувало на заклучок дека тројцата мажи биле погодени одзади додека трчале,[1413] т.е. од позиција на полицијата, други рани што биле забележани при обдукцијата не се согласуваат со пукање одзади. Многу е веројатно дека некои рани биле предизвикани од армиски истрели. Калибарот на тие куршуми и парчиња што можеле да се најдат во телата се совпаѓа како со полициските така и со армиските пушки од типот Калашников,[1414] но не и со куршумите од поголем калибар со кои се пукало од снајперските пушки користени од армијата кај Смок.[1415]

341. Во сите извештаи од аутопсиите е оставена можност дека некои рани биле од експлозии, или од експлозивни направи, а не од куршуми. Доколку е така, рана од експлозија би можела да биде предизвикана од Зоља ракета или од некоја граната какви што користеле полицајците,[1416]

[1409] *Види погоре*, став 64.
[1410] *Види* Доказен предмет П298.
[1411] М088 посведочи дека растојанието меѓу куќата на Ќани Јашари и првиот ред на грмушки изнесува 500 метри, Доказен предмет П206, став 25. Од една фотографија за која Хенри Болтон забележал дека ја покажува позицијата на телата на Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари во полето покрај куќата на Ќани Јашари се чини дека Кадри Јашари, којшто бил најдалеку од куќата, се наоѓа приближно на помалку од 300 метри од куќата на Ќани Јашари.
[1412] Хенри Болтон, Т 1633-1635; Доказен предмет П242.
[1413] Хенри Болтон , Доказен предмет П236.1, став 18.
[1414] Во извештајот на НФИ за анализата на куршумите и парчињата извадени во текот на обдукцијата од телата на жртвите за кои се тврди дека биле убиени се вели, за оние што можеле да се идентификуваат, дека потекнуваат од оружје со калибар од 7,62 милиметри, коешто главно се употребува за полуавтоматски пушки, автоматски пушки и пушкомитралези, Доказен предмет 1Д222, стр. 5.
[1415] М2Д-008, Т 10563. Оваа снајперска пушка имаше калибар од 7,92 милиметри; Симон Ајхнер посведочи дека куршум со калибар од 7,92 милиментри не би можел да биде испукан од Калашников бидејќи се разликува по калибар, Т 4471; Доказен предмет П425. Таков куршум не е идентификуван во ниту едно од овие тела, *види* Доказен предмет 1Д222, N000-1627- N000-1628; Едно парче од 7.92 милиметри било извадено во текот на ексхумирањето на 7. април 2002. Тоа било најдено блиску до површината на земјата во близина на гробот на Рами Јусуфи, но не би можело да се поврзе со неговиот леш; *види* исто така Хауард Такер, Доказен предмет П443, стр. 4.
[1416] *Види погоре*, став 48; 165.

или пак од граната од минофрлач или топ испукана од армијата. Сепак ниту еден сведок не опиша некои знаци на експлозија во близина на ниту едно од телата. Доказите упатуваат на тоа дека и армијата и полицијата пукале со митралези во мажите што трчале, но и да е така, нема докази за калибарот на тоа оружје.

342. Во извештаите од обдукцијата нема наод со којшто се идентификува конкретно која било од раните како причина за смртта на некој од тројцата мажи. Со оглед на она што сега беше дискутирано, Советот прифаќа дека барем некои од повредите коишто можеби ја предизвикале смртта на Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари биле резултат на пукањето во мажите што трчале од страна на полицијата од позиции блиску до куќата на Ќани Јашари. Меѓутоа, не може да се исклучи дека барем некоја повреда или повреди што секој од тројцата мажи ги добил биле резултат на оган што бил упатен кон нив од армиските позиции кај Смок и Бомба.

343. Во погоре опишаните околности не е можно да се тврди дека кој било од тројцата мажи бил убиен од полицијата, а не од армијата. Во Обвинението се тврди дека сите овие тројца мажи биле убиени од полицијата. Според тоа, Обвинителството не докажало вон разумниот степен на сомневање дека повредите што ја предизвикале смртта на Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари биле нанесени од полициски оган. Само врз основа на ова не може да се донесе осудителна пресуда за убиство според Обвинението во врска со смртта на кој било од овие тројца мажи.

344. Советот поопширно објаснува на друго место во оваа Пресуда дека претставникот на ОБСЕ што го посетил Љуботен на 14. август не видел никакви докази за одбрамбени позиции или за престрелки во околината на скоро изгорените објекти на куќите на Ќани Јашари и на другите членови на семејството Јашари.[1417] Меѓутоа, силата на овој доказ е намалена со тоа што тој ја посетил локацијата дури два дена по убиствата и доказите во врска со тоа можеле да бидат отстранети во тој период. Г. Болтон исто така призна дека е можно еден или повеќе од тројцата мажи да носеле огнено оружје во моментот на смртта.[1418] Тој навистина забележал дека не биле пронајдени фишеци од куршуми во близина на телата на тројцата мажи во полето.[1419] Меѓутоа, во времето кога тој го посетил селото тој не бил во состојба да ги види трите функционални

[1417] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 19.
[1418] Хенри Болтон, Т 1706-1707, Доказен предмет 1Д24, стр. 1.
[1419] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 19.

парчиња огнено оружје[1420] за кои се вели дека биле пронајдени блиску до телата, заедно со муницијата за тоа оружје. Советот веќе го изрази своето сомнение во врска со аспектите на ова сведочење, но тоа не значи дека не треба да се земат предвид. Што е уште поважно, на г. Болтон не му било познато во време на неговата посета дека 26 зрна 7,62 мм боева муниција, што одговара за два од трите типа на оружје, подоцна ќе бидат пронајдени во џебовите од облеката што Џељаљ Бајрами ја носел тогаш. И покрај тоа, во извештајот на ОБСЕ што се базира на неговите наоди се прифаќа, врз основа на она што г. Болтон го видел и чул, дека смртта на овие тројца мажи е „помалку сомнителна и веројатно поврзана со легитимно воено дејство“.[1421]

345. Се разбира сега Советот е во можност да земе предвид значителен број на усни и писмени докази во врска со ова што овозможува поцелосна процена на околностите поврзани со смртта на Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари. Со оглед на тоа што сето тоа е сега познато, како што е детално опишано во оваа Пресуда, постои, според мислењето на Советот, разумно сомнение дека овие тројца мажи учествувале активно во вооружени непријателски дејства во моментот кога биле погодени. Ова гледиште е овозможено со оглед на доказите дека имало пукање на полицијата или на армијата од куќата на Ќани Јашари, и пред тоа од другите куќи на семејството Јашари, и дека, кога вооружената полиција се приближила до куќата на Ќани Јашари, петорицата мажи истрчале од задниот дел на куќата и се упатиле преку полето кон засолништето од дрва носејќи со себе три парчиња оружје и муниција. Обвинителството не успеало да докаже вон разумниот степен на сомневање дека овие тројца мажи не учествувале активно во непријателски дејствија во времето кога биле убиени.

3. Заклучок

346. Оставајќи го настрана сега засега прашањето на индивидуалната одговорност на двајцата Обвинети, Советот смета дека елементите од точка 1, убиство, се утврдени во поглед на жртвите Рами Јусуфи, Суљејман Бајрами и Мухарем Рамадани.

[1420] Доказен предмет П424, стр. 6. Обрнуваме внимание на тоа дека Симон Ајхнер посведочи, во врска со непотрошената муниција земена од полето кај куќата на Ќани Јашари заедно со оружјето, дека 40 од куршумите можеле да бидат испукани од кој било од двата Калашникови, но имало и непотрошени куршуми што потекнуваат од полуавтоматски пушки Томпсон, Т 4544-4545; Доказен предмет П242. Советот обрнува внимание дека сведокот заклучува дека ниту едно од парчињата што му биле дадени на анализа, земени исто така од ова место, не можеле да бидат испукани од полуавтоматските пушки Томпсон, Т 4470. Не би можело да се исклучи дека некои од најдените 7,62 мм парчиња можеби потекнуваат од кој било или од двата Калашникови, додека некои од 7,62 мм парчиња имале некои „класни карактеристики“ што ги исклучуваат двата Калашникови како оружје од кое куршумите би можеле да бидат испукани, Т 4471.

[1421] Доказен предмет 1Д24, стр. 2.

347. Елементите на убиство се исто така утврдени и во поглед на жртвата Атула Ќаиљи, меѓутоа, во поглед на некои прашања што ќе се разгледуваат подоцна, Советот ги зема предвид наодите дека ова не се однесува на делувањето на полицијата во селото Љуботен, туку на подоцнешните дејства од страна на различни полицајци во полициската станица „Мирковци“.

348. Меѓутоа, според наодите на Советот, во случајот на Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари, доказите не покажуваат вон разумен степен на сомневање дека полицискиот оган ги усмртил овие тројца мажи, а не армискиот оган, за што не се товари во Обвинението. Покрај тоа, Обвинителството не докажало вон разумен степен на сомневањедека, дека во времето кога биле убиени, овие мажи не учествувале во вооружени непријателски дејства. Поради тие причини не може да се изрече осудителна пресуда за убиство во однос на смртта на овие тројца мажи.

Б. Безобѕирно разурнување (Точка 2)

1. Правна регулатива

349. Во Точка 2 од Обвинението Обвинетите се товарат со безобѕирно разурнување на градови, гратчиња и села, казниво како кршење на законите или обичаите на војување според член 3(б) од Статутот.

350. Во член 3(б) од Статутот се изложени две кривични дела: „безобѕирно разурнување на градови, гратчиња и села што не е оправдано со воена неопходност“ и „пустошење што не е оправдано со воена неопходност“. Овие два прекршока се третираат заедно во повеќе инструменти на меѓународното хуманитарно право,[1422] а Советот не гледа битна разлика помеѓу елементите на овие две кривични дела.[1423] Во овој предмет товарењето се однесува само на првиот.

[1422] *Види* Првостепена пресуда за *Стругар*, став 291, во фуснота 934 се споменува „Списокот на воени злосторства“ подготвен од Комисијата за утврдување на одговорноста на предизвикувачите на војна и извршувањето на казните, поднесен на Прелиминарната мировна конференција во Париз на 29. март 1919, член 6(Б) од Нирнбершката повелба, член II став 1(б) од Законот број 10 на Контролниот совет и член 8(2)(б)(xiii) и 8(2)(д)(xii) од Римскиот статутот на Меѓународниот кривичен суд, U.N. Doc. A/CONF.183/9, 17. јули 1998.

[1423] *Види* исто така Првостепена пресуда за *Стругар*, став 290-297; Првостепена пресуда за *Брѓанин*, став 591-593; Првостепена пресуда за *Мартиќ*, став 91.

351. Елементите на кривичното дело „безобзирно разурнување на градови, гратчиња и села што не е оправдано со воена неопходност“ се утврдени во судската пракса на Меѓународниот суд на следниот начин: [1424]

(i) разурнувањето на имотите е од голем размер;

(ii) разурнувањето не е оправдано со воена неопходност; и

(iii) сторителите делувале со намера да го разурнат имотот за кој се работи или без никакви обзири за тоа дека може да дојде до разурнување.

352. Според првиот елемент – дека разурнувањето треба да биде од „голем размер“ – треба значителен број на објекти да бидат оштетени или разурнати. Меѓутоа, не се претпоставува целосно разурнување на градови, гратчиња и села.[1425] Во предметот Хаџихасановиќ, Советот изрази мислење дека условите се исполнети доколку или големи количини на приватни објекти се разурнати или вредноста на единствениот разурнат објект е значително голема[1426] И делумно разурнување на приватни објекти може да се смета за доволно, под услов да биле извршени чинови на делумно разурнување во голем размер.[1427]

353. Вториот услов е делото да „не е оправдано со воена неопходност“. Терминот воена неопходност може добро да се дефинира со упатување на дефинирањето на воените цели во член 52 од Дополнителниот протокол I.[1428] Пред подетално да се задржиме на дефиницијата на воените цели, важно е да се истакне дека само гаѓање на воени објекти кои имаат карактеристики на воени цели може да се оправда со воена неопходност. Принципите на разграничување и заштита ги обврзуваат завојуваните страни да ги разликуваат воените објекти од цивилни објекти во секое време и нападите да ги упатуваат само на воени објекти.[1429] Како што Жалбениот совет има изразено мислење, овие принципи претпоставуваат „апсолутна забрана за гаѓање на цивили“,[1430] а „поради воена неопходност не смее да се отстапи од забраната за напаѓање цивили и цивилни објекти“.[1431] Оштетувањето на цивилни објекти или

[1424] Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 346; Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 74; Првостепена пресуда за *Налетилиќ*, став 579; Првостепена пресуда за *Стругар*, став 292; Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 43; Првостепена пресуда за *Мартиќ*, став 90;

[1425] *Види* исто така Првостепена пресуда за *Налетилиќ*, став 584, 596. *Види* исто така Првостепена пресуда за *Стругар*, став 294; Првостепена пресуда за *Ориќ*, став 585; Првостепена пресуда за *Мартиќ*, став 92.

[1426] Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 43.

[1427] Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 44.

[1428] Првостепена пресуда за *Стругар*, став 295; Првостепена пресуда за *Галиќ*, став 51; Првостепена пресуда за *Ориќ*, став 587-588.

[1429] Второстепена пресуда за *Галиќ*, став 190.

[1430] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 109; Второстепена пресуда за *Галиќ*, став 190.

[1431] Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 54; Второстепена пресуда за *Галиќ*, став 130.

предизвикувањето цивилни жртви може да се сметаат за легитимни само доколку тие настанат случајно при спроведување на воени операции насочени против воени цели.[1432]

354. Во член 52 од Дополнителниот протокол I воените цели се дефинираат на следниот начин:

> Кога се работи за објекти, воените цели се ограничени на оние објекти коишто според својата природа, локација, цел и намена имаат ефективен придонес во воената акција и чиешто целосно или делумно разурнување, заземање или неутрализирање, според постоечките околности во тој момент, дава значителна воена предност.

355. Советот понатаму обрнува внимание на член 52(3) од Дополнителниот протокол I којшто наложува во случаи кога постои сомневање дали некој објект, кој обично се користи за цивилни цели, како на пример куќи и други места за живеење, навистина се користи за давање значителен придонес во воената акција, треба да се претпостави дека тој не се користи за такви цели. Жалбениот совет јасно укажа на тоа дека иако член 52(3) се однесува на воените сили кои се подготвуваат за напад, во кривичен предмет оваа одредба не ја поништува обврската на Обвинителството да докаже дека некој објект навистина бил наменет за цивилни цели.[1433]

356. Еден објект може да дава „воена предност“ според член 52 од Дополнителниот протокол I, доколку тој има значаен придонес во воената акција. Дали воена предност може да се добие со разурнување на некој објект мора да се утврди „според постоечките околности во тој момент“. Еден објект не смее да биде нападнат кога не е разумно да се верува според конкретните околности во кои се наоѓа „лицето кое се подготвува да го изврши нападот, и информациите што му се достапни, дека тој објект се користи така што навистина има значителен придонос во воената акција“.[1434]

357. Кога се проценува дали разурнување било „оправдано со воена неопходност“, треба исто така да се земе предвид и принципот на пропорционалност содржан во член 51 од Дополнителниот протокол I.[1435] Принципот на пропорционалност е вграден во воената неопходност[1436] и е присутен уште во првите дефиниции на терминот „воена неопходност“.[1437]

[1432] Второстепена пресуда за *Галиќ*, став 190.
[1433] Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 53; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 145.
[1434] Првостепена пресуда за *Галиќ*, став 51; Првостепена пресуда за *Стругар*, став 295.
[1435] Првостепена пресуда за *Купрешкиќ*, став 524; Второстепена пресуда за *Галиќ*, став 190; Првостепена пресуда за *Галиќ*, став 58. Принципот на пропорционалност се рефлектира уште во најраните дефиниции на терминот „воена неопходност“.
[1436] Првостепена пресуда за *Галиќ*, став 58, фуснота 104.

Оштетувањето на објектите во приватна сопственост не смее да биде диспропорционално на конкретната и директна воена предност што се претпоставува пред нападот.[1438] Со други зборови, непотребна и безобзирна примена на сила против лица и приватни објекти е забранета.[1439] При утврдувањето дали некој напад на воени цели бил пропорционален, неопходно е проблемот да се разгледа од перспектива на конкретниот сторител што го подготвувал нападот и разумно ги искористил информациите што му биле на располагање.[1440]

358. Што се однесува на условот *mens rea* потребен за кривичното дело безобзирно разурнување според член 3(б) од Статутот, потребно е сторителот да делува „со намера да го разурне имотот за кој се работи или без никакви обзири за тоа дека може да дојде до разурнување“,[1441] односно, мора да се докаже директна или индиректна намера.[1442] Советот ќе тргне од тоа дека условот *mens rea* е исполнет кога сторителот делувал било со директна или со индиректна намера; може да се каже дека индиректна намера претпоставува знаење дека ќе настане разурнување како веројатна последица на неговите дела.

2. Образложение

359. Се наведува дека 14 куќи во селото Љуботен, прикажани во Прилог А од Обвинението, биле оштетени како резултат на подметнување пожар од страна на полициската единица под команда на Јохан Тарчуловски, која поминале низ селото на 12. август 2001. За некои од оштетувањата се наведува дека биле причинети со употреба на рачни бомби и малокалибарско оружје.[1443]

[1437] Во член 14 од Либеровиот кодекс (Lieber Code) од 1863 во дефиницијата на воената неопходност се вели дека таа се состои „од неопходноста на оние мерки што се *неопходни* за постигнување на целите на војната“. (Истакнувањето е додадено, *види* исто така член 15, 16 и 22 од Либеровиот кодекс (Lieber Code)). Покрај тоа, во член 23(е) од Правилникот за почитување на законите и обичаите на војување на копно додаден кон Четвртата хашка конвенција од 1907 се пропишува дека разурнувањето на приватен имот мора да биде „*неопхпдно изискувано* од неопходните потреби на војувањето“. (Истакнувањето е додадено, *види* исто така упатување на Либеровиот кодекс (Lieber Code) и на член 23(е) од Правилникот за почитување на законите и обичаите на војување на копно додаден кон Четвртата хашка конвенција од 1907, Jaworski, Military Necessity and Civilian Immunity (Јаворски, Воена неопходност и имунитет на цивилите), во: Chinese JIL 2003, стр. 179-180.)

[1438] Второстепена пресуда за *Галиќ*. став 190.

[1439] Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 686 каде се цитира Christopher Greenwood [in] Dieter Fleck (ed.): The Handbook of Humanitarian Law in Armed Conflicts, (Кристофер Гринвуд [во] Дитер Флек (ред.): Прирачник за хуманитарното право во вооружени конфликти), 1995, стр 30, став 130.

[1440] Првостепена пресуда за *Галиќ*, став 58.

[1441] *Види погоре*, фуснота 1424.

[1442] Првостепена пресуда за *Стругар*, став 296; Првостепена пресуда за *Мартиќ*, став 94.

[1443] Обвинение, став 24. Во Прилог А се даваат псевдоними на сопствениците на 14-те куќи за кои се наведува дека биле оштетени. Нивните имиња се дадени во доверливиот Прилог Б кон Завршниот поднесок на Обвинителството.

360. Во овој став се упатува на проценката направена од Меѓународната група за менаџмент (понатаму во текстот: МГМ). На 13. септември 2001, претставници на МГМ го посетиле селото Љуботен и ја процениле штетата причинета на 78 куќи. Тие се сретнале со претставници на локалната заедница и со жители на селото кои ги идентификувале оштетените куќи. Куќите биле фотографирани. Штетите биле проценети во согласност со „Методологијата за проценување на станбени објекти“ на МГМ и изразени во проценти. Експертите од МГМ го проценувале само степенот на оштетување, а не земале предвид како и кога била причинета штетата.[1444] Советот ги прифаќа проценките на штетата направени од МГМ како реални и веродостојни.

361. Постојат докази дека во некои од куќите во Љуботен се чувале запаливи земјоделски продукти.[1445] На пример, во куќата на Џевдет Јусуфи имало многу вреќи со жито, поради што од неа излегувал чад уште една недела по 12. август 2001.[1446] Меѓутоа, тоа не е доказ дека која било од куќите што се наведуваат во Обвинението како безобзирно разурнати се запалила случајно.

362. Советот слушна сведочења дека некои куќи во Љуботен биле оштетени на 16. и на 17. август 2001. Во извештаите на локалните полициски власти се опишуваат неколку такви случаи. Се спомнува куќата на Димо Ацевски и три неидентификувани куќи што биле запалени на 17. август 2001.[1447] Во еден извештај на ОБСЕ исто така се споменува палење на куќи на 16. и на 17. август 2001. Во извештајот се вели дека на 16-17. август 2001, во околината на црквата горела куќа на еден етнички Македонец, а до три куќи на етнички Албанци биле запалени на 17. август 2001.[1448] Според тоа, една или повеќе куќи во оваа област наведени во Обвинението можеби биле запалени на 16. или на 17. август, а не на 12. август 2001, како што се наведува во Обвинението. Советот ќе го земе тоа предвид кога ќе расправа за доказите во врска со конкретните куќи од овој дел на Љуботен.

363. На 12. август 2001, како што се споменува и на друго место, куќата на Алим Дураки била запалена од страна на полициската единица што влегла во селото.[1449] Претставниците на МГМ

[1444] Јорген Енгел, Доказен предмет П390.
[1445] Маријо Јурисич, Т 3363; Шерафедин Ајрулаи, Т 4022-4023; Николче Гроздановски Т 10453-10454.
[1446] Доказен предмет П426, став 20.
[1447] Доказен предмет П134; П135.
[1448] Доказен предмет 1Д32, стр. 1; Доказен предмет П334; Петер Букарт, Т 3021-3037; Доказен предмет П426, став 21-22.
[1449] *Види погоре*, став 45.

ја процениле целокупната предизвикана штета на куќата на Алим Дураки на ниво од 25%.[1450] Штетата на покривот била проценета во категоријата на највисоко ниво на оштетување за тој дел на куќата.[1451]

364. Според доказите не може да се заклучи дека куќата на Алим Дураки во тоа време, или воопшто, била користена за воени цели или дека со нејзиното разурнување би се добила воена предност за полицијата, чии припадници ја запалиле. Советот заклучува дека запалувањето на куќата на Алим Дураки од страна на полицијата на 12. август 2001 ја причинило штетата, што не била оправдана со воена неопходност.

365. Како што се споменува и на друго место, на 12. август 2001 куќата на Агим Јусуфи била запалена од страна на полициската единица што влегла во селото .[1452] Претставниците на МГМ процениле дека куќата претрпела штета од 64%.[1453] Штетата на покривот и на вратите и прозорците била проценета во категоријата на највисоко ниво на оштетување за тие делови на куќата, додека нивото на оштетување на внатрешноста било проценето во категоријата на индивидуално оштетување второ по сериозност.[1454]

366. Тоа утро полицајците ја запалиле и куќата на Ќенан Јусуфи, веднаш до неа.[1455] Претставниците на МГМ процениле дека куќата на Ќенан Јусуфи претрпела штета од 57%.[1456] Штетата на покривот била проценета во категоријата на највисоко ниво на индивидуално оштетување за тој дел на куќата, додека нивото на оштетување на внатрешноста било проценето во категоријата на индивидуално оштетување второ по сериозност.[1457]

367. Една друга куќа во близината, куќата на Сабит Јусуфи, исто така била запалена тоа утро од полицајците.[1458] Претставниците на МГМ процениле дека куќата на Сабит Јусуфи претрпела штета од 64%.[1459] Штетата на покривот и на вратите и прозорците била проценета во категоријата на највисоко ниво на оштетување за тие делови на куќата, додека нивото на

[1450] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П412.08.
[1451] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П409.
[1452] *Види погоре*, став 45.
[1453] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П412.03.
[1454] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П409.
[1455] *Види погоре*, став 45.
[1456] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П412.07.
[1457] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П409.
[1458] *Види погоре*, став 45.
[1459] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П412.04.

оштетување на внатрешноста било проценето во категоријата на индивидуално оштетување второ по сериозност.[1460]

368. Една друга куќа во близината, куќата на Џевџет Јусуфовски, исто така била запалена тоа утро од полицајците.[1461] Претставниците на МГМ процениле дека куќата на Сабит Јусуфи претрпела штета од 44%.[1462] Штетата на покривот била проценета во категоријата на највисоко ниво на оштетување за тој дел на куќата.[1463]

369. Како што подетално се изнесува на друго место во оваа Пресуда, Советот внимателно ги разгледа но не можеше да ги прифати како вистинити доказите дека утрото на 12. август 2001 војниците на армијата позиционирани во планината над Љуботен забележале пукање во правец на позициите на армијата од место во близина на куќите на семејството Јусуфи. Не постојат докази за пукање од која било од овие куќи кон припадниците на полициската единица што влегла во селото тоа утро. Според мислењето на Советот не е сосема можно врз основа на доказите да се заклучи дека некоја од куќите на Агим Јусуфи, Ќенан Јусуфи, Саби Јусуфи и Џевџет Јусуфовски во тоа време се користела за воени цели, ниту пак дека разурнување на некоја од нив би им дало предност на полицајците што ги запалиле или на армиските сили во околината. Во врска со тоа, Советот заклучи дека од армиските позиции навистина се пукало во правец на селото, на места каде што има куќи на етнички Албанци, малку подалеку од православната црква во околу 8.00 часот наутро. Овие докази, особено што се однесува на причинетите штети и наодите што го поткрепуваат фактот дека полицијата ги запалила, не даваат основа за верување дека тоа пукање од армијата ги причинило штетите на овие куќи, детално опишани погоре. Советот заклучува дека штетата причинета на овие четири куќи кога биле запалени од полицајците на 12. август 2001 не е оправдана со воена неопходност.

370. Претставниците на МГМ процениле дека куќите на Мухарем Рашити и Исни Фазлиев претрпела штета од 64%.[1464] Во врска со околностите во кои куќите биле оштетени не беа изведени никакви докази. Меѓутоа, како што беше истакнато погоре, претставниците на МГМ го посетиле селото еден месец по настаните релевантни за Обвинението. Во отсуство на повеќе конкретни докази Советот не може да дојде до заклучок дека тие куќи биле оштетени на 12.

[1460] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П409.
[1461] *Види погоре*, став 45.
[1462] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П412.06.
[1463] Доказен предмет П410, стр. 3; Доказен предмет П409.
[1464] Доказен предмет П410; Доказен предмет П412.05; П412.18.

август 2001 како резултат на делата наведени во Обвинението. Поради тие причини, Советот не е во можност да заклучи дека било извршено кривичното дело безобзирно разурнување, како што се наведува во Обвинението, во однос на куќите на Мухарем Рашити и Исни Фазлиев.

371. Куќата на Назим Муртезани претрпела штета од 24%.[1465] Петар Букарт посведочи дека во текот на својата посета на Љуботен, на 23. август 2001, видел дека имотот на Назим Муртезани бил разурнат, вклучувајќи ја и куќата. Од надворешната страна на оградата видел траги од куршуми од пушка.[1466] Тој не видел никакви други оштетувања причинети од гранатирање и заклучил дека куќата била запалена.[1467] Постојат докази дека на 10. август 2001 минофрлачка граната паднала на макадамската патеката меѓу куќата на Назим Муртезани и Невзат Муртезани.[1468] Со тоа може да се објаснат трагите од куршуми на ѕидот од оградата. Советот заклучува дека на 12. август 2001 куќата на Назим Муртезани била оштетена од оганот подметнат од страна на полицијата.

372. Во извештајот на Human Rights Watch (понатаму во текстот: HRW) стои дека на 12. август 2001 куќата на Абдула Љутфиу била запалена од страна на полицијата. [1469] Претставниците на МГМ процениле дека куќата претрпела штета од 57%.[1470] Штетата на покривот и на вратите и прозорците била проценета во категоријата на највисоко ниво на оштетување за тие делови на куќата, додека нивото на оштетување на внатрешноста било проценето во категоријата на индивидуално оштетување второ по сериозност.[1471] Наодите на Human Rights Watch и МГМ се совпаѓаат во однос на штетата причинета на куќата на Абдула Љутфиу. Советот смета дека штетата на куќата била причинета од пожарот подметнат од полицијата што напредувала низ селото Љуботен на 12. август 2001.

373. Куќата на Харун Реџепи била запалена од полицијата на 12. август 2001.[1472] Претставниците на МГМ процениле дека куќата претрпела штета од 58%. Штетата на покривот и на вратите и прозорците била проценета во категоријата на највисоко ниво на оштетување за

[1465] Доказен предмет П410; П412.23.
[1466] Петер Букарт, Т 2984; Доказен предмет П347.
[1467] *Види погоре*, фуснота 156.
[1468] Доказен предмет П197, став 14.
[1469] Доказен предмет П352, ERN U000-0105.
[1470] Доказен предмет П410.
[1471] Доказен предмет П410. П409; П412.19.
[1472] *Види погоре*, став 49.

тие делови на куќата, додека нивото на оштетување на внатрешноста било проценето во категоријата на индивидуално оштетување второ по сериозност.[1473]

374. Куќата на Исмет Реџепи била запалена од полицијата на 12. август 2001.[1474] Претставниците на МГМ проценile дека куќата на Исмет Реџепи претрпела штета од 57%. Штетата на покривот и на вратите и прозорците била проценета во категоријата на највисоко ниво на оштетување за тие делови на куќата, додека нивото на оштетување на внатрешноста било проценето во категоријата на индивидуално оштетување второ по сериозност.[1475]

375. При донесувањето на гореизнесените заклучоци во врска со куќите на Абдула Љутфиу, Харун Реџепи, Исмет Реџепи и Назим Муртезани Советот исто така ги зеде предвид доказите, што подетално се разгледуваат на друго место во оваа Пресуда, дека припадниците на армијата на позициите над селото забележале пукање во нивниот правец од места во близина на џамијата, област што приближно би можела да ја вклучува локацијата каде што се наоѓаат овие четири куќи. Меѓутоа, нема докази дека утрото на 12. август 2001 се пукало кон полицијата додека напредувала низ селото од која било од овие четири куќи. Доказите, особено оние за штетите на куќите што го поткрепуваат заклучокот на Советот дека ги запалиле полицајци, и тоа една по една и од блиску, не даваат никаква основа да може да се заклучи дека која било од куќите била користена за воени цели, или пак дека разурнувањето на која било од нив би им дала воена предност на полицајците што ги запалиле. Советот смета дека подметнатиот пожар на секоја од овие четири куќи од страна на полицијата на 12. август 2001 предизвикал штета на овие куќи што не била оправдана со воена неопходност.

376. Претставниците на МГМ проценile дека куќата на Ќани Јашари претрпела штета од 60%. Штетата на покривот и на вратите и прозорците била проценета во категоријата на највисоко ниво на оштетување за тие делови на куќата, додека нивото на оштетување на внатрешноста било проценето во категоријата на индивидуално оштетување второ по сериозност.[1476]

377. Како што беше констатирано, куќата на Ќани Јашари била нападната од полицијата со автоматски пушки и митралези. По кусо време, полицајците ја запалиле куќата.[1477] Постојат

[1473] Доказен предмет П410; П409; П412.20.
[1474] *Види погоре*, став 49.
[1475] Доказен предмет П410; П409; П412.21.
[1476] Доказен предмет П410; П409; П412.46.
[1477] *Види погоре*, став 68.

исто така докази дека единицата на капетан Грозданов стрелала во куќата на Ќани Јашари и во нејзината околина со гранати од минофрлачи, една снајперска пушка и митралез.[1478] Советот прифаќа дека армијата стрелала во лицата што трчале од куќата преку полето кон дрвата што, само по себе, остава отворена можност дека барем некои оштетувања на куќата, како на пример трагите од куршуми, може да биле предизвикани од армијата. Никакви оштетувања на куќата не биле предизвикани од гранатирањето.[1479] Како што се расправа на друго место, Советот дојде до заклучок врз основа на доказите дека полицијата ја запалила куќата тоа утро откако мажите избегале од неа во полето. Доказите исто така покажуваат дека полицајците пукале жестоко во куќата.[1480]

378. Врз основа на доказите е јасно дека куќата на Ќани Јашари може да била користена барем извесно време во текот на утрото на 12. август од страна на три до пет лица за упатување оган на армиските позиции кај Смок и Бомба и за пукање на полицијата што напредувала преку селото. Тоа се случувало иако никој од полицијата ниту од армијата не бил повреден од тоа пукање. Доколку имало такво пукање, постоела очигледна воена оправданост за пукањето на полицијата и на армијата во куќата. Може да се смета дека куќата имала „ефективен придонес во воената акција“[1481] и дека нападот на куќата давал „значителна воена предност“.[1482] Меѓутоа, дури откако петорицата мажи ја напуштиле куќата и побегнале од задниот дел, и куќата останала празна, според сознанието на Советот, полицијата намерно ја запалила празната куќа. Не постојат докази дека полицајците верувале дека вооружените борци сè уште биле во куќата кога таа била запалена. Дури и да е така, со оглед на тоа дека било забележано бегањето на оние што биле во куќата, дека повеќе не доаѓало пукање од куќата, големиот број на добро вооружени полицајци и покажаната способност на полицајците да се приближат до куќата и да ја запалат, не е сосема јасно дека полицијците делувале со чувство за воена неопходност или оправданост кога ја запалиле куќата. Напротив, според сознанието на Советот, полицајците ја запалиле куќата со цел да ја разурнат, без сомнение токму поради тоа што се мислело дека била користена од лица за кои тие мислеле дека се припадници на ОНА кога делувале против полицијата. Во тие околности постапката на полицајците со палењето на куќата не била оправдана со воена неопходност.

[1478] *Види погоре*, став 155.
[1479] *Види погоре*, став 155-156.
[1480] *Види погоре*, став 67-68.
[1481] *Види погоре*, став 354.
[1482] *Види погоре*, став 354.

379. За куќите на другите двајца членови на семејството Јашари, Афет Јашари и Рамуш Јашари, што се наоѓаат во редицата од околу четири куќи на семејството Јашари во близина на куќата на Ќани Јашари, но на спротивната страна на патот, претставниците на МГМ процениле дека поединечно секоја од нив претрпела штета од 30%.[1483] Постојат докази дека армиската единица на капетан Грозданов пукала со митралез и со снајперска пушка[1484] во куќите во овој ред извесно време пред да пукаат во лицата што бегале од куќата на Ќани Јашари. Исто така постојат сведочења дека од една друга позиција се пукало со топ во една од куќите, но Советот не го прифаќа тоа. Според доказите јасно е дека тоа било одговор од страна на армијата кога било забележан дека доаѓа пукање од куќите во редот куќи или од нивна близина.[1485] И покрај тоа што Советот не може да донесе заклучок дека тоа било така, сепак, поради причини изнесени на друго место, прифаќа дека можеби било така. Под претпоставка дека е така, пукањето од армијата може да предизвикало некои оштетувања на куќите во овој ред вклучувајќи ги и куќите на Афет Јашари и Рамуш Јашари. Сепак има докази дека пукањето забележано од овој ред на куќи престанало и луѓето од тие куќи го преминале патот и отишле во куќата на Ќани Јашари, од каде продолжиле да пукаат. Потоа се случиле малку погоре опишаните настани во врска со куќата на Ќани Јашари и лицата што побегнале од задната страна преку патот во полето. Не било забележано понатамошно пукање од овој ред куќи. Нема докази за пукање било од куќата на Афет Јашари или на Рамуш Јашари, ниту од некоја друга куќа во редот, во моментот кога полицијата пристигнала на таа локација ниту пак потоа. Доказите покажуваат, според сознанието на Советот, дека по нивното пристигнување на таа локација полицајците ги запалиле куќите на Афет Јашари и Рамуш Јашари и пукале во нив со ракети „Зоља“.[1486] Не постојат индикации дека во некоја од куќите имало некој во тоа време. Иако според доказите од армијата, доколку се точни, пред тоа можеби имало пукање од овие куќи, не постојат докази дека полицијата имала причина да мисли дека во некоја од куќите сè уште има вооружени борци, или пак дека имало во која било од куќите кога двете биле намерно запалени. Не е сосема јасно дека полицајците делувале со чувство за воена неопходност или оправданост кога ги потпалиле овие куќи. Напротив, според сознанието на Советот, како во случајот на куќата на Ќани Јашари, намерата на полицијата со палењето на двете куќи била да ги разурне. Во тие околности постапката на полицајците со палењето на тие две куќи не била оправдана со воена неопходност.

[1483] Доказен предмет П410; П412.48; П412.47.
[1484] Николче Гроздановски, Т 10429; 2Д90.
[1485] *Види погоре*, став 155.
[1486] Доказен предмет П238, стр. 2.

3. Заклучок

380. Советот заклучува дека на 12. август 2001, куќите на Алим Дураки, Агим Јусуфи, Ќенан Јусуфи, Сабит Јусуфи, Џевџет Јусуфовски, Абдула Љуфтиу, Харун Реџепи, Исмет Реџепи (Реџеповски), Назим Муртезани, Ќани Јашари, Афет Јашари и Рамуш Јашари биле оштетени како резултат на палење од страна на полицајците што се движеле низ селото Љуботен. Советот понатаму заклучува дека барем куќите на Сабит Јусуфи, Ќенан Јусуфи, Агим Јусуфи, Исмет Реџеповски (Реџепи), Харун Реџепи, Ќани Јашари, Афет Јашари и Рамуш Јашари биле запалени со употреба на бензин или други запаливи материи. На некои од овие куќи исто така била нанесена штета со пукање од полициско огнено оружје. Во случајот на куќите на Ќани Јашари, Афет Јашари и Рамуш Јашари некои оштетувања може да биле причинети од армиско огнено оружје, но не од минофрлачки или топовски гранати. Со оглед на големината на селото Љуботен, бројот на оштетените куќи може со право да се смета за значителен, доволен, според мислењето на Советот, да претставува штета „од големи размери“ во релевантна смисла. Во ниту еден од овие случаи штетата не била оправдана со воена неопходност, освен можеби во случајот на некои оштетувања од огнено оружје на куќите на семејството Јашари. Околностите што ги покажуваат доказите потврдуваат, според сознанието на Советот, дека во сите овие случаи полицијата делувала со намера да го разурне приватниот имот што бил запален. Според тоа кривичното дело безобзирно разурнување, со кое се товари во точка 2, е утврдено.

В. Сурово постапување (Точка 3)

381. Во Обвинението се наведува дека меѓу 12. и 15. август 2001 во текот на и по влегувањето на полициската единица во Љуботен, околу 100 мажи етнички Албанци, жители на селото биле приведени и намерно изложени на тешки болки и страдање од тепање, понижување, мачење и психичко малтретирање во Љуботен, на два контролни пункта во близина на селото и во пет полициски станици во општината „Чаир“ и на други места во Скопје, како и во скопскиот суд и во болницата. Поединости за жртвите, датумите, локациите и опис на дејствијата на сурово постапување на коишто тие биле изложени се приложени во Прилог Б од Обвинението. Овие наводи се дадени како поткрепа на една точка за сурово постапување против обвинетиот Љубе Бошкоски. Наводите за сурово постапување против обвинетиот Јохан Тарчуловски се

ограничени на делата за кои се тврди дека биле извршени кај куќата на Адем Аметовски и кај куќата на Браца.[1487]

1. Правна регулатива

382. Според член 3 од Статутот „сурово постапување“ се дефинира како намерно дело или пропуст што предизвикува тешко психичко и физичко страдање или повреди, или пак претставува сериозен напад на човечкото достоинство на личноста која не учествува активно во непријателските дејства. Услов е сторителот да делувал со директна намера да изврши сурово постапување, или пак со индиректна намера, односно со знаење дека сурово постапување претставува веројатна последица од неговото дело или пропуст.[1488]

2. Образложение

383. Советот веќе констатира дека на 12. август 2001 во селото Љуботен полициски резервисти влегле во визбата од куќата на Адем Аметовски, каде што се криеле 10 мажи етнички Албанци, жители на Љуботен, поради гранатирањето што траело од 10. август и ги изложиле на тепање пред куќата на Адем Аметовски. Советот исто така дојде до заклучок дека уште други тројца мажи, жители на Љуботен, коишто биле засолнети во соседната куќа на Зија Амети, биле присилени да и се приклучат на оваа група мажи и биле подложени на тепање. Групата мажи пред куќата на Адем Аметовски биле тепани и им биле нанесени повреди, им биле упатени закани со ножеви и со пушки и биле удирани со клоци од страна на припадниците на полицијата.[1489] Советот е убеден дека овие дејства биле доволно тешки за да претставуваат сурово постапување. За време на инцидентот полицајците биле вооружени и по број значително ја надминувале групата жители, етнички Албанци, коишто не биле вооружени. Тепањето се повторувало повеќе пати додека жителите биле присилени да лежат на земја со затворени очи и покриени лица. Со оглед на тоа, Советот е убеден дека сторителите на овие дела ја имале неопходната состојба на свест (*mens rea*). Советот обрнува внимание дека во тоа време жртвите биле под надзор на полицијата и невооружени, па според тоа не учествувале активно во непријателски дејства.

[1487] Обвинение, став 42.
[1488] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 424; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 595; Првостепена пресуда за *Стругар*, став 261; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 231; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 516.
[1489] *Види погоре*, став 50; 52-54.

384. Оставајќи го на страна, сега за сега, прашањето за личната кривична одговорност на двајцата Обвинети, Советот е убеден дека наводите за сурово постапување пред куќата на Адем Аметовски се утврдени во однос на следните поединечни жртви наведени во Прилог Б од Обвинението: М012,[1490] Хамди Аметовски,[1491] Адем Аметовски,[1492] Азиз Бајрами,[1493] М017,[1494] Неваип Бајрами,[1495] Веби Бајрами, [1496] Атула Ќаиљи,[1497] Бекир Рамадани,[1498] Исмаил Рамадани,[1499] Мухарем Рамадани,[1500] Осман Рамадани[1501] и Суљејман Бајрами.[1502]

385. Советот исто така веќе ги има забележано на друго место во оваа Пресуда своите сознанија дека повеќето од мажите во оваа група биле потоа одведени, боси и во придружба на вооружени полицајци, со очите и лицето сè уште покриени, до едно место пред куќата на Браца на влезот од селото, каде што биле подложени на понатамошно тепање од страна на полицајците што ги придружувале од куќата на Адем Аметовски. Тепањето било толку жестоко

[1490] М012, Т 888-889; М017, Т 622-625; Осман Рамадани, Доказен преднет П197, став 26, 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Исмаил Рамадани, Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 12 и 17; Доказен преднет П108; Исмаил Рамадани, Т 1038; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1491] М012, Т 946-947; М017, Т 622-625; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26, 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17; Исмаил Рамадани, Т 1038; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1492] М012, Т 888-889, 946-947; Доказен предмет П17; М017, Т 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 12, 17; Исмаил Рамадани, Т 1038; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1493] М012, Т 889-889, 949; М017, Т 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17, 22, 23; Исмаил Рамадани, Т 1038; 1022-1023; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 32;

[1494] М012, Т 889-889; 946-947; Доказен предмет П17; М017, 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17; Исмаил Рамадани, Т 1038; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26, 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1495] М012, Т 888-889; 946-947; Доказен предмет П17; М017, Т 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17; Исмаил Рамадани, Т 1038; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26, 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1496] М012, Т 889-889; 946-947; М017, Т 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17; Исмаил Рамадани, Т 1038; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26, 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1497] М012, Т 888-889; 947; Доказен предмет П17; М017, Т 6222-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17; Исмаил Рамадани, Т 1038; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 26, 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1498] М017, Т 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 32.

[1499] М012, Т 888-889; 894; Доказен предмет П17; М017, Т 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17, 19; Исмаил Рамадани, Т 1038; Доказен предмет П194; П195; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1500] М012, Т 888-889; Доказен предмет П17; М017, Т 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17; Исмаил Рамадани, Т 1038; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1501] М012, Т 888-889; 946-947; М017, Т 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17; Исмаил Рамадани, Т 1038; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 31-32; Осман Рамадани, Т 1870; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3.

[1502] М012, Т 888-889; М017, Т 622-625; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 17, 22; Исмаил Рамадани, Т 1022; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 32-33.

што некои од мажите изгубиле свест. Кога еден од нив се освестил сфатил дека ги нема повеќе на себе панталоните и долната облека.[1503] Според мислењето на Советот и овие дејства биле доволно тешки за да претставуваат сурово постапување и очигледно биле извршени со неопходната состојба на свест (*mens rea*) и во околности во кои жртвите не учествувале активно во непријателски дејства.

386. Оставајќи го на страна, сега за сега, прашањето за личната кривична одговорност на двајцата Обвинети, утврдено е дека М012,[1504] Хамди Аметовски,[1505] Адем Аметовски,[1506] М017,[1507] Неваип Бајрами,[1508] Веби Бајрами, [1509] Атула Ќаиљи,[1510] Беќир Рамадани,[1511] Исмаил Рамадани,[1512] и Осман Рамадани[1513] биле изложени на понатамошно сурово постапување кај куќата на Браца.

387. Со доказите исто така се утврдува, според мислењето на Советот, дека од куќата на Браца овие жители биле однесени во полициската станица „Мирковци“, каде што биле задржани уште два дена и подложени на понатамошно сурово постапување, покрај другото биле тепани од страна на полицајците во полициската станица „Мирковци“ со кундаци од пушки, палки за безбол и пендреци, удирани со клоци, со тупаници и со оружје од страна на полицајците, кои исто така им се заканувале со ножеви и со пушки.[1514] Советот е убеден дека сторителите на овие дела на сурово постапување делувале со неопходната состојба на свест (*mens rea*). Сосема е јасно дека жртвите не учествувале активно во непријателски дејства. Оставајќи го на страна, сега за сега, прашањето за личната кривична одговорност на двајцата Обвинети, тој смета дека

[1503] *Види погоре*, став 74.
[1504] М012, Т 897-898; М017, Т 630; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 34; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1872.
[1505] М012, Т 897; М017, Т 630; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36, 38; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1872.Ѓ; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32-34.
[1506] М012, Т 897; М017, Т 630; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32-34; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36-38; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1872.
[1507] М012, Т 897; М017, Т 630; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32-34; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36-38; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1872.
[1508] М012, Т 897; М017, Т 630; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32-34; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36-38; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1872.
[1509] М012, Т 897; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36-38; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1872; М017, Т 630.
[1510] М012, Т 897; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32-34; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36-38; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1872; М017, Т 630.
[1511] М012, Т 897; М017, Т 630; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32-34; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36-38; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1872.
[1512] М012, Т 897; М017, Т 630; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32-34; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 36-38; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3; Веби Бајрами, Т 1872.
[1513] М012, Т 897; М017, Т 630; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32-34; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 37-39; Веби Бајрами, Т 1872.
[1514] *Види погоре*, став 77-78.

наводите за сурово постапување во полициската станица „Мирковци“ се утврдени во однос на следните лица: М012,[1515] Хамди Аметовски,[1516] Адем Аметовски,[1517] М017,[1518] Атула Ќаиљи,[1519] Неваип Бајрами,[1520] Веби Бајрами, [1521] Беќир Рамадани,[1522] Исмаил Рамадани,[1523] и Осман Рамадани[1524]

388. Како што веќе беше изложено порано, повеќе жители на Љуботен коишто се обидувале да го напуштат селото на 12. август 2001 биле запрени на контролниот пункт „Бузалак“, каде што мажите, кои биле издвоени од жените и децата, биле подложени на тепање од страна на полицајците на должност кај контролниот пункт. Оттаму овие мажи биле транспортирани во полициската станица „Бутел“, полициската станица „Карпош“, полициската станица „Бит Пазар“ или во полициската станица „Пролеќе“, каде што биле задржани. Во секоја од овие полициски станици жителите биле повеќекратно изложени на понатамошно малтретирање од страна на полицијата. На секоја од овие локации полицајците биле вооружени, жителите на Љуботен биле невооружени и претходно притворени, а биле постојано подложени на тепање од страна на полицајците присутни на тие локации. Земајќи ги предвид овие фактори Советот е убеден дека овие дела биле извршени со неопходната состојба на свест (*mens rea*) и дека жртвите не учествувале активно во непријателски дејства. Оставајќи го на страна, сега за сега, прашањето за личната кривична одговорност на двајцата Обвинети, Советот е убеден дека наводите за сурово постапување се утврдени најмалку во однос на следните лица наведени во Прилог Б од Обвинението: на контролниот пункт „Бузалак“, Хазби Ајрулаи,[1525] Шерафедин

[1515] М012, Т 900-901; М017, Т 636-638; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37-38; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45-46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3-4.
[1516] М012, Т 901-902; М017, Т 636-638; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37-38; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45-46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3-4.
[1517] М012, Т 901-902; М017, Т 636-638.
[1518] М012, Т 900; М017, Т 636-638; 714-715; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37-38; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45-46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3-4.
[1519] М012, Т 905-906; 954; М017, Т 636-638; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 35, 43; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45-46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3-4.
[1520] М012, Т 900; М017, Т 636-638; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37-38; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45-46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3-4.
[1521] М012, Т 900; М017, Т 636-638; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37-38; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45-46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3-4.
[1522] М012, Т 900; М017, Т 636-638; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37-38; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45-46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3-4.
[1523] М012, Т 900; М017, Т 636-638; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37-38; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45-46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3-4.
[1524] М012, Т 900; М017, Т 636-638; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 37-38; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 45-46; Веби Бајрами, Доказен предмет П247.1, стр. 3-4.
[1525] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 8; Шерафедин Ајрулаи, Т 4028-4029.

Ајрулаи,[1526] Муртезан Муртезани,[1527] Рамиз Џавид,[1528] Бетјула Зендељи,[1529] Суат Зендељи[1530] и Суљејман Зендељи;[1531] во полициската станица „Бутел“ Шерафедин Ајрулаи;[1532] во полициската станица „Пролеќе“ Исни Али,[1533] Вехап Али,[1534] Бурхан Муртезани,[1535] Муртезан Муртезани, [1536] Азиз Реџепи,[1537] Раметула Зендељи[1538] и Суљејман Зендељи;[1539] во полициската станица „Бит Пазар“, Исни Али,[1540] Азиз Реџепи,[1541] Љатиф Сањиу,[1542] Раметула Зендељи[1543] и Суљејман Зендељи;[1544] и во полициската станица „Карпош“ Шерафедин Ајрулаи [1545] и Арбен Мурсели.[1546]

389. Со доказите исто така се утврдува, како што беше дискутирано и на друго место во оваа Пресуда, дека од полициските станици наброени погоре многу љуботенски жители биле однесени во Основниот суд Скопје II, којшто е под надлежност на Министерот за правда, а не под надлежност на Љубе Бошкоски. Полицајците во Судот биле вработени при Министерството за правда.[1547] Постојат докази со кои може да се утврди дека најмалку следните жители на Љуботен наведени во Прилог Б од Обвинението може да биле подложени на понатамошни насилни постапки: Исни Али,[1548] М012,[1549] Хамди Ахметовски,[1550] Веби Бајрами,[1551] Бекир Рамадани[1552] и Осман Рамадани.[1553] Со наводите за сурово постапување во Основниот суд Скопје II се товари само Љубе Бошкоски во согласност со член 7(3) од Статутот. Не е утврдено

[1526] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 8.
[1527] Исни Али, Доказен предмет П263, став 8; Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 8-9; Шерафедин Ајрулаи, Т 4029; Азиз Реџепи, Т 4674.
[1528] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 17; Азиз Реџепи, Т 4674.
[1529] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 8
[1530] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 8
[1531] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 8
[1532] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 11, 13, 15.
[1533] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 19-22; 24-27; *види* исто така Исни Али, Доказен предмет П263, став 9-11.
[1534] Азиз Реџепи, Доказен предмет П432, став 29; *види* исто така Исни Али, Доказен предмет П263, став 9-11.
[1535] Исни Али, Доказен предмет П263, став 9-11.
[1536] Исни Али, Доказен предмет П263, став 9-10. Исни Али, Т 2007-2010; 3463-3464.
[1537] Исни Али, Доказен предмет П263, став 10.
[1538] Исни Али, Доказен предмет П263, став 10.
[1539] Исни Али, Доказен предмет П263, став 10.
[1540] Исни Али, Доказен предмет П263, став11-13.
[1541] Исни Али, Доказен предмет П263, став11-13.
[1542] Исни Али, Доказен предмет П263, став11-13.
[1543] Исни Али, Доказен предмет П263, став11-13.
[1544] Исни Али, Доказен предмет П263, став11-13.
[1545] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 15; Шерафедин Ајрулаи, Т 4034-4036.
[1546] Шерафедин Ајрулаи, Доказен предмет П403, став 15-18.
[1547] Ристо Галевски, Т 3786; Доказен предмет П92, член 17. *Види* исто така *подолу*, став 517.
[1548] Исни Али, Доказен предмет П263, став13; Исни Али, Т 2012-2013, 3476, 3496-3497.
[1549] М012, Т 917, Т 909.
[1550] М012, Т 908-909.
[1551] М012, Т 908-909.
[1552] М012, Т 908-909.
[1553] М012, Т 908-909.

дека Љубе Бошкоски имал ефективна контрола врз лицата што ги извршиле овие дела или дека подредените на Љубе Бошкоски го помагале и поддржувале, или на некаков начин го овозможиле извршувањето на тие дела. Според тоа, наводите за сурово постапување во Основниот суд Скопје II се отфрлаат врз таа основа.

390. Како што беше подетално дискутирано на друго место, четворица жители на Љуботен биле пренесени од полициската станица „Мирковци“ во Градската Болница во Скопје,[1554] којашто е под надлежност на Министерството за здравство, а не под надлежност на обвинетиот Љубе Бошкоски. Обезбедувањето таму не е во рамките на Министерството за внатрешни работи.[1555] И покрај тоа што постојат докази со кои може да се утврди дека М017,[1556] Неваип Бајрами[1557] и Исмаил Рамадани,[1558] може да биле подложени на понатамошно малтретирање таму, тие докази се сосема ограничени и нема конкретни информации за тоа кои лица ги извршиле овие дела.[1559] Не е утврдено дека Љубе Бошкоски имал ефективна контрола врз лицата што ги извршиле овие дела или дека подредените на Љубе Бошкоски го помагале и поддржувале, или на некаков начин го овозможиле извршувањето на тие дела. Според тоа, наводите за сурово постапување во Градската болница во Скопје се отфрлаат врз таа основа.

3. Заклучок

391. Оставајќи го на страна, сега за сега, прашањето за личната кривична одговорност на двајцата Обвинети, Советот е убеден дека наводите за сурово постапување пред куќата на Адем Аметовски, куќата на Браца, полициската станица „Мирковци“, контролниот пункт „Бузалак“, полициската станица „Бутел“, полициската станица „Пролеќе“, полициската станица „Бит Пазар“ и полициската станица „Карпош“ се утврдени во однос на жртвите што се спомнуваат погоре.

[1554] *Види погоре*, став 79.
[1555] Ристо Галевски, Т 3786; *Види* исто така *подолу*, став 517.
[1556] М017, Т 637-640; Исмаил Рамадани, Т 1026; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 48-49.
[1557] М017, Т 638-640; Исмаил Рамадани, Т 1026-1027; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 48-49.
[1558] М017, Т 638-640; Исмаил Рамадани, Т 1026-1027; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 48-49.
[1559] *Види погоре*, став 79. За ова изнесоа сведочење двајца сведоци. М017 посведочи дека бил малтретиран од страна на еден лекар и од полицајците, Т 639, додека еден друг сведок истакна дека лицата што го малтретирале биле резервисти што не ги познава, Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 49. Не е јасно врз што се базира ваквата идентификација.

VII. ОДГОВОРНОСТ

A. Правна регулатива

1. Одговорност според член 7(1)

392. Член 7(1) од Статутот пропишува:

> Лицето кое планирало, поттикнало, наредило, извршило или на друг начин помагало и поддржувало планирање, подготовки или извршување кривични дела наведени во членовите 2 и 5 од овој Статут, индивидуално ќе биде одговорно за кривичните дела.

Предметот против обвинетиот Јохан Тарчуловски, како што се товари во Обвинението, е ограничен на член 7(1).

393. Жалбениот совет има изразено мислење дека член 7(1) „го покрива првенствено и во најголема мера физичкото извршување на кривичното дело од страна на самиот сторител, или пак казнив пропуст да се изврши некое дело што е задолжително според некое правило од кривичното право“.[1560] Меѓутоа, кривичната одговорност не му се припишува само на сторителот на некое конкретно кривично дело, туку во некои ситуации се проширува и на оние што учествувале и придонеле на различен начин за неговото извршување.[1561]

(a) Извршување преку учество во здружен злосторнички потфат

394. Во Обвинението се наведува дека обвинетиот Јохан Тарчуловски е индивидуално кривично одговорен за кривичните дела за кои се товари поради неговото учество во здружен злосторнички потфат (понатаму во текстот: ЗЗП).

395. Во судската пракса на Меѓународниот суд утврдени се три категории на ЗЗП. За сите три престапното дејство (*actus reus*) е заеднички услов. Прво, потребно е да има повеќе лица.[1562] Тие не мора да бидат организирани во некоја воена, политичка или административна структура.[1563] Второ, мора да се утврди постоењето на заеднички план, замисла или цел, што водат до или вклучуваат извршување на кривично дело предвидено со Статутот.[1564] Не е потребно планот, замислата или целта претходно да биле организирани и формулирани. Ниту пак одговорноста за ЗЗП не претпоставува спогодба или договор меѓу обвинетиот и главните сторители на

[1560] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 188.
[1561] Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 373; Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 192.
[1562] Второстепена пресуда за *Васиљевиќ*, став 100.
[1563] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 227; Второстепена пресуда за *Стакиќ*, став 64.
[1564] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 227; Второстепена пресуда за *Васиљевиќ*, став 100.

кривичното дело за извршување на конкретно кривичното дело. Заедничкиот план и целта може да се материјализираат во моментот, а може и да се претпостават од фактот дека една група на лица делувала истовремено со цел да спроведе ЗЗП.[1565] Трето, обвинетиот мора да земал учество во заедничката замисла,[1566] или со директно учество во извршувањето на самото договорено кривично дело, или со помагање или придонесување кон остварувањето на заедничката цел.[1567] Придонесот на обвинетиот не мора да биде неопходен, во смисла на *sine qua non*, за постигнување на заедничката злосторничка цел;[1568] всушност придонесот на обвинетиот не мора ниту да биде голем, од аспект на законот.[1569] Меѓутоа, придонесот на обвинетиот во целокупниот план треба барем да биде значаен,[1570] и не секој тип на однесување доведува до доволно значаен придонес кон заедничката цел што ќе предизвика кривична одговорност за обвинетиот за извршените кривични дела.[1571] Присуството на учесникот во ЗЗП за време на извршувањето на злосторството од страна на главните сторители не е задолжително.[1572]

396. Што се однесува на *mens rea*, условите во трите категории на ЗЗП се разликуваат. Во првиот, основен тип на ЗЗП обвинетиот има намера да стори кривично дело и таа намера им е заедничка на сите што соработуваат.[1573] Во вториот тип, за којшто не се обвинува во овој предмет, а којшто ги вклучува таканаречените предмети поврзани со „концентрациските логори“, или системски ЗЗП, на обвинетиот му е познат системот на репресија, во чие спроведување тој учествува, како и намерата да се промовира задничката договорена замисла за малтретирање на затворениците во концентрацискиот камп.[1574] Третиот тип се однесува на случаи во кои еден од учесниците извршува злосторство надвор од заедничаката замисла. Состојбата на свеста (*mens rea*) во такви случаи е двократна. Прво, обвинетиот мора да има намера да учествува и да придонесе кон заедничката кривична цел. Второ, за да биде земен на одговорност за кривични дела што не биле дел од заедничката кривична цел, но сепак биле природна и предвидлива последица од неа, обвинетиот мора исто така да знае дека такво кривично дело може да биде извршено од страна на некој припадник на групата и доброволно

[1565] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 227; Второстепена пресуда за *Крнојелац*, став 97; Второстепена пресуда за *Васиљевиќ*, став 100, 109; Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 415, 418.
[1566] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 196; 202-203; 227-228.
[1567] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 227.
[1568] Второстепена пресуда за *Квочка*, став 98.
[1569] Второстепена пресуда за *Квочка*, став 97.
[1570] Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 430.
[1571] Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 427.
[1572] Второстепена пресуда за *Крнојелац*, став 81.
[1573] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 220, 228.
[1574] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 202-203; 227-228.

да преземе ризик со тоа што ќе се приклучи или ќе продолжи да учествува во потфатот.[1575]Дали злосторствата извршени надвор од заедничката цел на ЗЗП биле „природна и предвидлива последица од истиот“ мора да се проценува во однос на знаењето на конкретниот обвинет, односно Обвинителството мора да докаже дека дополнителните кривични дела биле природна и предвидлива последица.[1576]

397. Сторителите што го извршиле престапното дејство (*actus reus*) на злосторството што е изложено во обвинителниот акт не мора да се членови на ЗЗП. Она што е важно во такви случаи е дали злосторството што е во прашање е дел од заедничката цел[1577] и дали барем еден член на ЗЗП го искористил сторителот што делувал во согласност со заедничкиот план.[1578] Во врска со тоа, кога некој член на ЗЗП ќе искористи лице надвор од ЗЗП да го изврши *actus reus* на злосторството, фактот дека ова лице знае за постоењето на ЗЗП, односно, за заедничката цел, може да биде фактор што ќе се земе предвид при утврдувањето дали кривичното дело претставува дел од заедничката кривична цел.[1579] Кога директниот сторител изврши кривично дело надвор од заедничката цел на ЗЗП, но тоа претставува природна и предвидлива последица[1580] обвинетиот може да се повика на одговорност ако тој учествувал во заедничната кривична цел со неопходната намера и доколку, во околностите на предметот, (i) можело да се предвиди дека такво кривично дело може да се изврши од едно или повеќе лица искористени од негова страна (или од кој било друг член на ЗЗП) со цел да се спроведе *actus reus* на злосторството што претставува дел од заедничката цел; и (ii) обвинетиот доброволно го презел ризикот – односно, обвинетиот свесен за тоа дека такво кривично дело претставува можна последица од спроведувањето на тој потфат, одлучил да учествува во тој потфат.[1581]

(б) Планирање

398. За *actus reus* на „планирањето“ потребно е едно или повеќе лица да го планираат или замислат, како во подготвителната така и во извршната фаза, кривичното однесување што претставува едно или повеќе кривични дела, предвидени со Статутот, коишто подоцна ќе бидат

[1575] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 204; 227-228; Второстепена пресуда за *Квочка*, став 83.
[1576] Второстепена пресуда за *Квочка*, став 86.
[1577] Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 410, 418.
[1578] Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 413, 430.
[1579] Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 410.
[1580] Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 413, 431.
[1581] Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 411.

извршени.[1582] Тоа планирање треба само да биде еден елемент што има значителен придонес во кривичното однесување.[1583] Во однос на *mens rea,* обвинетиот мора да делувал со намера кривичното дело да биде извршено, или со свест за големата веројатност дека кривичното дело ќе биде извршено при спроведувањето на тој план.[1584]

(в) Поттикнување

399. Терминот „поттикнување“ се дефинира како „наведување на некое друго лице да изврши некаков престап“[1585] И дела и пропусти може да претставуваат поттикнување, така што тој поим опфаќа и експлицитно и имплицитно однесување.[1586] Мора да постои доказ за постоење поврзаност меѓу поттикнувањето и спроведувањето на кривичното дело, услов што е задоволен тогаш кога некое конкретно однесување значително придонесува за извршувањето на кривичното дело. Не мора да се докаже дека кривичното дело не би се случило без поттикнувањето.[1587] Во однос на *mens rea,* мора да се покаже дека обвинетиот имал намера да го предизвика и провоцира извршувањето на кривичното дело, или бил свесен за постоењето на значителна веројатност дека кривичното дело ќе биде извршено како резултат на тоа поттикнување.[1588]

(г) Наредување

400. За *actus reus* на „наредување“ потребно е некое лице на позиција на претпоставен да му наложи на друго лице да изврши некаков престап.[1589] Оваа форма на одговорност е слична на „поттикнување“, но дополнително треба обвинетиот да има авторитет, било *de jure* или *de facto,* за да нареди извршување на некое противзаконско дејство.[1590] Тој авторитет може реално да се подразбира според околностите.[1591] Покрај тоа, не постои услов таа наредба да биде дадена во писмена форма, или во која било конкретна форма, а постоењето на наредбата може да се

[1582] Првостепена пресуда за *Брѓанин,* став 268; Првостепена пресуда за *Крстиќ,* став 601; Првостепена пресуда за *Стакиќ,* став 443; Второстепена пресуда за *Кордиќ,* став 26, цитира Првостепена пресуда за *Кордиќ,* став 386.
[1583] Второстепена пресуда за *Кордиќ,* став 26; Првостепена пресуда за *Лимај,* став 513.
[1584] Второстепена пресуда за *Кордиќ,* став 31.
[1585] Првостепена пресуда за *Крстиќ,* став 601; Првостепена пресуда за *Акајесу,* став 482; Првостепена пресуда за *Блашкиќ,* став 280; Второстепена пресуда за *Кордиќ,* став 27; Првостепена пресуда за *Кордиќ,* став 387; Првостепена пресуда за *Лимај,* став 514.
[1586] Првостепена пресуда за *Брѓанин,* став 269; Првостепена пресуда за *Блашкиќ,* став 280.
[1587] Второстепена пресуда за *Кордиќ,* став 27.
[1588] Второстепена пресуда за *Кордиќ,* став 32.
[1589] Второстепена пресуда за *Кордиќ,* став 28, цитира Првостепена пресуда за *Кордиќ,* став 388; Второстепена пресуда за *Семанза,* став 361.
[1590] Првостепена пресуда за *Брѓанин,* став 270; Првостепена пресуда за *Мркшиќ,* став 550.
[1591] Првостепена пресуда за *Брѓанин,* став 270; Првостепена пресуда за *Лимај,* став 515.

докаже со индиректни докази.[1592] Во однос на *mens rea* , обвинетиот мора да имал намера да го предизвика извршувањето на кривичното дело, или бил свесен за постоењето на значителна веројатност дека кривичното дело ќе биде извршено како резултат на спроведувањето и реализацијата на наредбата.[1593]

(д) Помагање и поддржување

401. „Помагање и поддржување“ е форма на одговорност за соучесништво[1594] којашто се дефинира како давање практична помош, охрабрување и морална поддршка, што има значителен ефект врз извршувањето на некое определено кривичното дело.[1595]

402. Во однос на *actus reus*, причинско-последичната врска меѓу однесувањето на помагачот или поддржувашот и извршувањето на кривичното дело, или доказ дека такво однесување му претходело на извршувањето на кривичното дело не мора да бидат утврдени.[1596] Меѓутоа потребно е да се покаже дека помошта од страна на обвинетиот имала значителен ефект врз извршувањето на кривичното дело,[1597] за што е потребна истрага што се базира на факти.[1598] Таква помош може да биде пружена пред, во текот на или откако главното кривичното дело било извршено.[1599] Покрај тоа, некој пропуст може, во околностите на определен предмет, да претставува *actus reus* на помагање и поддржување.[1600] И покрај тоа што е утврдено дека самото присуство на местото на настаните обично не претставува помагање и поддржување, присуството на надреден, на пример, може да делува како охрабрување за конкретните сторители и може да му даде легитимност на кривичното дело.[1601] Таквото охрабрување може да

[1592] Второстепена пресуда за *Камуханда*, став 76, цитира Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 388; *види* исто така Првостепена пресуда за *Блашкиќ*, став 281; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 515; во врска со докажување на наредба со индиректни докази, *види* исто така Второстепена пресуда за *Галиќ*, став 170-171.
[1593] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 42; Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 30; Првостепена пресуда за *Брѓанин*, став 270.
[1594] Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 229.
[1595] Првостепена пресуда за *Крстиќ*, став 601; Второстепена пресуда за *Алексовски*, став 162, цитира Првостепена пресуда за *Фурунџија*, став 249; Второстепена пресуда за *Благојевиќ и Јокиќ*, став 127; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 551.
[1596] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 48; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 517.
[1597] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 48; Првостепена пресуда за *Фурунџија*, став 249; Првостепена пресуда за *Кунарац*, став 391 Првостепена пресуда за *Лимај*, став 517.
[1598] Второстепена пресуда за *Благојевиќ*, став 134.
[1599] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 48; Првостепена пресуда за *Крнојелац*, став 88; Првостепена пресуда за *Брѓанин*, став 271; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 517.
[1600] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 47. *Види* исто така Првостепена пресуда за *Крнојелац*, став 88; Првостепена пресуда за *Кунарац*, став 391; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 553.
[1601] Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 273, 277. Првостепена пресуда за *Лимај*, став 517.

се состои во премолчено одобрување од страна на лице во позиција на надреден и физички присутен на местото на злосторството, дури и таму каде што тој немал задача да делува.[1602]

403. Потребната *mens rea* претставува знаење дека, со своето однесување, оној што помага и поддржува го потпомага и овозможува извршувањето на престапот,[1603] знаење што не е потребно да било експлицитно изразено и може да се извлече од сите релевантни околности.[1604] Оној што помага и поддржува не мора да ја споделува истата *mens rea* со главните сторители; маѓутоа, тој мора да биде свесен за битните елементи на злосторството што конечно ќе биде извршено од страна на главниот сторител, вклучувајќи ја и неговата состојба на свеста.[1605] И покрај тоа што било изнесено мислење дека не е потребно да се покаже дека оној што помага и поддржува бил свесен за конкретното злосторство за кое постоела намера да се изврши или се извршило, под услов да бил свесен дека најверојатно едно од повеќето злосторства ќе бидат извршени, и едно од тие злосторства всушност е извршено,[1606] Жалбениот совет пред кусо време потврди дека со тоа решение не се проширува дефиницијата на *mens rea* за помагање и поддржување.[1607]

2. Одговорност според член 7(3) од Статутот

404. Член 7(3) од Статутот пропишува:

> Фактот дека кои било од наведените дела во членовите од 2 до 5 од овај Статут се извршени од лице на пониска позиција не го ослободува неговиот претпоставен од кривична одговорност ако претпоставениот знаел или имал причина да знае дека лицето на пониска позиција се подготвува да изврши такви дела или веќе ги извршило, а претпоставениот не презел неопходни и разумни мерки да ги спречи таквите дела или да ги казни извршителите.

Принципот на индивидуална кривична одговорност на претпоставен за неспречување или казнување на кривични дела на подредените е воспоставен принцип во меѓународното обичајно право,[1608] применливо како за меѓународни така и за внатрешни конфликти.[1609] Овој тип на

[1602] Првостепена пресуда за *Харадинај*, став 145. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 273, 277.
[1603] Првостепена пресуда за *Фурунџија*, став 249; Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 229; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 49; Второстепена пресуда за *Васиљевиќ*, став 102; Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 484; Второстепена пресуда за *Благојевиќ*, став 127.
[1604] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 328; Првостепена пресуда за *Тадиќ*, став 676; Првостепена пресуда за *Лимај*,став 518.
[1605] Второстепена пресуда за *Алексовски*, став 162; Второстепена пресуда за *Васиљевиќ*, став 102; Второстепена пресуда за *Тадиќ*, став 229.
[1606] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 50, се цитира Првостепена пресуда за *Блашкиќ*, став 287; Првостепена пресуда за *Фурунџија*, став 246; Првостепена пресуда за *Брѓанин*, став 272.
[1607] Второстепена пресуда за *Благојевиќ*, став 222.
[1608] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 195; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 557. За неказнување, *види* Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 85; Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 94.

основа за кривична одговорност обично се нарекува одговорност од позиција на претпоставен или командна одговорност. Таа ги опфаќа сите форми на кривично однесување на подредените, не само „извршувањето“ на кривични дела во ограничена смисла на зборот, туку и сите други видови на учество во кривични дела предвидени со член 7(1) од Статутот.[1610]

405. Предметот против обвинетиот Љубе Бошкоски, како што се товари во Обвинението, е ограничен на одредбите од член 7(3). Тој е обвинет поради наводниот пропуст да ги казни своите подредени што ги извршиле кривичните дела со кои се товари во Обвинението или оние што им помагале и поддржувале други лица да ги извршат тие кривични дела.

406. За да може некој претпоставен да биде прогласен за виновен во согласност со член 7(3) од Статутот, во правосудниот систем на Меѓународниот суд се набројуваат три елементи што мора да бидат задоволени:

1. постоење однос на надреден-подреден;
2. претпоставениот знаел или имал причина да знае дека кривичното дело се подготвува или било извршено; и
3. претпоставениот пропуштил да ги преземе потребните и неопходни мерки да го спречи кривичното дело или да ги казни сторителите.[1611]

(a) Однос на надреден-подреден

407. Принципот на командна одговорност се темели на командната позиција и моќта на контрола врз делувањето на подредените. Токму оваа позиција ја сочинува правната основа за должноста на претпоставениот да делува, и за одговорноста што произлегува за пропуштање да го стори тоа.[1612]

408. Постоењето на командната позиција може да произлезе од формалниот *de jure* статус на некој претпоставен, или од постоењето на *de facto* моќ на контрола. Таа произлегува главно од „фактичкото поседување или непоседување на моќ на контрола врз делата на подредените.“[1613]

[1609] За примена на принципот на командна одговорност на внатрешни конфликти, *види Обвинителот против Енвер Хаџихасановиќ*, Предмет бр. ИТ-01-47-АР72, „Решение на Жалбениот совет по интерлокуторната жалба со која се оспорува надлежноста во врска со командната одговорност“, 16. јули 2003, став 31.

[1610] Второстепена пресуда за *Благојевиќ*, став 280-282; Второстепена пресуда за *Ориќ*, став 21.

[1611] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 346, Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 484; Второстепена пресуда за *Алексовски*, став 72. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 827; Првостепена пресуда за *Блашкиќ*, став 294; Првостепена пресуда за *Квочка*, став 314; Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 56; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 558.

[1612] Второстепена пресуда за *Алексовски*, став 76; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 559.

[1613] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 370; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 560;

При определувањето на степенот на контрола што треба да ја има претпоставениот врз подредените, Жалбениот совет го одобри критериумот на ефективна контрола, којшто тој го дефинира како материјална можност да се спречи или казни криминално однесување.[1614] Постоењето на однос на надреден-подреден „не внесува услов за *директна* или *формална* подреденост".[1615] Во таа смисла, не е потребно да постои перманентен однос на команда и подреденост.[1616] Покрај тоа, Советот потсетува дека „критериумот за ефективна контрола […] подразбира дека за исто кривично дело извршено од еден подреден може да се повикаат на одговорност повеќе лица".[1617]

409. Член 7(3) од Статутот не е применлив само на воени командант, туку и на цивилни претпоставени.[1618] Цивилните подредени подлежат на кривична одговорност според член 7(3) од Статутот под истите околности како и воените командант.[1619]

410. Во определени околности, а особено во вооружен конфликт, цивилните претпоставени може да имаат поширок *de facto* авторитет паралелно со својата *de jure* моќ над надредените. Поради тоа неопходно е внимателно да се испита и *de facto* и *de jure* авторитетот и ефективната контрола што ја има цивилниот претпоставен во околностите на конкретниот предмет.[1620]

411. Иако ова прашање секојпат се потпира на конкретните факти во предметот,[1621] утврдени се неколку фактори, иако не исцрпно, според кои може да се предвиди ефективната контрола.

[1614] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 256. Жалбениот совет го одби аргументот дека некој претпоставен може да биде земен на одговорност врз основа на неговата моќ да има влијание, бидејќи сметаше дека „големо влијание како средство за контрола во секоја смисла коешто без поседување на ефективна контрола над подредените" (односно, поседување на материјална моќ да спречи и казни) нема статус на правило на обичајното право, особено не таква што би можела да повлече кривична одговорност. *Види* Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 266. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Халиловиќ*, став 59: „поимот ефективна контрола врз некој подреден […] претставува праг што треба да се достигне за да се воспостави однос на надреден - подреден".

[1615] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 303. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Халиловиќ*, став 59.

[1616] Првостепена пресуда за *Стругар*, став 362; Првостепена пресуда за *Кунарац*, став 399; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 560.

[1617] Првостепена пресуда за *Блашкиќ*, став 303; се повикува на Првостепена пресуда за *Алексовски*, став106; *види* исто така Првостепена пресуда за *Стругар*, став 365; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 560.

[1618] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 195; Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 356, 378; Првостепена пресуда за *Алексовски*, став 75; Второстепена пресуда за *Алексовски*, став 76; Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 416; *види* исто така Второстепена пресуда за *Багилишема*, став 51; Второстепена пресуда за *Кајелијели*, став 85; Второстепена пресуда за *Нахимана*, став 605.

[1619] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 223-226; Второстепена пресуда за *Багилишема*, став 50 каде се вели дека „[т]естот за ефективна контрола се однесува на сите претпоставени, било *de jure* или *de facto*, воени или цивилни". *Види* исто така Првостепена пресуда за *Крнојелац*, став 94; Првостепена пресуда за *Брѓанин*, став 281-282.

[1620] Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 421-422; Првостепена пресуда за *Брѓанин*, став 281.

[1621] Дали претпоставениот имал ефективна контрола е прашање на докази, а не на материјалното право, Второстепена пресуда за *Ориќ*, став 20. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 69.

Меѓу нив се официјалната позиција на која се наоѓа обвинетиот, неговата способност да издава наредби, било *de jure* или *de facto*, постапката на именување, позицијата на обвинетиот во рамките на воената или политичката структура и конкретните должности што ги извршува.[1622] Поседувањето *de jure* моќ само по себе не мора да биде доволно за утврдување на ефективна контрола.[1623] Иако поседувањето на *de jure* моќ може секако да значи реална способност да се спречи или казни кривичното делување на подредените, сепак останува на Обвинителството да докаже вон разумно сомнение дека обвинетиот имал ефективна контрола врз своите подредени.[1624]

(б) Психички елемент: претпоставениот знаел или имал причина да знае

412. Со принципот на командна одговорност не е поврзана прецизна одговорност; поради тоа мора да се докаже дека претпоставениот знаел или имал причина да знае дека неговите подредени извршиле или се подготвувале да извршат кривични дела. Проценката на психичкиот елемент условен со член 7(3) од Статутот се врши врз основа на специфичните околности на секој предмет и специфичната ситуација на обвинетиот во релевантниот период.[1625]

413. Не може да се претполага дека претпоставениот всушност знаел дека неговите подредени извршувале или се подготвувале да извршат кривични дела; сепак може да се утврди со индиректни докази,[1626] меѓу кои спаѓаат бројот, типот и обемот на противзаконските дела, временскиот период во кој се случиле, бројот и типот на воените единици и логистичките средства што биле употребени, географската локација, дали делата се случуваат во голем размер, тактичката брзина на операциите, *modus operandi* на слични противзаконски дела, старешини и персонал што се вклучени и локацијата на командантот во времето на извршување на делата.[1627]

414. При утврдувањето дали некој претпоставен „имал причина да знае“ дека неговите подредени извршиле или се подготвувале да извршат кривични дела, мора да се покаже дека

[1622] Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 418-424. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Халиловиќ*, став 204: „сами по себе наредбите не се доказ за ефективна контрола; конкретните наредби треба внимателно да се испитаат во однос на доказите за да се обезбеди точниот степен на контрола врз сторителите“.
[1623] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 197; Првостепена пресуда за *Галиќ*, став 173.
[1624] Второстепена пресуда за *Ориќ*, став 91-92. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 21.
[1625] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 239, Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 70.
[1626] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 386; Првостепена пресуда за Стругар, став 368; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 563.
[1627] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 386. *Види* исто така Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 427; Првостепена пресуда за *Блашкиќ*, став 307; Првостепена пресуда за Стругар, став 368; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 563.

конкретните информации навистина му биле достапни и можеле да го предупредат за престапите што неговите подредени ги извршиле или се подготвувале да ги извршат.[1628] Не е услов тој фактички самиот да се запознал со тие информации, тие треба само да му биле на располагање.[1629] Претпоставениот не може да биде земен на одговорност поради тоа што пред сè не се запознал со некои информации.[1630] Меѓутоа, информациите што всушност биле достапни не мора да бидат такви што сами по себе неминовно ќе доведат до заклучок дека постоеле такви кривични дела.[1631] Доволно е претпоставениот да поседувал доволно информации, дури и од општа природа, па да биде предупреден дека веројатно неговите подредени извршиле или се подготвуваат да извршат противзаконски дела, односно, за да оправда спроведување на истрага дали такви дела навистина биле извршени или подготвувани да се извршат.[1632] Доколку претпоставениот *намерно* избегнува да прибави повеќе информации, и покрај тоа што имал начин да го стори тоа, може со право да се смета дека „имал причина да знае“ за кривичните дела.[1633]

(в) Неопходни и разумни мерки

415. Должноста на некој претпоставен да преземе неопходни и разумни мерки за да го спречи извршувањето на некое кривичното дело или да ги казни сторителите е директно поврзана со неговото поседување на ефективна контрола, односно со неговата материјална способност да преземе такви мерки. Некој претпоставен може да се повика на одговорност ако не преземе мерки, дури и кога нема експлицитна правна моќ да го стори тоа, доколку се докаже дека во рамките на својата материјална способност можел да преземе такви мерки.[1634] Жалбениот совет има изразено мислење дека „’неопходни’ мерки се оние соодветни мерки што претпоставениот треба да ги преземе за да ја изврши својата обврска (и да покаже дека искрено се обидел да спречи или да казни), а ’разумни’ мерки се оние што реално спаѓаат во рамките на материјалната моќ на претпоставениот.“[1635] Според тоа, она што ги сочинува „неопходните и

[1628] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 393; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 564.
[1629] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 239.
[1630] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 62-63, Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 226, 241.
[1631] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 393; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 564.
[1632] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 393; Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 437; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 564; Второстепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 27.
[1633] *Види* Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 226; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 406; Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 69.
[1634] Првостепена пресуда за *Челебиќи*, став 395, Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 443, Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 565; *Види* исто така Првостепена пресуда за *Благојевиќ*, став 793; Првостепена пресуда за Брѓанин, став 279; Првостепена пресуда за *Стакиќ*, став 461.
[1635] Второстепена пресуда за *Ориќ*, став 177; Второстепена пресуда за Халиловиќ, став 63.

разумни мерки“ не е прашање на материјалното право, туку на доказите[1636] и треба да се утврди врз основа на конкретните околности на предметот.[1637]

416. Во член 7(3) од Статутот се содржани две различни правни обврски: да се спречи извршувањето на престапот и да се казнат сторителите.[1638] Ова не се алтернативни обврски.[1639] Обврската за спречување се појавува кога претпоставениот ќе дознае, или има причина да знае дека е извршено или се подготвува да се изврши кривично дело, додека обврската за казнување се појавува откако претпоставениот ќе дознае за извршувањето на кривичното дело.[1640] Од претпоставениот се бара да делува веднаш штом ќе стекне такво знаење.[1641]

417. Во однос на опсегот на должноста на претпоставениот да казнува, пред кусо време Жалбениот совет изрази мислење дека без разлика на тоа дали мерките преземени од страна на претпоставениот биле само дисциплиски, кривични или комбинација од двете, не може само по себе да биде клучен фактор за определување дали некој претпоставен ја извршил својата должност.[1642] Она што е важо е дали претпоставениот презел мерки за казнување кои биле „неопходни и разумни“ во дадените околности, а не дали тие мерки биле дисциплински или кривични по природа.[1643] Претпоставениот не мора да го врши казнувањето лично, туку може да ја изврши должноста за казнување со тоа што за проблемот ќе ги извести надлежните власти.[1644]

418. Обврската на некој претпоставен да ги казни сторителите на некое кривично дело може да опфаќа обврска да се спроведе ефективна истрага со цел да се утврдат фактите.[1645] Обврската за истрага се претвара во обврска претпоставениот да преземе активни чекори за да осигура дека сторителите ќе бидат казнети. За таа цел, претпоставениот може да ја спроведува сопствената моќ за санкционирање, или ако нема таква моќ, да ги извести компетентните власти за

[1636] Второстепена пресуда за *Ориќ*, став 177; Второстепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 33.

[1637] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 72, Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 74; Второстепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 33. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Халиловиќ*, став 63: „’неопходни’ мерки се оние мерки што претпоставениот треба да ги преземе за да може да ја исполни својата должност (коишто покажуваат дека тој навистина се обидел да спречи и да казни), а ’разумни’ се оние што реално спаѓаат во рамките на овластувањата на претпоставениот“.

[1638] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 83; Второстепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 259.

[1639] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 83; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 566.

[1640] Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 445-446; Првостепена пресуда за *Ориќ*, став 326; Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 125, 126. *Види* исто така Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 83.

[1641] Првостепена пресуда за *Стругар*, став 373; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 527; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 566.

[1642] Второстепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 33.

[1643] Второстепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 142

[1644] Второстепена пресуда за *Хаџихасановиќ*, став 154.

[1645] Првостепена пресуда за *Стругар*, став 376; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 529; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 568.

сторителите.[1646] Во судската пракса на Меѓународниот суд е изнесено мислење дека цивилните претпоставени, кои може да немаат дисциплински или санкциони овластувања како воените команданти, може да ја извршат својата обврска за казнување со тоа што ќе ги известат надлежните власти секогаш кога ќе биде извршено кривично дело ако е веројатно дека тие известувања ќе покренат истрага или поведување на дисциплинска или кривична постапка.[1647]

Б. Образложение за одговорноста на Љубе Бошкоски

1. Улогата на Љубе Бошкоски во настаните од 12. август

419. Постојат докази дека помеѓу три и пет недели пред настаните во Љуботен, Љубе Бошкоски му телефонирал на началникот на ОВР „Чаир“ и му рекол дека другиот Обвинет, Јохан Тарчуловски, ќе дојде во канцеларијата на началникот на ОВР „Чаир“ и дека, доколку на Јохан Тарчуловски му е потребна помош, началникот на ОВР „Чаир“ треба да му ја обезбеди.[1648] Следниот ден Јохан Тарчуловски дошол во канцеларијата на началникот на ОВР „Чаир“ и рекол дека го пратил Министерот (односно, Љубе Бошкоски) и тие си разменале телефонски броеви.[1649] Советот ги разгледа овие докази многу внимателно. Тие не се потврдени на ниту еден друг начин со други докази. Врз основа на однесувањето на М052 додека зборувал за ова прашање, воопшто, и можноста доказите да покежуваат дека М052 имал важна улога во однос на операцијата во Љуботен на 12. август, Советот не може да ги прифати овие докази како чесни и веродостојни, бидејќи смета дека тие може и да биле под влијание на интересот на М052 да се дистанцира од одговорноста за настаните.

420. На 11. август 2001, Љубе Бошкоски бил во Радуша.[1650]

421. Откако добил информации дека „нешто се случува околу Љуботен“, на 12. август 2001, околу 10.00 часот, полициският генерал Ристо Галевски му телефонирал на Љубе Бошкоски преку дежурниот оперативен центар и прашал дали Љубе Бошкоски знае што се случува во

[1646] Првостепена пресуда за *Кордиќ*, став 446; Првостепена пресуда за *Блашкиќ*, став 335; Првостепена пресуда за *Стругар*, став 376; Првостепена пресуда за *Лимај*, став 529; Првостепена пресуда за *Халиловиќ*, став 97, 100; Второстепена пресуда за *Халиловиќ*, став 182; Првостепена пресуда за *Мркшиќ*, став 568.
[1647] Првостепена пресуда за *Алексовски*, став 78. Првостепена пресуда за *Брѓанин*, став 281.
[1648] М052 Т 8245-8247.
[1649] М052 Т 8250-8251.
[1650] Благоја Јаковски, Т 3976-3977; Ристо Галевски, Т 3858-3859.

Љуботен.[1651] Постојат исто така докази дека утрото Претседателот му се јавил на Љубе Бошкоски во врска со настаните во Љуботен,[1652] и му наредил да оди во Љуботен.[1653]

422. Повеќе сведоци потврдија дека на 12. август 2001 Љубе Бошкоски го посетил контролниот пункт „Кинески Ѕид“ лоциран веднаш до куќата на Браца.[1654]

423. М052 изнесе сведочење дека, пред доаѓањето на Љубе Бошкоски кај куќата на Браца, Јохан Тарчуловски му кажал дека Министерот одобрил издавање на оклопен транспортер Хермелин со цел да се транспортираат ранети и убиени лица.[1655] Советот не може да го прифати карактерот и импликациите на ова сведочење што би значело дека Бошкоски ја одобрил употребата на оклопен транспортер Хермелин, бидејќи Советот има впечаток дека врз доказите силно влијаел интересот на М052 да се дистанцира себеси од одговорноста за настаните тој ден. Исто така, не е веројатно дека министерот Бошкоски имал обврска да дава одобрение за такво релативно мало оперативно прашање.

424. Љубе Бошкоски пристигнал на контролниот пункт „Кинески Ѕид“ придружуван од својот телохранител Благоја Јаковски,[1656] и една ТВ екипа, составена од Ели Чакар и еден камерман,[1657] којашто го следела во текот на неговата посета[1658] и снимила на видео лента голем дел од посетата.[1659]

425. Додека според Ели Чакар нивното пристигнување на контролниот пункт било прилично подоцна,[1660] врз основа на главниот дел од доказите Советот е убеден дека Љубе Бошкоски пристигнал на контролниот пункт некаде околу 12.00 часот и заминал пред завршувањето на

[1651] Ристо Галевски, Т 3765-3766.
[1652] Благоја Јаковски, Т 3978-3979; Златко Кесковски, Т 10022-10026; Зоран Трајковски, Т 5558-5559.
[1653] Зоран Трајковски, Т 5558-5559
[1654] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 16-19, 21-22; Ели Чакар, Т 5157-5159; 5161; 5177-5178; 5190; М017, Т 630-635; М052, Т 8278-8284; М053, Т 1912-1914; 1932; 1977-1978; М037, Т 752; 796-798; Благоја Јаковски, Т 3937-3941; 3998; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 37-38, 43; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32; Доказен предмет П189, стр. 5.
[1655] М052, Т 8288-8289.
[1656] Благоја Јаковски, Т 3937-3941.
[1657] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 10 и 16. *Види* исто така М052, Т 8279-8280; М053, Т 1913.
[1658] Ели Чакар, Т 5178; 5190; 5202-5204.
[1659] Доказен предмет П442; Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 6. Ели Чакар, Т 5158-5159.
[1660] Ели Чакар рече дека сведоците и Љубе Бошкоски не го напуштиле Скопје пред 14.00 часот, пристигнале кај куќата на Браца околу 15.00 часот и не се вратиле назад пред 17.00, Доказен предмет П441, став 14; Т 5172; 5176; 5179.

операцијата, којашто завршила околу 13.45 часот. Целата посета, и кај контролниот пункт и кај куќата на Браца, траела околу еден и пол час.[1661]

426. На контролниот пункт Љубе Бошкоски го пречекал началникот на ОВР „Чаир“.[1662] Во доказите се вели, што е малку чудно, дека тој му рапортирал на Министерот за состојбата на контролните пунктови.[1663] Потоа, тој и Љубе Бошкоски влегле во дворот од куќата на Браца што е веднаш до контролниот пункт.[1664] Во дворот, вниманието им било усмерено главно кон Љуботен.[1665] Иако поединечни куќи од Љуботен не може да се видат од куќата на Браца,[1666] сè уште се кревал чад од селото. Имало и повремено пукање.[1667] Се споменува дека имало поединечни пукања од селото кон куќата,[1668] но Советот се сомнева во веродостојноста на овие докази. Телевизиската снимка од настанот не помага многу, бидејќи Советот смета дека вистинската снимка кај куќата на Браца подоцна била дополнета, најмалку во однос на звучните ефекти, со цел да се создаде впечаток на поголема воена активност.[1669]

427. Според новинарката Ели Чакар, Бошкоски бил информиран, штом влегле во дворот, [1670] дека навлегле терористи од Косово и дека била во тек акција за нивно апсење.[1671] Додека биле во дворот, началникот на ОВР „Чаир“[1672] го информирал Љубе Бошкоски за тековната „ситуација“[1673] или „акција“.[1674] Било кажано дека безбедносните сили успеале да ја разбијат групата терористи што извршиле напад од Љуботен[1675] (за што никакви убедливи докази не беа изведени пред Советот), со само една жртва од страна на припадниците на безбедносните

[1661] М052, Т 8277-8278; Благоја Јаковски, Т 3939-3941; 3998; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 43. *Види* исто така М052, Т 8280; 8281; Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 12; Ели Чакар, Т 5178; 5190; М053, 1977-1978.
[1662] М052, Т 8278-8279; М053, Т 1977-1978; Благоја Јаковски, Т 3937-3941; 3990; 3991.
[1663] М052, Т 8278.
[1664] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 17; Ели Чакар, Т 5161; *Види* исто така М037, Т 797; Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32; Доказен предмет П189, став 17; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 37.
[1665] Ели Чакар, Т 5196-5197. *Види* исто така М037, Т 797; Доказен предмет П442.
[1666] *Види* Благоја Јаковски, Т 3937; Ели Чакар, Т 5181; 5196-5197.
[1667] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 17; Ели Чакар, Т 5181; 5196.
[1668] Благоја Јаковски, Т 3993; 3996; М052, Т 8545-8546. *Види* исто така Доказен предмет П442, во којшто може да се видат луѓе како клечат зад ѕидот што ја опкружува куќата на Браца.
[1669] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 29-33; Доказен предмет П442.
[1670] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 18.
[1671] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 18. *Види* исто така Доказен предмет П442.
[1672] М037, Т 798; 840; 843; 875. *Види* исто така Доказен предмет П378, стр. 3; Благоја Јаковски, Т 3991; 3993.
[1673] М053, Т 1978.
[1674] Доказен предмет П441, став 18.
[1675] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 35; Доказен предмет П442.

сили.[1676] Кај куќата на Браца Бошкоски добил повеќе извештаи и од други лица.[1677] Нема докази дека во тој период Бошкоски бил известен за убиени „терористи“ во текот на акцијата.

428. Постојат докази дека додека Бошкоски бил во дворот од куќата на Браца, една група од четири до шест полицајци, коишто учествувале во акцијата во селото тој ден, а коишто биле од агенцијата „Комета“, донеле една група од 10 лица на едно место пред портата на куќата на Браца.[1678] Бошкоски бил информиран дека една група „терористи“ што влегле од Косово биле фатени и уапсени во текот на акцијата, личните карти им биле одземени и дека ќе бидат однесени во полициската станица.[1679] На Бошкоски му биле покажани и три парчиња оружје што им било одземено на „терористите“.[1680] Меѓутоа, за оружјето полицајците рекле дека доаѓа од сосема различен извор.[1681] Според сознанието на Советот овие приведени лица биле жителите од дворот на Адем Аметовски. За нивната тешка состојба се зборува на друго место во оваа Пресуда.[1682] Советот овде ги изнесува своите сознанија дека конкретно еден од жителите бил во многу лоша состојба, а дека останатите имале црвени траги од тепање.[1683] Овие лица биле присилени да лежат пред портата со лицата надолу,[1684] со маиците свртени преку глава.[1685] Ели Чакар ја видела оваа група на заминување со Бошкоски од куќата на Браца,[1686] на растојание од 10-15 метри.[1687] Врз основа на тоа, Советот прифаќа и смета дека Љубе Бошкоски ја видел оваа група приведени лица кај портата. Сепак Советот не може да прифати дека приведените лица биле тепани додека Љубе Бошкоски стоел и гледал,[1688] изјава што не е потврдена од ниту еден друг сведок што бил присутен. Покрај тоа, иако Бошкоски можеби ја забележал нивната состојба, не мора да значи дека заклучил според она што го видел, како

[1676] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 35; Доказен предмет П442. Ова се однесува на резервист којшто случајно самиот се застрелал, *види погоре*, став 69.
[1677] М052 рече дека Бошкоски зборувал со полицајците, Т 8316-8317, и резервистите, Т 8281. Ели Чакар, изнесе докази дека Бошкоски зборувал со група облечена во маскирни униформи коишто носеле маски, Доказен предмет П441, став 21. *Види* исто така М053, Т 1977-1978.
[1678] М052, Т 8282-8284. *Види* исто така М017, Т 630-631; Доказен предмет П20.
[1679] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 18-19. *Види* исто така Доказен предмет П442.
[1680] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 25. *Види* исто така М037, Т 798; 840; 845. Ова оружје било во оклопниот транспортер Хермелин, или на земјата покрај оклопниот транспортер Хермелин, М037, Т 798; Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 22. *Види* исто така Доказен предмет П442. Откако го видел оружјето, Бошкоски климнал со главата, М037, Т 798-799; 840-841.
[1681] *Види погоре*, став 76.
[1682] *Види погоре*, став 74.
[1683] М052, Т 8283; 8285; 8286.
[1684] М017, Т 630; М012, Т 976. *Види* исто така М052, Т 8284; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 37; Исмаил Рамадани Доказен предмет П188, став 32.
[1685] М017, Т 633; М012, Т 898; Осман Рамадани, Доказен предмет П197, став 40.
[1686] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 22. *Види* исто така Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 23; Доказен предмет П442; Ели Чакар, Т 5162; 5163.
[1687] М052, Т 8284; Доказен предмет П20; М037, Т 799.
[1688] Исмаил Рамадани, Доказен предмет П188, став 32.

притворениците лежеле на земја со лицата надолу и со маиците преку глава, дека некој од нив бил сериозно тепан или малтретиран. Не постојат други докази што би укажувале на тоа дека на Љубе Бошкоски му било кажано нешто во врска со нивната состојба.

429. Полицискиот генерал Ристо Галевски изнесе докази дека тоа попладне тој наредил специјалната полициската единица „Посебна“ да оди во Љуботен за да формира тампон зона меѓу жителите етнички Македонци од соседните села, особено од Љубанци, и жителите на Љуботен коишто се обидувале да го напуштат селото пешки одејќи кон Скопје. Биле предвидени жестоки судири. Тој рече дека претходно се консултирал со Љубе Бошкоски, Горан Митевски, Љупчо Близнаковски и други високи функционери од МВР.[1689] Нема никакви конкретни докази дека Љубе Бошкоски дал некаква наредба во тој однос.

430. Вечерта[1690] на 12. август 2001, Македонската ТВ емитувала извештај од посетата на Љубе Бошкоски кај куќата на Браца.[1691] Коментарите изнесени во преносот се базирале на информациите добиени од Љубе Бошкоски.[1692] Во извештајот било кажано дека безбедносните сили успеале да ја разбијат терористичката група што напаѓала од Љуботен.[1693] На меѓународните организации, како на пример Human Rights Watch, им било обрнато внимание на овој извештај.[1694]

2. Информирање на истражниот судија

431. Според една службена белешка од истражниот судија Огнен Ставрев,[1695] на 12. август 2001 во 17.30 часот дежурниот истражен судија бил информиран од страна на дежурниот оперативен центар дека има „неколку убиени припадници на паравоените албански терористи“ во околината на селата Љубанци и Љуботен, и понатаму дека безбедноста на истражните органи не може да се гарантира со оглед на постојаните вооружени судири меѓу паравоените сили и безбедносните сили. Истражниот судија го известил јавниот обвинител.[1696] На 14. август 2001 во 13.30 часот дежурниот истражен судија бил известен од страна на МВР дека има неколку лешеви во областа на селото Љуботен и дека веројатно се работи за „неколку загинати

[1689] Ристо Галевски, Т 3629; 3766-3767.
[1690] Доказен предмет П352, стр. 2.
[1691] Ели Чакар, Т 5192; Доказен предмет П442.
[1692] Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 35, Ели Чакар, Т 5179-5180.
[1693] Доказен предмет П442.
[1694] Доказен предмет П352, стр. 2-3.
[1695] Доказен предмет 1Д6.
[1696] Доказен предмет 1Д6. Златко Јаковски, Т 2353; *Види* исто така Петре Стојановски, Т 9167-9168.

припадници на терористичката организација ОНА – УЧК, загинати во борбените дејства водени со безбедносните сили на РМ на 12. август 2001".[1697] Веднаш потоа иастражниот судија Ставре Џиков пристигнал во полициската станица „Чаир", заедно со заменикот-јавен обвинител и Златко Јаќовски од Институтот за судска медицина и криминалистика, но не била извршена истрага на лице место во Љуботен бидејќи началникот на ОВР „Чаир" рекол дека безбедносните сили не можат да гарантираат за нивната безбедност. Било речено дека безбедносните сили не влегле во Љуботен, а од селото сè уште можело да се чуе пукање од пушки.[1698] Истражниот судија Ставрев дошол уште еднаш на 14. август 2001 со истражниот тим, но началникот на ОВР „Чаир" уште еднаш изјавил дека има пукање и дека мртвите тела веќе биле погребани.[1699] Треба да се истакне дека немало некое конкретно укажување на тоа дека имало разурнување на куќи во Љуботен или какво било малтретирање на приведени селани или осомничени во Љуботен, кај куќата на Браца, кај контролниот пункт „Бузалак", во повеќе полициски станици, во скопскиот суд и во скопската болница. Ниту пак му биле дадени на истражниот судија имиња на потенцијални сведоци, било жители или полицајци.

432. Советот забележува дека нема докази за постоење на вооружени судири во Љуботен ниту на 13. ниту на 14. август, ниту пак дека можело сè уште да се чуе пукање од огнено оружје. Напротив, претставникот на ОБСЕ Хенри Болтон без тешкотии го посетил Љуботен на 14. август за да го испита местото на настаните од 12. август и мртвите тела коишто уште биле *in siu* и тој не видел ниту слушнал никакви знаци на вооружени судири или огнено оружје.[1700] Тој им укажал на луѓето во селото дека треба да ги погребат мртвите тела.[1701]

433. На 14. август 2001, од ОВР „Чаир" исто така го известиле јавниот обвинител за смртта на еден приведен жител, Атула Ќаиљи, на 13. август 2001 во Градската болница во Скопје, дека тој бил во притвор во полициската станица „Мирковци" пред да биде испратен во болница и дека дежурниот во полициската станица повикал Брза помош.[1702] Обдукцијата на телото на Атула Ќаиљи било спроведено од страна на Институтот за судска медицина и криминалистика на 14.

[1697] Доказен предмет 1Д6.
[1698] Доказен предмет 1Д6. *Види* исто така Вилма Русковска, Доказен предмет П235, став 10. Фактот дека не било безбедно е понатаму објаснет во една службена белешка составена од заменикот јавен обвинител на 15. август: „ ... не се стационирани безбедносните сили за да се гарантира безбедноста на увидната група со оглед да освен двата полициски пункта во окружувањето на селото се групирани терористи со снајперско пешадиско огненострелно вооружување. Поради ваквата состојба на теренот во договор со надлежниот истражен судија се откажавме од вршење увид." Доказен предмет 1Д72.
[1699] Доказен предмет 1Д6.
[1700] Хенри Болтон, Т 1740-1742.
[1701] Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 22.
[1702] Доказен предмет П46.16; П261. *Види* исто така Петре Стојановски, Т 9180.

август 2001.[1703] Во извештајот исцрпно е опишан степенот на тежината на повредите на неговото тело, како и дека повредите биле предизвикани од повеќекратно делување на „динамична тапо-тврда сила“ во пределот на главата, трупот и екстремитетите.[1704] Сепак треба да се истакне дека ниту јавниот обвинител ниту правосудството потоа не го добиле протоколот од обдукцијата, наводно затоа што „надлежниот суд не платил за спроведениот post mortem“, ниту пак имало обиди од нивна страна да го добијат.[1705] На 16. август 2001 истражниот судија презел мерки со цел да се утврди идентитетот на Атула Ќаиљи,[1706] којшто првобитно бил погрешно запишан.[1707] Следниот ден крим полицијата на МВР се обидела да го идентификува Атула Ќаиљи со споредување на отисоци на прсти, [1708] и резултатот потоа бил испратен до истражниот судија.[1709]

3. Обиди за истрага од страна на Министерството за внатрешни работи

(а) Комисија формирана на 13. август 2001

434. До 13. август 2001, разни информации веќе биле дојдени до претставниците на меѓународната заедница и медиумите дека во Љуботен на 12. август имало судири со цивилното население, гранатирање од страна на полицијата и дека имало приближно од 5 до 15 убиени лица.[1710] Било кажано дека загриженоста што произлегла од овие информации била доволно добра причина за решението на Љубе Бошкоски на тој ден официјално да оформи една комисија со цел:[1711]

> I. [...] за разгледување на околностите и анализа на активностите што се преземени од страна на безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи за одбивање на вооружените напади на терористичките групи на ден 12. 08. 2001 година, во село Љуботен – Скопје, во состав:
>
> 1. Горан Митевски - директор на Бирото за јавна безбедност, претседател;
>
> 2. Ристо Галевски - раководител на Одделот за полиција, член; и
>
> 3. Живко Петровски - раководител на Одделот за криминалистичка полиција, член.

[1703] Доказен предмет П54.059.
[1704] *Види погоре*, став 329.
[1705] *Види подолу*, став 443.
[1706] Доказен предмет 1Д67.
[1707] Доказен предмет П49, стр. 19, ERN N001-0095.
[1708] Доказен предмет 1Д69. *Види* исто така Доказен предмет П54.059.
[1709] Доказен предмет 1Д70.
[1710] Ристо Галевски, Т 3869-3870. Ристо Галевски исто сведочеше дека веќе попладнето на 12. август имало информации за повредени селани, и дека на некои им била укажана помош во болница, Т 3766-3767. *Види* исто така Доказен предмет П362.
[1711] Доказен предмет П73; Ристо Галевски, Т 3869-3870.

> II. Комисијата од делот I на ова решение има за задача, врз основа на податоците, извештаи и други расположиви материјали од соодветните служби на Министерството за внатрешни работи како и врз основа на сознанијата што ќе ги добие во разговорите со припадниците на Министерството, да изврши разгледување на околностите и анализа на активностите што се преземени од страна на безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи за одбивање на вооружените напади на терористичките групи на ден 12. 08. 2001 година, во село Љуботен – Скопје.
>
> III. Комисијата е должна веднаш да пристапи кон извршување на задачите утврдени во делот II на ова Решение и за утврдените факти да изготви Информација со мислење за основаноста, оправданоста и правилноста на преземените активности од страна на безбедносните сили на Министерството.
>
> IV. Информацијата од делот III од ова Решение да се достави до министерот за внатрешни работи.

435. Комисијата го поднела својот извештај од пет страни до Љубе Бошкоски на 4. септември 2001.[1712] Во врска со настаните на 12. август 2001, комисијата забележала дека „преку воени акции, здружените безбедносни сили ги разбија терористичките групи“, и дека тие биле „испровоцирани“ да преземат акција „да ги одбијат нападите и да ги разбијат терористичките групи“.[1713] Околу 73 лица биле уапсени.[1714] Според мислењето на комисијата:

> Активностите што се преземени од страна на безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи за одбивање на вооружените напади на терористичките групи на ден 12. 08. 2001 година, во село Љуботен – Скопје се основани, оправдани и правилно преземени, при што е евидентирана појава на присуство на занемарлив, толерантен степен на поединечни отстапувања од границите на пропишаните овластувања, извршени од страна на мал број припадници на Министерството за внатрешни работи, кои активно учествувале во предметниот настан.
>
> Во услови на објективно оправдано отсуство на писмена документација од извршен увид и обдукција на пронајдените лешеви во село Љуботен – Скопје, а со цел анализата на предметното прашање да добие атрибут на сестраност и сеопфатност, неопходно е од компетентните структури во Република Македонија да се пристапи кон преземање на законското дејствие, ексхумација на лешевите во присуство на стручни лица, како и претставници на заинтересирани меѓународни организации, што за последица ќе има преземање на сите неопходни законски дејствија во правец на утврдување на сите релевантни факти и добивање одговор на тоа отворено суштинско прашање на овој случај.[1715]

436. Советот забележува дека според еден член на комисијата, комисијата не била тело што спроведувало истрага туку „работна група која треба да ги иницира механизмите со кои располага Министерството за внатрешни работи“.[1716] И покрај тоа што сведокот не го објасни тоа подетално, сосема е јасно по содржината на извештајот дека приодот на комисијата бил многу ограничен. Што е најважно, во извештајот директно не се спомнуваат некои конкретни настани, како на пример околностите во кои настанале смртни случаи, уништување на имот во

[1712] Доказен предмет П378. *Види* исто така Ристо Галевски, Т 3589-3590.
[1713] Доказен предмет П378, стр. 2, 3.
[1714] Доказен предмет П378, стр. 3.
[1715] Доказен предмет П378 стр. 4-5.
[1716] Ристо Галевски, Т 3581.

Љуботен на 12. август 2001, малтретирање на приведени лица во Љуботен, во полициски станици и на други места, ниту дали безбедносните сили на МВР што биле распоредени во Љуботен тој ден или во полициските станици биле на каков било начин вклучени во некои од овие активности.[1717] Покрај тоа се чини дека извештајот создава впечаток дека безбедносните сили одбиле „терористички“ напади, додека доказите покажуваат дека всушност безбедносните сили биле оние што напаѓаат.[1718] Во ова, се разбира, се огледува недоразбирањето што е очигледно во првичната формулација на предметот на комисијата. Сепак, во својот извештај, комисијата укажала на потребата за ексхумација на погребаните како еден чекор кон утврдување на релевантните факти и потврдила дека „отвореното суштинско прашање за овој настан“ останува неодговорено.

437. Оваа комисија ја извршила работата многу површно. Во ниту еден момент комисијата не отишла да го посети Љуботен. Одбраната изнесе тврдење дека само иследнички тим раководен од истражен судија можел да оди на местото на извршеното кривично дело да собира информации.[1719] Советот проценува дека иако било во надлежност на јавниот обвинител и на истражниот судија да наложат или да спроведат истрага на лице место со цел за покренување на кривична истрага, комисијата можела да го посети Љуботен за сопствени цели. Таа не спроведувала кривична истрага, па според тоа не би се мешала во работата на истражниот судија или некој друг што спроведувал истрага за можни кривични дела.

438. Во извештајот комисијата тврди дека, покрај тоа што за своите цели собирале пишани документи во Министерството за внатрешни работи, оние што им помагале од Министерството „одржале расправа со други припадници на Министерството што активно учествувале во овие настани“.[1720] Раководителот на полицијата, кој бил член на комисијата, генерал Ристо Галевски, изјави дека „неколку луѓе биле повикани на разговори во полициските станици“.[1721] Меѓутоа, никаков конкретен разговор не се споменува во извештајот ниту пак во некој прилог кон него. Ристо Галевски не разговарал со никого во текот на работата на комисијата,[1722] и потврди дека

[1717] И покрај тоа што овие прашања биле задача на Комисијата, *Види* Доказен предмет П73; Ристо Галевски, Т 3868-3869.
[1718] *Види погоре*, став 42.
[1719] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 135-141.
[1720] Доказен предмет П378, стр. 1.
[1721] Ристо Галевски, Т 3787-3790, *Види* исто така Петре Стојановски, Т 9195-9197; 9375-9376. Петре Стојановски сведочеше дека тој разговарал со началниците на полициските станици каде што биле држени притворениците, но никој од нив не потврдил дека имало малтретирање. Тој не даде никакви понатамошни детали во врска со овие разговори.
[1722] Ристо Галевски, Т 3583-3584.

комисијата не разговарала со ниту еден етнички Албанец жител на Љуботен.[1723] Тој не знаеше дали било разговарано со некој од притворените лица.[1724] Покрај тоа, жителите на Љуботен,[1725] меѓу кои и оние што биле притворени од страна на полицијата,[1726] и, можеби со еден исклучок,[1727] полицајците вклучени во настаните во Љуботен[1728] коишто сведочеа пред Советот рекоа дека комисијата никогаш не ги контактирала за некаков разговор.

439. Врз основа на ова, Советот заклучува дека комисијата не го видела местото на настаните во Љуботен, ниту побарала да разговара со жители на Љуботен, притвореници уапсени во Љуботен на 12. август или некој полицаец што учествувал во операцијата во Љуботен. Советот смета дека комисијата имала надлежност и способност, во согласност со добиениот мандат и функциите на нејзините членови со оглед на нивните позиции во МВР, да се обиде да го стори тоа. Таа дури воопшто не ги идентификувала припадниците на полицијата што влегле во селото или оние што биле во контакт со приведените лица на контролните пунктови и во полициските станици.[1729] Се тврди дека жителите не и се обратиле на комисијата или на полицијата. Меѓутоа, не бил направен никаков обид од страна на комисијата или оние што и помагале да им се обратат ним за разговор.

440. Во еден многу опширен извештај во кој се расправа за повеќе проблеми во ПЈРМ, и којшто и беше доставен на владата на ПЈРМ на крајот на март 2002, Европскиот комитет за превенција на тортура и нечовечко или деградирачко однесување или казнување (КПТ), тело на Советот на Европа, се осврнува на прашања што се директно релевантни за овој судски процес.[1730] Во врска со случајот Љуботен се вели дека:

[1723] Ристо Галевски, Т 3587-3588.
[1724] Ристо Галевски, Т 3845.
[1725] Азиз Рецепи, Т 4691.
[1726] М017, Т 739; Шерафедин Ајрула, Т 4055; Ејуп Хамити, Т 4433; Седат Мурати, Т 4064; М012, Т 919-920; Осман Рамадани, Т 1103; Осман Рамадани, Доказен предмет П198, став 40.
[1727] М083, Т 1438-1439.
[1728] М084, Т 1482; М037, Т 871; М052, Т 8369.
[1729] Ристо Галевски тврдеше дека постоеле списоци за сите распоредени лица (коишто можат да се најдат во ОВР „Чаир“ за овие полициски сили, и во секторот за специјални единици на Министерството за Посебната единица), Т 3842-3844. Ристо Галевски сугерираше дека членовите на комисијата можеби разговарале со претставници на МВР коишто биле присутни во Љуботен на 12. август 2001 за да соберат информации за тоа колку луѓе биле убиени, Т 3871-3873, но ова беше само претпоставка и ништо не укажува дека тоа навистина се случило, а оваа негова сугестија не се потврдува во извештајот на комисијата.
[1730] Доказен предмет П380.1.

> [с]е чини дека, во тие случаи, државните службеници на Министерството за внатрешни работи не презеле мерки да ги заштитат и зачуваат доказите и да спроведат кривична истрага иако имале стриктна правна обврска да го сторат тоа врз основа на Кодексот за кривична постапка.[1731]

Во врска со заклучоците на комисијата беше забележано дека:

> И покрај таквата оценка на ад-хок комисијата на Министерството за внатрешни работи, медицинските докази до кои дојде делегацијата беа во согласност со наводите за малтретирање на лицата лишени од слобода во текот на операцијата на владините безбедносни сили во Љуботен или по неа.[1732]

441. Не е точно познато кога овој извештај му бил даден на знаење на Љубе Бошкоски, но Советот претпоставува според природата на извештајот дека тој секако дознал за него. КПТ изнесуваат ставови што се сосема слични на оние до коишто дојде Советот во оваа Пресуда, особено за пропустот на полицијата соодветно да ги испита настаните во Љуботен од 12. август 2001 и наредните денови и оние што произлегле од нив.

442. Извештајот на КПТ бил прилично опсежен. Владата на ПЈРМ поднела детален одговор од 12 страници.[1733] Копијата од овој извештај што е во доказните списи е без датум, но бидејќи се осврнува на настани во октомври 2002 очигледно е дека неговото подготвување траело извесно време. Владата вклучила опсежни коментари добиени од Министерството за внатрешни работи, како и коментари од страна на Министерството за здравство, Државниот судски совет и Јавниот обвинител. Од овој одговор е јасно дека министерството на Љубе Бошкоски му обрнало внимание на извештајот на КПТ.

443. Покрај многуте прашања за кои расправа Министерството за правда се и случаите поврзани со Љуботен (точка 28), меѓу кои и случајот на „АЌ“, т.е. Атула Ќаиљи (точка 34).[1734] Под општиот наслов „Побарани информации“ даден во извештајот, стои кус коментар на Државниот судски совет дека тој не добил никакво барање или петиција што би се однесувала на постапување со притворени лица, во врска со измачувања и други незаконски постапувања.[1735] Нема никаков коментар на активностите на судството во врска со смртните случаи во Љуботен и случајот на Атула Ќаиљи. Првостепениот суд Скопје II доставил информации со податоци за лицата од Љуботен, против кои биле покренати кривични постапки за „служење во непријателска армија“, истакнувајќи го ослободувањето на сите тие лица по

[1731] Доказен предмет П380.1. Извештај до Владата на ПЈРМ за посетата на КПТ на ПЈРМ од 21. до 26. октомври 2001, став 64.
[1732] Доказен предмет П380.1, став 30.
[1733] Доказен предмет 1Д372; Одговор на Владата на ПЈРМ на извештајот на КПТ за нивната посета од 21. до 26. октомври 2001.
[1734] Доказен предмет 1Д372 (N001-4809-N001-4811).
[1735] Доказен предмет 1Д372 (N001-4808).

донесувањето на законот за амнестија во декември 2001.[1736] Канцеларијата на јавниот обвинител на првостепениот суд во Скопје исто така изјави дека информации за случајот на Атула Ќаиљи биле доставени на 13. август 2001. Тој бил меѓу осомничените за кривично дело здружување заради непријателско дејствување. Тој не бил донесен пред истражниот судија бидејќи бил во болница каде што подоцна умрел. По налог на истражен судија било извршено посмртно судско вештачење. Меѓутоа, „Протоколот од обдукцијата не е добиен бидејќи надлежниот суд не платил за спроведеното посмртно испитување“. Откако е забележана ексхумацијата во април 2002 се вели дека „причината за смртта ќе биде откриена откако ќе се добијат резултатите од споменатата ексхумација...“.[1737]

444. Во одговорот на Владата, сепак, отсуствува какво било спомнување на обиди на полицијата за истрага или какво било објаснување за непостоење на истите, или пак објаснување на неможноста на јавниот обвинител или на истражниот судија да ги испитаат наводите за смртни случаи во Љуботен и за смртта на Атула Ќаиљи, освен неплаќањето од страна на судот за извештајот од обдукцијата на Атула Ќаиљи. Во одговорот понатаму стои дека надлежноста во врска со петте случаи, меѓу кои и Љуботен, била преземена од МКСЈ.

445. Доколку Љубе Бошкоски ги земал предвид извештајот на КПТ и одговорот од ПЈРМ во текот на период на кој се однесува Обвинието ќе имало очигледно потреба Љубе Бошкоски да преземе нешто, особено поради отсуството на одговор на наводите за неделувањето на полицијата за којашто тој бил одговорен. Меѓутоа, тоа не било случај, бидејќи одговорот од ПЈРМ дошол неколку месеци по период на кој се однесува Обвинието, што завршил во мај 2002 кога Обвинителот на МКСЈ ја презеде одговорноста за истрага и гонење во врска со Љуботен, а не е утврдено дека Љубе Бошкоски бил запознаен со извештајот на КПТ пред тоа.

(б) <u>Други информации што Љубе Бошкоски ги добил во август/септември 2001</u>

446. На 14. август 2001,[1738] Љубе Бошкоски се сретнал со шефот на мисијата на ОБСЕ амбасадорот Карло Унгаро, бидејќи, како што се тврди, дотогаш се појавиле информации во јавноста дека во Љуботен се убиени некои луѓе и дека тие информации дошле од ОБСЕ.[1739]

[1736] Доказен предмет 1Д372 (N001-4809).
[1737] Доказен предмет 1Д372 (N001-4811).
[1738] *Види* Доказен предмет П362. *Види* Ристо Галевски, кој сепак укажува дека таа средба се одржала на 13. август 2001, Т 3770; 3859-3860.
[1739] Ристо Галевски, Т 3770; 3859-3860; Доказен предмет П362. *Види* исто така Доказен предмет 1Д203.

Пред оваа средба, Љубе Бошкоски остро го критикувал ОБСЕ во медиумите.[1740] Во една изјава за Македонската ТВ по средбата Љубе Бошкоски изјавил дека разговарале за прашањата околу петте[1741] мртви тела во Љуботен, безбедносната ситуација, и дека првичните индикации од страна на полицијата биле дека:

> настраданите беа припадници на терористичка група што пукала на безбедносните сили на Република Македонија, што повторно потврдува дека не се случил масакр во селото Љуботен и дека немало убивање на цивили, туку на терористичко-екстремистичка група.[1742]

Понатаму, Љубе Бошкоски изјавил дека петте тела биле погребани од страна на жителите на селото истото попладне и дека:

> на македонските безбедносни сили не им било дозволено да се приближат до мртвите за да извршат истрага.[1743]
>
> [...] она што останува сега да се утврди е дали биле од Љуботен или пак тие терористи биле исто така импортирани, како што реков порано, од Косово или од други делови на поранешна Југославија или од Европа, а ова најверојатно било направено со цел да се покријат трагите на кривичното дело што го извршиле. За да ја открие вистината на јавниот обвинител му треба овластување да изврши ексхумација во согласност со правната постапка ако сакаме вистината да биде потврдена.[1744]

447. Во периодот по настаните во Љуботен, четири извештаи во врска со тие настани дошле до Љубе Бошкоски.[1745] Овие извештаи му биле поднесени меѓу 14. и 17. август 2001 и вклучувале информации за петте мртви тела што биле пронајдени во Љуботен од страна на ОБСЕ на 14. август 2001, дека тие потоа биле погребани и дека биле направени неуспешни обиди да се спроведе испитување на лице место.

448. На 5. септември 2001 Human Rights Watch (HRW) подготвиле извештај за настаните во Љуботен од 10. до 12. август 2001.[1746] Главниот дел од извештајот се состои од наводно раскажување на настаните што се случиле во Љуботен на 12. август 2001, а коишто се релевантни за обвиненијата во овој предмет.[1747] Цитираните извори на извештајот се разговори водени од страна на претставникот на HRW, Петер Букарт, со жители на Љуботен водени помеѓу 18. и 19. август 2001, соопштенија за печатот и посета на Букарт на Љуботен на 23.

[1740] Доказен предмет П352, стр. 18. *Види* исто така Петер Букарт, Т 2993; 3003-3005.
[1741] Ова се чини дека не е во согласност со сознанието на Советот дека биле убиени 7 лица, Советот не смета така затоа што е можно информациите да не биле целосни веднаш по настанот.
[1742] Доказен предмет П362. *Види* исто така Доказен предмет 1Д203.
[1743] Доказен предмет 1Д203, *Види* исто така Доказен предмет 1Д202.
[1744] Доказен предмет П362.
[1745] Доказен предмет 1Д361; 1Д364; 1Д373: 1Д374.
[1746] Доказен предмет П352, „Кривични дела против цивили. Злоставувања од страна на македонските сили во Љуботен, 10-12. август 2001“; Доказен предмет П353; Петер Букарт, Т 2991-2992.
[1747] Доказен предмет П352, стр. 5-17.

август 2001.[1748] Во овие разговори се зборува за убиства на повеќе лица и гранатирање, пукање и палење на неколку куќи во Љуботен на 12. август 2001. Во нив исто така се зборува и за малтретирање на приведени лица во Љуботен и на контролниот пункт Бузалак на 12. август 2001, во болницата и во полициските станици „Бутел“, „Карпош“ и „Пролеќе“ на 12. август 2001 и наредните денови. Се вели исто така дека еден од приведените, Атула Ќаиљи, подоцна починал во болницата, откако пред тоа бил претепан до смрт. Посебно се нагласува дека полицајци на МВР под контрола на Љубе Бошкоски биле вклучени во тие дејства и дека Љубе Бошкоски бил присутен „во текот на целата операција“.[1749]

449. И покрај тоа што извештајот бил поднесен до повеќе државни институции во Македонија, не е потврдено дека извештајот бил испратен директно до МВР.[1750] Петар Букарт не се обидел да стапи во контакт со Љубе Бошкоски пред објавувањето на извештајот.[1751]

450. Меѓутоа, Љубе Бошкоски одговорил на наводите во извештајот на HRW, и тоа со две изјави за печат. Пред објавувањето на извештајот, англискиот весник The Sunday Telegraph добил информации за очекуваните содржини во него,[1752] па во еднен напис објавен во тој весник на 26. август 2001 се навестува доаѓањето на обвиненија од HRW, *inter alia*, дека селаните ја опишале операцијата во Љуботен како „тридневна операција на полицијата во која цивили биле измачувани и ладнокрвно застрелани“, и дека, потпирајќи се на емитување од националната телевизија „Љубе Бошкоски бил присутен во текот на целата операција на македонските безбедносни сили“.[1753] Во еден напис на Би-Би-Си од 27. август 2001 се спомнува коментарот на Љубе Бошкоски по повод овие тврдења на македонското радио:[1754]

> Енергично ги отфрлам обвиненијата против Министерството за внатрешни работи и против редовните и резервните полициски сили коишто покажаа исклучителна храброст во одбраната на суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија во последните шест месеци.

[1748] Доказен предмет П352. *Види* исто така Петер Букарт: Информаците содржани во извештајот потекнуваат, главно од неговите разговори со очевидци, жртви, новинари, набљудувачи, политички личности како и јавни изјави дадени од македонските службени лица и неговите лични согледувања за време на неговата посета на Љуботен на 23. август 2001, Т 2992. *Види* исто така Петер Букарт, Т 3098-3099. Тој исто така се потпира на преносот на МТВ од 12. август 2001 и тоа всушност биле единствените докази што укажуваат на тоа дека Љубе Бошкоски бил „лично вклучен“ во операцијата и дека луѓето вклучени во операцијата биле негови подредени, Петер Букарт, Т 3074; 3078.

[1749] Доказен предмет П352, стр. 15. *Види погоре*, фуснота 1748. Петер Букарт го цитира спикерот на Македонската државна телевизија во врска со извештајот на HRW кога тој изјавил дека Љубе Бошкоски бил присутен „за време на целата операција“, Петер Букарт, Т 3075.

[1750] Петер Букарт, Т 2994.

[1751] Петер Букарт, Т 3069; 3076.

[1752] Петер Букарт, Т 3007-3008.

[1753] Доказен предмет П354.

[1754] Доказен предмет П355.

По објавувањето на извештајот на HRW, тој се спомнува во повеќе написи во весници, а исто така се пренесува дека повеќе македонски претставници на власта сметаат дека извештајот на HRW е пристрасен.[1755] Во еден напис на Би-Би-Си од 6. септември 2001 се вели дека Љубе Бошкоски, како одговор на извештајот рекол дека:[1756]

> Јас ќе покренам обвинение пред Судот за човекови права во Стразбур поради тврдењата на организацијата Human Rights Watch, кои го поткопуваат не само достоинството на Министерството за внатрешни работи на Македонија туку и моето лично достоинство.

451. Советот смета дека преку извештајот на HRW, ако не бил сосема свесен претходно, Љубе Бошкоски дознал за сериозните тврдења во врска со однесувањето на полицајците на 12. август и потоа. Иако во извештајот некои работи се во извесна смисла контрадикторни на подробните докази презентирани во текот на ова судење, за што се расправа во оваа Пресуда,[1757] природата и сериозноста на тврдењата, како и постоењето на очигледна фактичка основа за нив, сами по себе биле доволни за да му укажат на Љубе Бошкоски на веројатноста од противзаконски дејства од страна на неговите подредени.

(в) Други прашања

452. Во ноември 2001, кога давал свој коментар до Владата на една нацрт резолуција предложена од група членови на Собранието од Партијата за демократски просперитет, во која се осудуваат настаните и употребата на сила од страна на МВР, Љубе Бошкоски изјавил дека прекршувањата од страна на полицијата се испитуваат од страна на одделот за внатрешна контрола на МВР. Во однос на тоа Советот забележува дека нема податоци за тоа и не постојат докази што го потврдуваат истото. Тој додал дека бројот на случаи на прекршување бил „очигледно сразмерно мал и не е загрижувачки по својот број“ со оглед на бројот на нападите врз полицајците.[1758]

453. На 3. септември 2001, на барање од истражниот судија началникот на ОВР „Чаир“ поднел преглед на настаните во Љуботен од 10. до 13. август 2001. Во овој преглед е вклучена информација дека *inter alia* на 12. август 2001, „делувале безбедносните сили со цел за

[1755] Доказен предмет П356 (The New York Times, 5. септември 2001); Доказен предмет П357 (Associated Press, 5. септември 2001); Доказен предмет П358 (The Times, 6. септември 2001).
[1756] Доказен предмет П359.
[1757] *Види погоре*, став 140.
[1758] Доказен предмет П531.

разбивање и фаќање на терористичките групи кои дејствуваа од с. Љуботен“ и околу 70 лица биле уапсени.[1759]

454. По ова на 7. септември 2001, директорот на Бирото за јавна безбедност (БЈБ) при МВР предложил да се изврши ексхумација.[1760] Заменикот јавен обвинител постапил според тоа и побарал ексхумација на 11. септември 2001.[1761] На една средба од 14. септември 2001 истражниот судија Драган Николовски и Заменикот јавен обвинител побарале од МВР информации за локацијата на гробовите и идентитетот на погребаните за да се подготват за ексхумација.[1762] Меѓутоа, ексхумацијата на лицата убиени во Љуботен на 12. август 2001 и на Атула Ќаиљи кој умрел во болница на 13. август 2001 била извршена дури во април 2002 под надзор на истражниот судија и Заменикот јавен обвинител. Биле присутни и претставници на Обвинителот на МКСЈ.[1763]

455. Во месеците меѓу септември 2001 и април 2002 имало неколку средби во кои биле вклучени Истражниот судија, Јавниот обвинител или неговиот заменик, Обвинителката на МКСЈ или нејзин претставник и други. На средбите во ноември 2001 Заменикот јавен обвинител укажал на тешкотиите со кои би се соочиле иследниците што ќе ги испитуваат смртните случаи во Љуботен, како на пример безбедносни проблеми и неможност да се посети местото на кривичните дела,[1764] и проблемот да се добијат информации од сведоци Албанци.[1765] На 30. јануари 2002 Истражниот судија рекол дека имаат информации дека некои лица биле убиени но нема информации во врска со нивниот идентитет.[1766] Меѓутоа, во март 2002 Заменикот јавен обвинител му ги дал имињата на настраданите на истражниот судија и предложил да се издаде барање за ексхумација и истрага на лице место.[1767]

[1759] Доказен предмет П50.009; П50.010
[1760] Доказен предмет 1Д47; П102; 1Д33. *Види* исто така Доказен предмет 1Д73.
[1761] Доказен предмет 1Д47; Драгољуб Чакиќ посведочи дека во својство на заменик јавен обвинител, тој му дал таков предлог на истражниот судија околу 15. август, Доказен предмет П388, став 7. Меѓутоа, Советот забележува дека истражниот судија зборува само за еден предлог од МВР со датум од 7. септември 2001 и предлог од страна на заменикот јавен обвинител со датум од 11. септември 2001, Доказен предмет 1Д47.
[1762] Доказен предмет 1Д73.
[1763] Доказен предмет П55.20
[1764] Доказен предмет 1Д197.
[1765] Доказен предмет 1Д196.
[1766] Доказен предмет 1Д37.
[1767] Доказен предмет П55.10; П55.11. Советот забележува дека веќе на 14. август 2001 еден жител на Скопје ги доставил имињата на починатите лица во Љуботен на ОВР „Чаир“, Доказен предмет П148. Меѓутоа, не постојат докази коишто укажуваат на тоа дека Љубе Бошкоски бил запознаен дека МВР има такви информации и дека тие не биле доставени до судските власти.

456. На средбата на 28. ноември 2001 Заменикот јавен обвинител изјавил, како што било тогаш забележано:

> [...] истрагата во врска со Љуботен веќе е отворена, и покрај недостатокот на информации неопходни за тоа. Извесно време се чекало на информации од Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа тој рече дека бил во контакт со професор Дума од Институтот за судска медицина и криминалистика (Скопје).
>
> Тие не биле во можност да ги посетат местата на убиствата за да извршат истрага „на лице место“ ниту да ги посетат местата каде што се гробовите на жртвите. Не биле спроведени никакви разговори со роднините на жртвите ниту некакво друго испитување преку други можни сведоци (од безбедносни причини). Тој истакна дека тој и неговите колеги се спремни да ја започнат истрагата штом дозволи ситуацијата. Но тој не е подготвен да оди во тој регион додека не се расчистат безбедносните прашања. Г. Сокиќ објасни дека тој веќе има искуство, еднаш бил „кренат во воздух“ во текот на една таква акција и се смета за среќен што преживеал.[1768]

Во врска истрагата на случајот Љуботен, истиот Заменик јавен обвинител посведочи дека:[1769]

> Нашата предметна цел не беше да расчистиме што се имаше случило во Љуботен. Нашата предметна цел беше да ја спроведеме ексхумацијата и да го утврдиме идентитетот на лица погребани во месните гробишта во село Љуботен.

Еден друг јавен обвинител, Вилма Русковска, даде изјава дека:[1770]

> Немаше направено напори да се разговара или да се интервјуираат кој било од полицајците кои беа на задача во Љуботен. Во нормални услови, јас би можела да повикам полицајци да сведочат. Но за време на војната во 2001 година, полицајците секогаш одбиваа да сведочат за вакви случаи. Секојпат кога ќе се обидевме да донесеме полицаец да сведочи, ми велеа: „Тој е службено отсутен и не може да одговори“. Тоа беше институционален проблем. Во тоа време немавме поддршка од Министерството за внатрешни работи за сведочење на полицајци.

Обвинителот на МКСЈ вршел истраги во врска со настаните во Љуботен во текот на последните месеци на 2001 и во 2002 година. Беа одржани средби со Претседателот,[1771] Јавниот обвинител,[1772] Министерот за правда[1773] Истражниот судија и други владини претставници. Во текот на една посета на ПЈРМ на 8. мај 2002, Обвинителката на МКСЈ ги информира македонските власти дека решила да ја преземе надлежноста врз петте случаи во ПЈРМ, меѓу кои и случајот Љуботен.[1774] Меѓутоа Јавниот обвинител на ПЈРМ изрази мислење дека тие нема да престанат со истрагата во отсуство на барање за отстапување на надлежноста од некој

[1768] Доказен предмет 1Д197.
[1769] Драгољуб Чакиќ, Доказен предмет П388, став 8.
[1770] Вилма Русковска, Доказен предмет П235, став 13.
[1771] *Види* Доказен предмет 1Д206; Хауард Такер, Т 5429-5431.
[1772] Доказен предмет 1Д206; Хауард Такер, Т 5421-5424. Можно е дека МКСЈ го насочил своето внимание кон случајот Љуботен веќе во август 2001, *Види* Доказен предмет 1Д204. Се чини дека Обвинителката на МКСЈ ја отворила својата истрага на 20. ноември 2001, Доказен предмет 1Д366, или дури на 9. ноември 2001, Доказен предмет П391, ERN N000-9885.
[1773] Доказен предмет 1Д195.
[1774] Доказен предмет П391. *Види* исто така Доказен предмет 1Д201.

Судски совет на овој Меѓународен суд.[1775] Се разбира Обвинителот на МКСЈ не е оној што треба да бара предимство; тоа е правна процедура. Според тоа, на 4. октомври 2002, еден Судски совет на овој Меѓународен суд издаде решение со барање за отстапување на надлежноста врз, *inter alia*, случајот Љуботен во корист на МКСЈ.[1776]

457. Советот сепак забележува дека во Обвинителниот акт Љубе Бошкоски се товари само со одговорност за неказнување до почетокот на мај 2002.[1777] Ова очигледно го одразува изразеното барање за предимство од страна на тогашниот Обвинител на МКСЈ изнесено на 8. мај 2002, како што беше забележано погоре.

458. Според сознанијата на Советот, и имајќи ги предвид работите што следат, вклучувањето на Обвинителот на МКСЈ во сегашниот предмет немало никакво влијание врз обврската на Љубе Бошкоски, ниту врз неговата способност, да ги казни своите подредени, како што е прифатено во судската пракса на овој Меѓународен суд, за кривичните дела со кои се товари во ова Обвинение сé до мај 2002.

(г) Други „истраги“

(i) Работна група за воени злосторства

459. Одбраната на Бошкоски упатува на дејствувањето на Љубе Бошкоски, којшто, на 29. мај 2001,[1778] оформил една работна група за собирање докази во врска со воени злосторства извршени на територијата на ПЈРМ.[1779] Меѓутоа, оваа работна група не започнала да работи на случајот Љуботен сé до 2002 година.[1780] Љубе Бошкоски бил редовно известуван за работата на работната група.[1781]

460. Сведокот Игно Стојков, член на работната група,[1782] посведочи дека задачата била , што е релевантно за овој предмет, да се прибават и да се класифицираат сите документи и податоци во врска со настаните во Љуботен; што се случило тој ден, дали и каде биле донесени луѓе, кои

[1775] Доказен предмет П391, Анекс Ѓ (писмо од г. Џиков до Обвинителот на МКСЈ со датум од 14. август 2002); Доказен предмет П391, Анекс Ж (писмо од г. Џиков до Обвинителот на МКСЈ со датум од 2. септември 2002).
[1776] Доказен предмет 1Д218.
[1777] Обвинение, став 15. Во Завршниот поднесок на Обвинителството ова е прецизирано до 14. мај 2002, став 388 (упатува на Доказен предмет П391, стр. 18, ERN N000-9900).
[1778] *Види* Доказен предмет 1Д116.
[1779] Доказен предмет 1Д115.
[1780] Игно Стојков, Т 9043.
[1781] Игно Стојков, Т 8957.
[1782] Игно Стојков, Т 8874-8876; 8878; 8953; Доказен предмет 1Д116.

биле тие и што се случило со нив.[1783] Се дошло до заклучок дека во полициските станици нема извештаи од оштетените страни.[1784] Иследничкиот тим зборувал со полицајци коишто рекле дека настаните биле документирани во службени белешки што биле испратени до Одделението за аналитика во полициската станица „Чаир“. Тимот побарал да направи формални разговори со полицајците, но тие одбиле да го сторат тоа.[1785] Биле воспоставени некои контакти со луѓето од Љуботен, но кога биле побарани подетални информации овие луѓе не сакале да имаат никаков контакт со полициски органи.[1786] Работната група не отишла во болницата да собере медицински документи бидејќи се сметало дека тоа не е нивна задача.[1787] Според Игно Стојков, во последното предметно досие за Љуботен била вклучена само посетата на полициските станици „Мирковци“ и „Чаир“, како и една службена белешка за активностите на работната група.[1788] Ова досие за Љуботен било префрлено заедно со сите други досиеја во одделението за анализа во МВР.[1789]

461. Работната група не била задолжена да ги разгледува сите релевантни прашања и имала ограничена моќ, недоволна за да собира докази за можна кривична постапка. Работната група не можела да користи информации доколку тие не биле евидентирани во Министерството,[1790] па според тоа работната група не била овластена да контактира со албанските политичари, со ОБСЕ или со други организации,[1791] или да верификува информации собрани од, *inter alia*, интернационални организации.[1792] Тие не биле дури ниту овластени да го контактираат Одделението за анализа на МВР, коешто имало собрано податоци од различни служби во Министерството.[1793] Меѓутоа, Советот забележува дека овие ограничувања на овластувањата и моќта на оваа работна група постоеле врз основа на условите според кои таа била оформена од страна на Љубе Бошкоски. Тој можел да ги прошири моќта и овластувањата на работна група. Тој не го сторил тоа, но од друга страна доказите не укажуваат дека тоа било побарано од него.

[1783] Игно Стојков, Т 9031.
[1784] Игно Стојков, Т 8900-8901; 9031.
[1785] Игно Стојков, Т 8897; 9023. *Види* исто така Т 8900; 8905; 8931.
[1786] Игно Стојков, Т 8937.
[1787] Игно Стојков, Т 8929.
[1788] Игно Стојков, Т 8939; 9044-9045. Неофицијалните разговори со полицајците не биле снимани, Игно Стојков, Т 9045-9046.
[1789] Игно Стојков, Т 9046-9047. Игно Стојков сведочеше дека досието од предметот Љуботен никогаш не било завршено, Т 8943; 9019; 9049.
[1790] Игно Стојков, Т 9037.
[1791] Игно Стојков, Т 9053-9054.
[1792] Игно Стојков, Т 9050; 9051-9053.
[1793] Игно Стојков, Т 9017.

462. Советот забележува дека полицајците вклучени во настаните во Љуботен коишто сведочеа пред Советот рекоа дека тие не биле контактирани од страна на македонските власти во врска со настаните во Љуботен.[1794] Освен тоа, иако рече дека контактирал со лица од Љуботен, Игно Стојков не беше спремен да ги открие нивните имиња.[1795] Според тоа овие контакти не може да се верификуваат. Доказите покажуваат дека работната група не спровела никаква ефективна истрага за настаните во Љуботен. Најмногу што направила е собирање на некои постоечки документи од полициските станици.[1796]

(ii) Работата на г-ѓа Софија Петровска-Галева

463. Софија Галева-Петровска, правник, но во тоа време приправник на многу ниска позиција во МВР,[1797] се чини дека била забележана од Љубе Бошкоски, којшто, на еден состанок при крајот на април 2002,[1798] му рекол на директорот Митевски дека сведокот треба да биде вклучен во предметот Љуботен.[1799] Нејзината задача, според нејзиното сведочење, била да го собере материјалот што постои во МВР во врска со случајот Љуботен, да подготви хронологија на настаните и тоа да им го предаде на директорите и на Министерот.[1800] Љубе Бошкоски предложил дека некој конкретен раководител на секој сектор на МВР би можел да одговори на нејзините прашања во врска со конкретни проблеми за „да нема лутање“.[1801] На 1. јуни 2002, Галева-Петровска била унапредена на местото советник во кабинетот на Љубе Бошкоски.[1802]

464. Софија Галева-Петровска рече дека таа го собрала материјалот преку воспоставување контакти со високи функционери во МВР,[1803] како и со директорот на Институтот за судска медицина и криминалистика, професор Алексеј Дума,[1804] и со истражниот судија Драган

[1794] М084, Т 1482; М037, Т 871; М 052, Т 8369.
[1795] Игно Стојков, Т 9033-9034.
[1796] Игно Стојков, Т 9065-9066.
[1797] Софија Галева-Петровска, Т 8687-8689. Софија Галева-Петровска била вработена во Министерството за внатрешни работи од 1. април 2002, Т 8714; 8767.
[1798] Софија Галева-Петровска, Т 8697.
[1799] Софија Галева-Петровска, Т 8698; 8774.
[1800] Софија Галева-Петровска, Т 8702; 8778; 8784.
[1801] Софија Галева-Петровска, Т 8703-8704; 8803.
[1802] Софија Галева-Петровска, Т 8690; 8693; 8770.
[1803] Софија Галева-Петровска, Т 8696; 8699; 8702; 8709-8710; 8738; 8739; 8748-8750; 8751; 8752; 8792-8793; 8820; 8846-8847.
[1804] Софија Галева-Петровска, Т 8732; 8812; 8825.

Николовски.[1805] Според г-ѓа Галева-Петровска, тие сите и доставиле информации, како писмени материјали така и усно.[1806]

465. На Советот не му беше прикажан никаков пишан материјал од активностите на г-ѓа Галева-Петровска што би можел да го пткрепи нејзиното сведочење. Не постојат записници од ниту една од многубројните средби за коишто таа рече дека ги имала со високи функционери во МВР и други лица од коишто добила информации.[1807] Освен тоа иако сведокот рече дека му го предала целиот материјал на Јавниот обвинител во август/септември 2002[1808] таа исто така рече дека до тогаш тој бил во архивата во едно досие по хронолошки ред.[1809] Меѓутоа, никакви записи од документите за коишто сведокот рече дека ги собрала или од нејзините активности не се доставени во доказните списи. Нејзиниот исказ не е потврден со никакви други докази коишто ги прифаќа Советот.

466. Г-ѓа Галева-Петровска е моментално вработена во Министерството за внатрешни работи.[1810] Таа била член на истата партија како и Љубе Бошкоски[1811] и во текот на своето сведочење остави јасен впечаток дека чувствува дека треба да ги поддржува неговите интереси. Советот забележува дека дури и по шест години по настаните, сведокот тврдеше, што е навистина исклучително, дека се сеќава на повеќе конкретни документи што ги добила во текот на својата работа и од кого ги добила.[1812] Исто така зачудувачки, сведокот тврдеше дека и по шест години се сеќава во детали на конкретни дискусии.[1813] Таа исто така посведочи дека иако г. Дума, директор на Институтот за судска медицина и криминалистика, и рекол дека информациите што ги барала не може да му бидат дадени на МВР во писмена форма, туку само на судот,[1814] сепак г. Дума и ги дал усно тие информации.[1815] Понатаму, усните информации за

[1805] Софија Галева-Петровска, Т 8734-8735; 8736; 8825; 8841.
[1806] Софија Галева-Петровска, Т 8696; 8700; 8702; 8709-8710; 8720; 8728-8729; 8733; 8740-8741; 8745; 8748-8750; 8825; 8846-8847.
[1807] Софија Галева-Петровска, Т 8814.
[1808] Софија Галева-Петровска, Т 8756-8757; 8814.
[1809] Софија Галева-Петровска, Т 8754-8755.
[1810] Софија Галева-Петровска, Т 8695.
[1811] Софија Галева-Петровска, Т 8774.
[1812] Софија Галева-Петровска, Т 8704-8706 (Доказен предмет 1Д136 од г-ѓа Јовановска); 8716 (Доказен предмет П46.16 од г. Митевски); 8716-8718 (Доказен предмет П23 од г. Стојановски); 8717-8718 (Доказен предмет П46.15); 8723 (Доказен предмет П102, предлог за ексхумација од г. Митевски); 8724 (Доказен предмет 1Д46 од г. Митевски); 8724-8725 (Доказен предмет 1Д47 од г. Митески); 8726 (Доказен предмет 1Д73 од г. Услинковски); 8730 (Доказен предмет П55.20 од секторот за криминалистичка полиција); 8743 (Доказен предмет П50.010 од г. Стојановски); 8743-8744 (Доказен предмет П261 од г. Стојановски).
[1813] Софија Галева-Петровска, Т 8721-8722.
[1814] Софија Галева-Петровска, Т 8732.
[1815] Софија Галева-Петровска, Т 8732-8733; 8735-8736.

коишто таа тврди дека ги добила од г. Услинковски, раководител на Секторот за криминалистичко-технички вештачења при МВР не се согласува со извештајот од обдукцијата на Институтот за судска медицина и криминалистика.[1816] Во најмала рака, тврдењата за усни обелоденувања се изненадувачки, особено за лица со такви одговорности како г. Дума, а особено кога, како што се тврди тие му се даваат на еден многу скорашен и помлад приправник од персоналот на Министерството. Советот забележува дека настаните во Љуботен биле многу важни настани, поради коишто Љубе Бошкоски се нашол под меѓународен притисок заради својата инволвираност и пропуст да го испита случајот. Сепак, сведокот тврди дека нејзе и била дадена целосна одговорност за прибирање на сите докази поврзани со случајот. Поради овие причини, вклучувајќи ја и својата проценка за нејзината веродостојност, и одсуството на независна потврда, било со документи или усна, Советот не може да го прифати како веродостојно сведочењето на г-ѓа Галева-Петровска во врска со испитувањата што ги правела и информациите што ги добила. Дури можеби и навистина да собрала достапни постоечки податоци од МВР што се однесувале на прашања поврзани со Љуботен и настаните поврзани со него, овие податоци не се сега достапни за да му помогнат на Меѓународниот суд во овој судски процес и Советот не може да заклучи дека тие биле доставени од страна на г-ѓа Галева-Петровска до Јавниот обвинител како што укажува таа. Во секој случај нејзината работа завршила само неколку дена пред крајот на период на кој се однесува Обвинието, и, како што кажа таа, нејзината улога била да собере материјал што Јавниот обвинител би можел да го проследи до Обвинителот на МКСЈ.[1817] Во овие околности што и да направила не е од голема директна релевантност за активностите на Љубе Бошкоски од 12. август 2001 до мај 2002.

(iii) <u>Комисијата на Зоран Јовановски</u>

467. На 18. јуни 2001 Љубе Бошкоски издал решение да се состави комисија со цел за:

> испитување на основаноста на претставките од припадниците на албанската националност во Република Македонија за пречекорување на службените овластувања од страна на припадниците на Министерството за внатрешни работи.[1818]

[1816] Софија Галева-Петровска, сведочеше тека г. Услинковски рекол дека некои тела биле облечени во маскирни маици, Т 8730-8732. Таа исто така сведочеше дека г. Дума и г. Николовски го потврдиле ова, Т 8825. Не постои таков податок во извештајот од обдукцијата (Доказен предмет П49, П444-П452, 1Д5, 1Д74, 1Д77 и 1Д78).

[1817] Софија Галева-Петровска, Т 8814.

[1818] Доказен предмет 1Д113. Зоран Јовановски исто така учествувал во една друга комисија формирана на 7. март 2003, од наследникот на Љубе Бошкоски, Хари Костов, предводена од Зоран Јовановски, за да врши испитувања за настаните во Љуботен, *Види* Доказен предмет П379.05. Оваа комисија не била во состојба да донесе заклучок што се случило во Љуботен, ниту кој бил одговорен, Зоран Јовановски, Т 5026-5028; 5050; 5060. *Види* исто така *подолу*, став 556-557.

Според Зоран Јовановски,[1819] Комисијата работела на превентивни мерки, но не добила никакви жалби за конкретни настани или лица.[1820]

4. Одговорноста на Љубе Бошкоски

(а) Организациската структура на Министерството за внатрешни работи

468. Министерството за внатрешни работи (понатаму во текстот: МВР) било надлежно, меѓу другото, за работи што се однесуваат на применување на системот за државна и јавна безбедност,[1821] вклучувајќи го и одржувањето на редот и мирот и спречување и откривање на кривични дела.[1822]

469. Министерот за внатрешни работи бил раководител на внатрешната организација на МВР.[1823] Веднаш под министерот на врвот на раководната хиерархија на МВР биле заменикот министер и државниот секретар.[1824]

470. Во Правилникот за организација и работа на Министерството за внатрешни работи (понатаму во текстот: Правилник за организација) е изложена внатрешната организација на МВР, без Управата за безбедност и контраразузнавање, „организациските облици и нивниот делокруг, раководењето со организациските облици, одговорноста во извршувањето на работата и задачите и други прашања во врска со организацијата и работата на Министерството“.[1825] Формалната структура на МВР била прикажана на една шема, што претставува составен дел на овој правилник.[1826]

471. Бирото за јавна безбедност (БЈБ) и Управата за безбедност и контраразузнавање (или за државна безбедност) (УБК), исто така претставувале тела во рамките на структурата на МВР.[1827] Неколку сведоци тврдеа дека БЈБ и УБК се сосема оддвоени од Министерството;[1828] Советот не

[1819] Не се однесува на Зоран Јовановски, со прекар Бучук.
[1820] Зоран Јовановски Т 4886-4887.
[1821] Доказен предмет П92, член 16(1).
[1822] Доказен предмет П86, член 1. *Види* исто така Доказен предмет П86, член 2.
[1823] Доказнн предмети 1Д107, член 2; *Види* подолу став 510; 514.
[1824] Доказен предмет 1Д107, член 28; 1Д65; М056; Т 2132.
[1825] Доказен предмет 1Д107, член 1. *Види* исто така Ристо Галевски, Т 3647-3648; 3653, Зоран Јовановски Т 4864.
[1826] Доказен предмет 1Д107, член 28; 1Д65. *Види* исто така Петре Стојановски, Т 9111.
[1827] Доказен предмет П92, член 16(2); Весна Доревска, Т 9409-9410. За БЈБ конкретно, *види* Доказен предмет 1Д107, член 28; Доказен предмет 1Д65. За УБК конкретно, *види* Доказен предмет П86, член 2.
[1828] Петре Стојановски, Т 9077; Ристо Галевски, Т 3650-3653; Доказен предмет 1Д310, став 29 и 71; Слаѓана Тасева, Т 9701-9704; 9742-9743; 9750-9751; Весна Доревска, Т 9642-9643.

може да го прифати ова тврдење. И УБК и БЈБ се раководени од директор,[1829] којшто го назначува и отпушта Владата[1830] на предлог на министерот за внатрешни работи.[1831] И директорот на УБК и директорот на БЈБ се членови на колегиумот, којшто заедно со заменикот на министерот, раководителите на Одделот за полициј и Одделот за криминалистичка полиција и државниот секретар, го сочинуваат советодавното тело на министерот.[1832] Природата на одговорноста на УБК за безбедноста и контраразузнавањето ги објаснува конкретните одредби составени за нејзиното функционирање.[1833] Се чини дека некои докази упатуваа на тоа дека колегиумот колективно претставувал тело коешто донесувало одлуки во Министерството и дека дури и министерот не можел да донесе одлука што не била поддржана од колегиумот.[1834] Меѓутоа, сосема е јасно од законските одредби дека колегиумот е само советодавно тело на министерот.[1835]

472. За извршување на работите под надлежност на БЈБ постоеле оддел за полиција, оддел за криминалистичка полиција и повеќе независни организациски форми.[1836] Задачите на полицијата биле да:

> ги врши работите на непосредното одржување на јавниот ред и мир, регулирањето и контролата на сообраќајот на патиштата, контрола врз преминувањето на државната граница, обезбедување на определени лица и објекти, безбедноста на езерата, како и други работи утврдени со член 1 од Законот за внатрешни работи, чија природа и услови бараат да ги извршуваат униформирани работници на Министерството.[1837]

473. Задачите на криминалистичката полиција биле:

> работите на спречување на вршење кривични дела, откривање и фаќање на сторители на кривични дела, криминално-технички работи, контрола на престој и движењето на странци, инспекцискиот надзор во заштитата од пожари и експлозиви, како и други работи од член 1 на овој Закон.[1838]

[1829] Доказен предмет 1Д107, член 2(2); П86, член 13(3)
[1830] Весна Доревска, Т 9411; 9517; 9520. *Види* исто така Зоран Јовановски, Т 4866; М083, Т 1413-1414; Татјана Грошева, Т 4749-4750; Петре Стојановски, Т 9110; Слаѓана Тасева, Т 9709-9710; 9740-9741; Доказен предмет 1Д105. *Види* исто така Доказен предмет П552, член 96(7).
[1831] Ристо Галевски, Т 3648-3650; Весна Доревска, Т 9411; 9517; 9520.
[1832] Доказен предмет 1Д107, член 26(1) и (2).
[1833] *Види* Доказен предмет 1Д297.
[1834] Весна Доревска, Т 9566; Зоран Јовановски, Т 4855-4856; 4869; 5104. *Види* исто така Софија Галева-Петровска, Т 8862.
[1835] Доказен предмет 1Д107, член 26(1).
[1836] Доказен предмет 1Д107, член 3 и 28; Доказен предмет 1Д65, стр. 3. *Види* исто така Петре Стојановски, Т 9081; Зоран Јовановски, Т 4865; Весна Доревска, Т 9421.
[1837] Доказен предмет 1Д107, член 4(1); П86, член 8; *Види* исто така Зоран Јовановски, Т 4865; Ристо Галевски, Т 3645-3647.
[1838] Доказен предмет П86, член 12. *Види* исто така Доказен предмет 1Д107, член 5; Зоран Јовановски, Т 4865.

474. Униформираната полиција[1839] и криминалистичката полиција ја сочинувале редовната полиција.[1840] Тие биле редовно вработени, добивале плата за својата работа,[1841] и според законот заедно со министерот, тие претставувале „овластени службени лица“ во МВР.[1842] Правата и обврските на овластените службени лица и начинот како треба да ја извршуваат својата работа биле изложени во правилници издадени од министерот за внатрешни работи.[1843] Некои сведоци изнесоа докази дека не секој од овластените службени лица ги имал сите овластувања пропишни за овластените службени лица според законот.[1844] Поточно, беше потврдено дека Министерот не е овластен да спроведува оперативни задачи, како на пример задачите на криминалистичката полиција.[1845] Меѓутоа, не постои правна одредба со која се наложува дека министерот е на каков било начин ограничен во својство на овластено службено лице[1846]. Иако тие задачи вообичаено биле извршувани од неговите подредени, Советот е на мислење дека министерот бил овластен да спроведува задачи дадени на едно „овластено службено лице“ во Министерството.

475. Раководителите на полицијата и на одделот за криминалистичка полиција му биле подредени на директорот на БЈБ и одговарале пред него.[1847]

476. Во периодот на актуелните настани, директор на БЈБ бил Горан Митевски.[1848] Началник на полицијата бил генерал Ристо Галевски[1849] а негов заменик бил полковник Зоран Јовановски.[1850] Началник на одделот за криминалистичка полиција бил Живко Петровски.[1851]

[1839] Доказен предмет П86, член 8; М037, Т 751; *Види*, меѓутоа, Доказен предмет П86, член 10(1): „Полицајците можат работите од член 8 на овој закон да ги вршат и во цивилна облека кога тоа ќе го нареди непосредниот раководител или од него овластен работник.“ *Види* исто така М037 којшто посведочи дека униформиран полицаец може да биде прераспореден во еден од одделите или секторите за внатрешни работи од страна на министерот или лице овластено од него, Т 750-751.

[1840] Зоран Јовановски, Т 4865. *Види* исто така Доказен предмет П86, член 8-10 и 12; М083 Т 1415-1417.

[1841] М083 Т 1415-1417. За статусот на полицајците резервисти, *Види* подолу, став 492-494.

[1842]. Доказен предмет П86, член 24. *Види* исто така М037, Т 810; Ристо Галевски, Т 3647-3648. Петре Стојановски, Т 9086. *Види* подолу, став 513.

[1843] Доказен предмет П86, член 25 *et seq.*; Доказен предмет П96.

[1844] Татјана Грошева, Т 4745; Весна Доревска, Т 9433-9434; Слаѓана Тасева, Т 9723-9726.

[1845] Ристо Галевски, Т 3647-3648; Весна Доревска, Т 9434: Слаѓана Тасева, Т 9723-9729; Петре Стојановски, Т 9106.

[1846] Весна Доревска рече дека надлежностите на овластено службено лице биле регулирани со подзаконски акти, како на пример правилник за организација и систематизација на работните места, Т 9432. Советот забележува дека таков правилник нема во доказните списи.

[1847] Доказен предмет 1Д107, член 28; 1Д65, стр. 3; Весна Доревска, Т 9531; 9532-9534; *Види* исто така Доказен предмет 1Д107, член 21(2) и 22; Зоран Јовановски, Т 5077; Петре Стојановски, Т 9213-9215.

[1848] Зоран Јовановски, Т 4886; М056, Т 2132; Весна Доревска, Т 9418; Доказен предмет 1Д105.

[1849] Ристо Галевски, Т 3642-3643; 3576; Зоран Јовановски, Т 4832-4833; 4866.

[1850] Зоран Јовановски, Т 4832-4833; 4863; 4866.

[1851] Ристо Галевски, Т 3846-3848.

477. Во рамките на МВР бил и секторот за обезбедување[1852] под чија надлежност била полициската станица ПСОЛО. Овој сектор обезбедувал лица како на пример Претседателот, министри и дипломати, како и различни објекти, како на пример Собранието, зградите на владата и амбасади.[1853] Во периодот на релевантните настани, раководител на секторот за безбедност бил Златко Кесковски.[1854] Обвинетиот Јохан Тарчуловски бил вработен како полицаец во МВР,[1855] поточно, неговите вообичаени должности биле во рамките на секторот за обезбедување во тимот за обезбедување на сопругата на Претседателот Борис Трајковски.[1856] Зоран Трајковски (не Претседателот) бил шеф на личното обезбедување на Љубе Бошкоски.[1857] Во врска со својата безбедност, Министерот му давал наредби лично на Трајковски.[1858]

478. Во рамките на МВР исто така постоело и Одделение за одбранбена подготовка[1859] и Сектор за аналитика и истражување.[1860] Во овој сектор се обработувале податоци добиени од регионалните сектори (СВР) и се подготвувале неделни и дневни извештаи коишто им биле доставувани на службениците за безбедност од повисок ранг и на министерот, во зависност од темата и ситуацијата.[1861]

(i) Регионални и локални организациски единици на Министерството за внатрешни работи

479. За извршување на внатрешните работи (т.е. во рамките на ПЈРМ) биле формирани 11 подрачни сектори, вклучувајќи го и секторот за внатрешни работи на град Скопје (СВР Скопје).[1862]

480. Раководителите на униформираната полиција и на криминалистичката полиција во Министерството имале функција на координирање и поддршка во однос на овие подрачни

[1852] Доказен предмет 1Д107, членови 6, 6.5 и 28; Доказен предмет 1Д65. *Види* исто така Златко Кесковски, Т 9958; 10071. Секторот беше составен, покрај другото, од отсек за обезбедување на Претседателот на ПЈРМ. Доказен предмет 1Д107, член 6.5.1.
[1853] Златко Кесковски, Т 10037-10038; М083, Т1412-1413; *Види* исто така Зоран Јовановски, Т 4847; Доказен предмет 1Д118.
[1854] Златко Кесковски, Т 9948.
[1855] Доказен предмет П533. *Види* исто така Златко Кесковски, Т 10033-10034; Благоја Јаковски Т 3962.
[1856] Зоран Трајковски, Т 5549. *Види* исто така Доказен предмет 1Д315.
[1857] Зоран Трајковски, Т 5502; 5527-5528.
[1858] Зоран Трајковски, Т 5503-5504.
[1859] Доказен предмет 1Д107, член 6.8.
[1860] Доказен предмет 1Д107, член 6.1.
[1861] Татјана Грошева Т 4803-4805.
[1862] Доказен предмет 1Д107, член 8. *Види* исто така Доказен предмет 1Д107, член 28; М053, Т 1957; Весна Доревска, Т 9423; Петре Стојановски, Т 9082.

сектори.[1863] Спротивно на некои докази,[1864] според мислењето на Советот, со закон било утврдено дека овие сектори се под надлежност на Министерството,[1865] што е разбирливо бидејќи подрачните сектори требало да извршуваат задачи на Министерството за коишто Министерството, под раководство на министерот, било надлежно.[1866]

481. Секојдневно, Одделот за аналитика на СВР Скопје испраќал податоци што ги добивал од своите Одделенијата за внатрешни работи (ОВР) до Секторот за аналитика во Министерството во скратена форма, концентрирајќи се на најважните настани.[1867]

482. Во СВР Скопје имало различни сектори, покрај другото, Дежурен оперативен центар, Отсек за одбранбени подготовки, Одделение за сузбивање на организиран и општ криминал, Одделение за криминалистичка техника и Одделение за јавен ред и мир (ОЈРМ[1868]).[1869] СВР Скопје бил исто така поделен на пододделi според границите на општините на градот Скопје, меѓу кои биле ОВР/ Одделение за внатрешни работи - Центар, ОВР/ Одделение за внатрешни работи - Карпош, ОВР/ Одделение за внатрешни работи - Кисела Вода и ОВР/ Одделение за внатрешни работи - Чаир.[1870]

483. Раководител на СВР Скопје во периодот на релевантните настани бил Зоран Ефремов.[1871] Ефремов им бил претпоставен на сите раководители на ОВР,[1872] и на полициските станици во овие ОВР.[1873] Во СВР Скопје раководител на униформираната полиција во тоа време бил Љупчо Близнаковски, којшто истовремено бил и заменик на Ефремов,[1874] и одговорен пред

[1863] Кристо Здравковски Т 10233; Весна Доревска, Т 9532-9534.
[1864] Весна Доревска, Т 9533-9534.
[1865] Доказен предмет 1Д107, членови 22 и 28.
[1866] *Види* подолу став 513. *Види* исто така М053 Т 1957. Весна Доревска, Т 9423; Петре Стојановски, Т 9082; М084, Т 1487.
[1867] Татјана Грошева Т 4803-4805. *Види* исто така М052 Т 8242-8244; Доказен предмет 1Д107, член 9.9. *Види* разни извештаи од СВР во периодот од 26. јуни 2001 до 15. август 2001: Доказен предмет П103; 1Д126; 1Д127; 1Д128; 1Д129; 1Д131; 1Д133; 1Д374.
[1868] *Види* М052, Т 8602-8607.
[1869] Доказен предмет 1Д107, член 9.1-9.12.
[1870] Доказен предмет 1Д107, член 9.13-9.17; 1Д107, стр. 22; М037, Т 809; М083, Т 1411-1412; М084, Т 1487. *Види* исто така М053, Т 1976-1977; Петре Стојановски, Т 9242.
[1871] М053, Т 1976-1977; Петре Стојановски, Т 9088.
[1872] Весна Доревска, Т 9531; М052, Т 8417-8420; *Види* исто така Доказен предмет 1Д107, стр. 22.
[1873] М084, Т 1486.
[1874] Ристо Галевски, Т 3687; 3776; Петре Стојановски, Т 9148. *Види* исто така М084, Т 1487; М052 Т 8240.

раководителот за јавниот ред и мир во Одделот за полиција.[1875] Заменик на Ефремов за оперативните прашања и за криминалистичката полиција бил Петре Стојановски.[1876]

484. Иако има податоци дека раководителот на ОВР „Чаир“ им бил директно подреден на Љупчо Близнаковски и на Петре Стојановски,[1877] Петре Стојановски го негираше ова и рече дека раководителот на СВР Скопје му бил директно претпоставен и му издавал наредби на раководителот на ОВР „Чаир“, а дека Стојановски само ја следел ситуацијата во Одделенијата за внатрешни работи од гледна точка на криминалистичката полиција и обезбедувал поддршка на пример во однос на вештачења, опрема за истраги на лице место и му предлагал решенија на раководителот на СВР.[1878] Советот смета дека раководителот на СВР му бил директно претпоставен на раководителот на ОВР но дека Петре Стојановски исто така вршел функција на претпоставен на раководителот на ОВР „Чаир“ со тоа што во некои ситуации тој како заменик на Ефремов му издавал наредби на раководителот на ОВР „Чаир“.[1879] Всушност многу е веројатно дека заменикот имал овластување да издава наредби. Особено за СВР Скопје, со оглед на тоа што се работи за главниот град на ПЈРМ, јасно е дека Ефремов сам не би можел да ги издава сите наредби за сите ОВР на подрачјето на градот Скопје.

485. Петре Стојановски исто така посведочи дека Љупчо Близнаковски не можел да им издава наредби на подрачните ОВР,[1880] но Советот не може да го прифати таквото сведочење. Јасно е дека Петре Стојановски имал личен интерес така да сведочи со цел да ја ослабне хиерархиската врска меѓу СВР и ОВР, особено во текот на релевантните настани. Покрај тоа, како во случајот на Петре Стојановски, не би било практично некој заменик на Ефремов да не може да им издава наредби на единиците за коишто Ефремов бил одговорен. Сведочењето од еден друг сведок го поткрепува ова гледиште.[1881]

486. Како една општа забелешка Советот истакнува дека во повеќето случаи ваквите спротивни докази околу командната надлежност во рамките на структурата на Министерството се покажува дека се одраз на личниот интерес на некој сведок кој сака да избегне одговорност за делата на лица од понизок ранг што се од значење за овој предмет.

[1875] Зоран Јовановски, Т 5077. *Види* исто така Ристо Галевски, Т 3629; 3763-3766.
[1876] М052, Т 8415-8416; 8460; Петре Стојановски, Т 9074. *Види* исто така М084 Т 1487.
[1877] М052, Т 8417-8420.
[1878] Петре Стојановски, Т 9083-9085; 9088; 9230-9234.
[1879] Петре Стојановски, Т 9232-9234.
[1880] Петре Стојановски, Т 9148-9149.
[1881] М052, Т 8239; 8602-8607.

487. Сите ОВР биле должни да го известуваат СВР за случувањата на територијата на своето ОВР.[1882] ОВР „Чаир“ редовно го известувал СВР Скопје,[1883] односно на секои 12 часа.[1884]

488. Што се однесува на известувањето, откако ќе им завршела должноста полицајците или пишувале службени белешки или извештаи и ги поднесувале до своите претпоставени во полициската станица.[1885] Полициските станици го известувале ОВР секојдневно.[1886] Спротивно на некои докази,[1887] Советот смета дека полициските станици и оперативниот оддел во рамките на секој ОВР ја носеле главната одговорност за кривични престапи и сторители.[1888]

(ii) Специјални полициски единици

489. Член 11 од Законот за внатрешни работи пропишува:[1889]

> Заради заштита и безбедност на Република Македонија во воена, во вонредна состојба или кога јавниот ред и мир е нарушен во поголрм обем, министерот може од полицајците и приправниците за полицајци, од учениците за полицајци постари од 18 години, студентите, слушателите на курсеви за полицајци, од работниците на институцијата за школување на кадри за потребите на Министерството и од припадниците на резервниот состав кои имаат распоред во полицијата, да формира полициски единици за извршување на определени задачи.

490. Се чини дека во 2001 година имало три специјални полициски единици: единицата „Тигри“, единицата „*Посебна*“ и Баталјонот за брзи интервенции исто така познат под името „Лавови“.

491. Единицата „Тигри“ со околу 120 припадници[1890] постоела во август 2001.[1891] Всушност, таа била под команда на Тони Мандаровски од 30. април 1999 сé додека на 25. мај 2001 Љубе Бошкоски не го заменил со Горан Здравковски.[1892] Во време на настаните во Љуботен таа била под директна команда на Љубе Бошкоски како министер.[1893] Единица „Посебна“ постоела многу

[1882] Петре Стојановски, Т 9087-9088.
[1883] *Види* разни извештаи за периодот од 10-14. Август 2001, *inter alia*, Доказен предмет П98; П106; П107; П108; П109; П110; П113; П114; П115; П116; П117; П124; П126; П127; П144; П146; П147; П148; П152; П153; П154; П155; П157; П182; П254; П397; П440; 1Д289. *Види* исто така Татјана Грошева Т 4803-4804.
[1884] М053, Т 1948.
[1885] М053, Т 1415. *Види* исто така Петре Стојановски, Т 9310-9311; 9317; Доказен предмет П95, член 27; П111; П112; П125; П136; П396; 1Д84; 1Д145.
[1886] М052, Т 8239; 8602-8607. *Види* исто така разни извештаи за периодот од 10-14. Август 2001, *inter alia*, Доказен предмет П36; П37; П105; П145; П150; П151; П158; П159; П160; П161; П162; П163; П164; П257; П258; П259; П395; П398; П399; П400; 1Д288.
[1887] М052, Т 8602-8607;
[1888] Вилма Русковска, Т 1539; Петре Стојановски, Т 9100. *Види* исто така М053, Т 1958.
[1889] Доказен предмет П86, член 11.
[1890] М056, Т 2094.
[1891] М051, Т 1491. *Види* исто така Зоран Јовановски, Т 4891.
[1892] *Види* Зоран Трајковски, Т 5518; Доказен предмет 1Д44.
[1893] Доказен предмет 1Д107, член 7.1; Доказен предмет 1Д65; Ристо Галевски, Т 3666.

години од пред периодот на настаните во Љуботен.[1894] Таа била составена од редовни полицајци,[1895] коишто по наредба на министерот да се активира единицата „Посебна“, биле прераспоредувани од своите редовни работни должности во таа единица.[1896] Таа функционирала во рамките на Секторот за посебни единици при Министерството. „Полициskиот баталjон за брзи интервенции“ бил официјално формиран од страна на министерот Љубе Бошкоски на 6. август 2001.[1897] Тој бил ставен под команда на раководителот на Секторот за посебни единици,[1898] и официјално бил преименуван во „Лавови – Баталjон за брзи интервенции“ на 5. септември 2001.[1899] Постои несогласување во доказите дали официјалното формирање на 6. август 2001 значело само признавање на она што веќе било реалност,[1900] или дека „Лавовите“ не биле целосно ставени во функција сé до периодот по настаните во Љуботен.[1901]

(iii) Местото на полициските резервисти во Министерството за внатрешни работи

492. Во нормални околности сите полициски должности биле извршувани од редовната полиција.[1902] Резервните сили биле повикувани:[1903]

> во услови на воена или вонредна состојба, заради заштита на безбедноста на Република Македонија или за одржување на јавниот ред и мир кога е нарушен во поголем обем.

493. Сите полнолетни лица, откако ќе ислужеле редовна воена обврска, добивале свој воен распоред во резервните сили. Тие можеле да бидат распоредени во армијата на ПЈРМ, во полицијата или во рамките на цивилната заштита.[1904] Иако и армиските и полициските

[1894] Зоран Јовановски, Т 4896; 4900; Ристо Галевски, Т 3684-3685; Доказен предмет 1Д57. Доказниот предмет П75 е едно решение со датум од 26. јуни 2001 „за формирање посебна единица на полицијата на Министерството за внатрешни работи.“ Во став 15 од решението се вели дека решението да се формира посебната единица од 1993 година (Доказен предмет 1Д57) престанува да важи. Меѓутоа, ниту еден сведок не укажа на тоа дека ова импликува дека Посебната единица не постоела во август 2001, туку сведоците тврдеа дека ова решение укажува на зголемување на бројот припадниците во Посебната единица, Ристо Галевски, Т 3683-3684; 3686; Весна Доревска, Т 9402-9404.

[1895] Зоран Јовановски, Т 4896; Ристо Галевски, Т 3683-3684. *Види* исто така Доказен предмет 1Д57, став 3.

[1896] Зоран Јовановски, Т 4896; Доказен предмет 1Д57, став 10.

[1897] Доказен предмет П74, став 8. На истиот ден, Љубе Бошкоски издал едно решение со кое Баталjонот за брза интервенција и Единицата за специјални задачи се приклучуваат кон привремената здружена единица за борба против тероризмот составена од припадници на Министерството за внатрешни работи и на армијата, Доказен предмет П275.

[1898] Доказен предмет П74, став 1.

[1899] Доказен предмет 1Д61.

[1900] Назим Буши, Т 5896; Виктор Безрученко, Т 6713; Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 32.

[1901] Виктор Безрученко, Т 6712; Доказен предмет П82; Доказен предмет 1Д359. Врз основа на Доказениот предмет 1Д153 Советот прифаќа дека официјално биле назначувани припадници во единицата „Лавови“ само во ноември 2001.

[1902] М083, Т 1415-1417.

[1903] Доказен предмет П86, член 45(2). *Види* исто така Доказен предмет 1Д154, членови 1 и 2; 1Д356, член 2; Ристо Галевски, Т 3714-3715; Весна Доревска, Т 9456; Миодраг Стојановски, Т 6822-6825.

[1904] Ристо Галевски, Т 3714-3715. *Види* исто така М083, Т 1415-1417; М053, Т 1959-1960; Весна Доревска, Т 9457; 9458; Благоја Марковски, Т 10670; Доказен предмет 1Д98, член 81.

резервисти биле заведени на една листа во Министерството за одбрана,[1905] резервистите определени за во МВР биле исто така запишани и на листа во Одделението за одбранбена подготовка во МВР каде што се чувале нивните досиеја и се водело грижа за нивната обука.[1906] Припадник на резервната полиција можел да биде отстранет на барање од Одделението за одбранбена подготовка на МВР.[1907] Таквите лица сепак останувале припадници на резервните воени сили на Министерството за одбрана и под негова контрола.[1908]

494. Според релевантните закони и прописи, полициските резервисти биле ангажирани и повикувани на барање на МВР,[1909] делувале под негова команда,[1910] и носеле полициски униформи.[1911] Резервистите биле „овластени службени лица“ додека спроведувале должности и задачи од Министерството.[1912] Министерот за внатрешни работи бил оној што ги повикувал на должност полициските резервисти по наредба на претседателот на советот за безбедност.[1913]

495. Различни докази упатуваат на тоа дека, покрај тоа што биле заведени во МВР, за некој да стане резервист требало да има лична карта,[1914] да се јави на повик или како доброволец доколку повиците се јавни, да помине куса обука,[1915] да се провери дали има криминално досие,[1916] да му биде дадено оружје и униформа,[1917] и да добие паричен надомест.[1918] Тие услови не произлегувале од релевантните прописи. Во многу случаи тие веројатно само биле одраз на административната пракса. Според тоа, припадниците на резервната полиција коишто влегле во селото Љуботен на 12. август 2001, како и оние коишто извршувале должности во полициските станици во тоа време, сите биле вооружени, униформирани и опремени во полициски станици. Иако се укажува на тоа дека некои од нив имале криминално досие, тоа не е утврдено со докази,

[1905] Весна Доревска, Т 9492; Благоја Марковски, Т 10670; 10672; Доказен предмет 1Д351.
[1906] Доказен предмет 1Д107, член 6.8.
[1907] Благоја Марковски, Т 10673. *Види* исто така Весна Доревска, Т 9489-9491; 9641-9642; Доказен предмет 1Д350; 1Д351.
[1908] Весна Доревска, Т 9642; 9644.
[1909] Доказен предмет П86, член 45(2).
[1910] Доказен предмет 1Д154, член 2(2). *Види* исто така Слаѓана Тасева, Т 9719-9720.
[1911] Доказен предмет П86, член 45(3).
[1912] Доказен предмет П86, член 46(2). *Види* исто така Слаѓана Тасева, Т 9724.
[1913] Ристо Галевски, Т 3716. *Види* исто така Весна Доревска, Т 9489; М053, Т 1959-1960; Слаѓана Тасева, Т 9718-9719; М083, Т 1417; М084, Т 1453; Доказен предмет П86, член 46(1); П393, ЕРН N005-0625 (наредба за мобилизација издадена на 4. март 2001).
[1914] Ристо Галевски, Т 3717-3718. *Види* исто така М053, Т 1964; Зоран Јовановски, Т 4917-4918.
[1915] Зоран Јовановски, Т 4917-4918. *Види* исто така М053, Т 1983; Миодраг Стојановски, Т 6822-6825.
[1916] М084, Т 1455-1456; М083, Т 1418-1419.
[1917] Ристо Галевски, Т 3717-3718; Петре Стојановски, Т 9115-9116. *Види* исто така М053 Т 1964; 1968-1969; Зоран Јовановски, Т 4917-4918; Весна Доревска, Т 9614.
[1918] Доказен предмет 1Д310, став 46. *Види*, меѓутоа, Зоран Јовановски којшто сведочеше дека резервистите можеле да бидат ангажирани за помалку од еден месец без надомест од Министерството, Т 4918.

ниту е можно да се утврди дека каква било кривична пресуда што можеби била донесена против некој од нив не била „издржана“ до тој момент според законот на ПЈРМ, или дека некој од нив спаѓал во категорија на лица на коишто им е забрането да служат во резервната полиција. Во времето на релевантните настани, тие извршувале задачи како припадници на резервната полиција. Што се однесува на полициската станица „Чаир“ на 10. и 11. август, таму се проверувало дали доброволците имаат криминално досие пред да им биде издадено оружје.[1919]

496. Министерството за внатрешни работи имало овластување да определи во која единица ќе биде распореден некој полициски резервист кога ќе биде мобилизиран.[1920] Кога некој резервист бил распореден во полициска станица, одговорноста за тоа лице, вклучувајќи и давање задачи и одговорности, ја преземал командирот на таа полициска станица.[1921] Во 2001 година, 300-350 резервни полицајци биле евидентирани во ОВР „Чаир“.[1922]

(iv) „Комета“

497. „Комета“ била приватна агенција за обезбедување во сопственост на Зоран Јовановски со прекар Бучук.[1923] „Комета“ не била дел од македонската армија или полиција. Со еден договор меѓу МВР и „Комета“, „Комета“ можела да биде ангажирана да му дава безбедносни услуги на Министерството и во согласност со тоа на агенцијата и биле издадени пет лиценци.[1924] На 25. и 26. јули 2001 автоматски пушки со муниција и полициски униформи им биле издадени на вработени во „Комета“ коишто дошле во ПСОЛО.[1925] Доказите исто така покажуваат дека лица испратени од „Комета“ биле опремени во ОВР „Чаир“ на 10. и 11. август 2001. Според мислењето на Советот, овие настани укажуваат на тоа дека луѓето испратени од „Комета“ биле на листата на резервни полицајци на МВР, коишто, по пријавувањето во Министерството за резервна служба, било како волонтери или бидејќи биле лично повикани, биле примани за активна служба како припадници на резервната полиција.[1926]

[1919] М084, Т 1461-1462; Доказен предмет П231.
[1920] Доказен предмет П74.
[1921] М053, Т 1968-1969; 1990; *Види* исто така М084, Т 1460; М083, Т 1445; Весна Доревска, Т 9489.
[1922] М053, Т 1972.
[1923] М056, Т 2146-2147.
[1924] Доказен предмет П534.
[1925] Миодраг Стојановски, Т 6791-6792; Доказен предмет П436.
[1926] Припадниците на полициските резервисти беа повикани од претходникот на Љубе Бошкоски, М084, Т 1453; Доказен предмет П393, ERN N005-0625, и повторно мобилизирани од Љубе Бошкоски, Доказен предмет 1Д91. *Види* исто така Зоран Јовановски, Т 4920; Ристо Галевски, Т 3719-3720; Благоја Марковски, Т 10663-10664; Петре Стојановски, Т 9117-9120.

(б) Овластувањата *de jure* и *de facto* на Љубе Бошкоски

498. Љубе Бошкоски бил министер за внатрешни работи на ПЈРМ од мај 2001 до ноември 2002.[1927]

499. Во Обвинението се тврди дека во релевантниот период Љубе Бошкоски, во својство на министер за внатрешни работи, имал *de jure* и *de facto* команда и контрола врз редовната и резервната полиција, вклучувајќи ги сите специјални полициски единици, во рамките на ПЈРМ.[1928]

500. Добиени се голем број на усни и документирани докази и многу време беше посветено на расправата околу тоа како може да се сумира улогата и овластувањата на Љубе Бошкоски, и *de jure* и *de facto*, како министер за внатрешни работи во периодот релевантен за Обвинението. Голем дел од тоа се однесуваше на структурата и функционирањето на МВР. Советот смета дека не е потребно исцрпно во детали да ги изнесе овие докази и тврдењата во врска со нив бидејќи, според нивното мислење, многу малку од тоа се покажа дека е од битно значење.

501. Како што беше укажано, единствената основа наведена во Обвинението врз којашто Љубе Бошкоски би можел да биде осуден за кривичните дела за кои се товари е во согласност со одредбите на член 7(3) од Статутот, односно командна одговорност. Токму поради тоа толку многу внимание беше концентрирано на неговата улога и овластувања како министер.

502. Главниот противаргумент на Одбраната на Бошкоски е дека Љубе Бошкоски не бил ниту *de jure* ниту *de facto* претпоставен, во смисла на значењето на член 7(3) од Статутот, на полицајците што влегле во Љуботен утрото на 12. август 2001, ниту на Јохан Тарчуловски, ниту на полицајците на полициските контролни пунктови, во полициските станици, во судот или во болницата, коишто се спомнуваат во Обвинението.[1929] Понатаму се тврди дека Љубе Бошкоски немал овластување да го казни кое било од овие лица во смисла на значењето на член 7(3).[1930]

503. Подробните докази и поднесоци како поткрепа за тоа главно доведоа до заклучок дека според Уставот и законите на ПЈРМ Министерот за внатрешни работи бил политичка раководна личност чиишто одговорности и функции во голема мера биле усмерени кон неговите

[1927] Доказен предмет П43, факт 3.
[1928] Второ изменето обвинение, став 11-12.
[1929] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 82, 108, 381-417, 433-455. Завршни зборови, Т 11063-11065, 11070-11071, 11075-11076.
[1930] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 73-74, 436.

активности во владата, но со малку реални овластувања или функции во рамките на МВР, освен во оние ограничени случаи каде што со некој закон јасно на министерот му се доделува определена функција или овластување.[1931] Оваа прилично изненадувачка позиција се изнесува на многу вешт и сериозен начин. Особено големо внимание е посветено на организациските поделби и структури во рамките на МВР, сите со свое сопствено раководство и хиерархиска скала, структура што определува кој пред кого и за што одговара, и многуте подробни законски одредби со коишто се одредува одговорност за спроведување на определени овластувања или функции на конкретни позиции или на определени одделенија или структури во рамките на МВР.[1932] Посебен акцент беше ставен на аргументот дека дури и на највисоко ниво во рамките на МВР овластувањето за издавање наредби и извршување на други функции не можело да биде спроведено хоризонтално во сите одделенија и структури, туку само вертикално во рамките на одделот или структурата.[1933] Исто така беше обрнато внимание на правните одредби со кои конкретно се пропишува министерот да извршува конкретна функција или овластување.

504. Овие аспекти на правната и административна структура беа изнесени како поткрепа на аргументот дека сите овластувања и функции биле всушност пренесени од министерот на различни државни службеници во рамките на неговото министерство.[1934] Само во оние мал број случаи кога некое овластување или функција му биле директно доделени на министерот тој бил во состојба самиот да делува.

505. Токму поради ваквата поставеност се чини дека во најголема мера министерот главно добивал извештаи од или преку раководителите на одделите или структурите што му овозможувало да се запознае со важните работи што се случувале и да има преглед на функционирањето на многуте оддели и структури, така што тој да може да им дава совети на своите подредени во МВР коишто биле одговорни да делуваат по некое конкретно прашање, и за тој потоа да може да ги информира Владата, Претседателот и Собранието, според потребите, и да покрене некои прашања на кои треба да им се обрне внимание или да се донесе решение ако е потребно.[1935]

[1931] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 9, 13, 16-18, 44-53, 83-94, 124. Завршни зборови, Т 11076, 11081.
[1932] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 6-17, 47, 99-100.
[1933] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 12, 99, 103, 108, 123.
[1934] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 20-21.
[1935] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 16, 56.

506. Посебен акцент беше ставен на законската одредба дека министрите *раководат* со работата на своите министерства, а овој термин вака одбран пропишува министерот да има во некоја смисла само административна улога, без некоја реална моќ да ја определува, контролира или управува работата на министерството.[1936]

507. Според мислењето на Советот, аргументите на Одбраната во тој однос, како и доказите за нивна поткрепа не може да се прифатат. Тоа претставува основно неразбирање на целите и ефектите на релевантната правна регулатива на ПЈРМ. Доколку се земат предвид изнесените ставови тоа значително би ја ограничило ефективноста и ефикасноста на парламентарната демократија со која се раководи ПЈРМ. Советот обрнува внимание само на неколку правни одредби.

508. Во член 11(1) од Законот за Владата на ПЈРМ е пропишано:

> Претседателот на Владата раководи со работата на Владата, одговорен е за нејзината работа и остварува соработка со другите органи, јавни претпријатија и установи.[1937]

Поимот *раководи* овде е употребен во однос на Претседателот „на Владата“ (*sic*). Со ова се нагласува колку е непрактично и правно неиздржано поимот *раководи* да се толкува со тесно и во суштина административно значење без секаква моќ, како што се предлага. Тоа е во извесна смисла исто така контрадикторно на ставот на Одбраната која се чини дека го прифаќа фактот дека Претседателот имал широки овластувања да управува со министрите и со министерствата со тоа што претставувал највисок претставник на власта во Владата на ПЈРМ.[1938]

509. Истиот закон за Владата понатаму во член 13 пропишува:

> Министерот самостојно раководи со министерството за кое е избран, го следи и е одговорен за спроведувањето на законите и другите прописи.[1939]

Очигледно е дека во овој закон, поимот *раководи* е употребен и за Претседателот и за кој било министер. И во двете одредби тој е употребен во значење на највисока контрола на функциите на Владата или на едно од нејзините министерства. И во двата случаја *раководи* се употребува да ја опише улогата на Претседателот или на министерот, а секој од нив е одговорен пред Собранието и пред народот за правилното функционирање на целата Влада, во случајот на

[1936] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 16, 56.
[1937] Доказен предмет П551, член 11(1).
[1938] Завршни зборови, Т 11093-11094.
[1939] Доказен предмет П551, член 13.

Претседателот, или на некое министерство, во случајот на некој министер. Ова значење силно укажува на тоа дека поимот *раководи* не може да биде ограничен само на административен надзор без некоја реална моќ за одредување и усмерување на функциите кои се раководат. Ова станува многу појасно со зборовите што следат во член 13 според кои министерот кој раководи *самостојно* со министерството, е *одговорен* за спроведувањето на законите и другите прописи. Нагласувањето на „самостојно“ не е во согласност со тврдењето дека министерот е во суштина само канал за комуникација од неговите службеници во Министерството, коишто (а не министерот) имаат одговорност да ги спроведуваат повеќето овластувања и функции. Оваа неконсистентност уште повеќе доаѓа до израз со тоа што на министерот експлицитно му се дава одговорност за спроведување на законите и другите прописи. Меѓутоа, според тврдењето на Одбраната тоа е токму она што различни државни службеници во министерството се директно (без да биде вклучен министерот) задолжени да го прават, врз основа на сите законски овластувања или функции дадени на некој државен службеник или позиција што тој или таа ја има.

510. Вистинската намера на системот на правната регулатива за владините институции може дури и појасно да се види во Законот за организација и работа на органите на државната управа којшто пропишува:

Член 47 став 1:

> Со работата на Министерството раководи министер.[1940]

Член 49 став 1:

> Министерот го претставува министерството, организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите; донесува прописи и други акти за кои е овластен и презема други мерки од надлежност на министерството во согласност со законот; одлучува за правата, должностите и одговорностите на државните службеници и други лица вработени во министерството кои немаат статус на државни службеници, доколку со закон поинаку не е определено.[1941]

Сосема е јасно од овие две директно поврзани одредби дека опсегот на раководење на некое министерството од страна на министер вклучува обезбедување на законско и ефикасно извршување на работата на министерството. Министерот има задача да обезбеди работите што се вршат во неговото министерството да бидат извршени законски и ефикасно. Ова неопходно условува, во согласност со сите изнесени законски услови, министерот да може да наредува и да

[1940] Доказен предмет П92, член 47(1). *Види* исто така Доказен предмет 1Д107, член 2.
[1941] Доказен предмет П92, член 49(1).

ги одредува работите што треба да бидат извршени во неговото министерството, да ги усмерува државните службеници што треба да ги извршат задачите на министерството (вклучувајќи ги и оние овластувања и функции што им се дадени на определени државни службеници со законски одредби), и да наложи делување во согласност со неговите упатства.

511. Толкувањето детално објаснето погоре е исто така во согласност со примарното, вообичаено и буквално значење на зборот *раководи*, односно контролира и усмерува активности.

512. Што се однесува на аргументот на Одбраната на Бошкоски, се случува со закон директно да му биде дадено некое овластувања или функција на некој државен службеник на МВР и тоа треба да се толкува во контекст на законските одредби што беа разгледани погоре. Со такво конкретно овластување, на Министерот за внатрешни работи не му се одзема правото да бара законско и ефикасно извршување на тоа овластување или функција.

513. Токму поради овие причини Советот е убеден дека Љубе Бошкоски, како министер, имал *de jure* моќ да ја контролира и управува полицијата и сите други активно вработени лица во МВР, вклучувајќи ги припадниците на резервните и специјални полициски единици, во поглед на операцијата спроведена во Љуботен на 12. август 2001 и настаните што произлегле од неа на полициските контролни пунктови и во полициските станици. Оваа *de jure* моќ исто така се протега на обезбедување дека оние полицајци што се одговорни за испитување на она што се случило, вклучувајќи ги и оние од кои се барало да делуваат по упатствата на судските власти или да му помагаат на јавниот обвинител, односно криминалната полиција на МВР, [1942] ќе ги извршат своите функции ефикасно и законски. Поконкретно, оваа моќ за контрола и управување се протега и врз обвинетиот Јохан Тарчуловски, којшто тогаш бил вработен во МВР, чија редовна обврска била да ги извршува своите должност во врска со обезбедувањето на сопругата на Претседателот.[1943]

514. Љубе Бошкоски бил министер на едно структурирано, дисциплинирано и строго регулирано министерство во една влада што функционирала ефективно и на којашто и биле на располагање сите постоечки помошни владини структури, вклучувајќи ги судските власти, полицијата и воените служби. Не постои сомнение дека тој бил во состојба ефикасно да ги

[1942] Доказен предмет П86, член 12; Зоран Јовановски, Т 5008; 5114; Петре Стојановски, Т 9099.
[1943] *Види погоре*, став 477.

спроведува своите министерски овластувања доколку сакал. [1944] Доказите понатаму покажуваат колу бил активен во спроведувањето.[1945]

515. За целите на член 7(3) од Статутот Советот смета дека Љубе Бошкоски им бил претпоставен на вработените во МВР, споменати погоре.[1946] Тој ја имал и можел ефективно да ја спроведува, потребната командна одговорност.

516. Покрај заклучокот изнесен погоре, Советот би сакал да го изнесе и својот заклучок дека доказите исто така покажуваат дека, во однос на она што беше разгледано погоре, и да не му биле дадени на Љубе Бошкоски потребните *de jure* овластувања тогаш, *de facto,* тој ефективно сепак би имал и би можел да делува со иста таква моќ. Врз основа на доказите Советот е убеден дека тој е силна и енергична личност и дека имал силно влијание во раководењето со вработените во Министерството и дека можел да биде сигурен дека тие ќе ги прифатат сите предлози, како и дека се стекнал кај нив со чувство на лојалност и постигнал соработка на сите нивоа во министерството.[1947]

517. Меѓутоа, Советот го изнесува својот заклучок дека како министер за внатрешни работи, Љубе Бошкоски немал никаква функција ниту надлежност во однос на армијата или нејзиниот персонал. Тоа спаѓало во рамките на обврските на Министерството за одбрана.[1948] Понатаму, Љубе Бошкоски немал никаква министерска функција или надлежност во однос на судските власти, јавниот обвинител или судската полиција што се грижела за безбедноста во судовите. Покрај тоа, Љубе Бошкоски немал никаква министерска функција или надлежност во однос на персоналот, вклучувајќи го обезбедувањето и чуварите, во болниците или затворите. Тоа спаѓало во рамките на обврските на Министерството за правда.[1949]

518. Многу време и докази беа исто така концентрирани на прашањето дали Љубе Бошкоски го имал неопходното овластување да казнува во смисла на член 7(3) од Статутот. Беше изнесено тврдење дека тој немал овластување да казнува за кривично однесување од страна на

[1944] *Види на пример* Доказен предмет П92, член 49 и 55; Весна Доревска, Т 9407; 9435-9436; 9555; Петре Стојановски, Т 9246-9248.
[1945] *Види на пример* Доказен предмет П64; П65; П71; П72; П74; П77; П80; П82; П85; П271; П278; П468; П469; П470; П471; 1Д61; 1Д62; 1Д65; 1Д66; 1Д358; 1Д359; Весна Доревска, Т 9548; Слаѓана Тасева, Т 9720.
[1946] *Види погоре*, став 513.
[1947] Доказен предмет П277; П278; П401; Зоран Трајковски, Т 5505-5506; Благоја Јаковски, Т 3917-3918; Зоран Јовановски, Т 4854.
[1948] Доказен предмет П92, член 15.
[1949] Доказен предмет П92, член 17; Доказен предмет П90, член 103 *et. seq.*; Вилма Русковска, Т 1557; Ристо Галевски, Т 3785-3786.

полицијата.[1950] Според важечките закони на ПЈРМ судските власти биле оние што требало да вршат истрага и да казнуваат, при што јавниот обвинител имал одговорности според својата правосудна функција.[1951] Понатаму, што се однесува на дисциплинската постапка во МВР, се тврди дека министерот немал никаква моќ да покрене дисциплинска постапка или да казни за дисциплински прекршоци бидејќи такви обврски и овластувања им биле доверени на други лица.[1952] Понатаму, што се однесува на резервната полиција, се тврди дека не постоела никаква постапка ниту овластувања за казнување за дисциплински прекршоци. Во суштина припадниците на резервната полиција не биле вработени, па дисциплинските мерки, како што се тврди, се однесувале само на вработените.[1953]

519. Во врска со кривичното однесување од страна полицијата, и законите и судската пракса што Советот ги разгледуваше порано во оваа Пресуда, јасно е дека во контекст на член 7(3), а особено кога се работи за претпоставен којшто лично не е овластен да казнува подредени, како на пример политички водачи, услов е да постои извештај до надлежните власти кој веројатно ќе покрене испитување или започнување на соодветна постапка.[1954] Обврската на претпоставениот е да преземе активни мерки за да обезбеди прекршителите да бидат казнети.[1955] Овие прашања ќе бидат разгледани поподробно.

520. Во врска со можноста за дисциплинска постапка во рамките на МВР, Советот забележува дека, поради тукушто изнесените причини, не е неопходно министерот лично да има овластување да казнува или да санкционира. Ако постојат утврдени тела или процедури за дисциплински мерки одговорноста на министерот како претпоставен е да ги извести соодветните власти на начин што беше спомнат погоре. Во тој однос, спротивно на едно тврдење на Одбраната,[1956] Советот смета дека министерот не само што имал овластување да донесува решенија по предлог подготвен од страна на дисциплинската комисија, според Колективниот договор,[1957] туку тој можел исто така и да иницира постапка пред оваа

[1950] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 31-32, 73, 190-194.
[1951] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 22-25, 28, 34-35, 131-147. Завршни зборови, Т 11081, 11099.
[1952] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 231-237, 240-242.
[1953] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 3, 209-212, 250-253.
[1954] *Види погоре*, став 418.
[1955] *Види погоре*, став 417.
[1956] Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски, став 231-237.
[1957] Доказен предмет П382, член 148 и 149.

комисија.[1958] Покрај тоа, Советот не може да ги прифати доказите и тврдењата дека резервната полиција не подлежи на воспоставените дисциплински постапки. И доказите и тврдењата во тој правец се чини дека поаѓаат од едно премногу тесно гледање на законската шема според која резервистите, кога ќе бидат повикани на должност, се ангажирани како и другите полицајци, и покрај тоа што примале надомест според специјална законска шема за резервисти, и ги имаат сите обврски според одредбите од член 46(2) од Законот за внатрешни работи којшто пропишува:

> За време додека ги извршуваат работите и задачите, припадниците на резервниот состав во смисла на член 24 од овој закон имаат должности и овластувања на овластено службено лице.[1959]

Член 24 пропишува:

> Работниците на Министерството имаат посебни должности и овластувања определени со закон се овластени службени лица.

Во него исто така се пропишува дека сите полицајци и оперативни работници во Министерството се овластени службени лица.[1960]

521. Меѓутоа, според мислењето на Советот нема потреба тој да донесе некое конечно решение во однос на дисциплинските постапки во рамките на МВР или дали резервната полиција може да биде казнета за дисциплински прекршоци. Во овој предмет постапките што се наведуваат во обвинителниот акт се убиство на жители на Љуботен, спроведување грубо насилство врз жителите и разурнување на домовите и друг имот на жителите. Сето ова претставува кривично однесување, и како такво е казниво според законите на ПЈРМ. Кривични постапки од ваков вид да се третираат само како внатрешен дисциплински прекршок би била сосема неадекватна мерка за казнување на кој било полицаец што можеби ги извршил престапите за кои се тврди.

522. Според мислењето на Советот релевантното прашање што произлегува од околностите на овој предмет е дали Љубе Бошкоски презел соодветни мерки за да обезбеди наведеното кривично однесување од страна на полицајците да им биде дадено на знаење на соодветните власти така што тоа би можело да се испитува со цел да се покрене кривично обвинение и

[1958] Иако овластувањето за започнување на таква постапка им било дадено на неговите подредени, тоа било со одобрување на министерот, Доказен предмет П382, член 143(5) и (6). Според тоа, министерот го задржувал правото да и дава предлози на дисциплинската комисија.
[1959] Доказен предмет П86, член 46(2).
[1960] Доказен предмет П86, член 24(2).

соодветно казнување. Според тоа нема потреба покренатите прашања во врска со внатрешната дисциплинска постапка понатаму да се разгледуваат.

(в) Сознанијата и делувањето на Љубе Бошкоски

523. Околностите до кои се дојде преку доказите беа подробно изнесени претходно во оваа Пресуда. Не е покажано дека Љубе Бошкоски навистина набљудувал неокои кривични дела извршени од страна на полицајците во текот на неговата посета на Љуботен на 12. август 2001. Доказите покажуваат дека тој бил кај куќата на Браца повеќе од еден час. За тоа време тој слушал пукање и гледал како горат куќи.[1961] Според сознанието на Советот тој исто така во еден момент видел група од 10 лица со полициска придружба пред куќата на Браца. Овие лица лежеле со лицата свртени надолу и со прекриени глави. Му било кажано дека тоа се терористи што биле фатени. Иако е утврдено дека овие луѓе биле претходно грубо малтретирани од полицајците, а во некои случаи и додека лежеле пред дворот од куќата на Браца, од доказите не може да се заклучи дека Љубе Бошкоски го видел тоа, или дека требало да дојде до заклучок според изгледот на десетмината дека биле сурово малтретирани.[1962]

524. Чадот што доаѓал од селото бил знак дека куќите горат, но самото тоа што Љубе Бошкоски ја гледал ситуацијата и информациите дека постои вооружен судир меѓу безбедносните сили и „терористи“ не може да биде причина за тоа тој да верува или да се сомнева дека имало намерно подметнување на пожар или друг вид на безобѕирно уништување на имот од страна на полицијата.

525. Љубе Бошкоски на видел да се пука во ниту едно лице. Според доказите не е евидентно дека му било кажано дека имало убиени лица. Нему му било кажано дека неколку „терористи“ биле фатени во текот на акцијата тоа утро. Како поткрепа на информациите што му биле дадени утрото му биле покажани три парчиња огнено оружје и муниција за кои му било речено дека биле одземени од уапсените терористи.[1963] Тоа би требало да биде дополнителна потврда за природата на информациите што му биле дадени, односно дека имало успешна акција против терористи во селото тоа утро во која неколку терористи биле фатени. Неговите коментари во

[1961] *Види погоре*, став 426.
[1962] *Види погоре*, став 428.
[1963] *Види погоре*, став 428.

телевизискиот извештај кај куќата на Браца укажуваат на тоа дека тоа бил неговиот општ впечаток за она што се случило тоа утро.[1964]

526. Нема докази што би укажувале на тоа дека Љубе Бошкоски видел, или на 12. август му било кажано за малтретирање од страна на полицијата на граѓани кај контролни пунктови, или во полициски станици, настани што се чини се случиле подоцна тој ден. Доказите исто така покажубаат дека Љубе Бошкоски не бил во Љуботен „во текот на целата“ акција тој ден како што некои медиуми и други извештаи потоа тврделе.[1965] Доказите покажуваат дека најрано што е потврдено Љубе Бошкоски пристигнал во Љуботен во завршната фаза на акцијата тоа утро,[1966] и дека бил само кај куќата на Браца што е лоцирана на периферијата на селото од каде што селото не можело целосно да се набљудува.[1967] Не постои основа за заклучок дека тој целосно ги набљудувал настаните што се случиле тој ден.

527. Сепак доказите укажуваат на тоа дека медиумите и дипломатски претставници брзо добиле информации од различен карактер за настаните тој ден, а веќе следниот ден се проширила гласини во медиумите и во други кругови дека имало судири со граѓани, гранатирање од страна на полицијата и повеќе убиени лица. Советот е наполно убеден дека овие сериозни наводи брзо стигнале до Љубе Бошкоски. Советот прифаќа дека поради тоа Љубе Бошкоски делувал истиот ден, 13. август 2001, со формирање на комисија за да се испитаат настаните од 12. август во Љуботен.[1968] Поради овие гласини, Хенри Болтон, од ОБСЕ го посетил селото на 14. август.[1969] Меѓутоа, истиот ден Љубе Бошкоски зборувал со амбасадорот на ОБСЕ Карло Унгаро поради неговата загриженост во врска со реакциите на ОБСЕ на гласините што кружеле.[1970] Овие гласини очигледно се раширила толку многу што на 23. август 2001 Петер Букар од HRW отишол во селото да испитува.[1971] Неговиот извештај којшто дошол до Љубе Бошкоски, како и написите во весници засновани на тој извештај јасно укажувале на тврдења за убиства, бруталност на полицијата и уништување на имоти.[1972] До тој момент сосема станало јасно дека постои оправдана причина за вистинско испитување на она што се случило поради цврстите тврдења дека во Љуботен на 12. август биле извршени тешки

[1964] Доказен предмет П442; Ели Чакар, Доказен предмет П441, став 35.
[1965] *Види погоре*, став 425.
[1966] *Види погоре*, став 70.
[1967] *Види* Благоја Јаковски, Т 3937-3941; Ели Чакар, Т 5181; 5196.
[1968] *Види погоре*, став 434.
[1969] Доказен предмет 1Д24; Хенри Болтон, Доказен предмет П236.1, став 11, 13.
[1970] *Види погоре*, став 446.
[1971] Петер Букарт, Т 2926; 2960; 3024-3026; Петер Букарт, Доказен предмет П322, став 29-33.
[1972] *Види погоре*, став 448; 450-451.

кривични дела од страна на полицијата. Како што Советот заклучи претходно во оваа Пресуда, за целите на член 7(3) од Статутот, според мислењето на Советот, Љубе Бошкоски како претпоставен на полицијата имал сознание кое во најмала рака барало испитување. Комисијата што била формирана на 13. август и која поднела извештај на 4. септември 2001 не била доволно да ја задоволи потребата од испитување. Формулацијата на предметот на оваа комисија била фактички сосема погрешна, упатувајќи на тоа дека безбедносните сили делувале за одбивање на терористички напад, и тесно ограничена.[1973] Комисијата немала правна задача компетентно да истражува. Конечниот извештај од многу високи службеници на МВР содржи намерни нејаснотии и нечесни пропусти, што многу јасно укажува на ставот што преовладувал во круговите на полицијата.

528. Формирањето на комисијата за испитување од страна на Љубе Бошкоски на 13. август претставува чин што би можел да се смета за негово исполнување на условите во согласност со член 7(3), иако доказите покажуваат дека Љубе Бошкоски бил главно мотивиран од политички побуди[1974] со цел да ги одврати критиките на домашната и меѓународната јавност во тоа време.

529. Меѓутоа, во овој случај настаните добија друг тек. Како резултат на тоа прашањето не е дали Љубе Бошкоски, со понатамошни и поупорни испитувања, требало да дознае за однесувањето на полицајците што би барало тој да го пријави случајот до властите одговорни за испитување на кривични дела. Наместо тоа, извештај всушност бил упатен до надлежните власти, истражните судски власти и јавниот обвинител. Доказите не упатуваат на тоа дека овој извештај бил составен по барање на Љубе Бошкоски. Сепак, тој бил направен од полициски службеници од неговото министерство, доцна на 12. август 2001, во текот на извршувањето на нивните вообичаени должности.[1975] Важно е дека Обвинетиот бил известен за ова и дека бил составен истражен тим со истражен судија и дека веќе биле направени обиди да се спроведе испитување на лице место во Љуботен.[1976] Доказите не упатуваат на тоа дека конкретниот текст од полицискиот извештај до истражниот судија и јавниот обвинител му бил доставен на Љубе Бошкоски и нема причина да се смета дека тој требало да го бара тоа. Меѓутоа, во текстот на извештајот се вели дека биле пронајдени неколку мртви тела во Љуботен и дека луѓето биле најверојатно убиени во текот на борбените активности на безбедносните сили.[1977] Во него

[1973] Доказен предмет П73.
[1974] *Види* Доказен предмет П402, ERN N000-9661.
[1975] Доказен предмет 1Д6.
[1976] Доказен предмет 1Д373; 1Д374. *Види* исто така Доказен предмет П402, ERN N000-9659.
[1977] Доказен предмет 1Д6.

конкретно не се спомнуваат тврдења за тепање. Се спомнуваат борбени активности, но јасно не се кажува за уништување на имот. Сепак, со тоа смртните случаи биле директно дадени на знаење на властите одговорни за истражување на кривични престапи и иако упатувале на една причина, причината за смртта останала отворена. Уште еден извештај бил направен, за истите соодветни судски власти, на 14. август 2001 по смртта во болницата на 13. август на едно лице, Атула Ќаиљи, приведен од страна на полицијата во Љуботен на 12. август 2001.[1978] Овие два извештаја од полицијата за смртните случаи во Љуботен на 12. август 2001 и за смртта на Атула Ќаиљи на 13. август 2001 требало, по редовниот тек на работите, да ги наведе истражниот судија и јавниот обвинител да спроведат истрага како што е предвидено со законот во такви околности.[1979] Вообичаено таквата истрага би предизвикала истражниот судија и јавниот обвинител да станат свесни, официјално, за непосредно поврзаните тврдења за кривично однесување на полицајците во Љуботен, како и подоцна, на полициските контролни пунктови и во полициските станици, а потоа би требало да следи истрага во врска со тие тврдења. Меѓутоа, како што беше подробно објаснето погоре во Пресудата, вообичаено испитување немало.[1980]

530. Според заклучоците на Советот, значаен фактор што влијаел врз овој пропуст било неколку пати повтореното но неосновано тврдење од страна на началникот на ОВР „Чаир“ до истражниот судија и јавниот обвинител дека поради постоечките безбедносни проблеми во Љуботен би било опасно истражниот судија и другите да влезат во селото за да ја извршат вообичаената истрага.[1981] Дополнителен фактор е и непостоењето на изјави од полицијата во врска со настаните во селото тоа утро, смртните случаи и повредите на Атула Ќаиљи. Доказите што ги има Советот укажуваат на тоа дека идентитетот на полицајците што влегле во селото утрото на 12. август 2001 никојпат не им биле доставени на јавниот обвинител и истражниот судија. До денес тие останууваат неидентификувани. Никакви вообичаени полициски истраги не биле спроведени тој ден, пред истражниот судија и јавниот обвинител да бидат известени, ниту потоа,[1982] на местото каде настанале смртните случаи во селото. Немало никакви

[1978] Доказен предмет П46.16.
[1979] Доказен предмет П88. Глава XV и XVI.
[1980] *Види погоре*, став 431; 433; 454-456.
[1981] Доказен предмет 1Д6; 1Д190.
[1982] Законот за внатрешни работи пропишува во член 12 дека криминалистичката полиција треба да спроведува активности за, *inter alia* „откривање и фаќање на сторители на кривични дела“, и со упатување на член 1 „спречување на вршење кривични дела, откривање и фаќање на сторители на кривични дела и нивно предавање на надлежни органи“, Доказен предмет П86. Постојат докази што упатуваат на тоа дека, и покрај овие одредби, полицијата не можела да врши истраги доколку не е упатена од страна на истражен судија или јавен обвинител: Зоран Јовановски, Т 5041-5043; Петре Стојановски, Т 9092; 9094; 9179. *Види* исто така Вилма Русковска, Т 1538. Сепак, на пример, член 144(3) од Законот за кривична постапка, Доказен предмет П88, не го поддржува

криминалистичко-технички испитувања на местата на настаните, што би било неопходно за да им овозможи на јавниот обвинител и на судските власти да ги спроведат своите истраги. Ова многу ја отежнува задачата на овој Меѓународен суд. Телата на починатите биле оставени таму каде што загинале. Исто така никакви информации не им биле дадени на истражниот судија и јавниот обвинител за тоа како и каде Атула Ќаиљи ги здобил фаталните повреди и не биле идентификувани никакви сведоци ниту полицајци во врска со приворањето на Атула Ќаиљи. Ниту пак биле дадени имиња на сведоци за неговите повреди. И покрај тоа што истражниот судија наредил да се изврши обдукција, извештајот за наодите од оваа обдукција не дошол до истражниот судија или јавниот обвинител и никој од нив не продолжил да го следи случајот.[1983] Покрај многуте други работи, во овој извештај подробно се опишани голем број и многу сериозни физички повреди причинети од повеќекратни насилнички удари што довеле до смрт.[1984]

531. Со исклучок на неколку лица што доставиле податоци до полицијата,[1985] се чини дека ниту еден од жителите не отишол во полиција да поднесе жалба во врска со смртните случаи и малтретирањето или уништувањето на имот. Исто така не биле земени изјави од жители на селото што биле запознаени со настаните што се предмет на овие обвиненија, ниту пак им биле доставени изјави од жители или имиња на потенцијални сведоци на истражниот судија и јавниот обвинител. Причината за овие пропусти што беше наведена во доказите е дека жителите не сакале да соработуваат со полицијата.[1986] Доколку било така, тоа е разбирливо, со оглед на однесувањето на некои полицајци што беше утврдено во текот на овој судски процес. Меѓутоа,

---

тоа. Оваа одредба поаѓа од тоа дека на јавниот обвинител му се доставени доволно податоци што ќе ја овозможат евалуацијата што треба да се изврши. Одредбата му овозможува на јавниот обвинител да побара помош од Министерството доколку е потребно. Со ова не се оспорува надлежноста на јавниот обвинител да ја преземе и усмерува кривичната постапка во согласност со член 42 и 45 од Законот за кривична постапка. *Види* исто така Доказен предмет П88, член 142(1) и (2), според којшто Министерството за внатрешни работи треба да ги собере сите извештаи што би биле од полза за успешно спроведување на кривичната постапка, и за таа цел да ги преземе неопходните мерки и активности. Понатаму, Доказниот предмет П88, член 142(6) пропишува: „Врз основа на собраните сознанија, Министерството за внатрешни работи составува кривична пријава во која ги наведува доказите за кои узнало. [...] Ако органите за внатрешни работи по поднесувањето на кривичната пријава узнаат за нови факти, докази или траги на кривичното дело должни се да ги соберат потребните известувања и извештајот за тоа, како дополнение на кривичната пријава, да го достават до јавниот обвинител." *Види* исто така Доказен предмет П96, член 167. Покрај тоа, во секој случај, голем дел од истрагата битна за зачувување на местото на кривичните дела, како и доказни предмети, и за идентификување на потенцијални сведоци, било можно да се изврши во Љуботен на 12. август 2001, пред извештајот да биде испратен до истражниот судија и јавниот обвинител и во време кога присуството на голем број вооружени полицајци можело да обезбеди овие мерки да се преземат. Сепак, ништо не било сторено.

[1983] *Види погоре*, став 443.

[1984] Доказен предмет П49, стр. 14, 31.

[1985] *Види* Доказен предмет П148; 1Д189; 1Д190.

[1986] Петре Стојановски, Т 9191.

значаен е фактот дека полицијата не побарала соработка од жителите ниту пак се обидела да добие изјави.

532. Советот обрнува внимание на успешноста на обидите на Хенри Болтон од ОБСЕ на 14. август, и на Петер Букарт од HRW пред и по 23. август, да обезбедат помош од жителите кога се обиделе да извршат некои испитувања на она што се случило. Фактот што биле претставници на независни агенции можеби бил значаен фактор за она што успеале да го постигнат и информациите што ги добиле можеби биле непроверени и неверодостојни во извесна смисла, но нивното искуство барем служи да покаже дека безбедносната ситуација не била толку сериозна за да не може да се направи обид за истрага.

533. Се разбира истражниот судија и јавниот обвинител имале правно овластување повеќе да инсистираат овие вообичаени патишта на испитување да бидат спроведени од страна на полицијата. Иако извештаите од полицијата за постојани безбедносни проблеми може да претставуваат причина зошто тоа не било сторено, доказите исто така укажуваат на тоа дека преовладувал ставот дека напорите да се настојува на целосна истрага не биле соодветни поради безбедносната состојба во земјата во тоа време. Бидејќи истражните судски власти и јавниот обвинител не подлежеле под овластувањата на министерот Љубе Бошкоски, Советот нема причина да донесува каков било конечен заклучок во врска со тие прашања. Доволно е да се забележи дека бил направен сериозен пропуст соодветно да се испитаат извештаите доставени од полицијата до истражните судски власти и јавниот обвинител.

534. Како што беше укажано, полицајците под надлежност на ОВР „Чаир“ сериозно ги запоставиле своите вообичаени одговорности во однос на оваа истрага. Нема докази што упатуваат дека ова се случило по наредба на Љубе Бошкоски или пак дека тој бил свесен за тоа. Очигледно е дека, исто како оние до истражниот судија и јавниот обвинител, извештаите што дошле до Љубе Бошкоски упатувале на тоа дека не можат да се преземат истраги во Љуботен поради безбедносната ситуација.[1987] Нема основа за заклучок дека знаел дека е тоа погрешно или дека бил свесен во текот на период на кој се однесува Обвинието за пропустот на полицијата да ги изврши своите редовни функции.[1988]

535. Љубе Бошкоски имал на располагање други мерки со кои можел да обезбеди поцелосно да биде информиран, или да обезбеди надлежните полицајци да ги извршат своите должности

[1987] Доказен предмет 1Д373; 1Д374.
[1988] *Види погоре*, став 440-445.

со што истражниот судија и јавниот обвинител би можеле подобро да утврдат што навистина се случило и дали биле оправдани кривични обвинениja против кој било од полицајците. Доказите не покажуваат дека Љубе Бошкоски бил силно мотивиран во тој правец дури и да бил свесен за пропустите на полицијата. Иако овие прашања може да бидат релевантни за политичката одговорност на Љубе Бошкоски за постапките на полицијата поврзани со овие настани во и по Љуботен, тие не се пресудни за неговата кривична одговорност во согласност со член 7(3) од Статутот за постапките на некои од полицајците.

(г) Заклучоци

536. Како што беше укажано, сознанијата на Љубе Бошкоски за тврдењата во врска со кривично однесување на полицијата во Љуботен на 12. август 2001 и во она што следело биле доволно барем да му укажат на тоа дека можеби биле извршени кривични дела од страна на полицајците. Нему му биле достапни доволно информации за тоа дека полицајците можеби извршиле кривични дела. Како нивен претпоставен, Љубе Бошкоски бил обврзан да го пријави ова до надлежните власти одговорни за истрага на можни кривични постапки за да може тоа целосно да се испита и престапниците да бидат казнети доколку е тоа оправдано. За целите на член 7(3) неговата обврска да ги казни прекршителите што биле негови подредени би била исполнета, доколку постоела можност известувањето до соодветните власти да предизвика истрага на наводите за кривични постапки. Полицијата на Министерството за внатрешни работи испратила два извештаја, како дел од своите редовни должности, до истражните судски власти и до јавниот обвинител. Љубе Бошкоски бил информиран дека судските власти биле известени дека бил направен обид за истрага.[1989] Со оглед на природата на настаните и законски одредените функции на овие власти, иако извештаите не биле целосни ниту точни и не ги опишувале подробно сите можни кривични постапки, според мислењето на Советот тие сепак можеле да поттикнат истрага. Всушност, според законот, тие требало да предизвикаат судска истрага, поддржана од јавниот обвинител, по секој од смртните случаи во текот на којашто истражниот судија и јавниот обвинител би требало официјално да станат свесни за наводите за тесно поврзаното непрописно однесување на полицајците, што вклучувало сурово постапување и безобзирно однесување, при што би можеле да утврдат дали кривични обвинениja би биле оправдани. Всушност, немало соодветна истрага од страна на одговорните власти. Никаква кривична постапка не била покренатa против ниту еден полицаец. Постојат повеќе причини за тоа, но пропустите на полицајците на ОВР „Чаир“ да ги извршат своите должности правилно и

[1989] *Види погоре*, став 447.

желбата за утврдување од страна на одговорните власти се примарни фактори. Љубе Бошкоски немал нкаква надлежност ниту овластување во однос на одговорните власти, коишто биле надвор од МВР. Не е покажано дека пропустот на полицајците да ги извршат своите должности произлегува од неговите наредби ниту пак дека Љубе Бошкоски знаел за тоа во релевантниот период, или дека тој требало да го предвиди тоа. Според тоа не е утврдено дека било потребно дополнително известување или друга постапка од страна на Љубе Бошкоски за да биде задоволена неговата обврска според член 7(3) од Статутот. Не е покажано дека тој не ги презел неопходните и разумни мерки. Додека околностите што се откриваат преку доказите покажуваат сериозни пропусти во функционирањето на правните и полициските органи на ПЈРМ во тоа време, Обвинителството не утврдило дека Љубе Бошкоски е кривично одговорен за она што се случило.

B. Заклучоци за одговорноста на Јохан Тарчуловски

1. Улогата на Јохан Тарчуловски

537. Во 2001, Јохан Тарчуловски служел во единицата за обезбедување при Министерството за внатрешни работи. Во рамките на неговите работни должности спаѓало и обезбедувањето на сопругата на тогашниот Претседателот на ПЈРМ, Борис Трајковски.[1990] Златко Кесковски бил раководител на Секторот за обезбедување на Претседателот и претпоставен на Тарчуловски.[1991] Претседателот лично го одбрал Јохан Тарчуловски бидејќи верувал дека на таа позиција треба да има лице кое добро го познава.[1992] Златко Кесковски сведочеше дека Јохан Тарчуловски уживал голема доверба кај Претседателот. Тарчуловски често бил присутен во домот на Претседателот.[1993]

538. Како што беше претходно наведено, на 25. и 26. јули 2001, во ПСОЛО, поголемо количество оружје и униформи им биле издадени, меѓу другите, и на лица од агенцијата за обезбедување „Комета".[1994] Во време на пристигнувањето на луѓето од „Комета", Јохан

[1990] Златко Кесковски, Т 9969-9970; Доказен предмет 1Д317.
[1991] Златко Кесковски, Т 9948; 9968-9970; Доказен предмет 1Д317.
[1992] Златко Кесковски, Т 9977-9980.
[1993] Златко Кесковски, Т 9980.
[1994] *Види погоре*, став 497.

Тарчуловски бил виден во дворот на полициската станица.[1995] Миодраг Стојановски изјавил пред една комисија за испитување на настаните и случувањата во Љуботен дека оваа група на „Комета" ја предводел Јохан Тарчуловски. Меѓутоа, во своето сведочење тој ја повлече оваа своја изјава, наведувајќи дека не би можел да каже дали групата била под водство на Јохан Тарчуловски бидејќи во моментот на нивното пристигнување Стојановски бил во својата канцеларија.[1996] Во својот понатамошен обид да ја објасни промената на својата изјава, Миодраг Стојановски наведе дека присуството на Јохан Тарчуловски во ПСОЛО во тоа време не било необично бидејќи Тарчуловски ги изведувал своите должности во резиденцијата на Претседателот, која се наоѓала во близина на ПСОЛО, и често доаѓал во станицата.[1997] Сведокот на Одбраната, Златко Кесковски, се обиде да го поткрепи овој став тврдејќи дека ПСОЛО ја поставувала стражата пред влезот на комплексот каде живееле Претседателот и Премиерот и лицето кое го вршело обезбедувањето, во рамките на своите редовни дневни активности, ја посетувало ПСОЛО во врска со неговата должност да ја обезбедува резиденцијата на Претседателот.[1998] Меѓутоа, како што се разгледува на друго место, после овој настан во ПСОЛО во јули 2001, Јохан Тарчуловски и во други прилики бил видуван во присуство на лица од агенцијата „Комета",[1999] што на извесен начин го поткрепува мислењето дека неговото присуство во ПСОЛО во времето кога пристигнала групата на „Комета" да се задолжи со оружје и униформи не било коинциденција, како што на почетокот изјави Миодраг Стојановски. Исто така, како што Јохан Тарчуловски потврдил во 2003 пред Комисијата за испитување на настаните и случувањата, тој лично го извршил изборот на лицата на кои им било издадено оружје и опрема во ПСОЛО.[2000] Советот не стекна впечаток дека изјавите на Стојановски и на Кесковски во поглед на овој настан се веродостојни и изгледа дека биле измислени за да послужат за одбрана на Јохан Тарчуловски, проценка што цврсто беше потврдена со други докази во врска со улогата на Јохан Тарчуловски во други прилики во врска со лица од агенцијата „Комета", вклучувајќи го и нивното задолжување со оружје и опрема во ОВР „Чаир".[2001]

[1995] Миодраг Стојановски, Т 6784; 6803-6804; 6833.
[1996] Миодраг Стојановски, Т 6840-6841.
[1997] Миодраг Стојановски, Т 6833.
[1998] Златко Кесковски, Т 10037-10038.
[1999] *Види погоре*, став 106.
[2000] Доказен предмет П379.01;379.02.
[2001] *Види погоре*, став 106.

539. Златко Кесковски исто така изјави дека на 10. август 2001 Јохан Тарчуловски му телефонирал и побарал дозвола за отсуство, велејќи дека лице што му било блиско загинало во инцидентот со мината кај Љуботенски Бачила.[2002] Златко Кесковски го информирал Претседателот за тоа. Претседателот и Кесковски му наредиле на Јохан Тарчуловски да дојде во Скопје.[2003] Во своето сведочење, Златко Кесковски изјави дека Јохан Тарчуловски пристигнал во Канцеларијата на Претседателот истиот ден попладне. Претседателот му изразил сочуство. Златко Кесковски понатаму изјави дека во оваа прилика Претседателот му наредил на Јохан Тарчуловски да оди во Љубанци и да остане во неговата околината и да го информира за развојот на настаните во тој регион. Меѓутоа, тој исто така рече дека на Тарчуловски му биле дадени неколку слободни денови.[2004] Јохан Тарчуловски потекнува од село Љубанци.[2005]

540. Во очигледниот обид да го поткрепи своето сведочење дека Претседателот побарал од Јохан Тарчуловски да го информира за развојот на настаните во регионот на Љубанци, Златко Кесковски изјави дека Претседателот потоа изгледал свесен за ситуацијата во тој регион. Златко Кесковски појасни дека врз основа на тоа заклучил дека Претседателот примал информации од Јохан Тарчуловски.[2006] Златко Кесковски исто така опиша еден пример кога Претседателот го испратил него лично до едно место веројатно за да покаже дека не било необично Претседателот да бара од луѓето од обезбедувањето да го известуваат.[2007]

541. Според проценката на Советот, освен што не може да се согласи со веродостојноста на еден аспект од сведочењето на Златко Кесковски, постои несовпаѓање и во неговото сведочење во врска со улогата на Јохан Тарчуловски во Љубанци од 10. до 12. август. Од една страна, тој изјави дека Претседателот му наредил на Тарчуловски да оди во Љубанци и да остане во неговата околината и да го информира за развојот на настаните во тој регион. Од друга страна, вели дека Претседателот му одобрил неколку слободни дена на Тарчуловски. Советот не може да го прифати сведочењето на Златко Кесковски како вистинито дека Јохан Тарчуловски отишол во Љубанци на свое барање заради смртта на едно лице. Советот заклучува дека Јохан Тарчуловски бил испратен во Љубанци. Советот не може да донесе позитивен заклучок дека Претседателот или некој друг од неговите претпоставени во Министерството, на пример Златко

[2002] Златко Кесковски, Т 10001.
[2003] Златко Кесковски, Т 10002.
[2004] Златко Кесковски, Т 10003-10004.
[2005] М052, Т 8256.
[2006] Златко Кесковски, Т 10005-10007.
[2007] Златко Кесковски, Т 10142-10143.

Кесковски, му наредиле. Фактите на кои Советот сега ќе се осврне, заедно со она што беше изнесено до сега, го убедуваат Советот, и тој заклучува, дека на Јохан Тарчуловски му било наредено да ги води полициските сили во планирана операција во Љуботен, која на крај била изведена под водство на Тарчуловски утрото на 12. август 2001.

542. Како што беше порано разгледано, на 10. август 2001, Јохан Тарчуловски бил во полициската станица „Чаир". Тој бил со Зоран Крстевски и Гоче Ралевски. Се сретнал со началникот на ОВР „Чаир", Љубе Крстевски, и се договорил за транспорт на група луѓе кои носеле униформи на резервната полиција и кои веќе биле пристигнати во дворот на полициската станица. Во групата имало и лица од агенцијата „Комета".[2008] Потоа Јохан Тарчуловски отишол од Чаир во Љубанци, заедно со групата која ја споменавме, на која транспортот им го обезбедил ОВР „Чаир". Најмалку неколкумина од групата подоцна биле пренесени во поранешното детско одмаралиште во близина на Љубанци, каде ја поминале ноќта, а без сомнение и следната ноќ.[2009] Детското одмаралиште го користела армијата. Таа вечер Јохан Тарчуловски бил виден во детското одмаралиште.[2010]

543. Вечерта на 10. август 2001, Јохан Тарчуловски учествувал на состанокот што се оддржал во командата на 3-от гардиски баталјон во Љубанци. Како што беше установено и порано, меѓу другите, на состанокот присуствувале и Љубе Крстевски, началник на ОВР „Чаир" и мајор Десподов од армијата. Јохан Тарчуловски и другите присутни дискутирале за операцијата за влегување во селото Љуботен. Било речено дека Јохан Тарчуловски веќе ја испланирал операцијата.[2011] Еден воен извештај се осврнува на операцијата како на „акцијата на Јохан Тарчуловски".[2012] Тој се обврзал да обезбеди наредба од Претседателот која ќе им овозможи на единиците на мајор Десподов со оган да ја подржат операцијата.[2013] Операцијата требало да се изведе на 11. август наутро, но тој ја одложил за еден ден.

544. На 11. август 2001 попладнето, група резервни полицајци предводени од Јохан Тарчуловски извршиле извидување во селото Љуботен.[2014] Околу 17.00 или 18.00 часот, Јохан Тарчуловски се вратил во командата на 3-от гардиски баталјон и го прашал мајор Десподов дали

[2008] *Види погоре*, став 107.
[2009] *Види погоре*, став 110.
[2010] M084, T 1478-1479.
[2011] M052, T 8270.
[2012] Доказен предмет П303.
[2013] *Види погоре*, став 111-112.
[2014] *Види погоре*, став 124.

примил некаква наредба во врска со планираната операција. Според доказите, потоа Јохан Тарчуловски го викнал мајор Десподов да разговара на телефон со лице кое го идентификувал како Претседателот. Постојат исто така докази дека за време на тој разговор Претседателот му дал општи инструкции на мајорот во врска со планираната операција и рекол дека ќе разговара со генерал Митровски и дека повторно ќе му се јави на Десподов.[2015] Во своите контакти со мајор Десподов тој ден, Јохан Тарчуловски му рекол на Десподов дека акцијата ќе се одржи со или без помош на војската на Десподов, што укажува на овластувањата што ги имал Јохан Тарчуловски.[2016] Во еден воен извештај од тоа време се цитираат и неговите зборови „… утре во 04.30 часот јас ќе ја започнам акцијата", во кои преземање на сите овласувања за донесување на одлуката е очигледно.[2017]

545. Постојат сведочења кои, иако не доволно убедливи сами по себе, се совпаѓаат со информациите дека Јохан Тарчуловски спиел во детското одмаралиште во Љубанци. Пред да почнат сослушувањата во овој процес, на полковник Јуришиќ му биле покажани фотографии на кои тој препознал еден човек за кој верувал дека бил присутен во детското одмаралиште, иако не бил сигурен.[2018] На фотографијата, на која сведокот покажал во таа прилика, бил Јохан Тарчуловски. М052 исто така слушнал дека група, која требало да учествува во операцијата со Јохан Тарчуловски на 12. август 2001, ја поминала ноќта во детското одмаралиште.[2019]

546. Треба да се истакне дека во овој предмет има недостаток на докази од или за идентитетите на полицајците кои влегле во Љуботен на 12. август 2001 наутро. И покрај испрашувањата што ги нарачал Љубе Бошкоски и должноста на криминалистичката полиција на ОВР „Чаир", судството и јавниот обвинител да ги испитаат причините кои ги предизвикале смртните случаи и другите настани, доказите покажуваат дека, со мал број исклучоци, идентитетите на лицата кои влегле во селото не се познати. Во полициските записи кои беа приложени во доказните списи, нивните идентитети не се дадени. Жителите кои страдале од нив и кои сведочеа не можеле да ги видат во најголем дел од времето бидејќи биле приморани да ги покријат своите глави. Жителите најчесто ги опишуваа како вооружени полицајци во униформи, со маски на лицето. Некои од жителите сметаа дека можат да идентификуваат некои од полицајците како некои локални лица од македонско етничко потекло, но притоа овие жители се

[2015] *Види погоре*, став 126-130.
[2016] *Види погоре*, став 125.
[2017] Доказен предмет П303.
[2018] Марijо Јуришиќ, Т 3305-3307; Доказен предмет П368; Томас Кунел, Т 7954-7957.
[2019] М052, Т 8275.

потпираат само на гласот што го слушнале, што не е доволно за идентификација. Неколку полициски записи за издавање оружје и друга опрема пружаат можност некои лица да можат да бидат идентификувани, но освен ова, идентитетот на полицајците не може да се открие од доказите.

547. Маскирањето на лицето, за што Советот смета дека било случај со голем број од полицајците, претставува смислен обид да се избегне идентификацијата. Пропустот на полицијата да го определи идентитетот на оние кои влегле во Љуботен на 12. август претставува сериозен и скандалозен обид да се заштитат лицата кои учествувале и претставува сериозен пропуст во извршувањето на нејзините одговорности на ниво на ОВР „Чаир“, што изгледа дека бил поддржан од страна на лица на повисоки позиции бидејќи толку долго останал непоправен. Советот мора во овој контекст да го разгледа ограниченият број докази кои се однесуваат на Јохан Тарчуловски во врска со 12. август 2001.

548. Покрај тоа што ја покажуваат важностс на неговото присуство и неговата улога на состанокот на кој било извршено планирањето, оддржан во командата на 3-от гардиски баталјон на 10. август 2001, доказите покажуваат, според заклучоците на Советот, дека Јохан Тарчуловски телефонски контактирал со воениот персонал кој имал клучна активна улога во поддршката на полициската операција на 12. август 2001. Овој заклучок е донесен и покрај тоа што воените лица во своите сведочења одрекуваа дека имале понатамошни контакти со Јохан Тарчуловски. Полковник Јуришиќ на почетокот тврдеше дека тој не разменил телефонски броеви со ниту еден од полицајците со кои се видел во детското одмаралиште тој викенд.[2020] Потоа се поправи и изјави дека сепак разменил броеви со водачот на групата, кога тој пристигнал.[2021] Телефонскиот број што полковник Јуришиќ го користел тогаш се појавува на листата на телефонски повици што ги направил Јохан Тарчуловски од телефонот што тогаш го користел.[2022] Забележани се телефонски повици во 10.30 часот на 11. август 2001 и во 03.47 часот на 12. август 2001.[2023] Иако полковник Јуришиќ тврди дека не се сеќава на тие телефонски повици,[2024] Советот смета дека овие два разговора со Јохан Тарчуловски постоеле, вториот во времето кога може да се очекува дека започнале подготовките за извршување на активностите

[2020] Марijо Јуришиќ, Т 3307-3308.
[2021] Марijо Јуришиќ, Т 3308.
[2022] Телефонот наводно бил пријавен на име на некој г. Тодоровски; Томас Кунел, Т 7978-7979. Меѓутоа, постојат докази, со кои Советот се согласува, според кои во тоа време телефонот го користел Јохан Тарчуловски; М052, Т 8322; Доказен предмет П231, стр. 4.
[2023] Марijо Јуришиќ, Т 3311-3313; Доказен предмет П369.
[2024] Марijо Јуришиќ, Т 3312-3313.

на 12. август. Советот исто така смета дека е значајно што полковник Јуришиќ бил свесен за улогата на Јохан Тарчуловски, со кого, Советот заклучува, тој ги разменил телефонските броеви, како „водач на групата полицајци".[2025]

549. Слично, и капетан Гроздановски одрекуваше дека извршил размена на телефонските броеви со Јохан Тарчуловски.[2026] Тој не се сеќаваше дека примил телефонски повик од Јохан Тарчуловски на 11. август.[2027] Сепак, неговиот број се појавува на листата на телефонски повици што ги направил Јохан Тарчуловски. Капетан Гроздановски одрекуваше дека примил таков телефонски повик.[2028] Листата на влезни повици на телефонот на Јохан Тарчуловски понатаму открива дека капетан Гроздановски му телефонирал на Јохан Тарчуловски во 03.56 часот на 12. август 2001. Капетан Гроздановски одрекува дека телефонирал, тврдејќи дека можеби некој друг го користел неговиот телефон.[2029] Советот е уверен дека одрекувањето на капетан Гроздановски дека му телефонирал на Јохан Тарчуловски не е точно. Како што се забележува во врска со повикот на полковник Јуришиќ во 03.47 часот на 12. август, повикот во 03.56 е направен во време кога може да се очекува дека започнале подготовките за извршување на активностите на 12. август 2001. Овие невистинити одрекувања изгледа дека претставуваат уште еден обид на капетан Гроздановски да се дистанцира од Јохан Тарчуловски и активностите на полициските сили во Љуботен на 12. август. Овие невистини се уште една работа која Советот исто така ја зема предвид при при отфрлањето на доказите на капетан Гроздановски во врска со настаните од 12. август.

550. Советот е уверен дека и полковник Јуришиќ и капетан Гроздановски го познавале Јохан Тарчуловски во периодот кога се случиле настаните во Љуботен и разменале телефонски броеви со него. Бидејќи тие сите биле во реонот на Љуботен во тоа време и биле вклучени во настаните, очигледно е дека во тие прилики, според наодите на Советот, телефонските повици меѓу овие лица се направени во врска со подготовката на операцијата во селото. *Inter alia*, тие укажуваат дека Јохан Тарчуловски го вршел планирањето и координацијата. Советот нема директни докази за средствата на комуникација, освен телефонот, кои може да им биле на располагање на Јохан Тарчуловски и на овие двајца армиски офицери кои биле на позиции над Љуботен за време на полициската операција. Сосема е возможно да имале и радио. На Јохан Тарчуловски му било

[2025] Марijо Јуришиќ, Т 3308.
[2026] Николче Гроздановски, Т 10482.
[2027] Николче Гроздановски, Т 10486-10487.
[2028] Николче Гроздановски, Т 10489-10490; 10514; Доказен предмет П369.
[2029] Николче Гроздановски, Т 10490-10492; Доказен предмет П369.

издадено радио во ОВР „Чаир”.[2030] Какви средства и да се користеле, изгледа дека постоела комуникација. Бидејќи, според наодите на Советот забележани на друго место во оваа Пресуда, операцијата започнала со ограничено гранатирање на армијата на делот од селото населен со етнички Албанци, во близина на местото од каде полициските сили требало да влезат во селото[2031] постоела очигледна потреба за комуникација во најмала мера да бидат сигурни дека гранатирањето ќе престане пред полициските сили да влезат во Љуботен. Во овој поглед Советот исто така забележува дека не ги прифаќа за веродостојни сведочењата дека армијата го прекинала огнот бидејќи од своите позиции (неочекувано) забележала присуство на група полицајци кои се движеле во селото.

551. Советот исто така прифаќа дека пред полициските сили да влезат во селото и пред армијата да изврши гранатирање со своите минофрлачи (отфрлајќи го во овој поглед како неточен оној дел од сведочењето на М037 кој заради очигледен свој интерес сугерираше дека ова се случило многу подоцна тоа утро и дека имало подолго чекање), Јохан Тарчуловски побарал полициското оклопно возило „Хермелин” од Мирковци да почека кај контролниот пункт „Страниште” додека не се обезбеди поддршка со минофрлачки оган.[2032] Ова дава очигледна потврда дека Јохан Тарчуловски тогаш бил информиран дека гранатирањето од армиските позиции требало да почне. Самото присуство на оклопното возило „Хермелин” претставува уште една потврда за вклученоста на Јохан Тарчуловски во планирањето на операцијата бидејќи „Хермелинот” му го дал на располагање началникот на ОВР „Чаир” на негово барање. Меѓутоа, Советот не е восостојба да го прифати сведочењето дека Љубе Бошкоски и лично го одобрил користењето на „Хермелинот”,[2033] бидејќи изгледа дека и тоа е обид на лицето кое сведочеше за ова да се осигура дека тоа не било одговорно за употребата на оклопното возило „Хермелин” во операцијата. Според заклучоците на Советот употребата на оклопното возило „Хермелин” во операцијата на 12. август се случило на посебно барање на Јохан Тарчуловски и било одобрено најмалку на ниво на началникот на ОВР „Чаир”.

552. Не постојат конкретни сведочења за движењето на полициските сили низ Љуботен на 12. август, но општиот тон на сведочењата е во согласност со движењето на полициските сили како една група долж главниот пат низ селото и нивно учество во конкретни настани, почнувајќи со

[2030] *Види погоре*, став 113.
[2031] *Види погоре*, став 39; 42.
[2032] *Види погоре*, став 41.
[2033] М052, Т 8288-8289.

пукањето во куќата на Јусуфи, и завршувајќи со акцијата во семејната куќа на Јашари, веднаш на излезот на селото.

553. Настаните во куќата на Адем Адемовски се случиле во овој контекст. Постојат конкретни сведочења, кои Советот ги прифаќа,[2034] дека Јохан Тарчуловски бил со групата луѓе во камуфлажни униформи, т.е. според заклучоците на Советот, полициските сили, кои таму држеле десет жители кои се криеле во визбата на куќата на Адем Адемовски и потоа сурово ги малтретирале во предниот двор на куќата. Атула Ќаиљи бил сериозно малтретиран таму, а, според заклучоците на Советот, еден или повеќе полицајци од групата пукале во двајца од жителите, Суљејман Бајрами и Мухарем Рамадани, и ги убиле на патот покрај куќата.[2035] Трет жител бил погоден во раката.

554. Според заклучоците на Советот, Јохан Тарчуловски бил присутен и на една друга локација, на локацијата на семејната куќа на Јашари, во чија близина три лица биле застрелани и убиени кога една полициска група и армијата пукале во нив и тој наредил дека немало потреба полицијата да спроведе испитување во поглед на смртта на трите лица бидејќи била воена состојба.[2036] Постојат исто така докази дека оружјето и муницијата за кои се вели дека полициската група ги нашла во близина на телата на трите мртви лица му биле донесени на Јохан Тарчуловски кој наредил да се однесат назад со оклопното возило „Хермелин". Оружјето и муницијата биле транспортирани со „Хермелинот" во куќата на Браца, каде му биле покажани на Љубе Бошкоски.[2037]

555. Доказите кои до сега беа разгледани се доволни да го уверат Советот дека Јохан Тарчуловски бил лицето кое било одговорно за полициската операција за влегување во селото Љуботен на 12. август и во таа улога тој бил одговорен за подготовката на операцијата. Тоа исто така го увери Советот дека тој ги водел полициските сили додека се движеле низ селото на 12. август.

556. Меѓутоа, постојат и други значајни докази за искази што ги дал Јохан Тарчуловски во 2003 пред Комисијата за испитување на операцијата во Љуботен. Овие се прифатени како докази кои се однесуваат на Јохан Тарчуловски, но не како докази против Љубе Бошкоски. Во

[2034] M037, T 786; *види погоре*, фуснота 200.
[2035] *Види погоре*, став 55; 57.
[2036] *Види погоре*, став 69.
[2037] *Види погоре*, став 69; 428.

една Службена белешка од 3. март 2003[2038] Јохан Тарчуловски накусо опишал дека со полициските резервисти кои доброволно се пријавиле:

> … влеговме во селото само со 20 луѓе, со цел да се влезе во куќата во која се наоѓаше [Џавид Асани], но моравме да чекаме додека да се раздени бидејќи на нас беше отворен оган од другата страна. Потоа го нападнавме местото од каде бевме нападнати. Акцијата се одвиваше до 15.00 часот по што влеговме само во оние куќи кај што имаше сознанија дека се наоѓа Џавид и терористите и во 2-3 куќи од кај што се пукаше на нас. Луѓето што беа затечени во селото, жени, деца и стари луѓе, беа претресени и пуштени, а во подрумот на една од трите наведени куќи имаше 15 луѓе кои беа скриени и кои беа приведени.[2039]

557. На состанокот на Комисијата за испитување оддржан на 12. ноември 2003 Јохан Тарчуловски дал повеќе информации за акцијата во Љуботен. Во таа прилика бил присутен и неговиот адвокат. Комисијата немала моќ на присила. Постои записник за она што било кажано.[2040] Изјавата не била запишана од збор до збор, но сепак изгледа дека претставува веродостоен запис на она што тој го рекол во врска со значајни прашања. Записникот го потпишал и Јохан Тарчуловски. Во врска со тоа, во записникот се вели:

> ... Тарчуловски одговори дека во Љуботен бил со многу луѓе, повеќе од 100 лица и сите ги познавал, а во однос на активностите што ги преземале истиот одбил да даде одговор. Во однос на вооружувањето, Тарчуловски одговори дека при преземање активности во с. Љуботен биле вооружени само со автоматски пушки.
>
> ... Тарчуловски појасни дека акцијата во с. Љуботен почнала помеѓу 03.00 и 04.00 часот, а завршила околу пладне. За време на акцијата не контактирале со ниедно лице, во селото немало припадници на редовниот состав, а во селото не биле присутни старешини од полицијата. Тогашниот министер за внатрешни работи дошол пред селото, но Тарчуловски не го видел лично. При акцијата во Љуботен влегле во две куќи од каде се пукало, а од нивна страна биле приведени 10 лица кои ги презела редовната полиција, која се наоѓала на влезот од селото. Според Тарчуловски, активности биле преземани само во објекти каде имале сознанија дека престојуваат лица што се бараат, а на прашањето од кого ги добивале ваквите сознанија истиот одговори дека сам ги добивал информациите преку лични контакти со лица.[2041]

Во оваа прилика тој експлицитно изјави дека „заминал во Љуботен на своја рака и по своја желба, односно дека не добил наредба од никого за да оди во Љуботен".[2042] Иако посебно бил прашан кој бил со него во Љуботен, Јохан Тарчуловски одговорил дека „одлучил да не ги каже нивните имиња".[2043] И во двете прилики тој истакнал дека лицата што биле со него биле доброволци од резервниот состав кои се задолжиле со оружје во ПСОЛО. Во втората прилика

[2038] Доказен предмет П379.01.
[2039] Доказен предмет П379.01.
[2040] Доказен предмет П379.02.
[2041] Доказен предмет П379.02.
[2042] Доказен предмет П379.02.
[2043] Доказен предмет П379.02.

изјавил дека Министерот за внатрешни работи му наредил да определи луѓе кои ќе вршат обезбедување на витални државни објекти.[2044]

558. Постојат разлики помеѓу овие два искази, и значителни разлики помеѓу обелоденетите докази и изјавите што Јохан Тарчуловски ги дал пред Комисијата. Воопшто не се споменува убивањето и суровото постапување со луѓето и самоволното палење на многу куќи. Овие настани не се согласуваат со целта на операцијата како што ја опиша Јохан Тарчуловски, имено претресување на определени куќи за да се откријат терористи. Доказите исто така покажуваат дека полициските сили во селото биле подобро вооружени, а не само со Калашникови, дека со нив имало и оклопно возило „Хермелин" и дека носеле запаливи материјали кои ги користеле за палење на куќите. Исто така, иако Јохан Тарчуловски признава дека тој лично извршил избор на доброволците на полицискиот резервен состав и дека бил со нив во селото во текот на целата акција,[2045] тој не признава експлицитно дека ја предводел акцијата. Со оглед на пред малку изнесените причини, Советот е убеден дека Јохан Тарчуловски навистина ја предводел акцијата, вклучувајќи го и донесувањето на уапсените лица во куќата на Браца.

559. Јохан Тарчуловски исто така наведува дека луѓето биле вооружени во ПСОЛО. Сепак доказите обелоденуваат дека ова се однесува само на некои лица кои се задолжиле со опремата во јули 2001. Тој не обелоденува дека уште многу други се задолжиле со опрема во ОВР „Чаир" на 10. и на 11. август. Што се однесува до многуте прашања изложени во доказите кои пред малку беа разгледани, Советот забележува дека изјавата на Јохан Тарчуловски дека отишол во Љуботен „по своја желба", а не по чија било наредба е сосема неверојатна. Доказите се во потполна спротивност со можноста она што се случило да било спонтан настан во кој Јохан Тарчуловски и над 100 резервни полицајци едноставно се собрале, нашле оружје, муниција, опрема, транспорт и сместување, собрале информации преку лични контакти, обезбедиле воена и полициска соработка и поддршка, и постигнале таков успех што дури и Министерот дошол да види што се случува. Треба да се истакне дека Одбраната пишувала извештаи во кои се наведува дека Претседателот лично ја поддржувал акцијата.

560. Советот е уверен и заклучува дека Јохан Тарчуловски бил задолжен за акцијата на полициските сили за влегување во с. Љуботен на 12. август 2001 и дека бил одговорен за

[2044] Доказен предмет П379.02.
[2045] Повторување на референцата „ние" во Доказниот предмет П379.01.

извршување на подготовките за акцијата. Понатаму, според наодите на Советот, тој лично ги предводел полициските сили додека се движеле низ селото на 12. август.

2. Одговорноста на Јохан Тарчуловски

561. Обвинетиот Јохан Тарчуловски во Обвинението се товари со лична кривична одговорност според член 7(1) од Статутот за наредување, планирање, поттикнување или помагање и поддржување на кривичните дела наведени во член 3 од Статутот и опишани во Обвинението, и за нивно извршување учествувајќи во Здружен злосторнички потфат.[2046]

(а) Наредување, планирање, поттикнување и помагање и поддржување

562. Подготовките за полициската акција изгледа дека започнале вечерта на денот кога терористите, за кои се верува дека се припадници на ОНА, убиле и раниле многу војници со поставување на противпешадиска мина на локација во близина на Љуботен. Првично полициската акција требало да се изведе следното утро, но била одложена за еден ден.[2047] Некои од убиените војници биле од Љубанци, село веднаш до Љуботен, населено со етнички Македонци. По нападот со мината биле видени лица кои учествувале во него, за кои се верувало дека биле припадници на ОНА, како се повлекуваат кон Љуботен, а според други извештаи и како влегуваат во селото. Инцидентот со мината кај Љуботенски Бачила се случил само два дена по еден друг напад на ОНА на патот Скопје-Тетово во близина на с. Групчин (во реонот на Карпалак), во кој загинале 10 војници.[2048] Како што се забележува и на друго место во оваа Пресуда, постоел голем гнев и немир меѓу населението од македонско етничко потекло во регионите во кои се случиле овие напади.[2049] Доказите обелоденуваат дека по секој напад гневните граѓани организирале активности во кои се отсликувала желба за делување со употреба на сила против населението од албанско етничко потекло кое живеело во тие региони. Во реонот на Љуботен, по нападот со противпешадиската мина, голем број етнички Македонци кои на различни начини успеале да се вооружаат тргнале да се соочат со жителите од албанско етничко потекло кои се обидувале да го напуштат Љуботен, и била распоредена специјална полициска единица да ги раздвои двете групи.[2050]

[2046] Обвинение, став 3.
[2047] *Види погоре*, став 109; 113.
[2048] *Види погоре*, став 229.
[2049] *Види погоре*, став 105; 123; 229.
[2050] *Види погоре*, став 82.

563. Собирањето на резервните полицајци доцна на 10. август и на 11. август, вклучувајќи ги и луѓето од агенцијата за обезбедување „Комета", договорите за вооружување, опремување и сместување на некои од нив и состанокот на високиот персонал на армијата и на полициските сили распоредени во тој реон оддржан доцна на 10. август со Јохан Тарчуловски, сето тоа укажува дека акцијата била организирана на брзина. Јохан Тарчуловски, кој ја водел полициската акција, бил од Љубанци. Лице коешто му било блиско загинало во експлозијата на мината на 10. август.[2051] Без разлика дали Претседателот бил директно вклучен, овие податоци покажуваат дека, според сознанијата на Советот, акцијата во Љуботен била директна реакција и одговор на нападот со противпешадиската мина на 10. август.

564. Доказите кои претходно беа подетално разгледани во оваа Пресуда, допринесуваат Советот да утврди дека Јохан Тарчуловски лично ја водел полициската акција на 12. август, и дека бил со групата полицајци додека тие се движеле низ селото, почнувајќи од страната на Љубанци, главно долж главната улица, до крајот на селото на спротивната страна од каде патот продолжува за Раштак. Полициските сили потоа се вратиле и го напуштиле селото во правец на Љубанци. Полициските сили не ги поминале сите улици во селото и не влегле во сите куќи, ниту во сите куќи на лицата со албанско етничко потекло. Немало правило според кое ги пребарувале куќите. Нивното движење се одвивало долж главната улица, а нивните активности во куќите на улицата, и во оние во нејзина близина, вклучувајќи го и кусото отклонување каде патот се двои во два правца .

565. Во овие конкретни околности, она што го извршиле група полицајци во селото, во присуство на водачот на групата, Јохан Тарчуловски, за што Советот има сознанија, претставува значаен и веродостоен показател за тоа што Јохан Тарчуловски сметал дека треба да биде цел на акцијата.

566. Според заклучоците на Советот, полициската група била многубројна, како што се наведува на друго место 60-70, а можеби и над 100 лица, сите добро вооружени, опремени со разновидно оружје, вклучувајќи и рачни бомби и ракетен експлозив. Делата што полицајците ги извршиле во селото покажуваат дека тие земале со себе поголемо количество бензин или запаливи материи, кои, како што укажуваат околностите, биле транспортирани со оклопното возило „Хермелин" кое ја придружувало групата заради тежината на акцијата и заради безбедност во случај да наидат на вооружен отпор.

[2051] *Види погоре*, став 539.

567. При извршувањето на своето прво дело во селото, групата ја кренала во воздух портата на домот на едно етничко албанско семејство (семејството Јусуфи), испукале бројни куршуми во куќата и низ отворената предна врата смртно застрелале невооружен маж облечен во обична цивилна облека додека се обидувал да ја затвори вратата. Од доказите не може да се утврди дека умрениот маж бил припадник на ОНА и очигледно не претставувал никаква опасност за полицијата во моментот кога бил застрелан, и не учествувал во борбените дејства. Не постојат докази дека тој ден куќата се користела за непријателски дејства против полицијата или армијата. Полициските сили не побарале да влезат во куќата за да извршат претрес или да ги испрашаат другите луѓе кои биле внатре. Наместо тоа, според сознанијата на Советот, полицајците намерно ги запалиле колата и градежниот материјал во предниот двор со запаливите средства што ги носеле со себе. Потоа продолжиле понатаму.

568. При извршувањето на своето следно дело, полицајците смислено ја запалиле куќата на уште еден етнички Албанец, повторно со помош на запаливите материјали коишто полициските сили ги носеле со себе. Не влегле во куќата за да извршат претрес. И во овој случај не постојат докази дека тој ден куќата се користела за непријателски дејства против полицијата или армијата, или дека сопственикот имал врска со ОНА.

569. Ваквото однесување на палење куќи под слични услови со оние коишто тука беа опишани било повторено многу пати додека полициските сили се движеле низ селото. Честопати полициските силе применувале и интензивно пукање со огнено оружје во куќите.

570. Како што веќе беше опишано на друго место во оваа Пресуда, биле уапсени 10 мажи кои се засолнувале во визбата на Адем Аметовски и кои биле невооружени, облечени во цивилна облека и не пружале отпор. На три лица од соседната куќа, засолнети во визбата на таа куќа со жените и со децата, им било наредено да им се придружат на десетте мажи. На мажите им биле одземени вредните предмети и документите за идентификација, а на жените вредните предмети. Документите за идентификација изгледа дека им биле одземени за да се утврди дали мажите имале македонско државјанство и дали биле од албанско етничко потекло. Мажите потоа биле подложени на значително насилство. Двајца од нив биле смртно застрелани, а во трет било пукано и бил ранет под услови кои претходно беа опишани. Останатите уапсени мажи со вооружена придружба биле спроведени до полициискиот контролен пункт кај куќата на Браца, каде полицијата продолжила сурово да постапуваат со нив. Доказите не покажуваат дека било кој од овие луѓе бил поврзан со ОНА. Во некои од случаите друго лице од истото семејство

било, или може да било, припадник на ОНА. Освен тоа, овие луѓе секако ги држела полицијата, биле невооружени и очигледно не претставувале никаква закана за вооружените полицајци кои биле далеку побројни. Тие воопшто не учествувале во непријателски дејства. И да биле поврзани со ОНА, за што Советот нема сознанија, тие би биле *hors de combat* во периодот кога со нив сурово се постапувало, а тројца од нив биле смртно застрелани.

571. Како што беше претходно споменато, постојат некои докази кои укажуваат дека целта на операцијата било откривање и апсење или справување на друг начин со припадниците на ОНА во селото, опишани и како „терористи". Во некои случаи, но само во некои случаи, однесувањето на полицијата кон приведените луѓе кои не биле застрелани може да се смета за соодветно со оваа цел. Меѓутоа, во сите други случаи делата на полициските сили во селото кои веќе беа сумирани обелоденуваат нешто сосема различно. Други фактори кои покажуваат дека акцијата не била единствено или во значителна мерка за спроведување на законот или насочена против ОНА или терористите се однесуваат на составот на полициската единица која ја извршила акцијата; таа не била составена од редовни полицајци кои имаат искуство при водењето кривични и терористички истраги, туку од резервисти од агенција за обезбедување и наводно други доброволци; акцијата ја водел Јохан Тарчуловски кој немал искуство во водењето кривична и терористичка истрага и чија нормална позиција и обврски не би го рангирале како водач на таква група; чинот на пукање во луѓе кои не претставувале значителна закана за полицајците; самоволното палење на куќи и имоти без очигледна потреба или оправдание; самоволното пукање во куќи; значителното и постојано малтретирање на приведените лица; одземањето вредни предмети од приведените мажи, како и од жените кон кои не биле преземани други видови дејства; фактот што полицајците не се движеле по сите улици во селото и не влегле и не ги претресле сите куќи, или сите куќи во сопственост на етнички Албанци. Наместо тоа, акцијата била ограничена на куќите кон кои лесно можело да се пристапи од главната улица.

572. Според заклучокот на Советот, она што е обелоденето е дека цел, имено главна цел, бил неселективен напад врз етничките Албанци и нивните имоти. Доказите не го поддржуваат заклучокот дека лицата кои биле нападнати и лицата чии имоти биле уништени биле одбрани за напад бидејќи биле во врска со ОНА. Напротив, сите околности што ги обелоденуваат доказите го убедуваат Советот и тој заклучува дека, главна цел на оваа полициска акција била одмазда врз лица од албанско етничко потекло во селото заради акциите на ОНА, за која се сметало дека

селото ја засолнувало и поддржувало при убивањето на македонските војници, особено во поглед на нападот со противпешадиската мина кај Љуботенски Бачила на 10. август 2001. Со ваквото постапување акцијата не била само средство за одмазда, туку требало да послужи и како предупредување на жителите од албанско етничко потекло за последиците од поддршката на ОНА во селото. Ова не исклучува дека во некои случаи на Јохан Тарчуловски можеби му било кажано дека член на некое семејство бил во врска со ОНА, што предизвикало преземање дејство против тоа лице или неговото семејство. Но ова не може да се види од доказите бидејќи Јохан Тарчуловски не обелодени што може да му било кажано и кој може да му кажал. Она што може да се утврди од доказите за дадените причини, според наодите на Советот, е дека ова не е единствена или главна причина за она што се случило, и, понатаму, дури и ако тоа било фактор кој влијаел врз некои постапки на полицијата, не може да биде оправдание или изговор пред законот за постапките на полицијата, освен во три случаи посебно назначени во делот каде Советот ги разгледува товарењата за убиство.

573. Ваквото однесување на полицијата во селото обелоденува, според наодите на Советот, намерен, но неселективен напад врз жителите на Љуботен од албанско етничко потекло, вклучувајќи дела на убиства и сурово постапување, како и неселективно и безобзирно уништување на куќи и друг имот на етнички Албанци, жители на Љуботен неколкукратно. Повторување на кривичните дела на убиство, сурово постапување и безобзирно уништување ги отстранува, според наодите на Советот, сите можности дека постапките кои ги сочинуваат овие кривични дела настанале по грешка или забуна или случајно.

574. Доказите не откриваат никакво формално назначување или авторитет кој го назначил Јохан Тарчуловски *de jure* да ги води или да им наредува на полицајците кои со него влегле во Љуботен на 12. август. Меѓутоа, според наодите на Советот, доказите покажуваат дека тој ја водел акцијата на 10, 11. и 12. август и управувал со сите нејзини фази. Тој ја вршел лидерската функција и имал контрола врз полициските сили во селото тој ден. Активностите на полицијата во селото се одвивале под негово раководство. Меѓутоа, доказите укажуваат дека водечката улога на Јохан Тарчуловски и неговиот *de facto* авторитет не продолжиле и по завршувањето на полициската операција во Љуботен, во која се вклучува и суровото постапување со приведените во куќата на Браца. Тие биле ограничени на таа акција и на полицициските сили кои влегле во селото. Како резултат на тоа, полициските сили кај контролниот пункт „Бузалак" и во полициските станици „Мирковци", „Чаир/Бутел", „Кисела Вода", „Бит Пазар" и „Карпош", како

и полицајците и персоналот за обезбедување во Основниот суд Скопје II и Градската болница во Скопје не биле под негова надлежност или раководство. Ова е содржано и во Обвинението во кое, во став 42, не се наведува дека тој е кривично одговорен за кривичните дела наведени во врска со овие локации.

575. Советот констатира дека иако полицијата предводена од Јохан Тарчуловски сурово се однесувала кон Атула Ќаиљи во селото на 12. август, заради причини порано изнесени, не е утврдено дека полицајците кои го малтретирале имале намера тогаш да го убијат, и не се однесувале така со свесност дека неговата смрт би била веројатна последица на нивното однесување. Други полицајци, на кои Јохан Тарчуловски не им бил претпоставен и со кои не командувал, понатаму го малтретирале Атула Ќаили во полициската станица „Мирковци" и нивното однесување довело до неговата смрт, како што беше претходно изложено во оваа Пресуда. Не е утврдено дека Јохан Тарчуловски е кривично одговорен за нивните постапки при предизвикувањето на смртта на Атула Ќаиљи.

576. Околностите што беа разгледани и, особено, присуството на Јохан Тарчуловски како водач на полицајците кога за време на акцијата биле извршени делата на убиство, сурово постапување и безобѕирно уништување, покажуваат, според заклучоците на Советот, дека делата на убиство, сурово постапување и безобѕирно уништување биле планирани од страна на Јохан Тарчуловски во периодите посебно релевантни за наредување, планирање и поттикнување, или, алтернативно, дека извршувањето на дела од ваква природа биле предвидени, во овие периоди, како значителна веројатност при изведувањето на акцијата.

577. Елементите неопходни за воспоставување наредување, планирање и поттикнување, во смисла на член 7(1) од Статутот беа претходно изложени во оваа Пресуда.[2052] Земајќи ги предвид прашањата разгледани погоре, Советот заклучува дека е утврдено дека Обвинетиот Јохан Тарчуловски е кривично одговорен за наредување, планирање и поттикнување на некои од кривичните дела за кои се товари во Обвинението. Овие кривични дела се:

- убиство на Рами Јусуфи, Суљејман Бајрами и Мухарем Рамадани;

[2052] Освен оние елементи кои беа разгледани во овој дел, Советот исто така утврди дека активностите што ги презел Јохан Тарчуловски во подготвителната и во извршната фаза на акцијата за влегување во с. Љуботен значително придонеле за извршување на кривичните дела за кои се товари и кои беа докажани.

- безобѕирно уништување на куќите или друг имот на Алим Дураки, Агим Јусуфи, Ќенан Јусуфи, Сабит Јусуфи, Џевџет Јусуфовски, Абдула Љуфтиу, Харун Реџепи (Redžepi), Исмет Реџепи (Реџеповски), Назим Муртезани, Ќани Јашари, Афет Јашари и Рамуш Јашари;

- сурово постапување кај куќата на Адем Аметовски со М012, Хамди Амедовски, Адем Аметовски, Азиз Бајрами, М017, Неваип Бајрами, Веби Бајрами, Атула Ќаиљи, Беќир Рамадани, Исмаиљ Рамадани, Мухарем Рамадани, Осман Рамадани и Суљејман Бајрами и кај куќата на Браца со М012, Хамди Амедовски, Адем Аметовски, М017, Неваип Бајрами, Веби Бајрами, Атула Ќаиљи, Беќир Рамадани, Исмаил Рамадани и Осман Рамадани.

Обвинетиот ќе биде осуден за овие кривични дела во согласност со член 7(1) од Статутот.

578. Со оглед на неговата директна улога во наредувањето на извршувањето на овие кривични дела, тој немал улога само да ги поттикнува и помага. Неговата наводна кривична одговорност за поттикнување и помагање на извршувањето на кривичните дела за кои се товари во Обвинението станува нерелевантна.

579. Погоре во оваа Пресуда Советот ги изложи причините зошто заклучи дека Обвинителството не докажа дека Џељаљ Бајрами, Бајрам Јашари и Кадри Јашари биле убиени како што се наведува.[2053]

(б) Здружен злосторнички потфат

580. Во Обвинението се тврди дека постоел Здружен злосторнички потфат од 10 до 12. август 2001, во кој бил вклучен Јохан Тарчуловски, чија цел била „да се упати противзаконски напад на цивили и цивилни објекти во с. Љуботен, што не било оправдано со воена неопходност, кривично дело според член 3 од Статутот на Судот". Се тврди дека кривичните дела извршени во Љуботен и за кои се товари во точките од 1 до 3 од Обвинението спаѓале во целта на ЗЗП, или алтернативно, биле природни и предвидливи последици на извршувањето на целта на ЗЗП.[2054] Во Обвинението понатаму се наведува дека другите членови на ЗЗП, кои работеле усогласено со Јохан Тарчуловски биле припадници на редовните и резервните полициски сили на ПЈРМ под негова команда во рамките на Министерството за внатрешни работи.[2055] Како поткрепа на тврдењето дека постоел заеднички план за извршување на овие кривични дела,

[2053] *Види погоре*, став 345.
[2054] Обвинение, став 4, 8.
[2055] Обвинение, став 5.

Обвинителството се потпира врз доказите во врска со состанокот на 10. август кој се оддржал во присуство на Јохан Тарчуловски и други учесници и врз начинот на кој биле извршени кривичните дела во Љуботен, кои, како што тоа тврди, се индикативни за постоење таков заеднички план, замисла или цел.[2056]

581. Советот утврди дека во утринските часови на 12. август 2001, полициска единица од најмалку 60 до 70 луѓе, составена од резервни полицајци, вклучувајќи и вработени во приватната агенција за обезбедување „Комета", предводени од Јохан Тарчуловски влегле во Љуботен и ги извршиле погоре опишаните кривични дела. Тезата на Обвинителството е дека Јохан Тарчуловски, Петре Стојановски, Љупчо Близнаковски, Зоран Јовановски, познат како Бучук, раководител на агенцијата „Комета", како и браќата Јаневски, и други вработени во компанијата „Комета" кои влегле во с. Љуботен со групата што ја водел Јохан Тарчуловски, биле членови на Здружениот злосторнички потфат.[2057] Еден сведок наведе дека Зоран Јовановски, познат како Бучук, може да бил меѓу учесниците на состанокот во Љубанци на 10. август 2001,[2058] но заради неговата несигурност и непостоењето други докази кои би го потврдиле тоа, Советот не може да заклучи дека тој бил присутен. Не постојат докази ни за присуството на други членови на агенцијата „Комета". Не постојат докази дека луѓето од „Комета" учествувале во донесувањето одлуки во врска со акцијата за влегување во с. Љуботен. Малиот број докази во поглед на нивното учество во настаните од 10. до 12. август, вклучувајќи ги и доказите за Бучук, се во согласност со ограничувањето на нивното учество во спроведување на одлуките што други ги донеле, и извршување посебни наредби, а не дејствување по своја желба или за остварување на заедничка цел со други. Како што пред малку беше разгледувано, Јохан Тарчуловски бил водач на акцијата. Луѓето од „Комета" постапувале според неговите наредби. Според заклучоците на Советот, нивните дејства во текот на подготовките на акцијата, нивното движење низ Љуботен и делата што тие ги извршиле во селото, биле под раководство на Јохан Тарчуловски.

582. Ретки се и не се веродостојни доказите кои се во прилог на тврдењето дека Петре Стојановски и Љупчо Близнаковски биле членови на ЗЗП.[2059] Позициите на Стојановски и Близнаковски во МВР како заменици на началникот на СВР Скопје ги става во позиција на претпоставени на началникот на ОВР „Чаир". Секој од нив можел да му издава наредби на

[2056] *Види* Завршен поднесок на Обвинителството, став 221-228.
[2057] Претпретресен поднесок на Обвинителството, став 61.
[2058] М052, Т 8264-8265.
[2059] *Види погоре*, став 108.

началникот на ОВР „Чаир”. Меѓутоа, нивните посебни функции, Стојановски како одговорен за оперативните работи и криминалистичката полиција, а Близнаковски за јавниот ред и мир, не претставуваат очигледно објаснение зошто овие две службени лица, заедно, би имале интерест или би учествувале во акцијата во Љуботен. Не постојат директни докази дека кој било од нив бил поврзан со Јохан Тарчуловски или со кој било од другите идентификувани членови на наводниот ЗЗП, или дека тие двајцата се здружиле еден со друг или со некој од другите идентификувани членови да развијат заедничка намера или план. Не постојат докази дека тие добивале какви било наредби од кое било лице на повисока позиција од нив, или дека тие им давале наредби на лица на пониски позиции од нив, што би можело да наведе на учество во наводниот ЗЗП. Утврдено е дека началникот на ОВР „Чаир”, Љубе Крстевски разговарал со Петре Стојановски дали да присуствува на состанокот во армиската команда сместена во училиштето во Љубанци вечерта на 10. август, и Стојановски му наредил или го одобрил присуството на Крстевски.[2060] Меѓутоа, доказите покажуваат дека она малку што било познато за причината за овој состанок укажува дека го свикала армијата и дека тоа можело да биде доволно објаснение да заземе став дека ОВР „Чаир”, која била надлежна во тој реон, во секој случај треба да присуствува, без тоа да открива какво било познавање за незаконската намера која на крајот била изведена или за учество во неа.[2061] Советот зазема став дека однесувањето на Стојановски додека сведочеше не беше задоволително, но тоа не ги поништува недостатоците на доказите. Доказите кои се однесуваа на Љупчо Близнаковски беа уште помалку задоволителни. Многу од аспектите кои би можеле да претставуваат доказ за неговото учество во ЗЗП беа наводно неверодостојни.[2062] Беше речено дека Близнаковски го известил Крстевски за состанокот кој се оддржал вечерта на 10. август. Оваа изјава, дури и да е веродостојна, би можела да значи дека се мислело дека армијата го свикала состанокот. Според наодите на Советот презентираните докази не се доволни да се утврди дека Петре Стојановски или Љупчо Близнаковски учествувале во ЗЗП.

583. Советот заклучи дека вечерта на 10. август 2001, Јохан Тарчуловски учествувал на состанокот одржан во командата на 3-от гардиски баталјон во Љубанци. На состанокот присуствувале клучните претставници на армијата и на полицијата во тој реон, вклучувајќи го и мајор Десподов, командантот на 3-от баталјон на 1-та гардиска бригада, и високиот полициски службеник Љубе Крстевски, началник на ОВР „Чаир”. Други пониски полициски службеници

[2060] *Види погоре*, став 108.
[2061] М052, Т 8262-8263; 8459; Петре Стојановски, Т 9152.
[2062] *Види погоре*, став 121-122.

кои присуствувале на состанокот биле Славко Ивановски, командир на полициската станица „Мирковци”, и Борче Пешевски, раководител на секторот за анализа во ОВР „Чаир”.[2063] На состанокот Јохан Тарчуловски разговарал со другите учесници за акцијата за влегување во с. Љуботен.[2064]

584. За ниту едно од лицата за кои доказите покажуваат дека присуствувале на состанокот со Јохан Тарчуловски на 10. август во Љубанци не е посебно утврдено дека било член на ЗЗП со кој се товари во Обвинението. Иако тврдењата не се ограничуваат на оние посебно идентификувани, Обвинителството јасно истакна дека припадниците на Армијата на Македонија не учествувале во ЗЗП што се наведува во Обвинението.[2065] Според излагањето на Обвинителството, началникот на ОВР „Чаир” не учествувал во ЗЗП. Обвинителството секако тврдеше дека тој не сакал да присуствува на состанокот. Доказите не упатуваат на никаква посебна улога на другите полициски службеници кои присуствувале.

585. Според наодите на Советот, не беше докажано дека Јохан Тарчуловски дејствувал во согласност со членовите на ЗЗП што се наведува во Обвинението при извршувањето на кривичните дела за кои се товари. Напротив, според наодите на Советот, доказите покажуваат дека тој ги испланирал, поттикнал и наредил кривичните дела извршени во Љуботен на 12. август 2001 и неговата одговорност треба да се заснива врз таа основа. Иако околностите укажуваат дека Јохан Тарчуловски дејствувал по наредба, според доказите не може да се утврди по чии наредби или под какви услови биле дадени наредбите. Според тоа, тврдењата дека Јохан Тарчуловски учествувал во Здружен злосторнички потфат се отфрлаат.

[2063] *Види погоре*, став 108.
[2064] *Види погоре*, став 111.
[2065] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-ПТ, „Решение по поднесокот на Обвинителството за измена и дополнување на Обвинението и поднесокот на предложеното второ изменето и дополнето Обвинение и поднесокот на изменетиот и дополнет Претпретресен поднесок”, 26. мај 2006, став 64.

VIII. ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНАТА

586. Обвинителството смета дека единствена казна од 15 години затвор би била соодветна за Обвинетиот Јохан Тарчуловски, доколку се прогласи за виновен.[2066]

587. Одмерувањето на казната се уредува со член 24 од Статутот и со правило 101 од Правилникот.[2067] Според правило 101(А), на осуденото лице може да му се одреди казна затвор, вклучувајќи и доживотна казна затвор. Советот, во согласност со член 24(2) од Статутот и правило 101(Б) од Правилникот, ќе ги земе предвид оние фактори како тежината на кривичното дело и посебните околности на осуденото лице, како и сите други отежнувачки и олеснувачки околности. Советот исто така ќе ја земе предвид општата пракса за одредување казна затвор во судовите на поранешна Југославија,[2068] иако тој не е обврзан да ја следи.[2069] Одлуката во врска со должината на казната е дискрециона и зависи од околностите на предметот.[2070] При задржувањето на дискрецијата, Советот се води според релевантните одредби на Статутот и Правилникот. Советот исто така ги зема предвид основните цели при одмерувањето на казната,

---

[2066] Завршен поднесок на Обвинителството, став 505; Завршни зборови, Т 11058-11059.

[2067] Во член 24 од Статутот се вели: „1. Кривичните санкции кои ги изрекува Советот се ограничени на казна затвор. При одредување казна затвор, Советот ја зема предвид општата пракса за одредување казна затвор во судовите на поранешна Југославија. 2. При одредување казни, Советот ги зема предвид факторите како тежина на кривичното дело и индивидуалните прилики на осудениот. 3. Покрај казната затвор, Советот може да наложи враќање на имотот стекнат на криминален начин, вклучувајќи и присилно одземање, на сопствениците кои правно го поседуваат."

Во правило 101 од Правилникот се вели: „(А) Осуденото лице може да биде осудено на казна затвор, вклучувајќи и доживотна казна затвор. (Б) При одмерување на казната судскиот совет ги зема предвид факторите кои се наведени во член 24(2) од Статутот како и следните фактори: (i) сите отежнувачки околности; (ii) сите олеснувачки околности, вклучувајќи и значителна соработка со Обвинителот од страна на осуденото лице пред или по донесувањето на пресудата; (iii) општата пракса на одмерување казни на судовите во поранешна Југославија; (iv) евентуалниот период кој осуденото лице веќе го издржало од казната за исто дело кое евентуално го изрекол државниот суд, во согласност со член 10(3) од Статутот. (В) При издржувањето на казната на осуденото лице ќе му биде засметано и времето поминато во притвор, доколку има такво, додека чекал да му биде предаден на Меѓународниот суд или додека чекал да започне судењето или жалбениот процес".

[2068] Член 24(1) од Статутот; Правило 101(Б)(iii) од Правилникот.

[2069] Второстепена пресуда за *Крстиќ*, став 260; Второстепена пресуда за *Кунарац*, став 377; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 681-682, се повикува на Судската пресуда за *Кунарац*, став 829: „Иако Советот не мора да ја примени праксата за одмерување на казната од поранешна Југославија, во секој случај потребно е повеќе отколку едноставно набројување на релевантни одредби од Кривичниот закон на поранешна Југославија. Во случај да постојат некои разлики, би требало да се направи обид да се објаснат казните што ќе бидат изречени, со осврт на праксата за одмерување на казните во поранешна Југославија, особено таму каде што за некоја посебна пракса за одмерување на казна нема никакви насоки во меѓународното право. Бидејќи често постојат важни разлики меѓу кривичното гонење во државата и кривичното гонење на оваа судска инстанца, Советот напоменува дека природата, опсегот и размерот на кривичните дела за кои се суди пред овој Меѓународен суд не дозволуваат автоматска примена на праксата за одмерување на казната во поранешна Југославија."

[2070] Второстепена пресуда за *Крстиќ*, став 248; Второстепена пресуда за *Семанза*, став 394; Второстепена пресуда за *Брѓанин*, став 500.

како што ги дефинира Жалбениот совет, имено одвраќање и одмазда.[2071] Исто така, казната не смее да биде каприциозна или претерана, т.е. не треба да ги надминува разумните граници на веќе изречените казни во слични околности за исти кривични дела.[2072]

A. Тежина на кривичното дело

588. При одмерувањето на казната тежината на кривичното дело има најголема важност.[2073] При оценувањето на тежината на кривичното дело, Советот може да ги земе предвид природата на делото, неговиот размер и бруталност, улогата на обвинетиот и севкупното влијание на кривичното дело врз жртвите и нивните семејства.[2074] Факторите коишто Судскиот совет ги зема предвид за одмерување на тежината на кривичното дело не треба повторно посебно да се земаат предвид како отежнувачки или олеснувачки околности, и обратно.[2075] Казната мора да ја отсликува инхерентната тежина или тоталност на кривичното однесување на обвинетиот, обрнувајќи им соодветно внимание на посебните околности на предметот и на формата и степенот на учество на обвинетиот.[2076] Утврден принцип на Меѓународниот суд е дека воените злосторства не се по природа помалку сериозни од злосторствата против човештвото.[2077]

589. Советот заклучи дека Јохан Тарчуловски е виновен за Убиство (Точка 1), Безобзирно уништување (Точка 2) и Сурово однесување (Точка 3). Сите овие кривични дела се случиле на 12. август 2001 во селото Љуботен во поранешната југословенска Република Македонија. Сите жртви биле жители на селото и биле од албанска етничка припадност.

590. Најмалку 60-70 добро вооружени резервни полицајци, што ги предводел Јохан Тарчуловски, влегле во селото тоа утро, со поддршка на минофрлачки оган од армиските позиции. Додека биле во селото, полициските сили застрелале и убиле тројца мажи (Точка 1),

---

[2071] Пресуда по жалба на казната на *Тадиќ*, став 48; Второстепена пресуда за *Дероњиќ*, став 136-137, каде се повикува на Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 800-801; 806; Второстепена пресуда за *Кордиќ*, став 1073-1075; 1075-1076; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 678; Второстепена пресуда за *Алексовски*, став 185; Второстепена пресуда за *Драган Николиќ*, став 46; Второстепена пресуда за *Стакиќ*, став 402.

[2072] Второстепена пресуда за *Момир Николиќ*, став 39, каде се повикува на Второстепена пресуда за *Јелисиќ*, став 96; *види* исто така Второстепена пресуда за *Бабиќ*, став 33.

[2073] Второстепена пресуда за *Момир Николиќ*, став 11; Второстепена пресуда за *Алексовски*, став 182; Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 731; Второстепена пресуда за *Купрешкиќ*, став 442; Второстепена пресуда за *Јелисиќ*, став 101; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 683.

[2074] *Види* Казнена пресуда за *Рајиќ*, став 83-95.

[2075] Пресуда по жалба на казната за *Дероњиќ*, став 106; Второстепена пресуда за *Момир Николиќ*, став 58; Второстепена пресуда за *Лимај*, став 143.

[2076] Второстепена пресуда за *Фурунџија*, став 249; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 683.

[2077] Пресуда по жалба на казната за *Тадиќ*, став 69; Второстепена пресуда за *Фурунџија*, став 247; Казнена пресуда за *Рајиќ*, став 83.

смислено ги уништиле или оштетиле со палење куќите на 12 жители, во некои случаи предизвикувајќи оштетувања со пукање и со гранати, (Точка 2), и многу сурово ги тепале, повредувале и им се заканувале со ножеви, пушки и со клоцање, во подолг период, а во некои случаи и на две локации, на 13 мажи кои побарале засолниште во визбата на две куќи (Точка 3).

591. Двајца од мажите кои биле изложени на сурово однесување подоцна биле застрелани и убиени и нивните убиства исто така се предмет на Точка 1. Било пукано уште во еден маж од групата од 13 мажи, но не бил убиен, а на друг со нож му бил нацртан крст на грбот. Во некои случаи тепањата и повредите биле толку жестоки што жртвите се онесвестувале.

592. Мажите кои биле застрелани и убиени и со кои сурово се постапувало во селото тој ден сите биле невооружени и не претставувале физичка закана ниту им се спротиставувале на полициските сили. Во најголем број случаи полицајците биле маскирани.

593. За жртвите кои загинале, последиците од однесувањето на полициските сили биле апсолутни. Блиските членови на семејствата мораат да го носат товарот од загубата на своите сакани. Јасно е дека жртвите кои преживеале, претрпеле физички и психички страдања кои биле неподносливи и долги. Очигледно е дека 12 семејства ги загубиле своите домови и имоти, претрпувајќи финансиски и лични загуби.

594. Советот повторно го истакнува својот заклучок дека додека Јохан Тарчуловски бил водач на полициските сили во Љуботен на 12. август 2001, и на полициската операција тој ден, Јохан Тарчуловски извршувал наредби на непознато лице или непознати лица, кои биле на повисоки позиции од него во Министерството за внатрешни работи или, како што сугерира неговата Одбрана, Претседателот на ПЈРМ, кој подоцна починал. Затоа, на Јохан Тарчуловски нема да му се суди како на лице кое ја иницирало операцијата во Љуботен. Тој бил релативно понизок службеник во Министерството за внатрешни работи и извршувал наредби. Треба исто така да се истакне дека тој лично не извршил ниту едно од кривичните дела. Улогата на Јохан Тарчуловски била да ги испланира кривичните дела, да ги поттикне резервните полицајци што ги беше собрал да ги извршат кривичните дела, и да им нареди да го сторат тоа. Неговата улога во наредувањето да се извршат кривичните дела потполно и адекватно ја отсликува целосната тежина на неговото однесување. Дополнителна казна за неговото планирање и поттикнување не е оправдана за околностите на овој предмет. Она што е релевантно за неговата казна е дека не

беше утврдено дека тој учествувал во Здружен злосторнички потфат при извршувањето на кривичните дела, како што се тврдеше против него во Обвинението.

Б. Лични прилики на Обвинетиот: отежнувачки и олеснувачки околности

595. Статутот и Правилникот не се стремат да ги дефинираат сите фактори кои би можеле соодветно да претставуваат отежнувачки и олеснувачки околности од гледна точка на одмерувањето на казната. Правилото 101(Б) се однесува само на занчителна соработка со Обвинителот како олеснителна околност. Судската пракса на Меѓународниот суд определи и други фактори кои Советите би можеле да ги земат предвид.[2078] Тие не се исцрпни. Неопходно е, во зависност од конкретните околности на секој предмет, да се определи што претставува отежнувачка, а што олеснувачка околност и колкава тежина треба да ѝ се даде на секоја од нив.[2079]

596. Отежнувачките околности мораат да бидат директно поврзани со извршувањето на кривичното дело,[2080] и мораат да се воспостават вон какво било разумно сомнение.[2081] Одлуката на Обвинетиот да го користи своето право да не зборува не може да претставува отежителна околност.[2082]

597. Олеснувачките околности би можеле да се земат предвид без оглед на тоа дали се директно поврзани со наведеното кривично дело,[2083] и треба да се определат врз основа на критериумот на највисока веројатност.[2084] Како олеснувачки фактори биле земани предвид фактори како семејната состојба на обвинетиот, неговите напори да се реинтегрира во општеството и непостоењето претходни кривични дела.[2085]

598. Во овој предмет, Обвинителството смета дека како релевантни отежнувачки фактори треба да се сметаат „водечката позиција на Тарчуловски како водач на полициската единица која ги извршила кривичните дела во Љуботен на 12. август";[2086] неговото директно учество и

[2078] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 686 и 696.
[2079] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 777; 780; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 685; Второстепена пресуда за *Стакиќ*, став 405.
[2080] Првостепена пресуда за *Кунарац*, став 850; Првостепена пресуда за *Стакиќ*, став 911.
[2081] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 763; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 686.
[2082] Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 783; Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 687.
[2083] Првостепена пресуда за *Стакиќ*, став 920.
[2084] Второстепена пресуда за *Блашкиќ*, став 697.
[2085] Казнена пресуда за *Рајиќ*, став 160.
[2086] Завршен поднесок на Обвинителството, став 505.

присуство; садистичката или сурова мотивација за извршување на кривичните дела и ранливоста на жртвите,[2087] како и непостоењето на свесност или каење.[2088]

599. Одбраната на Тарчуловски ги изложи како олеснувачки околности добриот карактер на Обвинетиот, личните прилики, однесувањето за време на судењето и во единицата за притвор на Меѓународниот суд, и соработката на неговиот Бранител.[2089]

600. Јохан Тарчуловски е роден во Скопје 1974. Женет е и има семејство. Во 2001 се вработил како полицаец во Министерството за внатрешни работи. Бил избран да служи во единицата за обезбедување на Претседателот и неговото семејство. Го сметале за способен и успешен полицаец. Никакви неповолни околности не се познати во врска со поранешниот живот на Обвинетиот или неговите лични прилики. Повеќе лица сведочеа за неговиот добар карактер. Го опишаа како чесен, ефикасен, вреден и верен.[2090] Тој доброволно му се предаде на Меѓународниот суд и примерно се однесуваше во затворот тука и за време на судењето. Овие работи претставуваат извесни олеснувачки околности при одмерувањето на неговата казна.

601. Во изјавата на крајот на судењето Јохан Тарчуловски наведе дека тој гледа на своите активности како на директно насочени кон Одбраната на неговата земја против терористите и за одбрана на уставниот предок. Очигледно е дека Советот има поинаков став за настаните што се случиле тој ден и забележува дека нема искрено каење за она што се случило. Меѓутоа, Советот прифаќа дека, како и многумина други, Обвинетиот се нашол растргнат меѓу различни гледања за тоа што е правилно, а што не е, во метежот на вооруженият конфликт помеѓу спротиставените интереси во самата земја, и напоменува дека непосредно пред извршувањето на кривичните дела во Љуботен, Јохан Тарчуловски претрпел загуба на блиска личност во инцидентот со мината кај Љуботенски Бачила.

В. Општата пракса во судовите во ПЈРМ и во овој Меѓународен суд

602. При одмерувањето на соодветна казна, Советот ќе ја земе предвид и општата пракса во врска со затворската казна во судовите во ПЈРМ.[2091] Факторите што ќе бидат земени во предвид

[2087] Завршен поднесок на Обвинителството, став 505; Завршни зборови на Обвинителството Т 11058-11059.
[2088] Завршни зборови на Обвинителството Т 11059.
[2089] Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, став 375-379.
[2090] Вилма Трајковска, Доказен предмет 1Д114; Јарчев Тадеуш, Доказен предмет 1Д116.
[2091] Член 24(1) од Статутот и правило 101(Б)(iii) од Правилникот. Член 24 и правило 101 Б се однесуваат на актуелните пракси на судовите од поранешна Југославија. Меѓутоа, во судската пракса на Меѓународниот суд е воспоставено дека изворите на кои треба да се повикува во согласност со овие одредби не се ограничени на

во врска со одмерување на казната во ПЈРМ се изложени во член 39(1) и 39(2) од Кривичниот законик на ПЈРМ кој бил на сила во периодот кога биле извршени кривичните дела наведени во Обвинението.[2092]

603. Со член 404 од Кривичниот законик на ПЈРМ од 1996, кој се осврнува на делата кои придонеле за повреда на правилата на меѓународното право, „за време на војна, вооружен судир или окупација", се забранува давање наредба за извршување или извршување на „убиство", „нечовечко постапување" и „нанесување на големи страдања или повреди на телесниот интегритет или на здравјето" и „противзаконско и самоволно уништување или присвојување на поголеми размери на имот што не е оправдано со воените потреби" и се препорачува казна од најмалку десет години или доживотен затвор.[2093] Со член 35(1) од овој Законик во неговата редактирана форма од 2001 се пропишува дека затворска казна, освен доживотен затвор,[2094] не може да биде подолга од 15 години.[2095] Се напоменува дека оваа одредба била променета во 2004, со што се дозволува казна до 20 години затвор за кривични дела за кои се пропишува доживотен затвор. Во член 44 од овој Законик се изнесуваат и посебни одредби за казна за

актуелната судска пракса од поранешна Југославија, туку ги опфаќаат и одредбите од Статутот, Казнена пресуда за *Драган Николиќ*, став 148; *види* исто така Второстепена пресуда за *Челебиќи*, став 715; Второстепена пресуда за *Јокиќ*, став 36-38; Првостепена пресуда за *Стакиќ*, став 888-890.

[2092] Доказен предмет П81. Кривичниот законик на ПЈРМ бил усвоен на 23. јули 1996 (Службен весник бр. 37/1996) и стапил на сила на 1. ноември 1996. Подоцна бил донесен „Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик" (Службен весник бр. 19/2004) со кој се дополнуваат некои одредби на Кривичниот законик.
Во член 39(1) од Кривичниот законик на ПЈРМ се вели: „Судот ќе му одмери казна на сторителот на кривичното дело во границите што се пропишани со закон за тоа дело, имајќи ги предвид кривичната одговорност на сторителот, тежината на делото и целите на казнувањето."
Во член 39(2) од Кривичниот законик на ПЈРМ се вели: „Судот ќе ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено: степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитените добра, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот."

[2093] Доказен предмет П81. Во член 404 од Кривичниот законик на ПЈРМ се вели: „Тој којшто за време на војна, вооружен судир или окупација повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе нареди да се изврши напад на цивилното население; […], вршење убиства на цивилното население, […], нечовечко постапување, […], нанесувања на големи страдања или повреди на телесниот интегритет или на здравјето; […], противзаконито и самоволно уништување или присвојување од поголеми размери на имоти што не е оправдано со воените потреби, […]; или тој кој ќе изврши некое од наведените дела, ќе се казни со затвор најмалку 10 години или со доживотен затвор."

[2094] Доказен предмет П81. Во член 35(2) од Кривичниот законик на ПЈРМ се вели: „Ако за кривично дело сторено со умисла е пропишан затвор во траење од 15 години, за тешки форми на тоа дело може да се пропише и казна доживотен затвор."

[2095] Доказен предмет П81. Во член 35(1) од Кривичниот законик на ПЈРМ се вели: „Затворот не може да биде […] подолг од 15 години. За кривичните дела за кои законот пропишува казна доживотен затвор, може да се примени казна затвор до 20 години".

повеќе кривични дела за кои истовремено му се суди на обвинетиот.[2096] Сепак, се чини дека врз основа на принципот *lex mitior*, вграден во правниот систем на Македонија со член 3(2) од Кривичниот законик на ПЈРМ,[2097] највисоката казна што судовите во Македонија можат да ја определат за кривичните дела извршени во 2001, кои по природа се слични со оние за кои Обвинетиот се товари во Обвинението, е 15 години затвор, или доживотен затвор.

Г. Засметување на времето поминато во притвор

604. Во согласност со правило 101(B) од правилникот, Обвинетиот има право да му се засмета времето поминато во притвор пред и за време на судењето. Обвинетиот Јохан Тарчуловски е во притвор во врска со ова Обвинение од 16. март 2005.

[2096] Доказен предмет П81. Со член 44(1) од Кривичниот законик на ПЈРМ се наложува: „Ако сторителот со едно дејство или со повеќе дејствија сторил повеќе кривични дела за кои истовремено му се суди, судот претходно ќе ги утврди казните за секое од тие дела, па за сите дела ќе изрече единствена казна". Со член 44(2)(i) од Кривичниот законик на ПЈРМ се пропишува: „ако за некое кривично дело во стек утврди казна доживотен затвор, ќе ја изрече само таа казна", додека член 44(2)(ii) пропишува: „ако за некои кривични дела во стек утврдил казна затвор, единствената казна мора да биде поголема од секоја одделно утврдена казна, но не смее да го достигне збирот на утврдените казни ниту да премине 15 години затвор".

[2097] Доказен предмет П81. Со член 3(2) се пропишува: „Ако по извршувањето на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот".

IX. ДИСПОЗИТИВ

605. Според горенаведените причини, по разгледувањето на сите докази и поднесоци на страните, Советот го донесува следното решение:

606. Советот заклучува дека Обвинетиот Љубе Бошкоски **НЕ Е ВИНОВЕН** по ниту една од точките во Обвинението. Во согласност со правило 99(А) од Правилникот, Советот наложува Љубе Бошкоски да се ослободи од Единицата за притвор на Обединетите нации веднаш по исполнувањето на неопходните процедури.

607. Советот заклучува дека Обвинетиот Јохан Тарчуловски е **ВИНОВЕН**, во согласност со член 7(1) од Статутот, по следните точки:

Точка 1: Убиство, повреда на законите или обичаите на војување, според член 3 од Статутот, за наредување, планирање и поттикнување на убиствата на Рами Јусуфи, Суљејман Бајрами и Мухарем Рамадани;

Точка 2: Безобѕирно уништување, повреда на законите или обичаите на војување, според член 3 од Статутот, заради наредување, планирање и поттикнување безобѕирно уништување на куќите или друг вид имот на Алим Дураки, Агим Јусуфи, Ќенан Јусуфи, Сабит Јусуфи, Џевџет Јусуфовски, Абдула Љуфтиу, Харун Реџепи (*Redžepi*), Исмет Реџеповски (*Rexhepi*, *Redžepi*), Назим Муртезани, Ќани Јашари, Афет Јашари и Рамуш Јашари;

Точка 3: Сурово постапување, повреда на законите или обичаите на војување, според член 3 од Статутот, заради наредување, планирање и поттикнување на суровото однесување кај куќата на Адем Аметовски кон М012, Хамди Аметовски, Адем Аметовски, Азиз Бајрами, М017, Неваип Бајрами, Веби Бајрами, Атула Ќаиљи, Беќир Рамадани, Исмаиљ Рамадани, Мухарем Рамадани, Осман Рамадани Суљејман Бајрами; и суровото постапување во куќата на Браца кон М012, Хамди Аметовски, Адем Аметовски, М017, Неваип Бајрами, Веби Бајрами, Атула Ќаиљи, Беќир Рамадани, Исмаил Рамадани и Осман Рамадани;

608. Со ова, Советот го осудува Јохан Тарчуловски со единствена казна од дванаесет години затвор. Јохан Тарчуловски е во притвор од 16. март 2005. Во согласност со правило 101(В) од

Правилникот, тој има право да му се засмета времето што го поминал во притвор до сега. Во согласност со правило 103(B) од правилникот, Јохан Тарчуловски ќе остане во затвор во Меѓународниот суд до завршување на договорот за негов трансфер во државата во која ќе ја издржува казната.

Составено на англиски и француски, при што англиската верзија се смета за меродавна.

На ден, 10. јули 2008 година

Во Хаг, Холандија.

/своерачен потпис/

Судија Кевин Паркер

Претседавач

/своерачен потпис/

Судија Кристине Ван Ден Вингаерт

/своерачен потпис/

Судија Кристер Телин

[Печат на Меѓународниот суд]

X. АНЕКС I: ПОИМНИК

АРМ	Армијата на Република Македонија
Би-Би-Си	Британска известувачка корпорација (во англискиот текст: BBC)
БЈБ	Биро за јавна безбедност
БСХ	Босански-српски-хрватски (во англискиот текст: BCS)
ВГЕА	Вооружени групи на етнички Албанци (во англискиот текст: EAAG)
ВМРО-ДПМНЕ	Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство
Втора женевска конвенција	Втора женевска конвенција, во врска со подобрување на положбата на ранетите, болните и бродоломците на вооружените сили на море, од 12. август 1949
Второстепена пресуда за *Алексовски*	*Обвинителот против Златко Алексовски*, Предмет бр. ИТ-95-14/1-А, Пресуда, 24. март 2000
Второстепена пресуда за *Бабиќ*	*Обвинителот против Милан Бабиќ*, Предмет бр. ИТ-03-72-А, Пресуда по жалба во врска со казната, 18. јули 2005
Второстепена пресуда за *Багилишема*	*Обвинителот против Игњас Багилишема*, Предмет бр. ИЦТР-95-1А-А, Пресуда, 3. јули, 2002
Второстепена пресуда за *Благојевиќ*	*Обвинителот против Видоје Благојевиќ и Драган Јокиќ*, Предмет бр. ИТ-02-60-А, Пресуда, 9. мај 2007
Второстепена пресуда за *Блашкиќ*	*Обвинителот против Тихомир Блашкиќ*, Предмет бр. ИТ-95-14-А, Пресуда, 29. јули 2004
Второстепена пресуда за *Брѓанин*	*Обвинителот против Радослав Брѓанин*, Предмет бр. ИТ-99-36-А, Пресуда, 3. април 2007
Второстепена пресуда за *Васиљевиќ*	*Обвинителот против Митар Васиљевиќ*, Предмет бр. ИТ-98-32-А, Пресуда, 25. февруари 2004
Второстепена пресуда за *Галиќ*	*Обвинителот против Станислав Галиќ*, Предмет бр. ИТ-98-29-А, Пресуда, 30. ноември 2006
Второстепена пресуда за *Дероњиќ*	*Обвинителот против Мирослав Дероњиќ*, Предмет бр. ИТ-02-61-А, Пресуда по жалба во врска со казната, 20.

	јули 2005
Второстепена пресуда за *Драган Николиќ*	*Обвинителот против Драган Николиќ*, Предмет бр. ИТ-94-2-С, Пресуда по жалба во врска со казната, 4. февруари 2005
Второстепена пресуда за *Јелисиќ*	*Обвинителот против Горан Јелисиќ*, Предмет бр. ИТ-95-10-А, Пресуда, 5. јули 2001
Второстепена пресуда за *Јокиќ*	*Обвинителот против Миодраг Јокиќ*, Предмет бр. ИТ-01-41/1-А, Пресуда по жалба во врска со казната, 30. август 2005
Второстепена пресуда за *Камуханда*	*Обвинителот против Жан де Диеу Камуханда*, Предмет бр. ИЦТР-99-54А-А, Пресуда, 19. септември 2005
Второстепена пресуда за *Квочка*	*Обвинителот против Мирослав Квочка и др.*, Предмет бр. ИТ-98-30/1-А, Пресуда, 28. февруари 2005
Второстепена пресуда за *Кордиќ*	*Обвинителот Дарио Кордиќ и Марио Черкез*, Предмет бр. ИТ-95-14/2-А, Пресуда, 17. декември 2004
Второстепена пресуда за *Крнојелац*	*Обвинителот против Милорад Крнојелац*, Предмет бр. ИТ-97-25-А, Пресуда, 17. септември 2003
Второстепена пресуда за *Крстиќ*	*Обвинителот против Радислав Крстиќ*, Предмет бр. ИТ-98-33-А, Пресуда, 19. април 2004
Второстепена пресуда за *Кунарац*	*Обвинителот против Драгољуб Кунарац и др.*, Предмет бр. ИТ-96-23&23/1-А, Пресуда, 12. јуни 2002
Второстепена пресуда за *Купрешкиќ*	*Обвинителот против Зоран Купрешкиќ и др.*, Предмет бр. ИТ-95-16-А, Пресуда, 23. октомври 2001
Второстепена пресуда за *Лимај*	*Обвинителот против Фатмир Лимај и др.*, Предмет бр. ИТ-03-66-А, Пресуда, 27. септември 2007
Второстепена пресуда за *Момир Николиќ*	*Обвинителот против Момир Николиќ*, Предмет бр. ИТ-02-60/1-А, Пресуда по жалба во врска со казната, 8. март 2006
Второстепена пресуда за *Налетилиќ*	*Обвинителот против Младен Налетилиќ и Винко Мартиновиќ*, Предмет бр. 98-34-А, Пресуда, 3. мај 2006
Второстепена пресуда за *Ориќ*	*Обвинителот против Насер Ориќ*, Предмет бр. ИТ-03-68-А, Пресуда, Пресуда, 3. јули 2008
Второстепена пресуда за *Стакиќ*	*Обвинителот против Миломир Стакиќ*, Предмет бр. ИТ-97-24-А, Пресуда, 22. март 2006

Второстепена пресуда за *Семанза*	*Обвинителот против Лорент Семанза*, Предмет бр. ИЦТР-97-20-А, Пресуда, 20. мај 2005
Второстепена пресуда за *Тадиќ*	*Обвинителот против Душко Тадиќ познат како Дуле*, Предмет бр. ИТ-94-1-А, Пресуда, 15. јули 1999
Второстепена пресуда за *Фурунџија*	*Обвинителот против Анто Фурунџија*, Предмет бр. ИТ-95-17/1-А, Пресуда, 21. јули 2000
Второстепена пресуда за *Халиловиќ*	*Обвинителот против Сефер Халиловиќ*, Предмет бр. ИТ-01-48-А, Пресуда, 16. октомври 2007
Второстепена пресуда за *Хаџихасановиќ*	*Обвинителот против Енвер Хаџихасановиќ и Амир Кубура*, Предмет бр. ИТ-01-47-А, Пресуда, 22. април 2008
Второстепена пресуда за *Челебиќи*	*Обвинителот против Зејнил Делалиќ и др.*, Предмет бр. ИТ-96-21-А, Пресуда, 20. февруари 2001
ДА	Демократска алтернатива
Дополнителен протокол I	Протокол додаден кон Женевските конвенции од 12. август 1949, што се однесува на заштита на жртви во меѓународни вооружени конфликти (Протокол I), Женева, 8. јуни 1977
Дополнителен протокол II	Протокол додаден кон Женевските конвенции од 12. август 1949, што се однесува на заштита на жртви во не-меѓународни вооружени конфликти (Протокол II), Женева, 8. јуни 1977
ДПА	Демократска партија на Албанците
ДТГ	Дивергентни терористички групи (во англискиот текст: DTG)
ЕКЧП	Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (во англискиот текст: ECHR)
ЕРН	Број на евиденција на доказен материјал (во англискиот текст: ERN – evidence reference number)
ЕСЗ	Единица за специјални задачи при Министерството за внатрешни работи, позната и како „Тигри“
ЕСЧП	Европски суд за човекови права (во англискиот текст: ECtHR)
ЕУ	Европска Унија

Женевските конвенции	Женевските конвенции од прва до четврта од 12. август 1949
Завршен поднесок на Обвинителството	*Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, Доверлив завршен поднесок на Обвинителството, 24. април 2008
Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски	*Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, Завршен поднесок на Одбраната на Бошкоски со доверлив Анекс А, 24. април 2008
Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски	*Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, Завршен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, 24. април 2008
Заеднички член 3	Член 3 на Женевските конвенции од I до IV
„Зоља“	Пешадиски рачен ракетен фрлач
ЗЗП	Здружен заеднички потфат
КЗК	Косовски заштитен корпус (во англискиот текст: KPC)
КО	Канцеларија на Обвинителот на МКСЈ (во англискиот текст: OTP)
Коментар на МКЦК	Коментар на Дополнителните протоколи на протоколите од 8. јуни 1977 на Женевските конвенции од 12. август 1949, Меѓународен комитет на Црвениот крст, Женева, 1987
Коментар на МКЦК во врска со Четвртата женевската конвенција	J. Пиктет, уред., *Женевските конвенции од 12. август 1949: Коментар, дел: Четврта женевска конвенција, во врска со заштитата на цивилни лица во време на војна* (Женева, Меѓународен комитет на Црвениот крст, 1958)
КФОР	Меѓународните мировни сили на Косово. Меѓународни сили предводени од НАТО на Косово, коешто е под управа на ОН од 1999.
Лавови	Полициски баталјон за брза интервенција при Министерството за внатрешни работи на ПЈРМ
ЛДП	Либерал-демократска партија
ЛП	Либерална партија

МВР	Министерство за внатрешни работи
МГМ	Меѓународна група за менаџмент (во англискиот текст: IMG)
Меѓународниот суд	Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година
МКГ	Меѓународна кризна група (во англискиот текст: ICG)
МКС	Меѓународен кривичен суд (во англискиот текст: ICC)
МКСЈ	Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година
МКСР	Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за геноцид и други тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на Руанда и на државјани на Руанда одговорни за геноцид и други слични прекршоци извршени на територијата на соседните држави, меѓу 1. јануари 1994 и 31. декември 1994
МКЦК	Меѓународен комитет на Црвениот крст (во англискиот текст: ICRC)
ММЕУ	Мониторинг мисија на Европската Унија (во англискиот текст: EUMM)
МРТВ	Македонска радио и телевизиска станица
НАТО	Северно-Атланска мировна одганизација
НФИ	Институт за судска медицина и криминалистика на Холандија (во англискиот текст: NFI – Netherlands Forensic Institute)
Обвинение	*Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-ПТ, Второ изменето и дополнето обвинение, 4. април 2006
Обвинителството	Канцеларија на Обвинителот на МКСЈ
ОБСЕ	Организација за безбедност и соработка во Европа

ОВК	Ослободителна војска на Косово (во англискиот текст: KLA)
ОВР	Одделение за внатрешни работи
Одбрана	Бранителите на обвинетите Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски
Одбрана на Тарчуловски	Бранителите на обвинетиот Јохан Тарчуловски
Одбраната на Бошкоски	Бранителите на обвинетиот Љубе Бошкоски
Оклопен транспортер	Вооружен оклопен транспортер (во англискиот текст: APC)
ОН	Обединети нации
ОНА	Ослободителна национална армија (во англискиот текст: NLA)
ПДП	Партија за демократски просперитет
ПЈРМ	Поранешна југословенска Република Македонија
Правилник	Правилник за постапка и докази на Меѓународниот суд
Правилник за организација	Правилник за организација и работа на Министерството за внатрешни работи
Прва женевска конвенција	Прва женевска конвенција, во врска со подобрување на положбата на ранетите и болните на вооружените сили на бојното поле од 12. август 1949
Првостепена пресуда за *Акајесу*	*Обвинителот против Жан-Пол Акајесу*, Предмет бр. ИЦТР-96-4-Т, Пресуда, 2. септември 1998
Првостепена пресуда за *Алексовски*	*Обвинителот против Златко Алексовски*, Предмет бр. ИТ-95-14/1-Т, Пресуда, 25. јуни 1999
Првостепена пресуда за *Благојевиќ*	*Обвинителот против Видоје Благојевиќ и Драган Јокиќ*, Предмет бр. ИТ-02-60-Т, Пресуда, 17. јануари 2005
Првостепена пресуда за *Блашкиќ*	*Обвинителот против Тихомир Блашкиќ*, Предмет бр. ИТ-95-14-Т, Пресуда, 3. март 2000
Првостепена пресуда за *Брѓанин*	*Обвинителот против Радослав Брѓанин*, Предмет бр. ИТ-99-36-Т, Пресуда, 1. септември 2004
Првостепена пресуда за *Васиљевиќ*	*Обвинителот против Митар Васиљевиќ*, Предмет бр.

	ИТ-98-32-Т, Пресуда, 29. ноември 2002
Првостепена пресуда за *Галиќ*	*Обвинителот против Станислав Галиќ*, Предмет бр. ИТ-98-29-Т, Пресуда и мислење, 5. декември 2003
Првостепена пресуда за *Драгомир*	*Обвинителот против Милошевиќ Драгомир*, Предмет бр. ИТ-98-29/1, 12. декември 2007
Првостепена пресуда за *Јелисиќ*	*Обвинителот против Горан Јелисиќ*, Предмет бр. ИТ-95-10-Т, Пресуда, 14. декември 1999
Првостепена пресуда за *Кајишема*	*Клемент Кајишема и Обед Рузиндана против Обвинителот*, Предмет бр. ИЦТР-95-1-Т, Пресуда, 21. мај 1999
Првостепена пресуда за *Квочка*	*Обвинителот против Мирослав Квочка и др.*, Предмет бр. ИТ-98-30-Т, Пресуда, 2. ноември 2001
Првостепена пресуда за *Кордиќ*	*Обвинителот Дарио Кордиќ и Марио Черкез,* Предмет бр. ИТ-95-14/2-Т, Пресуда, 26. февруари 2001
Првостепена пресуда за *Крнојелац*	*Обвинителот против Милорад Крнојелац*, Предмет бр. ИТ-97-25-Т, Пресуда, 15. март 2002
Првостепена пресуда за *Крстиќ*	*Обвинителот против Радислав Крстиќ*, Предмет бр. ИТ-98-33-Т, Пресуда, 2. август 2001
Првостепена пресуда за *Кунарац*	*Обвинителот против Драгољуб Кунарац и др.*, Предмет бр. ИТ-96-23/1-Т, Пресуда, 22. февруари 2001
Првостепена пресуда за *Купрешкиќ*	*Обвинителот против Зоран Купрешкиќ и др.*, Предмет бр. ИТ-95-16-Т, Пресуда, 14. јануари 2000
Првостепена пресуда за *Лимај*	*Обвинителот против Фатмир Лимај и др.*, Предмет бр. ИТ-03-66-Т, Пресуда, 30. ноември 2005
Првостепена пресуда за *Мартиќ*	*Обвинителот против Милан Мартиќ*, Предмет бр. ИТ-95-11-Т, Пресуда, 12. јуни 2007
Првостепена пресуда за *Мркшиќ*	*Обвинителот против Миле Мркшиќ, Мирослав Радиќ и Веселин Шљиванчанин*, Предмет бр. ИТ-95-13/1, Пресуда, 27. септември 2007
Првостепена пресуда за *Налетилиќ*	*Обвинителот против Младен Налетилиќ и Винко Мартиновиќ*, Предмет бр. 98-34-Т, Пресуда, 31. март 2003
Првостепена пресуда за *Ориќ*	*Обвинителот против Насер Ориќ*, Предмет бр. ИТ-03-68-Т, Пресуда, Пресуда, 30. јуни 2006

Првостепена пресуда за *Рутаганда*	*Обвинителот против георгес Андерсон Ндерубумве Рутаганда*, Предмет бр. ИЦТР-96-3-Т, Пресуда, 6. декември 1999
Првостепена пресуда за *Стакиќ*	*Обвинителот против Миломир Стакиќ*, Предмет бр. ИТ-97-24-Т, Пресуда, 31. јули 2003
Првостепена пресуда за *Стругар*	*Обвинителот против Павле Стругар*, Предмет бр. ИТ-01-42-Т, Пресуда, 31. јануари 2005
Првостепена пресуда за *Тадиќ*	*Обвинителот против Душко Тадиќ познат како Дуле*, Предмет бр. ИТ-94-1-Т, Мислење и Пресуда, 7. мај 1997
Првостепена пресуда за *Фурунџија*	*Обвинителот против Анто Фурунџија*, Предмет бр. ИТ-95-17/1-Т, Пресуда, 10. декември 1998
Првостепена пресуда за *Халиловиќ*	*Обвинителот против Сефер Халиловиќ*, Предмет бр. ИТ-01-48-Т, Пресуда, 16. ноември 2005
Првостепена пресуда за *Харадинај*	*Обвинителот против Рамуш Харадинај, Идриз Балај и Лахи Брахимај*, Предмет бр. ИТ-04-84, Пресуда, 3. април 2008
Првостепена пресуда за *Хаџихасановиќ*	*Обвинителот против Енвер Хаџихасановиќ и Амир Кубура*, Предмет бр. ИТ-01-47-Т, Пресуда, 15. март 2006
Првостепена пресуда за *Челебиќи*	*Обвинителот против Зејнил Делалиќ и др.*, Предмет бр. ИТ-96-21-Т, Пресуда, 16. ноември 1998
Пресуда за казната за *Драган Николиќ*	*Обвинителот против Драган Николиќ*, Предмет бр. ИТ-94-2-С, Пресуда за казната , 18. декември 2003
Пресуда за казната за *Рајиќ*	*Обвинителот против Ивица Рајиќ познат како Виктор Андриќ*, Предмет бр. ИТ-95-12-С, Пресуда за казната , 8. мај 2006
Пресуда по жалба на казната за *Брало*	*Обвинителот против Мирослав Брало*, Предмет бр. ИТ-95-17-А, Пресуда по жалба во врска со казната, 2. април 2007
Пресуда по жалба на казната за *Муциќ*	*Обвинителот против Здравко Муциќ, Хазим Делиќ и Есад Ланџо*, Предмет бр. ИТ-96-21-Abis, Пресуда по жалба во врска со казната, 8. април 2003
Пресуда по жалба на казната за *Тадиќ*	*Обвинителот против Душко Тадиќ познат како Дуле*, Предмет бр. ИТ-94-1-А и ИТ-94-1-Abis, Пресуда по жалба во врска со казната, 26. јануари 2000
Претпретресен поднесок на	*Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан*

Обвинителството	*Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-ПТ, Доверливо поднесување на изменетиот и дополнет Претпретресен поднесок на Обвинителството, 4. април 2006
Претпретресен поднесок на Одбраната на Бошкоски	*Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-ПТ, Претпретресен поднесок на Одбраната на Бошкоски, 2. октомври 2006
Претпретресен поднесок на Одбраната на Тарчуловски	*Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-ПТ, Претпретресен поднесок на Одбраната на Тарчуловски, 2. октомври 2006
ПСОЛО	Полициска станица за обезбедување објекти и лица во Скопје
Рачен ракетен фрлач	Граната на ракетен погон, рачно лансирно противтенковско оружје (во англискиот текст: RPG)
Решение во врска со надлежноста за *Тадиќ*	*Обвинителот против Душко Тадиќ*, Предмет бр. ИТ-94-1-АР72, Решение по поднесокот од Одбраната со интерлокуторна жалба во врска со надлежноста, 2. октомври 1995
Решение по жалба според правило *98bis* за *Хаџихасановиќ*	*Обвинителот против Енвер Хаџихасановиќ и Амир Кубура*, Предмет бр. ИТ-01-47-АР73.3, „Решение по заедничката интерлокуторна жалба на решението од Судскиот совет по Поднесокот според правило 98*bis* со барање за ослободување“, 11. март 2005
Решение според правило *98bis* за *Милошевиќ*	*Обвинителот против Слободан Милошевиќ*, Предмет бр. ИТ-02-54-Т, Решение по поднесокот со барање за ослободителна пресуда, 16. јуни 2004
СВР	Сектор за внатрешни работи
СДСМ	Социјалдемократски сојуз на Македонија
Совет	Секција II од Судскиот совет II на Меѓународниот суд
Статут	Статут на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија основан со резолуција 827 на Советот за безбедност
Т	Стенограм од распитите во овој предмет. Сите страни на стенограмот што се даваат во оваа Пресуда се земени од некорегираната верзија на стенограмот. Поради тоа може да има мали разлики меѓу бројот на страните даден овде и бројот во конечната верзија што е

	објавена.
Трета женевска конвенција	Трета женевска конвенција, што се однесува на теретманот на воените затвореници, од 12. август 1949
УБК	Управа за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи
УЧК	Ushtria Çlirimtare e Kosovës (Ослободителна војска на Косово (ОВК); во англискиот текст: UÇK)
ФРЈ	Федеративна Република Југославија
Четврта женевска конвенција	Четврта женевска конвенција, што се однесува на заштитата на цивилни лица во време на војна, од 12. август 1949
HRW	Human Rights Watch (Организација за заштита на човековите права)

XI. АНЕКС II: ПРЕГЛЕД НА ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА

А. Претпретресна постапка

1. Потврдување на првото обвинение, апсење и прво појавување пред Судот

Првобитното обвинение[2098] против обвинетите Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски беше потврдено на 9. март 2005;[2099] Истиот ден беа издадени доверливи налози за апсење за двајцата обвинети.[2100] При неговиот трансфер во Притворската единица на Обединетите Нации (ПЕОН) во Хаг, на 24. март 2005, Љубе Бошкоски се наоѓаше во притвор во Хрватска каде што чекаше почеток на судска постапка за кривични дела што не се поврзани со овој предмет.[2101] Јохан Тарчуловски беше уапсен на 14. март 2005 и префрлен во ПЕОН на 16. март 2005.[2102] На своето прво појавување на 1. април 2005, Љубе Бошкоски се изјасни за невин во врска со сите наводи против него. Во согласност со Правилникот, Јохан Тарчуловски реши да ја одложи својата одлука за изјаснување во врска со вината за време на неговото прво појавување на 21. март 2005, а подоцна, на 18. април 2005, се изјасни за невин во однос на сите наводи против него.

2. Оспорувања на надлежноста на Судот

610. Оспорувања на територијалната, временската и материјалната надлежност беа поднесени од страна на Љубе Бошкоски на 23. мај 2005 и од Јохан Тарчуловски на 31. март 2005, 24. мај 2005 и 27. мај 2005.[2103] Суштината на поднесоците на двете одбрани е дека: (i) временската

[2098] На првобитното обвинение стои датумот 22. декември 2004.

[2099] Пред судијата одговорен за преглед на обвинението, судија Патрик Робинсон, "Решение по прегледот на обвинението", 9. март 2005

[2100] *Обвинителот против Љубе Бошкоски*, *Ex Parte* и тајно, Предмет Бр. ИТ-04-82-И, "Судски налог за апсење и предавање", 9. март 2005, до Република Македонија, Република Хрватска и сите земји членки на ОН; *Обвинителот против Јохан Тарчуловски*, *Ex Parte* и тајно, Предмет Бр. ИТ-04-82-И, "Судски налог за апсење и предавање", 9. март 2005, до Република Македонија и сите земји членки на ОН, 9. март 2005.

[2101] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-АР.65.2, "Решение по интерлокуторната жалба на Љубе Бошкоски за привремено пуштање на слобода", 28. септември 2005, став 3.

[2102] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по поднесокот на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода", 18. јули 2005, став 4.

[2103] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ "Поднесок на Одбраната на Љубе Бошкоски за оспорување на надлежноста на Меѓународниот суд", 23. мај 2005 (Понатаму во текстот: Поднесок на Љубе Бошкоски за оспорување на надлежноста, мај 2005); *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Прелиминарен поднесок против Обвинението на Обвинителството на Меѓународниот суд број ИТ-04-82-И од 22 декември 2004" поднесен од Одбраната на обвинетиот Јохан Тарчуловски на 31. март 2005 (Понатаму во текстот: Прелиминарен поднесок на Тарчуловски, март 2005); "Додаток кон прелиминарниот поднесок" поднесен од Одбраната на обвинетиот Јохан Тарчуловски на 24. мај 2005 (Понатаму во текстот: Додаток кон прелиминарниот поднесок, мај 2005);

надлежност на судот престанала во 1999 како резултат на мировните договори за завршување на војната во Босна и Херцеговина и Хрватска во 1995, и во Косово во 1999;[2104] (ii) Судот немал територијална надлежност над ПЈРМ бидејќи во времето кога бил основан во 1993, ПЈРМ не била дел од Југославија;[2105] и (iii) Судот нема материјална надлежност врз основа на тоа дека, како што се тврди, не постоел вооружен конфликт и дека наводните кривични дела не ги исполнуваат потребните услови за применување на член 3 од Статутот.[2106]

611. На 1 Јуни 2005, Претпретресниот совет донесе решение во однос на првите два поднесоци на Јохан Тарчуловски,[2107] во кои заклучува дека Меѓународниот суд има територијална надлежност над кривичните дела наведени во обвинението бидејќи во неговата судска пракса се прифаќа дека територијата на поранешната СФРЈ ја зафаќала и ПЈРМ;[2108] дека Судот има временска надлежност над кривични дела извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 и дека Статутот не содржи датум кога оваа надлежност престанува,[2109] и дека прашањето дали постоел вооружен конфликт не се поврзува со аргументите за надлежност туку бара утврдување на факти кое може да го стори само Судски совет откако соодветно ќе ги разгледа сите поднесени докази во текот на судската постапка.[2110]

Со решение од 14 јуни 2005, Советот утврди дека овие заклучоци подеднакво се однесуваат и на аргументите изнесени во поднесокот на Љубе Бошкоски од 23. мај 2005 со кои се оспорува надлежноста.[2111] На 15. јуни 2005, Јохан Тарчуловски поднесе интерлокуторна жалба на

Поднесок на Одбраната на Јохан Тарчуловски за оспорување на територијалната, временска и материјалната надлежност на Меѓународниот суд", 27. мај 2005 (Понатаму во текстот: Поднесок на Тарчуловски за оспорување на надлежноста, мај 2005).

[2104] Поднесок на Бошкоски за оспорување на надлежноста, мај 2005, став 24; Прелиминарен поднесок на Тарчуловски, март 2005, страна 7, став 3; Додаток кон прелиминарниот поднесок, мај 2005, страна 1; Поднесок на Тарчуловски за оспорување на надлежноста, мај 2005, став 5.

[2105] Поднесок на Бошкоски за оспорување на надлежноста, мај 2005, став 22-23; Прелиминарен поднесок на Тарчуловски, март 2005, страна 7, став 3-4 и страна 8 став 1; Додаток кон прелиминарниот поднесок, мај 2005, страна 1 и 2; Поднесок на Тарчуловски за оспорување на надлежност, мај 2005, став 5.

[2106] Поднесок на Бошкоски за оспорување на надлежноста, мај 2005, став 25-35 Поднесок на Тарчуловски за оспорување на надлежноста, мај 2005, став 6-19.

[2107] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по Поднесокот на Јохан Тарчуловски за оспорување на надлежноста", 1. јуни 2005 (Понатаму во текстот: Решение по Поднесокот на Тарчуловски за оспорување на надлежноста, јуни 2005) и "Решение по вториот поднесок на Јохан Тарчуловски за оспорување на надлежноста", 1. јуни 2005 (Понатаму во текстот: Решение по вториот поднесок на Тарчуловски за оспорување на надлежноста, јуни 2005) .

[2108] Решение по Поднесокот на Тарчуловски за оспорување на надлежност, јуни 2005, став 9.

[2109] *Ibid.*,став 10.

[2110] *Ibid.*,став 11.

[2111] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по Поднесокот на Љубе Бошкоски за оспорување на надлежноста", 14. јуни 2005, страна 3 (Понатаму во текстот: Решение по Поднесокот на Бошкоски за оспорување на надлежноста, јуни 2005)

решението на Претпретресниот совет од 1. јуни 2005[2112]. Жалбениот совет на 22. јули 2005 ја отфрли оваа жалба врз основа на тоа дека, прво, нема определен датум кога престанува временската надлежност на Меѓународниот суд и дека таа ги опфаќа и наводите за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право кои се случиле по 2001 година,[2113] и второ, Жалбениот совет го прифати решението на Претпретресниот совет дека карактеризацијата на конфликтот во ПЈРМ претставува прашање на утврдување на фактичка состојба, кое треба да се разгледува за врема на судската постапка а не за време на претпретресната постапка.[2114]

612. На 21 јуни 2006, тогашната *pro bono* одбрана на Љубе Бошкоски поднесе барање во кое ги оспоруваше надлежноста на Меѓународниот суд и Второто изменето обвинение.[2115] Поднесокот содржеше три аргументи: (i) дека нема правна основа за одговорност според член 7(3) од Статутот за дела извршени од трети лица кои подредените наводно ги помагале или подржувале;[2116] (ii) дека потребната *mens rea* во однос на вооружен конфликт не е наведена во обвинението и поради тоа обвинението не го задоволува условот за надлежност според член 3;[2117] и (iii) дека одговорноста како што е наведена во Второто изменето и дополнето обвинение претставува злоупотреба на постапката бидејќи оваа измена се барала како резултат на свесноста на Обвинителството за непостоење правна основа за неговиот предмет. [2118] Во своето решение од 8. септември 2006, Претпретресниот совет ги отфрли овие аргументи[2119] образложувајќи дека првиот аргумент веќе бил отфрлен со претходното решение на Советот;[2120] дека според судската пракса на Меѓународниот суд неосновано е тврдењето дека *mens rea* во однос на постоењето и меѓународниот карактер на вооружениот конфликт е услов за

[2112] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-АР 72.1, "Интерлокуторна жалба на Решението по Поднесокот на Јохан Тарчуловски за оспорување на надлежноста на Меѓународниот суд", 15. јуни 2005.

[2113] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-АР 72.1, "Решение по Интерлокуторната жалба во врска со надлежноста на Меѓународниот суд", 22. јули 2005, став 10.

[2114] *Ibid.*,став 13.

[2115] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Поднесок на назначениот *pro bono* бранител за оспорување на надлежноста на Меѓународниот суд", 21. јуни 2006, став 3-4 (Понатаму во текстот: Поднесок на назначениот *pro bono* бранител за оспорување на надлежноста, јуни 2006).

[2116] *Ibid.*,став 5-23.

[2117] *Ibid.*,став 24-27, види особено став 26.

[2118] *Ibid.*,став 28-33 види особено став 30.

[2119] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по Поднесокот на назначениот *pro bono* бранител за оспорување на надлежноста на Меѓународниот суд", 8. септември 2006 (Понатаму во текстот: Поднесок на назначениот *pro bono* бранител за оспорување на надлежноста, септември 2006).

[2120] *Ibid.*,став 13, види став 15 и 16; види и "Решение по барањето на Обвинителството за измена на Обвинението и доставување на предлог Второ изменето и дополнето обвинение како и доставување на изменет претпретресен поднесок", 26. мај 2006.

надлежност,[2121] и дека сериозниот навод за злоупотреба на постапката не може да се докаже.[2122] Љубе Бошкоски поднесе жалба на ова решение на 22. септември 2006,[2123]која беше отфрлена на 9. јануари 2007 врз основа на тоа дека, *inter alia*, прашањата во врска со член 7(3) од Статутот веќе биле разгледани бидејќи Претпретресниот совет веќе ги отфрлил истите во својата одлука од 26. мај 2006 потврдувајќи го Второто изменето и дополнето обвинение, и дека оспорувањето на надлежноста на Судот врз основа на член 3 и наводите за злоупотреба на постапката изнесени од страна на Бошкоски не се соодветно претставени како прашања на надлежност во потесните рамки на правилото 72(Д) од Правилникот.[2124]

3. Основни податоци за Обвинението

613. Историјатот на Обвинението во овој случај е поврзан со оспорувањата на надлежноста поднесени од страните, особено оние поднесени од страна на Љубе Бошкоски во врска со неговата одговорност според член 7(3) од Статутот. На 25 мај 2005, Љубе Бошкоски поднесе барање во кое ја оспоруваше формата на првобитното обвинение тврдејќи, *inter alia,* дека имало неколку недостатоци што се однесува до начинот на кој се повикува член 7(3) од Статутот.[2125]. Во решението од 22. август 2005, Претпретресниот совет, отфрлувајќи ги сите други аргументи изнесени во поднесокот,[2126] му нареди на Обвинителството да го измени првобитното обвинение и да даде објаснување дали Љубе Бошкоски се товари со одговорност како претпоставен само за делата на редовната и резервната полиција или пак и за дела на други лица, *inter alia,* неколкумина цивилни лица, припадниците на специјалната полиција, затворските чувари, вработените во болницата, како што подробно се опишува во првобитното обвинение.[2127] Обвинителството достави ревидирано обвинение на 5. септември 2005 во согласност со решението на Претпретресниот совет и понатаму побара да внесе додатни измени

[2121] Решение по Поднесок на назначениот *pro bono* бранител за оспорување на надлежноста , септември 2006, став 19.
[2122] *Ibid.*,став 21.
[2123] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Жалба на Одбраната на Бошкоски во врска со надлежноста", 22. септември 2006.
[2124] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-АР 72.2, "Решение по Жалбата на Љубе Бошкоски во врска со надлежноста", 9. јануари 2007, став 4-5.
[2125] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Поднесок на Одбраната на Љубе Бошкоски за оспорување на формата на Обвинението", 25. мај 2005, види став 27-47.
[2126] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по Поднесокот на Одбраната на Љубе Бошкоски за оспорување на формата на Обвинението", 22. август 2005.
[2127] *Ibid.*,став 19 и страна 12, диспозитив.

со цел обвинението да биде "поточно и попрецизно од правен и фактички аспект."[2128] Одбраната на Бошкоски во поднесокот од 29. септември 2005, тврдеше, *inter alia,* дека изворот и основата врз кои се темелат наводите за овластувањата на Обвинетиот и неговата ефективна контрола врз специјалната полиција, затворските чувари, вработените во болница и цивилните лица, не биле подробно аргументирани во предлог изменетото обвинение, и дека определувањето на временскиот период во кој постоел вооружен конфликт го обврзува Обвинителството да изнесе докази или разумна основа за тезата дека таков вооружен конфликт постоел.[2129] Одбраната на Тарчуловски исто така поднесе реакција во која беа наведени можни недостатоци во однос на изнесените наводи за ЗЗП, тврдејќи дека Обвинителството не го наведува идентитетот на учесниците во ЗЗП, дека не изнесува јасно дали Јохан Тарчуловски се товари како ко-извршител или пак за помагање и поддржување на ЗЗП и дека временскиот период во кој Јохан Тарчуловски учествувал во ЗЗП не е јасно наведен.[2130]

614. На 1. ноември 2005, Претпретресниот совет донесе решение во однос на приговорите поднесени од двете Одбрани во нивните поднесоци.[2131] Претпретресниот совет заклучи дека, *inter alia*, новопредложените наводи во врска со овластувањата на Љубе Бошкоски во однос на "специјалната полиција" и полицијата воопшто се поткрепени со доволно материјални факти, но дека наводот за "дела извршени од затворските чувари, вработените во болницата и цивилни лица" е општ и нејасен, па му нареди на Обвинителството да достави објаснувања во својот Претпретресен поднесок кој требаше да се достави на 7. ноември 2005, со цел да се отстрани овој недостаток.[2132] Понатаму, Советот ја прифати предложената измена во врска со определувањето на временскиот период на вооруженият конфликт.[2133] Претпретресниот совет ги отфрли приговорите изнесени од Тарчуловски во врска со предлог измените на Обвинителството бидејќи тие се однесуваат на наводи кои веќе постоеле во првобитното Обвинение, коешто Тарчуловски не го оспорил. Меѓутоа, Претпретресниот совет нареди *propriu motu* дека Обвинителството треба во својот Претпретресен поднесок да вклучи детален

[2128] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Барање на Обвинителството за одобрување измена и дополнение на првобитното Обвинение со Анекс А и Б", 5. септември 2005, став 2.

[2129] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Реакција на Одбраната на Барањето на Обвинителството за одобрување измена и дополнение на првобитното Обвинение со Анекс А и Б", 29. септември 2005, став 10-13, 14-17, 25-26.

[2130] *Ibid.*,став 6-11.

[2131] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по барањето на Обвинителството за одобрување измена и дополнение на првобитното Обвинение и поднесокот на Одбраната за оспорување на формата на предлог Обвинението", 1. ноември 2005.

[2132] *Ibid.*,став 37-42.

[2133] *Ibid.*,став 10-13.

опис и по можност имињата на лицата кои смета дека учествувале во ЗЗП заедно со Јохан Тарчуловски, додавајќи исто така дека очекува и опсежен опис во врска со другите форми на одговорност со кои се товари Обвинетиот.[2134] Обвинителството достави изменето и дополнето Обвинение на 2 ноември 2005[2135] и Претпретресен поднесок на 7. ноември 2005.[2136]

615. Во согласност со низа упатства што ги издаде Претпретресниот судија на конференцијата според правилото 65*ter* оддржана на 23. март 2006,[2137] во врска со, *inter alia*, преостанати нејасни прашања за наводната одговорност на Љубе Бошкоски според член 7(3),[2138] како и повеќе прашања во врска со наводниот ЗЗП и учеството на Јохан Тарчуловски во него,[2139] на 4. април 2006 Обвинителството поднесе барање за измена и дополнение на Обвинението[2140] како и изменет и дополнет Претретресниот поднесок.[2141] Со Второ предлог изменето и дополнето Обвинение, Обвинителството бараше да го разјасни и стесни опсегот на наводите против Обвинетите.[2142] На 11. април 2006, Одбраната на Бошкоски достави Реакција[2143] тврдејќи, *inter alia*, дека предлог измената во врска со одговорноста на Љубе Бошкоски како претпоставен е вон рамките на член 7(3) од Статутот.[2144] Во едно решение од 26. мај 2006, Претпретресниот совет подробно ги разгледа природата и опсегот на наведената кривична одговорност на Љубе Бошкоски за која се товари,[2145] како и опсегот на наведената кривична

[2134] *Ibid.*,став 45-47.

[2135] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Известување на Овинителството за постапување во согласност со Решението на Советот по барањето на Обвинителството за одобрување на измена и дополнение на првобитното Обвинение и поднесокот на Одбраната за оспорување на формата на предлог обвинението со Анекс А", 2. ноември 2005, и "Изменето и дополнето Обвинение" 2 ноември 2005.

[2136] *Обвинителството против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Претпретресен поднесок на Обвинителството", 7. ноември 2005.

[2137] Конференција според правило 65 *ter*.од 23. март 2006.

[2138] Конференција според правило 65 *ter*. од 23. март 2006.

[2139] Конференција според правило 65 *ter*. од 23. март 2006.

[2140] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Барање на Обвинителството за измена и дополнение на Обвинението и поднесување на Второ предлог изменето и дополнето Обвинение", 4. април 2006, (Понатаму во текстот: Барање за измена и дополнение на Обвинението и Второто предлог изменето и дополнето Обвинение, април 2006).

[2141] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Поднесување на изменет и дополнет Претпретресен поднесок на Обвинителството", 4. април 2006.

[2142] Барање за измена и дополнение на Обвинението и Второто предлог изменето и дополнето Обвинение, април 2006, став 1.

[2143] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Реакција на Одбраната на Барањето на Обвинителството за измена и дополнување на Обвинението и поднесување на Второ предлог изменето и дополнето Обвинение", 11. април 2006.

[2144] *Ibid.*,став 5-15.

[2145] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по Барањето на Обвинителството за измена и дополнување на Обвинението и поднесување на Второ предлог изменето и дополнето Обвинение и поднесување на изменет и дополнет Претпретресен поднесок", 26. мај 2006, став 15-48.

одговорност на Јохан Тарчуловски,[2146] и го одобри барањето на Обвинителството за измена и дополнение на изменетото и дополнето Обвинение и на Претпретресниот поднесок[2147]; Обвинителството го поднесе Второто изменето и дополнето Обвинение на 4. април 2006; На Обвинетите им беше одобрен рок од 14 дена од датумот на преводот на решението од 26. мај 2006 да ги поднесат своите оспорувања во врска со Второто изменето и дополнето обвинение.[2148]

616. На 21 јуни 2006, назначениот *pro bono* бранител на Љубе Бошкоски поднесе барање во кое се тврдеше дека параграфот 11 од Второто изменето и дополнето Обвинение во врска со одговорноста на Обвинетиот како претпоставен според член 7 (3) за делата на неговите подредени , не ги содржи потребните материјални факти.[2149]Поднесокот соджеше и прилог со низа прашања на Обвинетиот Љубе Бошкоски во врска со Второто изменето и дополнето Обвинение.[2150] Во својата реакција, Обвинителството тврдеше дека ни прашањата на Обвинетиот ниту пак тврдењата на назначениот *pro bono* бранител не покренуваат никакви материјални недостатоци во формата на Второто изменето и дополнето Обвиниение.[2151] Со решение од 27. септември 2006, Претпретресниот совет ги отфрли сите изнесени аргумрнти во однос на параграф 11, а во врска со член 7(3) од Второто изменето и дополнето Обвинение, со што го отфрли поднесокот на Одбраната.[2152] На 4. април 2006, Второто изменето и дополнето Обвинение стана оперативно Обвинение.

617. Најпосле, на 28. септември 2007, Обвинителството поднесе барање за одобрување измена и дополнение на Второто изменето и дополнето Обвинение, поточно за замена на името на контролниот пункт на Македонската полиција кај Бузалак, односно "Бузалак/Кодра е Заимит" со "полициски контролен пункт поставен на месноста помеѓу локациите познати како Бузалак и Кодра е Заимит".[2153] Одбрната поднесе заеднички одговор во кој тврдеше дека измените во

[2146] *Ibid.*,став 49-51.
[2147] *Ibid.*,став 71.
[2148] *Ibid.*,страна 21, Диспозитив. Преводот на Решението од 26. мај 2006 беше доставен на 7. јуни 2006.
[2149] Поднесок на назначениот *pro bono* бранител за оспорување на надлежноста, јуни 2006, став 15-18.
[2150] *Ibid.*,анекс.
[2151] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Реакција на Обвинителството на Поднесокот на назначениот *pro bono* бранител за оспорување на формата на Второто изменето и дополнето обвинение со Анекс А", 4. јули 2006, став 15.
[2152] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, " Решение по поднесокот за оспорување на формата на Второто изменето и дополнето Обвинение и Поднесокот за одобрување одговор", 27. септември 2006, став 28 и 29 и страна 10, Диспозитив.
[2153] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-Т, "Барање на Обвинителството за одобрување измени и дополненија на Второто изменето и дополнето обвинение со Анекс А и Б", 28. септември 2007, став 1.

Обвинението кои ги предлага Обвинителството претставуваат нов навод бидејќи се работи за нова локација каде што наводно се извршиле кривични дела. [2154] Во решението од 14. ноември 2007, Претпретресниот совет заклучи дека не е убеден дека е потребно да се извршат измени на Обвинението бидејќи името на полицискиот контролен пункт не претставува правен елемент и од фактички аспект е небитно во однос на прекршоците кои наводно се случиле таму,[2155] со што Второто изменето и дополнето Обвинение остана оперативноо обвинение во текот на целата судска постапка.

4. Барања за привремено пуштање на слобода

618. На 25. мај 2005, Љубе Бошкоски поднесе барање за привремено пуштање на слобода во ПЈРМ или алтернативно во Република Хрватска.[2156] Во својата реакција Обвинителството се спротивстави на ова барање. [2157] На 4. јули 2005 се одржа усна расправа пред Претпретресниот совет во која двете страни како и Министерот за правда на ПЈРМ имаа можност да се изјаснат во врска со ова прашање.[2158] Со решение од 18. јули 2005, Претпретресниот совет го отфри барањето на Обвинетиот за привремено пуштање на слобода врз основа на тоа дека, *inter alia,*можноста за одредување долга казна затвор како резултат на постапката пред Меѓународниот суд или пак наводната вмешаност на Обвинетиот во убиството на седум лица од ПРЈМ можат да го поттикнат Обвинетиот на бегство.[2159] Претпретресниот совет исто така не беше убеден дека пуштањето на слобода на Обвинетиот нема да претставува опасност за жртвите, сведоците и другите лица.[2160] Претпретресниот го отфрли и барањето на Обвинетиот за привремено пуштање на слобода во Хрватска бидејќи, хрватската влада не присуствувала на усната расправа одржана на 4. јули, не се изјаснила во врска со ова прашање и не доставила

[2154] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-Т, "Заедничка реакција на Одбраната на барањето на Обвинителството за одобрување измени и дополненија на Второто изменето и дополнето обвинение", 17. октомври 2007, став 4 (iii), и 8-10.

[2155] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-Т, "Решение по Барањето за измени и дополненија на Обвинението", 14. ноември 2007, види *inter alia,*став 7.

[2156] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Барање на Одбраната на Љубе Бошкоски за привремено пуштање на слобода", 25. мај 2005.

[2157] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Реакција на Обвинителството на Барањето на Одбраната на Љубе Бошкоски за привремено пуштање на слобода", 7. јуни 2005, став 16-23.

[2158] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по Барањето на Одбраната на Љубе Бошкоски за привремено пуштање на слобода", 18. јули 2005, став 1.

[2159] *Ibid.,*став 32.

[2160] *Ibid.,*став 43.

владина гаранција во полза на Обвинетиот.[2161] На 28. септември 2005, Жалбениот совет ја отфрли жалбата на Љубе Бошкоски во однос на ова решение.[2162]

619. Јохан Тарчуловски поднесе барање за привремено пуштање на слобода на 20. мај 2005.[2163] Обвинителството се спротивстави на ова барање.[2164] На 18. јули 2005, Претпретресниот совет го отфрли барањето на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода, бидејќи беше сериозно загрижен дали тој ќе се појави на судењето и дали нема да претставува опасност за некоја жртва, сведок или друго лице.[2165] Жалбата на Јохан Тарчуловски во однос на ова решение беше отфрлена на 4. октомври 2005.[2166] На 1. декември 2006, Обвинетиот поднесе доверливо второ барање за привремено пуштање на слобода тврдејќи дека околностите врзани за неговото привремено пуштање на слобода битно се смениле.[2167] Претпретресниот совет го отфрли ова барање на 17. јануари 2007 заклучувајќи дека Обвинетиот не успеал да докаже дека околностите врзани за неговото привремено пуштање на слобода навистина битно се смениле од време на Решението на Претпретресниот совет за одбивање на првото барање за привремено пуштање на слобода.[2168]Судскиот совет подоцна одби и други две барања за привремено пуштање на слобода, имено на 19. јули 2007 и на 10. декември 2007. [2169]

5. Почеток на судењето

[2161] *Ibid.*,став 47 и 49.

[2162] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-АР65.2, "Решение по интерлокуторната жалба на Љубе Бошкоски за привремено пуштање на слобода", 28. септември 2005, став 24.

[2163] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Барање на Одбраната на Јохан Тарчуловски за повторно разгледување на прашањето за привремено пуштање на слобода на Јохан Тарчуловски", 20. мај 2005.

[2164] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Реакција на Обвинителството на Барањето на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода", 2. јуни 2005, став 5-12.

[2165] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по Барањето на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода", 18. јули 2005, став 20, 30 и 33.

[2166] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-АР-65.1, "Решение по интерлокуторната жалба на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода", 4. октомври 2005.

[2167] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Второ барање на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода", поднесено доверливо на 1. декември 2006.

[2168] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Решение по обновеното барање на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода", 17. јануари 2007, став 17, 22 и страна 12. Диспозитив.

[2169] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*,Предмет Бр. ИТ-04-82-Т, Доверливо "Решение по барањето на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода врз хуманитарна основа", 19. јули 2007; види исто така *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет Бр. ИТ-04-82-АР65.4, "Решение по интерлокуторната жалба на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода", 27. јули 2007; "Решение по четвртото барање на Јохан Тарчуловски за привремено пуштање на слобода со Анекс А и Б", 10. декември 2007.

620. Обвинителството го достави својот Претпретресен поднесок на 7. ноември 2005 задно со список на сведоци и доказни предмети во согласност со правило 65 *ter* (Д) од Правилникот. Ревидиран претпретресен поднесок беше доставен на 4. април 2006.[2170] Одбраните на Обвинетите ги доставија своите Претпретресни поднесоци на 2. октомври 2006.[2171]

621. На 2. април 2007, по наредба на судија Кармел Ангуис, тогашен претседавач на Судскиот совет II, предметот му се додели на судии од Судскиот совет II, имено судија Кевин Паркер, (претседавач) Судија Кристин Ван Ден Винхарт и Судија Кристер Телин.[2172] Претпретресната конференција се одржи на 12. април 2007 а судењето почна на 16. април 2007.

B. Судска постапка

1. Преглед

622. Обвинителството го започна своето изведување на докази на 16. април 2007 и го заврши на 6. декември 2007. Изведувањето докази на Одбраната на Љубе Бошкоски започна на 30. јануари 2008 и заврши на 4. март 2008. Постапката за изведување докази на Одбраната на Тарчуловски започна на 4. март 2008 и заврши на 18. март 2008. Завршните излагања се одржаа од 6. до 8. мај 2008. Судскиот совет сослуша 56 сведоци на Обвинителството. Сведочењето на шестмина од овие сведоци беше изведено целосно во форма на изјави според правило 92 *bis*. Уште 17 сведоци на Обвинителството сведочеа според правило 92 *bis* но од нив се побара да се појават пред Судскиот совет за вкрстено испрашување. Сведочењето на 7 сведоци на Обвинителството беше изнесено според правило 92 *ter*. Одбраната на Бошкоски свика вкупно 13 сведоци. Сведочењето на седуммина од нив се прифати во форма на писмени изјави согласно со правило 92*bis* а од тројца од нив се побара да се појават за вкрстено испрашување согласно со Правилото 92*bis*.

2. Прашања поврзани со Сведоци

[2170] Поднесување на изменет Претпретресен поднесок во април 2006.

[2171] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Претпретресен поднесок на Одбраната на Бошкоски", 2. октомври 2006 и "Претпретресен поднесок на Одбраната на Јохан Тарчуловски", 2. октомври 2006.

[2172] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-ПТ, "Налог за определување на составот на Судскиот совет", 2. април 2007.

623. Судскиот совет одобри судски заштитни мерки во однос на 13 сведоци на Обвинителството и еден сведок на Одбраната. Овие сведоци сведочеа под заштитни мерки. Судскиот совет издаде судски покани за шестмина сведоци.

3. Решение за прифатливост на докази

624. На 18. септември 2007, Обвинителството поднесе усмено барање за прифаќање на неколку документи во доказните списи, вклучувајќи ја и изјавата на Јохан Тарчуловски како и изјавите на неколку други лица, кои ги дале пред Комисијата за испитување на настаните во Љуботен формирана во март 2003 од страна на тогашниот министер за внатрешни работи Хари Костов.[2173] На 7. декември 2007, Судскиот совет донесе решение во однос на ова барање и ги прифати како доказ, *inter alia*, еден разговор со Јохан Тарчуловски,[2174] еден документ во кој се забележани докази од овој разговор[2175] и една "Службена белешка" која Јохан Тарчуловски ја доставил на оваа комисија.[2176] Разговорот со Јохан Тарчуловски како и забележаните податоци за разговорот не беа прифатени како докази против Љубе Бошкоски.[2177]

625. За време на судењето Судскиот совет целосно или делумно одобри неколку барања за прифаќање на документи директно од судница,[2178] овозможувајќи го на тој начин прифаќањето на документирани докази, *inter alia*, правилници, судски решенија и други службени документи.

[2173] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-Т, Судска расправа 18. септември 2007, Т-5135; 5147-5151.

[2174] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-Т, "Решение по барањето на Обвинителството за прифаќање во доказните списи на документите означени за идентификација П251, П379 и П435", 7. декември 2007, "Записник од 12. ноември", разговор на Јохан Тарчуловски со Комисијата на 12. ноември 2003, став 3 и страна 24-25.

[2175] *Ibid.*,став 3 и страна 24-25, "Информација од 25. ноември 2003" што претставува резиме на разговорот на Јохан Тарчуловски со Комисијата на 5. мај 2003.

[2176] *Ibid.*,став 3 и страна 24-25, "Службена белешка" составена од Јохан Тарчуловски во врска со средбата на комисијата на 5. мај 2003 на која тој присуствувал.

[2177] *Ibid.*, страна 25.

[2178] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски,* Предмет Бр. ИТ-04-82-Т, "Решение по барањето на Обвинителството за прифаќање доказни предмети директно од судница со доверливите Анекси од А-Д", 14. мај 2007; "Решение по поднесокот на Обвинителството во врска со англискиот превод на одделни докази кои се предмет на барањето на Обвинителството за прифаќање на доказни предмети директно од судница со доверливи Анекси А и Б", 19. јули 2007; "Решение по барањето на Одбраната на Бошкоски за прифаќање на документи директно од судница заедно со доверливи Анекси А и Б", 21. ноември 2007; "Решение по второто барање на Обвинителството за прифаќање доказени предмети директно од судницата, 5. декември 2007; "Решение по третото барање на Обвинителството за прифаќање доказени предмети директно од судницата, 5. декември 2007; "Решение по барањето на Одбраната на Бошкоски за прифаќање на доказени предмети директно од судницата – "Вооружен конфликт" и други сродни услови според член 3 од Статутот", 27. февруари 2008; "Решение по второто барање на Одбраната на Бошкоски за прифаќање на доказени предмети директно од судницата во врска со "Вооружен конфликт" и други сродни елементи", 28. февруари 2008; "Решение по второто барање на Одбраната на Бошкоски за прифаќање на доказени предмети директно од

судницата", 12. март 2008; "Решение по барањето на Одбраната на Тарчуловски за прифаќање на доказени предмети директно од судницата", 12. март 2008; "Решение по барањето на Одбраната на Бошкоски за измена и дополнување на списокот според правило 65*ter* и прифаќање на доказени предмети директно од судницата", 20. март 2008; "Решение по второто барање на Одбраната на Тарчуловски за прифаќање на доказени предмети директно од судницата заедно со анекс А", 7. април 2008; "Коригендум на Решение по второто барање на Одбраната на Тарчуловски за прифаќање на доказени предмети директно од судницата со Анекс А", 15. април 2008.